ВОВЕД
ГОСПОДОВОТО ЛОЗЈЕ

Во тоа што го повикал Авраам да се одвои од своите роднини кои биле склони кон идолопоклонство и да оди во хананската земја, Бог имал намера да им ги подари најголемите небесни дарови на сите народи од оваа земја. Тој рекол: „А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен" (Создавање 12:2). Голема чест му била понудена на Авраам со тоа што бил повикан да биде татко на народот кој со векови требал да биде чувар и бранител на Божјата вистина во светот, народ преку кого сите народи на земјата требало да бидат благословени со доаѓањето на ветениот Месија. {ПЦ 15.1}

Луѓето скоро и го загубиле знаењето за вистинскиот Бог. Идолопоклонството го помрачило нивниот разум. Настојувале божествената заповед која е „света, справедлива и добра" (Римјаните 7:12) да ја заменат со закони кои одговарале на желбите на нивните свирепи, себични срца. Но сепак, Бог во својата милост не ги уништил. Одлучил да им пружи можност да се запознаат со Него преку Неговата црква. Начелата откриени во животот на Неговиот народ сакал повторно да станат средство за обновување на моралниот божествен лик во човекот. {ПЦ 15.2}

Законот Божји мора да се издигне, Неговата власт да се сочува; и токму на Израеловиот дом му било доверено тоа големо и благородно дело. Бог ги одвоил од светот за да може да им довери света доверба. Тој ги направил чувари на Својот закон сакајќи преку нив меѓу луѓето да го зачува знаењето за Себе. На тој начин небесната светлина требала да свети до светот обвиткан со темнина и да одекне гласот повикувајќи ги сите народи да го отфрлат идолопоклонството и да му служат на живиот Бог. {ПЦ 16.1}

„Со сила голема и рака цврста, (Излез 32:11) Бог го извел Својот избран народ од земјата на Египет. „Го испрати Мојсеј, слугата Свој, и Арон, кого го избра. Тие ги покажаа меѓу нив Неговите знаци и чудесата Негови во Хамовата земја". „Му се закани на Црвеното Море, и тоа се исуши; и ги преведе по бездните како по пустина". (Псалм 105:26,27; 106:9). Тој ги ослободил од ропство за да ги одведе во добра земја, земја која во своето провидение ја подготвил за нив како скривалиште од нивните непријатели. Тој сакаше да ги доведе кај Себе и да ги прегрне со Своите вечни раце; а како возврат за Неговата добрина и милост требало да го величаат Неговото име и да Го направат славно на земјата. {ПЦ 16.2}

„Зашто делот на Господ е Неговиот народ; Јаков е наследството Негово добиено со ждрепка. Тој го најде во пустината, во земја дива и пуста, го заштитуваше, се грижеше за него, го чуваше како зеницата на окото свое; како што орелот бдее над гнездото свое, летајќи над своите орлиња, ги раширува крилјата свои, ги зема и ги носи на перјата свои, така Господ Самиот го водеше, и немаше со Него туѓ бог" (Второзаконие 32:9-12). Така ги довел Израелците кон Себе за тие да живеат под сенката на Севишниот. Чудесно чувани од опасностите во текот на талкањето по пустината, тие најпосле се вселиле во ветената земја како избран народ. {ПЦ 17.1}

Исаија со трогнати чувства, во форма на парабола, го прикажал Израелот како бил повикан и подготвуван да биде Јеховин претставник во светот, богат во добри дела: {ПЦ 17.2}

„Ќе Му ја запеам на мојот Возљубен Неговата песна за лозјето Негово. Мојот Возљубен имаше лозје на врвот од плодороден рид; Тој го огради и го исчисти од камења, насади во него избор од лозови прачки, изгради кула во средината негова, направи големи каци; очекуваше да роди добро грозје, а тоа роди диво грозје" (Исаија 5:1,2). {ПЦ 17.3}

Бог имал намера да го излие благословот на целото човештво преку избраниот народ. „Лозјето на Господ Саваот е домот Израелов", објавил пророкот: „а луѓето на Јуда Негова љубена градина" (Стих 7). {ПЦ 17.4}

На тој народ му биле доверени Божјите пророчки зборови. Тие биле заштитени со прописите на Неговиот закон, непоминливите начела на вистината, правдата и чистотата. Покорувањето на тие закони требало да биде нивна заштита, за да ги спаси од самоуништување преку грешен живот. И како кула во лозје, Бог така во самата земја го поставил Својот храм. {ПЦ 18.1}

Христос бил нивниот учител. Како што бил со нив во пустината, така и понатаму требал да биде нивни учител и водач. Во шаторот и во храмот Неговата слава била присутна во светол облак над престолот на милоста. Во нивна полза Тој постојано и обилно ги излевал богатствата на Својата љубов и трпение. {ПЦ 18.2}

Божјата цел им била изложена преку Мојсеј и јасно им било укажано на условите за нивниот напредок. „Зашто ти си свет народ на Господ, твојот Бог", рекол тој: „тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш негов сопствен народ меѓу сите народи, што се на земјата". {ПЦ 18.3}

„Денес си Му ветил на Господ, дека ќе биде твој Бог дека ќе одиш по Неговите патишта и ќе ги почитуваш наредбите Негови и ќе го слушаш гласот Негов; и Господ ве избра денес вие да Му бидете Негов избран народ, како што ти рече ако ги почитувате сите заповеди Негови, и дека Тој ќе те постави погоре од сите народи, што ги создал: прочуен, фален, славен, и дека вие ќе Му бидете свет народ на Господ, вашиот Бог, како што беше ветил". (Второзаконие 7:6; 26:17-19). {ПЦ 18.4}

Израеловите синови требаше да ја заземат целата земја која Бог ја определил. Народите кои не искажувале почит кон вистинскиот Бог ниту Му служеле, морале да бидат прогонети. Меѓутоа, Божјата цел била да ги привлече луѓето кон Него со откривање на Неговиот карактер преку Израел. Евангелскиот повик требало да биде упатен на целиот свет. Преку учењето за жртвениот систем, Христос требало да биде воздигнат пред народите, така што секој кој што ќе го впери погледот во Него да може да живее. Сите оние, кои како Рава Хананката и Рута Моавката се одрекле од идолопоклонството за да Му служат на вистинскиот Бог, требале да се соединат со Неговиот избран народ. Како што бројот на Израелците би се зголемувал, тие требале постепено своите граници да ги прошируваат сè додека нивното царство не го опфати целиот свет. {ПЦ 19.1}

Меѓутоа, стариот Израел не ја остварил Божјата цел. Господ рекол: „Јас те посадив како благородна лоза - најчисто семе; а како Ми се претвори во див ластар од туѓа лоза?" „Израел е празна лоза, тоа си принесува плод за себеси". „Па сега, жители ерусалимски и мажи Јудејци, пресудете меѓу Мене и Моето лозје. Што уште требаше да направам за Моето лозје и не го направив? Зошто, кога очекував принос од добро грозје, тоа даде диво грозје? Сега ќе ви кажам што ќе направам со лозјето Свое: ќе ја

иставам оградата, и тоа ќе биде опустошено; ќе му ги разрушам ѕидиштата, и ќе биде газено: ќе го оставам да запусти: нема ни да го кројат, ни да го копаат - ќе обрасне во трње и боцки, ќе им заповедам на облаците да не истураат дожд врз него. Лозјето на Господ Саваот е домот Израелов, а луѓето на Јуда - Негова љубена градина. И чека Тој правосудие, но ете - крвопролевање; чека правда, а ете - писко̀т". (Еремија 2:21; Осија 10:1; Исаија 5:3-7). {ПЦ 19.2}

Господ преку Мојсеј му укажал на својот народ на последиците од неверството. Одбивајќи да го држат Неговиот завет, тие се одвојувале од живиот Бог и Неговите благослови не можеле да дојдат до нив. Тие понекогаш ги слушале предупредувањата и тогаш обилни благослови се излевале над еврејската нација, а преку нив и на околните народи. Меѓутоа, тие во својата историја почесто заборавале на Бога и ги губеле од вид високите привилегии кои ги имале како Негови претставници. Тие Му ја ускратувале службата што Тој ја барал од нив, а на своите ближни не им оставале свет пример, ниту им биле патоказ во поглед на верата. Сакале да ги присвојат плодовите од лозјето во кое биле поставени како наемници. Дури и незнабошците ги презирале заради нивната лакомост и алчност. Така, на незнабожечкиот свет му се пружила можност погрешно да го протолкува Божјиот карактер и законите на Неговото царство. {ПЦ 20.1}

Трпеливо и со татковски чувства, Бог постапувал со Својот народ. Тој влијаел на нив со давање и одземање на милост. Трпеливо им укажувал на нивните гревови и воздржливо чекал на нивно признавање. Праќал пророци и гласници да го бараат од лозјето она што Нему Му припаѓа, но наместо да бидат дочекани со добредојде, тие луѓе полни со остроумност и духовна моќ биле сметани за непријатели. Лозарите ги прогонувале и убивале. Бог праќал нови гласници, но и кон нив се постапувало исто како со првите, само што лозарите биле уште поодлучни во својата омраза. {ПЦ 21.1}

Одземањето на Божјата милост за време на прогонството ги навело мнозина да се покајат. Меѓутоа, по враќањето во ветената земја еврејскиот народ ги повторил грешките на поранешните поколенија и дошол во судир со соседните народи. Пророците кои Бог ги праќал да го поправат злото биле дочекувани со сомнеж и презир со кој биле пречекувани гласниците од минатото. И така од столетие до столетие чуварите на лозјето ја зголемувале својата вина. {ПЦ 21.2}

Израел ја презрел добрата лоза која божествениот Лозар ја посадил на ридовите на Палестина, најпосле фрлајќи ја преку ѕидот на лозјето. Ја искинале и ја фрлиле под нозе надевајќи се дека засекогаш ја уништиле. Лозарот ја тргнал лозата и ја сокрил од нивните очи. Повторно ја посадил, но од другата страна на ѕидот, и тоа така што лозата повеќе не била видлива. Гранките виселе преку ѕидот, и можело да се прибере до гроздовите, но самото стебло било така поставено што луѓето не можеле да му пријдат и да му наштетат. {ПЦ 21.3}

Од особена важност за Божја црква на земјата денес - за чуварите на Божјото лозје - се пораките на совети и опомени дадени преку пророците кои јасно ги изложиле Неговите вечни намери во поглед на човештвото. Во учењата на пророците, јасно е откриена Неговата љубов кон паднатиот род и Неговиот план за нивно спасение. Записите за повикувањето на Израел, за неговите успеси и неуспеси, за повторното стекнување на Божјата наклоност, за отфрлањето на Господарот на лозјето како и спроведувањето на вековниот план од страна на верниот остаток преку кој треба да се исполнат сите ветувања од заветот, тоа била темата на Божјите гласници до Неговата црква во изминатите столетија. И денес, Божјата порака до Неговата Црква – до оние

кои се наоѓаат во неговото лозје како верни стопанственици – е истата онаа која е изговорена преку пророкот во старо време: „Во тој ден запејте за Него - за саканото лозје! Јас, Господ, сум негов чувар, во секој миг го напојувам; ноќе и дење го вардам, за да не влезе некој во него". (Исаија 27:2,3). {ПЦ 22.1}

Нека Израел се надева во во Бога. Господарот на лозјето дури и денеска ги собира драгоцените плодови помеѓу луѓето од сите народности за кои одамна чека. Наскоро Тој ќе дојде по своето; и во тој радосен ден наскоро ќе се исполни Неговата вечна цел за домот Израелов. „Во идните дни Јаков ќе се вкорени; Израел ќе пушти гранки и ќе расцути; и вселената ќе се исполни со плодови" (Стих 6). {ПЦ 22.2}

Отсек 1 – Од сила до слабост

„Така вели Господ: мудриот да не се фали со мудроста своја, силниот да не се фали со силата своја, богатиот да не се фали со богатството свое. А кој се фали, нека се фали со тоа дека Ме разбира Мене и дека знае дека Јас сум Господ, Кој покажува милост, суд и правда на земјата; зашто само овие работи Ми се угодни, вели Господ". – Еремија 9:23,24.

1. СОЛОМОН

За време на владеењето на Давид и Соломон, Израел станал силен меѓу народите и можел во многу прилики да изврши силно влијание во корист на вистината и правичноста. Името Господово се почитувало и се славело така што се чинело дека постојат добри изгледи за остварување на оние цели заради кои Израелците се населиле во ветената земја. Биле срушени пречките така што луѓето кои доаѓале од незнабожечките земји да ја бараат вистината, не се враќале незадоволни. Мнозина се обратиле и црквата Божја на земјата се ширела и напредувала. {ПЦ 25.1}

Соломон бил помазан и прогласен за цар во последната година од животот на неговиот татко Давид, кој се одрекол од престолот во негова корист. Тој во своите млади години многу ветувал. Божјата намера била Соломон постојано да напредува во сила и слава, неговиот карактер да се развива и да стане се посличен на Божјиот карактер, и на тој начин да го поттикне Божјиот народ во исполнување на светата доверба како чувари на Божјата вистина. {ПЦ 25.2}

Давид знаел дека високата цел која Бог му ја поставил на Израел ќе може да се оствари само ако владетелите и народот со непрестајна будност се трудат да го постигнат стандардот кој им е поставен. Знаел дека неговиот син Соломон не смее да биде само војник, државник и владетел, туку и силен и добар човек, учител на праведноста и пример за верност, затоа што само така ќе може да ја оправда довербата со која Бог го удостоил. {ПЦ 26.1}

Давид нежно и сериозно го поучувал Соломон да биде храбар и благороден, да покажува милост и добрина кон своите поданици, да го почитува и слави Божјото име во сите свои постапки кон народите на земјата и со тоа да ја открива убавината на светоста. Многуте искушенија и горчливи искуства низ кои поминал Давид во својот живот го научиле да ги цени поблагородните доблести и го воделе кон тоа вака да го искаже својот претсмртен совет до Соломон: „Кој владее праведно со луѓето, и кој

владее со страв Божји, тој е како утринската светлина кога ќе огрее сонцето, утро без облаци, на кое светка земната трева после дождот". (2. Самоилова 23:3,4). {ПЦ 26.2}

О, каква можност имал Соломон! Доколку се водел по вдахновените поуки на својот татко, неговото владеење би било владеење на праведноста, како што е тоа опишано во седумдесет и вториот Псалм: {ПЦ 26.3}

„Боже, дај му го на царот Својот праведен суд,
а на царевиот син - Својата праведност,
за да им суди со праведност на Твоите луѓе
и на сиромасите Твои со праведен суд... {ПЦ 26.4}
Нека биде како дожд на ливада,
како капки што наросуваат земја.
Во Негово време нека се зацари правда,
и нека има изобилен мир сè додека не ја снема месечината.
И нека владее од море до море и од Реката до краиштата на Земјата.
Пред Него нека паднат на колена жителите на пустината,
и непријателите Негови нека ја лижат прашината;
царевите на Тарсис и островјаните дарови нека му принесуваат;
и царевите на Сава и од Сева дарови нека му донесуваат.
И нека Му се поклонуваат сите цареви;
нека Му служат сите народи;
зашто Тој избави беден кога вика и сиромав и беспомошен...
секој ден нека Го благословуваат...
Неговото име нека биде вечно:
нека Му трае славата сè додека постои Сонцето;
и во Него нека бидат благословени сите земни племиња,
а и сите народи нека Го сметаат за блажен. {ПЦ 27.1}
„Неговото име нека биде вечно:
нека Му трае славата сè додека постои Сонцето;
и во Него нека бидат благословени сите земни племиња,
а и сите народи нека Го сметаат за блажен". {ПЦ 27.2}

Соломон во својата младост владеел по Давидовите совети и многу години чекорел по патот на праведноста, строго покорувајќи се на Божјите заповеди. Тој на почетокот од своето владеење отишол со своите советниците во Гаваон, каде што сè уште се наоѓал шаторот за состанок кој бил подигнат во пустината, и тука заедно со „илјадниците, стотниците, судиите и сите началници во сиот Израел – старешините на домовите татковски" (2. Летописи 1:2) принел жртва на Господа, целосно посветувајќи се на Господа. Соломон во извесна мерка ја разбрал големината на должноста во врска со царскиот престол, па знаел дека оние кои носат голем товар треба да се обратат на Изворот на мудроста за водство, за да ги извршуваат своите должности со успех. Затоа ги повикал и своите советници сите заедно да ги свртат срцата кон Бога и да побараат Негов благослов. {ПЦ 27.3}

Повеќе од сите земски добра, царот копнеел за дарот на мудроста и разум неопходен за остварување на задачите што му ги дал Бог. Копнеел за остроумност, широко срце и нежен дух. Таа ноќ Бог му се јавил на Соломон во сон и го запрашал: „Барај што сакаш да ти дадам?" Во својот одговор, младиот и неискусен владетел го

изнел чувството на беспомошност и желба за помош. „Ти му направи голема милост на Твојот слуга, татко ми Давид”, рекол тој, „и поради тоа што тој одеше пред Тебе, по вистината и праведноста и со искрено срце кон Тебе, Ти му ја зачува таа голема милост и му подари син, кој седи на престолот негов, како што е тоа денес. {ПЦ 28.1}

„И денес, Господи, Боже мој, Ти го постави за цар Твојот слуга место татко ми Давид, но јас сум сосема млад, не знам како да се однесувам. А Твојот слуга е среде Твојот народ што си го избрал, народ толку многуброен, па поради мноштвото негово не може ни да се преброи, ни да се догледа. Подари му, пак, на Твојот слуга разумно срце за да му служи на Твојот народ и да разликува: што е добро и што е зло; зашто, кој може да управува со тој многуброен Твој народ? {ПЦ 28.2}

„Мило Му беше на Господ што Соломон го побара тоа”. {ПЦ 28.3}

„Господ му рече: ‘Затоа што го побара тоа, и не побара за себеси долг живот, не побара богатство, не ги побара душите на твоите непријатели, туку си побара разум за да умееш да судиш, – Јас ќе направам според зборот твој: еве, ти давам мудро и разумно срце, така што подобен на тебе немало пред тебе, и по тебе нема да се издигне сличен на тебе”. {ПЦ 28.4}

„И ако одиш по Мојот пат, пазејќи ги Моите наредби и Моите заповеди, како што одеше татко ти Давид, ќе ги продолжам и твоите дни”. (1. Царевите 3:5-14; 2. Летописи 1:7-12). {ПЦ 29.1}

Бог ветил дека ќе биде со Соломон исто така како што бил и со Давид. Ако царот оди пред Господа во праведност и постапува онака како што Бог му заповедал, неговиот престол ќе биде зацврстен, а неговото владеење би било средство за издигнување на Израел како „мудар и разумен народ” (Второзаконие 4:6), како светлина на околните народи. {ПЦ 30.1}

Зборовите кои ги употребил Соломон додека се молел на Бога пред стариот олтар во Гаваон, ја откриваат неговата понизност и неговата силна желба да го прослави Бога. Сфатил дека без Божја помош е исто толку беспомошен како мало дете и дека нема да може да ги исполни должностите кои му биле поставени. Знаел дека му недостасува расудување и увидувајќи ја својата голема потреба, барал мудрост од Бога. Во неговото срце немало себични желби за знаење кое би го воздигнало над останатите. Сакал верно да ги исполнува должностите кои му биле доделени и избрал таков дар со чие посредство ќе може со неговото владеење да Му донесе слава на Бога. Соломон никогаш не бил толку богат, толку мудар, ни толку навистина голем како кога признал: „Јас сум сосема млад, не знам како да се однесувам”. {ПЦ 30.2}

Оние кои денес се наоѓаат на одговорни положби треба да ја примат поуката содржана во Соломоновата молитва. Колку човек е на повисока положба, толку се поголеми и неговите одговорности, неговото влијание се зголемува и поголема е неговата потреба од зависност од Бога. Таков човек секогаш треба да има на ум дека со повикот за работа се упатува и повик за негово сериозно однесување пред ближните. Тој мора да стои пред Бога во улога на ученик. Положбата сама по себе не дава светост на карактерот. Човекот станува навистина голем само ако го слави Бога и се покорува на Неговите заповеди. {ПЦ 30.3}

Бог на кого ние му служиме не гледа кој е кој. Оној кој на Соломон му дал мудрост, би сакал истиот благослов и денес да им го пружи на своите деца. Неговата реч вели: „Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање - и ќе му се даде”. (Јаков 1:5) Ако човек кој носи товар на должности сака повеќе мудрост отколку богатство, власт или слава, нема да се

разочара. Таквиот човек од големиот учител ќе научи не само што треба да направи, туку и како треба тоа да го направи како би добил знак на божествено одобрување. {ПЦ 31.1}

Сè додека остане посветен, човекот на кого Бог му подарил мудрост и способност нема да копнее за високи позиции ниту ќе бара да владее или да заповеда. Некој мора да го понесе бремето на одговорноста; но наместо да се стреми кон власт, вистинскиот водач ќе се моли за разумно срце за да може да разликува добро од зло. {ПЦ 31.2}

Патот на луѓето што се поставени како водачи не е лесен. Тие мораат да разберат дека секоја тешкотија им нуди можност за молитва. Никогаш не смеат да пропуштат да се обратат кон Изворот на целата мудрост. Кога Господ ќе ги поткрепи и просветли, тие ќе бидат во состојба одлучно да одолеат на несветите влијанија и да направат разлика помеѓу правичноста и неправичноста, помеѓу доброто и злото. Тие ќе го одобруваат она што Бог го одобрува и ревносно ќе се борат против воведување на погрешни начела во Неговото дело. {ПЦ 31.3}

Бог му дал мудрост на Соломон која ја сакал повеќе од богатството, почестите и долгиот живот. Неговата молба да добие чист ум, широко срце и благ дух била услишена. „А Бог му даде на Соломон мудрост, многу голем разум и широчина на срцето како песокот на морскиот брег. И Соломоновата мудрост беше поголема од мудроста на сите синови на Исток, од сета мудрост на Египќаните. Тој беше помудар од сите луѓе,... и името негово се славеше по сите околни народи". (1. Царевите 4:29-31) {ПЦ 31.4}

„ И сиот Израел... почнаа да се однесуваат кон царот со длабока почит, зашто видоа дека има мудрост Божја во него за да извршува суд". (1. Царевите 3:28). Народот со цело срце го прифатил Соломон, токму како некогаш Давид, го слушаше во сè. „Соломон, синот Давидов, се зацврсти во царството свое, и Господ, неговиот Бог, беше со него и го издигна високо". (2. Летописи 1:1). {ПЦ 32.1}

Многу години го одбележувале Соломоновиот живот со посветеност на Бога, со исправност и строга послушност на Божјите заповеди. Тој раководел со секоја значајна активност и мудро ги водел работите поврзани со царството. Неговото богатство и мудрост, прекрасните згради кои ги изградил и јавните работи што ги направил во првите неколку години од неговото владеење, енергијата, побожноста, праведноста и големодушноста кои ги откривал преку зборови и дела, му обезбедиле лојалност на неговите поданици и восхитување и почитување на владетелите од многу земји. {ПЦ 32.2}

Името на Јехова беше силно и величествено во првиот дел на Соломоновото владеење. Царевата мудрост и праведност им сведочела на сите народи за совршенството на Бога кому му служел. Израел, извесно време, бил светлина на светот, покажувајќи ја величината на Јехова. Меѓутоа, славното Соломоново владеење во почетокот не било резултат на неговата голема мудрост, чудесните богатства, далекусежната моќ и добриот глас кои ги уживал, туку последица на укажување почит на името на Израеловиот Бог преку мудрото користење на небесните дарови. {ПЦ 32.3}

Со текот на годините и неговата слава сè повеќе растела, Соломон се трудел да го прослави Бога зголемувајќи ги своите умствени и духовни сили и делејќи ги со другите благословите кои ги примил. Никој подобро од него не разбирал дека само преку милоста на Јехова стекнал моќ, мудрост и расудување и дека тие дарови го обврзуваат да му пружи знаење на светот за Царот над царевите. {ПЦ 33.1}

Соломон особено се занимавал со природните науки, но неговите истражувања не се ограничувале само на една гранка од науката. Преку вредно проучување на сè што е создадено, живата и неживата природа, тој стекнал јасно спознавање за Творецот. Во природните сили, во минералниот и животинскиот свет, во секое дрво и грмушка тој видел откровение на Божјата мудрост. И колку повеќе се трудел да научи, неговото знаење за Бога и неговата љубов кон Бога постојано се зголемуваа. {ПЦ 33.2}

Соломоновата од Бога вдахновена мудрост нашла израз во песните на пофалби и во многу изреки. „Тој изрече три илјади мудри изреки, а песните негови беа илјада и пет; тој говореше и за дрвјата, од кедар што е во Ливан, до исопот што никнува по карпите; тој говореше и за животните, за птиците, за влекачите и за рибите". (1. Царевите 4:32,33). {ПЦ 33.3}

Во Соломоновите изреки се изнесени начела за свето живеење и возвишени напори, начела со небесно потекло кои водат кон побожност, начела кои треба да управуваат со секоја постапка во животот. Благодарение токму на распространетоста на овие начела и разбирањето дека на Бога Му припаѓа секоја чест и пофалба, Соломоновото владеење во почетокот било период на морално воздигање и материјален просперитет. {ПЦ 33.4}

„Блажен е човекот, кој се здобил со мудрост", напишал тој, „и човек, што спечалил разум; подобро е да ја добиеме неа, отколку ризници со сребро и злато; таа е поскапа и од скапоцените камења; и сè што ти е мило, не може да се спореди со неа. Во десницата нејзина е долговечноста, а во левицата и е богатството и честа; патиштата нејзини се пријатни патишта, и сите патеки нејзини се спокојни. Таа е дрво на животот за оние, што ја придобиваат, и блажени се, оние кои ја запазуваат". (Изреки 3:13-18). {ПЦ 34.1}

„Најважна е мудроста: придобивај мудрост и за сиот свој имот придобивај разумност". (Изреки 4:7). „Почеток на мудроста е стравот од Господ". (Псалм 111:10). „Стравот Господов го мрази злото; ја мрази гордоста и високомерноста, лошиот пат и подмолната уста". (Изреки 8:13). {ПЦ 34.2}

Добро ќе беше и во подоцнежните години Соломон да се придржуваше на овие чудесни зборови на мудрост! О, кога оној кој рекол: „Устите на мудрите знаење сеат" (Изреки 15:7), и кој самиот ги учел земските цареви да му оддаваат почести на Царот над царевите, кои тие ги давале на земниот владетел, никогаш со „подмолни усни", во „гордост и злоба", не би ја присвоил славата која што му припаѓа само на Бога! {ПЦ 34.3}

ПОГЛАВЈЕ 2 - ХРАМОТ И НЕГОВОТО ПОСВЕТУВАЊЕ

Соломон мудро го спровел Давидовиот долготраен план да подигне храм на Господа. Седум години Ерусалим бил полн со вредни работници кои биле ангажирани да го израмнат избраниот локалитет, да подигнат огромни потпорни ѕидови, да постават широки темели - „големи одбрани камења за основата на храмот, камења делкани" (1. Царевите 5:17), - да обработуваат дрвја донесени од Ливанските шуми и во подигнување на прекрасното светилиште. {ПЦ 35.1}

Истовремено со подготвувањето на дрвјата и камењата, за кои многу илјади луѓе ги посветиле своите сили, работата напредувала и околу внатрешното уредување на храмот и тоа под раководство на Хирам од Тир, „надарен со знаења", кој „знае да прави

изработки од злато и од сребро, од бакар и од железо, од камен и од дрво, од пурпурна и сина преѓа, од висон и од багреница” (2. Летописи 2:13,14). {ПЦ 35.2}

Така градбата на гората Морија нечујно се подигала со „готови изделкани камења, така што за време на градењето на храмот не се слушаше, ни чекан, ни тесла, ниту некакво друго железно орудие” (1. Царевите 6:7). Истовремено се подготвувале прекрасни предмети според мострите на Давид кој му ги покажа на својот син „сите други предмети за Божјиот дом” (2. Летописи 4:19). Тука спаѓале златниот жртвеник, и трпезата за приносните лебови, светилникот и кандилата, со садовите и направите потребни за службата на свештениците во светињата „од злато, од најчисто злато” (2. Летописи 4:21). Бакарните работи, олтарот за жртви паленици, морето врз дванаесетте волови, помалите мијалници и многу други садови, кои што „Царот ги излеа во глинена земја од околината на Јордан, меѓу Сукот и Цередата”. Сето тоа било донесено во доволни количества како ништо не би недостасувало. (Стих 17) {ПЦ 35.3}

Величествената градба која Соломон и неговите помагачи ја подигнале за Бога и Неговата служба, била исклучително убава и раскошна. Украсена со скапоцени камења, опкружена со пространи тремови со величествени пристапи, обложена со длабоко резбарство во кедровина и сјајно злато, градбата со своите извезени завеси и богат мебел претставувала подобен симбол за црквата на живиот Бог на земјата, која со текот на времето се градела во согласност со Божјиот модел, од материјал кој е спореден „со злато, сребро, драгоцени камења”, „накитени и украсени како столбови во храмот”. (1. Коринтјаните 3:12; Псалм 144:12). Во тој духовен храм како камен темелник е „Самиот Исус Христос, врз Кого целата зграда, стројно зглобена, прераснува во свет храм на Господ”. (Ефесјаните 2:20,21) {ПЦ 36.1}

Најпосле храмот кој што го замислил цар Давид а го градел неговиот син Соломон, бил довршен. „И го заврши Соломон домот Господов и домот царски, заврши успешно сè што беше наумил во срцето свое да го изврши во Господовиот дом и во својот дом” (2. Летописи 7:11). Затоа што дворецот кој беше подигнат на ритчето Морија не бил наменет за човек „туку за Господ Бог” (1. Летописи 29:1), како што Давид тоа многу го сакаше, останало уште со свечена церемонија официјално да се посвети на Јехова и Неговата служба. {ПЦ 37.1}

Местото на кое што храмот бил изграден долго време се сметало за свето. На тоа место Авраам, таткото на верните, ја открил својата подготвеност да го жртвува својот единствен син покорувајќи и се на Божјата заповед. Тука Бог го обновил својот завет на благослов со Авраам, завет кој го содржел славното месијанско ветување до човечкиот род за избавување преку жртвата на Синот на Севишниот. (Види во Создавање 22:9, 16-18). На тоа место Давид принел жртва паленица и жртва на благодарност за да го оттргне мечот на ангелот истребител, а Господ му одговорил пуштајќи му оган од небото. (Види во 1. Летописи 21.) Сега, уште еднаш, слугите Господови се собрале на ова место да излезат пред Него и да го обноват својот завет на верност кон Него. {ПЦ 37.2}

За посветување на храмот било избрано најпогодно време - седмиот месец, кога по обичај народот од целото царство се собирал во Ерусалим за да го прослави празникот Сеници. Овој празник претежно бил повод за радост. Се одржувал по завршување на жетвата а пред почеток на нова работа и народот слободен од грижи, можел да ужива во тие свети и радосни мигови. {ПЦ 37.3}

Во определеното време се собрале Израелците и богато облечените претставници од многу земји во предворјето на храмот. Тоа бил необично величествен призор.

Соломон, заедно со израелските старешини и најугледните луѓе во народот, дошол од другиот крај на градот, од каде го донеле ковчегот на заветот. Од светилиштето на Гаваонските височини бил пренесен древниот „ковчег и скинијата на собранието и сите свети садови, што беа во скинијата" (2. Летописи 5:5). Тие работи кои биле длабоко почитувани и кои потсетувале на некогашните искуства на децата на Израел за време на нивното талкање низ пустината и освојувањето на Ханан, сега нашле постојан дом во прекрасната зграда, подигната да го заземе местото на преносната структура. {ПЦ 38.1}

Носејќи го ковчегот во светиот храм, во кој имало две плочи од камен, на кои биле напишани со прст Божји десетте заповеди, Соломон го следел примерот на неговиот татко Давид. Принесувал жртви на секои шест чекори. Со пеење, музика и свечена церемонија „свештениците го внесоа ковчегот на заветот Господов на местото негово, во Светињата над светињите" (Стих 7). Кога влегле во светињата, ги заземале своите места. Пеачите - Левитите облечени во свечени бели облеки со кимвали, харфи и лири стоеле на источната страна на жртвеникот и со нив заедно сто и дваесет свештеници, трубеле со труби. (Стих 12). {ПЦ 38.2}

„И додека трубеа и пееја сложно во еден глас воспевајќи и славопоејќи Го Господа и кога го подигнаа звукот од труби, кимвали и други свирки, и сите Го фалеа Господа дека е добар, дека милоста Негова е вечна, – тогаш домот Господов се исполни со облак, така што поради облакот свештениците не можеа да продолжат со служба, зашто славата Господова го исполни Божјиот дом". (Стихови 13,14). {ПЦ 38.3}

Соломон разбирајќи што значи овој облак, изјавил: „Господ беше рекол дека ќе благоволи да престојува во темен облак, но јас, на Твоето свето име Му изградив дом на Твоето живеалиште, место за Твоето вечно престојување". (Летописи 6:1,2) {ПЦ 39.1}

„Господ се зацари: нека треперат народите!
Тој седи на херувими: нека се затресе Земјата!
Велик е Господ на Сион
и возвишен е Тој над сите народи.
Нека го слават името Твое велико:
зашто тоа е свето...
Превознесувајте Го Господ, нашиот Бог,
поклонувајте Му се во подножјето на нозете Негови,
зашто тоа е свето!" (Псалм 99:1-5) {ПЦ 39.2}

„Среде дворот" на храмот било поставено „бакарно подножје" или платформа „долго пет лакти, широко пет лакти и високо пет лакти". На него Соломон застана и со кренати раце кон небото го благослови мноштвото што стоеше пред него. „И сето собрание на Израелците стоеше" (2. Летописи 6:13,3). {ПЦ 39.3}

„Нека е благословен Господ, Бог Израелов" извикна Соломон, „Кој го изврши со светата рака Своја она, како што го беше рекол со устата Своја на татка ми Давида велејќи: го избрав Ерусалим, за да биде во него Моето име. (Стихови 4,6) {ПЦ 39.4}

Потоа Соломон клекнал на подножјето и пред целиот народ изговорил молитва на посветување. Верниците ги наведнале своите глави кон земјата а царот ги подигнал рацете кон небото молејќи се: „Господе Боже Израелов! Нема Бог таков каков што си Ти, ниту на небото ниту на земјата, Кој го чуваш заветот и милоста на слугите свои, кои одат пред тебе со целото свое срце". {ПЦ 40.1}

„Ќе живее ли Бог со луѓето на земјата? Ете, небото и небесата Твои не те собираат, дотолку помалку ќе Те собере овој храм, што сум го изградил. Но погледни милостиво

кон повикот на Твојот слуга и кон молбата негова, Господи, Боже мој! Чуј го повикот и молитвата, со која Твојот слуга се моли пред Тебе. Нека бидат очите Твои отворени кон овој храм дење и ноќе, кон местото, во кое си ветил дека ќе го ставаш името Свое, за да ја слушаш молитвата, со која слугата Твој ќе се моли на ова место. Чуј ги молбите на Твојот слуга и на Твојот народ Израелот, со кои ќе се молат на ова место: чуј од местото на Твоето живеалиште, од небесата, чуј и смилувај се... {ПЦ 40.2}

Кога Твојот народ Израелот ќе биде поразен од непријателот, затоа што згрешил пред Тебе, и се врати и го исповеда името Твое, ако повика и се помоли пред Тебе во овој храм, чуј тогаш од небото и прости му го гревот на Твојот народ Израелот и врати го во земјата, што си му ја дал нему и на татковците негови. {ПЦ 40.3}

Кога ќе се заклучи небото и ќе снема дожд, затоа што тие згрешиле пред Тебе, и ќе се помолат на ова место, и ќе го исповедаат името Твое и ќе се свртат од своите гревови, затоа што си ги понизил, чуј тогаш од небото и прости им го гревот на Своите слуги и на Својот народ Израел, покажувајќи им го добриот пат, по кој што треба да одат: и испрати дожд врз Твојата земја, што си му ја дал на народот Свој во наследство. {ПЦ 41.1}

Ако биде глад во земјата или помор, огнен ветар или гламја, скакулци или гасеници, или ако го притиснат непријателите негови во земјата, што ја владее, или некое зло ако се случи или пак некаква болест, секоја молитва, секој извик од кој и да е човек, или од сиот народ Твој Израелот, кога секој ќе ја почувствува неволјата своја и тагата своја и ќе ги подаде рацете кон Твојот храм, чуј од небото, од местото на Твоето живеалиште, и прости и подај му на секого според патиштата негови, како што го познаваш срцето негово, зашто само Ти ги познаваш срцата на синовите човечки, за да се плашат од Тебе и да одат по Твоите патишта во сите дни, додека живеат на земјата, што си им ја дал на татковците нивни. {ПЦ 41.2}

Дури и туѓинецот, што не е од Твојот народ Израелот, кога ќе дојде од далечна земја поради Твоето големо име, поради Твојата моќна рака и Твојата подигната мишка, дојде и се помоли во овој храм, чуј од небото, од местото на Твоето живеалиште, и направи сè, за кое туѓинецот ќе те повика, та сите земни народи да го познаат Твоето име и да се плашат од Тебе, како и Твојот народ Израелот, и да знаат, дека овој дом, што јас го изградив, е наречен по Твоето име. {ПЦ 41.3}

Кога твоите луѓе ќе излезат во војна против непријателите свои по патот, по кој ќе ги испратиш Ти, и Ти се помолат, обрнувајќи се кон градот, што си го избрал, и кон храмот, што го изградив на Твоето име, тогаш послушај ја од небото молитвата нивна и молбата нивна и направи им го она што е таму потребно. {ПЦ 42.1}

Кога ќе згрешат пред Тебе, (затоа што нема човек што не греши) и Ти ќе им се разгневиш и ќе ги предадеш на непријателите, и оние, што ги заробиле, ќе ги одведат во далечна или блиска земја, кога во земјата, во која ќе бидат заробени, ќе дојдат на собеси, ќе се свртат и ќе Ти се помолат во земјата на своето ропство, велејќи: згрешивме, направивме беззаконија и неправди, и ќе се обрнат кон тебе со сето свое срце и со сета своја душа, во земјата на своето ропство, каде што ќе бидат одведени во плен, и ќе се помолат, обрнувајќи се кон земјата своја, што си им ја дал на татковците нивни, и кон градот, што си го избрал, и кон храмот, што го изградив на Твое име, тогаш чуј од небото, од местото на Твоето живеалиште, чуј ја молитвата нивна и молбата нивна, и направи го она што им е потребно, и прости му на Твојот народ, за она што згрешил пред Тебе. {ПЦ 42.2}

Боже мој, очите твои нека бидат отворени и ушите твои нека бидат внимателни кон молитвата на ова место! И сега, Господи Боже, застани во Твоето почивалиште, Ти и ковчегот на Твојата сила. Твоите свештеници, Господи Боже, нека се облечат во спасение, и нека Твоите светии се радуваат во добрина. Господи Боже, не свртувај го лицето од помазаникот Свој, присети се на милостите ветени кон Својот слуга Давид". (Стихови 14-42) {ПЦ 42.3}

Кога Соломон ја заврши молитвата „слегна оган од небото и ја изгори жртвата паленица и другите жртви". Свештениците не можеле да влезат во храмот затоа што „со славата Господова се наполни домот Господов", и сите синови Израелови ја видоа славата Господова врз домот, ги приклонија лицата кон земјата до подот, поклонувајќи се и фалејќи го Господа, велејќи: затоа што Тој е добар, затоа што е вечна Неговата милост". {ПЦ 45.1}

Тогаш царот и народот му принесоа жртва на Господа. „Така го осветија Божјиот дом царот и сиот народ" (2. Летописи 7:1-5). Седум дена мноштво собрано од сите краишта на царството, од границите „од Емат до египетскиот поток", „многу голем собор", го славеа овој голем настан. Следната недела повторно ја поминале славејќи го празникот сеници. По завршувањето на овој празник од повтореното посветување и радост, луѓето се вратија во своите домови, „сите радосни и весели во срцето поради доброто, што Господ му го направи на Давид и Соломон и на својот народ Израел". (Стихови 8,10). {ПЦ 45.2}

Царот направил сè што било во негова моќ да го мотивира народот потполно да му се посвети на Бога и на Неговата служба и да го величаат Неговото име. Господ му посведочил на владетелот на Израел дека го примил и го благословил, како што е тоа еднаш веќе направено на почетокот на неговото владеење, во Гаваон. Ноќно време во едно видение му се покажал Господ со една вест: „Ја чув твојата молитва и Си го одбрав тоа место за дом на жртвопринесувања. Ако го заклучам небото и да нема дожд, ако им заповедам на скакулците да ја испасат земјата, или да испратам помор врз Мојот народ, и Мојот народ, кој се именува со Моето име, се понизи, почне да се моли, да го бара лицето Мое и се одврати од своите лоши патишта, Јас ќе чујам од небото и ќе му ги простам гревовите негови и ќе ја излекувам земјата негова. И сега очите Мои ќе бидат отворени и ушите Мои внимателни кон молитвата во ова место. И сега Јас го избрав и го осветив овој дом, та името Мое да биде таму засекогаш; и очите Мои, и срцето Мое ќе бидат таму во сите дни". (Стихови 12-16). {ПЦ 45.3}

Доколку Израел му останал верен на Господа, овој величествен храм би стоел како вечен знак на посебна Божја милост кон избраниот народ. „И синовите на туѓинците, што се присоединиле кон Господ, за да Му служат и да го сакаат името на Господ", рекол Господ, „да бидат слуги Негови, - сите кои ја пазат саботата да не ја осквернат и цврсто се придржуваат за заветот Мој, Јас ќе ги одведам на Мојата света гора и ќе ги зарадувам во Мојот дом за молитва: сепалениците нивни и жртвите нивни ќе бидат благопријатни врз Мојот жртвеник, зашто Мојот дом ќе се нарече молитвен дом за сите народи". (Исаија 56: 6,7). {ПЦ 46.1}

Давајќи му на царот до знаење дека е прифатен, Господ истовремено го означил и патот на должности по кој како цар треба да го оди. „И, ако одиш пред лицето Мое, како што одеше татко ти Давид, и ако вршиш сè, што сум ти заповедал, и ако ги пазиш повелбите Мои и законите Мои, Јас ќе го зацврстам престолот на царството твое, како што му бев ветил на татко ти Давид, велејќи: ‚нема да снема маж, што ќе владее над Израел.'" (2. Летописи 7:17,18). {ПЦ 46.2}

Доколку Соломон продолжил да му служи на Господа во понизност, неговото владеење би извршило големо влијание на добро меѓу околните народи, кои инаку чувале убави спомени на владеење на неговиот татко Давид и на кои им оставиле голем впечаток мудрите зборови и сјајните дела од првите години на неговото владеење. Предвидувајќи страшни искушенија кои ги следат успехот и славата, Бог го предупредил Соломон за злото на отпадништвото и страшните последици на гревот. Тој рекол дури и за овој прекрасен храм, кој всушност е посветен, ќе стане приказна и потсмев помеѓу народите" (Стихови 20 и 22) ако Израелците се одречат од „Господа Бога на татковците нивни" и отидат во идолопоклонство. {ПЦ 47.1}

Соломон поткрепен во срцето и радосен заради вестите од небото дека неговата молитва за Израелот е услишена, зачекорил во најубавото време од своето владеење, кога „сите цареви земски сакаа да го видат Соломона и да ја чујат неговата мудрост, која му ја даде Господ во срцето негово" (2. Летописи 9:23). Мнозина доаѓале да го проучуваат неговиот начин на владеење и да побараат од него совет за решавање на своите потешкотии. {ПЦ 47.2}

Соломон ги учел луѓето што го посетувале дека Бог е творец на сè што е создадено, па така тие се враќале кон своите домови со појасни поими за Израеловиот Бог и Неговата љубов кон човештвото. Тие во природните појави виделе знаци на Неговата љубов и откривање на Неговиот карактер и мнозина почнале да Му служат како на свој Бог. {ПЦ 47.3}

Соломоновата понизност во времето кога го понел бремето на одговорности во државата, кога признал пред Бога „јас сум уште сосем млад", (1. Царевите 3:7) неговата голема љубов кон Бога и длабокото почитување кон сè што е божествено, немањето доверба во себеси, воздигнувањето на вечниот Творец на сè што е создадено, сите тие карактерни особини кои биле толку ценети, се откриле во текот на посветувањето на храмот, кога во молитва клечел како понизен молител. Христовите следбеници денеска мораат да се чуваат да не го изгубат духот на стравопочитување кон Бога. Светото писмо ги учи луѓето како тие треба да пристапуваат кон Творецот во понизност и стравопочит, со вера во божествениот Посредник. Псалмистот објавил: {ПЦ 47.4}

„Бог е велик Господ, и велик Цар над сите богови. Дојдете, да се поклониме и да паднеме, да клекнеме пред Господа, нашиот Творец". (Псалм 95:3,6) {ПЦ 48.1}

И во молитва на јавно место и во домот треба да клекнеме пред Бога кога Му се обраќаме. Исус кој е наш пример, „клекна на колена и се молеше на Бога". (Лука 22:41). Тоа исто е запишано и за Неговите ученици: „клекнаа на колена и се помолија на Бога". (Дела 9:40) Павле рекол: „Затоа ги преклонувам колената свои пред Отецот на нашиот Господ Исус Христос". (Ефесјаните 3:14) Ездра клечејќи пред Бога ги исповедал гревовите на Израел. (Ездра 9:5) Даниел „три пати во текот на денот ги преклонуваше колената свои и Му се молеше на својот Бог и Го славословеше". (Даниел 6:10) {ПЦ 48.2}

Вистинското стравопочитување кон Бога доаѓа од сознанието за Неговата бескрајна големина и свеста за Неговата присутност. Секое срце мора да има свесно и длабоко чувство за Неговото присуство. Часот и местото на молитвата се свети, затоа што е тука Бог. Исполнувањето на ова почитување и држењето на ставот само го продлабочува ова чувство. „Страшно е и свето името Негово". (Псалм 111:9), вели Псалмистот. Ангелите го кријат своето лице изговарајќи го Господовото име. Со какво стравопочитување треба да го изговараме ние кои што сме паднати грешници! {ПЦ 48.3}

Добро би било и старите и младите да размислуваат за зборовите на Светото писмо кое покажува како треба да се почитуваат местата на кои е присутен Бог. „Соблечи ги

обувките свои од нозете, затоа што земјата на која што стоиш е света", Му рекол Тој на Мојсеја кај капината која била во оган. (Излез 3:5). Кога Јаков во видение здогледал ангел, извикал: „Сигурно е Господ на ова место: а јас не знаев! Не е друго, а е дом Божји, ова е вратата небесна!" (Создавање 28:16,17) {ПЦ 49.1}

Соломон во својата молитва за посветувањето се трудел од духот на присутните да ги отстрани разните суеверни разбирања во поглед на Творецот, на кои им робувале незнабошците. Небесниот Бог не се врзува за храмови кои луѓе ги подигнале со своја рака, како што е тоа случај со незнабожечките богови. Сепак, ако Неговиот народ се собере во домот кој е подигнат за служба за Него, Неговиот дух ќе биде таму присутен. {ПЦ 49.2}

Павле многу векови подоцна ја искажал истата вистина со овие зборови: „Бог, кој го создаде светов и сè што е во него, бидејќи Тој е Господ на небото и на земјата, не живее во ракотворни храмови, ниту, пак, прима служба од човечки раце како да има потреба од нешто, но Сам на сите им дава живот, дишење и сè... за да го бараат Господа, та не би ли некако Го усетиле и нашле, иако Тој не е далеку од секој еден од нас: оти ние преку Него живееме, и се движиме, и постоиме". (Дела 17: 24-28) {ПЦ 49.3}

„Блажен е оној народ, чиј што Бог е Господ; и луѓето, кои Тој ги избрал за наследство Свое. Од небесата гледа Господ, ги гледа сите синови човечки: од местото на своето живеалиште, ги гледа сите, кои живеат на земјата: {ПЦ 50.1}

Господ го поставил Својот престол на небесата, и царството Негово владее над сè. {ПЦ 50.2}

О Боже, свет е твојот пат:
Кој Бог е толку голем, како нашиот Бог?
Ти си Бог, кој прави чудеса:
Ти ја покажа силата Своја меѓу народите:
(Псалм 33:12-14; 103:19; 77: 13,14) {ПЦ 50.3}

И покрај тоа што Бог не престојува во храмови подигнати од човечки раце, тој сепак со своето присуство го осветува собранието на својот народ. Тој ветил дека ќе им го открие својот Дух на оние кои ќе се соберат да Го побараат, ќе ги признаат своите гревови и ќе се молат едни за други. Но оние кои се собираат за да Го слават, мораат да ја отстранат секоја зла мисла. Нивното собирање нема да има никаква вредност ако не се молат со духот на вистината и во убавината на светоста. За ваквите луѓе Господ вели: „Овој народ се приближува до Мене со устата своја и со усните Ме почитува, а срцето негово стои далеку од Мене". (Матеј 15: 8,9). Оние кои се поклонуваат на Бога мораат да се поклонуваат со „дух и вистина, зашто Отецот сака такви поклоници". (Јован 4:23). {ПЦ 50.4}

„Господ е во Својот свет храм: нека молчи целата земја пред лицето Негово!" (Авакум 2:20). {ПЦ 50.5}

ПОГЛАВЈЕ 3 - ГОРДОСТ ЗАРАДИ УСПЕХОТ

Бог бил со Соломон сè додека тој го почитувал законот од небото, дарувајќи му мудрост праведно и милостиво да владее со Израел. Стекнувајќи богатство и светска

слава, тој најнапред бил понизен и угледот му бил многу голем. „Соломон владееше со сите царства од реката Еуфрат до земјата Филистејска, и до египетската меѓа“ и „имаше мир на сите граници наоколу. И живееја Јуда и Израел спокојно, секој под лозата своја и под смоквата своја, од Дан до Вирсавија, преку сите Соломонови дни”. (1. Царевите 4:21,24,25). {ПЦ 51.1}

Но, по оваа зора која многу ветувала, отпадништвото го замрачило неговиот живот. Историјата со тага го забележува моментот за оној кој бил наречен „Едидиј љубимец Господов” (2. Самоилова 12:25), оној кого Господ го одликувал со толку видливи знаци на својата милост така што неговата мудрост и праведност му донеле светска слава, и оној кој другите ги насочувал да му укажуваат почитување на Израеловиот Бог ја напуштил службата Господова и започнал да се поклонува на незнабожечки идоли. {ПЦ 51.2}

Уште стотина години пред Соломон да стапи на престолот, Господ предвидувајќи ја опасноста која им се заканува на оние кои што ќе бидат избрани за владетели на Израел, му дал на Мојсеја упатства кои што биле за нивното однесување. Упатствата наложувале дека оној кој ќе застане на Израеловиот престол треба да „си направи препис” на тие заповеди од книгата, што се наоѓа кај свештениците левити, и нека ги држи кај себе и нека го чита во сите денови на неговиот живот, за да се научи да се бои од Господа, својот Бог, и да ги пази и да ги исполнува сите овие заповеди и наредби: за да не се возгордее срцето негово пред неговите браќа, и да не отстапува од законите ни десно, ни лево, за да остане на власт многу години, тој и синовите негови во Израелот”. (Второзаконие 17: 18-20) {ПЦ 52.1}

Во врска со овие упатства, Господ посебно нагласил за оној кој ќе биде помазан за цар „да нема многу жени, за да не се разврати срцето негово, и да не натрупува сребро и злато прекумерно” (Стих 17). {ПЦ 52.2}

На Соломон му биле познати тие предупредувања и тој извесно време ги имал истите на ум. Негова најголема желба била да живее и владее според законот даден на Синај. Начинот на кој тој го управувал своето царство многу се разликувал од обичајот на останатите народи во негово време, народи кои што не се боеле од Бога и чии што владетели го престапувале Неговиот свет закон. {ПЦ 52.3}

Меѓутоа, Соломон, се осмелил да стапне на забрането тло со желба да ги зацврсти своите односи со моќното царство кое се наоѓало јужно од Израел. Сатаната добро знаел какви би биле плодовите на послушноста, така што во првите години на владеењето на Соломон, кои биле славни заради мудроста, добротворноста и праведноста на царевите, се трудел со разни влијанија лукаво да ја поткопа Соломоновата верност кон начелата и да го одвои од Бога. Историјата ни зборува дека непријателот во овие свои напори имал успех: „Соломон се сроди со Фараонот, египетскиот цар, и ја зеде фараоновата ќерка и ја воведе во Давидовиот град” (1. Царевите 3:1). {ПЦ 53.1}

И покрај тоа што оваа женидба била во спротивност со учењето на Божјиот закон, гледајќи од човечки аспект се чинело дека сепак ќе донесе благослов, затоа што Соломоновата жена се обратила од многубоштвото и заедно со него го славела вистинскиот Бог. Покрај тоа, Фараонот му направил голема услуга на Израел затоа што „Фараонот, египетскиот цар, беше дошол и го презел Гезер, и со оган го беше изгорел, а Хананејците, што живееја во градот, и го беше дал како мираз на ќерка си, Соломоновата жена” (1. Царевите 9:16). Соломон го обновил овој град со што очигледно ја зајакнал својата положба покрај крајбрежјето на Средоземното море.

Меѓутоа, Соломон со овој сојуз со една незнабожечка држава, кој го запечатил и со женидбата на незнабожечка принцеза, непромислено ги прегазил мудрите одредби кои Бог ги поставил за да ја зачува чистотата на својот народ. Надежта дека неговата жена Египќанка ќе се обрати, била само слаб изговор за гревот. {ПЦ 53.2}

Бог некое време во својата сочувствителна милост го трпел овој страшен прекршок и царот, да бил мудар, можел во голема мерка да го потисне злото кое со својата непромисленост го поттикнал. Но Соломон почнал да го губи од вид изворот на својата сила и слава. Чувствата го надвладеале разумот, а неговата самоувереност растела. Тој се трудел на свој начин да ги оствари Божјите намери. Сметал дека со зајакнување на политичките и трговските врски со околните народи ќе ги доведе истите до спознавање на вистинскиот Бог и со тоа склопувал грешни сојузи еден по друг. Тие сојузи често биле потврдувани со женидба на незнабожечки принцези. Соломон почнал да ги отфрла Господовите заповеди и наместо нив да ги воведува обичаите на околните народи. {ПЦ 53.3}

Си ласкал себеси дека со својата мудрост и пример ќе ги одврати своите жени од идолопоклонство и ќе ги наведе да го почитуваат вистинскиот Бог, како и дека со така склопените сојузи ќе ги привлече соседните народи да стапат во близок однос со Израел. Тоа биле празни надежи. Кобната Соломонова грешка се состоела во тоа што себеси се сметал за доволно силен да се спротивстави на своите незнабожечки сојузници. Кобна била и неговата заблуда дека ќе може да ги наведе и другите да ги почитуваат и слушаат прописите на Божјиот закон, кој тој самиот го престапувал. {ПЦ 54.1}

Сојузите и трговските односи со незнабожечките земји му донеле на царот слава, чест и богатство. Можел да донесе злато од Офир и сребро од Тарсис во големо изобилие. „И го направи царот во Ерусалим среброто и златото да ги има како камења, а кедрите како диви смокви што растат по полињата”. (2. Летописи 1:15). Во Соломоново време народот сè повеќе доаѓал до богатство со сите пропратни искушенија, додека вистинското злато, добриот карактер, темнеел и пропаѓал. {ПЦ 54.2}

Соломон сосем постепено паѓал во отпаднишство и многу се оддалечил од Бога и пред да го забележи тоа. Тој скоро незабележително почнал сè помалку да се владее според Божјите упатства и да се надева на Неговите благослови, и сè повеќе да се потпира на сопствената сила. Сè помалку ја покажувал кон Бога онаа непоколеблива послушност која Израел го направила избран народ, и сè повеќе се доближувал кон обичаите на соседните народи. Подлегнувајќи им на искушенијата кои ги следеле неговите успеси и угледната положба, заборавил на Изворот на својот просперитет. Желбата да ги надмине сите народи во сила и слава, го навела да се стреми кон себични цели, да ги злоупотреби оние дарови кои порано ги користел за слава Божја. Трошел пари за остварување на свои себични планови кои му биле дадени во свет аманет да ги употреби во корист на сиромашните луѓе и за ширење на начелата на свет живот во целиот свет. {ПЦ 55.1}

Обземен со неодолива ревност да ги надмине сите други народи во надворешниот сјај, царот заборавил на должноста да го изградува и усовршува својот карактер. Ја продал својата чест и достоинство за себеси да се воздигне пред светот. Огромните приходи стекнати со трговија во многу земји го зголемиле собирањето на големи даноци. И така, од гордоста, славољубието, расипништвото и уживањето произлегле свирепост и глобење. Исчезнале совесноста и разбирањето кои биле така карактеристични за неговиот однос кон луѓето во првите години на владеење. Тој од

најмудар и најмилостив владетел се претворил во тиранин. Тој човек кој некогаш бил милостив и побожен заштитник на народот, се претворил во насилник и деспот. За да дојде до средства за издржување на својот раскошен двор, притискал на народот со данок врз данок. {ПЦ 55.2}

Народот почнал да негодува. Почитувањето и восхитувањето кои што луѓето порано ги имале кон својот цар се претворило во омраза и презир. {ПЦ 56.1}

Господ ги предупредил оние кои ќе владеат со Израел да не набавуваат многу коњи за да не се потпираат на телесна сила. Но Соломон, кој целосно ја отфрлил оваа наредба, „доведуваше коњи од Египет". „И му доведуваа на Соломон коњи од Египет и од сите земји". „Соломон така насобра коњи и коњаници: тој имаше четириесет илјади коли и дванаесет илјади коњаници, кои ги размести по колските градови и при царот во Ерусалим". (2. Летописи 1:16; 9:28; 1. Царевите 10:26). {ПЦ 56.2}

Царот започнал сè повеќе да смета дека раскошот, задоволувањето на желбите и наклонетоста кон светот се знаци на големина. Од Египет, Феникија, Едом, Моав и од многу други земји му носеле убави и привлечни жени. Бројот на овие жени се зголемил на илјадници. Нивната религија била идолопоклоничка и тие биле научени да вршат свирепи и понижувачки обреди. Заслепен од нивната убавина, царот ја занемарил својата должност кон Бога и царството. {ПЦ 56.3}

Неговите жени имале големо влијание врз него и малку по малку го принудиле да учествува во нивните обреди. Соломон ги презрел поуките кои ги дал Бог и кои служеле како ограда против отпадништвото и почнал да служи на лажни богови. „Кога Соломон остаре, неговите жени го приклонија срцето негово кон други богови, и срцето негово не беше наполно предадено на неговиот Господ Бог, како срцето на татка му Давида. И Соломон почна да и служи на Астарта сидонската божица, и на Милхом, амонскиот гад" (1. Царевите 11:4,5). {ПЦ 56.4}

На јужниот крај од Маслиновата Гора, кон гората Морија, каде што се подигал прекрасниот храм Божји, Соломон подигнал мноштво храмови кои се користеле за незнабожечки обреди. За да им угоди на своите жени, подигал огромни идоли безоблични кипови од камен и дрво во миртовите и маслиновите градини. Тука пред паганските олтари на „многубожечкото светилиште на Хемос, моавскиот гад", и на „Молох, амонскиот гад" (1. Царевите 11:7) биле практикувани најгнасните многубожечки обреди. {ПЦ 57.1}

Соломон со своите постапки навлекол на себеси заслужена казна. Одвојувањето од Бога и дружењето со идолопоклоници му донеле пропаст. Одрекувајќи ја послушноста кон Бога, тој ја изгубил способноста да владее со себеси. Исчезнале неговите доблести. Затапеле неговите убави чувства и совеста му се умртвила. Тој кој во почетокот на своето владеење покажал толку мудрост и љубов враќајќи го беспомошното дете на неговата несреќна мајка (Види во 1. Царевите 3:16-18), паднал толку ниско што одобрил градење на еден идол кому му биле принесувани како жртви живи деца. И покрај тоа што во младоста бил надарен со здраво расудување, а во своите мажествени години бил вдахновен да напише: „Некои патишта на човекот му се чинат прави, а крајот им е смрт", толку се оддалечил од чистотата во своите позни години што одобрил гнасни обреди на обожавателите на Хемос и Астарта. Тој кој во моментите на посветување на храмот му рекол на својот народ: „И нека срцето ваше биде кон Господа нашиот Бог", станал и самиот престапник и се одрекол од сопствените зборови и во срцето и во животот. Мислел дека распуштеноста е исто што и слобода. Пробал но по која цена да

ја соедини светлината и темнината, доброто и злото, чистотата и нечистотијата, Христа и Велијара. {ПЦ 57.2}

Еден од најголемите цареви кои некогаш држеле скиптар, Соломон станал распуштеник, оружје и роб на други луѓе. Неговиот карактер, некогаш чист и мажествен, станал слаб и похотен. Наместо вера во живиот Бог, дошле атеистички сомнежи. Неверството му ја труело среќата, ги поткопувало начелата и го понижувало неговиот живот. Правдата и големодушноста во првиот негов дел од владеењето биле заменети со деспотизам и тиранија. Колку е мизерна и немоќна човечката природа! Бог малку може да направи за луѓето кои изгубиле чувство на зависност од Него. {ПЦ 58.1}

Во текот на тие години на отпадништво, Израел сè повеќе пропаѓал во морален поглед. Зарем и можело да биде поинаку кога царот се соединил со сатанското оружје? Непријателот работел преку нив да го помати разумот на Израел за да не го разликува вистинското богослужение од лажното: и така Израел станал лесен плен. Израелците по пат на трговија со останатите народи стапиле во тесна врска со оние кои немале љубов кон Бога, па и нивната љубов кон Него во контекст на тоа многу ослабнала. Тие повеќе немале јасна слика за возвишената и света Божја природа. Не сакале да одат по патот на послушноста и станале слуги на непријателот на праведноста. Склопувањето бракови со незнабошците станало сосем вообичаена појава, па Израелците набрзо престанале да се гнасат од идолопоклонство и одобрувале многуженство. Незнабожечките мајки ги учеле своите деца да вршат пагански обреди. Кај некои најмрачното идолопоклонство ја заменила чистата служба која што Бог ја востановил. {ПЦ 58.2}

Христијаните мораат да се одвојат и да се чуваат од светот, од неговиот дух и влијание. Бог може да нè штити во светот но ние не смееме да се соединиме со светот. Божјата љубов не е ниту неизвесна ниту променлива. Тој секогаш бдее над своите деца со неизмерна грижа. Меѓутоа, Тој од секој поединец бара неподелена лојалност. „Никој не може да им слугува на двајца господари: оти, или едниот ќе го замрази, а другиот засака: или кон едниот ќе се приврзе, а другиот ќе го презре. Не можете да им служите на Бога и на Мамона" (Матеј 6:24). {ПЦ 59.1}

Соломон бил надарен со чудесна мудрост, но светот го одвоил од Бога. Денешните луѓе не се посилни од него и лесно можат да потпаднат под влијание кое ја предизвикало неговата пропаст. Како што Бог некогаш го предупредил Соломона за опасноста, така и денес Бог ги опоменува своите деца да не се изедначуваат со светот доведувајќи ја својата душа во опасност. „Затоа излезете од нив", ги повикува Тој, и одвојте се... не допирајте се до нечисто, и јас ќе ве примам, и ќе ви бидам Отец, а вие ќе ми бидете синови и ќерки, говори Господ семоќниот" (2. Коринтјаните 6:17,18). {ПЦ 59.2}

Опасноста посебно се заканува кога човекот напредува. Во сите векови богатството и славата ги доведувале во прашање понизноста и духовноста. Празен пехар не е тешко да се носи и да не се преврти, но тешко е да се носи полн. Страдањата и неволјите можат да бидат мачни, меѓутоа, всушност среќата претставува најголема опасност за духовниот живот. Ако човечките суштества не живеат во континуирана покорност на Божјата волја, ако не бидат посветени со вистината, веројатно благосостојбата ќе разбуди природна наклонетост кон возвишување. {ПЦ 59.3}

Во долината на понизноста, каде што луѓето зависат од Бога да ги учи и води во секој чекор, постои релативна сигурност. На најголема опасност се изложени луѓето кои се наоѓаат на врвот и за кои се мисли дека заради нивната позиција мораат да имаат

голема мудрост. Ако овие луѓе не се потпираат на Бога, веројатно е дека ќе паднат. {ПЦ 60.1}

Животот секогаш се изопачува кога со човекот владеат гордост и славољубие, затоа што гордиот човек, не чувствувајќи потреба, го затвора срцето за бескрајните благослови од небото. Човекот кој сака да се прослави себеси, се лишува од Божјата благодат која единствено дава вистинско богатство и најдлабока исполнување на ветувањето: „Благословот Господов збогатува, и не донесува со себеси тага во срцето" (Изреки 10:22). Спасителот со својата блага и милостива рака го отстранува немирот и несветото славољубие од душата, непријателството го претвора во љубов и неверувањето во доверба. Кога Тој на душата и ги упатува зборовите: „Тргни по мене", оковите на световната маѓепсаност се скршени. На Неговиот глас од срцето исчезнува духот на алчност и славољубие, и луѓето се подигнуваат, ослободени, поаѓајќи по Него. {ПЦ 60.2}

ПОГЛАВЈЕ 4 - ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕСТАПОТ

Една од најголемите причини што Соломон станал расипник и тиранин била што тој во себеси не го зачувал духот на самоодрекување. {ПЦ 61.1}

Кога Мојсеј, во подножјето на Синај, ја објавил Божјата заповед: „Да Ми направите светилиште, за да можам да престојувам меѓу нив од каде ќе ви се јавувам вам", Израелците се отповикале со своите дарови. „И доаѓаа, секој кого срцето го влечеше и кого душата го поттикнуваше", (Излез 25:8; 35:21) донесувајќи дарови. Градењето на светилиштето барало големи и долги подготовки: било потребно голема количина најскапоцен материјал, но Господ примал само доброволни дарови. „Земете прилог само од оној кој од драго срце дава" (Излез 25:2), била наредбата која Мојсеј ја пренел на собраните верници. Првите услови за градење на домот на севишниот биле верност на Бога и драговолни жртви. {ПЦ 61.2}

Истата покана на самоодрекување била упатена и кога Давид ја пренел должноста на Соломон за градење на храмот. Давид му поставил прашање на насобраното мноштво: „Нема ли уште некој доброволно да жртвува денес за Господа?" (1. Летописи 29:5). Оваа покана на посветување и доброволна служба треба секогаш да ја имаат на ум оние кои се должни да се грижат за градење на храмот. {ПЦ 62.1}

Бог избраните луѓе ги надарил со особени вештини и мудрости за да можат да подигнат шатор во пустина. „Тогаш им рече Мојсеј на синовите Израелови: Ете, Бог го повика по име Веселеил,... од племето Јудино, и го исполни со Дух Божји, со мудрост и со разум, со знаење и со секоја умешност да гради ... нему и на Елијав...од Дановото племе им додели и способност да ги поучуваат другите...Ги надари со умеење во секоја работа копаничарска, шивачка, везачка и ткајачка. Тогаш почнаа да работат Веселеил и Елијав и сите мудри луѓе, на кои Бог им беше дал мудрост и разум во срцето" (Излез 35:30-35; 36:1). Небесните сили им помагале на работниците кои самиот Бог ги избрал. {ПЦ 62.2}

Потомците на тие работници наследиле во голема мерка дарови кои им биле доделени на нивните предци. Извесно време Јудините и Дановите луѓе останале понизни и несебични. Меѓутоа, тие малку по малку и речиси незабележано го изгубиле своето потпирање на Бога и желбата несебично да Му служат. Бидејќи биле супериорни

во занаетот, барале и поголема плата за нивниот труд. Понекогаш им се излегувало во пресрет на нивните барања, но сè почесто си наоѓале работа кај соседните народи. Наместо да негуваат дух на пожртвуваност кој ги исполнувал срцата на нивните предци, тие сè повеќе му попуштале на духот на грабливост и лакомост. За да ги задоволат себичните желби, тие својата способност што им била дадена од Бога, ја ставале во служба на незнабожечките цареви, а своите дарови, за создавање дела кои носеле срам на својот Творец. {ПЦ 62.3}

Всушност меѓу тие луѓе Соломон го побарал главниот мајстор кој ќе го надгледува градењето на храмот на ридот Морија. Исцрпните планови за секое дело на светата градба биле веќе изработени и доверени на царот. Тој можел со вера да побара помагачи посветени од Бога, на кои би им биле дадени посебни способности точно да го извршат она што било потребно. Но Соломон ја изгубил од вид можноста која му била дадена да покаже верба во Бога. Тој од Тирскиот цар побарал: „...испрати ми сега човек, што знае да прави изработки од злато, од сребро, од бакар и од железо и од пурпурна, црвена и сина преѓа, и кој знае да реже за да работи заедно со уметниците... во Јудеја и во Ерусалим" (2. Летописи 2:7). {ПЦ 63.1}

Феникијскиот цар одговорил праќајќи го Хирама „син на една жена, на кого татко му бил Тирец" (Стих 14). Хирам од страната на мајка му бил потомок од Елијава на кого пред многу векови Бог му дал посебна мудрост да го изработи шаторот. {ПЦ 63.2}

Така на чело на Соломоновата група од работници бил поставен човек чиј труд не бил последица на несебична желба да му послужи на Бога. Тој служел на богот од овој свет мамонот. Во самото ткиво на неговата внатрешност биле вткаени начела на себичност. {ПЦ 63.3}

Хирам заради своите необични способности барал голема плата. Малку по малку и неговите помагачи ги прифатиле овие лоши начела. Работејќи со него од ден во ден, тие им попуштале на склоностите да ги споредуваат своите плати со неговата и почнале да ја губат од вид светоста на градбата која ја подигале. Духот на самоодрекување исчезнувал, а наместо него се појавила лакомост. Резултат на тоа било барање за поголема плата, што им било задоволено. {ПЦ 64.1}

Така злокобното влијание се почувствувало во сите гранки на Господовата служба и се проширило низ целото царство. Биле барани и примани високи плати, што на мнозина им се дало шанса да уживаат во раскош и претерување. Богатите ги угнетувале сиромашните, чувството на самопожртвуваност речиси исчезнало. Во далекусежните последици на тие влијанија може да се најде една од главните причини на стравотното отпаднишство на оној човек кој некогаш се вбројувал во најмудрите смртници. {ПЦ 64.2}

Остриот контраст помеѓу духот и побудата на народот кој го градел шаторот во пустината и оние кои го подигале Соломоновиот храм содржи поука со длабоко значење. Главните црти на работниците кои го граделе храмот одговараат на себичноста која денес владее во светот. Созреан е духот на лакомост, трка за високи позиции и големи плати. Ретко се среќава доброволна служба и самоодрекување карактеристиките на работниците кои го подигале шаторот. Меѓутоа, всушност тоа се побудите кои треба да ги поттикнуваат Исусовите следбеници. Нашиот божествен учител покажал со пример на своите ученици како треба да работат. На оние на кои им упатил повик: „Појдете по мене и ќе ве направам ловци на луѓе" (Матеј 4:19), Исус не им понудил никаква одредена сума како награда за нивната служба. Тие морале заедно со Него да учествуваат во самоодрекување и пожртвување. {ПЦ 64.3}

Не треба да работиме само за платата која ја добиваме. Побудите кои нè поттикнуваат да работиме за Бога не треба да имаат ништо заедничко со себичноста. Несебичната преданост и пожртвување секогаш биле и ќе бидат основни услови за прифатлива служба на Бога. Нашиот Господ одредил ниедна трошка на себичност да не смее да биде вткаена во Неговото дело. Должни сме со свои напори да се придружиме со знаењето и вештините, точноста и мудроста кои Бог како олицетворение на совршенството ги барал од градителите на земското светилиште. Но сепак во целата наша работа мораме да имаме на ум дека најголемата и најубавата служба се прифатливи само тогаш кога себеси ќе се положиме на олтарот како жива жртва, жртва која ќе изгори целосно. {ПЦ 65.1}

И најпосле, попуштањето на искушението да ја присвои славата која Му припаѓа само на Бога, претставувало уште едно скршнување од исправните начела и предизвикало конечен пад на израелскиот цар. {ПЦ 65.2}

Од денот кога на Соломон му било доверено делото за градење на храмот, па сè до крајот, негова цел била да „сосида дом за името на Господ Бог Израелов" (2. Летописи 6:7). Таа цел била јасно изложена пред насобраната Израелева војска во моментот на посветување на храмот. Царот во својата молитва потврдил дека Јехова рекол: „Тука ќе пребива Моето име" (1. Царевите 8:29). {ПЦ 65.3}

Еден од најтрогателните делови на молитвата која Соломон ја упатил во моментите кога се посветувал храмот била молитвата за странците кои кога ќе дојдат од далечни земји да научат тука што повеќе за Оној чија слава се прочула помеѓу народите. „Зашто ќе чујат" се молел царот „за Твоето големо име, за Твојата силна рака и за Твојата крената мишка..". За секој странец, Соломон се молел: „Послушај од небото...и направи сè за кое странецот повикува кон тебе, та сите земни народи да го знаат Твоето име, за да се бојат од Тебе, како Твојот народ Израелот, да знаат дека овој храм, што го изградив јас, е наречен по Твоето име" (Стихови 42,43). {ПЦ 66.1}

На крајот на богослужението Соломон го повикал Израел да биде верен и предаден на Бога, за „да познаат сите народи на земјата" дека Господ е Бог и дека нема друг" (Стих 60). {ПЦ 66.2}

Планот за храмот го изградил Оној кој бил поголем од Соломон: храмот ја откривал мудроста и славата Божја. На оние на кои тоа им било непознато, се восхитувале природно на Соломона и го фалеле како архитект и градител. Меѓутоа, царот ја одбивал секоја пофалба во поглед на планот и градењето на храмот. {ПЦ 66.3}

Така било кога Савската царица дошла да го посети Соломона. Кога слушнала за неговата мудрост и величествениот храм кој го подигнал, таа одлучила да го „испита со тешки прашања" и со свои очи да ја види прочуената градба. Во придружба на голем број слуги и „со камили кои носеа премногу мирис, злато и драгоцени камења", поминала долг пат до Ерусалим. „Таа дојде кај Соломона и говореше со него за сè што и беше на срцето. Соломон и ги објасни сите нејзини зборови, и немаше ништо непознато за царот, што не и го објасни. 1 Царевите 10:1-3; 2. Летописи 9:1 2. {ПЦ 66.4}

Кога савската царица ја виде сета мудрост на Соломона, и домот, што тој го беше изградил...повеќе не можеше да се воздржи". „Вистина е она", таа призна „што го бев слушала во земјата своја за твоите дела и за твојата мудрост: но не верував на зборови, додека не дојдов, и не видоа очите мои: и, ете, мене ни половината не ми беше речено: мудрост и богатство ти имаш повеќе отколку што сум слушала. Блажени се твоите луѓе, блажени се и тие твои слуги, што стојат пред тебе секогаш и ја слушаат мудроста твоја!" (1. Царевите 10:4-8; 2. Летописи 9:3-6). {ПЦ 67.1}

Соломон толку многу ја поучувал царицата за изворот на својата мудрост и напредок што таа при крајот на својата посета била принудена да каже: „Благословен да е Господ, твојот Бог, Кој благоволи да те постави на Израеловиот престол! Господ, поради вечната мудрост Своја кон Израелот, те постави за цар, за да вршиш суд и правда" (1. Царевите 10:9). Бог сакал таков впечаток да стекнат сите народи. И кога „сите цареви земски бараа да го видат Соломона, да ја чујат мудроста негова, која му ја даде Господ во срцето" (2. Летописи 9:23), Соломон извесно време го славел Бога укажувајќи Му стравопочит на Творецот на небото и земјата, на Премудриот Цар на вселената. {ПЦ 67.2}

Соломон да продолжел со понизен дух да го одвраќа вниманието на луѓето од себеси и да укажува на Оној кој му дал мудрост, богатство и чест, какво ли само ќе било неговото поведение! Вдахновеното перо ги забележало неговите доблести, но исто така верно сведочи и за неговиот пад. Качувајќи се до врвот, опсипан со дарови на успех, Соломон добил вртоглавица, изгубил рамнотежа и паднал. Непрекинато воздигнуван од луѓе од овој свет, тој на крајот не бил во состојба да одолее на ласкањето кое го опкружувало. Мудроста која му била дадена да го слави Дародавецот, го исполнила со гордост. Конечно дозволил луѓето да зборуваат за него како за човек кој е најдостоен за пофалби за извонредно големиот сјај на градбата подигната во чест на „името на Господа Бога Израелов". {ПЦ 68.1}

Така дошло до тоа храмот Јеховин во сите народи да стане познат како „Соломонов храм". Човековото орудие ја присвоило славата која му припаѓала на Оној кој е „повисок од највозвишениот" (Проповедник 5:8). Дури и денес за храмот, за кој Соломон рекол дека: „името твое е повикано во овој дом, кој го подигнав за името твое" (2. Летописи 6:33), честопати се зборува како за „Соломоновиот храм" а не за храмот Јеховин. {ПЦ 68.2}

Човекот покажува најголема слабост кога дозволува луѓето нему да му припишуваат чест за даровите кои небото ги дало. За вистинскиот христијанин Бог е прв, последен и најдобар во сè. Никакви славољубиви побуди не можат да ја намалат неговата љубов кон Бога. Вистинскиот христијанин непрестано и истрајно се труди честа да му припадне на небесниот Отец. Кога верно го прославуваме Божјото име, нашите побуди се под божествен надзор и тогаш сме во можност да ги развиваме духовните и умствените сили. {ПЦ 68.3}

Исус, божествениот Учител, секогаш го воздигнувал името на својот небесен Отец. Тој ги учел своите ученици да се молат: „Оче наш кој си на небесата, да се свети името твое..". (Матеј 6:9). и тие не смееле да заборават да кажат: „зашто твоја е ... славата" (Стих 13). Големиот Исцелител толку многу се трудел славата да ја одврати од себе и да ја насочи кон Изворот на Својата сила, така што восхитениот народ „гледајќи како неми зборуваат, фатени оздравуваат, хроми се движат и слепи прогледуваат", „го прославуваше Бога Израелов". (Матеј 15:31) Христос во прекрасната молитва која што ја упатил на Бога непосредно пред распетието, рекол: „Јас Тебе те прославив на земјата". „Прослави го синот свој" се молел Тој" и синот твој да те прослави Тебе". „Оче Праведни светот не Те позна, но Јас те познав: и овие познаа дека Ти си Ме пратил: и им го објавив името Твое, и ќе го известувам, та љубовта, со која Ме возљуби Ти, да биде во нив, и јас во нив" (Јован 17:4,1,25,26). {ПЦ 69.1}

„Така вели Господ: мудриот да не се фали со мудроста своја, силниот да не се фали со силата своја, богатиот да не се фали со богатството свое. а кој се фали, нека се фали со тоа, дека ме разбира Мене и знае дека Јас Сум Господ, Кој покажува љубезност, суд

и праведност на земјата: оти тоа е благоугодно пред Мене, вели Господ” (Еремија 9:23, 24). {ПЦ 69.2}

„Ќе го славам името Божјо... ќе го возвеличувам со славословија”. {ПЦ 70.1}

„Достоен си, Господи, да примиш слава, чест и сила”. {ПЦ 70.2}

„Ќе те славам, Господи, Боже мој, од сè срце и вечно ќе го прославувам името Твое” {ПЦ 70.3}

„Возвеличете Го Господа со мене, и заедно да го превознесуваме името Негово” (Псалм 69:30, Откровение 4:11; Псалм 86:12; 34:3). {ПЦ 70.4}

Прифаќањето на начелата кои биле далеку од пожртвување и поттикнувале славољубие, било пропратено со уште едно грубо изопачување на божествениот план за Израел. Бог одредил Неговиот народ да биде светлина на светот. Требало од нивниот живот да засјае славата на Неговиот закон. А за да се оствари тоа, Бог направил избраниот народ да заземе поволна местоположба помеѓу народите на земјата. {ПЦ 70.5}

Во Соломоново време израелското царство се простирало од Емат на север до Египет на југ и од Средоземното море до реката Еуфрат. Преку таа територија воделе многу патишта на светската трговија, и во сите правци секогаш поминувале каравани од далечни земји. Така на Соломона и на неговиот народ им се дала прилика на луѓето од сите народи да им го откријат карактерот на Царот над царевите и да ги поучат да Го почитуваат и слушаат. Тоа сознание требало да се даде на цел свет. Учењето за принесување на жртва требало да го воздигне Христа пред народите, така што сите кои би сакале, да добијат живот. {ПЦ 70.6}

Поставен на чело на народот кој имал улога на светилник за соседните народи, Соломон бил обврзан за мудроста која што му ја дал Бог и моќта на своето влијание да ги употреби за организирање и насочување на едно големо движење за просветлување на оние кои не го познавале Бога и вистината. Така многу народи би биле наведени да се потчинуваат на божествените прописи, Израел би бил заштитен од злото кое владеело помеѓу незнабошците, а Господ на славата би бил прославуван и величан. Меѓутоа, Соломон ја изгубил од вид таа голема цел. Тој не се користел со прекрасните можности кои му се нуделе да ги просвети луѓето кои непрестано поминувале низ неговата земја и се задржувале во нејзините главни градови. {ПЦ 71.1}

Трговскиот дух го зазел местото на мисионскиот дух кој што Бог го всадил во срцето Соломоново и во срцата на сите вистински Израелци. Можностите кои им биле дадени благодарејќи на многуте контакти со народите, ги користеле за лично воздигање. Соломон настојувал својата политичка состојба да ја зацврсти со подигање на утврдени градови на трговските раскрсници. Повторно го сосидал Гезер кој лежел на патот помеѓу Египет и Сирија, Вет-Орон, западно од Ерусалим, на линијата која водела од срцето на Јудеја за Гезер и морското крајбрежје, Мегидон на караванскиот пат помеѓу Дамаск и Египет и од Ерусалим кон север, „и ... Тадмор во пустината” (2. Летописи 8:4), на караванскиот пат кој води од исток. Сите тие градови биле добро утврдени. Трговските предности и излезот на Црвено море биле зголемени благодарејќи на „флотите бродови... во Есион-Гавер... на брегот од Црвеното море во земјата Едомска”. Извежбани морнари од земјата Тирска „со слугите Соломонови”, формирале посада на тие бродови и „од Офир донесоа злато” и „множество црвено дрво и скапоцени камења” (2. Летописи 8:18; 1. Царевите 9:26; 10:11). {ПЦ 71.2}

Приходите на царот и многуте негови поданици брзо се умножувале, но по која цена! Покрај алчноста и заслепеноста на оние на кои им биле доверени Божјите

пророштва, безброј патници на патиштата останале во незнаење за постоењето на Јехова. {ПЦ 72.1}

Соломоновиот начин на живот драстично се разликува од Христовиот кога живеел на земјата. И покрај тоа што му била дадена „сета власт”, Спасителот никогаш не искористил ништо за да се воздига себеси. Неговата служба за човештвото била совршена, неосквернета со соништа за земски освојувања и светска слава. „Лисиците имаат легла и птиците гнезда, а Синот Човечки нема каде глава да потслони” (Матеј 8:20). Оние кои се отповикале на повикот и стапиле во служба на најголемиот Работник, треба добро да го проучат Неговиот начин на работа. Тој обилно се користел со приликите кои што му се пружале на големите друмови. {ПЦ 73.1}

Во текот на своите патувања Исус живеел во Капернаум кој со тоа останал познат како „Негов град” (Матеј 9:1). Подигнат на патот кој водел од Дамаск за Ерусалим, Египет и Средоземното море, Капернаум бил погоден за средиште за Спасителовото дело. Низ градот поминувале луѓе од многу земји и тука застанувале заради одмор. Исус овде доаѓал во допир со луѓе од сите јазици и сталежи, па неговите поуки се пренесувале до многу земји и семејства. На тој начин кај луѓето било поттикнато интересирање за пророштвата кои говореле за доаѓањето на Месија, вниманието било насочено на Спасителот, и светот осознал за Неговата мисија. {ПЦ 73.2}

Во наше време е многу полесно да се дојде во контакт со луѓето од разни народности и сталежи отколку што било тоа случај во времето на Израел. Патиштата и раскрсниците многупати се имаат умножено. {ПЦ 73.3}

Слично на Христа, и денешните следбеници на Највишниот треба да излезат по патиштата по кои проаѓаат патници од сите краеви на светот. Сокривајќи го своето „јас” во Бога како што Христос направил, тие треба да го сеат семето на евангелието и да ги запознаат останатите со скапоцените вистини на Светото писмо кои ќе фатат длабоки корења во душите и срцата и ќе донесат плод за живот вечен. {ПЦ 74.1}

Сериозен пример ни дава Израеловиот пад кога царот и народот се одвратиле од светата должност на која биле повикани да ја извршат. Таму каде што тие биле слаби, каде што потполно паднале, денешниот Израел кој е претставник на небото и ја сочинува вистинската Христова заедница, мора да се покаже силен. На неа лежи одговорноста да го заврши делото доверено на човекот за на крајот да може да прими награда. Меѓутоа, и денес мора да се бориме против истите оние зла кои надвладеале за време на владеењето на Соломон. Непријателските сили на сета праведност имаат силен корен и можат да се победат единствено со Божја сила. Конфликтот кој ни претстои бара од нас дух на самоодрекување: не смееме да се потпреме на себеси, туку единствено на Бога: должни сме мудро да ја искористиме секоја можност за спасување на души. Благословот Господов ќе ги следи членовите на Неговата заедница доколку таа работи сложно, откривајќи му ја на светот, кој што се наоѓа во темнината на заблудата, убавината и светоста на Христовиот дух и самопожртвување, доколку го слават Бога, а не луѓето, и доколку се посветат на неуморна служба за оние на кои толку им се потребни благословите на евангелието. {ПЦ 74.2}

ПОГЛАВЈЕ 5 - ПОКАЈАНИЕТО НА СОЛОМОН

Господ двапати му се јавил на Соломон во текот на неговото владеење упатувајќи му зборови на одобрување и совети во ноќно видение во Гаваон, кога ветувањето за мудроста, богатството и честа било пропратено со совет да остане понизен и послушен, и по посветувањето на храмот, кога Господ повторно го повикал да биде верен. При тоа, на царот му биле дадени јасни предупредувања и прекрасни ветувања. А сепак, во Соломон кој по околностите, карактерот и животот изгледало дека во потполност ќе ги исполни должностите и одговорностите очекувани од небото: „Тој не го одржа тоа што Господ му го заповеда". Затоа што „го отстрани срцето свое од Господа, Бога Израелов, кој на двапати му се беше јавувал: и му беше заповедал да не оди по други богови". (1. Царевите 11:9-10). Неговото отпадништво до таа мерка било потполно, а неговото срце толку закоравело во престап, та неговиот случај се чинел речиси безнадежен. {ПЦ 75.1}

Соломон ја напуштил радосната заедница со Бога за да побара задоволство во телесните уживања. Тој зборува за своето искуство: {ПЦ 76.1}

„Презедов големи работи: си изградив куќи, си насадив лозја, си уредив градини и садници;... придобив слуги и слугинки,...Насобрав сребро и злато и скапоцености од цареви и области: си доведов пејачки и тоа, што ги насладува синовите човечки. И така станав голем и посилен од сите, што пред мене беа во Ерусалим: {ПЦ 76.2}

Што и да сакаа очите мои, не им откажував, не му забранував на срцето свое никаква веселба, бидејќи срцето мое се радуваше во сиот мој труд...и се обрнав, та погледнав на сите дела, што ги беа извршиле моите раце, и на трудот, со кој се бев трудел, извршувајќи ги: и ете сè беше суета и мака за духот, и немаше од нив полза под сонцето! {ПЦ 76.3}

Потоа се свртев да ги погледам мудроста, безумството и глупоста: што може да направи човек по царот, посебно од она, што е веќе направено?...го намразив животот, ... и го намразив сето она, за кое се бев трудел под сонцето". (Проповедник 2:4-18) {ПЦ 76.4}

Соломон врз основа на сопственото горко искуство, увидел дека животот кој обременува со земските работи како највозвишено добро, е многу празен. Подигал олтари на незнабожечки богови, но конечно дошол до сознание колку се празни нивните ветувања за спокојство на духот. Ноќе и дење го мачеле темни мисли и му ја вознемирувале душата. За него повеќе не постоела животна радост и душевен мир, и иднината му изгледала очајно темна. {ПЦ 76.5}

Меѓутоа, сепак Господ не го напуштил. Со укорите и строгите казни сакал да го натера царот да види колку е грешен неговиот начин на живот. Повеќе не го штител царството и дозволил непријателите да пустошат и да го ослабат. „И Господ му воздигна на Соломона противник идумеецот Адада... и Господ подигна против Соломон друг противник, Резон, ...четоводач", кој „го мразеше Израел и владееше во Сирија. И Јеревоам слугата Соломонов", кој „беше силен и храбар", „дури тој се крена против царот" (1. Царевите 11:14-28). {ПЦ 77.1}

Најпосле Господ преку еден пророк му пратил на Соломона страшна вест: „Затоа што тоа се врши кај тебе, и ти не го зачува Мојот завет и Моите наредби, што ти ги бев заповедал, ќе го одземам царството од тебе и ќе му го дадам на твојот слуга: но во твоите дни Јас нема да го направам ова поради татка ти Давида: од рацете на синот твој ќе го одземам" (1. Царевите 11:11,12). {ПЦ 77.2}

Овој збор на осуда изговорен против него и неговиот дом како да го разбудил Соломона од сон, и со разбудена совест тој почнал во вистинска светлина да гледа на својата лудост. Искаран во духот, со ослабен ум и тело, тој уморен и жеден ги остави

распуканите земски кладенци за уште еднаш да се напие од водата на животот. Најпосле страдањето во него изврши промена. Тој долго стравуваше дека потполно ќе пропадне затоа што не беше во состојба да се откаже од својата лудост, но сега во дадената вест согледа зрак на надеж. Бог не го отфрлил целосно, туку бил спремен да го ослободи од ропството потешко и од гроб, кое тој со сопствена сила не бил во состојба да го стори. {ПЦ 77.3}

Соломон со благодарност ја признал моќта и љубовта на Оној кој е „поголем од највозвишениот" (Проповедник 5:8) и почнал да се враќа на онаа височина на чистота и светост од која што толку ниско паднал. Не можел да се надева дека ќе ги избегне поразните последици на гревот, ниту можел да го избрише од своето сеќавање оној развратен живот кој го водел, но срдечно сакал другите да ги одврати да не тргнат по истиот пат. Бил подготвен понизно да признае колку грешел и да го крене својот глас во предупредување за другите да не бидат неповратно изгубени под влијание на лошиот пример кој што им го дал. {ПЦ 78.1}

Искрениот покајник не тежнее да ги заборави гревовите кој што ги сторил откако ќе стекне душевен мир, тој не престанува да се грижи за последиците од своите грешки. Тој мисли на оние кои што со својот пример ги навел на зло и настојува со сите сили да ги врати на вистинската патека. Колку е посјајна светлината која што го осветлува, толку е посилна и неговата желба другите да ги изведе на прав пат. Тој не гледа рамнодушно на своите грешки, не преоѓа преку нив лесно, туку укажува на опасноста за да ги предупреди другите навреме. {ПЦ 78.2}

Соломон признал дека „човечките срца се полни со зло и лудост е во срцата нивни..". (Проповедник 9:3). На друго место тој вели: „Бидејќи не се врши суд над лоши работи, човечкото срце е наклонето да прави зло. Иако некој грешник врши стопати зло, судот му се одолжува: но јас знам, дека ќе им биде добро само на оние, што се бојат од Бога, кои имаат страв пред лицето Негово: а за нечесниот нема да има добро, и како сенка, само кратко време, ќе преуспее оној, кој не се плаши од Бога" (Проповедник 8:11-13). {ПЦ 78.3}

Царот вдахнат од духот Божји ја забележал за подоцнежните поколенија историјата на своите упропастени години за да им послужи како поука и опомена. И така, делото на неговиот живот сепак не било целосно промашување, иако неговиот народ ја ожнеал жетвата на злото од семето кое што тој го посеал. Со кротост и понизност во своите подоцнежни години тој „го учеше народот на мудрост. Тој сè испитуваше, изучуваше и остави многу мудри изреки". Тој „се трудел да најде убави изреки и точно ги запишал зборовите на вистината. Зборовите на мудреците се како остени, и како забиени клинци: зборовите на оние што ги напишаа, дадени се од еден пастир. И така преку ова синко биди упатен и внимавај" (Проповедник 12:9-12). {ПЦ 79.1}

„А суштината на сè е: бој се од Бога и пази ги неговите заповеди, зашто тоа е сè за човекот оти Бог ќе изведе на суд секоја работа и што е тајно, било да е добро или лошо" (Стихови 12:13,14). {ПЦ 80.1}

Од последните Соломонови списи се гледа дека тој, согледувајќи сè повеќе колку животот му бил безбожен, особено внимание посветил на тоа да ги предупредува младите луѓе за да не паднат и тие во исти заблуди заради кои тој самиот залудно ги потрошил најубавите небесни дарови. Признавал во тага и со срам дека во цветот на својата младост, тогаш кога требало Бог да биде негова утеха, воздигнување и живот, ја презрел небесната светлина и Божјата мудрост, и го напуштил обожувањето на Бога заради идолопоклонство. И сега, откако тешкото искуство го поучило колку бил

бесмислен таквиот живот, најголема желба му била да ги спаси другите, за да не поминат низ такви горки искуства низ кои што тој самиот поминал. {ПЦ 80.2}

Грижливо и со чувства пишувал за предностите и одговорностите кои што младите ги очекува во Божјата служба: {ПЦ 80.3}

„Слатка е светлината, и пријатно е за очите да гледаш сонце. Ако човек проживее и многу години, нека се весели во текот на сите нив и нека си спомнува за темните дни, какви што ќе ги има многу: но сè што ќе биде, ќе биде суета! Весели се во младоста своја, момче, и срцето твое да вкусува радост во дните на твојата младост, и оди каде што срцето те влече и каде што очите ти гледаат: само знај, дека за сето тоа Бог ќе те изведе на суд. Отстрани ја лутината од срцето свое и отстранувај го злото од телото свое, зашто детството и младоста се суета!" (Проповедник 11:7-10). {ПЦ 80.4}

„И спомнувај си за твојот Творец
во дните на младоста своја,
додека не дојдат лоши денови,
и не настанале години,
за кои ќе речеш: Не ми се мили. {ПЦ 81.1}
Додека сонцето, или светлината, или месечината,
или ѕвездите, не потемнат,
и да се вратат црни облаци по дождот. {ПЦ 81.2}
Во денот кога куќните стражари ќе затреперат,
и силните мажи се наведнат,
кога мелничарите ќе запрат, затоа што останале малку,
кога ќе се помрачат оние, што гледаат низ прозорците,
кога се затвораат уличните врати, {ПЦ 81.3}
кога шумот на мелењето ослабува,
и кога човек ќе почне да станува на птичји глас,
и ќерките пеачки ќе замолкнат: {ПЦ 81.4}
кога височините за нив ќе бидат страшни,
и по патот ќе има ужаси: {ПЦ 81.5}
кога ќе процути бадемот,
и скакулецот ќе стане тежок,
и желбата ќе помине: {ПЦ 81.6}
зашто човекот заминува во вечниот дом свој,
и тажачките се готови да го опкружуваат по улица: {ПЦ 81.7}
додека не се скине конецот сребрен,
и не се скрши златната чаша,
и не се растури ведрото при изворот,
и не се разбие тркалото крај бунарот. {ПЦ 81.8}
и ќе се врати правот во земјата,
како што си бил: а духот ќе се врати кај Бога,
Кој го дал".
(Проповедник 12:1-7) {ПЦ 82.1}

Соломоновиот живот претставува големо предупредување не само за младите луѓе туку и за оние во позрели години, кои се симнуваат низ ридот на животот и гледаат во сонцето кое заоѓа. Ние гледаме и слушаме колку младоста е непостојана, како се

колеба помеѓу доброто и злото и како струјата на расипани страсти лесно може да ја понесе. Кај зрелите луѓе пак, не очекуваме таква нестабилност и изневерување на начелата, сметајќи дека нивниот карактер е изграден и начелата фатиле длабок корен. Но, тоа не е секогаш така. Соломон под притисок на искушението ја изгубил својата потпора, иако неговиот карактер требало да биде цврст како даб. Бил најслаб тогаш кога требало да биде најсилен. {ПЦ 82.2}

Овие примери треба да нè поучат дека будноста и молитвата се единствена одбрана и за старите и за младите. Високата положба и големите предности не даваат никаква безбедност. Може човек со години да има вистинско христијанско искуство, а сепак да биде изложен на нападите на сатаната. Дури и мудриот и силен Соломон потклекнал во борбата со внатрешниот грев и надворешните искушенија. Неговиот пораз треба да нè поучи дека човек никогаш не смее да се надева на сопствената сила и мудрост, какви и да се неговите умствени сили и колку верно и да му служел на Бога во минатото. {ПЦ 82.3}

Вистинските основи и вистинскиот начин за изградба на карактерот биле исти во сите времиња и во сите земји. Божјиот закон: „Возљуби Го Господа, Твојот Бог, со сето свое срце... и ближниот свој како самиот себеси" (Лука 10:27), големото начело кое што се открило во карактерот и животот на нашиот Спасител, претставува единствен сигурен темел, единствен сигурен патоказ. „И тврдина на времето твое, сила на спасението твое ќе биде мудроста и знаењето" мудрост и знаење кои можеме да ги добиеме само од Бога. (Исаија 33:6). {ПЦ 82.4}

Ова важи и денес токму како во времето кога Израел примил упатства да се покорува на Неговите заповеди: „Зашто тоа е вашата мудрост и вашиот разум пред народите" (Второзаконие 4:6). Тоа е единствената безбедност за чесноста на поединецот, чистотата на домот, добробитието на општеството и стабилноста на нацијата. Во сите животни заплетености, опасности и конфликти, единствено безбедно и сигурно правило е да се прави она што Бог го вели. „Наредбите Господови се праведни", (Псалм 19:8) и „кој вака прави никогаш нема да се поколеба" (Псалм 15:5). {ПЦ 83.1}

Оние кои што ќе извлечат поука од отпадништвото на Соломона, ќе бегаат и од сенката на оние гревови на кои тој им подлегнал. Единствено послушноста кон барањата на небото ќе го сочува човекот да не стане отпадник. Бог им подарил на луѓето голема светлина и многу благослови, но тие нема да бидат никаква безбедност против непокорноста и отпадништвото ако не ги прифатиме искрено. Ако луѓето кои Бог ги поставил на висока позиција, се одвојат од Него и се надеваат во човечка мудрост, нивната светлина станува темнина. Способностите кои што Тој им ги дал, за нив стануваат стапица. {ПЦ 83.2}

Сè додека борбата не заврши, ќе има луѓе кои ќе отстапуваат од Бога. Сатаната така ги мести околностите што тие речиси незабележано ќе ги урнат бедемите на душата, до колку немаме помош од божествената сила. На секој чекор мора да се запрашаме „Дали е ова патот Господов?" Во текот на целиот живот, наклоностите и страстите мораат одлучно да се скротат. Ниеден момент не можеме да бидеме сигурни, освен ако не се потпираме на Бога, и ако животот не ни е сокриен во Христа. Будноста и молитвата се чувари на чистотата. {ПЦ 83.3}

Сите кои што влегуваат во Божјиот град влегуваат низ тесна врата, по цена на тешки напори, затоа што „таму нема да влезе во него ништо погано" (Откровение 21:27). Меѓутоа, никој кој паднал не треба да очајува. Луѓе во поодминати години, кои некогаш

го славеле Бога, можат да ги извалкаат своите души жртвувајќи ги своите доблести на олтарот на телесните желби: но ако се покајат, ако се одречат од гревот и се обратат кон Бога, за нив сè уште има надеж. Оној кој вели: „Биди верен до самата смрт и ќе ти го дадам венецот на животот" (Откровение 2:10), исто така упатува повик: „Безбожникот нека го остави својот пат и неправедникот мислите свои: и нека се врати кај Господа, и ќе се смилува на него, и кај нашиот Бог зошто простува многу". (Исаија 55:7). Бог го мрази гревот, но го љуби грешникот. Тој вели: „Ќе го исцелам нивното отпаднишство, ќе ги љубам со драга волја". (Осија 14:4). {ПЦ 84.1}

Соломоновото каење било искрено: меѓутоа, не можела да се поправи штетата која ја нанел давајќи лош пример. За време на неговото отпаднишство имало во царството луѓе кои останале верни на својот завет и ја сочувале својата чистота и верност. Но и многу биле заведени така што царевото покајание не можело да ги запре силите на злото кои со воведувањето на идолопоклонство и светски обичаи биле ставени во движење. Неговата моќ да прави добро ослабнала во голема мерка. Мнозина се двоумеле повторно целосно да се предадат на неговото раководство. И покрај тоа што царот ги признал своите гревови и оставил запис за својата лудост и покајание за да можат со нив да се користат подоцнежните генерации, тој не можел да очекува штетното влијание на лошите дела да биде во потполност отстрането. Охрабрени со неговото отпаднишство, мнозина продолжиле упорно да прават зло и само зло. И подоцна, кај многу владетели кои дошле по него, можело да се запази жалното влијание на изопачувањето на дадените способности од Бога. {ПЦ 84.2}

Размислувајќи мачно и горко за својот зол живот, Соломон бил присилен да каже: „Мудроста е подобра од воено оружје: но еден грешник уништува многу добро". „Има зло што сум го видел под сонцето, како грешка што доаѓаа од владетелот: неукоста се поставува на голема височина, а богатите седат ниско". {ПЦ 85.1}

„Мртвите муви го усмрдуваат благопријатното масло на мироварецот: истото го прави една мала глупост на уважуван човек за неговата мудрост и чест" (Проповедник 9:18, 10:5,6,1). {ПЦ 85.2}

Меѓу многуте поуки кои ги дава животот на Соломон, најповеќе се истакнува поуката за моќта на влијанието во правец на доброто или злото. Колку и да е ограничен нашиот делокруг, ние сепак вршиме влијание на добро или зло. Без наше знаење и контрола тоа влијание им служи на останатите на благослов или проклетство. Тоа може да биде оптоварено со мрачно незадоволство и себичност, или затруено со смртоносната дамка на некој омилен грев: или пак, може да содржи животворна сила на вера, храброст, надеж и сладок мирис на љубов. Така, во секој случај влијанието е добро или лошо. {ПЦ 85.3}

Дека нашето влијание може да биде смртен мирис за смрт тоа е ужасна мисла, но сепак е можна. Една заведена душа, која го губи вечното блаженство може ли некој да процени колкав е тој губиток? А сепак, една лесномислена постапка, еден непромислен збор, од наша страна, може толку длабоко да влијае на животот на друг човек и да ја упропасти неговата душа. Една дамка на карактерот може мнозина да ги одбие од Христа. {ПЦ 86.1}

Кога посеаното семе ќе даде жетва и тоа повторно посеано, прави жетвата да се умножува. Тоа е закон кој важи во нашите односи со другите. Секоја постапка, секој збор претставува семе кое ќе даде плод. Секое дело на љубезност, послушност и самоодрекување ќе се повтори и во другите, а преку нив во уште поголем број луѓе. Така и секое дело на завист, злоба и неслога претставува семе кое прераснува во

„горчлив корен” (Евреите 12:15) кое ќе оскверни мнозина. А колкумина ли само бројот на овие „мнозина” ќе затруе! Така резултатите од сеењето добро и зло е значајно и за сегашноста и за вечноста. {ПЦ 86.2}

ПОГЛАВЈЕ 6 - ПОДЕЛБА НА ЦАРСТВОТО

„И Соломон почина при татковците свои и беше погребан во градот на татка си Давида: а место него се зацари синот негов Ровоам” (1. Царевите 11:43). {ПЦ 87.1}

Набрзо по стапувањето на престол Ровоам отишол во Сихем, очекувајќи таму сите племиња свечено да го признаат. „Ровоам отиде во Сихем, зашто во Сихем се беа собрале сите Израелци, за да го изберат за цар” (2. Летописи 10:1). {ПЦ 87.2}

Помеѓу присутните се наоѓал и Јеровоам, синот Наватов, оној истиот кој за време на владеењето на Соломон бил познат како „силен и храбар”, на кого пророкот Ахиј Силомеецот му дал неочекувана вест: „Ете ќе го истргам царството од раката на Соломона и тебе ќе ти дадам десет племиња”. (1. Царевите 11: 28-31). {ПЦ 87.3}

Господ преку својот гласник јасно му укажал на Јеровоам на неопходноста за поделба на царството. До поделба мора да дојде, рекол Господ „Ова е поради тоа, што тие Ме оставија и почнаа да и се клањаат на Астарта, сидонската божица, и на Хемоса, моавскиот бог, и на Мелхома, амонскиот бог, и не одеа по Моите патишта, за да го вршат она, што е угодно пред Моите очи, и да ги пазат Моите наредби и Моите заповеди, како татко му Давид”. (1. Царевите 11:33). {ПЦ 87.4}

Освен тоа на Јеровоам му било речено дека царството не смее да се дели пред да заврши Соломоновото владеење. Господ рекол: „Јас нема да го одземам целото царство од раката негова, туку го оставам да владее до крајот на својот живот заради Мојот слуга Давид, кого го избрав и кој ги пазеше Моите заповеди и Моите наредби: но ќе го одземам царството од раката на синот негов и десет племиња од него ќе ти ги дадам тебе”. (Стихови 34,35). {ПЦ 88.1}

Иако Соломон сакал Ровоам, својот избран наследник, да го подготви мудро да ја дочека кризата која ја прорекол пророкот Божји, никогаш не бил во состојба доволно силно да влијае во вистински правец на разумот на својот син, чие воспитување во детството било занемарено. Ровоам од својата мајка, една Амонка, наследил колеблив карактер. Едно време се трудел да му служи на Бога и постигнувал извесни успеси, но не бил постојан и на крајот потпаднал под влијание на злото кое го опкружувало уште од детството. Грешката во животот на Ровоам и неговиот конечен отпад сведочат за ужасните последици на Соломоновата врска со идолопоклоничките жени. {ПЦ 88.2}

Племињата долго поднесувале тешки неправди и угнетувања од страна на претходниот владетел. За да си ги задоволи своите расипнички навики, Соломон во периодот на своето отпадништво му наметнувал на народот огромни даноци и барал прекумерна физичка работа. Пред да пристапат на крунисување на новиот владетел, водечките луѓе од сите племиња одлучиле најнапред да утврдат дали Соломоновиот син има намера да ги олесни тие товари. „Така Јеровоам и сиот Израел, и му говореа на Ровоам вака: Твојот татко ни наложи тешко бреме: ти пак олесни ни го тешкото ропство од татка ти и тешкото бреме, што ни го наложи тој, и ние ќе ти служиме. {ПЦ 88.3}

Сакајќи да разговара со советниците пред да ја изложи својата политика, Ровоам им одговори: По три дена дојдете пак при мене. и народот се разотиде. {ПЦ 89.1}

Се посоветува царот Ровоам со старешините, што стоеја пред татка му Соломона, додека беше жив, и им рече: Што ќе ме посоветувате да му речам на овој народ? Тие му одговорија: Ако бидеш добар спрема овој народ и му угодиш, ако му говориш благи зборови, тој ќе ти служи во сите дни". (2. Летописи 10:3-7). {ПЦ 89.2}

Незадоволен од таквиот совет, Ровоам им се обратил на младите со кои се дружел во детството и младоста и ги запрашал: „Што ќе ме посоветувате да им одговорам на оние луѓе, што ми рекоа и кажаа: Олесни ни го бремето, што ни го наложи татко ти?" (1. Царевите 12:9). Младите го посоветувале строго да постапува со поданиците на своето царство и од самиот почеток јасно да им покаже дека нема да дозволи никакво мешање во своите лични работи. {ПЦ 89.3}

Поласкан од изгледите на неприкосновена власт, Ровоам одлучил да го отфрли советот на старците во своето царство и за свои советници да ги земе младите. И така, кога „дојде Јеровоам и сиот народ кај Ровоам, како што им беше кажал царот", да ја чујат изјавата за политиката која има намера да ја спроведува, Ровоам .."грубо му одговори на народот", велејќи: „Татко ми ви наложи тежок товар, јас пак, ќе го зголемам вашиот товар: татко ми ве казнуваше со камшици, јас, пак, ќе ве казнувам со скорпии". (Стихови 12-14). {ПЦ 89.4}

Да ја разбрале божествената волја Ровоам и неговите советници во поглед на Израел, тие би излегле во пресрет на барањата на народот да се изврши одлучна реформа во начинот на владеење. Меѓутоа, тие ја пропуштиле можноста која им се давала на состанокот во Сихем, не размислувале за причините и последиците, и така засекогаш го ослабнале своето влијание над поголемиот дел од народот. Нивната решеност да го продолжат па дури и да го зголемат угнетувањето, кое започнало од Соломоновата влада, била во спротивност со Божјиот план за Израел и му дала на народот повод да се посомнева во искреноста на нивните побуди. Во овој обид непромислено и бесчувствително да владеат, царот и неговите избрани советници покажале гордост заради положбата и власта. {ПЦ 90.1}

Господ не му дозволил на Ровоам да ја спроведе политиката која ја изложил. Меѓу племињата имало илјадници луѓе кои, премногу огорчени од угнетувањето за време на Соломон, сметале дека не им преостанува повеќе ништо друго освен токму сега да се побунат против Давидовиот дом. „И сите Израелци видоа, дека царот не ги послуша. Тогаш луѓето му одговорија на царот и рекоа: Каков дел имаме кај Давида? За нас нема дел кај синот Јесеев: по шаторите свои, Израеле! Гледај си го својот дом Давиде! И Израел се разотиде по шаторите свои". (Стих 16). {ПЦ 90.2}

Се покажало дека расцепот предизвикан од непромислените зборови на Ровоам бил непоправлив. Дошло до поделба на дванаесетте племиња Израелови: Јудиното и Венијаминовото племе сочинувале од тогаш долно или јужно Јудино царство под управа на Ровоам, додека десетте северни племиња си создале и сочинувале посебна управа, познато како царство Израелово со Јеровоам како владетел. Така се исполниле зборовите на пророкот за поделбата на царството. „Зашто Господ беше така уредил". (Стих 15). {ПЦ 91.1}

Кога Ровоам видел дека десет племиња му одрекуваат послушност, тоа го натерало нешто да преземе. Преку некои влијателни луѓе од своето царство, Адонар, „управникот над даноците", се обидел да се помири со нив. Но гласникот на мирот наишол на прием кој сведочел за непријателски чувства кон Ровоам. „Но целиот Израел го посипа со камења та го убија". Запрепастен од таа побуна, „царот Ровоам брзо се качи во колата, за да избега во Ерусалим". (Стих 18). {ПЦ 91.2}

Кога дојде во Ерусалим „собра од целиот Јудин дом и од коленото Венијаминово сто и осумдесет илјади избрани војници, за да војуваат против Израеловиот дом и да му го возвратат царството на Соломоновиот син Ровоам. И би словото Божјо кон Семеја, човек Божји, и беше речено: Кажи му на Соломоновиот син Ровоама, царот јудејски, и на целиот Јудин и Венијаминов дом и на другиот народ: вака вели Господ: ‚Не одете и не почнувајте војна против вашите браќа, Израеловите синови: вратете се секој во домот свој, бидејќи тоа беше од Мене. И тие ги послушаа Господовите зборови и се вратија дома според словото Господово. Јеровоам го изгради Сихем на Ефремовата гора и се насели во него: оттаму тргна и го изгради Фануил". (Стихови 21-24). {ПЦ 91.3}

Три години Ровоам настојувал да извлече поука од жалното искуство кое го стекнал на почетокот од своето владеење, и во тоа настојување имал успех. Тој „cосида тврди градови во земјата Јудина", и „ги утврди тие градови, намести во нив заповедници и остави за жито и за масло и за вино", грижејќи се особено да „ги утврди силно". (2. Летописи 11:5,11,12). Но тајната на Јудиниот успех во првите години на Ровоамовото владеење не лежела во тие мерки. Племињата Јудино и Венијаминово се наоѓале во поволна положба благодарејќи на тоа што го признавале Бога како врховен владетел. Кон нив се припоиле многу богобојазни луѓе од северните племиња. Во записот се вели: „А по нив и од сите племиња израелски, кои го управија срцето свое да Го бараат Господ, Бог Израелов, одеа во Ерусалим, за да Му принесат жртви на Господ, Бог на нивните предци. Тие го зацврстија царството Јудино и го поддржуваа Соломоновиот син Ровоам три години, зашто одеа по патот на Давид и Соломон во тие три години. (Стихови 16,17). {ПЦ 92.1}

И понатаму да одел по тој пат, на Ровоам би му се дала можност во голема мерка да ги исповеда минатите гревови и да се здобие со доверба во своја способност праведно да владее. Но вдахновеното перо забележало жалосен извештај за Соломоновиот наследник како човек кој ја пропуштил можноста своето силно влијание да го стави во служба на Јехова. И покрај тоа што по природа бил тврдоглав, самоуверен, самоволен и склон кон идолопоклонство, тој сепак би стекнал силен карактер, цврста вера и навика да се покорува на божествените барања, потполно да се потпрел на Бога. Меѓутоа, времето си течело и царот сè повеќе се потпирал на силата на својата позиција и на градовите кои ги утврдил. Малку по малку попуштал на наследените слабости и на крајот потполно прешол на страната на идолопоклонството. „А кога Ровоам го утврди царството свое и кога го засили, го остави законот Господов и целиот Израел со него". (2. Летописи 12:1). {ПЦ 93.1}

Колку се жални и полни со значење зборовите: „и целиот Израел со него!" Народот кој Господ го избрал да биде светлина на околните народи, се одвоил од Изворот на силата настојувајќи да стане сличен на нив. Како што било тоа во Соломоновиот случај, така било и за владеењето на Ровоам: влијанието на лошиот пример ги одвело мнозина на раскрсница. Тоа исто, во голема или помала мерка, важи за сите оние кои прават зло влијанието на лошите постапки не се ограничува на оној кој врши зло. Никој не живее сам за себе. Никој не пропаѓа сам во своето беззаконие. Сечиј живот е светлина која го осветлува и развеселува патот на другите, или пак со своите мрачни и погубни влијанија ги носи во очајание и пропаст. Ние ги водиме другите или нагоре кон среќа и бесмртен живот, или надолу кон болки и вечна смрт. Ако со своите дела ги засилуваме или ги форсираме злите сили на активност во оние кои се наоѓаат околу нас, ние учествуваме во нивниот грев. {ПЦ 94.1}

Бог не дозволил отпадништво во Јудината земја да остане неказнето. „На петтата година од Ровоамовото царување Сусаским, египетскиот цар, се крена против Ерусалим, зашто беа отстапиле од Господа, со илјада и двесте коли и шеесет илјади коњаници: а дојдениот од Египет со него народ број немаше...и ги презеде утврдените градови во Јудеја и стигна до Ерусалим. {ПЦ 94.2}

Тогаш пророкот Самеј дојде при Ровоама и при јудејските кнезови, што се беа собрале во Ерусалим, за да се спасат од Сусаскима, и им рече: Вака вели Господ: ‚Вие Ме оставивте, затоа и Јас ве оставам во рацете на Сусаскима". (Стихови 2-5). {ПЦ 94.3}

Народот сè уште не бил толку западнат во отпадништво за да го презре Божјиот суд. Во губитоците кои ги претрпеле во текот на нападот од страна на Сисак, тие ја препознале раката Божја и се понизиле за извесно време. „Праведен е Господ", признале. {ПЦ 95.1}

„Кнезовите Израелови и царот се понизија и рекоа: Праведен е Господ! Кога виде Господ дека тие се понизија, дојде словото Господово до Самеја и беше речено: Нема да ги погубам, а скоро ќе им дадам избавление: Мојот гнев нема да се излее врз Ерусалим преку раката Сусакимова: сепак тие ќе му станат слуги, за да знаат што е тоа да Ми служат Мене и да им служат на земните царства. {ПЦ 95.2}

Египетскиот цар Сусаским дојде во Ерусалим и ги одзеде ризниците на домот Господов и ризниците на царскиот дом: одзеде сè, ги одзеде и златните штитови, што ги беше направил Соломон. Но царот Ровоам направи место нив бакарни штитови и ги предаде во рацете на старешините над чуварите, што го чуваа влезот во царскиот дом...и кога тој се понизи, гневот Господов се одврати од него и не го погуби до крај: па и во Јудеја имаше нешто добро". (Стихови 6-12). {ПЦ 95.3}

Меѓутоа, кога била тргната раката на гневот и кога народот повторно почнал да напредува, мнозина ги заборавиле своите стравувања и повторно се свртеле кон идолопоклонство. Меѓу нив бил и самиот цар Ровоам. Неволјата која надошла до некаде го понизила, но не довела до одлучен пресврт во неговиот живот. Ја заборавил поуката која му ја дал Господ и повторно се оддал на гревови кои ја навлекле казната на неговиот народ. По неколку неславни години во кои „царот чинеше зло, зашто не го управи срцето свое да го бара Господа", „почина Ровоам кај татковците свои и беше погребан во градот Давидов: а на негово место се зацари Авија неговот син" (Стихови 14,16). {ПЦ 95.4}

Со поделбата на царството во првите години на Ровоамовото владеење почнала да опаѓа славата во Израел и никогаш повеќе потполно не се вратила. Во наредните векови, од време на време, на престолот Давидов доаѓале луѓе со морални вредности и далекувидно расудување, па благословите кои под нивна власт почивале врз Јудиното царство ги чувствувале и околните народи. Од време на време името Господово се воздигало над лажните богови и луѓето го почитувале Неговиот закон. Повремено се појавувале силни пророци да ја охрабрат раката на владетелот и да го охрабрат народот и понатаму да остане верен. Но никогаш не било сосем уништено семето на злото кое почнало да се развива уште кога Ровоам стапил на престолот, така што некогаш возљубениот Божји народ паѓал толку ниско што служел за подбив на незнабошците. {ПЦ 96.1}

Меѓутоа, покрај изопаченоста на оние кои се приклониле на незнабожечките обичаи, Бог полн со милост правел сè што било во Негова моќ да го спаси од пропаст разделеното царство. И покрај тоа што луѓето кои што биле вдахнати со сатанска сила се обидувале со текот на времето да ги расипат Божјите планови за Израел, Тој сепак ја

исполнувал својата љубов кон избраниот народ, одведувајќи ги во ропство и повторно ослободувајќи ги. {ПЦ 96.2}

Поделбата на царството било само почеток на една прекрасна историја во која дошле до израз добрината и големата Божја милост. Од огнот на искушенија низ кој поминувале заради своите вродени и стекнати склоности кон зло, оние кои Бог сакал да ги очисти за да создаде од нив посебен народ „кој копнее за добри дела", морале на крај да признаат: {ПЦ 97.1}

„Нема сличен на Тебе, Господи! Ти се велик и името Твое е велико со Твојата моќ. Кој не ќе се бои од Тебе, Царе над народите?...Меѓу сите мудреци кај народите и во сите царства нема сличен на Тебе. А Господ е вистинскиот Бог: Тој е живиот Бог и вечен Цар..". (Еремија 10:6,7,10). {ПЦ 97.2}

И идолопоклониците на крај морале да увидат дека лажните богови не се во состојба да воздигнат и спасат. „Боговите кои не ги создале небото и земјата, ќе ги снема од земјата и под небото". (Еремија 10:11). Човекот може да најде мир и спокојство само во служба на живиот Бог, Творецот и Владетелот на сите нешта. {ПЦ 97.3}

Најпосле, заеднички, искараниот Израел и Јуда во покајание го обновиле својот завет во послушност на Господа над војските, Бог на нивните татковци, и запеале за Него: {ПЦ 97.4}

„Тој ја создаде земјата со силата Своја,
ја утврди вселената со мудроста Своја
и со разумот Свој ги распростре небесата. {ПЦ 97.5}
Од гласот Негов шумат водите небесни, {ПЦ 98.1}
Тој ги крева облаците од краиштата земни,
создава молскавици со дождот
и изведува ветар од живеалиштето Свое. {ПЦ 98.2}
Секој човек станува безумен во своето знаење,
се срамува секој леар со идолот свој,
бидејќи она што го излеал е лага,
и во него нема дух. {ПЦ 98.3}
Тоа е суета, дело на заблуда:
во времето на посетата нивна тие ќе исчезнат.
Делот на Јакова не е како нивниот: {ПЦ 98.4}
Бидејќи неговиот Бог е создател на сè,
а Израелот е жезал на неговото наследство:
Господ над воинствата е Неговото име".
(Стихови 12-16) {ПЦ 98.5}

ПОГЛАВЈЕ 7 – ЈЕРОВОАМ

Десетте племиња Израелови кои се побуниле против домот Давидов, го довеле на престолот Јеровоам, некогашниот Соломонов слуга. Тој бил во состојба да спроведе мудри реформи во областа на управата и религијата. За време на владеењето на Соломон тој покажал дека поседува способности и здраво расудување, а искуството кое

го стекнал во годините на верна служба го оспособило да биде разумен владетел. Меѓутоа, Јеровоам не барал потпора во Бога. {ПЦ 99.1}

Јеровоам најмногу стравувал од тоа владетелот на престолот Давидов во даден момент да не ги придобие срцата на своите поданици. Тој сметал дека доколку би дозволил десетте племиња почесто да ја посетуваат престолнината на израелското царство, каде сè уште се вршела службата во храмот како во времето на Соломон, мнозина би посакале да потпаднат под власта во Ерусалим. Советувајќи се со своите кнезови, Јеровоам се одлучил на едно дрско дело, колку што тоа било можно, да ја осуети побуната на своите поданици. Решил во границите на своето ново царство да подигне две нови светилишта, едно во Ветил а друго во Дан. Во тие места, наместо во Ерусалим, десетте племиња би требало да се собираат на богослужение. {ПЦ 99.2}

Во текот на изведувањето на овој план, Јеровоам се досетил дека на Израелевата фантазија повеќе ќе влијае ако и даде видлива претстава која би симболизирала присуство на невидливиот Бог. Наредил да се направат две златни телиња и да се постават на олтари во места кои се одредени за служба. Јеровоам со оваа своја желба да го претстави Бога, ја престапил јасната Божја заповед: „Не прави за себе си идол... Немој да им се поклонуваш ниту да им служиш". (Излез 20:4,5). {ПЦ 100.1}

Јеровоам толку силно сакал десетте племиња да ги одвои од Ерусалим, што не ја увидел слабоста на својот план. Не го земал во предвид фактот дека со прикажувањето на Бога преку идоли ќе го изложи во голема опасност народот чии претци за време на своето долго робување во Египет биле идолопоклоници. Тој пред тоа живеел во Египет и можел да заклучи колкава лудост би била да се постави пред народот таква незнабожечка претстава. Но тој сакал по секоја цена да ги одврати северните племиња од годишните посети во Светиот Град и тоа го навело на непромислената изјава: „Премногу е за вас да одите во Ерусалим", рекол тој, „еве ги твоите богови, Израеле, кои те изведоа од земјата египетска". (1. Царевите 12:28). Така Израел бил наведен да се поклонува на златните ликови и да прифаќа туѓи облици на обожување. {ПЦ 100.2}

Царот се обидел некои Левити кои живееле во неговата држава да ги наговори да служат како свештеници во новоподигнатите светилишта во Ветил и Дан, но тоа не му тргнало од рака. Заради тоа бил приморан да постави свештеници „од народот" (Стих 31). Исплашени од помислата што им се приготвува, многу верници, а меѓу нив и голем број Левити, побегнаа во Ерусалим, каде богослуженијата можеле да се вршат според Божјите прописи. {ПЦ 101.1}

„Јеровоам востанови празник во осмиот месец на петнаесеттиот ден од месецот, сличен на оној празник, каков што имаше во Јудеја, и принесуваше жртви на жртвеникот: тоа го направи и во Ветил, жртвувајќи им на телињата, што ги направи; таму постави и свештеници на високите места што ги подигна". (Стих 32). {ПЦ 101.2}

Ова дрско противење на Бога и престапување на божествените одредби не можело да помине без укор. Токму кога се вршело обред и горело темјан при посветување на туѓиот олтар кој го подигнал во Ветил, се појавил еден Божји човек од Јудејското царство, пратен да го укори царот што се дрзнал да воведе нови облици на богослужение. „И пророкот повика кон жртвеникот..., велејќи: Жртвенику, жртвенику! Вака вели Господ: Ете, во Давидовиот дом ќе се роди син по име Јосија, тој ќе ги принесе врз тебе во жртва идолските свештеници, што кадат врз тебе и ќе изгори врз тебе човечки коски. {ПЦ 101.3}

И во оној ден тој покажа знак, велејќи: а, еве, знак, дека Господ го рекол тоа: овој жртвеник ќе се урне, и пепелта што е на него ќе се развее". И веднаш потоа „жртвеникот

се урна и пепелта од жртвеникот се развеа, според знакот, даден од Божјиот човек преку словото Господово" (1. Царевите 13:2,3,5). {ПЦ 101.4}

Кога го видел тоа, Јеровоам се исполнил со гнев кон Бога и се обидел да го замолчи оној кој ја објавил веста. Во гневот ја пружи раката од жртвеникот и рече: Фатете го!", {ПЦ 102.1}

Но неговата жестокост била брзо казнета: „Тогаш раката негова, што ја беше пружил кон него, се здрви и не можеше да ја тргне кон себе си". Вџашениот цар се обратил кон пророкот за тој да се заземе за него кон Бога. „Умилостиви го лицето на Господа, твојот Бог, и помоли се за мене, па да ми се поврати раката". (1. Царевите 13:4,6). {ПЦ 102.2}

Напразен бил трудот на Јеровоам посветувањето на туѓиот олтар да го претвори во свеченост: почитувањето кон тој олтар би довело до непочитување на правилното богослужение во Ерусалимскиот храм. Веста на пророкот требала да го наведе израелскиот цар да се покае и да се одрече од своите безбожнички намери кои би го одвратиле народот од вистинската служба за Бога. Но неговото срце закоравело и тој одлучил да продолжи по својот пат кој самиот го избрал. {ПЦ 102.3}

За време на свеченоста во Ветил, Израеловите срца сè уште не биле сосема закоравени. Мнозина сè уште биле под влијание на Светиот Дух. Господ имал намера оние кои тргнале во отпадништво да ги запре пред да биде доцна. Го пратил својот гласник да ја прекине идолопоклоничката свеченост и да му укаже на царот и народот какви ќе бидат последиците ако продолжи понатамошниот развој на тоа отпадништво. Распаѓањето на олтарот било знак на Божјото негодување заради гадостите кои се правеле во Израел. {ПЦ 102.4}

Господ сака да спасува, а не да уништува. Тој се радува на спасението на грешникот. „Животот ми мој, вели Господ Бог: Јас не ја сакам смртта на грешникот". (Езекиел 33:11). Тој ги опоменува и преколнува заталканите да престанат да чинат зло, да се обратат кон Него и да живеат. Тој на Своите избрани гласници им подарува света смелост, за оние што ќе ги слушнат да почувствуваат страв и да се покајат. Колку само одлучно Божјиот човек го укорил царот! Но тоа било неопходно, бидејќи злото на било кој друг начин не можело да се спречи. Господ му дал смелост на својот слуга така што неговите зборови оставиле траен впечаток на слушателите. Божјите гласници никогаш не треба да стравуваат пред човечко лице, туку мораат непоколебливо да застанат на страната на правдата. Сè додека се потпираат на Бога, не мора да се плашат затоа што тој кој им ја одредува должноста исто така им ветува и своја заштита. {ПЦ 105.1}

Откако ја објавил веста, пророкот сакал да се врати, кога Јеровоам му рече: „Дојди со мене дома да се поткрепиш: ќе ти дадам да јадеш и ќе ти дадам подарок". „Да ми дадеш и половина од домот свој", одговори пророкот, „нема да дојдам со тебе, нема да јадам леб и нема да пијам вода во тоа место зашто така ми е заповедано преку словото Господово: „Не јади таму леб, не пиј вода и не се враќај по патот, по кој си одел". (1. Царевите 13:7-9). {ПЦ 105.2}

За пророкот би било добро да останел во својата намера да се врати во земјата Јудејска без одложување. Враќајќи се дома по другиот пат, го сретнал постар човек кој лажно се претставувал до човекот Божји, велејќи му: „И јас сум таков пророк како тебе и ангелот ми говореше преку словото Господово и рече: врати го во домот свој: нека касне леб и нека пие вода". Тој постојано му ја повторувал оваа лага и го наметнувал својот повик сè додека Божјиот човек не го убедил да се врати. {ПЦ 106.1}

Бидејќи пророкот скршнал од патот на својата должност, Бог дозволил да биде казнет за својот престап. Додека пророкот и оној кој го повикал да се врати во Ветил заедно седеле на масата се излеал Светиот Дух на лажниот пророк „и тој изговори кон Божјиот човек, што беше дошол од Јудеја, и рече: Вака вели Господ: затоа што не се покори на устата Господова и не ја запази заповедта, што ти ја беше дал Господ Бог твој...телото твое нема да влезе во гробницата на татковците твои". (Стихови 18-22). {ПЦ 106.2}

Тоа пророштво набрзо се остварило доследно. „Откако јадеше леб и се напи вода, тој го оседла оселот за пророкот што го беше вратил. И пророкот си замина. На патот го сретна лав и го умртви. Телото му лежеше испружено на патот: Оселот пак стоеше до него, а лавот стоеше до телото. И ете, минувачите го видоа телото, испружено на патот ... и отидоа та раскажаа во градот, во кој живееше стариот пророк. Откако го чу тоа пророкот, што го беше вратил од патот, рече: тоа е оној човек Божји што не ја послуша устата Господова..". (Стихови 23-26). {ПЦ 106.3}

Казната што го снашла неверниот гласник претставувала уште еден доказ дека е вистинито пророштвото изречено над олтарот. Ако пророкот го продолжел безбедно својот пат, оглушувајќи се на речта Господова, царот би го искористил тој факт како оправдување за својата непослушност. Во урнатиот олтар, здрвената рака и страшната судбина на човекот кој се осудил да не ја послуша изричната заповед на Јехова, било потребно Јеровоам да обрне внимание како гневот на навредениот Бог брзо ги стигнува непослушните, а казните да ги разбере како опомена и да не прави нови зла. Но, далеку од тоа да се покае Јеровоам „продолжи да поставува идолски свештеници од народот: кого сакаше него го посветуваше, и тој стануваше идолски свештеник". Така не само што правеше и големи гревови, туку и „го наведе во грев Израелот", и „тоа го водеше и Јеровоамовиот дом во грев, кон пропаст и кон истребувањето негово од лицето на земјата". (Стихови 33,34; 14:16) {ПЦ 107.1}

Пред крајот на своето мачно владеење кое траело дваесет и две години, Јеровоам претрпел ужасен пораз во војната со Ровоамовиот наследник Авијон. "И Јеровоам веќе не се созеде во дните на Авија. Господ го порази, и тој умре". (2. Летописи 13:20). {ПЦ 107.2}

Отпадништвото кое започнало за време на Јеровоамовото владеење станувало сè повпечатливо додека конечно не дошло до потполна пропаст на Израеловото царство. Уште пред смртта на Јеровоам, Ахиј, стар пророк од Силом, кој многу години порано прорекол дека Јеровоам ќе дојде на престолот рекол: „И Господ ќе го порази Израелот, и тој ќе биде како трска, која се лула во водата, и ќе ги исфрли Израелците од оваа убава земја, што им ја даде на татковците нивни, и ќе ги расфрли зад реката, заради тоа што си направија ашери и го гневеа Господа: И ќе го изостави Господ Израелот поради гревовите на Јеровоама, што сам си ги направи, и со кој го наведе во грев Израелот". (1. Царевите 14:15,16). {ПЦ 107.3}

Меѓутоа, Господ не го напуштил Израел а претходно да не направи сè што може да се направи за да ги врати на патот на послушноста. Во текот на многуте мрачни години, додека царевите еден по друг смело му се противеле на небото и го воделе Израелот сè подлабоко во идолопоклонство, Бог на својот отпаднички народ постојано му праќал опомени. Тој преку своите пророци им давал можности да го сопрат бранот на отпадништво и да Му се вратат. Во годините кои му претходеле на распаѓањето на царството, живееле и работеле Илија и Елисеј: потоа во земјата се чуле нежните повици на Осија, Амос и Авдиј. Никогаш Израеловото царство не било без благородни сведоци

кои потсетувале на Божјата сила која спасува од грев. Некои дури и во најмрачните периоди останале верни на божествениот Владетел и помеѓу идолопоклонството живееле беспрекорен живот пред очите на светиот Бог. Тие верни луѓе се вбројувале во добриот остаток преку кои конечно ќе се исполни вечната цел на Јехова. {ПЦ 108.1}

ПОГЛАВЈЕ 8 - ОТПАДНИШТВОТО НА НАРОДОТ

Од смртта на Јеровоам па сè додека Илија не се појавил пред Ахав, израелскиот народ во духовен поглед постојано назадувал. Водени од луѓе кои не се боеле од Јехова и кои прифатиле туѓи облици на богослужение, мнозина заборавиле на должноста дека му служат на живиот Бог и попримале идолопоклонички обичаи. {ПЦ 109.1}

Синот на Јеровоам Надав, се наоѓал на израелскиот престол само неколку месеци. Неговото злобно царување било одненадеж прекинато со диверзија која ја сковал еден од неговите војсководци, Васа за да може потоа сам да завладее. Надав бил убиен заедно со сите свои роднини кои би можеле да го наследат, „по зборовите Господови, кои ги кажа преку слугата свој, Ахија Силомецот, за гревовите Јеровоамови кои ги чинел и со чии гревови го навел и Израел да греши". (1. Царевите 15:29,30) {ПЦ 109.2}

Така домот Јеровоамов пропаднал. Идолопоклонството кое го вовел тој навлекло казна од Небото за престапникот: а сепак подоцнежните владетели Васа, Ила, Зимриј и Амриј во период од околу четириесет години продолжувале по истиот кобен пат на зло. {ПЦ 109.3}

Скоро за целото време на отпад во Израел, во царството Јудино владеел Аса. Многу години „го вршеше она, што беше добро и угодно пред очите на својот Господ Бог: тој ги премавна жртвениците на туѓите богови и идолските светилишта, ги скрши статуите и ги исече ашерите: им заповеда на Јудејците да го бараат Господа, Бога на татковците нивни, да го исполнуваат законот Негов и заповедите: ги премавна од сите градови Јудини идолските светилишта и статуите на сонцето. и царството негово беше спокојно". (2. Летописи 14:2-5). {ПЦ 110.1}

Асовата вера била ставена на проба кога неговото царство го нападнал „Зарај, Етиопјанинот, со илјада илјади војска и триста коли, и стигна до Мариса". (Стих 9). Во таа неволја Аса не се потпрел на „тврдите градови во земјата Јудина", каде што сосидал „ѕидови и кули и порти и предворја". (Стихови 6-8), ниту на храбрите војници од својата грижливо обучена војска. Царот се потпрел на Господа над војските со чие име Израел чудесно се ослободувал во старо време. Поставувајќи ја својата војска во борбени редови, тој побарал помош од Бога. {ПЦ 110.2}

Противничките војски стоеле една кон друга. Тоа бил момент на проба и искушение за оние кои му служеле на Господа. Дали секој грев бил исповедан? Дали луѓето Јудејци верувале во потполност дека Бог ќе ги ослободи? Вакви мисли се нижеле во главите на војсководците. Гледано од човечка перспектива, изгледало дека огромната етиопска војска ќе уништи сè што и стои на пат. Но, Аса за време на мир не се оддавал на задоволства и забави, туку се подготвувал во случај на неволја. Неговата војска била подготвена за борба, а тој настојувал својот народ да го помири со Бога. И така, и покрај тоа што неговата војска била послаба од непријателската, неговата вера во Оној, во кого до тогаш се потпирала, не попуштила. {ПЦ 110.3}

Царот го барал Бога во време на благосостојба и со тоа во време на неволја можел да смета на Негова помош. Неговите молитви докажуваат дека не му била непозната чудесната Божја сила. Повика Аса кон Господа, својот Бог, и рече: „Господи, за тебе е ништо да му помогнеш на силниот или слабиот? Помогни ни нам, Господи, Боже, наш, зашто ние на Тебе се потпираме и во Твое име излеговме против ова множество. Господи, ти си наш Бог: нека човек не преовлада против Тебе", се молел тој. (Стих 11). {ПЦ 111.1}

Асовата молитва е таква што може да ја изговори секој верник. Ние учествуваме во војна која не се води против тело и крв, туку против началствата и силите, против духовните сили на злобата под небото. (Види Ефесјаните 6:12). Ние во животната борба мораме да им се спротивставиме со сите оние сили кои војуваат против правдата. Нашата надеж не е во човек, туку во живиот Бог. Мораме со својата сила и со својата вера да се надеваме дека Тој со Својата семоќ ќе се придружи на напорите на човечкото орудие кое се бори за слава на Неговото име. Облечени во оклопот на неговата праведност, можеме да се здобиеме со победа над секое непријателство. {ПЦ 111.2}

Верата на царот Аса била богато наградена. „И Господ ги порази етиопјаните пред Аса и пред Јуда, и Етиопјаните избегаа. Аса, пак, и народот со него ги гонеше до Гедор: Етиопјани толку паднаа, што ниеден не остана жив, зашто беа поразени пред Господа и пред Неговата војска. и собраа прилично голем плен". (2. Летописи 14:12,13). {ПЦ 111.3}

А кога победничката војска Јудина и Венијаминова се враќала од Ерусалим „Тогаш Духот Божји слезе врз Азарија, синот Ададов. Тој излезе да го пресретне Аса и сите Јудејци и Венијаминовци, и им рече: Послушајте ме, Аса и сите Јудејци и Венијаминовци: Господ е со вас, кога сте вие со Него: и ако Го барате, ќе го најдете: ако, пак, Го оставите, и Тој ќе ве остави. Но, држете се цврсто, и рацете ваши да не ослабнуваат, зашто ќе има награда за делата ваши". (2. Летописи 15:1,2,7). {ПЦ 112.1}

Охрабрен од овие зборови, Аса наскоро извршил уште една реформа во Јуда.„... ги премавна незнабожечките гнасотии од целата земја Јудејска и Венијаминова, и од градовите на Ефремовата гора, што ги беше презрел, го обнови и жртвеникот Господов, што беше пред Господовиот трем. {ПЦ 112.2}

Тогаш ги собра сите Јудејци и Венијаминци и преселените од Ефрема, Манасија и Симеона, кои живееја со нив: зашто многу Израелци преминаа кон него, откако видоа, дека Господ, неговиот Бог, е со него. И се собраа во Ерусалим во третиот месец на петнаесеттата година од царувањето на Аса. Во тој ден му принесоа жртва на Господа од пленот, што го донесоа: од крупниот добиток седумстотини и од ситниот седумдесет илјади. Склучија завет да Го бараат Господа, Бога на татковците свои, од сè срце и од сета душа". „И Го најдоа. Тогаш Господ им даде спокојство од сите страни". (Стихови 8-12,15). {ПЦ 112.3}

Во долгиот извештај за верната служба на Аса има и неколку темни места. Погрешил неколку пати, и тоа кога заборавил целосно да се потпре на Бога. Кога во една прилика царот Израелов влегол во Јудиното царство и ја зазел Рама, утврден град на пет милји од Ерусалим, Аса се обидел да се ослободи склопувајќи сојуз со сирскиот цар Вен - Адад. Пророкот Ананиј остро го осудил Аса што во тој тежок момент не се потпрел на Бога, и се појавил пред царот со пораката: {ПЦ 113.1}

„Бидејќи ти се потпре на сирскиот цар, а не си се надевал на Господа, Твојот Бог, затоа се спаси од рацете твои војската на сирскиот цар. Етиопците и Ливијците не беа ли со поголема сила и со многу повеќе коли и коњаници? Но штом ти се надеваше на

Господа, и Тој ги предаде во раката твоја, зашто очите Господови ја гледаат целата земја, за да им помагаат на оние, чие што срце наполно Му е предадено Нему. Ти сега постапи неразумно: затоа од сега ќе имаш војни". (2. Летописи 16:7-9). {ПЦ 113.2}

Наместо да се понизи пред Бога заради својата грешка, Аса „се разгневи на пророкот, и го фрли во темница, зашто се разгневи на него заради тоа што му го кажа. Во тоа време Аса угнети и некои од народот". (Стих 10). {ПЦ 113.3}

„Во триесет и деветтата година од царувањето свое Аса се разболе во нозете, и болеста негова се прошири до горните делови на телото: но во болеста своја не Го побара Господа, туку лекари". (Стих 12). Царот умрел во четириесет и првата година од своето владеење и го наследил неговиот син Јосафат. {ПЦ 113.4}

Две години по Асината смрт во Израелевото царство почнал да владее Ахав. Неговиот татко Амриј, основачот на Самарија, „чинеше што е зло пред Господа, и постапуваше полошо од сите свои претходници". (1. Царевите 16:25). Меѓутоа, Ахавовите гревови биле поголеми. Тој „правеше она што го лутеше Господа, Бога Израелев повеќе од сите израелски цареви што беа пред него", чинејќи „како да му не беше доволно што западна во гревовите на Наватовиот син Јеровоама". (Стихови 33,31) Не се задоволил само со тоа да наметне облици на верска служба какви што постоеле во Ветил и Дан, туку дрско го повел народот во најголемо безбожништво, отфрлајќи го обожувањето на Јехова заради служба на Ваал. {ПЦ 114.1}

Бидејќи се оженил за „Језавела, ќерката на сидонскиот цар Етвал", и Вааловиот првосвештеник, Ахав „му служеше на Ваал и го обожуваше. И тој му подигна жртвеник за Ваал во Вааловиот храм, што го беше изградил во Самарија". (Стихови 31,32) {ПЦ 114.2}

Не само што Ахав вовел служба на Ваал во престолнината туку и под влијание на Језавела подигнал незнабожечки олтари на многу „високи места" каде под засолниште на околните шумички свештениците и останатите кои ги празнувале заводливите облици на идолопоклонство, го шириле своето злокобно влијание, додека сиот Израел не пошол по Ваал. „Уште немало таков како Ахава, што се оддава да го врши она што е неугодно пред очите на Господа, за кое го советуваше жена му Језавела: тој постапуваше многу гнасно, следејќи ги идолите, како што правеа Аморејците, кои Господ ги изгони од пред лицето на Израеловите синови". (1. Царевите 21:25,26). {ПЦ 114.3}

Ахав не поседувал морална сила. Неговата брачна врска со жена која била идолопоклоник, одлучна и со силна волја, му донела неволја и нему и на самиот народ. Бидејќи бил човек без цврсти начела и високи морални мерила, тој лесно потпаднал под влијание на енергичната Језавела. Бил себичен и со тоа не бил во состојба да ја цени милоста која Бог му ја укажал на Израел, а ни својата должност како чувар и водач на избраниот народ. {ПЦ 115.1}

Ахавовото владеење многу лошо влијаело врз Израел кој се одвоил од живиот Бог и тргнал по погрешен пат. Луѓето со текот на годините сè повеќе го губеле стравопочитувањето кон Бога и веќе изгледало дека никој не се осмелувал јавно да го жигоса нивниот начин на живот, спротивставувајќи се на богохулењето кое сè повеќе земало замав. Темната сенка на отпадништво ја прекривала целата земја. Насекаде можело да се видат кипови од Ваала и Астарта. Идолопоклоничките храмови се множеле и посветените шумички каде што луѓето ги обожавале делата на раце човечки. Воздухот бил затруен со димот од жртвите кои се принесувале на лажните богови.

Бреговите и долините одекнувале од пијани гласови на незнабожечките свештеници кои принесувале жртви на сонцето, месечината и ѕвездите. {ПЦ 115.2}

Језавела и нејзините безбожнички свештеници го учеле народот дека подигнатите идоли се божества и кои со своите мистични сили владеат со елементите земјата, огнот и водата. Сите благодети од небото потоците кои жуборат, реките со жива вода, благата роса, дождот кој ја натопува земјата и полињата за да донесат богат род биле припишувани на Ваал и Астарта, а не на Оној кој ги дава сите добри и совршени дарови. Народот заборавил дека ридовите, долините и изворите се во рацете на живиот Бог, дека Тој владее со сонцето, облаците небесни и силите во природата. {ПЦ 115.3}

Господ преку верните гласници повеќе пати ги предупредувал безбожниот цар и народот, но сите зборови на укор биле залудни. Залудно Божјите гласници го потврдувале правото Господово да биде единствен Бог во Израел, залудно ги истакнувале законите кои Тој им ги доверил. Опкружени со величествени и фасцинантни обреди на идолопоклониците, народот се повел по примерот на царот и неговиот двор и се оддал на пијанство и унижувачките задоволувања на страственото обожување. Во својата заслепеност и лудило луѓето го отфрлиле Бога и престанале да Му служат. Светлината која толку милостиво им била дадена се претворила во темнина. Златото го изгубило својот сјај. {ПЦ 116.1}

Како исчезнала славата Израелева! Никогаш порано избраниот народ не паднал толку длабоко во своето отпадништво. Имало „четиристотини и педесет Ваалови пророци и четири стотини пророци од ашерите". (1. Царевите 18:19). И само чудотворната Божја сила можела да го спаси народот од потполно уништување. Израел своеволно се одвоил од Господа, но Господ во својата милост сепак сакал да ги спаси оние кои паднале во грев, и одлучил да им прати еден од своите најсилни пророци преку кој мнозина ќе се вратат кон Богот на своите татковци. {ПЦ 116.2}

ПОГЛАВЈЕ 9 - ИЛИЈА ТЕСВИЌАНЕЦОТ

Ова поглавје се базира на 1. Царевите 17:1-7.

Источно од Јордан, во Галатските планини, во времето на Ахав живеел еден човек од вера и молитва, кој со својата бестрашна мисија требал да го спречи брзото ширење на отпадништво во Израел. И покрај тоа што живеел далеку од сите познати градови и не заземал никаква висока положба, Илија Тесвиќанецот се посветил во својата служба со верба дека Бог ќе го израмни патот пред него и дека ќе му подари многу успех. Од неговите усни се слушнале зборови на вера и сила, и тој целиот свој живот го посветил на делот на реформата. Тој бил силен глас во пустината, кој го осудувал гревот и не му дозволувал на злото да поплавува. Излегол пред народот како оној кој го укорува гревот, но во ист момент неговата вест била мелем од Галад за душите кои боледувале од гревот и за сите оние кои што сакале да се исцелат. {ПЦ 119.1}

Гледајќи како Израел сè подлабоко запаѓа во идолопоклонство, Илија чувствувал како душата му се исполнува со тага и гнев. Бог направил големи дела за својот народ. Тој ги ослободил од ропство и „и им даде незнабожечки земји, и така наследија плодови од други народи, за да ги чуваат наредбите Негови и да ги исполнуваат законите Негови". (Псалм 105:44,45). Но луѓето речиси заборавиле на Божјите благодети. Неверството брзо го одвоило избраниот народ од Изворот на неговата сила.

Илија бил целиот обземен од болка посматрајќи го од своите планини отпадништвото на народот. Во душевна болка викал кон Господа да не дозволи Неговиот избран народ и понатаму да оди по лошите патишта, да го казни, ако е тоа потребно, за да стане свесен дека се одвоил од Небото. Копнеел да го види народот во покајание пред уште повеќе да потоне во зло и да го предизвика Господа целосно да ги уништи. {ПЦ 119.2}

Бог ја услишил молитвата на Илија. Многуте опомени, повици и укори не го навеле Израел да се покае. Дошол момент кога Бог морал да проговори со суд. Над осквернетата земја лежело тешко Божјо проклетство, затоа што Вааловите свештеници тврделе дека небесните дарови, росата и дождот, не доаѓаат од Господа туку од природните сили и дека земјата ги добива своите благодети благодарејќи на грижата на енергијата од сонцето и така донесува обилен род. Требало да им се покаже на отпадничките Израелови племиња колкава лудост е да се очекува дека земските благодети доаѓаат од Вааловите сили. Земјата нема да добие ниту роса ниту дожд сè додека не се покајат, сè додека не се вратат кај Бога и признаат дека Тој е изворот на сите благослови. {ПЦ 120.1}

Илија добил задача да му ја пренесе оваа вест за небесниот суд на Ахав. Тој не се препирал да биде Господов гласник: сам Господ му ја упатил својата реч. Како ревносен слуга на славата Божја, не се поколебал да се покори на божествениот повик, и покрај тоа што ова значело да се изложи себе си на уништување од страна на безбожничкиот цар. Пророкот веднаш тргнал на пат и одел дење и ноќе сè додека не стигнал во Самарија. Кога дошол во дворот, не ги молел да го примат ниту чекал да го најават. Облечен во груба облека од кострет, какви што пророците обично носеле во тоа време, поминал покрај стражата, наизглед незабележан и набрзо се нашол пред царот. {ПЦ 120.2}

Илија не се извинувал што така непријавено излегол пред царот. Оној кој е поголем од Израеловиот цар му наложил да зборува. Подигајќи ја својата рака кон небото, свечено објавил заколнувајќи се во живиот Бог, дека казна од Семожниот ќе падне врз Израелот. „Така жив да е Господ Бог израилев пред кого стојам, овие години нема да има ни роса ниту дожд ќе има додека не речам јас”. (1. Царевите 17:1) {ПЦ 121.1}

Само силна вера во непогрешливата Божја реч можела да му даде на Илија сила да ја пренесе оваа вест. Да немал неограничена доверба во Оној на кој Му служел, тој никогаш не би излегол пред Ахав. Патувајќи низ Самарија, Илија поминувал низ бујни реки, брегови покриени со зеленило и прекрасни шуми кои изгледале како никогаш да нема да подлегнат на суша. На сè на што ќе се запрел неговиот поглед било облечено во убавина. Пророкот можел да се запраша како воопшто можат да пресушат овие реки кои течат од исконско време, или како може сушата да ги испече овие брегови и долини. Но тој не му давал место на сомнежот. Потполно верувал дека Бог ќе го понизи отпадничкиот Израел и дека со своите казни ќе го натера на покајание. Паднала одлука од небото и Божјата реч морала да се изврши. Илија бестрашно се изложил на животна опасност за да ја изврши оваа мисија. Веста за казната која доаѓа, го поразила царот како гром од ведро небо: меѓутоа, пред Ахав и да си дојде на себеси, пред да помисли било што да одговори Илија исчезнал онака како и што се појавил, не чекајќи да види како неговата вест ќе влијае врз царот. А Господ одел пред него рамнејќи му го патот. „Обрни се кон исток” му било наредено на пророкот, „и сокриј се при потокот Хорат, кој е спроти Јордан: од тој поток ќе пиеш, а на гавраните сум им заповедал да те хранат таму”. (1. Царевите 17:3,4) {ПЦ 121.2}

Царот упорно се распрашувал за пророкот, но не можел да го пронајде. Разјарена од пораката која ги ускратила небесните благодети на земјата, царицата Језавела непрестано се советувала со Ваалovите свештеници, кои заедно со неа го проколнувале пророкот и се противеле на Божјиот гнев. Но покрај сите нивни желби да го најдат оној кој им ја донел таа вест за несреќа, им било пресудено во тоа да доживеат разочарување. Ниту пак можеле да ја сокријат од останатите казната изречена за отпадништво. Гласот дека Илија ги осудил Израеловите гревови и пророштвото дека казната наскоро ќе дојде, брзо се раширile по целата земја. Кај некои предзивикало стравување, но генерално земено, небесната вест била примена со потсмев и исмејување. {ПЦ 123.1}

Пророковите зборови брзо се исполниле. Оние кои во почетокот биле склони да се потсмеваат за споменатата несреќа, набрзо имале причина сериозно да се замислат. Земјата, неосвежена од росата и дождот, брзо се исушила и по неколку месеци растенијата се исушиле. Со текот на времето почнале да опаѓаат и реките кои од секогаш течеле, а потоците да пресушуваат. Водачите и понатаму го повикувале народот да има верба во Ваал, а пророштвото Илиево да го отфрлат како празни зборови. Свештениците сè уште тврделе дека дождовите паѓаат благодарејќи на Ваалovите сили. „Не плашете се од Илиевиот Бог, не тресете се од неговите зборови", зборувале, „Ваал донесува жетва кога и е време и се грижи за луѓето и животните". {ПЦ 123.2}

Божјата вест упатена кон Ахав и дала можност на Језавела и нејзините свештеници, како и на сите следбеници на Ваал и Астарта да ја проверат силата на своите богови, и доколку е тоа можно, да ја докажат неточноста на Илиевите зборови. Илиевото пророштво стоело осамено наспроти ветувањата на стотина идолопоклонички свештеници. Ако Ваал, и покрај сите пророчки тврдења, направи реките и понатаму да течат а растенијата да цветаат, тогаш царот Израелов нека му служи на Ваал, а народот нека каже дека тој е бог. {ПЦ 124.1}

Решени народот да го задржат во заблуда, Ваалovите свештеници продолжиле да принесуваат жртви на своите богови молејќи ги дење и ноќе да ја освежат земјата. Свештениците се труделе со помош на скапи подароци да го смират гневот на своите богови. Со ревност и истрајност кои би биле повредни да ги посветат кон повозвишена цел, тие се движеле околу своите незнабожечки олтари и искрено се молеле за дожд. По цели ноќи одекнувале нивните повици и преколнувања по целата земја. Но облаци не се појавувале прекуден да ја скријат вжарената светлина од сонцето. Ниту роса ниту дожд не ја освежувале земјата. Сето она што Ваалovите свештеници го правеле, не можело да ја измени речта на Јехова. {ПЦ 124.2}

Поминало една година, а дожд немало. Земјата изгледала како спржена од оган. Вжештената топлина од сонцето ги уништила и оние малку растенија што останале. Реките пресушиле. Говедата рикале, овците блееле во стадата лутајќи по несреќната земја. Некогаш цветните полиња се претвориле во вжарени песочни пустини очајна пустош. Паднале лисјата во шумичките посветени на идоли: се разголеле шумските дрвја, наликувале на костури, не давале никаква сенка. Воздухот станал сув и задушлив: песочни луњи ги заслепувале очите и го оневозможувале дишењето. Некогаш напредните градови и села се претвориле во места на јад. Гладта и жедта предизвикувале голема смртност меѓу луѓето и животните. Сè повеќе се приближувала потполна глад со сите свои стравотии. {ПЦ 124.3}

Но и покрај тие докази на Божјата сила, Израел не се кael, ниту ја примил поуката која Бог сакал да му ја даде. Тие не согледувале дека Оној кој ја создал природата, управува со нејзините закони да ги употреби како оружје на благослов или уништување. Возгордеаните срца, занесени од нивното лажно богослужение, не сакале да се понизат пред моќната Божја рака, туку почнале да бараат некои други причини кои ќе ги припишат за своите страдања. {ПЦ 125.1}

Језавела воопшто не сакала да признае дека сушата е казна од Јехова. Непопустлива во својата решеност да му пркоси на небесниот Бог, таа скоро со целиот Израел го обвинувала Илија дека тој е причината за целата нивна беда. Зарем тој не сведочел против нивниот облик на богослужение? Кога би можел Илија да се тргне од патот говорела Језавела гневот на нивните богови би се стишал и на нивните маки би им дошол крај. {ПЦ 126.1}

На заповед на царицата Ахав почнал внимателно да трага по пророковото засолниште. Пратил во соседните земји гласници да го бараат човекот кого го мразел, но и од кого се плашел. Настојувајќи трагањето да биде што потемелно спроведено, барал од тие цареви и земји да положат заклетва дека навистина не знаат каде се наоѓа пророкот. Но барањето било залудно. На пророкот не можела да му наштети лукавоста на царот чии гревови го навлекле гневот на навреденият Бог на земјата. {ПЦ 126.2}

Претрпувајќи неуспех во борбата против Илија, Језавела одлучила да се одмазди така што ќе ги убие сите Јеховини пророци во Израел. Ниеден не смеело да остане жив. Оваа разјарена жена ја остварила својата цел извршувајќи колеж на многу Божји слуги. Но сепак, не биле сите убиени. Авдија, управителот на Ахавовиот двор, но верен на Бога, зел „сто пророци" и, изложувајќи го во опасност својот живот, „ги сокри, по педесет во една пештера, и ги хранеше со леб и вода". (1. Царевите 18:4). {ПЦ 126.3}

Поминала и втората година со глад, а на немилосрдното небо сè уште не се појавиле знаци на дожд. Сушата и гладта сè уште ровареле по царството. Немоќни да ги ублажат страдањата на своите деца, мајките и татковците гледале како децата им умираат. А отпадничкиот Израел сè уште не сакал да го понизи своето срце пред Бога: и понатаму роптал против човекот чии зборови ги навлекле врз нив тие ужасни казни. Во своите страдања и неволји тие не препознале повик на покајување божествено посредување чија цел било да ги спречи да не направат кобен чекор преку границите на небесното простување. {ПЦ 127.1}

Отпадништвото на Израел било поужасно зло од сите стравови на глад. Бог сакал да го ослободи народот од заблудите, да го наведе да разбере дека е одговорен на Оној кој му го должи животот и сето останато. Се обидел да им помогне да ја вратат својата изгубена вера и бил принуден да ги изложи на големи страдања. {ПЦ 127.2}

„Зар ми е мене угодно грешникот да умре? говори Господ Бог. Напротив, Јас сакам тој да се одврати од патиштата свои и да биде жив". „Отфрлете ги од себе сите свои гревови, со кои сте згрешиле, и направете си ново срце и нов дух: и зошто да умирате доме Израелов? Оти, Јас не ја сакам смртта на оној што умира, вели Господ Бог: затоа обратете се и живејте!" „Обратете се, обратете се од своите лоши патишта; зошто да умирате доме Израелов?" (Езекиел 18:23,31,32; 33:11) {ПЦ 127.3}

Бог на Израел му праќал гласници со повик да се вратат на патот на верноста. Да го послушале тој повик, би се одвоиле од Ваал и би му се вратиле на живиот Бог, и Илиевата казна никогаш не би била објавена. Меѓутоа, предупредувањата кои можеле да бидат мирис животен за живот станале мирис на смртта за смрт. Нивната гордост била повредена, гнев се подигнал против гласникот и сега страшно го мразеле пророкот

Илија. Само да падне во нивните раце, со задоволство би и го предале на Језавела: како да кога би го замолкнале неговиот глас ќе го спречат исполнувањето на неговите зборови! И покрај сите несреќи, тие цврсто се држеле до идолопоклонството. Така само ја зголемувале својата вина заради која и казната небесна се излеала на земјата. {ПЦ 127.4}

За унесреќениот Израел постоел само еден излез да се одрече од гревот заради кој на него се спуштила гневната рака на Семожниот, и да му пријде на Господа со целото свое срце. На нив им било дадено ветување: „Ако го заклучам небото и да нема дожд, ако им заповедам на скакулците да ја испасат земјата, или да испратам помор врз Мојот народ, и Мојот народ, кој се именува со Моето име, се понизи, почне да се моли, да го бара лицето Мое и се одврати од своите лоши патишта, Јас ќе чујам од небото, ќе му ги простам гревовите негови и ќе ја излекувам земјата негова". (2. Летописи 7:13,14). Бог продолжил да им ја ускратува росата и дождот сè додека не се изврши одлучна преобразба, за да може подоцна да им ги подари ветените благослови. {ПЦ 128.1}

ПОГЛАВЈЕ 10 - ГЛАС НА ОСТАР УКОР

Ова поглавје се базира на 1. Царевите 17:8-24; 18:1-19.

Илија извесно време се криел во планините кај потокот Хорат. Таму неколку месеци на чудесен начин добивал храна. А потоа, кога потокот од континуираната жега пресушил, Бог му наредил на својот слуга да се засолни во незнабожечка земја. „Стани", му заповедал Тој, „оди во Сарепта Сидонска, и седи таму: еве и заповедав на една жена вдовица да те храни". (1. Царевите 17:8,9). {ПЦ 129.1}

Оваа жена не била Израелка. Никогаш не ги имала оние предности и благослови кои ги уживал избраниот народ Божји, но верувала во вистинскиот Бог и одела во светлината која ја осветлувала нејзината патека. И сега, бидејќи за Илија не било повеќе сигурно во Израел, Бог го пратил кај таа жена и во нејзиниот дом да најде засолниште. {ПЦ 129.2}

„И стана тој, па отиде во Сарепта. Кога дојде при градските порти, ете, таму една вдовица жена собира дрва. Тој и се обрати и ѝ рече: Донеси ми малку вода во сад да пијам! Таа отиде, за да земе, а тој повика по неа и рече: Донеси ми в раце и парче леб! (1. Царевите 17:10-13). {ПЦ 129.3}

Оваа сиромашна куќа тешко ја притискал глад затоа што недостасувале и оние најскромни залихи. Илиевото доаѓање токму оној ден кога вдовицата мислела дека нема да може да опстојува понатаму, претставувало најголема проба за нејзината вера во моќта на живиот Бог дека ќе и подари насушен леб. Но, и покрај тоа што се наоѓала во крајна неволја, таа посведочила со својата вера со тоа што ја исполнила потребата на еден странец, кој барал со него да го подели последниот залак. {ПЦ 130.1}

Одговарајќи на барањето Илиево да му донесе леб и вода, вдовицата рече: „Таа му одговори: Живиот ми Господ, твојот Бог, немам ништо печено, туку имам само грст брашно во ноќвите и малку масло во масларникот: и, ете, јас ќе соберам две-три дрвца, ќе отидам и ќе го приготвам тоа за себеси и за синот свој: ќе го изедеме тоа и ќе умреме". А Илија и рече: „Не плаши се: оди и направи го она што го рече: но најнапред направи од тоа мала пресна питка за мене и донеси ми: а за себеси и за синот свој ќе направиш после: зашто вака вели Господ, Бог Израелов: брашното во ноќвите нема да

сврши, и маслото во масларникот, нема да се намали до оној ден, во кој Господ ќе даде дожд на земјата". (Стихови 12-14) {ПЦ 130.2}

Не може да се замисли поголемо испитување на верата од ова. Вдовицата и до тогаш била љубезна и дарежлива кон сите странци. А сега без разлика на страдањата кои би можеле да произлезат за неа и за нејзиниот син, надевајќи се на Бога, ја прифатила оваа најголема проба. „Таа отиде и направи како што и рече Илија". {ПЦ 130.3}

Чудесно гостопримство му укажала на Божјиот пророк оваа Фениќанка и чудесно биле наградени нејзината вера и големодушност. „Таа отиде и направи така, како што и рече Илија и таа се хранеше, и тој и синот нејзин извесно време. Брашното во ноќвите не се свршуваше, и маслото во масларникот не се намалуваше, според словото на Господа, што Тој го изрече преку Илија". {ПЦ 131.1}

„Потоа се разболе синот на таа жена, на домаќинката, и болеста негова беше толку силна, што тој не можеше да дише. Тогаш таа му рече на Илија: Што имаш ти со мене, човеку Божји? Си дошол да ми ги наспомниш моите гревови и да го умреш синот мој. {ПЦ 131.2}

А тој и одговори: Дај ми го синот твој. И го зеде од рацете нејзини, го однесе во горната соба, каде што живееше, и го положи на леглото свое...и откако се спружи трипати над момчето, извика кон Господа... И Господ го чу гласот на Илија, та му ја врати душата на момчето во него, и тоа оживе. {ПЦ 131.3}

Илија го зеде момчето, го симна од горната соба во домот, и го предаде на мајка му и рече: Еве, синот твој е жив! Тогаш жената му рече на Илија: Сега навистина дознав, дека ти си Божји човек, и дека словото Господово во твојата уста е вистинито".(Стихови 15-24) {ПЦ 131.4}

Вдовицата од Сарепта ја поделила со Илија последната корка леб и со тоа Бог го сочувал нејзиниот и животот на нејзиниот син. Бог ветил големи благослови и на сите оние кои во време на искушенија и немаштија ќе им укажуваат љубов и помош на оние кои се во поголема неволја од нив. Тој не се променил. Неговата сила денес не е ништо помала отколку во времето на Илија. Исто така верно е ветувањето Спасителот што го изговорил во негово време: „Кој прима пророк во пророчко име, ќе добие пророчка награда". (Матеј 10:41) {ПЦ 131.5}

„Гостољубивоста не заборавајте ја, бидејќи преку неа некои, и не знаејќи, им укажаа гостопримство на ангели". (Евреите 13:2) Времето не ја намалило силата на овие зборови. Нашиот небесен Отец сè уште прави на животната патека на Неговите деца да се јавуваат можности кои се прекриени со благодети, и голема радост ќе доживеат оние кои ќе ги искористат правилно. „И Господ секогаш ќе ти биде водач, а и во време на суша ќе ја наситува душата твоја и ќе ги крепи коските твои, ти ќе бидеш како градина напоена со вода и како извор, чии води никогаш не пресушуваат". (Исаија 58:10,11) {ПЦ 132.1}

Христос и денес им вели на своите верни слуги: „Кој ве прима, Мене ме прима, а кој ме прима Мене, го прима Оној кој ме пратил". Ниедно добро дело направено во Негово име нема да остане непризнато и ненаградено. Христос ги вклучува овде и оние најслабите и најмали од Божјото семејство. „И ако некој напои само со чаша студена вода еден од овие најмали, вистина ви велам, платата нема да му пропадне". (Матеј 10: 42,40) {ПЦ 132.2}

Низ многуте години на суша и глад Илија искрено се молел срцето на Израел да се одвои од идолопоклонство и да се обрати кон Бога. Пророкот трпеливо чекал, додека

раката Господова тешко ја притискала унесреќената земја. Гледајќи како страдањата и немаштијата навалуваат од сите страни, срцето му се кинело од тага: копнеел да има моќ со која брзо би извршил реформација. Меѓутоа, самиот Бог го спроведувал својот план а Неговиот слуга можел само да се моли со вера, чекајќи да дојде времето за одлучна акција. {ПЦ 133.1}

Отпадништвото кое преовладувало во Ахавово време било последица на долгогодишно зло. Од година во година, Израел чекор по чекор сè повеќе се оддалечувал од вистинскиот пат. Многу поколенија одбивале да го израмнат патот, и најпосле најголемиот дел од народот потклекнал пред силите на темнината. {ПЦ 133.2}

Поминало едно столетие откако Израел, под власта на цар Давид, сложно и радосно пеел химни на благодарност кон Севишниот, признавајќи ја својата целосна зависност од Него за секојдневните милости. Да ги слушнеме нивните зборови на благодарност кои тогаш ги пееле: {ПЦ 133.3}

„О Боже, спасение наше...
ги полниш со радост утрата и вечерите.
Ти ја посетуваш земјата, и ја напојуваш,
ја збогатуваш со реката Божја, која е полна со вода:
Ти обезбедуваш жито, бидејќи така си ја устроил.
Ги напојуваш браздите нејзини обилно,
Ти чиниш дождот да се симне во грутките нејзини:
Со дождовни капки ја размекнуваш,
и и ги благословуваш посевите.
Ја овенчуваш годината со Твојата добрина
плодност никнува зад Твоите стапалки.
Се појавуваат пасишта по пустините:
и ритчињата се исполнуваат со радост.
Ливадите се китат со стада,
а долините се покриваат со жито;
воскликнуваат и пеат". (Псалм 65:5,8-13) {ПЦ 133.4}

Израел тогаш признавал дека Бог ја утврдил „земјата на темели". Изразувајќи ја својата вера, тие пееле: {ПЦ 134.1}

„Ја покрил со бездна како со облека,
водите стоеја над планините.
Од твојата закана тие бегаат;
од гласот на Твојот гром се стресоа.
Се издигаат горите, се спуштаат долините,
на местата што си им ги определил.
Си поставил граница преку која нема да преминат,
за да враќајќи се, не ја покријат земјата".
(Псалм 104:5-9) {ПЦ 134.2}

Само силата на Семожниот може да ги скроти природните стихии на земјата, морињата и небесата. И Тој тие стихии ги употребува за добро на своите созданија. Тој

ја отвора „добрата ризница своја” за да дава дарежливо „дожд... на време и да го благослови секое дело... на човечките раце”. (Второзаконие 28:12) {ПЦ 134.3}

„Си ги управил изворите во долините:
кои течат меѓу горите,
Тие ги напојуваат сите полски ѕверови:
дивите осли ја гаснат жедта своја.
При нив живеат птиците небесни,
и пеат меѓу гранките...
Ти правиш да расте трева за добитокот,
и растенија за потребите на човекот:
за да вади леб од земјата; и вино што го весели срцето на човекот,
и елејот од кој блеска лицето негово,
и лебот што го закрепнува срцето на човекот..”.
„Колку се многубројни делата Твои, Господи!
Сè си направил со мудрост:
земјата е полна со Твои созданија.
Така и ова големо и пространо море,
таму се движат безброј лазачи,
мали и големи животни...
Сите тие од Тебе чекаат;
да им дадеш храна на време. {ПЦ 135.1}
Ако им даваш тогаш собираат,
ја отвораш раката Своја,
се наситуваат со блага”. (Псалм 104:10-15,24-28) {ПЦ 135.2}

Израел имал обилни причини да се радува. Во земјата во која Господ ги довел течеле мед и млеко. За време на патувањето низ пустината Бог им говорел дека ги води во земја во која никогаш нема да има суша. Тој им рекол: „Земјата во која одиш да ја наследиш не е како земјата Египетска од која излеговте, каде што го сееше своето семе, ја напојуваше со нозете свои, како зеленчукова градина. Земјата, пак, во која одите, за да ја наследите, е земја со ридови и долини, и се напојува со вода од небесниот дожд земја, за која Господ, твојот Бог, се грижи: очите на Господа, твојот Бог, непрестано се врз неа, од почетокот до крајот на годината. {ПЦ 135.3}

Ветувањето за изобилие на дожд било дадено под услов на послушност. „И ќе се случи”, објавил Господ: „ако ги слушате заповедите Мои, кои ви ги давам денес, ако Го сакаш Господа, твојот Бог, и Му служиш од сето срце твое и од сета душа твоја, Тој ќе и даде на земјата твоја дожд навреме, ран и доцен, и ти ќе го собираш житото свое, виното свое и маслото свое: и ќе му даде трева на полето твое за твојот добиток, и ти ќе јадеш и ќе бидеш сит. {ПЦ 135.4}

„Но внимавај”, ги предупредил Бог: „да не биде заведено срцето ваше, па да пристапите и да им служите на други богови и да им се клањате: зашто тогаш ќе се разгори гневот на Господа врз вас, и Тој ќе го затвори небото: и нема да има дожд, и земјата нема да го даде својот плод, и вие брзо ќе исчезнете од добрата земја, која Господ ви ја дава”. {ПЦ 136.2}

„Ако, пак, не го слушаш гласот на Господа, твојот Бог, и не ги пазиш и не ги исполнуваш сите Негови заповеди и наредби”, биле предупредени Израелците,

„небото над твојата глава ќе стане бакар, а земјата под тебе железо: наместо дожд Господ ќе и даде на земјата пепел, и земја од небото ќе паѓа, ќе паѓа врз тебе, додека нè те истошти, додека нè те истреби". (Второзаконие 11:10-17). {ПЦ 136.2}

Ова биле едни од мудрите Јеховини совети кон стариот Израел. „Сложете ги овие зборови во срцата ваши и во душите ваши и врзете ги како знак за себеси на раката, и нека ви бидат како врзулка меѓу очите", му заповедал Тој на својот избран народ. „и учете ги синовите ваши зборувајќи за нив кога седиш дома во куќата своја и кога одиш на пат, и кога лежиш и кога стануваш". (Второзаконие 11:18,19) Овие заповеди биле потполно јасни. Меѓутоа, столетијата поминувале а поколенијата едно по друго ги губеле од вид одредбите кои биле дадени заради нивно добро, така што уништувачкото влијание од отпадништвото се заканувало да ги уништи сите бариери на божествената благодат. {ПЦ 136.3}

Во контекст на ова Бог го изложил народот на најстроги казни. Пророштвото на Илија децидно се исполнувало. Три години гласникот на несреќата бил баран по сите градови и народи. На Ахавово барање многу владетели дале заклетва дека зборуваат вистина и дека чудниот пророк не се наоѓа во нивната земја. Потрагата продолжила и понатаму, затоа што Језавела и Вааловите пророци смртно го мразеле Илија и не го жалеле трудот да дојдат до него. А и дожд воопшто не паѓал. {ПЦ 137.1}

Најпосле „по многу време", речта Господова дошла до Илија: „Оди покажи му се на Ахав, и ќе пуштам дожд на земјата". {ПЦ 137.2}

Покорувајќи се на оваа заповед, „отиде Илија да му се покаже на Ахав". Речиси во исто време кога пророкот тргнал на пат кон Самарија, Ахав му наредил на управителот на дворот, Авдиј, да побара извори и потоци, надевајќи се дека ќе најде пасишта за изгладнетите овци и говеда. Дури и во царскиот двор се чувствувале последиците на долготрајната суша. Длабоко загрижен за судбината на својот имот, царот се здружил со својот слуга како некако би пронашле пасиште за стоката. „И се поделија на разни страни каде ќе одат: Ахав отиде по еден пат сам а Авдија отиде по друг пат сам". {ПЦ 137.3}

„А кога Авдија беше сам на патот, го сретна Илија: и тој го позна, и падна ничкум, и рече: Ти ли си господару мој Илија?" {ПЦ 138.1}

Авдија останал верен за време на отпадништвото Израелово. Неговиот господар, царот, не можел да го натера да се одрече од својата верност кон Бога. Илија сега му укажал чест доверувајќи му посебна мисија. Тој му рекол: „Јас сум, оди, кажи му на господарот свој: еве го Илија". {ПЦ 138.2}

Авдија извика во голем страв: „Што сум згрешил та слугата свој да го предадеш во рацете на Ахав да ме погуби ?" Тој знаел дека ако однесе таква вест, значи да се оди во сигурна смрт. „Така жив да е Господ Бог твој", му објаснил тој на пророкот „нема народ ниту царство каде што не пратил господарот мој да те бараат: и рекоа го нема. А тој го заколна народот и царството да не можат да те најдат. А ти сега велиш: оди, кажи му на господарот свој: еве го Илија. А кога јас ќе заминам од тебе, духот Господов ќе те однесе, а јас нема да знам каде: па кога отидам и му јавам на Ахав, а тој не те најде, ќе ме убие". {ПЦ 138.3}

Авдија срдечно го молел пророкот да не го праќа. „Слугата твој", ургирал тој: „се бои од Господа уште од младоста своја. Не е ли кажано на господарот мој што направив кога Језавела ги убиваше пророците Господови? Како сокрив стотина пророци Господови, по педесет во една пештера и им давав леб и вода. А ти сега велиш: оди, кажи му на господарот свој: еве го Илија и тој ќе ме убие". {ПЦ 138.4}

Илија срдечно се заколнал и му ветил на Авдија дека пораката нема да биде залудна. „Така жив да е Господ над војските, пред кого стојам”, објавил тој: „денес сигурно ќе му се покажам”. Бидејќи го добил тоа ветување, „отиде Авдија пред Ахав и му кажа”. {ПЦ 139.1}

Царот со чудење и со страв ја сослушал пораката на човекот од кого се плашел, кого го мразел и по кого така неуморно трагал. Знаел многу добро дека Илија нема да го ризикува својот живот само за да излезе пред него. Нема ли можеби пророкот да изрече уште некоја тешка казна над Израел? Срцето на царот затреперило од ужас. Се сетил на исушената рака на Јеровоам. Ахав не можел да се отповика на поканата, и не се осудувал да подигне рака врз Божјиот гласник. И така треперејќи царот тргнал во пресрет на пророкот, следен од својата телесна стража. {ПЦ 139.2}

Најпосле царот и пророкот се сретнаа лице в лице. И покрај тоа што бил исполнет со жестока омраза, царот во присуство на Илија ја изгубил целата своја сила и самодоверба. Во неговите несигурни зборови: „Ти ли си оној што носиш несреќа над Израел?“ несвесно се откриле најдлабоките чувства на срцето. Ахав знаел дека небото се затворило по реч Божја, но сакал на пророкот да ја фрли вината за тешката казна која ја снашла земјата. {ПЦ 139.3}

Во природата на грешникот е да ги обвинува Божјите гласници за сите неволји кои доаѓаат како сигурна последица од скршнувањето од патот на праведноста. Луѓето кои и робуваат на сатанската сила не се во состојба да ги видат работите онака како што ги гледа Бог. Кога ќе им се изнесе огледалото на вистината, се лутат затоа што мислат дека без причина ги обвинува некој. Заслепени од гревот, тие одбиваат да се покајат и сметаат дека Божјите слуги негуваат непријателски чувства кон нив, па со тоа заслужуваат најстрога казна. {ПЦ 139.4}

Стоејќи пред Ахав, свесен за својата невиност, Илија не се обидел да се оправдува ниту да му ласка на царот. Не се трудел да го умилостиви царот дека набрзо ќе дојде крај на сушата. Тој не се извинувал. Разлутен и полн со ревност за Божјата слава, тој го отфрлил Ахавовото обвинение изјавувајќи бестрашно дека неговите гревови и гревовите на неговите татковци ги навлекле тие неволји над Израел. „Не му носам јас несреќа на Израел” храбро тврдел Илија „туку ти и домот на таткото твој оставајќи ги заповедите Господови и врвите по Ваалovците”. (1. Царевите 18). {ПЦ 140.1}

И денес потребно е да се подигне глас на строг укор, затоа што народот заради своите тешки гревови се одвоил од Бога. Неверството станало мода. „Не сакаме овој човек да царува над нас”. (Лука 19:14) Така денес зборуваат илјадници луѓе. Умилувачките проповеди кои така често ги слушаме, не оставаат никаков впечаток на слушателите: на трубата не и се дава јасен звук. Острите Божји вистини не допираат до срцата на луѓето. {ПЦ 140.2}

Има многу христијани кои, кога би го изразиле токму она што го чувствуваат, би кажале: „Зар е потребно да се зборува толку остро? Таквите исто така би можеле да се запрашаат: Зар било потребно Јован Крстител да им каже на фарисеите: „Породи аспидини, кој ви рече да бегате од гневот кој иде?“ (Лука 3:7) Зарем требал да го предизвикува гневот на Иродијада велејќи му на Ирод дека го престапува законот со тоа што ја има за жена сопругата на братот негов? Христовиот претходник го загубил животот затоа што им ја кажувал на луѓето вистината. Зар не можел убаво да живее, не изложувајќи се на гнев од оние кои живееле во грев? {ПЦ 140.3}

Така постапувале луѓето чија должност била да бидат верни чувари на законот Божји, сè додека личниот интерес не стапил на местото на верноста и додека не се

дозволило гревот да помине без укор. Кога во заедниците повторно ќе се слушнат зборови на верен укор ? {ПЦ 141.1}

„Ти си тој човек”. (2. Самуилова 12:7) Денес од проповедалните и во јавниот печат ретко се слушаат зборови толку недвосмислени, јасни како овие кои Натан ги упатил на Давид. Кога не би биле така ретки, би виделе помеѓу луѓето многу повеќе откривање на силата Божја. Гласниците Господови не смеат да се жалат дека нивните напори не донесуваат плодови сè додека не се покајат од својата склоност за одобрување од страна на луѓето, сакајќи да им угодат, заради што ја премолчуваат вистината. {ПЦ 141.2}

Оние проповедници на кои им дошло до тоа да се додворуваат на луѓе, кои викаат мир, мир, кога тоа Бог не го рекол, треба да излезат со скрушени срца молејќи се сесрдно да им ја прости нивната неискреност и недостаток на храброст. Тие не ја ублажуваат веста која им е доверена, од љубов кон своите ближни, туку затоа што сакаат лесно и угодно да живеат. Вистинската љубов ја бара пред сè Божјата слава и спасението на душите. Оние кои ја имаат таа љубов нема да ја премолчуваат вистината за да ги одбегнат непријатните последици од својата искреност. Кога душите се во опасност, Божјите проповедници не смеат да мислат на себеси, туку мораат да ги зборуваат зборовите кои им се дадени, не обидувајќи се да го оправдуваат или намалуваат гревот. {ПЦ 141.3}

О кога секој проповедник би ја сфатил светоста на својата служба и би ја исполнувал Илиевата храброст! Како гласници кои Бог ги праќа, проповедниците имаат многу голема одговорност. Тие мораат да се држат до налогот: „Искарај, изобличи, поучи, охрабрувај со сета трпеливост и со поука”. (2. Тимотеј 4:2) Тие се должни наместо Христа да работат како претставници на небесните тајни, да ги храбрат послушните и да ги предупредуваат непокорните. Светските интереси не би требало да значат нешто за нив. Тие никогаш не смеат да се оттргнат од патот по кој треба да одат по Исусовите заповеди. Мораат да напредуваат со вера, имајќи на ум дека ги гледа цела војска сведоци. Не смеат да зборуваат со свои зборови туку зборови кои им ги дал Оној кој е посилен од сите земски цареви. Нивната вест мора да биде: „Така вели Господ”. Бог повикува луѓе како што бил Илија, Натан и Јован Крстител: оние кои верно ќе ја објавуваат веста не гледајќи на последиците: кои храбро ќе зборуваат вистина, па дури ако за тоа би морале да жртвуваат сè што имаат. {ПЦ 142.1}

На Бога не му се потребни оние, кои во време на опасност, кога ќе биде потребно сите да помогнат со сите сили, храброст и влијание, нема да се осмелат одлучно да застанат на страната на доброто. Тој повикува луѓе кои верно ќе застанат против злото, војувајќи против началствата и властите, и со управителите на темнината од овој свет, против духовното зло на високите места. На таквите луѓе Тој ќе им упати зборови: „Добро, добар и верен слуго... влези во радоста на господарот свој”. (Матеј 25:23) {ПЦ 142.2}

ПОГЛАВЈЕ 11 - НА ГОРАТА КАРМИЛ

Ова поглавје се базира на 1. Царевите 18:19-40.

Стоејќи пред Ахав, Илија побарал да се собере целиот Израел и излезе со него и со Ваалovите пророци и Астарта на гората Кармил. ”Појди и собери го кај мене целиот

Израел”, му наредил тој на царот, ”на светата гора Кармилска, и четиристотини и педесет пророци Ваалови и четиристотини пророци од шумичките, кои јадат на масата на Језавела”. {ПЦ 143.1}

Ахав сфатил дека ова го заповеда човек кој говори во име на Бога и со тоа веднаш се покорил, како пророкот да е цар а царот слуга. Тој веднаш упатил гласници низ целото царство со повик Израел да излезе пред Илија и пророците Ваалови и Астарта. Во сите градови и села луѓето се подготвувале да дојдат на собиралиштето во означеното време. Мнозина патувајќи до местото за состанок имале чудни претчувства. Очекувале дека ќе се случи нешто необично: зошто инаку би ги викале да дојдат на Кармил? Каква ли неволја сега се подготвува кон народот и земјата? {ПЦ 143.2}

Пред да завладее суша, Кармил бил прекрасен предел, со реки кои од непресушните извори течеле низ плодните падини прекриени со цвеќе и бујни градини. Но целата таа убавина исчезнала под проклетството на сушата. Олтарите подигнати во слава на Ваал и Астарта стоеле сега во исушени предели. На врвот на еден од најголемите гребени се наоѓал срушен Господов олтар. {ПЦ 144.1}

Од Кармил се простирал поглед на голем дел од државата и неговите врвови се запазувале од многуте краеви од царството Израелево. Од подножјето на гората можело да се види речиси сè што се случува на нејзините висини. Идолопоклоничките обреди кои се вршеле на нејзините пошумени падини претставувале голема навреда за Бога, и токму затоа Илија одлучил на тоа место да ја покаже Божјата сила и да ја освети честа на Неговото име. {ПЦ 144.2}

Одредениот ден уште од рано утро врвот на гората го прекривале мноштво отпаднати Израелци во напнато исчекување. Дошле и пророците на Језавела, во величествена поворка. Пред нив одел царот со својата блескава придружба. идолопоклониците одушевено му воскликнувале. Меѓутоа, свештениците стравувале во срцето, затоа што знаеле дека пророковата реч го лишила Израел три и пол години од роса и дожд. Чувствувале дека се приближува страшна криза. Боговите во кои се надевале, не биле во можност да докажат дека Илија е лажен пророк. Идолите на кои се поклонувале останале рамнодушни на нивните силни повици, молитви, солзи, поклони, гнасни обреди и скапоцени непрестани жртви. {ПЦ 144.3}

Пред царот и лажните пророци опкружени со мноштво на Израелци стоел и Илија кој единствено дошол да ја брани честа на името Господово. Пред нив се наоѓал човек кого целото царство го обвинувало за страшните неволји, наизглед беспомошен во присуство на израелскиот владетел, Ваалovите пророци, војниците и илјадниците луѓе кои тука се собрале. Но Илија не бил сам. Над него и секаде наоколу се наоѓале заштитнички војски на небото ангели, исклучителни со сила. {ПЦ 147.1}

Без страв и срам пророкот стоел пред мноштвото, потполно свесен за должноста да ја изврши божествената заповед. Неговото лице изразувало страотна сериозност. Народот со напнатост очекувал тој да проговори. Фрлајќи прво поглед на Јеховиниот олтар а потоа на собраното мноштво, Илија повикал со јасен глас како глас од труба: „До кога ќе бидете на двете страни? Ако Господ е Бог, одете со него: ако е Ваал, одете по него”. {ПЦ 147.2}

Народот не му одговорил ниту збор. Ниеден човек од големиот аудиториум не се осудил да ја открие својата верност кон Јехова. Измама и слепило се надвисиле над Израел како мрачен облак. Тоа кобно отпаднишство не ги совладало одеднаш, туку постепено, затоа што не ги слушале зборовите на укори и опомени, кога Господ од време на време им ги упатувал. Секое скршнување од правиот пат, секое одбивање на

покајание ја зголемувало нивната вина и ги оддалечувало од Бога. и сега, во оваа криза, тие упорно одбивале да прејдат на Божја страна. {ПЦ 147.3}

Господ се гнаси од рамнодушност и недостаток на предаденост во време на криза во Неговото дело. Целата вселена со посебно внимание ги гледа завршните призори на големата борба помеѓу доброто и злото. Народот Божји се приближува до границите на вечноста: што тогаш би било за него позначајно од верноста на небесниот Бог? Во сите векови Бог имал верни јунаци, а и денес има, налик на Јосиф, Илија и Даниел, кои не се срамат од својата припадност на избраниот народ Божји. Посебни благослови ги пратат оние кои се трудат за Неговото дело, кои не скршнуваат од вистинскиот пат на должноста, туку со божествена сила прашуваат: „Кој е Господов?" (Излез 32:26) Но тие не се задоволуваат со тоа прашање: од сите кои се вбројуваат во народот Божји тие бараат да истапат и недвосмислено да ја откријат верноста кон Царот над царевите. Таквите луѓе ја потчинуваат својата волја и планови на законот Божји. Од љубов кон Бога, тие не го сметаат својот живот премногу драг. Нивна задача е да примаат светлина од Речта и со нејзините јасни зраци да засветлат на светот. Верноста на Бога тоа е нивна лозинка. {ПЦ 148.1}

Додека Израел на Кармил се сомневал и се двоумел, Илиевиот глас повторно ја прекинал тишината: „Јас останав сам Господов пророк: а пророците Ваалови ги има четиристотини и педесет. Дајте ни два јунци, и нека тие си изберат еден за себе, и нека го исечат на парчиња и стават на дрва, но оган да не стават: а јас ќе го приготвам другиот јунец, и ќе го ставам врз дрва, но оган нема да палам. Тогаш викнете ги имињата на своите богови, а јас ќе го повикам името Господово, па кој Бог се отповика со оган тој нека биде Бог". {ПЦ 148.2}

Илиевиот предлог бил толку разумен, што не можеле да го одбијат, и собирајќи храброст рекле: „Добро рече". Ваалovите пророци не се осмелиле да дигнат глас против тоа. Илија им се обратил со зборовите: "Изберете си еден јунец и подгответе го прво, затоа што сте повеќе: и викнете ги имињата на вашите богови, но оган не палете". {ПЦ 149.1}

Однадвор дрски и арогантни, но со страв во своите расипани срца, лажните пророци го подготвиле својот олтар полагајќи ги на него дрвата и жртвата, а потоа пристапиле кон своите вражби. Нивните пискави гласови одѕвонувале низ околните шуми и висини, додека го повикувале името на својот бог: "О, Ваале, вослиши нѐ!" Свештениците собрани околу олтарот почнале да скокаат, превртувајќи се, викајќи, корнејќи коса и месо, преколнувајќи го својот бог да им помогне. {ПЦ 149.2}

Минало утрото, дошло пладне а сѐ уште немало никакви знаци дека Ваал ги слуша повиците на своите заведени следбеници. Не се чул никаков глас, никаков одговор на нивната молитва. Жртвата не била спалена. {ПЦ 149.3}

Продолжувајќи го своето безумно поклонување, лукавите свештеници непрестано се обидувале да пронајдат некаков начин да запалат оган и да го наведат народот да поверува дека огинот дошол непосредно од Ваал. Меѓутоа, Илија го пазел секое нивно движење, додека свештениците сѐ уште се надевале дека ќе им се даде можност за измама и ги продолжиле своите бесмислени обреди. {ПЦ 149.4}

"А кога дојде пладне, почна да ги исмејува Илија говорејќи: Викајте посилно: зашто он е бог! Можеби е зафатен или има работа, или е на пат, или можеби заспал, па ќе се разбуди. А тие стоеја и викаа на цел глас, и се сечеа со ножеви и шилци по својот обичај, додека крв не им потече. И кога помина пладне, застанаа да пророкуваат додека дојде

време да се принесе дар: но никаков глас ниту некој да одговори, ниту некој да чуе”. (1. Царевите 18:27-29). {ПЦ 149.5}

Сатаната со задоволство би им дошол во помош на оние кои ги измамил и кои верно му служеле. Со задоволство би им пратил молња да ја спали нивната жртва. Но Јехова го спречил сатаната, ја ограничил неговата моќ и никакво лукаво непријателство не можело да предизвика ниедна измама на Ваалoвиот олтар. {ПЦ 150.1}

Најпосле, кога гласовите им засипнале од викање, кога целата облека им била крвава од рани кои сами себе си ги направиле, свештениците ги обзело очајување. Со голема жестина тие тогаш заедно застанале и со молитви упатуваа клетви кон својот бог на сонцето, а Илија и понатаму внимателно ги пазел, затоа што знаел дека веднаш би бил растргнат на парчиња ако свештениците би успеале на било кој начин да запалат оган на олтарот. {ПЦ 150.2}

Се приближила вечерта. Вааловите пророци биле уморни, исцрпени и збунети. Еден предлагал едно, друг предлагал друго, и најпосле престанале да се трудат. Нивната вика и проколнување не одекнувале на Кармил. Очајнички се повлекле од борбата. {ПЦ 150.3}

Народот целиот ден ги гледал напорите на заведените свештеници. Тие бесно скокале околу олтарот, како да сакале да се дофатат до вжарените сончеви зраци за да ја остварат својата цел. Со ужас гледале како свештениците си го касапат сопственото тело. Луѓето сега имале можност да размислат за сите лудости на идолопоклонството. Мнозина веќе биле сити од разметнувања на демонските сили и со најдлабок интерес очекувале што ќе направи Илија. {ПЦ 150.4}

Се приближувал моментот на вечерната жртва и Илија го повикал народот. "Пристапете кон мене”, рекол тој. И кога луѓето треперејќи се приближиле, тој почна да го поправа срушениот олтар врз кого некогаш луѓето принесувале жртви на небесниот Бог. За него овој срушен куп на камења бил подрагоцен од сите незнабожечки олтари заедно. {ПЦ 151.1}

Поправајќи го стариот олтар, Илија покажал колку го почитува заветот кој Господ го направи со Израел кога овој го поминал Јордан и влегол во ветената земја. Зел "дванаесет камења според бројот на племињата од синовите Јаковови... и направи од тоа олтар во името Господово”. (1. Царевите 18:31,32) {ПЦ 151.2}

Ваалoвите свештеници, разочарани и исцрпени од залудните напори, чекале да видат што ќе направи Илија. Тие го мразеле пророкот затоа што ги ставил на проба која покажала колку се слаби и немоќни нивните богови, но во исто време и се плашеле од неговата сила. Народот исто така чекал во страв и речиси без здив ја гледал Илиевата подготовка. Со своите смирени движења пророкот претставил суштинска спротивност во однос на ѓаволските оргии на фанатичните Ваалови следбеници. {ПЦ 151.3}

Бидејќи го довршил олтарот, пророкот ископал околу него канал, наставал дрва, го подготвил јунецот и го положил врз олтарот, а потоа му наредил на народот да излее вода врз жртвата и олтарот. „Наполнете четири ведра вода, и истурете ја врз жртвата и врз дрвата”, заповедал Илија. „И пак рече: направете уште еднаш. И пак направете уште еднаш. Па пак рече: напревете и по трет пат. И направија и по трет пат, па водата потече околу олтарот, и се наполни каналот со вода”. {ПЦ 151.4}

Укажувајќи му на народот за неговото долготрајно отпаднишство кое навлекло врз нив Господен гнев, Илија го повикал да го понизи срцето и да се врати кон Богот на своите татковци, за да би се оттргнало проклетството на земјата Израелева. Потоа поклонувајќи се на невидливиот Бог, тој подигнал рака кон небото и кажал едноставна

молитва. Ваалovите свештеници викале, скокале и се тркалале од рано утро до вечер: меѓутоа, додека Илија се молел, никакви неартикулирани извици не се слушале на гората Кармил. Тој се молел со верба дека е Бог присутен, дека ја гледа оваа сцена и дека ја слуша неговата молитва. Ваалovите пророци се молеле силеџиски и неприкладно. Илија се молел едноставно и усрдно: тој го барал Бог да покаже дека е поголем од Ваал и Израел повторно да му се врати. {ПЦ 152.1}

„Господе Боже Авраамов, Исаков и Израелов", се молел пророкот, „нека денес познаат дека си ти Бог во Израел и дека јас сум твој слуга, и дека по твојата реч го направив сево ова. Вослиши ме, Господе, вослиши ме, за да познае овој народ дека си ти Господ Бог, кога повторно ќе ги обратиш срцата нивни". {ПЦ 152.2}

Свечена тишина ги обземала сите. Ваалovите свештеници трепереле од ужас. Свесни за својата вина, очекувале брза казна. {ПЦ 152.3}

Само што Илија ја завршил својата молитва, пламени јазици од оган блеснале како молња и се спуштиле од небото на подигнатиот олтар: ја спалиле жртвата, ја испиле водата во каналот и ги спалиле дури и камењата од олтарот. Блесокот од оганот ја осветлил планината и ги заслепил очите на мнозина. Во долината, каде што мнозина со страв и како без дух ги посматрале движењата на оние горе, јасно се гледало симнувањето на огнот и сите биле запрепастени. Огнот бил сличен на пламенен столб кој на Црвеното море ги одвоил Израеловите деца од Египетската војска. {ПЦ 152.4}

Народот на брегот паднал ничкум пред невидливиот Бог. Тој не се осудувал и понатаму да го гледа огнот пратен од небото. Сите стравувале и самите да не бидат спалени. Убедувајќи се дека должност им е да го признаат Израеловиот Бог како свој отец на кого му должат послушност, повикале во еден глас: „Господ е Бог, Господ е Бог". (1 Царевите 18). Овој вик јасно одекнувал преку планината и одзвонувал долу во рамнината. Израел конечно се разбудил, ја отфрлил заблудата и се покајал. Народот увидел колкав срам му нанел на Бога. Потполно е откриен карактерот на лажната служба на Ваал, наспроти разумната служба која ја бара вистинскиот Бог. Народот ја согледал правдата и милоста на Бога кои ја ускратиле росата и дождот само да ги наведе да го признаат Неговото име. Се уверile дека Илиевиот Бог е над сите идоли. {ПЦ 153.1}

Ваалovите свештеници со запрепастување го посматрале откровението на Јеховината сила. Меѓутоа, дури и по својот пораз, во присуство на божествената сила, одбивале да се покајат за своите зли дела. Сакале всушност и покрај сè да останат Ваалови пророци. Со тоа покажале дека биле созреани за уништување. Господ му дал наредба на Илија за тие лажни учители да се уништат, за да Израел покајнички се заштити од влијанието од оние кои го учеле да се поклонува на Ваал. Гневот на народот тогаш се упатил против водачите кои биле престапници. И кога Илија ја изговорил наредбата: „Фатете ги тие Ваалови пророци и ниеден да не остане", сите биле подготвени да послушаат. Ги фатиле свештениците и ги одвеле на потокот Кисон: тука слугите Ваалови биле убиени пред да се заврши денот кој означувал почеток на значајна реформа. Ниеден не смеел да остане жив. {ПЦ 153.2}

ПОГЛАВЈЕ 12 - ОД ЕЗРАЕЛ ДО ХОРИВ

Ова поглавје се базира на 1. Царевите 18:41-46; 19:1-8.

Погубувањето на Вааловите пророци отворило пат за спроведување на духовна преобразба помеѓу десетте племиња на северното царство. Илија му укажал на народот за неговото отпаднишство и го повикал со скрушени срца да се обрати кон Господа. Казната од небото била извршена. Луѓето ги исповедале своите гревови и го признале Богот на своите татковци како жив Бог. А сега требало да се повлече проклетството од небото и да се обнови земскиот благослов за живот. Дождот требал да ја освежи земјата. „Оди, јади и пиј, зашто доаѓа голем дожд", му рекол Илија на Ахав. Потоа пророкот се качил на врвот од гората да се помоли. {ПЦ 155.1}

Илија не му рекол на Ахав да оди да се подготви за дожд заради некои надворешни знаци. Пророкот не видел ниеден облак на небото, ниту пак слушнал грмење. Тој едноставно ги изговорил зборовите кои, во неговата силна вера, Господовиот Дух му ги дал да ги изговори. Илија целиот ден непоколебливо ја вршел волјата Господова и покажал доверба во Божјите пророчки зборови. И сега, бидејќи направил сè што било во негова моќ, знаел дека небото дарежливо ќе ги излие ветените благослови. Оној ист Бог кој пратил суша, ветил обилен дожд како награда за доброто. И сега Илија чекал на ветениот дожд. Во став на понизност, ставајќи го „лицето свое помеѓу колената свои", тој се молел на Бога во името на Израел кој се покајал. {ПЦ 155.2}

Илија неколку пати го праќал своето момче до местото каде што се пружало поглед на Средоземјето, да види има ли било каков знак дека Бог ја услишил молитвата. Секој пат момчето се враќало со зборовите: „Нема ништо". Пророкот не постанал нетрпелив ниту пак ја губел верата, туку ја продолжил својата срдечна молитва. Шест пати момчето се враќало со вест дека на бакарното небо нема никакви знаци на дожд. Непоколебливиот Илија го прати уште еднаш, и тој пат момчето се вратило со зборовите: „Ене мал облак колку дланка човечка се дига над морето". {ПЦ 155.3}

Тоа било доволно. Илија не чекал црни облаци да го покријат небото. Со вера тој тоа облаче го видел како обилен дожд, и постапувајќи во согласност со својата вера, брзо го пратил своето момче кај Ахав со веста: „Подготви ја својата кочија и слегувај, за да не те фати дождот". {ПЦ 156.2}

Бог можел да го употреби Илија во оваа тешка криза во историјата на Израел заради тоа што тој бил човек со силна вера. Додека се молел, неговата вера сè повеќе растела и цврсто се држела за небесните ветувања. Тој истрајал во своите молитви сè додека не биле услишил. Не чекал потполни докази дека Бог го услишил, туку бил спремен сè да стави на коцка дури и на најмалиот доказ на Божјата наклонетост. Она што можел тој да го направи, секој може да го направи во својот делокруг во службата Божја, затоа што за пророкот од Галад било напишано: „Илија беше човек смртен како и ние, и му се помоли на Бога да не врне дожд на земјата три години и шест месеци". (Јаков 5:17) {ПЦ 156.3}

Таква вера му е потребна денес на светот вера која ќе се држи на ветувањата на речта Божја и која нема да попушти сè додека небото не ја вослиши молитвата. Таквата вера цврсто не поврзува со небото и ни дава сила да се бориме со силите на темнината. Верата на Божјите деца „победи царства, извршија праведност, доби ветувања, затвори уста на лавови, угаси огнена сила, ја победи острицата на мечот, од немоќна стана крепка, постанаа силни во бој, ги растера туѓите војски". (Евреите 11:33,34). И ние денес мораме токму со вера да ги остваримe најголемите Божји цели. „Ако можеш да поверуваш, сè е можно за оној кој верува". (Марко 9:23). {ПЦ 157.1}

Верата е важен составен дел на молитвата. „Оние кои сакаат да дојдат при Бога, треба да веруваат оти Тој постои и дека ги наградува оние, што го бараат". „Доколку

нешто помолиме што е според Неговата волја да добиеме, Тој нè слуша, и кога знаеме дека нè слуша што и да помолиме, знаеме дека ќе ни даде што и да побараме во Него". (Евреите 11:6; 1. Јованова 5:14,15) Своите молби треба да ги изнесуваме пред Отецот со упорна Јаковова и Илиева вера непопустливо и истрајно, и да бараме сè што ни ветил. Честа на Неговиот престол е сигурност за исполнување на Неговата реч. {ПЦ 157.2}

Кога Ахав се подготвил да појде назад, веќе сенките на ноќта се спуштале на гората Кармил. „Тогаш се помрачи небото од облаци и ветрови и падна голем дожд. А Ахав седејќи во кола дојде во Езраел". Патувајќи низ царскиот град во мракот и страшниот татнеж, Ахав не можел да го препознае патот пред себе. Меѓутоа, Божјиот пророк кој тој ден го понизил Ахав пред неговите слуги и ги погубил неговите незнабожечки свештеници, сè уште го признавал за цар над Израел па сега во негова чест, поткрепен со сила Божја трчал пред царската кола и ги довел пред градската порта. {ПЦ 158.1}

Овој милослив акт на Божјиот гласник кон безбожниот цар претставува поука за сите оние кои сакаат да бидат Божји слуги, но имаат високо мислење за себеси. Има луѓе кои без задоволство вршат извесни должности сметајќи дека им е тоа под достоинството. Тие се срамат на некого да му направат дури и најосновни услуги, затоа што се плашат да не се најдат дека работат како слуги. Таквите можат многу да се поучат од Илиевиот пример. Тој со својата реч за три години го спречил небесниот благослов: Бог на виден начин му ја покажал својата милост, затоа што на негова молитва пратил оган од небото да ја спали жртвата: тој со својата рака ги убил незнабожечките пророци и така извршил Божји суд, а неговата молитва за дожд била услишена. Меѓутоа, по сите победи со кои Бог ја почестил неговата јавна служба, тој доброволно ја вршел задачата на слуга. {ПЦ 158.2}

Илија и Ахав се разделија кај портите на Езраел. Илија одлучил да остане надвор од градските ѕидови, па се завитка во својата наметка и легна да спие на гола земја. Царот појде низ капијата и наскоро дојде до својот дворец: и ѝ кажал на својата жена за чудесните настани во тој ден и за откровението за Божјата сила која посведочила на Израел дека вистинскиот Бог е Господ а Илија, вистински негов гласник. Језавела ја обзеде бес кога дознала од Ахав како Илија ги убил незнабожечките пророци. Не сакала да признае дека тоа што се случило на Кармил било доказ за силата Божја и Неговото провидение, туку сè уште полна со пакост, изјавила дека Илија мора да умре. {ПЦ 159.1}

Таа ноќ еден гласник го разбудил уморниот пророк и му ја предал пораката на Језавела: „Нека ми направат боговите тоа и тоа и нешто повеќе да ми направат, ако утре во ова време не направам со твојата душа, она што беше направено со душата на секого од нив". {ПЦ 159.2}

Би можело да се претпостави дека Илија, покажувајќи толкава бестрашност и кој потполно триумфирал над царот, свештениците и народот, никогаш повеќе нема да падне во малодушност ниту да дозволи да го совлада страв. Но, ни тој човек, кој примил толку многу докази за Божјата милост и љубов, не бил без човечки слабости. Неговата вера и храброст го издале во тој темен час. Тој престрашено скокнал од сонот. Дожд лиело од небото и насекаде владеел мрак. Пророкот се дал во бегство да го спаси својот живот, заборавајќи дека Господ три години пред тоа го одвел на едно место каде што не можел да стигне гневот на Језавела ниту пак Ахав можел да го пронајде. Тој дојде во Вирсавеја и „таму го остави слугата свој, а самиот отиде во пустината ден одење". {ПЦ 159.3}

Илија не смеел да го напушта местото на својата должност. Требало да се обрати на Оној кој го пратил да ја освети честа на името Господово, молејќи Го за заштита од гневот на Језавела. Требало да му каже на гласникот, дека Бог во кого се надева, ќе го спаси од нејзината омраза. Одвај поминале неколку часа откако бил сведок на откровението на чудесната Божја сила, и тоа требало да му биде сведоштво дека Бог нема да го напушти. Да останел таму каде што се наоѓал, да се потпрел на Божјата сила и заштита, да останел одлучен бранител на вистината, би бил заштитен од сè. Господ би му подарил уште една победа казнувајќи ја Језавела, што би оставило голем впечаток врз царот и кај народот би довело до голема реформација. {ПЦ 160.1}

Илија многу очекувал од чудото што се случило на Кармил. Се надевал дека по таа случка, после толку видно експонирање на Божјата сила, Језавела нема повеќе да има влијание врз Ахав и дека во цел Израел брзо ќе се оствари реформа. На врвот на Кармил го поминал целиот ден не вкусувајќи ништо. Но покрај сите телесни напори кои тој ден ги претрпел, сепак бил посебно возбуден кога колата на Ахав ја водел до портата на Езраел. {ПЦ 160.2}

Меѓутоа, Илија сега западна во состојба која често ги снаоѓа луѓето после големи постигнувања во верата и славни успеси. Стравувал дека реформацијата започната на Кармил нема да биде долготрајна и западнал во малодушност. Се воздигнувал до најголеми висини, но сега ниско паднал. Додека на него бил Духот на Семожниот, можел да поднесе и најголеми искушенија на верата, но во тие моменти на малодушност, слушајќи ја пораката на Језавела низ која работел сатаната, ја загубил својата потпора во Бога. Бил издигнат до најголемите висини и реакцијата била страшна. Заборавајќи на Бога, Илија бегал се подалеку, и најпосле се нашол сам во мрачна пустош. Исцрпен до крајност, седнал под една смрека да се одмори, и седејќи така, посакал да умре. „Доста е повеќе Господи, прими ја душата моја, зашто не сум подобар од татковците свои", рекол тој. Како бегалец, далеку од човечките домови, скршена душа во горчливо разочарување, посакал повеќе никогаш да не види човечко лице. Најпосле вака уморен го совладал сон. {ПЦ 161.1}

Во искуството на сите нас има вакви моменти на големи разочарувања и крајни малодушности, кога мора да ја испиеме чашата на болката, кога ни е тешко да веруваме дека Бог е сè уште добротвор на земските деца и полн со љубов кон нас, кога немир ја обзема душата и смртта ни изгледа поубава од животот. Во тие моменти мнозина губат вера во Бога и стануваат робови на сомнеж и неверство. Кога во тие денови би можеле да ја сознаеме смислата на Божјото провидение со своите духовни очи, би виделе ангели кои се трудат да нè спасат од самите нас, да нè доведат на основа која е поцврста од вечните планини, и во нас би се појавила нова вера и нов живот. {ПЦ 162.1}

Во деновите на својата тага и тешка несреќа Јов рекол: {ПЦ 162.2}

„Нека е проклет денот во кој се родив".
„О, да беа точно измерени маките мои,
а мојата неволја да се стави!" {ПЦ 162.3}
„Се надевам дека мојата молба ќе биде послушана,
и Бог да го исполнеше она за кое што копнеам!
О, да сакаше Бог да ме сотре,
да млатнеше со раката Своја и да ме истребеше!
Тоа би ми била вистинска утеха". {ПЦ 163.1}
„Затоа нема да ја воздржувам устата своја;

ќе говорам сега во стеснувањето на духот свој;
ќе се поплакувам во горчината на душата своја”. {ПЦ 163.2}
„Душата моја сака ...
подобро смрт отколку живот.
Ми омрзна животот;
Нема вечно да живеам:
Оддалечи се од мене,
дните мои се само суета”.
(Јов 3:3; 6:2, 8-10; 7:11,15,16) {ПЦ 163.3}

Но на Јов не му било дадено да умре, иако бил сит од животот. Укажано му било на подобра иднина и упатена вест на надеж: {ПЦ 163.4}

„Ќе бидеш цврст, и нема да се плашиш:
Затоа што ќе ја заборавиш тагата:
како за истечена вода ќе се сеќаваш за нив
и животот твој ќе блеска појасно од пладне:
како утро ќе светнеш.
Ќе бидеш спокоен, затоа што постои надеж...
Ќе легнеш, и не ќе има кој да те заплашува;
Мнозина ќе ти се умилкуваат.
А на злосторниците ќе им згаснат очите,
не ќе има веќе засолниште за нив,
единствената надеж ќе им биде да издивнат”.
(Јов 11:15-20) {ПЦ 163.5}

Од најдлабоко очајување и малодушност, Јов се воздигнал до височините на цврста вера во милоста и спасоносната Божја сила. Победоносно изјавил: {ПЦ 163.6}

„И да ме погуби,
сепак јас ќе имам доверба во Него:...
Тој исто така ќе биде моето спасение”.
„Јас знам, Искупителот мој е жив,
и Тој во последниот ден ќе застане над земјата:
И ако моето тело биде уништено од црвите,
сепак јас во телото мое ќе го видам Бога:
Јас сам ќе го видам,
моите очи ќе Го видат,
а не на друг”.
(Јов 13:15, 16; 19:25-27) {ПЦ 164.1}

„Господ му одговори на Јов од виорот”, (Јов 38:1) откривајќи му ја на својот слуга енормноста на својата сила. И кога Јов за момент се загледал во својот Творец, се згрозил од себе си и се покајал во прав и пепел. Господ тогаш го благословил, така што последните години биле најдобри од неговиот живот. {ПЦ 164.2}

Надежта и храброста се од најголемо значење за совршена служба на Бога. Тие се плод на верата. Грешно е и неразумно да се очајува. Бог може и сака на своите слуги да

им подари „пообилна” (Евреите 6:17) сила отколку што им е потребно за да истрпат искушение. Колку и да ни се чини дека плановите на непријателот на Божјото дело се мудро скроени и поставени, Бог може да ги осуети и оние највештите. Но, Тој тоа ќе го направи во свое време и на свој начин, кога ќе види дека верата на Неговите слуги ја издржала пробата. {ПЦ 164.3}

Постои сигурен лек за малодушните а тоа се: вера, молитва и работа. Верата и работата му даваат на човекот сигурност и задоволство кое јакне од ден во ден. Дали лесно подлегнувате на мрачни чувства и малодушност ? Немојте да стравувате ни во најцрните денови кога се изгледа изгубено. Имајте вера во Бога. Нему му се познати сите ваши потреби. Тој е семоќен. Неговата безгранична љубов и милосрдност никогаш не се отсутни. Немојте да стравувате дека нема да го исполни своето ветување. Тој е вечна вистина. Тој никогаш нема да го измени заветот кој го направил со оние кои Го љубат. Бог им дава на своите верни слуги онолку сила колку што им е потребно. Апостол Павле сведочи: „И ми рече: доволна ти е мојата благодат: бидејќи мојата сила наполно се покажува во слабоста... затоа добро ми е во слабостите, во прекорување, во потреба, во прогонување, во тага за Христа, оти кога сум слаб тогаш сум силен”. (2. Коринтјаните 12:9,10). {ПЦ 164.4}

Дали Бог го напуштил Илија во неговите тешки мигови? О, не! Бог не го љубел помалку својот слуга во моментот кога се чувствувал напуштен од Бога и луѓето, туку како одговор на неговата молитва пратил оган од небото и го осветлил врвот на планината. И сега сонливиот Илија го разбудил еден благ допир и пријатен глас. Тој се тргнал од страв, подготвен да бега, плашејќи се можеби да не го пронашол неговиот непријател. Но лицето наведнато над него со израз на сожалување не било лицето на непријателот, туку на пријател. Бог пратил ангел од небото со храна за својот слуга. „Стани и јади”, рече ангелот. „И тој погледна и ете, до главата имаше леб на јаглен печен и стомна со вода”. {ПЦ 166.1}

Бидејќи се поткрепил со храната која била за него подготвена, Илија повторно заспал. Ангелот дошол и по втор пат. Допирајќи се до исцрпениот човек, ангелот рекол нежно и сожалувачки: „Стани и јади, зашто те чека долг пат”. „И тој стана јадеше и се напи”, и се поткрепи од тоа јадење и одеше „четириесет дена и четириесет ноќи додека не дојде до Божјата гора Хорив”, каде што нашол скривалиште во една пештера. {ПЦ 166.2}

ПОГЛАВЈЕ 14 - "ШТО ПРАВИШ ТУКА?"

Ова поглавје се базира на 1. Царевите 19:9-18.

Иако сокриено од луѓе, Илиевото скривалиште на гората Хорив било познато за Бога. Уморниот и обесхрабрен пророк не бил оставен сам да се бори против силите на темнината кои навалиле врз него. На влезот во пештерата во која се скрил, Илија го дочекал самиот Бог преку моќен ангел пратен да се распраша за неговите потреби и да му го разјасни Божјиот план во поглед на Израел. {ПЦ 167.1}

Сè додека потполно не се потпрел на Бога, Илија не можел да го изврши делото за оние кои биле заведени во обожувањето на Ваал. Победата на врвовите на Кармил го отворила патот за уште поголеми победи. Меѓутоа, заради заканите на Језавела Илија не ги искористил прекрасните можности кои му се нуделе. Требало да се случи да

разбере Божјиот човек колку е сега неговата состојба мизерна во однос на положбата која по желба на Господа требал да ја заземе. {ПЦ 167.2}

Бог својот искушан слуга го дочекал со прашањето: „Што правиш тука Илија?" Те пратив на потокот Хорат а подоцна кај вдовицата во Сарепта. Ти наредив да се вратиш во Израел и да излезеш пред идолопоклоничките свештеници на Кармил. Ти подарив сила царевата кола да ја однесеш до капијата на Ездраел. Но кој ти рече така брзо да побегнеш во пустина. Што правиш овде? {ПЦ 168.1}

Со огорчување во душата, Илија рекол: „Ревнував за Господ Бог на војските: зашто синовите Израелови го оставија твојот завет, твоите олтари ги урнаа и пророците твои ги отепаа со меч: а јас останав сам, па ја бараат душата да ми ја земат". {ПЦ 168.2}

Ангелот го повикал пророкот да излезе од пештерата, да застане пред Господа на гората и да ја сослуша Неговата реч. „И ете, Господ поминуваше, а пред Господа голем и силен ветар, кој ридови уриваше и карпи уништуваше: но Господ не беше во ветрот: а по ветрот земјотрес, но Господ не беше во земјотресот: по земјотресот оган, но Господ не беше во огнот: по огнот тивок и тенок глас. А кога го слушна тоа Илија, го затскри лицето свое со наметката и излегувајќи застана на вратата од пештерата. {ПЦ 168.3}

Бог одлучил да се покаже на својот слуга како „глас тивок и тенок", а не со некое моќно откровение на Божјата сила. Сакал да го поучи Илија дека делото кое што најуспешно ги остварува Неговите цели не мора секогаш да биде со особена големина. Додека Илија чекал Господ да му се открие, поминала луња, светкале молњи и се појавил оган. Но во сето тоа не бил Бог. Најпосле се зачул тивок, тенок глас и пророкот го покрил своето лице заради Господовото присуство. Неговата раздразливост се смирила, духот омекнал и се потчинил. Сега знаел дека мирното и цврсто потпирање на Бога секогаш ќе му дава помош кога ќе му биде тоа потребно. {ПЦ 168.4}

Вистината Божја не мора секогаш научно да се образложува за да се убедат и обратат души. На човековото срце не може толку да се влијае со зборливост или логика, колку со благото посредство на Светиот Дух, кој мирно но сигурно делува во смисла на преобразбата и развојот на карактерот. Тивкиот и тенок глас на Божјиот Дух има моќ да го промени срцето. {ПЦ 169.1}

„Што правиш ти тука Илија?" запрашал гласот. А пророкот одговори: „Ревнував за Господ Бог над војските: зашто синовите Израелови го оставија твојот завет, твоите олтари ги разрушија, и пророците твои со меч ги убија: а јас останав сам, па ја бараат и душата моја да ми ја земат". {ПЦ 169.2}

Господ му одговорил на Илија дека престапниците во Израел нема да поминат неказнето. Требало да се изберат посебни луѓе кои ќе ја остварат Божјата цел казнување на идолопоклоничкото царство. Одлучно мора да се постапи за да им се даде на сите можност да прејдат на страната на вистинскиот Бог. Илија мора да се врати во Израел за да спроведе со останатите реформа. {ПЦ 169.3}

Господ му заповедал на Илија: „Врати се по патот свој преку пустината во Дамаск, и кога ќе стигнеш, помажи го Азаила за цар на Сирија, а Јуја, Намесиевиот син, помажи го за цар над Израелот: Елисеја, пак, Сафатовиот син, од Авел-Маул, помажи го за пророк место себе си: зашто кој ќе избега од Азаиловиот меч, него ќе го убие Јуј, а кој ќе се избави од мечот на Јуја, него ќе го убие Елисеј". (1. Царевите 19:15-17). {ПЦ 169.4}

Илија мислел дека само тој во Израел го признава вистинскиот Бог. Но Бог кој го познава секое срце, му открил на пророкот дека и многу други во текот на долгите години на отпадништво му останале верни на Господа. Бог рекол: „Но си оставив во

Израел седум илјади, кои ниеден не ги свитка колената пред Ваал ниту со устата своја го целиваше”. (1. Царевите 19:18). {ПЦ 170.1}

Од Илиевото искуство за време на тие денови обесхрабрувањето и привидниот пораз, можат да се извлечат многу поуки од непроценлива вредност за Божјите слуги во ова одбележано време на општо отстапување од вистинскиот пат. Отпадништвото кое денес преовладува е слично на отпадништвото кое го зафатило Израел во пророково време. Тоа што човечкото го воздигаат над Божјото, ги величаат популарните водачи, го обожаваат Мамонот и таканаречената наука над вистината на откровението, мнозина и денес одат по Ваала. Сомнежот и неверието вршат погубно влијание врз разумот и срцето, и мнозина Божјите пророштва ги подредуваат на човечките теории. Јавно се проповеда дека дошло време кога човечкиот разум треба да се воздигне над учењето над Речта Божја. Се тврди дека законот Божји, Божјото мерило на праведноста, нема повеќе никакво значење. Непријателот на вистината делува со измамничка сила за да овозможи човечките одредби да се стават наместо Божјите и да се заборави она што е предвидено за среќа и спас на човештвото. {ПЦ 170.2}

Меѓутоа, широко распространетото отпадништво, сепак не е сеопшто. Не се сите во овој свет беззаконици и грешници, ниту пак сите преминале на страната на непријателот. Бог има многу илјади луѓе кои не ги свиткале колената пред Ваал. Тие тежнеат потполно да разберат сè што е во врска со Христа и законот, се надеваат дека Исус наскоро ќе дојде и ќе стави крај на гревот и смртта. Има и такви кои во незнаење му служат на Ваал, но за нив сè уште Духот Божји се бори. {ПЦ 171.1}

На таквите им е потребна помош од оние кои веќе го познаваат Бога и моќта на Неговата Реч. Во време какво што е денешното, секое Божјо дете треба сесрдно да им помага на другите. Ангелите Божји им помагаат на оние кои ја разбираат библиската вистина и настојуваат да пронајдат души кои копнеат за светлина. Никој не треба да се плаши да појде по патот по кој одат ангелите. Благодарејќи на верноста и трудот посветен на работниците, мнозина ќе го напуштат идолопоклонството и ќе прејдат кон живиот Бог. Мнозина ќе престанат да им оддаваат почести на човечките творби и бестрашно ќе прејдат на страната на Бога и на Неговиот закон. {ПЦ 171.2}

Многу зависи од неуморниот труд на верните и предадени работници, и од тие причини сатаната на сите можни начини ќе се труди да го занемари остварување на божествените цели преку трудот на послушните. Тој ги наведува луѓето да ја изгубат од вид својата возвишена и света должност и да се задоволуваат со удобностите во овој живот. Тој ги наведува удобно да се сместат или заради земска корист да се селат од местото каде што можат да прават добро. Други пак ги наведува во обесхрабрување да ја напуштат својата должност, заради противења или прогонство. Меѓутоа, небото сите тие ги гледа со најнежно сожалување. На секое Божјо дете на кое непријателот му ја замолкнал душата, упатено му е прашањето: „Што правиш тука?” Јас ти поставив должност во целиот свет да го проповедаш евангелието и да го подготвуваш народот за денот Божји. Зошто си тука? Кој те пратил? {ПЦ 171.3}

Христа во жртвата и страдањето го поддржувала радоста дека со тоа ќе бидат спасени грешници. Тоа треба да биде и радост на секој Христов следбеник, поттик за неуморна работа. Оние барем кои донекаде разбираат што значи за нив и нивните ближни откупувањето, ќе ја разберат до извесен степен и големата потреба на човештвото. Во нивните срца ќе се разбуди сочувство при увидувањето на моралното и

духовното сиромаштво на илјадници луѓе кои се наоѓаат во сенка на страшна пропаст, кон која телесните страдања се навистина ништо. {ПЦ 172.1}

На семејствата како и на поединците се поставува прашањето: „Што правиш тука?" Во многу собранија има семејства кои добро ја познаваат вистината на Речта Божја и би можеле да го рашират своето влијание кога би се преселиле во место каде што му е потребна служба која што тие можат да ја дадат. Бог ги повикува христијанските семејства да отидат во непросветлени места на земјата и мудро и истрајно да се заложат за оние кои потонале во духовна темница. Неопходно е самоодрекување за да може човек да се отповика на ваква покана. Додека мнозина чекаат да ги отстранат сите пречки, душите умираат без надеж во Бога. Заради земска корист, заради стекнување на научно знаење луѓето се подготвени да отидат во област каде што роварат заразни болести и да се изложат на тегоби и немаштија. Каде се таквите кои се волни истото тоа да го направат, за другите да ги известат за Спасителот? {ПЦ 172.2}

Не е ништо необично ниту ново дека духовно силните луѓе во тешки околности, под притисок на искушение стануваат обесхрабрени и малодушни така што понекогаш им се чини дека во животот нема ништо што би посакале. Сите тие треба да имаат на ум дека и еден најголем пророк требал да бега од една разбеснета жена, за да си го спаси својот живот. Тој бегалец, уморен и исцрпен, паднал во малодушност и посакал да умре. Меѓутоа, кога изгубил секаква надеж и кога му се чинело дека е срушено целокупното негово животно дело, баш тогаш ја примил најголемата поука во својот живот. Во часот на својата најголема слабост научил дека човекот токму во неговите најголеми неволји треба и може да се надева на Бога. {ПЦ 173.1}

Илиевото искуство треба да им влее надеж на сите оние кои сите свои животни сили ги посветуваат во работа за доброто на другите, но често пати губат храброст и паѓаат во малодушност. Божјата посебна грижа, љубов и сила се манифестира во корист на оние луѓе чија ревност и корист не се разбираат и ценат, чии совети и укори презираат, и на чии напори кон целта на реформите, се одговара со омраза и противење. {ПЦ 173.2}

Сатаната ги напаѓа душите со најголеми искушенија токму тогаш кога се најслаби. Тој се надевал дека така ќе го совлада и Синот Божји, бидејќи така многу пати го победил и човекот. Дури и оние, кои долго и храбро се бореле за победа на доброто, подлегнале на искушението во моменти на слаба волја и вера. И Мојсеј во еден момент ја загубил довербата во Семоќниот, уморен од четириесет годишното талкање низ пустината и од борбата со неверниот народ. Попуштил токму пред Ветената Земја. Така било и со Илија. Тој не ја изгубил верата во годините на суша и глад: бестрашно стоел пред Ахав: целиот оној напорен ден на Кармил стоел пред целиот Израел како единствен сведок на вистинскиот Бог. Па сепак, во еден момент малодушноста му дозволила на стравот од смрт да биде посилен од неговата вера во Бога. {ПЦ 174.1}

Слично се случува и со нас. Сатаната настојува да ја поткопа нашата вера во Бога во моментите кога нè обземаат сомнежи, кога ќе нè стигнат неволји и тага, и ќе ни се закани со немаштија. Тогаш ни укажува на сите наши грешки кои сме ги сториле обидувајќи се да ја поткопа нашата преданост во Бога и верата во Неговата љубов. Тој се труди да ја обесхрабри душата и да ја уништи нашата врска со Бога. {ПЦ 174.2}

Оние кои се борат во првите редови и по налог на Светиот Дух, вршат некое посебно дело, често пати ќе почувствуваат реакција кога ќе попушти оној најголем притисок. Очајанието може да ја поколеба и најтврдата вера, да ја ослабе и најсилната волја. Но Бог има разбирање за нашите слабости и секогаш е полн со љубов и милост кон нас. Тој

ги чита побудите и целите на нашето срце. Водачите во Божјото дело треба да научат трпеливо да чекаат, не губејќи ја довербата ни тогаш кога сè изгледа мрачно. Небото нема да ги остави во часот на нивната неволја. Ништо не е наизглед беспомошно, и ништо всушност не е непобедливо од душата која е свесна за своите слабости и се потпира само на Бога. {ПЦ 174.3}

Искуството на Илија кога повторно се потпрел на Бога во часот на искушенијата, не претставува поука само за луѓето на одговорни должности. Оној кој бил Илиева сила, може со Својата сила да го поддржи секое Свое дете, колку и да е тоа слабо. Тој од секого бара верност и преданост, и на секого му дава сила каква што му е потребна. Човекот е немоќен ако се надева во сопствената сила, но во силата Божја толку е силен што не само што може да го победи злото, туку може и на другите да им помогне да го направат истото. Сатаната никогаш не може да завладее со оној кој ќе се стави под Божја заштита. „И ќе говори: Во Господа е праведноста и силата". (Исаија 45:24) {ПЦ 175.1}

Браќа христијани, сатаната ги знае вашите слабости, па така држете се за Исуса. Ако останете во Божјата љубов, ќе можете да се спротивставите на секое искушение. Христовата праведност може да ви подари сила да ја сопрете секоја бура на зло која го преплавила светот. Верата мора да биде составен дел од вашето животно искуство. Таа го олеснува секое бреме и секогаш го подига уморниот. Континуираната надеж во Бога ќе ги реши тајните на провидението кои ви се сега недостапни. Одете со вера по патот кој Тој ви го покажал. Ќе наидат искушенија, но вие само продолжете. Тоа ќе ја крепи вашата вера и ќе ве оспособува за служба. Записите за светата историја не се дадени само да ги читаме и да им се восхитуваме, туку во нас да ја поттикнат онаа иста вера која некогаш живеела во Божјите слуги. Господ исто така силно ќе работи и денес каде и да постојат верни срца подготвени да станат орудие за Неговата сила. {ПЦ 175.2}

И нам, како и на Петар, ни се упатени зборовите: „Симоне, Симоне, ете, сатаната посака да ве сее како пченица: но Јас се молев за тебе, за да не намали твојата вера". (Лука 22:31,32). Христос никогаш нема да ги напушти оние за кои умрел. Ние можеме да Го напуштиме и да паднеме во искушение, но Христос нема никогаш да го напушти оној за чие спасение платил со својот живот. Кога нашите духовни очи би биле по изострени, би виделе души потпаднати под притисок на болката, оптоварени како кола од снопови, како обесхрабрени ја бараат смртта. Би ги виделе ангелите како ревносно летаат во помош на оние кои се искушуваат, потиснувајќи ги војските на злото кои ги опседнуваат, поставувајќи ги нивните нозе на сигурен темел. Битките кои се водат помеѓу овие две војски вистински се како и борбите кои ги водат армиите од овој свет, и вечната судбина на мнозина зависи токму од резултатот на тој духовен конфликт. {ПЦ 175.3}

Во видение на пророкот Езекиел се појавила една рака помеѓу крилата на херувимите. Тоа треба да ги поучи Божјите слуги дека успех може да им даде само Божјата сила. Оние кои вршат должност како Божји гласници не треба да сметаат дека делото Божјо зависи од нив. Таа одговорност не лежи на ограничените човечки суштества. Оној кој не спие туку непрестајно работи на остварување на Своите цели, сам го води Своето дело. Тој ги спречува безбожниците да не ги остварат своите цели и ги доведува до збунување замислите на оние кои подготвуваат зло за Неговиот народ. Оној кој е Цар и Господ над војските седи меѓу херувими и ги чува Своите деца во текот на борбата и конфликтите помеѓу народите. Кога ќе бидат срушени тврдините на

владетелите, кога стрелите на гневот ќе ги прободат срцата на Неговите непријатели, Божјиот народ ќе биде сигурен во Неговата рака. {ПЦ 176.1}

ПОГЛАВЈЕ 14 - „ВО ДУХОТ И СИЛАТА НА ИЛИЈА"

Во текот на многу столетија по Илиевото време, записот за неговото животно дело ги инспирирало и храбрело оние кои биле повикани да ја бранат правдата во текот на отпадништвото. И за нас „до кои стигна крајот на вековите" (1. Коринтјаните 10:11) тоа е од посебна важност. Историјата се повторува. И денешниот свет има свои Ахав и Језавела. Денешниот век е век на идолопоклонство токму како што било во времето на пророкот Илија. Однадвор не се гледаат олтари и можеби нема никакви ликови на кои окото може да сопре: но сепак, илјадници луѓе одат по боговите на овој свет кон богатство, задоволства, почести и пријатни бајки кои му дозволуваат на човекот да попушта на навиките од своето непрепородено срце. Мнозина имаат погрешна претстава за Бога и Неговиот карактер и така искрено му служат на лажен бог, како да се вистински обожувачи на Ваал. Дури мнозина кои се нарекуваат христијани паднале под влијанието кое е насочено против Бога и Неговата вистина. Тие на тој начин се оддалечуваат од божественото и го воздигнуваат човечкото. {ПЦ 177.1}

Во денешно време преовладува духот на неверство и отпадништво дух на божемна просветеност заради сознанието за вистината, кој всушност е дух на слепа самоувереност. Човечките теории се воздигнуваат и се поставуваат на местото кое му припаѓа на Бога и на Неговиот закон. Сатаната ги наведува луѓето на непослушност ветувајќи дека во неа ќе најдат слобода која може да ги направи слични на богови. Се запазува духот кој се спротивставува на јасната Божја реч, кој идолопоклонички ја воздигнува човечката мудрост над божественото откровение. Луѓето дозволиле така да се помати и помрачи нивниот разум со прилагодување на обичаите и влијанијата од овој свет, што ја загубиле секоја моќ да разликуваат помеѓу светлина и темнина, помеѓу вистина и заблуда. Тие толку се оддалечиле од вистинскиот пат, што сметаат дека мислењето на неколкуте т.н. филозофи е поверодостојно од вистината на Библијата. Поканите и ветувањата на Речта Божја, им се заканувааат заради непослушноста и идолопоклонството сето тоа нема моќ да го омекне нивното срце. Тие сметаат дека верата која делувала преку Павле, Петар и Јован застарела, дека е мистична и недостојна за разумот на модерните мислители. {ПЦ 178.1}

Во почетокот Бог му го дал на човештвото Својот закон како средство за остварување среќа и вечен живот. Единствена надеж на сатаната да ги осуети Божјите намери се состои во тоа да ги наведе луѓето и жените тој закон да не го почитуваат. Сатаната непрекинато се труди погрешно да го претстави учењето на законот и со тоа да го намали неговото значење. Сатанското главно дело претставувало обид да се измени самиот закон, така што луѓето да го престапуваат, а истовремено тврдат дека му се покоруваат. {ПЦ 178.2}

Еден писател ја споредил измената на Божјиот закон со стариот лош обичај на свртување во погрешна насока на патоказ подигнат на значајна раскрсница помеѓу два пата. Така често биле создавани големи незгоди и потешкотии. {ПЦ 179.1}

Бог подигнал патоказ за оние кои патуваат низ овој свет. Еден дел од патоказот укажувал на доброволна послушност кон Творецот како на пат кон среќа и живот,

додека другиот укажувал на непослушност како на пат кон неволји и смрт. Патот кон среќата исто така бил јасно назначен како на пат кон градот на заштита во старозаветниот период. Меѓутоа, во еден за човечкиот род кобен момент, големиот непријател на сето добро го свртел патоказот и мнозина отишле по погрешен пат. {ПЦ 179.2}

Господ преку Мојсеја го поучувал Израел: „Кажи, заповедај им на синовите Израелови: пазете ги саботите Мои, зашто таа е знак меѓу Мене и вас од колено до колено, за да знаете дека Јас сум Господ, Кој ве осветува. Пазете ја, пак, саботата, оти таа е света за Господа и за вас. Кој ќе ја оскверни, да се погуби: бидејќи секој, кој ќе врши некаква работа ... во саботен ден, нека се предаде на смрт. Затоа синовите Израелови нека ги пазат саботите, празнувајќи ги во родовите свои. Тоа е знак меѓу Мене и синовите Израелови довека: зашто во шест дена ги создаде Господ небото и земјата, а во седмиот ден си отпочина и се одмори". (Излез 31:13-17). {ПЦ 179.3}

Со овие зборови Господ јасно покажал дека послушноста е патот кон Божјиот Град: меѓутоа, човекот на беззаконието го свртел и го насочил во погрешен правец. Тој востановил лажна сабота и ги навел луѓето да мислат дека се покоруваат на заповедта на Творецот ако се одмораат во тој ден. {ПЦ 179.4}

Бог изјавил дека седмиот ден е сабота Господова. Кога „биле довршени небото и земјата", Тој го воздигнал тој ден како спомен за создавањето. Починувајќи во седмиот ден „од сите дела свои кои ги направи", го благослови Бог седмиот ден и го посвети". (Создавање 2:1-3). {ПЦ 180.1}

Во времето на излегувањето од Египет, саботата посебно била истакната на народот Божји. Додека сè уште се наоѓале во ропство, нивните работодавачи настојувале да ги натераат да работат во сабота, зголемувајќи ја нормата на работата која морала да се направи секоја седмица. Условите на работа непрестано станувале сè потешки, и помачни. Меѓутоа, Израел бил ослободен од ропството и доведен до едно место каде што без никакви пречки можел да се покорува на прописите на Јехова. На Синај бил обновен законот, а на Мојсеј му биле дадени две камени плочи „напишани со Божјиот прст" (Излез 31:18) врз кои законот бил испишан. И во текот на речиси четириесет години талкање Израелците постојано биле потсетувани за денот од одморот кој Бог го одредил, затоа што мана не паѓала во седмиот ден, а двоен оброк паѓал во денот на подготовка и чудесно бил сочуван. {ПЦ 180.2}

Пред Израел да влезе во ветената земја, Мојсеј го упатил: „Држи го денот од одморот и празнувај го". (Второзаконие 5:12). Господ сакал Израелците совесно со празнување на саботата да ги потсетува на она што му го должат Нему како на свој Творец и Откупител. Сè додека ја празнуваат саботата според законот, помеѓу нив нема да има идолопоклонство: но, ако не се покоруваат на оваа заповед, ќе забораваат на својот Творец и ќе почнат да им служат на други богови. „И саботите Мои им ги дадов", рекол Господ, „да бидат знак помеѓу Мене и нив за да узнаат дека Јас сум Господ кој ги осветува". Но, сепак „тие ги отфрлија Моите закони и по уредбите мои не одеа, и саботите Мои ги оскверниј а, зашто срцето нивно одеше по гнасни богови". Повикувајќи ги да се вратат, Тој повторно укажал на тоа од колкаво значење е празнувањето на саботата. „Јас сум Господ Бог ваш", Тој рекол, „одете по моите уредби, и држете ги моите закони и извршувајте ги: и саботите мои пазете ги да бидат знак помеѓу Мене и вас, та да знаете дека сум Јас Господ Бог ваш". (Езекиел 20:12,16,19,20). {ПЦ 181.1}

Изложувајќи му ги на Јуда гревовите заради кои најпосле западнал во вавилонско ропство, Господ рекол: „Ти ги ...оскверни саботите мои".

„Затоа го излеав врз нив гневот Свој, со огнот на Својата јарост ги истребив, нивните патишта им ги оборив врз главите нивни”. (Езекиел 22:8,31). {ПЦ 182.1}

Во времето на Неемија, кога повторно се градел Ерусалим, на сите кои ја престапувале саботата им било упатено строго прашање: „Не правеа ли така татковците наши, та Бог го пушти ова зло врз нас и врз овој град? А вие уште го умножувате гневот врз Израел осквернувајќи ја саботата”. (Неемија 13:18). {ПЦ 182.2}

И Христос за време на својата земска служба, укажувал на обврската за празнување на саботата: во целокупното Негово учење се гледа почитување кон одредбите кои Тој самиот ги дал. Во Негово време уредбата за саботата толку се изопачила што нејзиното празнување било повеќе одраз на себичниот карактер на злобните луѓе, отколку што укажувала на Бога. Христос го демантирал лажното учење кое погрешно го прикажувало Бога учење кое луѓето тврделе дека го познаваат. И покрај тоа што рабините немилосрдно Го прогонувале, Тој не сакал ни привидно да се покори на нивните барања, туку одел по правиот пат и саботата ја празнувал во склад со Божјиот закон. {ПЦ 183.1}

Со непогрешлив јазик, Тој посведочил за Неговата почит кон Господовиот закон: „Немојте да мислите дека сум дошол да ги поништам законот и пророците, не сум дошол да ги поништам туку да ги исполнам. Зашто навистина ви велам: додека небото и земјата постои, нема да снема ниту една јота или црта од законот додека сè не се изврши. Ако некој наруши една од овие најмали заповеди, и ги научи така луѓето, најмал ќе се нарече во Царството Божјо: а кој ги извршува и така ги научи луѓето, тој голем ќе се нарече во Царството Божјо”. (Матеј 5:17-19) {ПЦ 183.2}

Големиот непријател на човековата среќа во христијанската ера на векови најжестоко ја нападнал саботата четвртата заповед. Сатаната вели: „Ќе ја осуетам Божјата намера. Ќе ги овластам своите следбеници да го тргнат Господовиот спомен саботата седмиот ден. Ќе му прикажам на светот дека денот кој Бог го осветил и благословил е променет. На негово место ќе го поставам денот кој не носи Божји печат, ден кој не може да биде знак помеѓу Бога и Неговиот народ. И ќе ги наведам оние кои го прифаќаат тој ден да му ја придаваат онаа иста светост која Бог ја дал за седмиот ден. {ПЦ 183.3}

Со помош на својот намесник ќе се воздигнам себе си. Ќе го уважувам првиот ден и така протестантите ќе ја прифатат лажната сабота наместо вистинската преку непочитување на саботата која Бог ја воспоставил ќе ги наведам луѓето да го презрат Неговиот закон. Зборовите „знак меѓу мене и вас од колено до колено”, ќе направам да служат во чест на мојата сабота. {ПЦ 184.1}

Така светот ќе ми припаѓа мене. Ќе владеам со земјата и ќе бидам господар на светот. Јас така ќе ги контролирам умовите кои што се под моја контрола така што Господовата сабота ќе стане предмет на посебен презир. Каков знак ќе биде тоа? Ќе направам празнувањето на саботата да претставува знак на непокорност кон власта. Човечките закони ќе бидат така строги што луѓето нема ни да се осмелуваат да ја празнуваат саботата како седми ден. Од страв да не останат без храна и облека, тие ќе се приклучат на светот кој го престапува Божјиот закон. Земјата ќе биде целосно под моја власт”. {ПЦ 184.2}

Непријателот сакал со воспоставување на лажната сабота да ги измени законите и уредбите. Меѓутоа, дали му успеало да го измени Божјиот закон? Одговор даваат зборовите во триесет и првата глава од втората книга Мојсеева. Оној кој е ист вчера, денес, и довека рекол за саботата: „А саботите Мои пазете ги, зашто се знак помеѓу

Мене и вас од колено до колено..”. „Тоа е знак... довека”. (Излез 31:13,17). Изменетиот пат укажува на погрешен пат, но Бог не се променил. Тој е сè уште силниот Израелов Бог. „Ете народите се како капка од ведро, и се сметаат како прашинка на терезија. Ете, островите Тој ги подигна како прав. Ни Ливан не стигнува за жртвен оган, ни животните по него за сепаленица. Сите народи пред Него се како ништо, за Него сè помалку од ништо, и помалку се од суетата”. (Исаија 40:15-17). Тој и денес ревнува за својот закон токму како што правел во времето на Ахав и Илија. {ПЦ 184.3}

А колку ли само се презира тој закон! Погледнете како денешниот свет отворено бунтува против Бога. Нашето поколение навистина е заблудено, полно со неблагодарност, формализам, неискреност, гордост, западнато во отпадништво. Луѓето ја занемаруваат Библијата и ја мразат вистината. Исус гледа како Неговиот закон се отфрла и Неговата љубов се презира, како луѓето рамнодушно ги примаат Неговите гласници. Тој говорел со милостиви зборови, но луѓето не ги препознале. Праќал предупредувања, но луѓето не обрнувале внимание на нив. Тремовите на човечката душа станале несвет објект. Луѓето робуваат на себичноста, зависта, гордоста и пакоста. {ПЦ 185.1}

Мнозина не се срамат дури и со потсмев да говорат за Речта Божја. Ги исмејуваат луѓето кои веруваат во таа Реч онака како што е напишана. Законот и редот сè повеќе се изложуваат на презир а по тоа доаѓа и до нескриени престапи на јасните Господови заповеди. Луѓето се тргнале од патот на покорноста и како последица се јавиле насилства и зло. Погледнете во каква беда се наоѓаат милиони луѓе кои обожуваат идоли и залудно тежнеат кон среќа и спокојство. {ПЦ 185.2}

Погледнете речиси сеопшто непочитување на заповедта која наложува празнување на саботата. Погледнете ја безбожната дрскост на оние кои од една страна со закон сакаат да ја запазат наводната светост на првиот ден од седмицата, а од друга страна со закон дозволуваат продажба на жестоки пијалаци. Тие сакаат да бидат помудри од Светото Писмо и се обидуваат да вршат притисок на совеста од луѓето, додека со ист замав овластуваат едно зло кое човекот го унижува до животно и ги уништува созданијата создадени според Божјото обличје. Самиот сатана го инспирира изрекувањето на ваквите закони. Тој многу добро знае дека проклетството Божјо ќе ги стигне оние кои човечките закони ги издигаат над Божјите и се труди со сите сили луѓето да ги наведе на широкиот пат кој води во пропаст. {ПЦ 186.1}

Луѓето толку долго се поклонувале на човечки идеи и одредби што речиси целиот свет оди по идоли. Во своите обиди да го измени Божјиот закон, сатаната се служи со сите можни измами за да ги наведе луѓето да станат против Бога и знаците по кои се распознаваат праведниците. Меѓутоа, Бог нема секогаш да трпи неказнето да се гази и презира Неговиот закон. Доаѓа време за кое говори Исаија: „Ничкум ќе паднат гордите погледи човечки, и она, што е високо кај луѓето, ќе се понизи: а само Господ ќе стои високо во тој ден”. (Исаија 2:11). Оние кои се сомневаат можат да се шегуваат и потсмеваат на прописите на Божјиот закон и може да се одрекуваат: мнозина можат да се заразат со духот од овој свет, а некои сосема ќе паднат под негово влијание: можеби ќе бидат потребни големи напори и непрекинати жртви за да се одржи Божјото дело: но сепак на крајот вистината ќе триумфира славно. {ПЦ 186.2}

При завршувањето на Божјото дело на земјата повторно ќе биде воздигнато знамето на Неговиот закон. Лажната вера може да преовладува, беззаконието може да се умножи, љубовта на мнозина да олади, крстот од Голгота да биде загубен од вид: мракот може како дух на смрт да го обвиткува светот, луѓето можат со сите сили да

станат против вистината, можат да сковаат многубројни сплетки за да се совлада Божјиот народ но во часот на најголема опасност Богот Илиев ќе ги употреби човечките орудија да ја објават веста која нема да може да се замолкне. Во пренаселените градови, во местата каде што луѓето најповеќе говореле против Бога, се слуша глас на строг укор. Луѓето кои Бог ги назначил смело ќе го осудуваат сојузот на црквата со светот. Тие сериозно ќе повикуваат луѓе да го отфрлат човечкиот закон и да ја празнуваат вистинската сабота. Тие ќе проповедаат на сите народи: „Бојте се од Бога, и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд: и поклонете му се на Оној кој го создал небото и земјата и морето и водните извори... Оној кој што ќе се поклони на sверот и неговата икона и прими жиг на челото свое или на раката своја, ќе пие од виното на Божјиот гнев, кое е неразводнето во чашата на Неговиот гнев". (Откровение 14:7-10). {ПЦ 186.3}

Бог нема да го прекрши својот завет ниту пак ќе ја измени речта која ја изговорил. Неговата реч вечно ќе остане на сила, неизменета како и Неговиот престол. На денот на судот ќе се покаже заветот кој Бог јасно го испишал со својот прст, и целиот свет ќе биде доведен пред суд на Вечната Правда да ја слушне пресудата. {ПЦ 187.1}

Денес, како и во времето на Илија, јасно е повлечена граница помеѓу народот кој ги држи Божјите заповеди и оние кои што се поклонуваат на лажни богови. „До кога ќе се лулате на две страни?" извикал Илија. „Ако е Господ Бог, одете по Него: ако е Ваал, одете по него".(1. Царевите 18:21). А веста за нашето време гласи: „Падна, падна Вавилон големиот...излезете од неа, луѓе Мои, за да не учествувате во гревовите нејзини, и да не се заразите од раните нејзини: бидејќи гревовите нејзини стигнаа до небото, и Бог си спомна за неправдите нејзини". (Откровение 18:2, 4-8). {ПЦ 187.2}

Не е далеку времето кога секоја душа ќе биде ставена на проба. Од нас ќе се бара да ја празнуваме лажната сабота. Ќе се води борба помеѓу Божјите заповеди и човечките. Оние кои чекор по чекор попуштале на барањата на светот, кои се прилагодувале на неговите обичаи, побрзо ќе се потчинат тогаш на светските сили отколку да се изложат на потсмев, навредување, опасност од затвор и смрт. Во тоа време златото ќе се одвои од троскотот. Вистинската побожност јасно ќе се разликува од лажната и привидната. Ќе потонат во мракот многу sвезди на чиј сјај сме се восхитувале. Оние кои се кителе со украсите на светилиштето, но не се облекле со Христовата праведност, ќе се покажат во својата голотија. {ПЦ 188.1}

Помеѓу жителите на земјата, растурени по сите краишта на светот, живеат луѓе кои не ги свиткале колената пред Ваал. Како небесни sвезди кои се појавуваат само ноќе, овие верници ќе блескаат кога мракот ќе ја покрие земјата и темнината народот. Во незнабожечка Африка, во католичките земји на Европа и Јужна Америка, во Кина и Индија, на морските острови, во сите мрачни делови на земјината топка, Бог има во резерва мноштво избрани sвезди кои ќе блескаат среде мракот и јасно ќе му покажат на отпадничкиот свет колкава моќ на преобразување има покорувањето на Неговиот закон. Дури и денес таквите се појавуваат во сите народи, раси и јазици. А во часот на најдлабок отпад, кога сатаната со сите сили ќе се труди да ги наведе „сите, мали и големи, богати и сиромашни, слободни и робови" (Откровение 13:16) под закана на смртна казна да го примат знакот на потчинетост на лажниот ден за одмор, оние верни, „вистински Божји деца без мана", ќе блескаат „како видело на светот" (Филипјаните 2:15). Колку ноќта е помрачна, толку тие појасно ќе блескаат. {ПЦ 188.2}

Што би било кога Илија би го пребројувал Израел во времето кога Божјата казна се излеала на отпадничкиот народ! Тој би можел да изброи само еден на Господовата

страна. Но кога рекол: „Јас останав сам, па ја бараат да ја земат и мојата душа”, речта Господова го изненадила: „Но си оставив во Израел седум илјади кои не ги свиткаа колената пред Ваал”. (1. Царевите 19:14,18). {ПЦ 189.1}

Според тоа, нека никој денес не го пребројува Израел, туку нека настојува срцето да му биде „месно” и полно со нежно сочувство, срце кое како Христовото ќе се заложува за спасение на загубениот свет. {ПЦ 189.2}

ПОГЛАВЈЕ 15 - ЈОСАФАТ

Пред стапувањето на престолот во својата триесет и петта година, Јосафат пред себе го имал примерот на добриот цар Аса, кој скоро во сите тешкотии „правеше... што е право во очите на Господа”. (1. Царевите 15:11). Во текот на дваесет и петте години од своето успешно владеење Јосафат одел „по патот на својот татко Аса, не свртувајќи се од него”. (1. Царевите 22:43) {ПЦ 190.1}

Во своите напори мудро да владее, Јосафат се обидувал да ги убеди своите поданици да заземат одлучен став против идолопоклоничките обичаи. Народот во неговото царство „сè уште принесуваше жртви и кадеше на висините”. (2. Царевите 22:44). Царот не ги уништил веднаш тие олтари, но од самиот почеток настојувал да го запази Јуда од гревовите кои го карактеризирале северното царство за време на Ахавовото владеење, чиј современик бил многу години. Самиот Јосафат се одликувал со преданост кон Бога. Тој „не го бараше Ваал; туку Господ Бог на својот татко го бараше и по заповедите Негови одеше, и не чинеше како Израеловите синови”. Заради неговиот интегритет, Господ беше со него, и „го утврди царството во рацете негови”. (2. Летописи 17:3-5). {ПЦ 190.2}

„Целиот народ Јудин му даваше дарови на царот, та имаше големо благо и слава. И срцето негово се охрабруваше на патиштата Господови”. Времето проаѓало, се остварила преобразба, и царот „ги отстрани високите места и ашерите (шумичките) во Јудеја” (Стихови 5,6) „Го истреби од земјата остатокот од изопачените мажи (содомци хомосексуалци), кои се одржаа од времето на неговиот татко Аса”(1. Царевите 22:46). Така жителите на Јуда постепено се ослободиле од многу опасности кои можеле во голема мерка да им пречат во нивниот духовен развој. {ПЦ 191.1}

Било потребно народот во целото царство да се поучи за Божјиот закон. Во разбирањето на тој закон лежела нивната безбедност. Ако својот живот би го прилагодиле на прописите на законот, би биле верни и на Бога и на човекот. Знаејќи го тоа, Јосафат преземал чекори кои на својот народ ќе му овозможи потполно да се запознае со светите списи. На кнезовите кои управувале со различни делови на неговото царство, им биле дадени упатства да се грижат за верната служба на свештениците. Под непосредно надгледување на кнезовите, тие учители по царска наредба „ги појдоа сите Јудини градови, учејќи го народот”. (2. Летописи 17:7-9). И бидејќи мнозина се потрудиле да го разберат Божјиот закон и да го отфрлат гревот, дошло до духовно оживување. {ПЦ 191.2}

На своето мудро задоволување на духовните потреби на своите поданици, Јосафат му должел многу за својот успех како владетел. Големата добивка лежи во послушноста на законот Божји. Во прилагодување кон божествените барања лежи моќта на преобразувањето, која донесува мир и добра волја меѓу луѓето. Кога науката за Божјата

реч би управувала со животот на секој човек и жена, кога умот и срцето би се потчиниле на нејзината сила, не би имало место за зло кое денеска постои во светот. Од секој дом би се ширело влијание кое би го засилило светот во духовен и морален поглед, и така народите и поединците би се наоѓале во поволна положба. {ПЦ 192.1}

Јосафат многу години живеел во мир, непопречен од околните народи. „Дојде стравот Господов врз сите царства околни та не војуваа со Јосафат". (Стих 10). Филистејците му давале данок во пари и дарови, а Арапите големи стада на овни и јарци. „Така напредуваше Јосафат и се подигна многу; и сосида во Јудеја кули и градови за житници...војници, храбри јунаци,...му служеа на царот покрај оние кои беа наместени во тврдините на градовите во својата земја Јудина". (Стихови 12-19). Обилно благословен со „богатство и слава", Јосафат бил во можност да врши силно влијание во корист на вистината и праведноста. (2. Летописи 18:1) {ПЦ 192.2}

Неколку години откако стапил на престолот, на врвот од својот успех, Јосафат се согласил неговиот син да се ожени со Готолија, ќерката на Ахав и Језавела. Со тој брак помеѓу Јудиното царство и Израел бил направен сојуз, кој не бил по Божјата волја, и кој во времето на криза донел пропаст и на царот и на многу негови поданици. {ПЦ 192.3}

Во една прилика Јосафат го посетил израелскиот цар во Самарија. На царскиот гостин од Ерусалим му биле укажани големи почести, и пред да се заврши таа посета, Јосафат бил наговорен да му се придружи на израелскиот цар во војна против Сиријците. Ахав се надевал дека ако ги здружи своите сили со силата на Јуда, повторно ќе го освои Рамот, еден од старите градови за прибежиште, кој, според негово тврдење им припаѓал на Израелците. {ПЦ 195.1}

И покрај тоа што во еден момент на слабост непромислено ветил дека ќе му се придружи на израелскиот цар во војна против Сиријците, Јосафат размислувајќи дошол до заклучок дека треба да ја сознае Божјата волја за тој зафат. Па така го советувал Ахав: „Прашај словото Господово што ќе рече, денес". Одговарајќи на неговата молба, Ахав повикал четиристотини самариски лажни пророци и ги запрашал: „Да одиме ли во војна против Рамот Галадски, или да се воздржам? Тие одговорија: Оди, и Господ ќе го предаде во раката на царот". (Стих 4,5). {ПЦ 195.2}

Незадоволен од тоа пророштво, Јосафат сакал со сигурност да ја сознае Божјата волја. Тој запрашал: „Има ли уште некој пророк Господов да го прашаме?" (Стих 6). „Има уште еден човек, Михеј синот Емлин преку кого би можеле да го прашаме Господа", рекол Ахав; „но јас го мразам, зашто не ми пророкува добро туку зло". (1. Царевите 22:8). Јосафат бил непопустлив во своето барање да се повика Божјиот човек. Кога се појавил пред нив и кога Ахав го заколнал да говори „само вистина во името Господово", Михеј рече: „Го видов целиот Израелов народ растурен по планините како овци кои немаат пастир, зашто Господ рече: овие немаат господар, нека се врати секој во својата куќа со мир". (Стихови 16,17). {ПЦ 195.3}

Требало овие пророкови зборови да бидат доволни и да им покаже на царевите дека небото не им е наклонето на нивните планови. Но ниту еден од нив не бил наклонет да ги послуша опомените. Ахав самиот за себе си го одредил патот и бил решен да оди по него. Јосафат го дал својот чесен збор: „Ќе одиме со тебе во војна". (2. Летописи 18:3). И бидејќи дал ветување, не сакал да ги повлече своите сили. „И отиде царот Израелов и Јосафат царот Јудејски на Рамот Галадски". (1. Царевите 22:29). {ПЦ 196.1}

Во текот на битката, Ахав го погодила стрела и истиот ден вечерта умрел. „Околу зајдисонце", „низ војската прошол гласникот говорејќи: Секој во својот град, и секој во својата земја". (Стих 36). Така се исполнила пророковата реч. {ПЦ 196.2}

Јосафат по таа несреќна битка се вратил во Ерусалим. Кога се приближил до градот, го дочекал пророкот Јуј со прекор: „Требаше ли да му помагаш на безбожникот и да ги сакаш оние, што го мразат Господа? Затоа гневот Господов падна врз тебе. Сепак се најде и добро во тебе затоа што ги истреби идолите од земјата и што го управи срцето твое да го бараш Бога". (2. Летописи 19:2,3). {ПЦ 196.3}

Преостанатите години од своето владеење, Јосафат ги искористил да ги зајакне националната и духовната одбрана на Јуда. Јосафат „помина низ народот од Вирсавеја до Ефремовата гора и ги поврати кон Господа Бога на татковците нивни". (Стих 4). {ПЦ 196.4}

Еден од позначајните чекори кои царот ги преземал било во основањето и одржувањето на судовите. Тој „постави судии во земјата по сите утврдени градови на Јуда, град по град". Предавајќи им должност, тој рекол: „Гледајте што ќе правите, затоа што вие нема да судите за човек, туку за Господа, кој е со вас кога судите. Затоа нека биде стравот Господов во вас; пазете и работете, зашто во Господа, нашиот Бог нема неправда, ниту гледа кој е кој, ниту прима дарови".(Стихови 5-7) {ПЦ 197.1}

Системот на правосудството бил усовршен со основање на апелационен суд во Ерусалим, каде што Јосафат „постави од Левитите и свештениците и поглаварите на татковските домови во Израел за Господови судови и за расправи". (Стих 8) {ПЦ 197.2}

Царот барал од судиите да бидат верни. Тој им наложил: „Така работете со страв Господов, со верност и чисто срце: при секоја расправија, каква што ќе дојде кај вас од браќата ваши, што живеат по градовите свои, било за крвнина, или за закон, заповед, уредба и обреди, објаснувајте им да не грешат пред Господа, та да не дојде гневот Негов врз вас и врз браќата ваши: така работете, и нема да згрешите". {ПЦ 197.3}

„И ете, првосвештеникот Амарија е над вас за секоја Господова работа, а Завдија, синот Исмаилов, кнез на Јудиниот дом за секоја царска работа, а и левитите ќе бидат покрај вас". {ПЦ 197.4}

„Бидете цврсти и работете, и Господ ќе биде со добриот". (Стихови 9-11). {ПЦ 198.1}

Во грижата за правата и слободата на своите поданици, Јосафат истакнувал дека Богот на правдата, кој владее над сите, подеднакво го цени секој член од човечкото семејство. „Бог застана во собранието на боговите; меѓу боговите изрече суд". И оние кои беа поставени како судии под Него, требаа да ги „заштитат сиромашните и сираците;" и да ги „ослободуваат од рацете на грешниците". (Псалм 82:1,3,4). {ПЦ 198.2}

Пред крајот на Јосафатовото владеење Јудиното царство го нападнало војска од која жителите со причина стравувале. „Синовите Моавови и синовите Амонови, а со нив и некои кои живеат крај земјата Моавска, појдоа во војна против Јосафата". Дојдоа и му се јавија на Јосафата, велејќи: Против тебе доаѓа големо мноштво од онаа страна на морето, од Сирија, и веќе се во Асасон-Тамар, односно во Енгади". (2. Летописи 20:1,2). {ПЦ 198.3}

Јосафат бил храбар и смел човек. Тој со години ја зајакнувал војската и ги утврдувал градовите. Добро се борел и се подготвувал да го дочека речиси секој непријател. Меѓутоа, во оваа криза не се потпрел на телесната мишка. Не со помош на дисциплинираната војска и утврдените градови, туку благодарејќи на живата вера во Израеловиот Бог, Јосафат можел да извојува победа над незнабошците кои се фалеле со својата сила и имале намера да ја понизат Јудеја пред останатите народи. {ПЦ 198.4}

„Јосафат се уплаши и го сврти лицето свое да Го побара Господа и објави пост во цела Јудеја. И се собраа Јудејците да молат за помош од Господа; дојдоа да Го молат Господа од сите Јудини градови". {ПЦ 199.1}

Стоејќи пред народот во храмовиот трем, Јосафат ја излевал својата душа во молитва, и викал кон Господа за помош признавајќи колку е Израел беспомошен. „Господи, Боже на татковците наши" се молел тој, „Не си ли Ти Бог на небото? Ти владееш над сите царства на незнабошците; и во Твојата рака е силата и цврстината, и никој не може да устои спроти Тебе! Не ли Ти, Боже наш, ги истера жителите на оваа земја пред лицето на Твојот народ Израелот и му ја даде засекогаш на семето од Авраама, Твојот пријател? Тие се населија и Ти изградија во неа светилиште во Твое име велејќи: ако дојде врз нас неволја: меч-погубен, или помор, или глад, ќе застанеме пред овој дом и пред Твоето лице, (зашто името Твое е во тој дом) и во маките свои ќе повикаме кон Тебе, и Ти ќе нè чуеш и ќе нè избавиш. {ПЦ 199.2}

„И сега, еве, Амонитите и Моавците и жителите на гората Сеир, преку чии земји не дозволи да преминат Израелците, кога доаѓаа од египетската земја, па затоа тие ги одминаа и не ги сотреа. А, еве, тие ни враќаат сега со тоа, што дошле да не истераат од Твоето наследствено владение, што си ни го дал. О Боже наш, зарем нема да им судиш? Зашто ние немаме сила против тоа големо мноштво, што не непаднало и не знаеме, што да правиме; но очите ни се кон Тебе". (Стихови 3-12). {ПЦ 199.3}

Јосафат со доверба можел да Му каже на Господа: „Туку очите наши се свртени кон Тебе". Со години тој го поучувал народот да се надева на Оној кој во минатите столетија толку многу пати се заложувал да ги спаси своите избраници од целосна пропаст. И сега, кога царството било во опасност, Јосафат не бил осамен: „Сите Јудини синови застанаа пред Господа и децата нивни, жените нивни и синовите нивни". (Стих 13). Тие сложно постеле и се молеле, сложно викале кон Господа да создаде збрка помеѓу непријателите за да се прослави Јеховиното име. {ПЦ 200.1}

„О Боже, не молчи!
Не премолчувај, ниту мирувај,
О Боже, зашто, ете, Твоите непријатели вреват:
И оние, што те мразат, ја кренаа главата.
Против Твојот народ зло наумија,
и се советуваат против штитениците Твои; рекоа:
Да отидеме и да го истребиме меѓу народите,
па да не се спомнува повеќе името Израел.
Сè договорија еднодушно, и склучија против Тебе сојуз:
Шаторите на Едом и Исмаилците,
Моавците и Агарјанците;
Гевал, Амон, и Амалик...
Направи им како на Мадијамците,
како на Сисара, и на Јавина кај потокот Кисон:...
Нека се засрамат и плашат засекогаш,
нека се срамат и нека изгинат:
Нека луѓето знаат дека :
Ти си, Чие име е Јехова, Единствен Највозвишен над целата земја".
(Псалм 83) {ПЦ 200.2}

Кога народот му се придружил на царот понизувајќи се пред Бога и барајќи од него помош, Духот Господов се симна на Јозоил, „левит помеѓу синовите Асафови”, кој рече: {ПЦ 201.1}

„Чујте сите Јудејци и жители ерусалимски, и ти, цару Јосафате! Вака ви вели Господ ваш: Не плашете се и не стравувајте од тоа големо мноштво, зашто војната не е ваша, туку Божја. Излезете утре против нив: ете, тие ќе се искачуваат по ридот Асис, вие ќе ги најдете на крајот од долината, спрема пустината Јеруил. Овој пат нема вие да се борите: застанете, стојте и гледајте го спасението од Господа, што ви се испраќа. Јудо и Ерусалиме, не плашете се и не стравувајте! Излезете утре против нив, и Господ ќе биде со вас”. {ПЦ 201.2}

„Јосафат се поклони со лицето до земјата, и сите жители ерусалимски паднаа пред Господа, за да Му се поклонат. А левитите од синовите Каатови и од синовите Корееви почнаа да Го слават Господа, Бога Израелов, со многу висок глас. {ПЦ 201.3}

Утредента станаа рано и тргнаа кон Текојската пустина, и кога тргнаа кон битката, застана Јосафат и рече: „Чујте ме Јудејци и жители ерусалимски! Верувајте Му на Господа, нашиот Бог, и ќе бидете цврсти; верувајте им на пророците Негови, и ќе имате успех. Потоа се посоветува со народот и постави пејачи пред Господа, одејќи пред војската, да ја слават убавината на светоста”. (2. Летописи 2:14-21) Овие пејачи одеа пред војската, подигнувајќи ги своите гласови во знак на благодарност кон Бога за ветената победа. {ПЦ 201.4}

Тоа било необичен начин на стапување во борба со непријателската армија фалејќи го Бога со песна, возвисувајќи го Богот на Израел. Тоа била нивната воинствена песна. Тие ја поседувале убавината на светоста. Кога денес повеќе би го фалеле Бога, надежта, храброста и верата постојано би се зголемувале. И зарем на таков начин не би се засилила раката на храбрите војници кои денес стојат во одбрана на вистината? {ПЦ 202.1}

„Господ предизвика несогласност меѓу Амонитите, Моавците и жителите на гората Сеир, што ја беа нападнале Јудеја, и тие беа разбиени: зашто Амонитите и Моавците се кренаа против жителите на гората Сеир, и ги биеја и ги истребуваа, а кога завршија со жителите на сеир, почнаа да се истребуваат едни со други. {ПЦ 202.2}

И кога Јудејците дојдоа на ридот при пустината и го видоа она множество, а таму трупови, испружени по земјата, и никој не се беше спасил”. (Стихови 2224) {ПЦ 202.3}

Бог бил Јудината сила во оваа криза, а Тој и денес е сила на својот народ. Не смееме да се потпреме на кнезови ниту да ставаме луѓе наместо Бог. Мораме да имаме на ум дека луѓето паѓаат во заблуди и грешки, и единствено Оној кој има целосна сила е наша одбрана и тврдина. Во секоја потешкотија мораме да мислиме на тоа дека битката е Негова. Божјите средства се неограничени, а победата, колку се чини неможна, толку повеќе ќе биде поголема. {ПЦ 202.4}

„Спаси нè, Боже на спасението наше,
и собери нè заедно,
и откупи нè и избави нè од незнабошците,
за да го славиме Твоето свето име,
за да се фалиме со твојата слава”.
(1. Летописи 16:35) {ПЦ 202.5}

Натоварена со плен јудејската војска се вратила „со веселба, зашто Господ ги возрадува над непријателите нивни. И дојдоа во Ерусалим со псалтири и гусли и труби во Господовиот дом". (2. Летописи 20:27,28) Тие целосно се потпреле на Бога и Тој станал нивна тврдина и Ослободител. Сега со разбирање можеле да ја пеат вдахновената Давидова песна: {ПЦ 203.1}

„Бог ни е нам прибежиште и сила,
секогаш присутен помошник во мака...
ги прекрши лаковите,
и ги скрши копјата;
ги изгоре колите со оган.
Јас ќе бидам воздигнат над незнабошците
Јас ќе бидам превознесуван над земјата.
Господ над војските со нас,
Јакововиот Бог е наш застапник. {ПЦ 203.2}
„Според името Твое, О Боже,
така е Твојата пофалба до краиштата на земјата:
Твојата десница е полна со праведност.
Нека се весели гората Сион,
Нека се радуваат јудејските ќерки,
заради Твоите судови, Господи... {ПЦ 203.3}
Зашто Бог е наш Бог во сите векови:
Тој ќе нè води нас дури до смрт".
(Псалм 48:10-14) {ПЦ 203.4}

Благодарение на верата на царот јудејски и неговата војска, „и страв Божји нападна врз сите царства земни, кога слушнаа, дека Сам Господ војувал против непријателите на Израилот. И царството Јосафатово се успокои; Господ му даде мир од сите страни". (2. Летописи 20:29,30) {ПЦ 203.5}

ПОГЛАВЈЕ 16 - ПАДОТ НА ДОМОТ АХАВОВ

Ова поглавје се базира на 1. Царевите 21; 2. Царевите 1.

Лошото влијание кое Језавела од почетокот го вршела врз Ахав ги обележувало и подоцнежните години од животот на Ахав, и вродило со плод на срам и насилство на кој ретко во светата историја му има рамен. „Уште немало таков како Ахава, кој се продаде така за да прави што е зло во очите на Господа, за кое го советуваше жена му Језавела". (1. Царевите 21:25). {ПЦ 204.1}

По природа склон кон алчност Ахав поттикнуван и поддржуван во зло од Језавела, се водел според склоностите на своето лошо срце, додека на крајот нè потпаднал целосно под власт на себичноста. Тој не трпел да му се одбие било каква желба; сметал дека има право врз она што го сакал. {ПЦ 204.2}

Таа доминантна црта на Ахавовиот карактер, која така несреќно влијаела врз судбината на царството за време на неговите наследници, јасно се покажала во една прилика на една случка која се одиграла уште додека Илија бил пророк во Израел.

Непосредно покрај царскиот двор се наоѓало лозје кое припаѓало на еден Ездраелец Навутеј. Ахав посакал да го земе тоа лозје. Сакал да го купи или да го замени со некој друг имот. „Дај ми го ова лозје", му рече тој на Навутеј, „тоа ќе ми биде овоштарник, бидејќи е близу до мојот дом, а место него ќе ти дадам поубаво лозје од тоа, или, ако сакаш, ќе ти дадам сребро, колку што чини тоа". (1. Царевите 21:2). {ПЦ 204.3}

На Навутеј му било многу важно ова лозје, затоа што припаѓало на неговите предци и не сакал да го отуѓи. „Да ме чува Господ да ти го дадам наследството од татковците свои" (1. Царевите 21:3) му рекол тој на Ахав. Според левитскиот закон ниту еден имот не можел засекогаш да се пренесе на друг, ниту со купопродажба ниту со замена; синовите Израелови морале „да го чуваат секое наследство на татковците свои". (Броеви 36:7) {ПЦ 205.1}

Себичниот цар се разбеснал заради Навутеевото одбивање. „Ахав се врати во домот свој возбуден и лут од зборовите, што му ги беше кажал јизраелецот Навутеј... и тој легна на постелата своја, си го сврти лицето свое и не јадеше леб". (1. Царевите 21:4). {ПЦ 205.2}

Језавела набрзо дознала што се случило, па и самата бесна што некој се осудил да го одбие царевото барање, му рече на Ахав дека за тоа не треба да се тагува. „Ти ли си царот Израелов?" му рече таа. „Стани јади леб, и биди со добра волја; јас ќе ти го дадам лозјето од јизраелецот Навутеј". {ПЦ 205.3}

На Ахав не му било важно на кој начин Језавела ќе го нарави тоа, и таа веднаш се фрлила на работа да ја оствари својата гнасна намера. Напишала писмо во името на царот, го запечатила со неговиот печат и го пратила на старешините и поглаварите на градот во кој живеел Навутеј, велејќи: „Објавете пост и поставете го Навутеја пред народот; и спроти него ставете двајца лоши луѓе, што ќе сведочат против него и да кажат: Ти хулеше на Бога и на царот. И потоа изведете го и убијте го со камења, та да умре". {ПЦ 205.4}

Наредбата била набрзо извршена. „Тогаш мажите на неговиот град, старешините и големците,...направија како што им заповеда Језавела, така како што беше запишано во писмото, што го беше испратила до нив". (Стих 11). Тогаш Језавела отишла кај Ахав и му кажала да отиде и да го заземе лозјето. Ахав не мислејќи на последиците, потпаднал под нејзиниот совет и тргнал да го присвои посакуваното лозје. {ПЦ 206.1}

Но на царот не му било допуштено мирно да ужива во она што го присвоил со измама и крвопролевање. „Тогаш би словото Господово кон Тесвиќанецот Илија: Стани и пресретни го израелскиот цар Ахава, кој е во Самарија, -ете сега е во лозјето на Навутеја, каде што дошол да го завладее, и кажи му: вака вели Господ: ти си убил, и уште стапуваш во наследство? (Стихови 17-19) Господ потоа му наложил на Илија да изрече врз Ахав страшна казна. {ПЦ 206.2}

Пророкот побрзал да ја изврши божествената заповед. Наоѓајќи се очи во очи со Господовиот гласник во лозјето, царот чувствувајќи ја својата вина извикал во страв: „Ме најде ли, о непријателе мој?" {ПЦ 206.3}

А гласникот Господов одговори без колебање: „Те најдов, бидејќи ти се оддаде да вршиш зло пред очите на Господа. Ете, ќе ти нанесам зло, и ќе го истребам твоето потомство". Повеќе не требаше да има милост. Домот Ахавов ќе биде целосно уништен, „како домот на Наватовиот син Јероводм и со домот на Ахавиевиот син Васа", Господ објавил преку својот слуга: „зашто ме расрди до гнев и го наведе на грев Израелот". (Стихови 20-22). {ПЦ 206.4}

И за Језавела Господ рече: „И за Језавела Господ рече: „Кучињата ќе ја изедат Језавела зад јизреелските ѕидови; и кој од Ахавовиот дом ќе умре во градот, него кучињата ќе го изедат, а кој ќе умре во полето, него птиците небески ќе го исколваат” (Стихови 23 и 24). {ПЦ 207.1}

Кога царот ја чул оваа страшна вест, „ја раскина облеката своја, го покри телото свое со вреќиште, постеше и спиеше во вреќиште и одеше нажален”. {ПЦ 207.2}

„И дојде слово Господово кон Илија од Тишбе. И Господ рече: ‘Виде ли, се понижи Ахав пред Мене? Затоа што така се понижи пред Мене, Јас нема да му испратам зло во неговите дни, туку во дните на синот негов ќе пратам зло врз неговиот дом.’” (Стихови 27-29). {ПЦ 207.3}

Не поминале ни три години а царот Ахав го загубил животот во војна со Сиријците. Охозија, неговиот син, „правеше што е зло во Господовите очи, и одеше по патот на својот татко и по патот на својата мајка, и по патот на Јеровоам, синот Наватов”. „Му служеше на Ваал и му се поклонуваше. Го разгневуваше Господа, Израеловиот Бог” (1. Царевите 22:52,53) како што правел и неговиот татко Ахав. Меѓутоа казните брзо почнале да пристигаат до овој непокорен цар. Најнапред тешка војна со Моавците, а потоа еден несреќен случај во кој за малку што не го загубил животот. Сето тоа биле знаци дека Бог се гневи на него. {ПЦ 207.4}

Охозија падна „низ прозорската решетка на својата горна соба” и тешко повреден и загрижен заради последиците ги пратил своите слуги да го прашаат Велзевула богот Акаронски дали ќе заздравее или не. Луѓето верувале дека богот во Акарон дава преку своите свештеници информации за случките во иднината. Мнозина луѓе тука доаѓале распрашувајќи се за иднината; меѓутоа, сите тие претскажувања и информации доаѓале од кнезот на темнината. {ПЦ 207.5}

Слугите на Охозија наишле на еден Божји човек, кој им рекол да се вратат кај царот со пораката: „Зар во Израелот нема Бог, та сте тргнале да го прашате Велзевула, акаронското божество? Затоа вака вели Господ: Од постелата, на која си легнал, нема да станеш, туку ќе умреш”. И откако ја пренесе пораката, пророкот си замина. (2. Царевите 1:1-4). {ПЦ 208.1}

Зачудените слуги побрзале назад кај царот да го известат за она што им го рекол Божјиот човек. „Каков беше на изглед тој човек? запраша царот. Тие му одговорија: Тој човек целиот беше со влакна и беше опашан преку половината со кожен појас”. Тоа е „Илија Тесвитецот”, извикал царот. Знаел дека пророковите зборови ќе се исполнат, ако човекот што го сретнале навистина бил Илија. Со желба ако е воопшто можно, да ја оттргне од себеси таа казна, тој одлучил да прати луѓе да го доведат пророкот. {ПЦ 208.2}

Охозија два пати праќал чета војници да го заплаши пророкот, и два пати војниците ги уништувал Божјиот гнев. Третата чета се понизила пред Бога, а нивниот капетан приближувајќи се до Божјиот гласник, „клекна на колена пред Илија, и молејќи го му рече: човеку Божји, мојот живот и животот на овие педесет твои слуги нека биде скапоцен во твоите очи”. {ПЦ 208.3}

„Тогаш му рече Ангелот Господов на Илија: Оди со него и не плаши се од него. И тој стана, та отиде со него при царот. И му рече: Вака вели Господ: Поради тоа што испрати пратеници да го прашаат Велзевула, акаронското божество, како да немаше во Израелот Бог да Го прашаш за словото Негово ти нема да станеш од леглото, на кое си легнал, туку ќе умреш”. (2. Царевите 1:7-8, 13; 15-16). {ПЦ 209.1}

Охозија уште во животот на својот татко бил сведок на чудесните дела на Семожниот. Ги видел Божјите докази кон отпаднатиот Израел за тоа како Тој гледа на оние кои ги отфрлаат обврзувачките барања на Неговиот закон. Но Охозија кон тие строги работи се однесувал како да се обична бајка. Наместо да излезе со скрушено срце пред Господа, тој се поврзал со Ваал и најпосле се осудил да го направи тоа свое најбезбожно дело. Непокорен и без намера да се покае, Охозија умрел „според зборовите Господови, кои ги рече Илија". {ПЦ 209.2}

Историјата за гревот на царот Охозија и неговата казна ја содржи поуката која никој не може неказнето да ја избегне. Денешните луѓе можеби не оддаваат почести на незнабожечки богови, но сепак илјадници се поклонуваат пред сатанските олтари, како што тоа некогаш го правел Израеловиот цар. Духот на идолопоклонството и денес цвета во светот, и покрај тоа што под влијание на науката и образованието добил поубав и попривлечен облик отколку што било тоа во времето кога Охозија се обраќал на акаронскиот бог. Секој ден донесува нови жални докази дека верата опаѓа во верната пророчка реч, и наместо неа суеверието и сатанските магии го освојуваат разумот на многу луѓе. {ПЦ 210.1}

Денеска обредите на незнабожечките идолопоклонства се заменети со тајни состаноци и сеанси, мрачни претскажувања и чуда на спиритистички медиуми. Откритијата на таквите медиуми желно ги прифаќаат илјадници луѓе кои одбиваат да ја примат светлината на Речта Божја преку Неговиот Дух. Оние кои веруваат во спиритизам можеби со презир говорат за некогашните врачари, но големиот измамник победоносно се исмејува кога тие запаѓаат во неговите лукави стапици во поинаков облик. {ПЦ 210.2}

Има луѓе кои со ужас ја отфрлаат помислата да се обратат на медиуми, но ги привлекуваат некои попријатни облици на спиритизам. Други отишле на застранет пат заради теориите на култот „Христијанска Наука", и преку мистицизмот на теозофијата и другите источни религии. {ПЦ 210.3}

Проповедниците на скоро сите облици на спиритизам тврдат дека имаат моќ да исцелуваат. Тие таа моќ ја препишуваат на електрицитетот, магнетизмот, т.н. „симпатетични лекови" и скриени внатрешни сили на човековиот ум. И не е мал бројот на оние кои и во овој христијански век одат кај такви „исцелители", наместо да се надеваат во силата на живиот Бог и во знаењето на добро квалификуваните лекари. Мајките бдеат крај постелите на своите болни деца и мислат: „Ништо повеќе не можам да направам. Зарем никаде нема лекар кој има моќ да го исцели моето дете?" Некој ќе и раскаже за чудесните дела на некој видовит или магнетски исцелител, и таа му го доверува своето дете т.е. го предава во рацете на сатаната кој се наоѓа крај неа. Често се случува подоцнежниот живот на таквото дете да биде потчинет на сатанска сила на која тешко може да и се одолее. {ПЦ 211.1}

Бог имал причина да се разгневи на Охозиевата безбожност. Што сè не направил Бог за да ги придобие срцата на Израелците и да ги вдахне со доверба! Со векови му давал на својот народ докази на посебна наклонетост и љубов. Од почетокот покажал дека Неговата „радост се синовите човечки". (Изреки 8:31). Тој бил секогаш присутна помош на секогокој искрено Го барал. А сега царот Израелов се одвратил од Бога и побарал помош од најголемиот непријател на својот народ, покажувајќи дека повеќе има доверба кај незнабожечките идоли отколку во небесниот Бог. На ист начин и денеска луѓето му нанесуваат срам на Бога кога се оддалечуваат од Изворот на силата и мудроста барајќи помош и совет од силите на темнината. Кога Охозиевиот акт

предизвикал Божји гнев, како ли тогаш ќе гледа Бог на оние кои веќе имаат светлина, а сепак одат по сличен пат? {ПЦ 211.2}

Оние кои се изложуваат на сатанските волшепства можат да се фалат дека извлекле голема корист. Меѓутоа, дали е тоа доказ дека нивната постапка е безбедна и мудра? Се само да се продолжи животот, но зошто? Дури и да се здобие земска добивка, зошто е сето тоа? Дали конечно ќе се исплати запоставувањето на Божјата волја? На крајот ќе се покаже дека секоја таква добивка всушност е непоправлива загуба. Не можеме неказнето да урнеме ниедна ограда која ја подигнал Бог за да го пази својот народ од сатанските сили. {ПЦ 212.1}

Бидејќи Охозија немал син, го наследил неговиот брат Јорам, кој владеел дванаесет години над десетте племиња. Сето тоа време живеела и неговата мајка Језавела, и непрестано вршела лошо влијание врз народот. Мнозина сè уште се придржувале на идолопоклоничките обреди. И самиот Јорам „вршеше што беше неугодно пред очите на Господа, но не така, како татко му и мајка му, зошто ја собори статуата на Ваала, што беше ја направил татко му; при сето тоа тој остана во гревовите на Јеровоама, Наватовиот син, што беше го навел на грев Израелот, и не отстапуваше од нив". (2. Царевите 3:2,3) {ПЦ 212.2}

За време на Јорамовото владеење над Израел умрел Јосафат, а Јосафатовиот син, кој исто така се викал Јорам, стапил на престолот на Јудиното царство. Со својата женачка со ќерката на Ахав и Језавела, Јорам тесно се поврзал со Израеловиот цар, и во своето владеење одел по Ваал „како што правел Ахавовиот дом". „Исто така и идолски светилишта направи по горите јудејски, ги воведе во блудство ерусалимските жители и ја заведе Јудеја кон тоа". (2. Летописи 21:6,11). {ПЦ 212.3}

Заради ваквото страшно отпаднишство, Јудиниот цар не можел да помине без укор. Пророкот Илија сè уште не бил вознесен и не можел со молчење да ги поднесе во Јудиното царство истите зла кои што северното царство го довеле на работ на пропаста. Така пратил до Јорам, Јудиниот цар една порака во која безбожниот цар ги прочитал овие страшни зборови: {ПЦ 213.1}

„Вака говори Господ, Бог на татка ти Давида: затоа што не тргна по патиштата на татка си Јосафата, ниту по патиштата на Аса, царот јудејски, туку појде по патот на израелските цареви и ги воведе во блудство Јудејците и Ерусалимците, како што направи домот Ахавов, а покрај тоа ги уби и браќата свои во домот на татка си, кои беа подобри од тебе. Еве, Господ ќе го порази со голем пораз твојот народ и синовите твои, и жените твои, и целиот имот твој, а ти ќе заболиш од тешка болест". {ПЦ 213.2}

Во исполнување на ова пророштво, Господ го подигна против Јорама духот на Филистејците и Арапите, соседи на Етиопјаните; и тие се кренаа против Јудеја, навлегоа во неа и го ограбија сиот имот, што беше во домот на царот, а исто така и синовите негови, и жените негови, та не му остана друг син, освен Охозија, најмалиот од синовите негови". {ПЦ 213.3}

„По сето тоа Господ ги порази цревата негови со болест неизлечива. Таа траеше денови и денови, а кога се наврши втората година, ...умре во страшни маки". „И неговиот син Охозиј се зацари место него". (2. Летописи 21:12-19; 2. Царевите 8:24). {ПЦ 213.4}

„Жителите ерусалимски место него за цар го поставија Охозија, најмалиот негов син, бидејќи сите постари беа убиени од разбојници, што се беа приближиле до логорот со Арапите, и така стана цар Охозија, синот на јудејскиот цар Јорам". (2. Летописи 22:1).

Ахавовиот син Јорам владеел во Израел кога на Јудиниот престол стапил неговиот внук Охозија. Охозија владеел само една година и за тоа време, под влијание на својата мајка Готолија, „неговата советничка во злите дела", „правеше што е зло во Господовите очи, како Ахавовиот дом". (2. Летописи 22:3,4; 2. Царевите 8:27). Језавела, неговата баба, сè уште беше жива и тој сосема се беше поврзал со својот вујко Јорам. {ПЦ 214.1}

Охозија, царот Јудин набргу трагично завршил. Преживеаните членови на домот Ахавов навистина беа „негови советници по татковата смрт, за негова пропаст". (2. Летописи 22:4). Додека Охозија престојувал кај својот вујко во Ездраел, пророкот Елисеј добил налог од Бога да прати еден од синовите пророчки во Рамот Галатски за да го помаже Јуј за цар израелски. Војската на Јуда и Израел тогаш заеднички војувала против Сирците во Рамот Галатски. Ранет во битка, Јорам се вратил во Ездраел и го оставил Јуј да командува со царската војска. {ПЦ 214.2}

Помазувајќи го Јуја, гласникот Елисеев рече: „Те помазувам за цар над народот Господов, над Израелот, и ти ќе го истребиш домот на Ахава". И потоа свечено му пренел на Јуја посебна задача од небото. „И истреби го домот Ахавов, господарот твој", објавил Господ преку својот гласник: „за да ја одмаздам крвта на Моите слуги пророците, и за крвта на сите слуги Господови, паднати од раката на Језавела. И така ќе изгине сиот дом Ахавов". (2. Царевите 9:6-8). {ПЦ 214.3}

Откако војската го прогласила за цар, Јуј поитал кон Ездраел за да ги погуби оние кои своеволно одлучиле да продолжат да живеат во грев а и другите да ги наведуваат на истото. Јорам царот Израелов, Охозија Јудиниот цар и мајката на царот, заедно со сите од домот на Ахава во Ездраел, и сите големци негови, и блиски негови, и свештениците негови", беа погубени. „Сите Ваалови пророци, сите слуги негови и свештениците негови", кои живееја во Вааловото светилиште во Самарија, беа погубени од меч. Идолските кипови беа урнати и изгорени а Вааловиот храм, беше разурнат. „Така Јуј го истреби Ваала од Израел". (2. Царевите 10:11,19,28). {ПЦ 215.1}

Гласот за овој општ колеж стигнал и до Готолија, до ќерката на Језавела, која имала голема моќ во Јудиното царство. Кога Готолија дознала дека е убиен нејзиниот син, Јудиниот цар, „таа стана и го погуби целото царско семе од домот Јудин". Во тој колеж изгинале сите Давидови потомци кои можеле да дојдат на престол, освен едно дете по име Јоас, кое жената на првосвештеникот Јодај го скри во заградениот простор на храмот. Детето тука живеело шест години, додека „над земјата царуваше Готолија". (2. Летописи 22:10,12). {ПЦ 215.2}

По истекот на тоа време, „Левитите и целиот народ Јудин", заедно со свештеникот Јодај, го крунисале и го помазале Јоаса за цар, „И ракоплескаа и извикуваа: Да живее царот! (2. Царевите 11:12). {ПЦ 215.3}

„Кога го чу Готолија гласот на раздвиженият народ, кој го фалеше царот, излезе кај народот во домот Господов и виде: ете царот според обичајот стои крај столб, а кај царот кнезови и труби, и сиот народ на таа земја се весели и трубат со труби. {ПЦ 216.1}

Тогаш Готолија ја раскина својата облека и почна да вика: Предавство! Предавство!" (2. Царевите 11:14). Но Јодај им заповедал на стотниците да ја фатат Готолија и сите нејзини следбеници, да ги извадат од храмот и да ги одведат на место за погубување, каде што требаа да бидат погубени. {ПЦ 216.2}

Така исчезнал и последниот член од домот на Ахава. Ужасното зло кое било последица на неговиот брак со Језавела, траело сè додека не бил уништен и последниот негов потомок. Дури и во Јудеја, каде што верата во вистинскиот Бог никогаш не била

официјално напуштена, Готолија успеала мнозина да заведе. Веднаш по погубувањето на непокајничката царица, „сиот народ отиде во домот на Ваала, ги урнаа жртвениците негови, и идолите негови сосема ги уништија, и Вааловиот свештеник Матана го убија пред жртвениците". (Стих 18). {ПЦ 216.3}

Потоа настапила реформација. Оние кои учествувале во прогласувањето на Јоаса за цар, свечено се заветувале „дека ќе бидат народ Господов". И сега, бидејќи од Јудеја исчезнало лошото влијание на Језавелината ќерка и бидејќи Вааловите свештеници биле погубени а нивниот храм урнат, „се веселеше целиот народ на таа земја и градот се смири". (2 Лет. 23:16,21) {ПЦ 216.4}

ПОГЛАВЈЕ 17 - ПОВИКОТ НА ЕЛИСЕЈ

Бог му наредил на Илија да помаже друг за пророк наместо себе. „Елисеја, Сафатовиот син, од Авел-Маул, помажи го за пророк место себеси" (1. Царевите 19:16), му рекол Господ, и Илија, послушувајќи ја заповедта, тргнал да го побара Елисеј. Патувајќи кон север, Илија посматрал како природата била променета за многу кратко време. Пред тоа земјата била исушена, нивите необработени, затоа што три години и шест месеци немало ниту роса ниту дожд. Сега растенија растеле на сите страни, како да сакаат да надоместат за она време на суша и глад. {ПЦ 217.1}

Елисеевиот татко бил имотен земјопоседник, чие домаќинство припаѓало на бројот на оние кои во времето на општиот отпад не ги свиткале колената пред Ваал. Во нивниот дом се почитувал Бог, и верноста на верата на стариот Израел било нивно животно правило. Во таква средина протекло Елисеевото рано детство. Во смирение на селски живот, со поучување на науката за Бога, природата, и дисциплината на корисната работа, Елисеј се здобил со навика на едноставност и послушност кон своите родители и Бога, што го подготвило за големата положба која подоцна требало да ја заземе. {ПЦ 217.2}

Елисеј бил повикан додека со слугите на својот татко ја орал нивата. Тој се зафатил со работата која лежела најблиску. Елисеј ги поседувал и способностите за водач и кротоста на еден кој е подготвен да служи. Иако смирен и со пријатен карактер, се држел енергично и постојано. Неговите особини биле почит и верност, љубов и страв Божји. Вршејќи ги доследно своите секојдневни должности стекнал сила на намерата и благодарност на карактерот, развивајќи се непрестано во благодатта и знаењето. Соработувајќи со татка си во должностите на домашниот живот, научил да соработува со Бога. {ПЦ 218.1}

Исполнувајќи верност во малите нешта, Елисеј се подготвил за позначајни должности. Тој се подготвувал за пошироко, повозвишено дело стекнувајќи од ден на ден практично искуство. Научил да служи, а со тоа да поучува и да води. Оваа поука е за сите. Никој не може да знае каква е Божјата цел во дисциплината; но сите можат да бидат сигурни дека верноста во малите работи претставува доказ на способноста за вршење на поголеми должности. Секоја постапка во животот го открива карактерот, и само оној кој ќе се покаже во малите должности „како работник кој нема од што да се срами" (2. Тимотеј 2:15), Бог може да го почести со повозвишена служба. {ПЦ 218.2}

Човекот кој смета дека не е важно како ги извршува малите должности, покажува дека не е достоен за повозвишена положба. Тој себеси се смета способен за поголеми

должности, но Бог гледа подлабоко од површината. По пробите и искушенијата на таквиот човек се изрекува пресудата: „Измерен си на мерила и си се нашол лесен”. Тој ги трпи последиците на своето неверство, не успева да придобие благодат, снага и сила на карактерот кои се плод на безусловна послушност. {ПЦ 218.3}

Со оглед на тоа што не учествуваат непосредно во некоја верска работа, мнозина сметаат дека животот им е бескорисен, дека ништо не прават за напредокот на Божјото царство. Како ли тие со задоволство би се фатиле за некој голем потфат! Меѓутоа, бидејќи можат да послужат само во ситни работи, сметаат дека се оправдани ако не работат ништо. Во тоа грешат. Човек може активно да му служи на Бога ако врши обични секојдневни должности ако сече дрва, раскопува почва или ора со плуг. Мајката која ги одгледува своите деца за Христа работи за Бога токму како проповедникот од проповедална. {ПЦ 219.1}

Мнозина копнеат за посебна дарба со чија помош би можеле да извршат посебно дело, а ги запоставуваат непосредните должности кои би им го разубавиле животот. Таквите треба да се фатат за работа која се наоѓа непосредно на нивниот пат. Успехот не зависи толку од дарбата, колку од енергијата и добрата волја. Нашата служба ќе биде прифатена ако совесно ги извршуваме секојдневните должности, ако поседуваме задоволен дух и ако искрено и сесрдно се заложуваме за доброто на другите, а не ако само поседуваме сјајна дарба. Вистинското совршенство може да се најде и во најсмиреniот живот. Најскромните должности исполнети со вера и љубов се прекрасни во Божјите очи. {ПЦ 219.2}

Барајќи наследник по Божјото упатство, Илија поминувајќи покрај нивата која Елисеј ја орал, го прекрил момчето со наметката на посветувањето. Во периодот на глад, на семејството Сафатово му биле познати делата и мисијата на Илија и сега Божјиот дух му го открил на срцето на Елисеј значењето на пророковата постапка. За него било тоа знак дека Бог го повикал да стане Илиев наследник. {ПЦ 219.3}

„Тогаш Елисеј ги остави воловите и почна да трча по Илија и рече: Дозволи ми да ги бакнам татко ми и мајка ми, и ќе тргнам по тебе”. „Оди, врати се”, беше одговорот на Илија, „зошто, што ти направив?” Тоа не било одбивање, туку искушување на верата. Елисеј мора да размисли, мора сам да одлучи дали ќе го прифати или одбие повикот. Ако неговите желби се врзани за неговиот дом и користа која од тоа произлегува може слободно да остане таму. Меѓутоа, Елисеј го разбрал значењето на повикот. Знаел дека повикот е од Бога и не се двоумел да послуша. За ништо на светот не би ја пропуштил можноста да стане Божји гласник, ниту пак би ја жртвувал можноста да биде во друштво со Неговиот слуга. Тој „зеде рало волови, ги закла и, откако го запали плугот на воловите, го испече месото нивно и им го раздели на луѓето, и тие јадеа. А самиот тој стана и тргна по Илија и почна да му служи”.(1. Царевите 19:20,21) Без никакво колебање го напуштил домот во кој уживал љубов за да би можел да му помага на пророкот во неговиот живот полн со неизвесности. {ПЦ 220.1}

Елисеј да го запрашал Илија што од него се очекува што ќе биде негова работа одговорот би гласел: Бог знае, Тој ќе ти разјасни. Доколку чекаш на Господа, Тој ќе одговори на секое твое прашање. Можеш да појдеш со мене ако си убеден дека те повикал Бог. Самиот мораш да знаеш дека Бог стои зад мене и дека тоа е Неговиот глас што го слушаш. Ако сметаш дека ништо не е поважно од стекнување благонаклоност Божја, тогаш тргни. {ПЦ 220.2}

Сличен на повикот на Елисеј, бил одговорот кој Христос му го дал на момчето кога ова го запрашало: „Какво добро да направам за да имам живот вечен?” Христос му

одговорил: „Ако сакаш да бидеш совршен, оди продај сè што имаш и раздели го на сиромаси, и ќе имаш сокровиште на небото, и тргни по Мене”. (Матеј 19:16,21). {ПЦ 221.1}

Елисеј го прифатил повикот за служба не осврнувајќи се на задоволствата и угодностите кои ги остава. Кога ги слушна Спасителовите зборови, момчето „отиде жалосно; зашто беше многу богат”. (Стих 22) Тој не сакал да направи жртва. Љубовта кон богатството кај него била поголема од љубовта кон Бога. Одбивајќи да се одрече од сè заради Христа, тој се покажал недостоен за место во Господовата служба. {ПЦ 221.2}

На секој човек му се упатува повик сите нешта да ги стави на олтарот на службата. Од нас можеби не се бара да служиме како што Елисеј правел, ниту да продадеме сè што поседуваме; но Бог бара Неговата служба да биде на прво место во нашиот живот, да не пропуштиме ниту еден ден нешто да направиме за напредокот на Неговото дело на земјата. Тој не бара од сите ист вид служба. Некој може да биде повикан да работи во некоја странска земја, друг пак да ги даде своите средства за помагање на евангелско дело. Бог ја прифаќа и едната и другата служба. Потребно е посветеност на животот и сите животни цели. Оние кои ќе се посветат на ваков начин, ќе го чујат и послушаат повикот од небото. {ПЦ 221.3}

На секој кој станува учесник во Неговата благодат, Господ му одредува дело во полза за другите. Секој од нас мора поединечно да стане и да рече: „Еве ме мене, прати ме мене”. Било да е проповедник на Словото или лекар, трговец или земјоделец, чиновник или механичар, секој има своја должност. Нашата работа мора на другите да им го открива евангелието за спасението. Секој наш потфат мора да биде средство за остварување на таа цел. {ПЦ 222.1}

Во почетокот од Елисеј не е барано никакво големо дело; тој извршувал обични животни должности. Запишано е дека на својот учител Илија му ги полевал рацете со вода. Бил спремен да прави сè што Господ ќе му нареди и на секој чекор ги прифаќал поуките на понизност и служба. Како личен пророков следбеник тој и понатаму бил верен во малите работи, посветувајќи се секојдневно сè повеќе на мисијата, која Бог му ја наменил. {ПЦ 222.2}

Елисеевиот живот, бидејќи се придружил на Илија, не течел без искушенија. Имал многу потешкотии, но во секоја неволја се потпирал на Бога. Доаѓал во искушение да размислува за домот кој го напуштил, но не попуштал на тоа искушение. Бидејќи ја ставил раката на плугот, бил решен да не се враќа, и во сите проби и искушенија се покажал достоен за довербата. {ПЦ 222.3}

Службата на проповедање опфаќа многу повеќе од само проповедање на Речта. Таа значи обучување на млади луѓе како Илија што го подготвувал Елисеј одвојувајќи ги од нивните секојдневни обврски, давајќи им одговорности во Божјото дело, најнапред мали а потоа сè поголеми, како што се здобивале со сила и искуство. Во проповедничката служба има верни и побожни луѓе кои можат да речат: „Она што беше од почетокот, она што го чувме, она што со очите свои го видовме, што го разгледавме и што рацете наши го опипаа, за Словото на животот... она што го видовме и чувме, за тоа ве известуваме”. (1. Јованово 1:1,3). Младите неискусни работници треба да бидат подготвувани учествувајќи во работата со тие искусни Божји слуги. Така ќе научат да носат товар. {ПЦ 222.4}

Оние кои така ги обучуваат младите работници вршат благородна служба. Самиот Господ соучествува во нивните напори. На младите луѓе на кои им е упатен светиот

повик, кои имаат предност да соработуваат со ревносни и побожни работници, мораат во најголема мерка да ја искористат можноста која им се дава. Бог им направил чест што ги избрал за своја служба и ставајќи ги во најповолна положба да се подготват за истата. Така, тие мораат да бидат понизни, верни, послушни и желни да поднесат жртви. Ако се потчинат на Божјата дисциплина, ако се држат до Неговите упатства, ако бараат совети од Неговите слуги, тие ќе се развијат во праведни, во начелата непоколебливи луѓе, на кои Бог може да им довери на носење одговорности. {ПЦ 223.1}

Кога евангелието ќе се проповеда во сета своја чистота, луѓето ќе бидат повикувани од плуговите и од обичните животни занимања кои во голема мера го оптоваруваат умот, за да се образуваат во соработка со искусни луѓе. Тие силно ќе ја објавуваат вистината кога ќе се научат на делотворна работа. Благодарение на чудесното делување на божественото провидение, планините и тешкотиите ќе бидат отстранети и фрлени во море. Луѓето ќе чујат и ќе ја разберат веста која е од големо значење за жителите на земјата, и ќе дознаат што е вистина. Делото сè повеќе и повеќе ќе се шири сè додека не се предупреди целата земја, и тогаш ќе дојде крајот. {ПЦ 223.2}

По повикувањето на Елисеј, Илија и тој работеле заедно повеќе години, и така Елисеј од ден на ден сè повеќе се оспособувал за својата задача. Илија бил Божјо оружје за искоренување на страшното зло. Најпосле било сопрено идолопоклонството кое го поддржувале Ахав и незнабожечката Језавела, а со кое и народот бил заведен. Биле погубени Ваалovите пророци. Длабока преобразба се зачнала во цел Израел и луѓето започнале повторно да му служат на Бога. Елисеј како Илиев наследник имал задача со разумно и трпеливо поучување да го поведе Израел на сигурен пат. Неговото време поминато со Илија, најголемиот пророк после Мојсеја, го подготвило за делото кое наскоро морал сам да го преземе. {ПЦ 224.1}

Илија во тие години на нивната заедничка работа бил од време на време повикуван остро да истапи против гнасните зла. Кога безбожниот Ахав го присвоил лозјето на Навутеј, Илиевиот глас изрекол осуда и врз него и врз неговиот дом. А кога Охозија по Ахавовата смрт го оставил Бога и му пришол на Велзевул, богот акаронски, уште еднаш се слушнал Илиевиот глас на строг укор. {ПЦ 224.2}

Во текот на годините одбележани со отпаднишство во Израел, дошло до пропаст на пророчките училишта кои ги основал Самуил. Илија ги обновил овие училишта, така што младите луѓе можеле во нив да стекнуваат образование кое ги оспособувало да го подигнат угледот на законот, и да му обезбедат почитување. Во историјата се споменуваат три вакви училишта во Галгал, Ветил и Ерихон. Илија токму пред своето вознесение ги посетил заедно со Елисеј овие центри на образование. Пророкот во таа прилика ги повторил поуките кои им ги дал во претходните посети. Особено подвлекол дека нивна посебна должност е да бидат верни на небесниот Бог. Исто така ги поучил дека целокупното нивно образование мора да носи печат на едноставност. Само на таков начин тие ќе можат да го примат карактерот на небото и да одат да работат според Господовите патишта. {ПЦ 224.3}

Илија чувствувал радост во срцето гледајќи ги резултатите од работата на овие училишта. Делото на реформацијата сè уште не било завршено, но тој приметил дека во целото царство се потврдуваат зборовите: „Но сепак меѓу Израелците си имам оставено седум илјади мажи; сите тие не ги свиткувале колената пред Ваала” (1. Царевите 19:18). {ПЦ 225.1}

Додека го гледал пророкот на неговото пастирско патување од училиште во училиште, Елисеевата вера и одлучност биле неколку пати искушувани. Пророкот му

наложил да се врати кога стигнале во Галгал, а потоа истото тоа се повторило во Ветил и Ерихон. „Остани ти овде”, му рекол Илија, „зашто мене Господ ме праќа во Ветил”. Но Елисеј, кој порано орал земја, научил дека не треба да се откажува и да изгуби храброст; затоа ни сега, кога должноста го повикала да ора поинаква земја, не сакал да се откаже од својата цел. Не сакал да се одвои од својот учител сè додека му се давала можност крај него да се подготви за службата. Илија не знаел дека откровението за неговото вознесение им било дадено на учениците во пророчките училишта, а посебно на Елисеј. Така овој испробан слуга на Божјиот човек цврсто се држел до својот учител. Кога и да му речел Илија да се врати, тој одговарал: „Жив бил Господ и така жива да биде душата твоја, нема да те оставам”. {ПЦ 225.2}

„Така отидоа обајцата... А тие обајцата се запреа крај брегот на Јордан. И ја зема Илија наметката своја, ја превитка и удри со неа по водата, а таа се раздели наваму и натаму, та поминаа двајцата суви. А кога поминаа му рече Илија на Елисеј: кажи што сакаш да направам за тебе, додека сè уште не сум земен од тебе”. {ПЦ 226.1}

Елисеј не сакал да стекне светска слава ниту висока положба меѓу големите луѓе на земјата. Копнеел да добие во што поголема мерка Дух, кој Бог така обилно му го подарил на човекот кој наскоро требал да ја доживее таа чест да биде вознесен. Знаел дека ништо освен Духот кој почивал над Илија нема да го оспособи да го изврши она дело во Израел за кое Бог го повикал, па така побарал: „Те молам нека двојно повеќе од Духот твој биде во мене”. {ПЦ 226.2}

Одговарајќи на ова негово барање, Илија рече: „Бараш нешто многу тешко; ако видиш, како ќе бидам земен од тебе, така ќе ти биде; ако, пак, не видиш, нема да ти биде. Како што одеа и си разговараа по патот, наеднаш се појави огнена кола и огнени коњи, и ги раздвоија еден од друг, и Илија се понесе во виорот кон небото”. (2. Царевите 2:1-11). {ПЦ 227.1}

Илија бил претставник на оние светии кои ќе живеат на земјата во времето на второто Христово доаѓање и кои ќе се „променат одеднаш, во еден миг, при последната труба” (1. Коринтјаните 15:51,52), не вкусувајќи смрт. Како нивни претставник Илија заедно со Мојсеј стоел покрај Спасителот на гората на преобразението при крајот на Христовата служба на земјата. Во овие прославени луѓе учениците го гледале во минијатура царството на искупените. Го виделе Исуса облечен во небесна светлина и слушнале „глас од облаците” (Лука 9:35), кој потврдил дека Тој е Син Божји; го здогледале Мојсеја претставникот на оние кои ќе бидат подигнати од мртвите при второто доаѓање, а покрај него стоел Илија како претставник на оние кои на крајот од историјата на светот ќе бидат преобразени од смртност во бесмртност и ќе бидат вознесени на небото не вкусувајќи смрт. {ПЦ 227.2}

Во пустината, во еден час на осаменост и обесхрабрување, Илија рекол дека е сит од животот и молел да умре. Но Господ во својата милост не ја услишил молитвата. Пред Илија стоела голема задача, а кога ќе ја изврши, не требал да падне во очајание и осаменост. Не требало да се симне во гроб, туку да се вознесе со Божјите ангели и да биде сведок на Неговата слава. {ПЦ 228.1}

„А Елисеј гледаше и извика: Оче мој, оче мој, кола на Израелот и негова коњаница! И веќе не го виде. Па ја фати облеката своја, и ја раскина на две парчиња. И ја крена тој наметката на Илија, што беше паднала од него, па се врати и се запре крај брегот на Јордан; ја зеде наметката на Илија, што беше паднала од него, удри со неа по водата, и рече: Каде е Господ, Бог Илиев? И удри по водата, а таа се раздели на две страни, и Елисеј помина. И видоа од далеку синовите пророчки, што беа во Ерихон и рекоа:

Илиевиот дух слезе врз Елисеја. Му излегоа во пресрет и му се поклонија до земја”. (2. Царевите 2:12-15). {ПЦ 228.2}

Кога Господ во своето провидение ќе најде дека е неопходно од своето дело да ги повлече оние на кои им подарил мудрост, Тој им помага и ги крепи Неговите следбеници, само ако овие сакаат да побараат помош од Него и да одат по Неговите патишта. Тие дури можат да бидат помудри од своите претходници, затоа што можат да се ползуваат со нивните искуства и да учат на нивните грешки. {ПЦ 228.3}

Од тој момент Елисеј го зазел местото на Илија. Тој се покажал верен во најмалото и му било наменето да се покаже верен и во најголемото. {ПЦ 228.4}

ПОГЛАВЈЕ 18 - ИСЦЕЛУВАЊЕ НА ВОДАТА

Ова поглавје се базира на 2. Царевите 4.

Во времето на патријарсите целата долина на Јордан беше „добро наводнувана насекаде,...како градината Господова”. Во таа долина Лот одлучил да се насели преместувајќи ги „своите шатори до Содом”. (Создавање 13:10,12). Но по уништувањето на градовите во котлината, сите соседни области станале вистинска пустош и оттогаш сочинувале дел од пустината во Јудеја. {ПЦ 229.1}

Меѓутоа, еден дел од долината останал недопрен, и со своите животворни извори и реки ги веселел срцата на луѓето. Во таа долина, која била покриена со житородни полиња и друго овошје, се улогорила војската Израелева по преоѓањето на Јордан и тука за прв пат ги вкусила плодовите на ветената земја. Пред нив се издигнувале ѕидовите на Ерихон, силно утврден незнабожечки град чии жители ја обожавале Астарота и вршеле најгнасни и најпонижувачки идолопоклонички обреди во цел Ханан. Неговите ѕидини набрзо биле урнати а жителите убиени. Во времето на неговата пропаст се слушнале зборовите на страшна клетва пред целиот Израел: „Проклет да биде пред Господа оној, што ќе го издигне и изгради овој град Ерихон; врз првородениот син свој тој ќе ги положи основите негови и врз најмалиот син свој ќе ги постави портите негови”. (Исус Навин 6:25). {ПЦ 229.2}

Поминале пет векови. Градот лежел пуст, проколнат од Бога. Од проклетството пресушени биле дури и изворите заради кои овој дел од долината бил така погоден за живот на луѓе. Меѓутоа, за време на отпадништвото на Ахав, кога Језавела го обновила култот на Астарота, Ерихон, некогаш центар на овој култ, повторно бил изграден, и покрај тоа што градителот морал да го плати тоа со висока цена. „Ветилецот Ахил го изгради Ерихон: врз првородениот син свој Авирон, тој ги стави основите негови и врз најмалиот син Сегува ги постави портите негови, според словото на Господа”. (1. Царевите 16:34). {ПЦ 230.1}

Недалеку од Ерихон среде убавите овоштарници, се наоѓало пророчкото училиште; тука Елисеј се поучувал по Илиевото вознесение. Додека пророкот живеел помеѓу нив, граѓаните на Ерихон му се пожалија: „Ете, како што гледаш, господару, положбата на овој град е добра; но водата е лоша и земјата е бесплодна”. Изворот кој во минатите години бил чист и животворен и обилно му давал вода на градот и околината, не можел повеќе да се користи. {ПЦ 230.2}

Елисеј им одговорил на граѓаните на Ерихон: „Дајте ми нова чинија и турете во неа сол”. Бидејќи го доби тоа тој отиде при изворот на водата, ја фрли во неа солта и рече:

вака вели Господ: Јас ги исцелив овие води; и во иднина нема да доаѓа од неа ни смрт, ни бесплодност". (2. Царевите 2:19-21). {ПЦ 230.3}

Исцелувањето на Ерихонската вода не е извршено со човечка мудрост, туку со чудотворното Божјо посредство. Луѓето кои го обновиле Ерихон не заслужувале милост од небото, но Оној кој „го остава Своето сонце да грее над лошите и над добрите и праќа дожд на праведните и грешните" (Матеј 5:45) сакал со овој чин да покаже дека сака да го излечи Израел од неговите духовни болести. {ПЦ 231.1}

Ова исцеление не било поминливо: „И водата остана здрава до денес, според зборот, што го кажа Елисеј". (2. Царевите 2:22). Со векови течела вода од изворот и го правела овој дел од долината прекрасна оаза. {ПЦ 231.2}

Од исцелувањето на водата можат да се извлечат многу духовни пораки. Нова чинија, сол, извор сето тоа има длабоко симболично значење. {ПЦ 231.3}

Фрлајќи сол во горчливиот извор, Елисеј им ја дал на луѓето онаа иста поука која многу векови подоцна Спасителот им ја дал на своите ученици, велејќи им: „Вие сте сол на земјата". (Матеј 5:13). Фрлена во загадениот извор, солта ја исчистила водата и донела живот и благодат таму каде што владееле болест и смрт. Споредувајќи ги своите деца со солта, Господ сакал да им каже дека Неговата цел во тоа што ги прави субјекти на Неговата благодат е за тие да станат инструменти за спасување на другите. Со тоа што пред целиот свет си избрал народ, Бог немал намера само нив да ги прими како свои синови и ќерки; Негова цел била целиот свет преку нив да прими благодат која донесува спасение. Господ не го избрал Авраам само за тоа тој да стане Божји пријател, туку преку него да се излијат посебни благослови на сите народи. {ПЦ 231.4}

На светот му е потребно да му се даде пример на вистинско христијанство. Отровот на гревот делува во срцето на општеството. Градовите паѓаат сè подлабоко во грев и морална расипаност. Светот е полн со болести, страдања и неправди; насекаде гледаме души во беда и неволји, натоварени со чувство на вина како пропаѓаат токму заради недостаток на спасоносно влијание. Тие секогаш го имале пред очи евангелието на вистината, но сепак пропаѓаат, затоа што оние кои со својот пример би требало да им бидат „мирис животен" всушност се „мирис смртен за смрт". Нивните души пијат горчина затоа што изворите, кои би требало да бидат извори на вода која тече во вечен живот, се затруени. {ПЦ 232.1}

За да би ја задржала материјата која и е придодадена, солта мора да се измеша со неа, да се измеша и да се стопи со неа. Исто така, луѓето мораат да ја почувствуваат спасоносната моќ на евангелието само по пат на личен допир. Тие не можат да се спасуваат во толпата, туку поединечно. Личното влијание има голема моќ. Тој мора да се поврзе со Христовото влијание, да се подига како Христос што се подига, да всадува во срцето исправни начела и да претставува брана од расипаноста на овој свет. Со личното влијание се шири онаа благодат која само Христос може да ја даде. Тоа треба да го подига и да го разубавува животот и карактерот на другите, и тоа со силата на чистиот пример соединет со срдечна вера и љубов. {ПЦ 232.2}

За затруениот извор Господ рекол: „Јас ги исцелив овие води; и во иднина нема да доаѓа од неа ни смрт, ни бесплодност". Загадената вода ја претставува душата која се одвоила од Бога. Гревот не само што одвојува од Бога, туку ја уништува во човечката душа желбата и способноста да го запознае Него. Гревот предизвикува пореметување во целокупниот човечки организам, умот е изопачен, имагинацијата е расипана а душевните чувства пропаѓаат. Нема повеќе чиста вера ниту светост на срцето. Силата

Божја нѐ довела до преобразба на карактерот. Душата е немоќна, извалкана и понижена, затоа што нема морална сила да победи. {ПЦ 233.1}

Сето тоа се менува во срцето кое што се исчистило. Преобразувањето на карактерот му сведочи на светот дека во душата живее Христос. Божјиот Дух влева нов живот во душата, така што мислите и желбите се покоруваат на волјата Христова. Внатрешниот човек се обновува според Божјиот лик. Слабите и заблудени луѓе му покажуваат на светот дека спасоносната моќ на благодатта може да го преобрази карактерот полн со мани така што тој се развива и донесува добар плод. {ПЦ 233.2}

Срцето кое ја прима Божјата Реч не е извор кој пресушува, ниту разурнат кладенец кој нема вода. Тоа е како планинска река напојувана од непресушни извори чија студена и свежа вода жубори околу карпите, крепејќи ги уморните, жедните и изнемоштените. Тоа наликува на река која секогаш тече, и во својот тек станува сѐ подлабока и поширока, додека на крајот нејзината вода не се разлие низ целата земја. Тоа е река која тече весело и остава зад себе дарови на зеленило и богат род. Тревата на нејзиното крајбрежје е свежо зелена, дрвјата имаат побогати крошни и цвеќиња има многу повеќе. За време на летната суша, кога целата земја ќе се исуши и соголи, една зелена линија го обележува текот на реката. {ПЦ 233.3}

Така е и со вистинското Божјо дете. Христовата религија се открива како животворна семоќна сила, како жива, делотворна, духовна енергија. Ако срцето се отвори и ја прими небесната сила на вистината и љубовта, овие начела ќе потечат како река во пустина и ќе создадат зеленило таму каде што сега владее суша и пустош. {ПЦ 234.1}

Ако луѓето, очистени и посветени со познавањето на библиската вистина, сесрдно се посветат на делото за спасување на души, тие навистина ќе станат животен мирис за живот. Ако пијат секојдневно од непресушниот извор на благодат и знаење, ќе приметат дека срцето им се наполнило до врв со Духот на нивниот Учител, и дека нивната служба на мнозина им донесува телесна, умна и духовна корист. Уморните ќе закрепнат, болните ќе се исцелат, грешните ќе се поправат. Од далечни земји ќе допрат зборови на благодарност од оние кои од своите срца го отстраниле гревот и одлучиле да и служат на праведноста. {ПЦ 234.2}

„Давајте, и ќе ви се даде” (Лука 6:38) затоа што Господовата реч е „градински извор, кладенец од жива вода, што истечува од Ливан”. (Песна над песните 4:15). {ПЦ 234.3}

ПОГЛАВЈЕ 19 - ПРОРОК НА МИРОТ

Работата на пророкот Елисеј во извесна смисла во многу се разликувала од Илиевата. На Илија му биле доверени вести за осуда и казни; тој бил глас на бестрашен укор кој ги опоменувал царот и народот да не одат по пат кој води во зло. Елисеевата мисија била помирна; добил задача да продолжи и да го зацврсти делото кое го започнал Илија, да го учи народот за Господовите патишта. Библијата го опишува во личен допир со луѓето, во кругот на пророковите синови како со своите чуда и служба им донесува на луѓето исцелување и радост. {ПЦ 235.1}

Елисеј бил човек благ и со пријатен карактер, но знаел да биде и строг за што најдобро сведочи неговиот став кога на патот за Ветил го исмејувале безбожните деца од тој град. Тие слушнале дека Илија се вознел и од тоа направиле предмет на шега.

Сега му се исмејувале на Елисеј: „Вознеси се ќелавко! Вознеси се!” Слушајќи го нивното исмејување, пророкот се сврте и вдахновен од Божјиот Дух ги проколна. Страшната казна која настапила дошла од Бога. „Тогаш излегоа од гората две мечки и раскинаа од нив четириесет и две деца”. (2. Царевите 2:23,24) {ПЦ 235.2}

Доколку Елисеј дозволел исмејувањето да помине неказнето, толпата и понатаму би се исмејувала, што веројатно потполно би ја попречило неговата мисија на поучување и спасување во периодот на големата опасност за народот. Една ваква строга казна била доволна да му овозможи почитување за цел живот. Тој педесет години излегувал и влегувал низ вратата во Ветил, одел од село до село и од град до град, често поминувајќи низ групи на невработени, невоспитани и распуштени млади луѓе, но никој повеќе не му се потсмевал ниту направил шега на негова сметка како пророк на Највозвишениот. {ПЦ 236.1}

И благоста треба да има свои граници. Авторитетот мора да се чува одлучно и строго, затоа што поинаку мнозина ќе го потценат и исмеат. Таканаречената нежност, галење и попуштање на младите, кои често се прават важни кај родителите и кај воспитувачите, претставуваат една од најголемите опасности за нив. Во секое семејство мора да владеат цврстината и одлучноста кога се во прашање исполнување на должностите. {ПЦ 236.2}

Стравопочитувањето кое што толку им недостасувало на младите кои му се исмејувале на Елисеј, претставува благодат која мора грижливо да се негува. Секое дете мора да се учи да му укажува на Бога вистинско почитување. Неговото име не смее никогаш лесно и непромислено да се споменува. Ангелите ги покриваат своите лица кога го изговараат. Со колку ли почитување треба ова ние да го правиме кои сме паднати и грешни. {ПЦ 236.3}

Стравопочитување мора да им се укажува на сите Божји претставници проповедници, учители и родители кои се повикани да говорат и работат наместо Бога. Почитувајќи ги нив значи да се почитува Бог. {ПЦ 237.1}

Учтивоста е исто така една од благодетите на Духот која сите мораат да ја негуваат. Таа има моќ да ја облагороди природата која без неа би станала сурова и груба. Оние кои што тврдат дека се Христови следбеници а се груби, неучтиви и сурови кон другите, всушност ништо не научиле од Исуса. Не мораме да се сомневаме во нивната искреност и исправност, но овие особини не го надоместуваат недостатокот на внимателност и кротост. {ПЦ 237.2}

Кротоста која му овозможила на Елисеј толку силно да влијае врз животот на многу луѓе во Израел се гледа и во неговите односи кон едно семејство кое живеело во Сунам. На своите патувања низ царството, „еден ден Елисеј отиде во Сунам. Таму една богата жена го покани во домот свој да јаде леб, и тој, секогаш кога ќе минеше, навратуваше таму да јаде леб”. Оваа жена сфатила дека Елисеј е „свет Божји човек” и му предложила на својот маж: „да му направиме мала горна соба на ѕидот и да му ставиме таму легло и маса, и стол и светилник, та кога доаѓа кај нас, да се повлекува таму”. Елисеј често пати отседнувал во оваа соба, благодарен за мирот кој таа му го овозможувала. И самиот Господ ја запазил добрината на жената. Таа немала деца па Бог и подарил син и така ја наградил за нејзиното гостопримство. {ПЦ 237.3}

Годините поминувале. Детето веќе било големо и одело на нива со жетварите. Еден ден го удрило сончаница „и му кажа на татка си: Мојата глава, главата ме боли”. Таткото му нареди на едно момче да го однесе дома. „Го зеде и го одведе кај мајка му. И тоа

седеше во скутот нејзин до пладне и умре. Таа отиде и го положи во леглото на Божјиот човек, го затвори и излезе". (2. Царевите 4:18-21). {ПЦ 238.1}

Во својата несреќа, Сунамката решила да побара помош од Елисеј. Пророкот тогаш се наоѓал на гората Кармил, па жената веднаш се упати кон него во придружба на еден слуга. „А кога Божјиот човек ја виде оддалеку, му кажа на слугата свој Гиезија: Еве ја оваа Сунамка; отрчај да ја пресретнеш и да ја прашаш: здрава ли си, здрав ли е мажот нејзин, здраво ли е детето?" Слугата направи како што му беше речено, но уплашената мајка не ја открила својата неволја сè додека не стигнала до Елисеј. Бидејќи слушнал за нејзината несреќа, Елисеј му нареди на Гиезија: „Опаши се преку половината и земи го стапот мој во раката и врви; ако сретнеш некого, не го поздравувај; а ако некој те поздрави, не му одговарај; и стави го стапот врз лицето на детето!" {ПЦ 238.2}

Но мајката не била задоволна сè додека самиот Елисеј не пошол со неа. „Жив Господ и жива ти душата! Нема да те оставам", рекла таа. „Тогаш и тој стана и тргна по неа. Гиезиј отиде пред нив и го стави стапот врз лицето на детето. Но не чу ни глас, ни одговор. И му излезе во пресрет, му соопшти и рече: Детето не се разбудува". {ПЦ 238.3}

Кога стигнале до куќата, Елисеј влегол во собата каде што лежело детето, „ја затвори вратата зад себе и му се помоли на Господа; потоа се качи, легна врз детето, ја стави устата своја врз неговата уста, очите свои врз неговите очи, и дланките свои брз неговите дланки, и се простре врз него, и телото на детето се загреа. Елисеј стана и почна да оди по собата натаму-наваму; потоа пак се качи и се простре врз него. И детето кивна сèдум пати и ги отвори очите свои". (2. Царевите 4:35). {ПЦ 239.1}

Повикувајќи го Гиезија, Елисеј му нареди да ја доведе мајката. „И тој ја повика. Таа дојде при него, и тој рече: Земи си го синот свој! Таа се доближи, падна пред нозете негови и се поклони до земја; потоа го зеде синот свој и излезе". (2. Царевите 4:36,37). {ПЦ 239.2}

Така била наградена верата на оваа жена. Христос, големиот Дародавец на животот и го вратил синот. На ист начин ќе бидат наградени и Неговите верни кога Тој ќе дојде по втор пат, кога смртта ќе го изгуби осилото и кога гробот ќе ја изгуби победата која ја сакал. Тогаш Тој на своите слуги ќе им ги врати децата на оние кои им ги одзела смртта. „Така вели Господ: глас се слуша во Рама, пискот и горко плачење: Рахил плаче за децата свои и не сака да се утеши за нив, оти ги нема. Така вели Господ: задржете го гласот свој од плачење и очите свои од солзи, оти за трудот твој има награда... и тие ќе се вратат од непријателската земја. И надеж има за твојата иднина, вели Господ, и твоите синови ќе се вратат во пределите свои". (Еремија 31:15-17). {ПЦ 239.3}

Во нашата болка за умрените Исус нè теши со веста која е неизмерна надеж: „Од власта на гробот ќе ги откупам, од смртта ќе ги избавам. Смрт каде ти е силата? Каде ти е тебе, гробу, победата?" (Осија 13:14). „Бев мртов, и ете, жив сум за сите векови... И ги имам клучевите од адот и смртта" (Откровение 1:18). „Бидејќи сам Господ со заповед, при глас на архангел и при труба Божја, ќе слегне од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа, ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господа во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господа". (1. Солунјаните 4:16,17). {ПЦ 240.1}

Елисеј, слично како Спасителот на човештвото чиј претставник бил, во својата служба помеѓу луѓето го соединувал делото на исцелување со делото на поука. За цело свое време на долго и делотворно работење Елисеј верно и неуморно се трудел да го развие и прошири она значајно воспитно дело кое го вршеле воспитните училишта. Зборовите на поука кои ги упатувал на групите сериозни млади луѓе биле потврдувани

со силни делувања на Светиот Дух, а од време на време имало и други несомнителни докази за неговиот авторитет и за неговиот карактер како Господов слуга. {ПЦ 240.2}

За време на една своја посета на училиштето во Галгал тој отровното јадење го направил здраво. „Во таа земја имаше глад, и синовите пророчки седеа пред него. И тој му кажа на слугата свој: Стави го големиот котел и свари леќа за пророчките синови. И излезе еден од нив во полето да собира зелје; најде еден корен од дива лоза, и набра од неа полн скут диви плодови; се врати и ги стави во котелот со леќа, зашто не ги познаваше. Им поставија да јадат. Но штом почнаа да ја јадат леќата, извикаа и велеа: Смрт има во котелот, човеку Божји! И не можеа да јадат. А тој рече: Дајте брашно! И го истури во котелот и му рече на Гиезија: Стави им на луѓето, нека јадат. И во котелот не остана ништо отровно". (2. Царевите 4:38-41). {ПЦ 240.3}

Елисеј исто така во Галгал за време на една суша нахранил стотина луѓе со дарот кој му го донел „некој човек од Валсалис" „леб на првина дваесет јачмени лепчиња и млади зрна во класови". (Стих 42). На луѓето кои биле со него сосема им снемало храна. Кога пристигнал овој дар, Елисеј му рече на својот слуга: „Дај им на луѓето да јадат. И рече слугата негов: Што ќе им дадам на сто души? А тој рече: Дај им на луѓето, нека јадат, зашто така вели Господ: ќе се наситат, и ќе остане. Тој им даде, и тие се наситија, и остана уште, според словото Господово". (Стихови 43,44). {ПЦ 241.1}

Каква добродушност беше тоа Христова, што преку Својот гласник, го извршил ова чудо за да нахрани луѓе! Господ Исус по тоа уште многу пати им го давал на луѓето она што им е потребно за живот, и покрај тоа што не било на така јавен и воочлив начин. Кога нашиот духовен вид би бил изострен, ние многу јасно би воооочиле колку Бог е милостив кон човечките деца. {ПЦ 241.2}

Божјата благодат прави со мала количина сите да се нахранат. Божјата рака може стократно да умножи. Тој може да постави трпеза во пустина. Со допир на раката Тој може да ја умножи сиромашната храна така што да биде доволно за сите. Со Негова сила умножени се лебовите и житото во рацете на пророчките синови. {ПЦ 241.3}

Кога Христос во текот на својата служба на земјата, направил чудо нахранувајќи цело мноштво, луѓето не верувале, како што не верувале ни оние кои се наоѓале околу овој стар пророк. „Што ќе им дадам на сто души?" рекол Елисеевиот слуга. Кога Исус им наредил на своите ученици да му дадат на мноштвото народ да јаде, тие одговориле: „Ние немаме повеќе од пет лебови и две риби, освен ако отидеме и купиме храна за сите овие луѓе?" (Лука 9:13). Што е тоа за толкав број луѓе? {ПЦ 242.1}

Оваа поука важи за Божјите деца во сите времиња. Кога Господ дава налог за извршување на некоја задача, луѓето не треба да стојат и да се прашуваат дали е разумна заповедта и какви ќе бидат последиците ако ја послушаат. Можеби она што го имаат во рацете ќе изгледа недоволно да се задоволат потребите, но од рацете Господови ќе дојде и ќе претекне. „Тој им даде, и тие се наситија, и остана уште, според словото Господово". {ПЦ 243.1}

Заедницата денес мора многу попотполно да чувствува поврзаност помеѓу Бога и оние кои Тој ги откупил жртвувајќи го својот Син, мора да има повеќе вера во развојот и напредокот на Божјото дело на земјата. Никој не смее да губи време јадосувајќи се што силата е мала. Можеби надворешноста наизглед не ветува многу, но енергијата и верата во Бога ќе го оствари она што е потребно. Тој ќе ги умножи даровите кои му се принесени во благодарност со молба за Негов благослов, токму како што ја умножил храната понудена на пророчките синови и на измореното мноштво. {ПЦ 243.2}

ПОГЛАВЈЕ 20 - НЕМАН ОСЛОБОДЕН ОД ЛЕПРА

Ова поглавје базира на 2. Царевите 5.

„Неман, војводата на сирскиот цар, беше голем човек пред господарот свој и почитуван, зашто преку него Господ им беше дал победа на Сирците; и тој човек беше силен и храбар војник, но лепрозен". (2. Царевите 5:1). {ПЦ 244.1}

Вен-Адад сирскиот цар, ја победил Израилевата војска во борбата во која загинал Ахав. Сирците после тоа постојано воделе погранични војни против Израелците и во еден од тие конфликти одвеле во ропство едно мало девојче кое „служеше на жената на Неман". Иако била робинка, далеку од својот дом, ова девојче била Божји сведок и несвесно ги извршувала оние задачи кои Бог му ги наменил на Израел како на свој избран народ. Служејќи во незнабожечка куќа, се сожалила на својот господар, и сеќавајќи се на чудесните исцелувања кои ги извршил Елисеј, и рекла на својата господарка: „О, да отидеше мојот господар при пророкот, кој е во Самарија, и тој би го ослободил од лепрата". (2. Царевите 5:3). Знаела дека Елисеј поседува небесна сила и верувала дека тој со таа сила може да го излечи Неман. {ПЦ 244.2}

Однесувањето на оваа девојка во незнабожечката куќа претставувало силен доказ за силата и важноста на раното домашно воспитување. Грижата за децата и нивното воспитување е највозвишена должност која им е доверена на родителите. Тие ги поставуваат првите основи на навиките и карактерот. Нивниот пример и поука во голема мерка влијаат врз иднината на нивните деца. {ПЦ 245.1}

Блажени се оние родители кои живеат богоугоден живот, така што ветувањата и заповедите Божји будат кај нивните деца чувство на благодарност и длабоко почитување; родителите кои со својата нежност, праведност и долго трпение им ја укажуваат на децата љубовта, правдата и долгото Божјо трпение; и кои учејќи ги своите деца да ги љубат, слушаат и да им веруваат, ги упатуваат истовремено да го љубат, да му веруваат и да му бидат послушни на својот небесен Отец. Родителите кои што во децата вградуваат таков дар на тој начин им подаруваат богатство подрагоцено од богатството на сите векови, богатство кое ќе трае долго колку и вечноста. {ПЦ 245.2}

Ние не знаеме нашите деца на кој начин ќе бидат повикани да служат. Можеби животот ќе го поминат во кругот на домот; можеби ќе се посветат на вообичаените занимања, или ќе отидат како учители на евангелието во незнабожечки земји. Меѓутоа, сите деца се повикани да бидат Божји мисионери, проповедници на милоста во светот. Тие треба да се здобијат со воспитување кое ќе им помогне да стојат покрај Христа во несебична служба. {ПЦ 245.3}

Додека ја учеле ќерката за Бога, родителите на оваа млада Еврејка не знаеле каква ќе биде нејзината судбина. Но тие верно ја завршиле својата доверена должност, така што нивната ќерка во домот на заповедникот на сирската војска можела да посведочи за Бога кого таа научила да го почитува. {ПЦ 246.1}

Неман ги слушнал зборовите кои девојката и ги упатила на својата господарка. Добивајќи одобрување од царот, тргнал да бара исцелување за својата болест, земајќи со себеси „десет таланти сребро, шест илјади златни сикли и десет свечени облеки". Исто така го понел и писмото од царот на Сирија за израелскиот цар, со порака: „Еве... ти го праќам својот слуга Неман, за да го излечиш од лепрата". (2. Царевите 5:6). Кога израелскиот цар го прочитал писмото, „ја раскина својата облека и рече: Зар сум јас Бог

за да можам да умртвувам и да оживувам, та овој ми праќа кај мене човек за да го излечам од неговата лепра? Гледајте само како бара караница против мене!” {ПЦ 246.2}

Веста за тоа стигнала и до Елисеј и му порачал на царот: „Зошто ги раскина своите облеки? нека дојде кај мене да познае дека има пророк во Израел”. {ПЦ 246.3}

„И така Неман стигна со своите коњи и со колите, и застана пред вратата на Елисеевата куќа”. Пророкот преку гласник му порачал: „Оди искапи се седум пати во Јордан, и телото ќе ти биде чисто”. {ПЦ 246.4}

Неман очекувал да види некое чудесно откритие на небесна сила. „Јас мислев рекол тој ќе излезе пред мене, ќе го повика Господа, својот Бог, ќе ја стави раката на болното место и ќе ми ја однесе лепрата”. Кога му било речено да се искапе во Јордан, бил повреден во својата гордост, и потиштено и очајно извикал: „Не се ли реките во Дамаск, Авана и Фарфар, подобри од сите израелски води? Не можам ли да се искапам во нив за да станам чист? Се сврте и си отиде лут оттаму”. {ПЦ 246.5}

Немановиот возгордеан дух не сакал да се покори на упатствата кои му ги дал Елисеј. Сирскиот војвода ги споменал реките кои ги разубавувале околните места, па мнозина доаѓале на нивните крајбрежја да се поклонуваат на своите идоли. Неман не би почувствувал големо понижување да се искапе во тие реки. Меѓутоа, тој можел да биде исцелен само ако биде послушен на одредените пророкови упатства. Само доброволната послушност може да ги донесе посакуваните резултати. {ПЦ 249.1}

Немановите слуги почнале да го преколнуваат својот господар да ги послуша Елисеевите упатства: „Да ти одредеше пророкот и нешто потешко”, ургирале тие, „зар не би направил? А камоли кога ти рече: Искапи се, и ќе бидеш чист?” Немановата вера била ставена на проба, додека неговата гордост се борела за превласт. Но верата победила, горделивиот Сирец се одрекол од гордоста и покорно се приклонил кон откриената Господова волја. Седум пати се нурнал во Јордан „според зборот на Божјиот човек”. Неговата вера била наградена; „телото му стана пак како кај мало дете и тој беше чист”. {ПЦ 249.2}

Благодарно, „тој се врати кај Елисеј, со сета своја придружба”, со признанието: „Еве, сега знам дека нема Бог во сета земја, освен во Израел”. {ПЦ 249.3}

Во склад со обичаите во тоа време, Неман му понудил на Елисеј скапи дарови, но пророкот одбил. Тој не можел да земе награда за благословот кој Бог милостиво го подарил. „Жив да е Господ”, рекол тој, „јас нема да примам ништо”. Сириецот „настојуваше за да прими, ама тој не сакаше”. {ПЦ 250.1}

Тогаш Неман рече: „Добро, кога не сакаш. Но барем дозволи да ми дадат, мене, на твојот слуга, од оваа земја колку што можат да носат две мазги. Зашто твојот слуга нема веќе да им принесува паленици жртви на други богови освен на Господа. А Господ нека му го прости ова на твојот слуга: кога мојот господар ќе отиде во Римоновиот храм за да се поклони таму, па се потпре врз мојата рака, и јас се поклонам во храмот Римонов. Кога јас ќе се поклонам во домот на Римон, нека Господ нека му го прости тој чин на твојот слуга”. {ПЦ 250.2}

„А тој му рече: Оди си со мир. И тој се оддалечи од него”. {ПЦ 250.3}

Елисеевиот слуга Гиезија со години имал можност да развива дух на самоодрекување кој го обележувал животното дело на неговиот господар. Нему му се дала можност да стане благороден знаменосец во Господовата војска. На негов дофат биле најубавите небесни дарови. Но, тој се одрекол и наместо нив го посакувал невредното земско богатство. А сега скриените склоности на неговото лакомо срце го навеле да падне во искушение. Тој размислувал во себеси: „Мојот господар го поштеди

Немана, Арамеецот, и не прими ништо од она што тој го донесе: но... ќе потрчам по него и ќе земам нешто од него". И така се случило во тајност да „Гиезиј го следи Нееман". {ПЦ 250.4}

„Кога Неман го виде дека трча по него, скокна од својата кола во пресрет и го праша: Дали е сè добро? Тој одговори: Сè е добро". Тогаш Гиезиј свесно изговорил лага: „Мојот господар", рекол тој, „ме прати да ти речам: Ете, токму сега стигнаа двајца младинци од Ефремовата Гора, двајца од пророчките синови. Дај за нив, те молам, талант сребро и две облеки". Неман радосно ја задоволил молбата, му предал на Гиезија два таланта сребро наместо еден и „две облеки", задолжувајќи ги своите слуги да го понесат тоа. {ПЦ 251.1}

Кога Гиезиј се приближил до Елисеевата куќа, ги отпуштил слугите а среброто и облеките ги ставил во сокровиште. Бидејќи тоа го направил „тој влегол и се јавил пред својот господар;" и за да се заштити себеси од укор, повторно излажал. На пророковото прашање: „Од каде доаѓаш?" Гиезиј одговорил: „Твојот слуга никаде не отиде". {ПЦ 251.2}

Тогаш дошле строги зборови на укор кои покажале дека Елисеј знаел сè. Тој рече: „Зар срцето мое не те придружуваше, кога оној човек се врати од колата своја да те пресретне? Време ли е да се земе сребро и да се зема облека, или маслинови дрвја и лозја, ситен или крупен добиток, слуги или слугинки? Затоа, Немановата лепра нека се залепи на тебе и на потомството твое засекогаш". Виновникот набрзо го снашла казната. Тој излезе од присуството на Елисеј „бел како снег од лепрата". {ПЦ 251.3}

Искуството на овој човек на кого му биле овозможени возвишени и свети предности содржи сериозна поука. Гиезиевата постапка претставувала камен на сопнување на патот на Неман чиј ум бил расветлен со прекрасна светлина, и кој посакал да служи на живиот Бог. Гиезивата постапка не можела со ништо да се оправда. Тој до својата смрт останал лепрозен, проколнат од Бога и одбегнуван од луѓето. {ПЦ 252.1}

„Лажливиот сведок не останува без казна, и кој шири лаги, нема да избега". (Изреки 19:5). Луѓето можат да мислат дека сите свои зли дела ги сокриле од човечките погледи, но тие не можат да го измамат Бога. „И нема создание сокриено за Него, туку сè е голо и откриено за очите на Оној, пред Кого ние ќе одговараме". (Евреите 4:13). Гиезиј имал намера да го измами Елисеј, но Бог му ги открил на својот пророк зборовите кои Гиезиј му ги упатил на Неман, како и сè останато што се случило помеѓу нив двајца. {ПЦ 252.2}

Вистината е од Бога, а измамата во сите свои многубројни облици потекнува од сатаната; и секој оној кој на било каков начин скршнува од правиот пат на вистината, се предава на силите на злобниот непријател. Оние кои што учеле од Христа не се согласуваат со „бесплодните дела на темнината". (Ефесјаните 5:11). Тие се едноставни во животот како и во зборовите, чесни и верни, затоа што се подготвуваат за друштво на свети суштества во чии усти не се нашла измама. {ПЦ 252.3}

Неман се вратил во својот дом во Сирија, телесно исцелен и духовно преобразен; многу векови подоцна неговата вера ја споменал Спасителот препорачувајќи ја на сите оние кои тврдат дека служат на Бога. Спасителот рекол: „Исто имаше многу лепрозни во Израел во времето на пророкот Елисеј, но ниеден од нив не беше очистен освен Сириецот Неман". (Лука 4:27). Бог заобиколил мнозина лепрозни во Израел, затоа што нивното неверство претставувало пречка да им се направи добро. Еден незнабожечки благородник кој бил верен на своите убедувања за правдата, и кој почувствувал дека му е потребна помош, бил во Божји очи подостоен за благослов од сите оние болни во

Израел кои го презирале и ги отфрлиле од Бога дадените предности. Бог се застапува за оние кои ја ценат Неговата наклонетост и ја прифаќаат светлината која им се праќа од небото. {ПЦ 252.4}

И денеска во секоја земја има луѓе чесни во срцето и таквите ги обвиткува небесна светлина. Ако продолжат верно да ги исполнуваат своите должности, тие ќе примаат сè повеќе светлина, така што на крајот, како некогаш Неман, ќе бидат наведени на признание дека „нема Бог во целата земја", освен живиот Бог Создателот". {ПЦ 253.1}

На секоја искрена душа која „оди во темнина без зрак на светлина" упатен и е повик: „Нека се надева на Господовото име, нека се потпре на својот Бог". „Затоа уште од создавањето на светот, луѓето не слушнаа, ниедно уво не чу, ниедно око не виде, О, Боже, освен Тебе, што имаш подготвено за оние кои се надеваат на Тебе. Се среќаваш со оние кои се радуваат и чинат праведност, оние кои си спомнуваат за Тебе на Твоите патишта". (Исаија 50:10; 64:4-5). {ПЦ 253.2}

ПОГЛАВЈЕ 21 - ЗАВРШУВАЊЕТО НА ЕЛИСЕЕВАТА СЛУЖБА

Повикан на пророчка должност уште за време на Ахавовото владеење, Елисеј доживеал да види многу промени во Израилевото царство. Казна по казна го снаоѓала Израел за време на владеењето на Сириецот Азаил, кој бил помазан да биде камшик за отпаднатата нација. Строгите мерки на реформа кои ги вовел Јуј имале за последица уништување на целиот Ахавов дом. Во постојаните војни со Сирците, Јуевиот наследник Јоахаз изгубил неколку градови кои лежеле источно од Јордан. Некое време изгледало дека Сирците ќе завладеат со целото царство. Меѓутоа, реформацијата која ја започнал Илија а ја продолжил Елисеј, ги навела мнозина да го бараат Бога. Биле заборавени Вааловите олтари и Божјата цел полека но сигурно се исполнувала во животите на оние кои се одлучиле да Му служат Нему со целото свое срце. {ПЦ 254.1}

Заради љубов кон заблудениот Израел, Бог дозволил Сирците да ги казнуваат. Од сомилост кон слабите Тој го подигнал Јуј да ја уништи безбожната Језавела и целиот Ахавов дом. И уште еднаш, во својата милост, ги тргнал Астаротините свештеници и Вааловците и ги срушил нивните незнабожечки олтари. Бог во својата мудрост предвидел дека доколку искушенијата бидат отстранети некои ќе се одречат од идолопоклонството и ќе ги вперат своите очи кон небото, и затоа Тој допуштил да ги снаоѓаат неволји, една по друга. Милоста ги ублажувала неговите судови и кога Неговата намера би се остварила, пак ја покажувал својата љубов кон оние кои научиле да Го бараат. {ПЦ 254.2}

Додека силите на доброто и злото се бореле за превласт и додека сатаната со сите сили се трудел да го доврши своето уништувачко дело, започнато за време на Ахав и Језавела, Елисеј продолжувал да го изнесува своето сведоштво. Имал противници, но никој не можел да ги оспори неговите зборови. Него длабоко го почитувале во целото царство. Мнозина доаѓале кај него за совет. Израелскиот цар Јорам барал негов совет уште во времето на Језавела, а еднаш додека бил во Дамаск, дошле кај него гласници на сирскиот цар Вен-Адад да го прашаат дали царевата болест ќе се заврши со смрт. Пророкот на сите верно им сведочел, и тоа во време кога вистината на секој чекор се изопачувала и кога поголемиот дел од народот бил во отворен бунт против небото. {ПЦ 255.1}

И Господ никогаш не го заборавал својот избран гласник. Сирскиот цар во една прилика на еден напад во израелската земја сакал да го погуби Елисеј затоа што го известувал израелскиот цар за намерите на неговиот непријател. Сирскиот цар се советуваше со слугите свои, велејќи: „Во тоа и тоа место ќе го поставиме својот логор". Господ му го открил овој план на Елисеј кој „испрати да му кажат на израелскиот цар: Внимавај да не минуваш преку она место, зашто таму Сирците се во заседа. И израелскиот цар испрати разузнавачи, на она место, за кое му порача Божјиот човек, и се пазеше; и се зачува оттаму не еднаш и не два пати". {ПЦ 255.2}

„И му се вознемири срцето на сирскиот цар поради тоа, и тој ги повика слугите свои и им рече: Кажете ми, кој од нашите одржува врска со израелскиот цар? И рече еден од слугите негови: Никој, господару мој, цару; туку пророкот Елисеј, кој е во Израелот, му ги соопштува на израелскиот цар и оние зборови, што ти ги говориш во спалната соба своја". {ПЦ 256.1}

Решен да се прости со пророкот, сирскиот цар заповедал: „Одете, дознајте, каде е тој, и јас ќе испратам да го фатат". Пророкот се наоѓал во Датан, и дознавајќи го тоа царот „испрати таму коњи и коли и многу војска; тие дојдоа ноќе и го опколија градот. Изутрината слугата на Божјиот човек стана и излезе. А тоа војска околу градот со коњи и коли". {ПЦ 256.2}

Преплашен, Елисеевиот слуга поита да му го јави тоа. „Ах, господару!" рекол тој, „што да правиме?" {ПЦ 256.3}

„Не плаши се", му одговори пророкот; „зашто оние, што се со нас, сè повеќе од оние, што се со нив". И тогаш, за да види и неговиот слуга, „Елисеј се помоли и рече: Господи, отвори му ги очите да види. И Господ му ги отвори очите на слугата, и тој виде, а тоа, целата гора полна со коњи и огнени коли околу Елисеја". Помеѓу Божјите слуги и непријателската војска се наоѓала војска од небесни ангели. Тие се симнале во сета своја сила, не да уништат ниту да изнудат покорност, туку да ги обиколат и заштитат слабите и немоќни Господови слуги. {ПЦ 256.4}

Кога ќе западне во неволја, од која изгледа дека му нема спас, Божјиот народ мора да се надева единствено во Господа. {ПЦ 257.1}

А кога сириските војници, незнаејќи за невидливите небесни чети, смело појдоа напред, „Елисеј му се помоли на Господа и рече: Порази ги овој народ, Те молам, со слепило. И Господ ги порази со слепило, според зборот на Елисеја. Елисеј тогаш им рече: Не е тоа патот, не е тоа градот, одете по мене, јас ќе ве одведам при оној, што го барате. И ги одведе во Самарија". {ПЦ 257.2}

„Кога дојдоа во Самарија, Елисеј рече: Господи, отвори им ги очите да видат. И Господ им ги отвори очите, и видоа дека се среде Самарија. И израилскиот цар, кога ги виде, го праша Елисеја: Да ги убијам ли, оче мој, да ги убијам ли? Но тој одговори: Не ги убивај. Зар со сабјата своја и со лакот свој ги зароби, та да ги убиваш? Дај им леб и вода; нека јадат и пијат, и да си одат при господарот свој. Царот им даде голема гозба, и откако јадеја и пиеја, тој ги пушти и тие се вратија при својот господар". (Види 2. Царевите 6). {ПЦ 257.3}

Израел извесно време после таа случка бил поштеден од нападите на Сирците. Меѓутоа, подоцна сирската војска под заповедништво на енергичниот и одлучен цар Азаил (внук на оној Азаил кој бил помазан како камшик на Израел), ја опколила Самарија и започнала со опсада. Израел никогаш порано не бил во толкава неволја како за време на оваа опсада. Гревовите на татковците навистина биле казнети врз нивните деца и внуци. Стравовите од долготрајните гладувања го натерале царот да преземе

очајнички мерки, но Елисеј претскажал дека следниот ден ќе дојде до ослободување. {ПЦ 258.1}

Кога следното утро започнало да се разденува, „Господ беше направил така, што во сирскиот логор се чу топот од коли, ржење на коњи, шум од голема војска", па тие во страв „беа станале и избегале во темнината, и ги оставиле шаторите свои, и коњите свои, и ослите свои целиот логор, како што си бил", со богати залихи на храна. „И беа избегале, за да се спасат", не запирајќи сè додека не поминале преку Јордан. {ПЦ 258.2}

Таа ноќ, кога тие побегнале, четири лепрозни на вратите од градот решиле во очајување заради гладта да одат во логорот на Сирците и да побараат милост од завојувачите, надевајќи се дека овие ќе се сожалат на нив и ќе им дадат храна. Колкаво било нивното чудење кога влегувајќи во логорот виделе дека „таму немаше никој". Бидејќи никој не вознемирувал ниту спречувал, „тие влегоа во еден шатор, јадеа и пиеја, и зедоа оттаму сребро, и злато, и облека, па отидоа, та ги сокрија. Влегоа и во друг шатор, и оттаму зедоа плен, па отидоа и го сокрија. И си рекоа еден на друг: Не правиме добро. Овој ден е ден за радосна вест, а ние молчиме". Потоа брзо се вратиле во градот носејќи радосна вест. {ПЦ 258.3}

Пленот бил голем. Намирници имало толку што се продавале „една мера чисто брашно беше продавана за шекел, и две мери јачмен за шекел", како што прорекол Елисеј еден ден пред тоа. Уште еднаш Божјото име се прославило помеѓу незнабошците, „според речта Господова", преку Неговиот пророк во Израел. (Види 2. Царевите 7:5-16). {ПЦ 259.1}

Така Божјиот човек продолжил да работи од година во година, во тесна врска со народот верно вршејќи ја својата должност, советувајќи цареви во тешки и критични моменти. Владетелите и народот во текот на многу години служеле на идоли, и тоа оставило страшни последици. Сè уште насекаде се гледале темни сенки на отпаднишство, но имало овде и онде луѓе кои не сакале да му се поклонат на Ваал. Продолжувајќи го делото на реформацијата, Елисеј мнозина вратил од незнабоштво и тие луѓе научиле да најдат радост во служба на вистинскиот Бог. Пророкот се радувал на овие чудесни дела на божествената благодат и сесрдно тежнеел да допре до сите оние кои биле со искрени срца. Каде и да се нашол, настојувал да биде учител на праведноста. {ПЦ 259.2}

Од човечка гледна точка, изгледите за духовна обнова биле исто така безнадежни како што се и денес напорите на Божјите слуги кои работат во оние делови од земјата каде што владее темнина. Меѓутоа црквата Христова е Божјо средство за објавување на вистината. Тој неа ја ополномоштил да врши една посебна задача, и ако биде предана на Бога и послушна на Неговите заповеди, во нејзината работа ќе се манифестира извонредност на божествената сила. Ако остане верна на својот завет, никаква сила нема да може да и се спротивстави. Силата на непријателот нема да биде повеќе способна да и се спротивстави отколку што плевата може на ветрот. {ПЦ 259.3}

Пред заедницата ќе зазори зора на сјаен и славен ден, но само тогаш кога ќе ја облече облеката на праведноста Христова и ќе ги прекине сите врски со светот. {ПЦ 260.1}

Бог ги повикува своите верни да веруваат во Него и да влеваат храброст на оние кои се без вера и надеж. Обратете му се на Господа, вие затвореници кои се надевате. Побарајте сила од Бога, од живиот Бог. Ако со вера побараме од Него сила, Тој ќе ги измени, чудесно ќе ги измени, најбеспомошните, и најбезнадежните околности. Тој ќе го направи тоа за слава на Своето име. {ПЦ 260.2}

Елисеј се залагал за изградба на пророчки школи сè додека бил во состојба да патува од град во град по цел Израел. Каде и да се нашол, Бог бил со него давајќи му зборови да говори и моќ да прави чуда. Во една прилика „пророчките синови му рекоа на Елисеј: Ете, тесно ни е местото кај тебе. Туку да отидеме до Јордан, па таму секој да земеме по греда и да си направиме таму живеалиште". (2. Царевите 6:1,2). Елисеј тргнал со нив на Јордан, поттикнувајќи ги во работата, давајќи им упатства и дури правејќи чудо со кое им помагал во работата. „А додека еден од нив ја делкаше гредата, секирата му падна во водата, и тој викна: Ах, господару! И уште беше позајмена! А Божјиот човек праша: Каде падна? Оној му го покажа местото. Тогаш тој пресече дел од дрво, го фрли на она место и направи секирата да исплива. И рече: Извади ја! И човекот ја протегна раката та ја зеде". (Стихови 5-7). {ПЦ 260.3}

Неговата служба била толку делотворна а угледот толку голем, што дури и младиот цар Јоас, и покрај тоа идолопоклоник кој не го почитувал Бога, му признал дека присуството Елисеево во тешките времиња вредело повеќе отколку војската со колите и коњите. Историјата бележи: „Кога Елисеј се разболе од болест од која што требаше да умре, му дојде израелскиот цар Јоас, се расплака над него и му рече: Татко мој, татко мој! Израелевата кола и неговите коњаници!" (2. Царевите 13:14). {ПЦ 261.1}

Пророкот бил нежен и мудар татко на многу души во час на неволја. И во овој случај тој не сакал да го отфрли овој безбожен млад човек кој стоел пред него, и бил толку недостоен на својот царски повик, но на кој многу му бил потребен совет. Бог во своето провидение му дал на царот можност да ги поправи своите поранешни грешки и да го зајакне своето царство. Требало да се истераат Сирците кои тогаш ја заземале земјата источно од Јордан. Бог сакал уште еднаш да ја открие својата сила за доброто на Израел. {ПЦ 261.2}

Пророкот од смртната постела му нареди на царот: „Земи лак и стрели". Јоас послушал. Тогаш пророкот рече: „Оптегни го лакот!" Јоас „го оптегна лакот и Елисеј ги стави рацете врз царевите раце, потоа рече: Отвори го прозорецот кон исток. И тој го отвори, а на тоа Елисеј рече: Стрелај! И тој исфрли стрела". И додека стрелата летала во правец на исток во земјата преку Јордан која што ја држеле Сирците, пророкот во вдахновение рече: „Господовата стрела на ослободување, и стрелата на ослободување од Сирија; затоа што ќе ги разбиеш Сирците кај Афек, додека целосно не ги уништиш". {ПЦ 261.3}

Тогаш пророкот ја искушал царевата вера. Му наредил на Јоас да земе стрела и му рекол: „Удри на земјата". Тој удри трипати и застана". „Требаше да удриш пет или шестпати", извика расрдениот Елисеј, „тогаш потполно ќе ги разбиеше, Арамејците; вака ќе ги победиш само трипати". (2. Царевите 13:15-19). {ПЦ 262.1}

Оваа поука се однесува на сите кои вршат одговорни должности. Кога Бог ќе отвори пат да се изврши некоја задача и гарантира дека во тоа ќе се успее, избраното човечко орудие мора да направи сè што е во негова моќ за да се оствари таа цел. Бог ќе ни подари успех сразмерно со ентузијазмот и истрајноста со која ќе работиме за негово остварување. Бог може да врши чуда за својот народ единствено ако тој неуморно го врши својот дел на должности. Бог повикува луѓе кои ќе бидат предадени на Неговото дело, луѓе полни со морална храброст, со силна љубов кон душите и ревност која никогаш не малакса. На таквите луѓе ниедна должност нема да им биде тешка и тие никогаш нема да изгубат доверба, туку срдечно ќе работат сè додека привидниот пораз не се претвори во победа. Ни ѕидовите на темнината, ниту справите за мачење нема да ги спречи таквите луѓе да работат со Бога на изградба на Неговото царство. {ПЦ 263.1}

Со советите и охрабрувањата дадени на Јоас, делото на Елисеј завршило. Оној врз кого паднал во полна мерка духот кој почивал врз Илија, се покажал верен до крај. Никогаш не се поколебал. Никогаш не ја загубил довербата во силата на Семожниот. Секогаш одел со вера, дури и тогаш кога патот пред него изгледал безизлезен, а Бог секогаш ја наградувал неговата вера и отворал пред него пат. {ПЦ 263.2}

На Елисеј не му било дадено да појде со својот учител на огнена кола. Господ дозволил да боледува од долготрајна болест. Во долгите часови на човечка слабост и страдања, неговата вера се крепела со Божјите ветувања и тој секогаш гледал околу себе небесни гласници кои му носеле утеха и мир. Како што на висините Датан видел небесна војска, огнена кола и коњаници, така сега чувствувал присуство на сочувствителни ангели и тоа го поткрепило. Во текот на целиот свој живот тој појавувал силна вера, и како што придобивал знаење за Божјите провиденија и Неговата милостива благост, верата созреала во постојана доверба во Бога, и кога го повикала смртта, бил подготвен да се одмори од својата работа. {ПЦ 263.3}

„Скапоцена е во очите на Господа смртта на Неговите свети". (Псалм 116:15). „Праведникот има надеж во својата смрт". (Изреки 14:32) Заедно со псалмистот, Елисеј можел да рече со полна доверба: „Бог ќе ја откупи мојата душа од силата на гробот; и ќе ме прими милостиво". (Псалм 49:15) И радосно тој ќе може да посведочи: „Јас знам дека мојот Избавител живее, дека и Тој во последно време ќе застане над земјата". (Јов 19:25). „А јас ќе го гледам Твоето лице во праведност; и еднаш кога ќе се разбудам, ќе се наситам од Твојот изглед". (Псалм 17:15). {ПЦ 264.1}

ПОГЛАВЈЕ 22 - НИНЕВИЈА, ГОЛЕМИОТ ГРАД

Во времето на поделениот Израел, Ниневија, престолнината на Асирија, бил еден од најголемите градови во стариот свет. Основана на плодните крајбрежја на Тигар, набрзо по пропаѓањето на Вавилонската кула, таа се развивала во текот на вековите и станала „многу голем град три дни одење". (Јона 3:3). {ПЦ 265.1}

За време на тој материјален напредок Ниневија била средиште на зло и безбожништво. Духот на пророштвото го опишал како „крвнички град, ... полн е со лаги и грабеж". Пророкот Наум со својот сликовит јазик ја опишал Ниневија како свиреп, ненаситен лав. „Кон кого", запрашал тој, „ли не премина твојата злоба постојано?" (Наум 3:1,19). {ПЦ 265.2}

Сепак Ниневија, и покрај својата грешност, не била сосема потоната во зло. Оној кој „ги гледа сите човечки синови" (Псалм 33:13) и „го гледа секое прекрасно нешто" (Јов 28:10), видел во тој град многу луѓе кои тежнееле за нешто подобро и повозвишено; луѓе кои, кога би им се дала прилика да го запознаат живиот Бог, би го оставиле лошиот пат и би почнале да Му служат Нему. Затоа Бог, во својата мудрост, им се открил на многу јасен начин, сакајќи да ги наведе, доколку е тоа можно, на покајание. {ПЦ 265.3}

Јона, синот Аматиев, бил орудие избрано за ова дело. Нему му дошла Господова реч: „Стани, оди во Ниневија, тој голем град, и викај против него, зашто нивното зло се воздига пред Моето лице". (Јона 1:1,2). {ПЦ 266.1}

Размислувајќи за тешкотиите и слабите изгледи за својата мисија Јона паднал во искушение да се запраша дали е мудар овој повик. Од човечка гледна точка, се чинело дека нема ништо да се постигне со проповедање на ваква вест во тој горд град. Тој во

тој момент заборавил дека Бог на кого му служи е сезнаен и семоќен. И додека се сомневал и колебал, сатаната ја искористил неговата малодушност и го совладал. Пророкот го обзеде голем страв и „стана за да побегне во Тарсис". Отишол во Јопа и наоѓајќи еден брод кој се подготвувал да тргне „го платил возењето и слегна во него за да отплови со нив". (Јона 1:3). {ПЦ 266.2}

Должноста која му била поверена на Јона претставувала голема одговорност, но оној кој му наредил да оди бил во состојба да го поддржи својот слуга и да му подари успех. Да се покорел пророкот без приговор, би си заштедил себеси многу горчливи искуства и би примил голем благослов. Но, Господ не го оставил Јона во часот на неговото очајание. Цела низа на искушенија и необични случки ја повратиле пророковата вера во Бога и Неговата бескрајна моќ да спаси. {ПЦ 266.3}

Доколку, кога добил повик, размислувал трезвено, Јона би сфатил колкава неразумност е да се избегнува одговорност. Меѓутоа, тој не бил оставен во своето безумно бегство непопречен за долго време. „Господ фрли голем ветар на морето, и стана голема бура во морето, та мислеа дека бродот ќе се разбие. Морнарите се исплашија; секој го повика својот бог, и за да го олеснат, го фрлаа во морето товарот што беше во бродот. Јона пак беше слегол во дното на бродот, легнал и беше заспал со цврст сон". (Стихови 4,5). {ПЦ 267.1}

Додека морнарите се молеле на своите богови за помош, управителот на бродот, кој бил надвор од себе заради грижите, го побара Јона и му рече: „Што е со тебе, спанко? Стани и повикувај го својот Бог! Можеби тој Бог ќе си спомне за нас за да не загинеме". (Стих 6). {ПЦ 267.2}

Но молитвите на човекот кој се оттргнал од патот на должноста не помогнале ништо. Морнарите, уверени дека овие страшни молњи се пратени од нивните разгневени богови, одлучиле да фрлаат коцка: „да видиме заради кого ни дојде ова зло", говореле. „Фрлија жреб, и жрепката падна на Јона. Тогаш тие му рекоа: Кажи ни: заради која причина ни дојде ова зло, со каква работа се занимаваш? Од каде доаѓаш, од која земја си и од кој народ?" {ПЦ 267.3}

„Тој им одговори: Јас сум Евреин и се бојам од Господа, небесниот Бог, кој ги создаде морето и копното". {ПЦ 268.1}

„Мажите се исплашија многу и му рекоа: Зашто го направи тоа? Зашто беа узнале дека тој бега од Господовото присуство, затоа што самиот им го раскажа тоа". {ПЦ 268.2}

„Тие го прашаа: Што да направиме со тебе за да ни се смири морето? Зашто морето стануваше сè побурно. Тој им одговори: Земете ме и фрлете ме во морето, па ќе ви се смири морето, зашто знам дека заради мене се крена на вас оваа голема бура". {ПЦ 268.3}

„Но мажите веслаа за да се вратат на копното но не беа способни, зашто морето се креваше сè побесно против нив. Тогаш го повикаа Господа и рекоа: Господи, Ти се молиме, Ти се молиме, не оставај да загинеме заради животот на овој човек и не навалувај врз нас невина крв, зашто Ти о Господи, си направил како што ти е мило. И го зедоа Јона, и го фрлија во морето, и морето престана да беснее. Тогаш мажите се уплашија од Господа со голем страв, та Му принесоа жртва на Господа и направија заклетви". {ПЦ 268.4}

„Господ беше определил голема риба да го проголта Јона. Јона беше во рибината утроба три дни и три ноќи". {ПЦ 268.5}

„Тогаш Јона се помоли на Господа,

својот Бог, од рибината утроба.
Тој рече: {ПЦ 268.6}
Во својата неволја извикав кон Господа,
и Тој ме послуша; од утробата на гробот повикав,
и Ти го чу мојот гласот. {ПЦ 268.7}
Ти ме фрли во длабочината,
во срцето на морето, и водата ме опкружи. {ПЦ 269.1}
Сите Твои поплави и бранови минаа преку мене.
Тогаш реков: Отфрлен сум од пред Твоите очи.
Но сепак ќе погледнам повторно кон Твојот свет храм.
Водите ме опкружија дури до душата моја,
бездната ме опколи. {ПЦ 269.2}
Тревите ми ја завиткаа главата,
слегов до подножјата на планините.
Околу мене беа засекогаш земните лостови. {ПЦ 269.3}
Но ти извади го од јама мојот живот,
О Господи, Боже мој.
Кога изнемогна душата моја во мене,
си спомнав за Господа,
и мојата молитва влезе при Тебе,
во Твојот свет храм. {ПЦ 269.4}
Оние кои се придржуваат кон суетните идоли,
ја остваат својата добродушност.
Меѓутоа, јас ќе ти принесам жртва со гласот на пофалба.
Што се заветував, ќе исполнам Спасението е од Господа".
(Стихови 7 до 2:9) {ПЦ 269.5}

Најпосле Јона увидел дека „спасението е од Господа". (Псалм 3:8). По покајанието и признавањето на Божјата сила дошло избавување. Јона бил ослободен од страшните длабочини и бил исфрлен на суво. {ПЦ 269.6}

Божјиот слуга повторно добил налог да ја предупреди Ниневија. „Стани, оди во Ниневија, тој голем град, и прогласи ја проповедта во него што ќе ти ја речам". Овој пат тој не прашувал ниту се колебал, туку се покорил без двоумење. „Јона стана и отиде во Ниневија, според Господовото слово". (Јона 3:1-3). {ПЦ 269.7}

Влегувајќи во градот почна да ја проповеда веста: „Уште четириесет денови и Ниневија ќе биде уништена". (Стих 4). Одел од улица во улица и ја објавувал веста на предупредување. {ПЦ 270.1}

Оваа вест не била залудна. Повикот одзвонувал низ улиците на безбожниот град, одел од уста до уста, така што најпосле сите граѓани дознале за оваа уплашителна новина. Божјиот Дух делувал со оваа порака на секое срце, и илјадници луѓе трепереле заради своите гревови и се каеле во длабока понизност. {ПЦ 270.2}

„И ниневијците поверуваа во Бога; огласија пост и се облекоа во вреќишта, сите од најголемиот до најмалиот. Словото стигна до царот на Ниневија, тој стана од престолот, ја соблече плаштеницата од себе, се облече во вреќиште и седна во пепел. Тогаш по одредбата на царот и на неговите големци се огласи и се објави во Ниневија: Луѓето и добитокот, говедата и овците да не вкусат ништо, ниту да пасат, ниту да пијат вода. Туку и луѓето и добитокот да се покријат со вреќишта, да повикуваат силно кон Бога и секој

да се одврати од својот лош пат и од насилствата што се во нивните раце. Кој знае, можеби Бог ќе се смилува и ќе се одврати од Својот лут гнев за да не загинеме". (Стих 5-9). {ПЦ 270.3}

Бидејќи царот и кнезовите, заедно со народот, големите и малите, „се покајаа од проповедта на Јона" (Матеј 12:41), и заеднички се молеле на небесниот Бог, Неговата милост се излеала врз нив. Тој „ги виде нивните дела: дека се обратија од својот лош пат. И Господ се сожали заради несреќата со која им се беше заканил да ја направи, и не ја направи". (Јона 3:10). Нивната пропаст била спречена. Целиот незнабожечки народ го возвишувал и го фалел Израеловиот Бог и го почитувал Неговиот закон. Дури многу години подоцна Ниневија станала плен на околните народи, затоа што го заборавила Бога, и станала наперчено горда. (За падот на Асирија, види глава 30). {ПЦ 270.4}

Бидејќи осознал дека Бог го поштедил градот, кој за несреќа на својата безбожност се покајал во кострет и пепел, Јона требало прв да се израдува на неочекуваната Божја милост. Меѓутоа, тој наместо тоа размислувал како сега ќе го сметаат за лажен пророк. Со желба да се сочува на добар глас, ја изгубил од вид бескрајно големата вредност на душите во тој беден град. Божјото сожалување кон Ниневјаните кои се покајале го „налути Јона прекумерно и разгневи многу. Тој се обратил кон Господа со зборовите: „О, Господи, не го зборував ли тоа уште додека бев во својата земја? Затоа сакав да избегам во Тарсис; зашто знаев дека Ти си благосклон Бог, и милостив, спор на гнев и богат со милосрдие, и дека се покајуваш од злото кое мислиш да го чиниш". (Јона 4:1-2). {ПЦ 271.1}

Повторно се предал на својата наклонетост да прашува и да се сомнева, и повторно бил совладан од обесхрабрување. Губејќи го од вид доброто на другите и сметајќи дека е подобро да умре отколку да доживее градот да биде поштеден, тој во незадоволство извикал: „Сега ти се молам Господи, земи го мојот живот од мене, зашто ми е подобро да умрам отколку да живеам". {ПЦ 271.2}

Господ го запрашал: „Со право ли се лутиш? Така Јона излезе од градот и седна на исток од градот; и си направи таму колиба и седна под неа во ладовина, додека не види што ќе стане со градот. А Господ Бог определи една тиква да се издигне над Јона и да му направи сенка на неговата глава, та да го избави од неговата неволја, Јона и се зарадува многу на тиквата". (Стихови 3-6). {ПЦ 272.1}

Господ сакал да му даде на Јона една поука. „Но утреден, при осамнувањето Бог определи црв да ја подгризе тиквата, и таа се исуши. Кога огреа сонцето, Бог определи врел источен ветер и сонцето ја вжештуваше Јонината глава, те сосем се истошти. Посака со сета своја душа да умре и рече: Подобро ми е да умрам, отколку да живеам". {ПЦ 272.2}

Бог повторно му се обратил на својот пророк: „Со право ли се лутиш заради тиквата?" А пророкот одговори: „Со право сум лут, дури до смрт". {ПЦ 272.3}

„Господ му рече: Тебе ти е жал за тиквата околу која не се трудеше, ниту направи да израсте, туку во една ноќ никна и во една ноќ се исуши. А Мене да не ми е жал за Ниневија, голем град, во кого има повеќе од сто и дваесет илјади луѓе, кои не знаат да ја разликуваат десната рака од левата, а покрај тоа и многу животни?" (Стихови 7-11). {ПЦ 272.4}

Збунет, понижен и неспособен да разбере зошто Бог ја поштедил Ниневија, Јона сепак ја исполнил должноста која му била наменета. Иако она што било проречно не се случило, веста на предупредување сепак била од Бога; и таа ја постигнала својата цел

за која Бог ја наменил. Помеѓу незнабошците се открила славата на Неговата благодат. Оние кои одамна седеле „во мрак и во сенката на смртта, оковани со беда и со железо”, „извикаа кон Господа во својата тешкотија” и „Тој ги спаси од сите неволји; ги изведе од мракот и смртната сенка и ги скина нивните окови”. „Тој го испрати своето слово, исцели и ги избави нив од нивното уништување”. (Псалм 107:10,13,14,20). {ПЦ 272.5}

За време на земската служба Христос го споменал доброто влијание на Јонината проповед во Ниневија, и ги споредил жителите на тој незнабожечки град со оние кои во Негово име тврделе дека се Божји народ. Христос рекол: „Ниневијските мажи ќе станат на суд со ова поколение и ќе го осудат, зашто се покајаа од проповедта на Јона; а еве, тука е поголем од Јона”. (Матеј 12:41). Христос дошол во раздвижен, зафатен свет, во свет исполнет со дух на трговија и расправии, во свет во кој луѓето се бореле да приграбат сè што можат за себе. И над целиот тој дух се слушнал Неговиот глас како Божја труба: „Што му користи на човекот, ако го добие целиот свет, а својата душа ја загуби? Зашто, што може човекот да даде во замена за својата душа?” (Марко 8:36,37). {ПЦ 273.1}

Како што Јониното проповедање било знак за Ниневјаните, така и Христовото проповедање било знак за Неговото поколение. Меѓутоа, како веста е различно прифатена! Но, Спасителот и покрај рамнодушноста и исмејувањето непрестано се трудел, сè додека не ја исполнил својата задача. {ПЦ 274.1}

Оваа поука е наменета на денешните Божји гласници, кога на градовите од сите земји им е исто така неопходно да ги запознаат својствата и намерите на вистинскиот Бог, како што тоа некогаш им било потребно на старите Ниневијци. Христовите претставници треба да им укажат на луѓето на еден поблагороден свет кој во големо е загубен од вид. Врз основа на науката на Светото Писмо, единствениот град кој ќе одолее е токму оној град кој Бог го заградил. Со очите на верата можеме да го согледаме влезот на небесниот град, опкружен со Божјата слава. Господ Исус преку своите слуги ги повикува луѓето да се борат во свето тежнеење да си обезбеди себеси бесмртно наследство. Тој ги повикува да собираат благо покрај Божјиот престол. {ПЦ 274.2}

Жителите на градовите брзо паѓаат сè подлабоко во грев заради постојаното зголемување на решителното зло. Човечкото перо не е во состојба да ја опише расипаноста која преовладува. Секој ден открива нови судири, подмитувања и измами; секој ден слушаме за нови насилства и неисправности, за рамнодушност кон човечките страдања, за свирепо уништување на човечките животи, сите трогателни по срце. Секој ден сведочи дека сè повеќе има лудило, убиства и самоубиства. {ПЦ 275.1}

Сатаната во сите векови настојувал луѓето да ги задржи во незнаење за добротворните Господови намери. Се трудел што подобро да ја сочува од нивните погледи големината на Неговиот закон начелата на правдата, милоста и љубовта кои се во него изразени. Луѓето се фалат со напредокот и просветлувањето на времето во кое живееме, но Бог гледа дека светот е преполн со грев и насилство. Луѓето зборуваат дека Божјиот закон е укинат, дека Библијата не е веродостојна, и затоа врз светот наишла поплава од зло каква не се видела од Ноевото време и отпадот на Израел. Луѓето се одрекуваат од благородноста на душата, благоста и побожноста за да ги задоволат своите желби за забранети работи. Црниот список на злосторства започнати од користољубие е доволен за да замрзне крвта на човекот во вените, а душата се исполни со ужас. {ПЦ 275.2}

Нашиот Бог е Бог на милост. Тој е трпелив и благ кон оние кои го престапуваат Неговиот закон. Па сепак, во ова наше време, кога на луѓето им се даваат толку можности да се запознаат со Божјиот закон откриен во Светото Писмо, големиот Владетел на вселената не може а да не негодува кога ги посматра безбожните градови во кои владеат насилство и злосторство. Брзо се приближува крајот на Божјото трпение за оние кои упорно остануваат во својата непокорност. {ПЦ 275.3}

Дали луѓето треба да бидат изненадени со неочекувани промени на начините со кои Врховниот Владетел постапува кон жителите на паднатиот свет? Дали треба да бидат изненадени кога Бог ќе се согласи на уништување и смрт на оние кои својата лошо здобиена добивка ја постигнувале по пат на измама и лага? И покрај тоа што светлината за Божјите заповеди на големо го осветлувал нивниот пат, мнозина одбиле да го признаат владеењето на Јехова и одлучиле да останат под црното знаме на поттикнувачот на сеат бунт против небото. {ПЦ 276.1}

Божјото трпение било многу големо, толкаво што мораме да се восхитуваме кога посматраме како Неговите свети заповеди непрестано се прекршуваат. Семожниот со својата сила ги зауздува своите поданици. Меѓутоа, Тој сигурно ќе се подигне да ги казни безбожниците кои така смело им пркосат на прописите содржани во десетте заповеди. {ПЦ 276.2}

Бог ги става луѓето извесно време на проба. Меѓутоа, постои граница каде што престанува божественото трпение и кога Божјата казна станува неизбежна. Господ има многу трпение со луѓето во градовите. Тој милостиво ги предупредува за да ги спаси од последиците на гневот. Но, ќе дојде време кога молитвите за милост нема да бидат повеќе примани, кога бунтовните елементи кои упорно ја отфрлаат светлината за вистината, ќе бидат уништени, од милост кон нив самите и кон оние на кои би влијаел нивниот лош пример. {ПЦ 276.3}

Блиску е времето кога во овој свет ќе се појави страдање кој никаков човечки мелем нема да може да го исцели. Божјиот Дух се повлекува. Несреќите на море и копно брзо следат една по друга. Колку често слушаме за земјотреси и урагани, за пожари и поплави кои нанесуваат големи загуби во имотите и животите! Наизглед тие несреќи се наивни испади на несреќни сили во природата, потполно надвор од човечка власт; но во сето тоа се наѕира Божјата намера. Тие спаѓаат во средства со помош на кои Бог настојува во луѓето да разбуди свест за лична опасност. {ПЦ 277.1}

Божјите гласници во големите градови не смеат да губат храброст заради беззаконијата, неправдите и расипаноста со кои мораат да се соочуваат при објавувањето на радосната вест за спасението. Господ ќе го разведри секој таков работник со онаа иста вест која му ја дал на апостол Павле во безбожниот Коринт: „Не бој се, но зборувај и не замолкнувај, зашто Јас сум со тебе! И никој нема да те сопре, за да ти направи некакво зло, зашто имам многу народ во овој град". (Дела 18:9,10). Оние кои вршат служба за спасување на души мораат да имаат на ум дека нема цел свет да и го сврти грбот на светлината, вистината и повиците на трпеливиот Спасител, иако има и такви кои не сакаат да го послушаат Божјиот совет содржан во Неговата Реч. Во секој град, колку и да е полн со насилство и зло, има многу такви кои, ако бидат поучени како што треба, ќе постанат Исусови следбеници. На тој начин спасоносната вистина може да стигне до илјадници луѓе кои ќе го примат Христос како свој личен Спасител. {ПЦ 277.2}

Божјата вест за денешните жители гласи: „Затоа и вие бидете готови, зашто Човечкиот Син ќе дојде во час, кога не мислите". (Матеј 24:44). Состојбата на

општествата особено во големите градови, громогласно најавува дека часот на казната дошол, дека крајот на сите земски работи е блиску. Се наоѓаме на прагот на најголемата криза. Божјите казни брзо ќе надоаѓаат една по друга пожари и поплави, земјотреси, војни и крвопролевања. Во тоа време не треба да се чудиме на големите и одлучувачки настани, зашто ангелот на милоста нема уште долго да ги штити оние кои не се покајуваат. {ПЦ 278.1}

„Зашто, ете, Господ ќе излезе, од Своето Живеалиште, за да ги казни земните жители дека згрешија кон Него. Земјата ќе ја исфрли сета крв што е пролеана на неа и не ќе ги крие веќе оние кои беа убиени на неа". (Исаија 26:21). Се подготвува бура од Божјиот гнев и ќе опстанат само оние кои ќе се отповикаат на повикот на милоста, како што тоа го направиле жителите на Ниневија благодарение на Јониното проповедање, оние кои ќе се посветат на послушноста кон законите на божествениот Владетел. Само праведникот ќе биде сокриен со Христа во Бога додека не помине пустошењето. Нека тогаш јазикот на душата биде: {ПЦ 278.2}

„Друго сокровиште јас немам,
Ти си мојата целосна надеж!
Не оставај, О, не оставај ме никогаш!
Поддржувај и утешувај ме. {ПЦ 278.3}
Сокриј ме, О мој Спасителу, сокриј!
Во сите бури на животот,
Безбедно кон пристаниште биди ми водач,
И прими ја мојата душа на крај!" {ПЦ 278.4}

ПОГЛАВЈЕ 23 - АСИРСКОТО РОПСТВО

Последните години на злосреќното Израелово царство биле одбележени со насилство и крвопролевање какво што не било дури ни во најлошите периоди на неслога и немири на владеењето на Ахав. Во текот на повеќе од два века владетелите на десетте племиња сееле ветар, а сега жнееле бура. Цареви биле убивани за да направат место на другите кои биле славољубиви и сакале да владеат. Господ вели за таквите безбожни насилници: „Поставуваа цареви без Мене, бираа кнезови без Мое знаење". (Осија 8:4). Отфрлено било секое начело на правда. Оние кои што требало да стојат пред народите на земјата како чувари на божествената благодат „го изневерија Господа" (Осија 5:7) и еден со друг. {ПЦ 279.1}

Бог со најстроги укори настојувал кај народот кој не се каел да разбуди свест за тоа дека му се заканува опасност од потполно уништување. Преку Осија и Амос, Тој праќал пораки една по друга, со барање потполно да се покајат и така да ја избегнат несреќата која ќе биде резултат на непрекинати престапи. Осија говорел: „Оравте безбожност, жнеевте беззаконие, јадевте плод на измама: затоа што се надеваше на својот пат и на мноштвото свои јунаци. Затоа бојна врева ќе се подигне меѓу твојот народ, и сите тврдини ќе ти бидат разурнати... во зората ќе го снема засекогаш израелскиот цар". (Осија 10:13-15). {ПЦ 279.2}

Пророкот сведочел за Ефрем: (пророкот Осија честопати го споменува Ефрем водач во отпаднишство помеѓу израелските племиња како симбол на отпадничката нација)

„Туѓинците ја јадат неговата сила, а тој тоа и не го знае; седите коси му ја обелија главата, а тој тоа не го знае". „Израел го остави доброто". „Поразен преку суд", неспособен да ги увиди страшните последици од својот лош живот, десетте племиња наскоро требаа да бидат „талкачи меѓу народите". (Осија 7:9;3; 5:11; 9:17). {ПЦ 280.1}

Некои од водачите во Израел јавно чувствувале дека угледот е загубен и посакувале да го повратат. Меѓутоа, наместо да се одречат од постапките кои го ослабеле царството, тие и понатаму живееле во беззаконие залажувајќи се дека кога ќе им се даде за тоа можност, ќе се здобијат со власта која што ја посакувале, со тоа што ќе се здружат со незнабошците. „Кога Ефрем ја виде својата болест, а Јуда својата рана, Ефрем тргна во Асирија". „Ефрем е исто така како глупав гулаб без срце: тие го повикуваат Египет, одат во Асирија. „Тие прават завет со Асирците". (Осија 5:13; 7:11; 12:2). {ПЦ 280.2}

Преку Божјиот човек кој се појавил во Ветил, преку Илија и Елисеј, преку Амос и Осија, Господ во повеќе наврати им укажал на десетте племиња за злата од непослушноста. Меѓутоа, покрај сите укори и молби, Израел сè подлабоко тонел во отпаднишство. „Зашто како тврдоглава јуница, Израел стана тврдоглав", вели Господ „Мојот народ е наклонет кон отпаѓање". (Осија 4:16; 11:7). {ПЦ 281.1}

Понекогаш небесните казни страшно се излевале на разбунтуваниот народ. Господ објавил: „Ги сечев преку пророците и ги убивав со зборовите на Својата уста, и твојот суд ќе излезе како светлина. Зашто милоста ја сакам, а не жртви, и познавањето на Бога, повеќе од палениците. Но тие како луѓето го прекршија заветот и тука Ме изневерија Мене". (Осија 6:5-7). {ПЦ 281.2}

„Чујте го Господовото слово, вие деца Израелови" гласела пораката која им била конечно упатена: „Бидејќи го заборави законот на својот Бог, и јас ќе ги заборавам децата твои. Колку повеќе ги имаше, толку повеќе грешеа против мене, затоа славата нивна ќе ја заменам со срам... ќе ги казнам за нивните патишта и ќе им платам за нивните дела". (Ос. 4:1; 6-9) {ПЦ 281.3}

Израелевото беззаконие во текот на последната половина од векот која претходела со асирско ропство, било слично со беззаконието во Ноевото време и во сите други векови кога луѓето го отфрлале Бога и се препуштиле целосно на чинење зло. Возвишувањето на природата над Богот на природата, обожувањето на созданието наместо Создателот имало секогаш како последица најголеми зла. Така и Израеловиот народ поклонувајќи се на Ваал и Астарота, оддавајќи најголема почит на природните сили, ги раскинал сите врски со сето она што воздига и облагородува, и станал плен на искушенија. Бидејќи била срушена одбраната на душата, заведените поклоници немале повеќе никаква заштита од гревот, и се предале себеси на злите страсти на човековата природа. {ПЦ 281.4}

Пророците го подигале својот глас против очигледното угнетување, грубата неправда, необичниот луксуз и претераност, бесрамните гозби и пијанства, против суровата распуштеност и расипаноста на нивното столетие. Но залудни биле сите нивни укори, залудно било нивното разоткривање на гревот. Амос вели: „Го мразат човекот што дели правда при вратата, и го корат оној што зборува чесно". „Го угнетуваат праведникот, примаат поткуп, го одбиваат од правда сиромашниот при градската врата". (Амос 5:10,12). {ПЦ 282.1}

Тоа биле некои од настанатите последици кои го прателе поставувањето на двете златни телиња од страна на Јеровоам. Првите отстапувања од утврдените облици на богослужениј довеле до внесување на погруби облици на идолопоклонство, така што

на крајот скоро сите жители ги прифатиле заводливите обреди на обожување на природата. Заборавајќи го својот Создател, Израел „падна во длабока расипаност”. (Осија 9:9). {ПЦ 282.2}

Пророците и понатаму го подигале својот глас против тие зла и се заложувале за правда. „Сејте праведност, ќе пожнеете милост, орајте ја необработената земја: затоа што е време да го барате Господа, додека не дојде и да ви дожди врз вас праведност”, говорел Осија. „Врати Му се ти на својот Бог, чувај ги милоста и справедливоста и надевај се секогаш во својот Бог”. „Израелу, врати се кај Твојот Господ Бог, зашто падна заради Твоето беззаконие...речете му: Одземи го од нас сето беззаконие и прими нè милостиво”. (Осија 10:12; 12:6; 14:1,2) {ПЦ 282.3}

На престапниците им биле дадени многу прилики да се покајат. Во часот кога биле најдалеку од Бога и се наоѓале во најголема неволја, Бог им пратил вест за простување и надеж. „О Израеле”, објавил Тој, „се уништи себеси, меѓутоа во Мене лежи твојата помош. Јас ќе бидам твој Цар: каде е некој друг кој што може да те спаси?” (Осија 13:9,10). {ПЦ 283.1}

„Ајде да Му се вратиме кон Господа! Тој раскина, и Тој ќе нè исцели”, ги повикувал пророкот, „Тој ни има нанесено порази и тој ќе ни ги завитка раните. По два дена ќе нè оживее, и на третиот ден ќе нè подигне, и ние ќе живееме пред Него. Тогаш ние ќе знаеме доколку се стремиме да го запознаеме Господа; како утринска зора е Неговото јавување. Тој ќе ни дојде како дожд, како доцен и ран дожд што ја натопува земјата”. (Осија 6:1-3). {ПЦ 283.2}

Господ им нудел преобразување и мир на сите оние кои се под влијание на силата на сатаната и го изгубиле од вид планот на спасението на грешниците. „Ќе ги исцелам од нивното отпаѓање, ќе ги љубам од сето срце, зашто Мојот гнев се одврати од нив. Ќе му бидам како роса на Израел; тој ќе цвета како лилјан; ќе пушти корен како на Ливан, ќе ги шири гранките далеку, славата ќе му биде како на маслината, мирисот како Ливан. Пак ќе се врати на Мојата сенка, ќе ја одгледува својата пченица, ќе ги одгледува лозјата што ќе го добијат името на ливанското име. Ефреме, што имаш ти уште со идолите? Јас го послушав и погледав. Јас Сум како зелениот чемпрес: преку Мене си плодоносен со плодови”. {ПЦ 283.3}

„Кој е мудар, за да ги разбере овие нешта, разумниот, и да ги осознае! Зашто Господовите патишта се прави: праведниците одат по нив, а грешниците паѓаат на нив”. (Осија 14:4-9) {ПЦ 284.1}

Пророците сесрдно му укажувале на народот од благословите на барањето на Бога. „Барајте ме Мене и ќе живеете. Не барајте го Ветил, не одете во Галгал, не патувајте во Вирсавеа, зашто Галгал ќе биде одведен во ропство, а Ветил ќе се претвори во ништо”, ги повикувал Господ. {ПЦ 284.2}

„Барајте го доброто, а не злото, за да живеете, и за да биде Господ, Бог над воинствата со вас, како што рековте. Мразете го злото, љубете го доброто, пазете ја правината, при градската врата, па можеби Господ, Бог над воинствата, ќе му се смилува на Јосифовиот остаток”. (Амос 5:4,5,14,15). {ПЦ 284.3}

Но најголемиот дел од оние кои што го слушнале овој повик одбил да го искористи тоа. Зборовите на Божјиот гласник биле во таква спротивност со желбите на закоравените грешници, што свештеникот кој што служел на идолите во Ветил му пратил порака на Израеловиот цар: „Амос се завери против тебе сред Израеловиот дом; земјата веќе не ќе може да ги поднесува сите неговите зборови”. (Амос 7:10). {ПЦ 284.4}

Преку Осија Господ објавил: „Кога сакам да го исцелувам Израел, се открива Ефремовото беззаконие и злобата на Самарија". „Израеловата гордост сведочи во нивните очи и тие не се враќаат кај Господа, својот Бог, и покрај сè, тие не Го бараат". (Осија 7:1,10). {ПЦ 284.5}

Господ од генерација во генерација им простувал на своите непокорни деца, и дури сега, токму во отворениот бунт, Тој сè уште копнеел да им се открие како Оној кој сака да ги спаси. „О Ефреме", Тој извикувал „што можам да сторам за тебе? Што можам да сторам за тебе, Јудо? Вашата побожност е како утрински облак, и како рана роса ја снемува". (Осија 6:4). {ПЦ 285.1}

Злото кое ја преплавило земјата станало неизлечиво, така што над Израел била изречена страшна осуда: „Ефрем се здружи со лажни богови; остави го". „Дојдоа деновите на твојата казна, дојдоа деновите за отплата; нека разбере Израелот". {ПЦ 285.2}

Десетте Израелови племиња морале да ги соберат плодовите од своето отпадништво кое започнало со подигање на туѓи олтари во Ветил и Дан. Божјата вест гласела: „Твоето теле, Самаријо, те отфрли тебе; Мојот гнев се распламти против нив; до кога ќе останат нечисти Израеловите синови? Зошто од Израел беше тоа: некој уметник го направи тоа, и тоа не е Бог; Самариското теле ќе биде скршено на парчиња". „За ветавенското теле треперат жителите на Самарија; да, над него ќе тагува неговиот народ, неговите свештеници кои му се радуваа... И тој самиот ќе биде врзан и одведен во Асирија како дар на царот Јарим (Сенахирим)" (Осија 8:5,6; 10:5,6). {ПЦ 285.3}

„Ете, очите на Господа Бога насочени се кон грешното царство, ќе го избрише од лицето на земјата. Сепак нема да го сотрам сосем Јаковвиот дом говори Господ, зашто, ете, ќе дадам заповед, и ќе го расеам Израеловиот дом меѓу сите народи, како што се сее жито во решето, но сепак нема да падне ни зрнце на земјата. Сите грешници од Мојот народ ќе паднат од меч, сите кои ќе речат: Нема да дојде, ниту ќе нè стигне несреќа". {ПЦ 285.4}

„Ќе пропаднат куќите од слонова коска, и големите куќи ќе исчезнат, вели Господ". „Зашто кога Господ се допира до земјата, таа се растопува и тажат сите кои живеат на неа". „Твоите синови и ќерки ќе паднат од меч, твојата земја ќе биде поделена со јаже, и ти ќе умреш на нечиста земја, а Израел ќе отиде во заточение од својата земја". „Бидејќи така ќе постапам со тебе, подготви се, Израеле, да го пресретнеш Својот Бог". (Амос 9:8-10; 3:15; 9:5; 7:17; 4:12). {ПЦ 286.1}

Претскажаните казни за некое време изостанале и Израеловата војска во текот на долгото владеење на царот Јеровоам II задобила големи победи; но тоа време на привиден напредок нè довело до никакви промени во закоравените срца, така што најпосле е изречена пресуда: „Јеровоам ќе загине од меч, а Израел од својата земја ќе биде одведен во заточение". (Амос 7:11). {ПЦ 286.2}

Иако страшна, оваа осуда не оставила никаков впечаток врз царот и народот, бидејќи биле длабоко навлезени во грев. Еден од водечките идолопоклонички свештеници во Ветил, Амасија, огорчен од зборовите кои што пророкот ги изговорил против народот и царот, му рекол на Амоса: „Оди си гледачу, бегај во Јудината земја, таму јади леб и таму пророкувај: но во Ветил веќе да не пророкуваш, зашто ова е царско светилиште, царски дом". (Амос 7:12,13). {ПЦ 286.3}

Пророкот на тоа одлучно одговорил: „Затоа Господ зборува вака... Израел сигурно ќе отиде во заточение од својата земја". (Амос 7:17). {ПЦ 286.4}

Зборовите изговорени против отпадничките племиња буквално се исполниле но сепак царството постепено било уништено. Господ во својот суд покажал милост, затоа што „кога Фул, царот на Асирија, ја освои земјата", не го одведе во ропство Менахим, Израеловиот цар, туку му дозволил да остане на својот престол како асирски вазал. „Менахим му даде на Фула илјада таланти сребро за да му помогне да ја зацврсти царската власт во своите раце. И Менахим ги собра тие сребреници од Израел, од сите имотни луѓе, од секој човек по педесет сикли сребро, за да му ги даде на асирскиот цар. (2. Царевите 15:19,20). Бидејќи потчиниле десет племиња, Асирците за некое време се вратиле во својата земја. {ПЦ 287.1}

Менахим не само што не се покајал за злото кое го нанел на своето царство, туку „не отстапуваше од гревовите на Јеровом, синот Наватов, кој го заведе Израел". (2. Царевите 15:18-24,28). Неговите наследници Факија и Фекај исто така правеа „што беше зло пред Господа". „За време на Фекај", кој владеел дваесет години, асирскиот цар Теглат-Феласар навлегол во Израел и однел во ропство голем број луѓе од племињата кои живееле во Галилеја и источно од Јордан. „Рувимовците и Гадовците и половина од племето Манасија", како и други жители на „Галад и Галилеја и сета Нефталимова земја" биле расеани помеѓу незнабошците, во земји далеку од Палестина. {ПЦ 287.2}

Северното царство никогаш повеќе не закрепнало од овој страшен удар. Она малку од него што останало имало некоја формална независност но без никаква реална власт. По Фекај владеел само уште еден цар, Осија. Царството било осудено засекогаш да го снема од лицето на земјата. Но Бог, дури и во тоа време на жалост и неволји, покажувал милост и уште еднаш му дал на народот можност да се одрече од идолите. Во третата година од владеењето на Осија, во Јуда почнал да владее добар цар Езекија, кој многу брзо извршил реформи на службата во храмот во Ерусалим. На празникот Пасха не биле повикани само племињата на Јуда и Венијамин, над кои Езекија владеел како помазан цар, туку и сите северни племиња. Била разгласена објава „по сиот Израел од Вирсавеа па до Дан за да дојдат и да направат Пасха на Господа, Израеловиот Бог, во Ерусалим, зашто премногу не ја празнуваа како што е напишано". {ПЦ 287.3}

„Така отидоа гласниците со писмата од царот и од неговите кнезови, по сиот Израел и Јуда", според царевата заповед: „Израелови синови, обратете се повторно кон Господа, Аврамовиот, Исаковиот и Израеловиот Бог, па и Тој ќе се обрати кон остатокот од вас, кој ви остана од рацете на асирските цареви... Немојте да бидете тврдоглави како вашите татковци, туку предадете му се себеси на Господа и дојдете во Неговото Светилиште, кое Тој го посвети засекогаш, и служете Му на Господа, својот Бог, па ќе го одврати од вас Својотжесток гнев. Ако Му се обратите на Господа, вашите браќа и вашите синови ќе најдат милост во оние кои ги заробија, па ќе се вратат во оваа земја; зашто Господ, вашиот Бог е милосрден и милостив, и нема да го одврати Своето лице од вас, ако вие Му се обратите Нему". (2. Летописи 30:5-9). {ПЦ 288.1}

И гласниците на царот Езекија „тргнаа од град до град по Ефремовата и Манасиевата земја дури до Завулон". Израел во тој повик требало да препознае Господов повик, за да се покае и повторно да Му дојде. Но остатокот од десетте племиња, кој сè уште живеел на територијата на некогашното така среќно северно царство, бил рамнодушен кон гласниците од Јудеја, и дури ги исмејувал. „Им се потсмеваа и се подигруваа со нив". Меѓутоа, извесен број луѓе со задоволство се отповикале на повикот. „Некои од Асировото, од Манасиевото и од Завулоновото племе се понизија себеси и дојдоа во Ерусалим... да го прославаат празникот пресни лебови". (Стихови 10-13). {ПЦ 291.1}

Речиси две години подоцна во Самарија влегле асирските чети под Салманасар; дошло до опсада во која многу луѓе пропаднале од глад, болест и меч. Градот и нацијата паднале, а кутриот остаток од десетте племиња одведен во ропство и раселен по разни покраини на асирското царство. {ПЦ 291.2}

Уништувањето на северното царство претставувало директна казна од Небото. Асирците биле само орудие во Божјите раце, со кои Тој се послужил за да ја оствари својата намера. Преку Исаија, кој почнал да пророкува непосредно пред падот на Самарија, Господ рекол за Асирците дека се „прачка на Мојот гнев". „Палката во нивната рака", Тој рекол, „е Мојата јарост". (Исаија 10:5). {ПЦ 291.3}

„Израелците згрешија против Господа... и правеа лоши дела". „Но тие не послушаа, туку... и ги отфрлија Неговите одредби и Заветот што го склучи со нивните татковци, и Неговите сведоштва со кои им ги упатуваше". Токму затоа што „ги отфрлија сите заповеди на Господа, својот Бог, и си направија за себе леани кипови, две телиња, подигнаа ашери, и се клањаа на сета небесна војска и му служеа на Ваала", и упорно не сакале да се покајат, Господ „ги понижи и им го предаде на ограбувачите, додека не ги отфрли конечно далеку од Своето лице", во согласност со јасните предупредувања кои им ги даде „преку сите Свои слуги, пророците". {ПЦ 291.4}

„Ги одведе Израелците од нивната земја во Асирија", „зашто не го послушаа гласот на Господа, својот Бог, и зашто го прекршија Неговиот Завет и сè што им нареди Мојсеј, Господовиот слуга". (2. Царевите 17:7,11,14-16,20,23; 18:12). {ПЦ 292.1}

Со страшните казни кои ги нападнале десетте племиња, Господ сакал да постигне мудра и милостива цел. Растурајќи ги по незнабожечките земји, имал намера преку нив да го оствари она што не можел повеќе да го направи во земјите на нивните татковци. Морал да се оствари Неговиот план на спасение за сите оние кои ќе посакаат да добијат простување преку Спасителот на човечкиот род. Тој преку неволјите кои го снашле Израел, подготвувал пат Неговата слава да им се открие на сите народи на земјата. Меѓу оние кои биле одведени во ропство, не биле сите закоравени грешници. Имало и луѓе кои останале верни на Бога и други кои се понизиле пред Него. Преку овие, „синови на живиот Бог", (Осија 1:10) Бог сакал да ги запознае народите во асирското царство со својот карактер и благодетите на својот закон. {ПЦ 292.2}

ПОГЛАВЈЕ 24 - "ИЗГИНА МОЈОТ НАРОД, ЗАШТО Е ВО НЕЗНАЕЊЕ"

Божјата благонаклонетост кон Израел била секогаш условена со послушност. Тие во подножјето на Синај направиле со Него завет и станале Негова „посебна сопственост...над сите народи". Свечено се заколнале дека ќе одат по патеката на послушноста. „Сè што рече Господ ќе правиме", рекле тие. А кога неколку дена подоцна Бог го изговорил својот закон од Синај и преку Мојсеј ги објавил останатите свои уредби и судови, Израел ветил: „ќе правиме сè што кажа Господ". (Излез 19:5,8). Потврдувајќи го заветот, народот уште еднаш сложно изјавил: „Ќе ги вршиме сите заповеди што ги рече Господ". (Излез 24:3,7). Бог го избрал Израел за свој народ, а тие Него за цар. {ПЦ 293.1}

При крајот на талкањето низ пустината биле повторени условите на заветот. Во Вет-Фегор, на самата граница на ветената земја, каде што мнозина подлегнале на искушението, оние кои што останале верни го обновиле својот завет. Мојсеј им укажал

на искушенијата на кои ќе бидат изложени во иднина и сериозно ги предупредил да не се мешаат со околните народи, и да служат само на Бога. {ПЦ 293.2}

„А сега, Израеле", ги упатил Мојсеј: „послушај ги законите и уредбите на кои ве учам, за да ги вршите и така да поживеете па да ја заземете земјата, што ви ја дава Господ. Ниту додавајте нешто на тоа што ви заповедам ниту одземајте нешто од тоа; вршете ги заповедите на Господа, на својот Бог, што ви ги давам... Пазете ги и вршете ги: тоа ќе биде, во очите на народите, ваша мудрост и ваша разумност. Кога тие ќе чујат за сите овие закони, ќе речат: Сигурно овој голем народ е мудар и разумен народ". (Второзаконие 4:1-6). {ПЦ 294.1}

На Израелците особено им било наложено никогаш да не ги загубат од вид Божјите заповеди, затоа што ќе бидат силни и среќни само ако им се покоруваат. „Затоа внимавај и чувај се добро", им рекол Господ преку Мојсеја, „да не ги заборавиш делата што ги виде со своите очи; нека не ти исчезнат од срцето ниту во еден ден на твојот живот; спротивно, поучи ги за нив твоите синови и синовите на твоите синови". (Стих 9). Никогаш не смееле да го забораваат оној страшен и возвишен призор при давањето на законот на Синај. Израел јасно и одлучно бил предупреден да не се поведува по соседните народи кои биле идолопоклоници. „Внимавајте добро!" гласеше дадениот совет; „за да не се расипете па да си направите за себе некаков делкан лик, кип со машко или женско обличје", „да не се заведеш кога ќе ги подигнеш своите очи кон небото па ги видиш сонцето, месечината и ѕвездите, сета небесна војска па да им се клањаш и да им покажуваш почитување; Господ, твојот Бог, им ги даде нив на сите народи, секаде под небото". „Затоа внимавајте да не го заборавите Заветот што Господ, вашиот Бог, го склучи со вас, па не правете си себеси делкани ликови, на што и да е што го забрани Господ, твојот Бог". (Второзаконие 4:15,16,19,23). {ПЦ 294.2}

Мојсеј укажал на злото кое ќе го нападне Израел доколку отстапи од Божјиот закон. Повикувајќи го небото и земјата за сведоци, тој рекол дека, ако после долг живот во ветената земја народот почне да им служи на лажни богови, ако почне да се поклонува на режани ликови одбивајќи да го слави вистинскиот Бог гневот Господов ќе се распали, дека тие ќе станат пленици и ќе бидат расеани помеѓу незнабошците. „Бргу ќе ве снема од земјата во која што одите преку Јордан за да ја наследите", Тој ги предупредил нив „не ќе живеете долго во неа, туку ќе бидете целосно уништени". „Господ ќе ве распрсне меѓу народите, и ќе остане само мал број од вас меѓу народите среде кои ќе ве одведе Господ. Таму ќе им се поклонувате на богови што човечки раце ги направиле од дрво и камен, на богови кои не можат ни да видат, ни да чујат, ни да јадат ни да мирисаат". (Стихови 26-28). {ПЦ 295.1}

Ова пророштво, делумно исполнето во времето на судиите, потполно и доследно се обистинило за време на робувањето на Израел во Асирија и Јуда во Вавилон. {ПЦ 296.1}

Израел постепено тонел во отпаднишство. Сатаната од поколение во поколение се трудел да го наведе избраниот народ да ги заборави „заповедите, уредбите и законите", (Второзаконие 6:1) кои според ветувањето требале вечно да ги држат. Тој знаел дека доколку го води Израел да го заборави Бога, и „тргне по други богови, и им служи и ги обожува", тие „сигурно ќе изгинат". (Второзаконие 8:19). {ПЦ 296.2}

Меѓутоа, непријателот на Божјата заедница на земјата не ја земал во обзир сочувствителната природа на Оној кој „не го оправдува виновниот", меѓутоа чија слава е да биде „милостив и жалостив, долготрпелив на гнев, кој изобилува со добрина и вистина, кој искажува милост на илјадници, проштава беззаконија, неправди и грев".

(Излез 34:6,7). За несреќа на сатанските напори да ги осуети Божјите намери односно Израел, во најтемните часови на нивната историја кога изгледало дека силите на злото ќе задобијат победа, Господ милостиво се откривал. Му укажувал на Израел за она што ќе му донесе благослов на народот. „Му напишав важни закони", рекол Тој преку Осија, „но тој ги сметаше за туѓи". „Јас Самиот го учев Ефрема да оди, го носев на рацете Свои, а тие не сфаќаа дека со тоа ги лекував". (Осија 8:12; 11:3). Господ нежно постапувал со нив и ги учел преку своите пророци, заповед по заповед, правило по правило. {ПЦ 296.3}

Израел да пазел на веста на пророкот, не би ги доживеал подоцна сите оние понижувања. Токму затоа што биле упорни во својата непокорност, Бог бил принуден да допушти да бидат одведени во ропство. „Мојот народ гине заради недостиг на знаење", била Неговата порака до нив преку Осија. „Зашто ти го отфрли знаењето, и Јас ќе те отфрлам тебе... зашто го заборави Законот на Својот Бог". (Осија 4:6). {ПЦ 297.1}

Престапот на Божјиот закон повлекувал со себе исти последици во сите времиња. Во Ноево време, кога луѓето ги погазиле сите начела на правдата и кога злото толку многу се раширило што не можело повеќе да се трпи, Бог изјавил: „Ќе ги истребам луѓето кои ги создадов од лицето на земјата". (Создавање 6:7) Во Авраамово време жителите на Содом отворено се противеле на Бога и Неговиот закон и со тоа следеле иста грешност, расипаност и незауздано самопопуштање како и луѓето кои живееле пред потопот. Жителите на Содом ја преполниле мерката на Божјото трпение и со тоа огнот на Божјиот гнев се распалил против нив. {ПЦ 297.2}

Во периодот кој претходел на нивното одење во ропство, десетте Израелови племиња биле исто така непокорни и безбожни. Луѓето го сметале Божјиот закон за неважен и тоа отворило брани на поплави од зло кое наишло врз Израел. „Господ спори со жителите на земјата, затоа што веќе нема верност, нема милост, нема познавање за Бога на земјата. Преку криви заклетви и лажење, убивање и кражба, прељуба и насилство, една крв ја стигнува другата", рекол Осија. (Осија 4:1,2). {ПЦ 297.3}

Амос и Осија во своите пророштва за судот и казната говореле за идната слава. Десетте племиња, кои толку долго биле непокорни и не сакале да се покајат, не добиле ветувања дека ќе си ја повратат својата некогашна власт во Палестина. Требале до крајот на светот да бидат „туѓинци помеѓу народите". Но преку Осија им е укажано на предноста да земат учество во последната обнова која Божјиот народ ќе ја доживее на крајот од земската историја, кога Христос ќе се појави како Цар над царевите и Господар над господарите. Пророкот рекол дека десетте племиња ќе бидат „долго време без цар и без кнез, без жртва и без столб, без ефод и без терафим". „Потоа", продолжил пророкот: „Израеловите синови ќе се вратат; ќе Го бараат Господа, својот Бог, и Давида, својот цар, со страв ќе им пристапуваат на Господа и на Неговите добрини на крајот на деновите". (Осија 3:4,5). {ПЦ 298.1}

Осија со јазикот на симболите го изложил пред десетте племиња на Израел Божјиот план за спасение на секоја душа која ќе се покае и ќе и дојде на Неговата црква на земјата благодети кои му биле ветени на Израел во времето на неговата верност кон Бога во ветената земја. Мислејќи на Израел на кого сакал да му изрази милост, Господ рекол: „Еве, затоа ќе ја привлечам, ќе ја одведам во пустината и ќе и проговорам на нејзиното срце. И таму ќе и ги вратам нејзините лозја, и од Ахорската долина ќе направам врата на надеж. И таа ќе пее таму како во деновите на својата младост, како во времето кога излезе од Египет. Во оној ден говори Господ ти ќе ме викаш: Мажу мој,

а веќе нема да Ме викаш: Ваале мој. Затоа што јас ќе и ги отстранам од устата нејзина ваалските имиња, и веќе нема да им ги споменува имињата". (Осија 2:14-17) {ПЦ 298.2}

Во последните денови од историјата на светот Бог ќе го обнови заветот со народот кој ги држи Неговите заповеди. „Во оној ден, ќе склучам за нив сојуз со животните од полето, со небесните птици и со земните ползачи; ќе ги истребам од земјата лакот, мечот и војната за да почиваат мирно во неа. Ќе те свршам довека за Себе; Ќе те свршам во праведност и справедливост, во љубов и љубезност и во милост; ќе те свршам за Себе во верност и ти ќе Го сознаеш Господа". {ПЦ 299.1}

„И во тој ден Јас ќе чујам, вели Господ, Јас, ќе го чујам небото, и тоа ќе ја чуе земјата, и земјата ќе го чуе житото и виното и маслото, а тие ќе го чујат Израел. И ќе ја посеам за себе на земјата, и ќе ја помилувам непомилуваната и ќе им речам на оние кои не беа Мојот народ: Вие сте Мој народ; а тој ќе рече: Ти си мој Бог!" (Стихови 18-23). {ПЦ 299.2}

„Во оној ден: Израеловиот остаток и преживеаните од Јакововатa куќа, не ќе се потпираат веќе на оној кој ги порази, туку ќе се потпираат искрено на Господа, на Израеловиот Светец". (Исаија 10:20). Во секој „народ, во секое племе и јазик и народ и колено" има луѓе кои радосно ќе одговорат на веста: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд". Тие ќе ги отфрлат сите идоли кои ги врзуваат за земјата и ке му се поклонуваат на „Оној, кој го создал небото и земјата, морето и водните извори". Ќе се ослободат од сите врски и ќе стојат пред светот како споменици на Божјата милост. Послушни на божествените барања, тие ќе бидат признаени од ангелите и луѓето како оние „кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса". (Откровение 14:6,7,12). {ПЦ 299.3}

„Еве доаѓаат денови говори Господ кога орачот ќе го стигнува жетварот, и гмечителот на грозјето сејачот, кога планините ќе потечат со младо вино, и сите ридови ќе се прелеваат со него. Ќе ја свртам судбината на Мојот народ Израел: тие ќе ги обноват разурнатите градови и ќе живеат во нив, ќе садат лозја и ќе го пијат виното од нив, ќе ги засадат градините и ќе го јадат нивниот плод. Ќе ги посадам во нивната земја, и никогаш веќе не ќе се откорнат од земјата која им ја дадов, вели Господ, твојот Бог". (Амос 9:13-15) {ПЦ 300.1}

ПОГЛАВЈЕ 25 - ПОВИКОТ НА ИСАИЈА

Долгото владеење на Озија (исто така познат како Азарија), во Јудината и Венијаминовата земја, било одбележено со поголем напредок од било кој владетел по Соломоновата смрт, речиси два века порано. Неговата војска со небесен благослов повратила неколку територии кои биле изгубени во изминатите години. Биле подигани градови и тврдини, и положбата на нацијата помеѓу соседните земји била многу засилена. Трговијата оживеала, и богатството од другите земји се слевало во Ерусалим. Името на Озија „се чу надалеку, зашто уживаше чудесна помош сè додека не се засили". (2. Летописи 26:15). {ПЦ 303.1}

Меѓутоа, надворешниот напредок не бил пропратен со соодветно оживување на духовната сила. Обредите во храмот биле вршени како и во изминатите години и многу луѓе се собирале да го слават живиот Бог; меѓутоа гордоста и формализмот постепено го заземале местото на понизноста и искреноста. За самиот Озија е напишано: „Но кога

се засили, срцето му се возгордеа, та многу што се расипа, та му згреши на Господа, својот Бог". (Стих 16). {ПЦ 303.2}

Гревот кој имал толку страшни последици за Озија, бил грев на дрскоста. Наспроти јасната Божја заповед дека само Ароновите потомци можат да служат како свештеници, царот влегол во светилиштето „да кади на олтарот за кадење". Првосвештеникот Азарија и останатите свештеници се спротивставиле со тоа што го молеле царот да се откаже од намерата. Тие му говореле на царот дека згрешил и дека нема „да му биде на чест пред Господа Бога". (Стихови 16,18). {ПЦ 304.1}

Озија се разгневил што него, царот, го укориле на таков начин. Меѓутоа, не му било дозволено да го оскверни светилиштето така што наишол на сложно негодување од оние кои биле надлежни за тоа. Додека стоел тука полн со гнев и бунтовност, одненадеж го погодила Божја казна. На неговото чело се појавила лепра. Побегнал во страв и никогаш повеќе не се појавил во храмот. До денот на својата смрт која настапила после неколку години Озија останал лепрозен како жив пример на лудост од отфрлување на јасните зборови „така говори Господ". Ниту неговата висока положба, ниту долгиот живот во службата не можеле да го оправдаат гревот на дрскоста со кој ја оцрнил последната година од своето владеење и навлекол врз себеси казна од Небото. {ПЦ 304.2}

Бог не гледа кој е кој. „Оној кој изврши нешто со дрска рака, било да е роден во татковината или странец, тој хули на Господа; Таквиот нека биде истребен од својот народ". (Броеви 15:30). {ПЦ 304.3}

Казната која го снашла Озија изгледа влијаела позитивно на неговиот син. Јотам вршел тешки должности во текот на последните години од владеењето на својот татко, и дошол на престол по смртта на Озија. За Јотам е напишано: „Правеше што е право во Господовите очи, сосем како и татко му Озија. Но сепак високите места не беа отстранети; народот уште принесуваше жртви и кадеше на високите места". (2. Царевите 15:34,35). {ПЦ 305.1}

Озиевото владеење се завршувало, и Јотам веќе носел многу државни одговорности кога Исаија, кој бил од царско потекло, бил повикан уште како млад човек да врши пророчка должност. Времето во кое Исаија требало да работи било полно со опасности за Божјиот народ. Пророкот доживеал војската од северниот Израел и Сирија заеднички да ја нападнат Јуда; ја видел асирската војска улогорена пред главните градови на царството. За време на неговиот живот паднала Самарија а десетте Израелови племиња биле растурени меѓу народите. Асирската војска непрестано ја напаѓала Јуда, а Ерусалим бил опседнат и сигурно би паднал ако Бог не се замешал на чудесен начин. Сериозна опасност му се заканувала на јужното царство. Божјата заштита била ускратена, а асирската војска се подготвувала да ја преплави Јудината земја. {ПЦ 305.2}

Но тие надворешни опасности, колку и да изгледале големи, не биле толку сериозни како внатрешните. Изопаченоста на народот предизвикувала кај Господовиот слуга силна збунетост и длабоко очајување. На оние на кои им било наменето да бидат светлина на народот навлекле врз себе Божји гнев со својот бунт и отпадништво. Многу зла кои ја забрзале пропаста на северното царство и на кои јасно укажале Осија и Амос, сега брзо го изопачувале Јудиното царство. {ПЦ 305.3}

Состојбата била особено неповолна во социјален поглед. Со желба за добивка луѓето си придавале куќа на куќа и нива на нива. (Види Исаија 5:8). Правдата се изопачила и немало никакво сожалување кон сиромашните. За тие зла Бог кажува:

„Грабежот од сиромашните е во вашите куќи". „Го угнетувате Мојот народ и го газите лицето на бедниот". (Исаија 3:14,15). {ПЦ 306.1}

Со угнетувањето и богатењето дошле и гордоста и раскошот, пијанството и оргиите. (Види Исаија 2:11,12; 3:16,18-23; 5:22,11,12) Во времето на Исаија дури ни идолопоклонството не предизвикувало чудење. (Види Исаија 2:8,9). Безбожноста завладеала до таа мерка во сите слоеви така што оние малкумина што останале верни на Бога, често доаѓале во искушение да паднат во малодушност и да им попуштат на обесхрабрувањето и очајанието. Изгледало дека Божјата цел во поглед на Израел нема да се оствари и дека разбунтуваната нација ќе доживее слична судбина како Содом и Гомор. {ПЦ 306.2}

Со обѕир на ваквите околности, не е никакво чудо што Исаија, кога во последната година од владеењето на Озија бил повикан веста на опомена и Божји укор да ги објави на Јуда, потфрлил пред таа одговорност. Тој добро знаел дека ќе наиде на отпор. Чувствувајќи се неспособен да одговори на таква должност, размислувајќи за упорноста и неверството на народот за кој требал да работи, Исаија се плашел дека нема да може да ја изврши својата задача. Зарем во очајание да се одрече од својата мисија и да дозволи Јуда и понатаму невознемирена да тоне во идолопоклонство? Зарем боговите на Ниневија да владеат со земјата пркосејќи му на небесниот Бог? {ПЦ 306.3}

Со такви мисли се занимавал Исаија додека стоел во тремот на храмот. Одеднаш вратите и внатрешната завеса од храмот се отвориле и му било дозволено да фрли поглед внатре во светињата, во која ни пророковата нога не смеела да стапне. Пред неговите очи во видение му се покажал Бог како седи на висок и возвишен престол, а скутот на Неговата слава го исполнувал храмот. Од двете страни на престолот лебделе серафими, служејќи пред својот Творец со покриени лица, сложно и свечено извикувајќи: „Свет, Свет, Свет е Господ над воинствата; сета земја е полна со Неговата слава;" (Исаија 6:3) се чинело дека столбовите и кедровата врата треперат од нивните гласови и целиот храм бил исполнет со фалбопеење. {ПЦ 307.1}

Кога Исаија го согледал откровението на славата и Господовата величественост, бил целиотобземен со чувството на Божјата чистота и светост. Каква општа спротивност помеѓу ненадминливото Божјо совршенство и грешниот живот на оние кои заедно со него се вбројувале во избраниот народ на Израел и Јуда! „Тешко мене!" извикал тој; „пропаднав, зашто сум човек со нечисти усни, живеам во народ со нечисти усни, затоа што моите очи Го видоа Царот, Господ над војските". (Стих 5). Стоејќи тука, при полна светлост на Божјата присутност во внатрешноста на светињата, тој сфатил дека нема да биде во состојба да ја изврши должноста за која е повикан, ако биде препуштен на својата несовршеност и неспособност. Меѓутоа, еден серафим бил пратен да го тргне неговото очајување и да го подготви за значајната мисија. Жив јаглен од олтарот му бил ставен врз усните, со зборовите: „Еве, ги допре твоите усни, беззаконието ти е симнато и гревот очистен". Тогаш се слушнал Божјиот глас велејќи: „Кого да испратам? И кој ќе ја однесе нашата порака?" А Исаија одговорил: „Еве ме, испрати ме мене". (Исаија 6:7,8). {ПЦ 307.2}

Тогаш небесниот посетител му наложил на весникот кој чекал: „Оди и речи му на тој народ, {ПЦ 308.1}

Со уши ќе слушате,
но нема да разбирате,
со очи ќе гледате,

но нема да видите,
Закорави му го срцето на овој народ,
заглуши му ги ушите,
затвори му ги очите,
За да не види со очите,
и слуша со ушите,
И разбере со срцето,
и да не се обрати и да не се излекува”.
(Стихови 9,10) {ПЦ 308.2}

Пророковата должност била јасна; тој морал да го подигне својот глас против злото кое насекаде владеело. Но тој стравувал да се нафати на таа работа без претходно ветување кое би му влеало надеж. „До кога Господи?” запрашал тој. (Стих 11) Зарем никој од твојот избран народ нема да разбере, да се покае и да биде исцелен? {ПЦ 308.3}

Неговата грижа за заблудената Јудеја не била залудна. Неговиот труд не бил потполно бесплоден. Меѓутоа, во негово време веќе не можело да се истреби злото кое се множело од поколение во поколение. Целиот свој живот тој морал да биде храбар и трпелив учител не само пророк на казната туку и пророк на надежта. Сите плодови од неговата работа, како и работата на сите верни Божји гласници ќе се покаже дури кога потполно ќе се оствари Божјиот план. Требало да се спаси остатокот. За да се постигне тоа требало на непокорниот народ да му се праќаат пораки на предупредување и повици; Бог објавил: {ПЦ 308.4}

„Додека не запустат градовите
и не останат без жители,
додека куќите не бидат без луѓе,
и земјата сосема не опусти,
додека Господ не ги протера луѓето далеку,
и додека земјата не стане само пустина”.
(Стихови 11,12) {ПЦ 309.1}

Тешките казни кои ги снаоѓало непокорните војна, прогонство, неволји, губење на власта и престижот помеѓу народите сето тоа тие морале да го искусат, не би ли ја препознале раката на навредениот Бог и се покајат. Десетте племиња од северното царство набрзо биле растурени помеѓу народите, нивните градови запустеле, а војските на непријателските народи постојано ја напаѓале и ја пустошеле нивната земја. Најпосле паднал Ерусалим и Јуда била одведена во ропство. Но ветената земја не била засекогаш напуштена. Небесниот весник му ветил на Исаија: {ПЦ 309.2}

„Во неа ќе остане десеттиот дел,
па и таа ќе биде сотрена;
Како брест и како даб,
на кои кога им паѓаат лисјата,
им останува стеблото,
така светото семе ќе биде нејзиното стебло”.
(Стих 13) {ПЦ 309.3}

Ова ветување, за конечното исполнување на Божјиот план, влеало храброст во срцето на Исаија. Што ако земските сили навалуваат на Јуда, а луѓето се противат и го напаѓаат Божјиот весник. Исаија го видел Царот, Господ над војските, тој ја слушнал песната на серафимите: „Сета земја е полна со Неговата слава". (Стих 3). Тој имал ветување дека Господовата вест за отпадничкиот Јуда ќе биде пратена со убедливата сила на Светиот Дух. Така пророкот бил вооружен за задачата која се наоѓала пред него. За целото време на својата долга и мачна мисија тој го носел во себеси сеќавањето на ова видение. Тој шеесет или повеќе години стоел пред Јудините деца како пророк на надежта а неговите претскажувања за идниот триумф на Заедницата биле сè посмели. {ПЦ 310.1}

ПОГЛАВЈЕ 26 - ЕВЕ ГО ВАШИОТ БОГ

Во времето на Исаија луѓето ја загубиле моќта за духовен поим при погрешните претстави за Бога. Сатаната долго настојувал да ги наведе луѓето на помисла дека Бог го создал гревот, неволјите и смртта. Оние кои на тој начин биле измамени го сметале Бог за строг и за оној кој многу бара. Тие сметале дека Тој само чека прилика да ги повика луѓето на одговорност и да ги осуди, дека со незадоволство го прима грешникот и тоа дека за тој став има оправдување во законот. Големиот измамник лажно им го претставил законот на љубовта кој владее со небото; им говорел дека тој закон ја ограничува човечката среќа и дека претставува мачен товар кој треба да се отфрли. Тој говорел дека луѓето не треба да се покоруваат на Неговите прописи, и дека казните за престапот се доделуваат произволно и самоволно. {ПЦ 311.1}

Израел немал никакво оправдување затоа што го загубил од вид вистинскиот Божји карактер. Тој многу пати им се открил како „полн со сочувство и милослив, долготрпелив, богат со љубов и вистина". (Псалм 86:15). „Додека Израел беше дете Јас го љубев и го повикав Мојот син од Египет", посведочил Господ. (Осија 11:1). {ПЦ 311.2}

Господ нежно постапувал со Израел ослободувајќи го од египетско ропство, и пратејќи го на патот кон Ветената Земја. „Во сите нивни тешкотии Тој ги сожалуваше, и ангел на Неговата присутност ги избавуваше; во Својата љубов и сомилост, Тој ги откупи, ги дигна и ги носеше во сите древни дни". (Исаија 63:9). {ПЦ 312.1}

„Јас лично ќе тргнам со тебе",(Излез 33:14), гласело Неговото ветување во текот на патувањето низ пустината. Тоа било пропратено со чудесно откровение на Божјиот карактер, па Мојсеј можел да му објави на целиот Израел за добрината Господова и детално ги поучи за карактерот на невидливиот Цар. „Поминувајќи покрај него Господ објавил: Господ, Господ Бог, милостив и милослив, долготреплив на гнев, многумилостив и вистински, искажува милост на илјадници, проштава беззаконие, грев и престап, и не го оправдува виновниот". (Излез 34:6,7). {ПЦ 312.2}

Ова спознание за Господовото долготрпение и Неговата бескрајна љубов и милост го поттикнало Мојсеј да ја изговори онаа прекрасна молитва за Израел, во моментот кога на самата граница од ветената земја се воспротивиле да одат понатаму, одбивајќи да се покорат на Божјите заповеди. Кога нивниот бунт го достигнал врвот, Господ рекол: „Ќе ги удрам со помор и ќе ги истребам;" и Тој предложил од потомството Мојсеево да направи „народ голем и посилен од него". (Броеви 14:12). Но пророкот се повикал на

чудесната промисла и ветувањето кое Бог му го дал на избраниот народ, а над сè на Божјата љубов кон паднатиот човек. (Броеви 14:17-19). {ПЦ 312.3}

Господ милостиво одговорил: „Им проштавам, на твојот збор". А потоа во форма на пророштво му го покажал на Мојсеја својот план во поглед на конечната победа на Израелците. „Како што Јас живеам", Тој објавил, „сета земја ќе биде полна со Господовата слава". (Броеви 20:21). На човештвото ќе му се открие Божјата слава, Неговиот карактер, милост и љубов на кои Мојсеј се повикувал молејќи се за Израел. Ветувањето Господово било потврдено и со заклетва. Како што е Господ жив и владее, така и Неговата слава ќе биде објавена „меѓу многубошците, и Неговите чуда на сите народи". (Псалм 96:3). {ПЦ 313.1}

Во врска со исполнувањето на ова пророштво во иднина, Исаија слушнал како светлиот серафим пее пред престолот: „Сета земја е полна со Неговата слава". (Исаија 6:3). Убеден во вистинитоста на овие зборови, пророкот подоцна храбро објавил за оние кои се поклонувале на дрвени и камени ликови: „Тие ќе ја видат Господовата Слава, величието на нашиот Бог". (Исаија 35:2). {ПЦ 313.2}

Ова пророштво денеска брзо се исполнува. Мисионската дејност на Божјата црква донесува обилен плод и наскоро веста за евангелието ќе биде објавена до сите народи. „На фалба на славата на Неговата благодат", мажи и жени од сите колена, јазици и народи се „прифатени во Возљубениот", „та, во идните векови да го покаже преголемото богатство на Својата благодат, според Својата добрина кон нас во Христа Исуса". (Ефесјаните 1:6; 2:7). „Благословен да е Бог, Израеловиот Бог, Кој единствен твори чудеса. Нека е благословено Неговото славно име засекогаш и нека се исполни целата земја со Неговата слава". (Псалм 72:18,19). {ПЦ 313.3}

Благодарејќи на видението кое го добил во тремот на храмот Исаија стекнал јасен поим за карактерот на Израеловиот Бог. „Вишниот и Возвишениот, Кој вечно живее, и Името Му е Светиот", се појавил пред него во сета своја величественост, но на пророкот му било дадено да ја разбере Неговата сочувствителна природа. Оној кој живее на „високо и свето место", пребива со „оној кој е со скрушен и понизен дух, за да го оживее духот на понизните и срцето на скрушените". (Исаија 57:15). Ангелот кој бил наименуван се допре до неговите усни, му ја донел веста: „Твоето беззаконие е симнато и гревот очистен". (Исаија 6:7). {ПЦ 314.1}

Слично на Павле од Тарс на вратите од Дамаск, пророкот здогледувајќи го Господа почувствувал колку е недостоен, но во ист момент во неговото скрушено срце се појавило сознание за потполно простување, така што станал како обратен човек. Тој го видел Господа. Согледал зрак од љубовта која ја содржи божествената природа. Можел да сведочи за преобразувањето остварено по пат на набљудување на бескрајната љубов. Од тој момент го надахнувала желбата да го ослободи заблудениот Израел од товарот и казната за гревот. „Зошто да бидете погодени и понатаму?" запрашал пророкот. „И дојдете сега, да резонираме заедно, говори Господ. Ако ви бидат гревовите како црвено сукно, ќе бидат бели како снег; ако бидат румени како пурпур, ќе станат како волна". „Измијте се, очистете се, отстранете ги од пред Моите очи нечесните дела, престанете да правите зло; учете да чините добро". (Исаија 1:5,18,16,17). {ПЦ 314.2}

Исаија им го прикажал Бога, за кого тие исповедале дека наводно му служеле, но чиј карактер бил погрешно разбран, како голем Исцелител на болестите на душата. Што ако е целата глава болна и целото тело изнемоштено и што ако од петицата до главата никаде нема здраво место, туку повреди, синила, отворени рани? (Види Исаија 1:6)

Оној кој бил непокорен и одел по сопствените патишта можел да биде излечен ако се врати кај Господа. „Ги видов неговите патишта”, објавил Господ, „ќе го излечам, ќе го водам и ќе го утешам...Мир, мир на оној кој е далеку и кој е близу, зборува Господ, Јас ќе те излечам”. (Исаија 57:18,19). {ПЦ 315.1}

Пророкот го воздигнувал Бога како свој Творец. Неговата порака во Јудините градови гласела: „Еве го вашиот Бог!” (Исаија 40:9). „Вака зборува Господ, Бог, Кој ги создаде и ги оптегна небесата, кој ја распростре земјата и нејзините растенија;” „Јас Сум Господ Кој создал сè;” „Јас ја творам светлината и ја создавам темнината;” „Јас ја направив земјата и го создадов човекот на неа, со Своите раце ги оптегнав небесата и им заповедам на сите нивни воинства”. (Исаија 42:5; 44:24; 45:7,12). „Со кого ќе Ме изедначите Мене, кој Ми е рамен? вели Светецот. Подигнете ги очите свои и гледајте: кој го создаде тоа? Оној кој по број ја изведува нивната војска, и Кој ги вика сите по име, и поради големата моќ и големата сила во Него ништо не недостига?” (Исаија 40:25,26). {ПЦ 315.2}

До оние кои стравувале дека нема да бидат примени ако се вратат кај Бога, пророкот говорел: {ПЦ 316.1}

„Зошто велиш, Јакове, и ти, Израеле, зборуваш: Мојот пат е скриен од Бога, мојата правда Му избегнува на мојот Бог? Зар не знаеш? Зар не си чул? Господ е вечен Бог, Творец на земните краишта. Тој не се заморува, не застанува, и Неговиот ум е неизмерлив. Назаморениот му ја враќа силата, го зајакнува немоќниот. Дури и младите се заморуваат и се истоштуваат, и младите момчиња се тетераат, но на оние кои се надеваат во Господа, силата им се обновува, се подигаат на крилја како орлите, трчаат и не застануваат, одат и не се уморуваат”. (Стихови 27-31). {ПЦ 316.2}

Срцето на Бескрајната Љубов копнее за оние кои чувствуваат дека не се во состојба да се ослободат од сатанските стапици, и милосливо им нуди поткрепа за да живеат за Него. „Не бој се”, вели Тој, „зашто Јас сум со тебе; не обрнувај се исплашено; зашто Јас Сум твој Бог, Јас те крепам и ти помагам, те потпирам со десницата на Мојата праведност”. „Јас, Господ, твојот Бог, ја крепам твојата десница и ти велам: Не бој се, Јакове, црвче, и вие луѓе Израелци; Јас сум твоја помош говори Господ, и твој Откупител, Светецот Израелов” (Исаија 41:10,13,14). {ПЦ 316.3}

Жителите на Јуда не биле достојни, но Бог сепак не сакал сосема да се одрече од нив. Преку нив Неговото име требало да се прослави помеѓу незнабошците. Мнозина кои биле во потполно незнаење за Неговиот карактер, требале да почнат да ја осознаваат славата на божествениот карактер. Со желба да ги разјасни своите милостиви намери, Бог непрестано праќал свои слуги пророци со пораката: „Вратете се секој од својот лош пат и своите зли дела”. (Еремија 25:5). „Заради Своето име”, Тој објавил преку Исаија, „го одлагав Својот гнев, заради Својата слава се воздржував да не те уништам”. „Заради Себе правев така, зар моето име да биде обесветено? Својата слава не му ја давам на друг”. (Исаија 48:9,11). {ПЦ 319.1}

Повикот на покајание бил јасно упатен и сите биле повикани да се вратат. „Барајте Го Господа додека може да се најде”, молел пророкот: „повикувајте Го додека е близу. Нека безбожникот го остави својот пат и неправедникот мислите свои; и нека се врати кај Господа, и Тој ќе се смилува на него”. (Исаија 55:6,7). {ПЦ 319.2}

Дали и ти, читателу, го избра сопствениот пат? Дали си се оддалечил од Бога? Дали си се обидел да се храниш со плодовите на престапот, и на крајот да согледаш дека се претвораат во пепел на твоите усни? И сега, бидејќи животните планови ти се уништени и надежите мртви, седиш ли осамен и очаен? Оној ист глас кој одамна му зборува на

твоето срце, но кој не си сакал да го слушнеш, ти се обраќа јасно и гласно: „Станете и одете! Ова не е ваше одморалиште, затоа е осквернето, тоа ќе ве уништи”. (Михеј 2:10). Врати се дома кај твојот Отец. Тој те повикува: „Обрати ми се Мене, зашто Јас те искупив”. „Приклонете го увото и дојдете при Мене, послушајте Ме, и душата ќе ви живее; и Јас ќе склучам со вас вечен Завет, Завет на милоста, ветен на Давида”. (Исаија 44:22; 55:3). {ПЦ 319.3}

Не го слушај непријателот кога ти советува да не му пријдеш на Христа сè додека не се поправиш, додека не постанеш достоен да дојдеш кај Бога. Ако толку чекаш, никогаш нема да дојдеш. Ако сатаната укажува со прст на твојата валкана облека, сети се на ветувањето на Спасителот: „Кој доаѓа при Мене нема да го истерам”. (Јован 6:37). Речи му на непријателот дека крвта на Исуса Христа чисти од секаков грев. Моли се со Давидовата молитва: „Пороси ме со исоп, за да се очистам, измиј ме и јас ќе бидам побел од снег”. (Псалм 51:7). {ПЦ 320.1}

Повиците кои ги упатувал пророкот на жителите на Јуда да го вперат погледот на живиот Бог и да ги прифатат Неговите милостиви дарови, не биле залудни. Имало луѓе кои искрено послушале, и напуштајќи ги своите идоли се обратиле кон обожување на Јехова. Тие согледале љубов, милост и нежно сочувство во својот Творец. Во мрачните денови кои ќе настапат во историјата на Јуда, кога во земјата ќе преостане само мал остаток, пророковите зборови треба и понатаму да донесуваат плод на одлучна реформација. Исаија рекол: „Во оној ден човекот ќе погледне на својот Создател и неговите очи ќе имаат почит кон Израеловиот Светец. Тој веќе нема да гледа кон жртвениците, делото на своите раце, ниту ќе има почит кон она што неговите прсти го направија: ашерите или ликовите”. (Исаија 17:7,8). {ПЦ 320.2}

На мнозина им било наменето да го запознаат Оној кој е сиот љубезен, повеќе од десет илјади други. На нив е изречено милостиво ветување: „Твоите очи ќе го гледаат Царот во Неговата убавина”. (Исаија 33:17). Гревовите им биле простени и тие требало да се фалат само во Бога. Во тој радосен ден на покајание се чуло воскликнување: „Славниот Господ ќе биде за нас место на широки реки и потоци... Зашто Господ е наш судија, Господ е наш законодавец, Господ е наш цар тој ќе не спаси”. (Стихови 21,22). {ПЦ 321.1}

Пораката на Исаија за оние кои одлучиле да ги напуштат своите зли патишта, била полна со утеха и охрабрување. Слушни ги зборовите кои Господ ги упатил преку својот пророк: {ПЦ 321.2}

„Спомни си за тоа, Јакове и Израеле,
зашто си Мој слуга;
Јас те создадов; и ти си Мој слуга,
О Израеле, Јас нема да те заборавам.
Како магла ги растерав твоите престапи,
и како облак твоите гревови;
Врати се кај Мене, зашто Јас те откупив”.
(Исаија 44:21,22) {ПЦ 321.3}
„Ќе речеш во оној ден: ќе те славам, Господи,
И покрај тоа што Ти се разгневи на мене,
Твојот гнев се одврати од мене, и Ти ме утеши”. {ПЦ 321.4}
„Ете, Бог е мое спасение,
јас се надевам, и не се бојам веќе,

зашто Господ Јехова е моја сила и моја песна,
Тој ми е спасение... {ПЦ 321.5}
„Пејте му на Господа, зашто создаде убавини,
Нека се знае тоа по целата земја.
Воскликнувајте и радувајте се, жители на Сион,
Зашто голем е меѓу тебе Израеловиот Светец”.
(Исаија 12) {ПЦ 321.6}

ПОГЛАВЈЕ 27 - АХАЗ

Со доаѓањето на Ахаз на престолот, за Исаија и неговите следбеници настапиле речиси полоши услови отколку некогаш порано во Јудиното царство. Мнозина кои некогаш се противеле на измамничките влијанија на идолопоклонството сега биле убедени да учествуваат во службата на незнабожечките богови. Израеловите кнезови се покажале неверни; лажни пророци се појавувале со вести кои оттргнувале од вистинскиот пат; некои свештеници дури проповедале за пари. Меѓутоа, сепак водачите на отпадништвото сè уште ги одржувале богослуженијата и тврделе дека се вбројуваат во Божјиот народ. {ПЦ 322.1}

Пророкот Михеј, сведочејќи во тие тешки денови, изјавил дека грешниците во Сион иако тврдат дека се „потпираат на Господа”, и богохулно се фалат: „Не е ли Господ посреде нас? нема да дојде зло врз нас”, продолжиле да го градат „Сион со крв, и Ерусалим со неправда”. (Михеј 3:11,10). Против тоа зло пророкот Исаија го подигнал својот глас на строг укор: „Чујте го Господовото слово, содомски главатари, послушај го Законот на нашиот Бог, гоморски народе! Зошто ми се мноштвото ваши жртви? говори Господ... Кога доаѓате пред Мене, кој од вас бара да гази по Моите предворја?” (Исаија 1:10-12). {ПЦ 322.2}

Вдахновената Реч кажува: „Омразена е жртвата на нечесните, колку пак повеќе кога се принесува во грев?” (Изреки 21:27). На небесниот Бог „очите се пречисти” и не можат „да гледаат зло”. (Авакум 1:13). Не го тргнува Бог своето лице од престапникот затоа што не сака да прости, туку затоа што грешникот одбива да ја искористи обилната благодат; во тој случај Бог не може да ослободи од гревот. „Не, не е прекратка Господовата рака за да спаси, ниту увото Му заглувна за да не чуе, туку вашите беззаконија создадоа разделба, меѓу вас и вашиот Бог. Вашите гревови го сокрија Неговото лице, и Тој веќе не ве слуша”. (Исаија 59:1,2). {ПЦ 323.1}

Соломон запишал: „Тешко тебе земјо, кога царот ти е дете!” (Проповедник 10:6). Така било и со Јудината земја. Нејзините цареви во текот на непрестаните престапи станале слични на деца. Исаија на народот му обрнал внимание на несигурноста на неговата положба помеѓу останатите народи на земјата, и му покажал дека тоа е последица од беззаконијата на високите положби: „Ете”, рекол тој, „Господ, Господ над воинствата, им ги одзема на Ерусалим и Јудеја секоја поткрепа, помош во леб и помош во вода, јунакот и војникот, судијата и пророкот, вражалецот и старешината, педесетникот и чесниот, советникот и мудриот уметник и оној што се занимава со баење. А за главатари им поставувам деца, им давам младенци да владеат над нив”. „Ерусалим се разурна и Јудеја падна зашто нивниот јазик и нивните дела Му се противат на Господа”. (Исаија 3:1-4,8). {ПЦ 323.2}

Пророкот понатаму вели: „Владетелите те заведуваат и го раскопуваат патот по кој одиш”. (Стих 12). За време на Ахавовото владеење тоа доследно се овистинило; затоа што за него е запишано: „Живееше како израелските цареви; па им излеа и ликови на Вааловците. Самиот кадеше во долината на Еномовиот син”. (2. Летописи 28:2,3). „И самиот го поминуваше својот син низ оган по гнасниот обичај на народите што Господ ги протера пред Израеловите синови”. (2. Царевите 16:3). {ПЦ 324.1}

Тоа навистина било време на големи опасности за избраниот народ. Дури по неколку кратки години, десетте племиња на Израеловото царство биле растурени меѓу незнабожечките народи. Јудиното царство не можело да очекува ништо подобро. Силите на доброто рапидно слабееле а силите на злото се умножувале. Посматрајќи ја таквата состојба пророкот Михеј бил принуден да извикне: „Побожниот исчезна од земјата, ниеден праведник меѓу луѓето! Најдобриот меѓу нив е како трн, најправедниот како трнлив плет”. (Михеј 7:2,4). „Ако не ни беше оставил Господ над Воинствата Остаток, ќе бевме како Содом, и ... Гомор”. (Исаија 1:9). {ПЦ 324.2}

Заради оние кои што останале верни, како и заради својата бескрајна љубов кон грешниците, Бог во сите времиња бил трпелив кон бунтовниците, ги повикувал да се одречат од својот зол пат, и да Му се вратат. Преку луѓето кои ги избрал, Бог ги поучувал престапниците на патиштата на правдата „Заповед на заповед, правило на правило... малку тука, малку таму”. (Исаија 28:10). {ПЦ 324.3}

Така било во времето на Ахаз. Повик по повик бил упатуван до грешниот Израел за да се покори повторно на Господа. Нежни биле посредувањата на пророците, и додека така стоеле пред народот сесрдно повикувајќи на покајание и обратување, нивните зборови донесувале плодови за Божја слава. {ПЦ 325.1}

Преку Михеј бил упатен чудесен повик: „Чујте сега што зборува Господ: Стани! Суди се пред горите, и бреговите нека го чујат твојот глас! Гори, слушајте ја Господовата пресуда, основи на земјата, чујте зашто Господ се суди со Својот народ, и Тој се суди со Израел. {ПЦ 325.2}

„Народе Мој, што ти сторив? Со што те изморив? Одговорете против Мене, Јас те изведов тебе од Египетската Земја, те избавив од куќата на ропството: го испратив пред тебе Мојсеј, Арон и Маријам. {ПЦ 325.3}

„Народе Мој спомни си сега што беше наумил Валак, моавскиот цар и што му одговори нему Ваалам, синот Веоров, од Ситим до Галгал, за да ги препознаеш праведните Господови дела”. (Михеј 6:1-5). {ПЦ 325.4}

Трпелив е Бог на кого Му служиме, „Неговите милости никогаш не престануваат”. (Плач на Еремија 3:22). Во текот на целото времетраење на пробата Неговиот Дух ги преколнува луѓето да го прифатат дарот на животот. „Животот ми Мој говори Господ Бог Мене не ми е мила смртта на безбожникот, туку да се одврати од својот лош пат и да живее! И така, обратете се од својот лош пат! Зошто да умрете, Израелов дому?” (Езекиел 33:11). Сатаната посебно се труди човекот да го наведе на грев, и потоа таму да го остави беспомошен и без надеж, без смелост да бара простување. Но, Бог повикува: „Нека се фати за силата Моја, нека склучи мир со Мене, и ќе направи мир со Мене!” (Исаија 27:5). Во Христа е дадена секаква поддршка, пружено е секое охрабрување. {ПЦ 325.5}

Во периодот на отпадништвото на Јудеја и Израел, мнозина се запрашале: „Со што ќе дојдам пред Господа, и ќе паднам ничкум пред Севишниот Бог? Ќе дојдам ли пред Него со жртва паленица, со телиња годиначиња? Дали ќе Му бидат мили илјада овни, илјада илјади потоци масло? Треба ли да се принесе првороденият син заради својот

престап, плодот на својата утроба заради гревот на мојата душа?” Одговорот бил јасен и потврден: „Човеку, објавено ти е, што е добро и што бара Господ од тебе: да се прави што е правда, да се љуби милосрдието и да се оди понизно со својот Бог?” (Михеј 6:6-8). {ПЦ 326.1}

Укажувајќи на значењето на практичната побожност пророкот го повторил советот кој пред многу векови му бил даден на Израел. Кога Израел се подготвувал да влезе во ветената земја, Господ преку Мојсеја му упатил зборови: „И така Израеле, што бара Господ, твојот Бог, од тебе? Само да се боиш од Господа, својот Бог, да одиш по сите Негови патишта; да го љубиш и да Му служиш на Господа, својот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа; да ги пазиш Господовите заповеди и Неговите закони што ти ги давам денес за твое добро?” (Второзаконие 10:12,13). Слугите Господови од столетие во столетие им повторувале на оние кои се наоѓале во опасност да паднат во формализам и да ја запоставаат милоста. Кога на Христа, за време на Неговата земска служба, му се обратил еден законик со прашањето: „Учителе, која е најголемата заповед во законот?” Исус му одговорил: „Љуби Го Господа твојот Бог со сето свое срце, и со сета своја душа и со сиот свој ум! Тоа е најголемата и прва заповед, а втората е слична на неа: Љуби го твојот ближен како себеси! На тие две заповеди висат сиот закон и пророците”. (Матеј 22:36-40). {ПЦ 326.2}

Овие јасни зборови на пророците и Самиот Господар треба да ги прифатиме како Божји глас кој се обраќа на секоја душа. Не смееме да пропуштиме ниедна можност да направиме дело на милосрдие, нежно да се ангажираме и христијански да се однесуваме кон обременетите и потчинетите. Ако не сме во состојба да направиме повеќе, можеме барем да упатиме зборови на охрабрување и надеж кон оние кои не Го познаваат Бога а на кои најдобро може да им се доближиме преку сочувство и љубов. {ПЦ 327.1}

Богати и обилни ветувања им се дадени на оние кои се трудат да внесат радост и благослов во животот на другите. „Ако му дадеш леб на гладниот, ако го наситиш угнетуваниот, твојата светлина ќе засвети во темнината, и твојата темнина ќе стане како пладне. Господ ќе те води непрекратно, ќе те сити во сушни краишта. Тој ќе ги закрепнува твоите коски, и ќе бидеш како напоена градина, и како извор, чија вода никогаш не пресушува”. (Исаија 58:10). {ПЦ 327.2}

Бидејќи Ахаз не се отповикувал на срдечните повици на пророкот, неговиот идолопокпонички живот можел да има само еден резултат. „Господ се разгневи на Јудејците и на Ерусалимците, и Тој ... ги предаде на неволји, чудење и потсмев”. (2. Летописи 29:8). Царството брзо пропаднало а освојувачките војски го доведувале во прашање неговиот опстанок. „Тогаш арамејскиот цар Ресин и Фекај, синот Ремалиев, цар на Израел, тргнаа во војна против Ерусалим: и тие го опсадија Ахаз”. (2. Царевите 16:5). {ПЦ 327.3}

Да биле Ахаз и поглаварите негови од царството верни слуги на севишниот, тие не би требале да се плашат од таков неприроден сојуз каков што бил создаден против нив. Меѓутоа, постојаните престапи им ја одземале силата. Обземен со ужасен страв од одмаздничкиот гнев на навредениот Бог, Ахаз „затреперил во срцето и срцето на целиот народ, како што во гората затреперуваат стеблата од ветерот”. (Исаија 7:2). Во таа криза, речта Господова дошла до Исаија со налог да го посети затрепериот цар и да му каже: {ПЦ 328.1}

„Внимавај и биди мирен; не бој се, и нека не ти примира срцето... зашто Сирија, Ефрем и синот Ремалиин ја смислија твојата пропаст. Да тргнеме, рекоа, против Јудеја,

да ја уплашиме и да ја освоиме, за да поставиме цар во неа ... вака зборува Господ Бог: Тоа нема да се случи, тоа нема да биде". Пророкот изјавил дека набрзо ќе дојде крајот на Израеловото и асирското царство. На крајот заклучил: „Ако не верувате, сигурно нема да се додржите". (Стихови 4-7,9). {ПЦ 329.1}

За Јудиното царство би било добро Ахаз да ја примел оваа вест како небесна. Меѓутоа, одлучувајќи да се потпре на телесна рака, тој побарал помош од незнабошци. Во очајание му пратил порака на асирскиот цар Теглат-Феласар: „Дојди и избави ме од рацете на сирскиот цар и царот на Израел, кои се подигнаа против мене". (2. Царевите 16:7). Оваа молба била поткрепена со богат дар од царската ризница и од ризницата на храмот. {ПЦ 329.2}

Бараната помош била дадена и царот Ахаз привремено воздивнал, но по која цена за Јуда! Даровите ја поттикнале алчноста на Асирија и тој лукав народ набрзо се заканил дека ќе ја преплави и уништи Јуда. Ахаз и неговите несреќни поданици ги мачело страв дека потполно ќе паднат во рацете на свирепите Асирци. {ПЦ 329.3}

„Господ почна да ги понижува Јудејците", заради постојаните престапи. Во тоа време на неволји, Ахаз, наместо да се покае, грешеше „повеќе пред Господа ... почна да им жртвува на дамаските богови". Тој велел: „Затоа што боговите на арамејските цареви им помагаат ним, ќе им жртвувам за да ми помагаат и мене". (2. Летописи 28:19,22,23). {ПЦ 330.1}

При крајот на своето владеење, отпадничкиот цар наредил да се затворат вратите на храмот. Светата служба била прекината. Пред олтарот не бил повеќе одржуван пламенот на кандилцата. За гревовите на народот не биле веќе принесувани жртви. Мирисот на пријатниот темјан повеќе не се дигале кон небото во времето на утрената и вечерната жртва. Напуштајќи ги тремовите на Божјиот дом и затворајќи ги неговите врати, жителите на безбожниот град дрско подигале олтари на паганski божества на аглите од улиците во целиот Ерусалим. Се чинело дека незнабоштвото триумфира, и дека силите на темнината преовладале. {ПЦ 330.2}

Меѓутоа, во Јуда имало и такви кои останале послушни на Господа, одлучно одбивајќи да му попуштат на идолопоклонството. Исаија, Михеј и нивните следбеници со надеж ги запирале погледите во тие луѓе, соочени со тешки состојби во последните години од Ахазовото владеење. Светилиштето било затворено, но верниците имале ветување дека „Бог е со нас". „Господ над Воинствата светете го; и Тој нека ви биде страв и бојазност. И тој ќе ви биде светилиште". (Исаија 8:10,13,14). {ПЦ 330.3}

ПОГЛАВЈЕ 28 – ЕЗЕКИЈА

Во директна спротивност со лошото владеење на Ахаз била реформацијата остварена во текот на успешната влада на неговиот син. Езекија стапил на престол решен со сите сили да се бори за да ја спаси Јуда од судбината која го снашла северното царство. Вестите на пророкот биле против сите преполовени мерки. Единствено со најодлучна реформа можела да се оттргне страшната казна. {ПЦ 331.1}

Езекија се покажал како подготвен човек да се соочи со тешката криза. Штом дошол на престол, започнал да ги остварува своите планови. Прво се дал на работа да ја обнови службата во храмот која толку долго била занемарена. Упатил сериозен повик до една група свештеници и Левити кои останале верни на својот свет повик, за да му

помогнат во ова дело. Убедени во нивната верност и поддршка, тој отворено им изјавил дека има намера да спроведе долгорочни реформи. „Нашите татковци згрешија”, призна тој, „и правеа зло во очите на Господа, нашиот Бог, и го оставија и одвратија лицето од Господовиот шатор”. „И така, сега смислив во своето срце да склучам Завет со Господа, со Израеловиот Бог за да се одврати од нас Неговиот јаростен гнев”. (2. Летописи 29:6,10). {ПЦ 331.2}

Царот во неколку избрани зборови ја прикажал ситуацијата: храмот бил затворен и во него престанала секоја служба; на улиците во градот и во сите краеви од државата биле практикувани срамни незнабожечки обреди; отпаднишство на народот кој би останал верен на својот Бог, ако владетелите му дале добар пример; пропаѓање на царството кое загубило секаков углед и почитување кај соседните народи. Северното царство брзо се распаѓало; мнозина гинеле од меч, а мнозина веќе биле одведени во ропство; Израел набрзо сосема паднал во рацете на Асирците и потполно пропаднал. Таа судбина сигурно ќе ја стигне и Јуда, ако Господ не работи силно за него преку своите избрани претставници. {ПЦ 332.1}

Езекија отворено ги повикал свештениците да му помогнат да спроведе неопходни реформи. „Не бидете сега небрежни”, ги предупредил тој, „зашто Господ ве избра за да стоите пред Него, за да му служите и за да му бидете слуги и за да принесувате темјан”. „Посветете се сега, и посветете го Домот на Господа, Бога на своите татковци”. (2. Летописи 29:11,5). {ПЦ 332.2}

Времето барало брза акција. Свештениците веднаш се дале на работа. Сметајќи и на оние кои не присуствувале на овој договор, сесрдно го отпочнале делото на очистување и осветување на храмот. Бидејќи храмот долго време бил напуштен и занемарен, имало многу потешкотии, но свештениците и Левитите неуморно работеле и ја извршиле својата задача за необично кратко време. Ја поправиле и ја отвориле вратата од храмот, ги собрале светите садови и ги ставиле на место; сè било подготвено за да се обнови службата во светилиштето. {ПЦ 332.3}

Во првото одржано богослужение царот Езекија, свештениците, Левитите и градските старешини побарале простување на гревовите на народот. На олтарот била принесена жртва „за помирување за сиот Израел”. „Кога сврши принесувањето на паленицата, царот и сите кои беа со него паднаа набожно на колена и се поклонија”. Во тремовите на храмот повторно одекнале зборови на слава и пофалба. Разбирајќи дека се ослободени од оковите на гревот и отпаднишството, верниците радосно ја запеале песната на Давид и Асаф. „И Езекија се веселеше, и сиот народ со него, зашто Бог го подготви народот, бидејќи се тоа се случи ненадејно”. (Стихови 24,29,36). {ПЦ 333.1}

Бог ги подготвил срцата на јудејските поглавари да започнат движење на реформација за да се сопре поплавата на идолопоклонствата. Он преку своите пророци непрестано му праќал вести на избраниот народ кои десетте Израелови племиња ги презреле и отфрлиле, и заради тоа биле одведени во ропство. Но во Јуда останал еден верен остаток, и сега пророците нему му се обратиле. Исаија ургирал: „Вратете се при Оној од кого отпаднавте толку длабоко, синови Израелови!” (Исаија 31:6). А Михеј зборува со доверба: „Јас, јас сум загледан кон Господа, чекам на Богот на моето спасение, мојот Бог ќе ме послуша мене. Не радувај се на моето зло, непријателко моја, ако паднав, ќе станам; ако престојувам во темнини, Господ е моја светлина. Треба да ја поднесувам Господовата лутина, зашто згрешив пред Него, сè додека не го пресуди мојот спор и не ја изрече правдата; ќе ме изведе на светлина, ќе ја гледам Неговата праведност”. (Михеј 7:7-9). {ПЦ 333.2}

Оваа и останати слични вести, која ја откривале Божјата подготвеност да им прости и да ги прифати оние кои ќе Му се обратат со цело срце, им дале надеж на мнозина малаксани души во мрачните години кога вратите од храмот биле затворени. И сега, кога водачите започнале да спроведуваат реформа, многу луѓе, уморни од робувањето на гревот, биле подготвени да се отповикаат. {ПЦ 334.1}

Оние кои доаѓале во тремот на храмот да побараат простување и да го обноват заветот на послушност кон Господа, наишле на чудесно охрабрување во деловите од светите списи. Сериозните опомени против идолопоклонството, кои Мојсеј ги изговорил против целиот Израел, биле пропратени со пророштва за Божјата подготвеност да им прости на оние кои ќе Го побараат со целото срце во време на отпаднишство. Мојсеј говорел: „Доколку се свртиш кон Господа, својот Бог", рекол Господ, „и го послушаш Неговиот глас (зашто твојот Бог е милостив Бог;) Тој нема да те остави ни да те погуби, ниту ќе го заборави Заветот што со заклетва го склучил со твоите татковци". (Второзаконие 4:30,31). {ПЦ 334.2}

Во пророчката молитва упатена при посветувањето на храмот, чија служба сега ја обновувале Езекија и неговите приврзаници, Соломон се молел: „Ако Твојот народ биде разбиен од непријателот зашто Ти згрешил Тебе, ако сепак се обрати кон Тебе и ако го прослави Твоето Име и ако се помоли во овој Дом, тогаш чуј го Ти тоа од небото, прости му ги гревовите на својот израелски народ". (1. Царевите 8:33,34). Печат на Божјото одобрување бил ставен на таа молитва, затоа што по нејзиното завршување оган се спуштил од небото и ја изгорел жртвата паленица, а славата Господова го исполнила храмот. (Види 2. Летописи 7:1) Во текот на ноќта Господ му се јавил на Соломон и му кажал дека неговата молитва е услишена и дека ќе им биде дадена милост на оние кои ќе се молат тука. Дадено е милостиво ветување: „Доколку Мојот народ, кој се нарекува со Моето Име, се понизи себеси и ако се помоли, и го побара Моето лице и ако се откаже од лошите патишта, Јас ќе го послушам тогаш од небото и ќе му го простам гревот и ќе му ја исцелам земјата". (2. Летописи 7:14). {ПЦ 335.1}

Тие ветувања во голема мерка се исполниле за време на реформацијата во времето на Езекија. {ПЦ 335.2}

Добрите почетни мерки со цел на чистењето на храмот прераснале во големо движење во кое учествувале не само Јуда туку и Израел. Во својата ревност службата во храмот да стане вистински благослов за народот, Езекија бил одлучен да го заживее обичајот на собирањето на Израелците за прославата на Пасхата. {ПЦ 335.3}

Веќе многу години Пасхата не била празнувана како народен празник. Изгледало дека поделбата на царството по Соломоновото владеење тоа го оневозможувало. Меѓутоа, страшните казни кои се излевале на десетте племиња буделе во нечии срца желба за нешто подобро и возбудливите вести на пророците не останале без акција. Царските гласници надалеку го објавувале повикот за празнување на Пасхата во Ерусалим, „од град во град по Ефремовата и Манасиевата Земја па до Завулон". Носителите на овој милослив повик обично биле одбивани. Оние кои што не сакале да се покајат им го завртувале грбот; меѓутоа, оние кои Го барале Бога и копнееле подобро да ја запознаат Неговата волја, „се понизија и дојдоа во Ерусалим". (2. Летописи 30:10, 11). {ПЦ 335.4}

Во Јудината земја одзивот бил општ, затоа што врз нив слезе „Божјата рака", и „ги проникна со еднодушност за да прават што беа заповедале царот и кнезовите" (Стих 12) заповед која била во склад со Божјата волја откриена преку Неговите пророци. {ПЦ 337.1}

Празнувањето на Пасхата посебно му користело на насобраното мноштво. Од осквернетите улици на градот биле тргнати идолските олтари подигнати за време на владеењето на Ахаз. Во определен ден била празнувана Пасхата и народот ја поминал целата седмица во принесување жртви и осознавање на Божјата волја. Секој ден Левитите „поучувале за доброто знаење за Господа", и сите оние кои ги подготвиле своите срца и го побарале Бога, добиле простување. Голема радост го обземала собирот, а „Левитите и свештениците Го фалеа Бога од ден во ден со гласни инструменти" (Стихови 22,21); сите имале иста желба, да Го прослават Оној кој се покажал така благ и милостив. {ПЦ 337.2}

Седум дена на празнување на Пасхата поминале многу брзо и народот одлучил да помине уште седум дена во длабоко проучување на Господовите патишта. Свештениците и понатаму го поучувале народот од книгите на законот. Народот секојдневно се собирал во храмот да принесуваа дарови на пофалба и благодарност со своите гласови. При крајот на големиот собор било очигледно дека Бог чудесно издејствувал обратување на отпадничката Јудеја и ја сопрел плимата на идолопоклонството која се заканувала сè да повлече со себе. Сериозните предупредувања на пророците не биле залудни. „Беше голема веселба во Ерусалим зашто од времето на Давидовиот син Соломон, израелскиот цар, не беше така во Ерусалим". (Стих 26). {ПЦ 337.3}

Дошло време верниците да се вратат во своите куќи. „Тогаш свештениците и Левитите станаа та го благословија народот; нивниот глас беше послушан, а нивната молитва допре до Божјото свето живеалиште на небото". (Стих 27). Бог ги примил оние кои со скрушени срца ги признале своите гревови и искрено му се обратиле барајќи простување и помош. {ПЦ 338.1}

Преостанало да се изврши уште едно значајно дело во кое морале активно да учествуваат оние кои се враќале во своите домови, и извршувањето на тоа дело сведочело за вистинитоста на остварената реформација. Запишано е: „Сите Израелови синови, кои се најдоа таму, навлегоа по јудејските градови та ги кршеа столбовите, ги сечеа ашерите и ги оборуваа високите места и жртвениците по сето Јудино, Венијаминово, Ефремово и Манасиево племе додека целосно не ги уништија сите. Тогаш сите Израелови синови се вратија секој на својот имот, во своите градови". (2. Летописи 31:1). {ПЦ 338.2}

Езекија и неговите следбеници спровеле разни реформи заради заштита на духовната и земската благосостојба на царството. „Преку целата Јудеја" царот „го стори она што беше добро и правично и вистинито пред Господа, својот Бог. И во секоја работа која ја почнуваше... се трудеше со целото свое срце, и просперираше". „На Господа Бога, Бог Израелов, тој се надеваше... не отстапуваше од Него, туку ги пазеше заповедите Негови, кои Господ му ги беше дал на Мојсеја. И Господ беше со него; и тој напредуваше". (Стихови 20,21; 2. Царевите 18:5-7) {ПЦ 338.3}

Езекиевото владеење било одбележано со цела низа на провиденија на одредени случки кои на околните народи им посведочиле дека Израеловиот Бог беше со Својот народ. Успехот на Асирците при освојувањето на Самарија и растурањето на расеаниот остаток од десетте племиња меѓу народите, на почетокот на неговото владеење, мнозина ги навело да се посомневаат во силата на Израеловиот Бог. Охрабрени со своите успеси Ниневјаните одамна ја отфрлиле веста на Јона и пркосно се спротивставувале на небесните цели. Неколку години по падот на Самарија, победничката војска повторно се појавила во Палестина, насочувајќи ги овој пат своите

напади против Јудините градови, со некој извесен успех. Меѓутоа, војската се повлекла за извесно време заради потешкотиите кои настанале во другите краишта на асирското царство. Неколку години подоцна пред крајот на владеењето на Езекија, требало да се покаже на сите народи во светотдали незнабожечките богови конечно ќе преовладеат. {ПЦ 339.1}

ПОГЛАВЈЕ 29 - ПРАТЕНИЦИТЕ ОД ВАВИЛОН

Среде своето среќно владеење царот Езекија ненадејно бил погоден од смртоносна болест. „Болен до смрт", било надвор од човечка моќ да му се помогне. И последната надеж изгледало дека исчезнала кога пред него се појавил пророкот Исаија со пораката: „Вака вели Господ: среди ја својата куќа, зашто ќе умреш, нема да живееш". (Исаија 38:1). {ПЦ 340.1}

Иднината изгледала многу мрачна, но царот сè уште можел да се моли на Оној кој до сега бил негово „засолниште и тврдина, секогаш присутен помошник во неволја". (Псалм46:1). И така „се сврти кон ѕидот и вака Му се помоли на Господа: Те молам, О Господи, Спомни си дека пред Тебе одев верно и со совршено срце, и дека правев што е добро во Твоите очи. И Езекија заплака горко". (2. Царевите 20:2,3). {ПЦ 340.2}

Од времето на Давид немало цар кој така искрено се залагал за подигање на Божјото царство во време на отпаднишство и обесхрабрување, како што тоа го правел Езекија. Заболениот цар верно Му служел на Господа и ја зацврстил довербата на народот во Господа како врховен Владетел. И, како Давид, тој сега можел да се моли: {ПЦ 340.3}

„Нека стигне мојата молитва до Тебе, приклони го Своето уво кон мојот повик;Зашто мојата душа е наситена од страдања, мојот живот наближува кон гробот". (Псалм 88:2,3) {ПЦ 341.1}

„Ти, Си, Господи, моја надеж,
Ти си ми надеж од мојата младост.
На Тебе се потпирам од раѓањето".
„Не ме оставај кога ќе ми се намали силата".
„О, Боже, не стој далеку од мене;
Боже мој! поитај ми на помош".
„Не ме оставај, Боже,
за да раскажувам за Твојата моќ на ова поколение,
и за Твојата сила, на сите идни поколенија".
(Псалм 71:5,6,9,12,18) {ПЦ 341.2}

Оној чија „сочувствителност не престанува" (Плач на Еремија 3:22) ја услишил молитвата на Својот слуга. „Исаија уште не беше излегол од средишниот двор кога му стигна Господовото слово: Врати се и речи му на Езекија, на главатарот на Мојот народ, Господ, Бог на твојот татко Давид, вели вака: Ја послушав твојата молитва, ги видов твоите солзи, ќе те исцелам; на третиотден ќе влезеш во Господовиот Дом. Ќе му дадам на твојот век уште петнаесет години, и ќе те избавам тебе и овој град од рацете на

асирскиот цар; ќе го закрилам овој град заради Себе и заради Својот слуга Давид". (2. Царевите 20:4-6). {ПЦ 341.3}

Пророкот радосно се вратил носејќи ја веста на утешување и надеж. Исаија му ја пренел веста за Божјата милост и заштита, а потоа наложил на заболеното место да се стави облога од смокви. {ПЦ 342.1}

Како Мојсеј во мадијамската земја, како Гедеон во присуство на небесниот гласник, како Елисеј пред да се вознесе неговиот учител, така и сега Езекија барал некој знак дека оваа вест е пратена од небото. „По кој знак ќе знам дека Господ ќе ме излечи и дека на третиот ден ќе влезам во Господовиот Дом?" го запрашал тој пророкот. {ПЦ 342.2}

„Исаија одговори: Еве ти знак од Господа дека ќе направи што рекол: сакаш ли сенката да се помрдне за десет стапки напред или да се врати за десет стапки?" „Лесно е", одговорил Езекија, „да се помрдне сенката за десет стапки напред: не, туку нека сенката се врати за десет стапки назад". {ПЦ 342.3}

Единствено со Божјо посредство можело да се постигне сенката од сонцето да се врати за десет степени; и тоа требало да биде знак за Езекија дека Господ ја услишил неговата молитва. И „пророкот Исаија извика кон Господа, и тој направи да се врати сенката за десет степени наназад, која се спушти според Ахазовиот сончев часовник". (Стихови 8-11) {ПЦ 342.4}

Бидејќи му се вратило здравјето за кое толку многу копнеел, јудејскиот цар запеал песна на пофалба за Господовата милост и дал завет дека целиот свој преостанат живот ќе го посвети во службата на Царот над царевите. Неговото благодарно признавање на Божјото милостиво постапување кон него претставува урнек за сите кои сакаат да го живеат својот живот на слава на својот Творец: {ПЦ 342.5}

„Си реков,
кога се пресекоа деновите мои,
треба да влезам во портите на гробот;
јас сум лишен од остатокот на годините свои". {ПЦ 343.1}
„Јас реков: нема да го видам Господа, Господа,
во земјата на живите нема да видам
повеќе човек меѓу оние што живеат во светот". {ПЦ 343.2}
„Мојот век помина,
и се оддалечи од мене како овчарски шатор,
како ткаач треба да го пресечам животот свој;
Тој ќе ме отсече со болест постојана; {ПЦ 343.3}
„Дење и ноќе чекав, дека Ти ќе пратиш смрт.
Чекав до утрото; како лав,
така Тој ги кршеше сите мои коски;" {ПЦ 343.4}
„Ден и ноќ чекав дека ќе ми испрати смрт.
Како жерав, како ластовичка испуштав гласови,
како гулаб тагував;
очите мои гледаа кон небото:
О Господи, притеснет сум, спаси ме". {ПЦ 343.5}
„Што да кажам?
Тој ми рече, и Тој направи.
Мирно ќе ги поминам сите години со горчина во душата". {ПЦ 343.6}

„О Господи, така живеат,
и во сето тоа за Тебе ќе живее мојот дух,
Ти ќе ме излекуваш, ќе ми даруваш живот. {ПЦ 343.7}
„Ете, за добро ми беше силната тага,
Ти ја спаси душата моја од погибелниот ров,
затоа што ги фрли зад грбот Свој сите мои гревови”. {ПЦ 343.8}
„Затоа што гробот не може да Те слави,
смртта Тебе не те восфалува,
слезените во гроб не се надеваат на Твојата вистина”. {ПЦ 343.9}
„Живите, само живите ќе Те прослават,
како јас сега,
таткото ќе им ја соопшти на децата Твојата вистина”. {ПЦ 344.1}
„Господ ќе ме спаси,
затоа ќе му пееме мои песни на жичени иструменти,
во сите дни на нашиот живот во домот Господов”.
(Исаија 38:10-20) {ПЦ 344.2}

Во плодните долини на Тигар и Еуфрат живеел еден стар народ на кого му било наменето да владее со светот, и покрај тоа што во тоа време бил потчинет на Асирците. Во тој народ имало мудреци кои се занимавале со астрономија; тие многу се восхитиле кога виделе дека сенката на сончевиот часовникот се вратила за десет степени наназад. Нивниот цар, Меродах-Валадан, дознавајќи дека тоа чудо се случило како знак дека Бог му го продолжил животот на јудејскиот цар, пратил слуги да му честитаат на Езекија за чудесното оздравување и, ако е можно, да дознаат нешто повеќе за Бог, кој можел да направи толку големо чудо. {ПЦ 344.3}

Тогаш на Езекија му се укажала можност да им објасни на слугите на овој владетел од оваа далечна земја за силата на живиот Бог. Колку лесно можел да им говори за Бога, одржителот на сите создадени нешта, преку чија благонаклонетост неговиот живот бил запазен кога исчезнала секоја друга надеж! Колку брзо би се обратиле тие трагачи по вистината од халдејската рамнина и како брзо би биле наведени да ја признаат врховната власт на живиот Бог! {ПЦ 344.4}

Но срцето на Езекија го обзело суета и гордост и тој самобендисано им го открил на лакомите очи целото богатство со кое Бог го надарил целиот народ. Царот „им ја покажа на пратениците својата ризница, среброто, златото, пријатните мириси и мирисливите масла својата оружница и сè што беше во складиштата. Немаше ништо во неговиот дворец и во целото негово господарство што Езекија не им го покажа”. (Исаија 39:2). Тоа го направил, не за да го прослави Бога, туку да се воздигне себеси во очите на странските големци. Не помислил дека тие луѓе пратеници се еден силен народ кој ниту го љуби Бога ниту се бои од Него, и дека било неразумно да им се покажува целото земско богатство на нацијата. {ПЦ 344.5}

Посетата на овие пратеници за Езекија претставувала проба за неговата благодарност и посветеност. Извештајот бележи: „Кога дојдоа пратениците на вавилонските кнезови, испратени кај него за да се распрашаат за чудото што стана во земјата, Бог го остави, за да го испита и да се сознае сè што му е во срцето”. (2. Летописи 32:31). Да ја искористел Езекија оваа прилика и да посведочил за силата, добрината и сочувствителноста на Израеловиот Бог, извештајот на пратениците би бил како светлина која продира низ темница. Но тој се величел себе си, а не Господ над војските.

Тој „не се оддолжи на добротворството што му беше искажано, туку се возгордеа”. (Стих 25) {ПЦ 346.1}

Колку биле страшни последиците! На Исаија му било откриено дека пратениците при враќањето понеле извештај за богатството кое го виделе и дека вавилонскиот цар и неговите советници ќе сковаат план својата земја да ја збогатат со ерусалимското злато. Езекија тешко погрешил, „затоа гневот дојде врз него, врз Јуда и врз сиот Ерусалим”. (Стих 25). {ПЦ 346.2}

„Тогаш пророкот Исаија дојде при царот Езекија и го праша: Што рекоа тие луѓе и од каде дојдоа кај тебе? Езекија одговори: Дојдоа од далечна земја, од Вавилон. Исаија праша понатаму: Што видоа во твојот дворец? Езекија одговори: Видоа сè што е во мојот дворец; нема ништо во моите сокровишта што не им покажав. {ПЦ 346.3}

„Тогаш Исаија му рече на Езекија: Чуј го словото на Господа над Воинствата: Еве доаѓаат денови кога сè што е во твојот дворец, сè што твоите татковци насобраа до денес, ќе биде однесено во Вавилон. А од синовите што ќе произлезат од тебе, кои ќе ти се родат, некои ќе земат за да му бидат скопени дворјани на вавилонскиот цар. {ПЦ 346.4}

„Езекија му одговори на Исаија: Добро е словото што Господ ти го објави”. (Исаија 39:3-8). {ПЦ 347.1}

Измачуван од грижата на совест, „Езекија се понизил затоа што му се беше возгордеало срцето, и тој и Ерусалимците, па така Господовата расрденост не дојде врз нив за време на Езекиевиот живот”. (2. Летописи 32:26). Но зло семе било посеано за да во свое време изрти и донесе жетва на очајување и страдање. Во последните години од своето владеење Јудиниот цар дожиевал голем процут, затоа што доследно се трудел да се покае за минатото и да го прослави Божјото име на кого му служел; сепак, неговата вера морала да биде ставена на тешка проба за да увиди дека само надежта во Бога може да ги победи силите на темнината кои се заканувале да го уништат и него и неговиот народ. {ПЦ 347.2}

Извештајот за пропустот на Езекија да ја оправда Божјата доверба при посетата на пратениците, содржи значајна поука за сите нас. Многу повеќе отколку до сега мораме да зборуваме за скапоцените искуства кои сме ги стекнале за Божјата милост и љубовна љубезност, за неизмерната длабочина на Спасителовата љубов. Ако разумот и срцето се исполнети со Божјата љубов, нема да ни биде тешко и на другите да им го дадеме она што сочинува духовен живот. Големите мисли, благородните желби, јасните поими за вистината, несебичните намери, склоности кон побожност и светост сето тоа ќе дојде до израз во зборовите кои го откриваат карактерот кој е ризница на срцето. {ПЦ 347.3}

Нашата помош и водство им се потребни на оние со кои секојдневно доаѓаме во допир. Тие можеби се наоѓаат во таква духовна состојба што еден збор изговорен во вистински момент ќе наиде на поволен одговор. Можеби утре тие души ќе се наоѓаат таму каде што повеќе нема да можеме да им пријдеме. Какво влијание вршиме на тие сопатници? {ПЦ 348.1}

Секој ден животот донесува одговорности кои мораме да ги прифатиме. Секој ден нашите зборови и дела оставаат впечаток врз оние со кои се дружиме. Колку ли е само потребно будно да стражариме над своите усти, грижливо да пазиме на своите чекори! Едно непромислено движење, еден непромислен чекор, и силните бранови на некое посилно искушение можат да ја повлечат душата со себе во длабочина. Ние не сме во можност од човечкиот ум да ги извлечеме мислите кои таму сме ги ставиле. Ако тие

биле зли, можеби ние сме ставиле во движење цела низа на околности, вистинска плима на зло која повеќе не сме во состојба да ја сопреме. {ПЦ 348.2}

Од друга страна, ако со својот пример им помагаме на другите да развиваат добри начела, ние им даваме сила да прават добро. Тие пак од своја страна вршат на други исто така делотворно влијание. Така со своето влијание и несвесно помагаме на стотици и илјадници. Вистинскиот Христов следбеник поттикнува добри намери кај сите оние со кои доаѓа во допир. Во еден неверен и грешен свет, таквиот следбеник ја открива силата на Божјата благодат и совршенството на Неговиот карактер. {ПЦ 348.3}

ПОГЛАВЈЕ 30 - ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД АСИРИЈА

Во време на голема опасност за народот, кога асирската војска ја нападнала Јудината земја и кога изгледало дека ништо не може да го спаси Ерусалим од потполна пропаст, Езекија собрал сили во своето царство со непоколеблива храброст да му пружи отпор на незнабожечкиот завојувач, надевајќи се дека Господ ќе ги ослободи со својата сила. Езекија му говорел на народот: „Бидете силни и храбри; не бојте се и не плашете се од асирскиот цар, ни од сето мноштво што е со него зашто со нас е Посилниот отколку со него", го храбрел Езекија народот на Јуда; „затоа што повеќе се со нас отколку со него: со него е телесната мишка, а со нас е Господ, Бог наш, за да ни помага и за да ги војува нашите боеви". (2. Летописи 32:7,8). {ПЦ 349.1}

Езекија не говорел без причина со таква сигурност за исходот на борбата. И покрај тоа што Бог во еден момент ги употребил Асирците како камшик на својот гнев (Види во Исаија 10:5) за да го казни народот, на самобендисаните Асирци не им било одредено секогаш да победуваат. „Не бој се од Асирците" така гласела веста која Господ неколку години порано им ја упатил на оние кои живееле во Сион; затоа што уште малку... Господ над војските ќе замавне со бич над нив како кога го удри Мадијам при карпата Орив и ќе крене стап над морето како на египетскиот пат. Во оној ден: ќе ти падне бремето од плеќи, и ќе го снема неговиот јарем од твојот врат". (Стихови 24-27). {ПЦ 349.2}

Во друга пророчка вест, објавена „во онаа година кога умре царот Ахаз", пророкот рекол: „Господ над Воинствата се заколна: Што намислив, ќе се збидне, што наумив, ќе се изврши. Ќе ја скршам Асирија во Својата земја, ќе ја згазам на Своите гори; неговиот јарем ќе падне од нив, неговото бреме ќе падне од нивните плеќи. Таква одлука е донесена против целата земја; таква рака е испружена против сите народи! А кога Господ над Војските одпучи, кој ќе се воспротиви? Кога ќе ја испружи раката, кој ќе ја одврати?" (Исаија 14:28,24-27). {ПЦ 350.1}

Силата на угнетувачот требало да биде скршена. Езекија во првите години од своето владеење плаќал данок на Асирците, според договорот кој го склучил Ахаз. Во меѓувреме царот „се посоветува со кнезовите и со јунаците свои", преземајќи сè што е во негова моќ да го одбрани царството. Тој се погрижил помеѓу ѕидовите на Ерусалим да има доволно вода, додека надвор од градот да биде оскудност. „Се ободри го обнови сиот соборен ѕид и подигна стражарници врз него; однадвор изгради друг ѕид и го зацврсти Милон во Давидовиот Град; направи многу копја и штитови. Потоа постави началници над народот". (2. Летописи 32:3,5,6). Ништо не било пропуштено што требало да се направи во подготовките за опсадата. {ПЦ 350.2}

Во времето кога Езекија дошол на престолот од Јуда, Асирците веќе имале одведено голем број Израелови синови од северното царство. Неколку години бидејќи постанал владетел и додека сè уште ја зајакнувал одбраната на Ерусалим, Асирците ја освоиле и ја заземале Самарија и ги растуриле десетте племиња по многу провинции на асирското царство. Границите на Јудеја биле оддалечени само неколку милји а Ерусалим помалку од педесет милји. Богатиот плен кој би го нашле во храмот би можело да ги доведе непријателите во искушение повторно да се вратат. {ПЦ 351.1}

Меѓутоа, јудејскиот цар направил сè што можело да се подготви за давање отпор на непријателот. И бидејќи остварил сè што може човечкиот ум и енергија да направат, тој ја собрал својата војска и ја повикал да биде храбра. „Голем е меѓу тебе Израеловиот Светец". (Исаија 12:6). Тоа била веста која пророкот Исаија ја објавил на Јуда. А царот со непоколеблива вера изјавил: „Со нас е Господ, Бог наш, за да ни помага и за да ги војува нашите боеви". (2. Летописи 32:8). {ПЦ 351.2}

Ништо не може толку брзо да ја вдахнува верата како вежбањето на верата. Јудејскиот цар се подготвил за бурата која следувала, и сега, верувајќи дека пророштвото против Асирците ќе се исполни, се потпрел на Бога. „И народот се надеваше во зборовите на јудејскиот цар Езекија". (2. Летописи 32:8). Зошто да се грижи ако асирската војска после победата над најголемите земји во светот, и по освојувањето на Самарија и Израел, се крене против Јуда? Зошто да се грижат и ако тие се фалат: „Како што мојата рака го достигна царството на лажните богови, побогати со кипови од Ерусалим и Самарија, како што направив во Самарија и со нејзините лажни богови, нема ли да направам и со Ерусалим и со неговите ликови?" (Исаија 10:10,11). Јуда немал од што да се плаши затоа што Бог бил негова потпора. {ПЦ 351.3}

Долго очекуваната бура најпосле наишла. Напредувајќи од победа во победа, асирските сили се појавиле во Јудеја. Уверени во својата победа, заповедниците ги поделиле своите сили во две групи: едната требала да се бори против египетската војска на југ а другата да го освои Ерусалим. {ПЦ 352.1}

Бог бил единствена надеж на Јудиното царство. Од Египет не можело да се очекува помош, а во близина немало ниеден друг народ кој би им пружил пријателска рака. {ПЦ 352.2}

Потпирајќи се на силата на својата дисциплинирана војска, асирските заповедници договориле средба со јудејските заповедници и во таа прилика дрско побарале да им се предаде градот. Барањето било пропратено со хулење на Израеловиот Бог. Заради слабостите и отпадништвото на Израел и Јуда, народите повеќе не се плашеле од Божјото име, туку хулеле на Него. (Види Исаија 52:5). {ПЦ 352.3}

Равсак, еден од главните заповедници на Сенахирим, вака говорел: „Кажете му на Езекија: Вака вели големиот цар, асирскиот цар: Каква е таа надеж во која се надеваш? Ти велиш, меѓутоа тоа се празни зборови, дека имаш совет и сила за војна. Во кого се надеваш па си се побунил против мене?" (2. Царевите 18:19,20). {ПЦ 352.4}

Заповедниците се зголемувале пред капиите на градот, но така што, да може да ги слушне стражата по ѕидовите. Бидејќи претставниците на асирскиот цар гласно барале Јудините заповедници да ги примат нивните предлози, побарано е да зборуваат на асирски а не на еврејски јазик, за да не разбере народот кој се наоѓал по ѕидовите што се зборува. Отфрлајќи го тој предлог, Равсак уште повеќе го подигал гласот и продолжил да зборува на еврејски јазик: {ПЦ 353.1}

„Чујте го словото на големиот цар, асирскиот цар! Вака вели царот: Езекија нека не ве залажува, зашто не може да ве избави од мојата рака. Езекија нека не ве охрабрува

со надеж во Господа, велејќи: Господ ќе нè избави, бездруго, овој град нема да падне во рацете на асирскиот цар. {ПЦ 353.2}

Не го слушајте Езекија; зашто вака вели царот асирски: Склучете мир со мене, предајте ми се, па секој нека ги јаде плодовите од своето лозје и од својата смоква, и нека пие вода од својот кладенец, додека не дојдам и нè ве одведам во земја со жито и вино, во земја со леб и лозја. {ПЦ 353.3}

Не оставајте да ве измами Езекија велејќи ви: Господ ќе ве избави. Дали боговите на другите народи ги избавија своите земји од рацете на асирскиот цар? Каде се ематските и арфатските богови за да ја избават Самарија од моите раце? Кој меѓу сите богови на тие земји ја избавија својата земја од мојата рака, па Господ да го избави Ерусалим од мојата рака?" {ПЦ 353.4}

На овие погрдни зборови синовите Јудини „молчеа, и ни збор не му одговорија". Преговорите биле завршени. Еврејските претставници се вратиле кај Езекија „откако ги раскинаа облеките, и му ги соопштија зборовите Равсак". Кога слушнал за богохулниот предизвик, „Езекија ги скина своите облеки се облече во вреќиште и отиде во Господовиот дом". (Исаија 36:13-20; 36:21,22; 2. Царевите 19:1). {ПЦ 354.1}

Еден гласник бил упатен кај Исаија да го извести за епилогот од преговорот. Царевата порака гласела: „Ова е ден на неволја, ругање и хулење. Можеби Господ, твојот Бог ги слушна сите зборови на Равсак кого асирскиот цар, неговиот господар, го испрати да го хули живиот Бог, и можеби Господ, твојот Бог, ќе ги казни зборовите што ги чул; затоа помоли се за остатокот што уште остана". (Стихови 3,4). {ПЦ 354.2}

„Тогаш се помоли заради царот Езекија и пророкот Исаија синот Амосов, и викаше кон небото". (2. Летописи 32:20). {ПЦ 354.3}

Бог ја услишил молитвата на својот слуга. На Исаија му била дадена вест за Езекија: „Господ вели вака: Не бој се од зборовите што ги чу кога слугите на асирскиот цар Ме хулеа Мене. Ќе вдахнам во него дух, и кога ќе чуе една вест, ќе се врати во својата земја. И ќе направам да загине од меч во својата земја". (2. Царевите 19:6,7). {ПЦ 354.4}

Бидејќи се разделиле со Јудините заповедници, асирските претставници право се упатиле кон царот кој командувал со војската која ги чувала премините кон Египет. Откако го сослушал извештајот, Сенахирим напиша „писма хулејќи го Господа, Израеловиот Бог, велејќи: како што боговите на земните народи не ги избавија своите народи од мојата рака, така ни Езекиевиот Бог нема да го избави Својот народ, од мојата рака". (2. Летописи 32:17). {ПЦ 354.5}

Оваа самобендисана закана била пропратена со пораката: „Нека не те мами твојот Бог, во кого се надеваш, велејќи ти: Ерусалим нема да падне во рацете на асирскиот цар. Ти знаеш што им направија асирските цареви на сите земји предавајќи на проклетство! Ати, ли ќе се спасиш? Дали боговите ги спасија народите што моите татковци ги уништија: Госанците, Харанците, Ресефците, и Еденците во Тел Асар? Каде е ематскиот цар, арфадскиот цар, царот на Сефарваим, Ена и Ава?" (2. Царевите 19:10-13). {ПЦ 355.1}

Кога Јудиниот цар го примил ова навредливо писмо, отишол во храмот и „го одвитка пред Господа", молејќи се со цврста вера за помош од небото, за да познаат земските народи дека Израеловиот Бог е сè уште жив и владее. (Стих 14) Во прашање била Господовата чест; само Тој можел да донесе избавување. {ПЦ 355.2}

Езекија се молел: „Господе Боже Израелов, кој седиш над херувимите, Ти си единствен Бог над сите земски царства, Ти ги создаде небото и земјата. Приклони го увото Господи, и чуј, отвори ги очите, Господи, и види! Чуј ги Сенахиримовите зборови

што ги испрати за да Го хули живиот Бог. Вистина е, Господи, асирските цареви ги сотреа народите и нивните земји; им ги фрлија во оган боговите; зашто тоа не беа богови; туку дела на човечките раце; од дрво и од камен; затоа и ги уништија. Но сега, Господи, Боже наш, избави нè од нивните раце за да познаат сите царства на земјата дека Ти, Господи, си единствен Бог". (2. Царевите 19:15-19). {ПЦ 355.3}

„О Израелев Пастиру, послушај,
Ти што го водиш Јосифа, како стадо овци;
Ти што седиш над херувимите, заблескај,
Пред Ефрема, Венијамина и Манасија разбуди ја Својата сила,
дојди и спаси нè. {ПЦ 356.1}
Боже, обнови нè,
нека засветли Твоето лице;
и ние ќе бидеме спасени.
Господи, Боже, над воинствата,
до кога ќе пламнуваш,
кога Твојот народ се моли?
Не храниш со лебот на солзите,
и не напојуваш изобилно со солзи.
Си сторил да нашите соседи се препираат за нас,
и ни се смеат нашите непријатели меѓу себе.
Боже над Воинствата, обнови нè,
нека засветли Твоето лице;
и ние ќе бидеме спасени. {ПЦ 356.2}
Ти ја пренесе лозата од Египет,
ги истера незнабошците, а неа ја засади.
Ти и подготви почва,
и стори таа да пушти корења и ја наполни земјата
бреговите беа покриени со нејзината сенка,
гранките и станаа како добри кедрови.
Своите млади прачки таа ги испружи до морето,
и своите ластари до реката. {ПЦ 356.3}
Зошто и ја сруши оградата,
за да ја берат сите што минуваат патем?
Да ја запустува дивината од гората,
и да ја пасат полските ѕверови?
Врати се, Те молиме, Боже над Воинствата,
погледај од небото, и види, и посети ја оваа лоза;
и лозјето што го засади Твојата десница,
и гранката која си ја поткрепил за Себеси... {ПЦ 359.1}
Заживеј нè, и ние ќе го повикуваме Твоето име.
Господи, Боже над Воинствата, обнови нè,
нека засветли Твоето лице;
и ние ќе бидеме спасени".
(Псалм 80) {ПЦ 359.2}

Езекиевата молитва за Јуда и за честа на нивниот врховен Владетел биле во склад со Божјите намери. При посветувањето на храмот, Соломон се молел на Господа за да ја поддржува „справедливоста на својот народ Израел во секое време, за да познаат така сите народи на земјата дека Господ е Единствен Бог, и дека нема друг". (1. Царевите 8:59,60). Посебно се молел Господ да им биде благонаклонет кога во време на војување и угнетување од страна на непријателска војска, Израеловите поглавари дојдат во молитвениот дом и се помолат за избавување. (Стихови 33,34). {ПЦ 359.3}

Езекија не бил оставен без надеж. Исаија му ја пратил следната порака: „Вака вели Господ, Израеловиот Бог: Ја послушав молитвата што Ми ја упати заради Сенахирим, асирскиот цар. Еве ги зборовите што Господ ги објави против него: {ПЦ 359.4}

„Девицата, Сионската ќерка те презира и ти се потсмева; по тебе мавта со главата Ерусалимската ќерка. {ПЦ 359.5}

„Кого го навредуваше и хулеше? На кого викаше гласно, дигаше горделив поглед? На Израеловиот Светец! Преку своите слуги Го навредуваше Господа. Велеше: со множество коли, јас се искачив на врвот на гората, на највисоките врвови на Ливан. Му ги исеков највисоките кедри и најубавите чемпреси. Му го достигнав највисокиот врв и неговата гореста градинка. Копав и пиев туѓи води; со стапалата тогаш ги исушив сите египетски реки. {ПЦ 359.6}

„Не си ли слушнал дека одамна тоа го подготвував, го смислував од искон? сега го остварувам тоа: на тебе е да ги претвориш тврдите градови во урнатини. Нивните жители беа немоќни, исплашени и збунети, беа како трева во полето, како младо зеленило, како трева врз покривите, како пченка препламнета пред да созрее. {ПЦ 360.1}

„Знам кога се дигаш и кога седиш, кога излегуваш и кога се враќаш. Затоа што беснееше против Мене и затоа што твојот бес дојде до Моите уши, ќе ти протнам прстен низ носалките, ќе ти ставам узда во устата, ќе те вратам по патот по кој што и дојде". (2. Царевите 19:20-28). {ПЦ 360.2}

Освојувачката војска ја опустошила Јудината земја, но Бог ветил дека на чудесен начин ќе се погрижи за потребите на Својот народ. На Езекија му била упатена вест: „А ова нека ти биде знак: Во оваа година ќе се јаде тоа што само ќе се изрони, до година само тоа што само ќе порасне, а во третата година сејте и жнејте, садете ги лозјата, јадете им го родот. Преживеаните од Јудиниот дом ќе пуштат жили во длабочина, ќе родат плод во висина. Зашто остатокот ќе излезе од Ерусалим, запазените од гората Сион: ревноста Господова ќе го направи сето тоа. {ПЦ 360.3}

Затоа Господ зборува вака за асирскиот цар: Тој нема да влезе во овој град, ниту ќе ги фрла своите стрели ваму, кон него ни штитот не ќе го заврти, ниту ќе копа насипи околу него. Ќе се врати по патот по кој што и дојде, нема да влезе во овој град, вели Господ. Затоа што ќе го заштитам овој град, и ќе го спасам, заради Себе и заради Својот слуга Давид".(Стихови 29-34). {ПЦ 361.1}

Истата таа ноќ дошло ослободувањето. „Господов Ангел излезе и погуби сто осумдесет и пет илјади во асирскиот логор". (Стих 35). „Сите храбри јунаци, заповедниците и началниците во војската на асирскиот цар", беа погубени. (2. Летописи 32:21) {ПЦ 361.2}

Веста за ова страшно казнување на војската која тргнала да го заземе Ерусалим, набрзо стигнала до Сенахирим, кој го држел приодот на Јудеја кон Египет. Асирскиот цар, обземен од страв, побрзал да ја повлече својата војска, „така што се врати засрамен во својата земја". (Стих 21) После тоа тој не владеел уште долго. Се исполнило

пророштвото кое говорело дека неговиот живот брзо ќе се заврши, бил убиен од оние од неговиот дом, и „на негово место се зацари неговиот син Есарадон". (Исаија 37:38). {ПЦ 361.3}

Еврејскиот Бог ги надвладеал гордите Асирци. Честа на Јехова била осветена пред сите соседни народи. Во Ерусалим срцето на народот се исполнило со света радост. Молејќи се сесрдно за своето ослободување, тие во солзи ги признавале своите гревови. Во оваа голема неволја тие потполно се потпреле на Бога, да ги спаси со својата сила, и Бог не ги оставил. Тремовите во храмот одекнувале од песни на свечена пофалба: {ПЦ 361.4}

„Бог е познат во Јудеја,
Неговото име е големо во Израел.
Неговото живеалиште е во Салим,
а престојувалиштето на Сион.
Тој ги искрши таму огнените стрели на лаковите,
штитовите, мечевите, и оружјето бојно. {ПЦ 362.1}
Ти си повеличествен и попрекрасен од древните планини.
Тврдите по срце се ограбени и го сонуваат својот сон:
и јунаците не ги најдоа рацете свои.
Од твојата закана, О Боже Јаковов,
се скаменија колите и коњите. {ПЦ 362.2}
Од Тебе, од Тебе треба да се боиме:
кој може да опстане пред жестокоста на Твојот гнев?
Ја изрече пресудата од небото,
земјата се стресе и занеме од страв;
кога Бог стана да суди,
и да ги спаси кротките на земјата. {ПЦ 362.3}
Сигурно ќе Те прославува и бесот на човекот
и со остатокот на бесот се завиткуваш.
Заветувајте и исполнувајте пред Господа, вашиот Бог:
Нека сите околу Него Му донесуваат дарови
на Оној од кого треба да се боиме.
Кој ја зауздува гордоста на кнезовите,
Кој е страшен за царевите на земјата". (Псалм 76). {ПЦ 362.4}

Успехот и падот на асирското царство дава голема поука на денешните народи на земјата. Пророкот во вдахновение ја споредил славата на Асирија на пиедесталот на успехот, со едно прекрасно дрво во Божјата градина кое ги надвишнува сите соседни дрвја. {ПЦ 362.5}

„Ете, ќе те споредам со либански кедар, со убави гранки, со густи лисја и од висок раст, и чиј што врв беше меѓу густите гранки... Во неговата сенка седеа сите големи народи. Тој беше убав со величината, и со широчината на своите гранки; жилите му стигаа до длабоките води! Не му беа рамни ни кедровите во Божјата градина, ни чемпресите не можеа да се споредат со неговите гранки, а јаворите не беа ни како неговите гранчиња! Ниедно стебло во Божјата градина не му беше рамно по убавина... и му завидуваа сите едемски дрва во Божјата градина". (Езекиел 32:3-9). {ПЦ 363.1}

Но асирските владетели, наместо да ги користат своите необични благодети за добро на човештвото, станале камшик за многу народи. Немилосрдни и без никаква љубов кон Бога и своите ближни, оделе само за тоа да ги натераат сите народи да ја признаат власта на боговите на Ниневија кои ги воздигнувале над Највозвишениот. Бог им го пратил Јона со вест на опомена, и тие некое време биле понизени пред Господа над војските и барале простување. Но набрзо повторно се свртеле кон своите идоли и повторно се свртеле во освојување на светот. {ПЦ 363.2}

Пророкот Наум ги обвинува злите луѓе во Ниневија: {ПЦ 363.3}

„Тешко му на крвничкиот град! полн е со лаги и грабеж, тој не прекратува со ограбувањето. {ПЦ 363.4}

Плускање на бич и тропање на колца; Коњите се издигнуваат, колите потскокнуваат, коњаниците јаваат а мечевите блескаат, копјата светкаат, и има мноштво погубени... {ПЦ 364.1}

Еве Ме против тебе, говори Господ над Војските". (Наум 3:1-5) {ПЦ 364.2}

Семожниот Бог со непогрешлива точност ги бележи делата на сите народи. Книгата останува отворена сè додека се слушаат воздишки на покајание, но кога злите дела ќе ја навршат мерката која Бог ја одредил, почнува излевањето на Неговиот гнев. Пресметката е заклучена. Престанува божественото трпение. Нема повеќе милост за нив. {ПЦ 364.3}

„Господ е спор на гнев и голем во сила. Никако Господ нема да ги пушти виновниците неказнети; Неговиот пат е во виор и во бура, облаците се прав на Неговите нозе. Му се заканува на морето и го исушува, и ги пресушува сите реки. Васан и Кармил овенаа, венее цветот на Ливан. Пред Него горите се потресуваат, бреговите се топат, земјата се воздига пред Него, светот и сè што живее во Него. Кој може да издржи пред Неговото негодување? И кој ќе издржи пред пламенот на Неговиот гнев? Неговиот гнев се излева како оган и карпите се распаѓаат пред Него". (Наум 1:3-6). {ПЦ 364.4}

Така запустела Ниневија, „тој радосен град кој седи без грижа, кој во срцето свое говори: јас сум, и освен мене нема друг". „Ограбена, напуштена, и разурната", станала „дувло на лавовите и пасиште на лавиците, каде лавот и лавицата и малите лавчиња одеа, и никој не ги плашеше". (Софонија 2:15; Наум 2:10,11). {ПЦ 364.5}

Предвидувајќи го денот кога гордоста на Асирија ќе биде скршена, Софонија пророкувал во Ниневија: „Среде неа ќе лежат: стадото и секакви sверови: чапли и ежови ќе преспиваат ноќе на главчињата на столбовите, гласот нивни ќе sвечи на прозорците, и ќе оголи сè што е од кедрова направа". (Софонија 2:14) {ПЦ 365.1}

Голема била славата на асирското царство, и голем бил неговиот пад. Развивајќи и понатаму симболичен приказ за благородниот кедар, пророкот Езекиел јасно прорекол дека Асирија ќе падне заради својата гордост и свирепост. Тој објавил: {ПЦ 365.2}

„Затоа Господ Бог зборува вака: Бидејќи се воздигна на високо и нарасна врвот меѓу густите гранки, и од височината му се занесе срцето, затоа го предадов во рацете на најмоќниот од сите народи за да направи со него според неговото беззаконие, и го отфрлив. Туѓинците, најжестоки од народите, ги пресекоа и ги оборија гранките, му паѓаа по горите и по сите долини, гранките му се скршија по сите котлини, сите народи се оддалечија од неговата ладовина, го оставија! Сите небесни птици слетаа на неговото оборено стебло! Сите полски животни се настанија меѓу неговите гранки! За да не се возвиши со својот раст ниедно дрво покрај водите ... {ПЦ 365.3}

Господ Бог зборува вака: Во денот кога тој ќе слезе во гробот, во знак на жалост... и сите полски дрвја се исушија заради него! Со трескавицата од неговиот пад ги стресов народите". (Езекиел 31:10-16). {ПЦ 365.4}

Гордоста на Асирија и нејзиниот пад треба да послужат како поука до крајот на векот. Бог и денес ги прашува народите на земјата, кои дрско и возгордеано стануваат против Него: „На кого од едемските дрва, личиш со својата сила, со славата и со величината? сепак со нив ќе бидеш оборен во најдолниот крај на земјата". (Стих 18). {ПЦ 366.1}

„Господ е добар, Тој е тврдина во ден на неволја, ги познава оние, кои прибегнуваат кон Него. Но со силна поплава ќе ги уништи" сите оние кои се обидуваат да се издигнат над Севишниот. (Наум 1:7, 8). {ПЦ 366.2}

„Ќе се понизи гордоста на Асирија, и скиптарот ќе биде одземен од Египет". (Захарија 10:11). Ова важи не само за оние народи кои станале против Бога во старо време туку и за денешните народи кои не ја исполнуваат Божјата цел. Во оној ден кога ќе се делат конечни награди, кога праведниот Судија од целата земја ќе ги „расее народите", на оние кои се држеле до вистината ќе им биде дозволено да влезат во Божјиот град, и небесните сводови ќе одекнуваат од победоносните песни на спасените. Пророкот вели: „Тогаш песната ќе ви биде како во празничните ноќи, кога срцата се веселат како во оној кој покрај звуците на кавалот се искачува во чест на Господовата Гора, кон Израеловата карпа. Господ ќе загрми со величествен глас... од Господовиот глас ќесе исплаши Асирецот, кој шибаше со прачка. И секогаш кога ќе удри казнената прачка, со која Господ ќе го нашиба, нека се разгласат тапаните и гуслињата". (Стихови 29-32). {ПЦ 366.3}

ПОГЛАВЈЕ 31 - НАДЕЖ ЗА НЕЗНАБОШЦИТЕ

Во текот на целата своја служба Исаија објавувал јасно сведоштво за Божјите намери во поглед на незнабошците. И останатите пророци го споменувале Божјиот план, но нивните зборови не биле секогаш разбрани. На Исаија му било дадено јасно да му ја објави на Јуда вистината дека во Божјиот Израел мора да се вбројат и мнозина кои не се Аврамови потомци по крв. Тоа учење не било во склад со верските теории во негово време. Но тој сепак без страв ја објавувал веста која му ја дал Бог и им дал надеж на мнозина кои копнееле во своите души за духовните благослови ветени на Авраамовото семе. {ПЦ 367.1}

Обраќајќи се на Римјаните во своето послание, апостолот на незнабошците му укажува за ова учење на Исаија: „А Исаија пак смело рече", изјавил Павле, „Ме најдоа оние, кои не Ме бараа, им се открив на оние, кои не прашаа за Мене". (Римјаните 10:20). {ПЦ 367.2}

Изгледа дека Евреите честопати не разбирале или не сакале да разберат каква намера има Бог со незнабошците. А Тој всушност заради незнабошците ги направил избран народ и ги направил независни помеѓу народите на земјата. Тој го повикал нивниот татко Авраам, на кого најпрво му бил даден завет на ветување, да се одвои од своите роднини и да оди во далечни краеви, за да стане светлина на незнабошците. Бог му дал ветување дека неговото потомство ќе биде бројно како песокта морска, но тој не требал од некои себични мотиви да стане основач на големиот народ во хананската

земја. Господ рекол: „Ќе те благословам, и ќе го прославам твоето име и самиот ќе бидеш благослов. Јас ќе ги благословам оние, кои ќе те благословуваат, а ќе ги проколнам оние, кои ќе те проколнуваат; И во тебе ќе бидат благословени сите племиња на земјата”. (Создавање 12:2,3). {ПЦ 367.3}

Во обновувањето на заветот, непосредно пред Исаковото раѓање, Божјата цел во поглед на човештвото повторно била јасно изложена. „Во него ќе бидат благословени сите народи”, ветувањето кое Господ го дал за детето на ветувањето. И подоцна небесниот посетител уште еднаш рекол: „Сите народи на земјата ќе бидат благословени преку твоето потомство”. (Создавање 18:18; 22:18). {ПЦ 368.1}

Сеопфатните одредби на заветот биле добро познати на Аврамовите синови и синовите на нивните синови. Израел бил ослободен од египетското ропство за да биде благослов на други народи и името Божјо да стане познато „по целата земја”. (Излез 9:16). Ако ги слушаат Неговите заповеди, ќе бидат пред сите народи во поглед на мудроста и знаењето; но таа надмоќ требала да биде постигната и сочувана само за да се остварат преку нив Божјите цели за сите народи на земјата. {ПЦ 368.2}

Чудесните докази за Божјото провидение по повод избавувањето на Израел од египетското ропство и нивното доаѓање во ветената земја навело мнозина незнабошци да Го признаат Израеловиот Бог како врховен Владетел. Ветувањето гласело: „Кога ќе ја протегнам Својата рака на Египет и ги изведам Израелците од нивната средина, тогаш Египејците ќе сознаат дека Јас Сум Господ”. Дури и гордиот фараон бил принуден да ја признае Господовата сила. „Одете, служете Му на Господа, па благословете ме и мене”, им рекол тој на Мојсеја и Арона. (Излез 7:5; 12:31,32). {ПЦ 369.1}

Израеловите војски кои постојано напредувале увиделе дека гласот на силата на Израеловиот Бог одел пред нив и дека некој од незнабошците поверувале дека Тој е вистинскиот Бог. Во незнабожечкиот Ерихон една жена посведочила: „Зашто Господ вашиот Бог Тој е Бог горе на небесата и долу на земјата”. Познавањето на Господа кое на тој начин го стекнала, го издејствувало нејзиното спасение. Преку вера „Раав не загина со неверниците”. (Исуса Навин 2:11; Евреите 11:31). Нејзиното обратување не претставувало осамен пример на Божја милост кон идолопоклониците кои ја признале Неговата божествена власт. На сред земја еден броен народ Гаваонци се одрекол од незнабоштво, се соединил со Израел, и добил дел од благословите на заветот. {ПЦ 369.2}

Бог не признава никаква разлика по однос на народност, раса или боја. Тој е Творец на целиот човечки род. Сите луѓе припаѓаат на едно семејство според создавањето и сите постануваат едно преку откупувањето. Христос дошол да ги сруши сите ѕидови кои ги делеле луѓето, да ги отвори сите одделенија на храмот како секоја душа би имала слободен пристап до Бога. Неговата љубов е толку широка, толку длабока и потполна што продира насекаде. Таа ги спасува луѓето од сатаната кој ги измамил со своите лукавства, и ги доведува во близина на Божјиот престол, над кој во еден лак се оцртува виножитото на ветувањето. Во Христа нема ниту Грк ниту Евреин, ниту слободен човек ниту роб. {ПЦ 369.3}

Во годините кои следеле по заземањето на ветената земја, луѓето речиси го загубиле од вид Господовиот план за спасение на незнабошците, па било потребно повторно да им се изложи истиот план. „Ќе си спомнат и ќе се обратат кон Господа сите земни краишта”, пеел вдахновениот псалмист, „и пред Него ќе се поклонуваат сите племиња на народите”. „Ќе дојдат големците од Египет; Етиопија наскоро ќе пружи рака кон Бога”. „Незнабошците ќе се бојат од Твоето име и сите цареви на земјата од

Твојата слава". „Нека се запише ова за идното поколение, и луѓето што ќе бидат создадени, ќе Го фалат Господа, зашто Бог гледа од Своето возвишено светилиште, гледа од небесата кон земјата, за да ги чуе воздишките на затворените, за да ги ослободи осудените на смрт. За да се навести Господовото име на Сион, и Неговата пофалба во Ерусалим, кога ќе се соберат народите и царствата, за да Му служат на Господа". (Псалм 22:27; 68:31; 102:15, 18-22). {ПЦ 370.1}

Да ја завршел Израел верно својата задача, сите народи на земјата би имале удел во неговиот благослов. Но срцата на оние кои им била доверена вистината за спасението не чувствувале ништо за потребите на оние кои живееле околу нив. Евреите ја загубиле од вид Божјата цел и почнале да гледаат на незнабошците како на луѓе кои се наоѓаат надвор од влијанието на Божјата милост. Ја затскриле светлината на вистината, и завладеала темнина. Народите биле покриени со покривало на незнаење; луѓето малку знаеле за Божјата љубов; заблудата и суеверието цветале. {ПЦ 371.1}

Такви биле состојбите кога Исаија добил повик за пророчка мисија. Но тој не паднал во малодушност, затоа што во неговите уши одекнувале триумфални хорови на ангели кои го опкружувале Божјиот престол. „Сета земја е полна со Неговата слава". (Исаија 6:3). Неговата вера ги засилила и виденијата за славната победа на Божјата црква, кога „земјата ќе се исполни со знаење за Господа, како што морињата се полнат со вода". (Исаија 11:9). Најпосле ќе биде тргната „завесата која ги покриваше сите луѓе, покривката што ги покриваше сите народи". (Исаија 25:7). Божјиот Дух ќе се излее над секое тело. Оние кои се гладни и жедни за праведност ќе се вбројат во Божјиот Израел. „Ќе растат како трева покрај извор, како врби покрај реки што течат", рекол пророкот. „Еден ќе рече: Јас сум Господов, друг ќе се нарекува со Јакововото име; третиот ќе си напише на раката: Господов, и ќе се презива со Израеловото име". (Исаија 44:4,5). {ПЦ 371.2}

На пророкот му било откриено со која цел Бог ја расеал непокорната Јуда помеѓу народите на земјата. „Мојот народ ќе го запознае Моето име", објавил Господ; „тие ќе знаат во оној ден, дека сум Јас Кој говорам". (Исаија 52:6). И не само што ќе се научат на покорност и верност, туку во своето туѓинство ќе запознаат и други со Бога. Мнозина помеѓу синовите туѓинци ќе се научат да го љубат Него како свој Творец и свој Откупител, и ќе почнат да ја слават саботата како свет ден, како спомен на Неговата творечка моќ; и кога „Господ ќе ја оголи Својата света мишка, пред очите на сите народи" да го ослободи Својот народ од заточеништвото „сите краишта на земјата" ќе го видат спасението на нашиот Господ". (Стих 10). Мнозина од тие обратени незнабошци ќе посакаат потполно да се соединат со Израел и да тргнат со нив при нивното враќање во Јудеја. Никој од нив нема да рече: „Господ целосно ме одвои од Својот народ", затоа што Божјата Реч, која преку својот пророк ја упатил до оние кои Му пришле Нему и го почитувале Неговиот закон, гласела дека тие ќе се вбројат во Израел Неговата црква на земјата. (Исаија 56:3). {ПЦ 371.3}

„А туѓинските синови, кои се определија за Господа за да Му служат и за да Го љубат Господовото Име и за да Му бидат слуги, кои ја почитуваат саботата и не ја онечистуваат и кои се постојани во Мојот завет, нив ќе ги доведам на Мојата Света Гора и ќе ги развеселам во Мојот молитвен дом. Нивните паленици и жртви ќе бидат угодни на Мојот жртвеник, зашто Мојот дом ќе се нарече дом за молитва на сите народи. Господ Бог, кој ги собра распрснатите Израелци говори, уште ќе му соберам покрај оние што веќе се собрани". (Стихови 6-8). {ПЦ 372.1}

На пророкот му било дозволено низ вековите да го согледа времето на доаѓањето на Месијата. Тој од прво видел само „неволја и темнина и тешка мака”. (Исаија 8:22). Лажни учители завеле мнозина кои ја барале светлината на вистината во лавиринтот на философијата и спиритизмот; други примиле само формална побожност, но вистински не се посветиле во животот. Состојбата изгледала безнадежна, но призорот набрзо се променил и пред очите на пророкот се видело прекрасно видение. Видел како Сонцето на Праведноста се издига на своите крилја, па восхитено извикал: „Темнината нема да биде таква како во нејзиното измачување, кога во прво време Тој ја понизи земјата Завулонова и земјата Нефталимова, и во подоцнежното повеќе ја порази неа крај морскиот пат, од онаа страна на Јордан, незнабожечката Галилеја. Народот, кој одеше во темнина, виде голема светлина; врз оние што живееа во земјата на смртната сенка, засветли светлина”. (Исаија 9:1,2). {ПЦ 373.1}

Величествената Светлина на светот ќе донесе спасение до секоја нација, племе, јазик и народ. Пророкот слушнал како вечниот Отец говори за делото кое е пред Него: „Премалку е да Ми бидеш слуга за да ги подигнеш Јакововите племиња и за да го вратиш Израеловиот остаток, но ќе те поставам за светлина на народите, за да го донесеш Моето спасение до крајот на земјата”. „Во времето на милоста Јас те послушав, во денот на спасението Јас Ти помогнав; и Јас ќе Те запазам и ќе Те дадам за завет на народот, за да ја востановам земјата, за да го разделам запустеното наследство; за да им кажам на затворениците: Излезете; а на оние кои се во темнина: Јавете се”. „Ете, едни доаѓаат од далеку, други од север и од запад, а некои од Синимската Земја (земјата на Кинезите)”. (Исаија 49:6,8,9,12). {ПЦ 373.2}

Гледајќи уште подалеку низ вековите, пророкот видел буквално исполнување на овие величествени ветувања. Видел како носителите на радосната вест за спасението одат по сите краеви на земјата, носејќи вест на секое колено и народ. Слушнал како говори Господ за црквата на Евангелието: „Еве, ќе го навратам мирот врз нив како река, и како збуен поток славата на народите”, и тој го слушнал налогот: „Рашири го просторот на својот шатор, распростри го, не штеди го платното на своето живеалиште, продолжи му ги јажињата, зацврсти ги колчињата, зашто ќе се прошириш на десно и на лево; и твоето потомство ќе завладее над народите, и ќе ги насели запустените градови”. (Исаија 66:12; 54:2,3). {ПЦ 374.1}

Господ му рекол на пророкот дека Тој ќе ги прати Своите сведоци „кон народите, во Тарсис, Фул, Луд... во Тувал и Јаван, до далечните острови”. (Исаија 66:19). {ПЦ 374.2}

„Колку се прекрасни по планините
стапалата на оној кој носи радосни вести,
кој разгласува мир,
кој донесува добри вести,
кој проповеда спасение,
кој му вели на Сион: Твојот Бог царува”.
(Исаија 52:7) {ПЦ 374.3}

Пророкот слушнал како Бог ја повикува својата црква да работи на делото кое и е доверено, за да го подготви патот за воспоставување на Неговото вечно царство. Таа вест е доста јасна: {ПЦ 375.1}

„Стани засвети, зашто твојата светлина дојде,

и Господовата слава те осветли. {ПЦ 375.1}
Зашто, ете темнината ја покрива земјата
и мракот народите;
А тебе те осветлува Господ,
и Неговата слава ќе се покаже над тебе.
И народите ќе дојдат при твојата светлина
и царевите кон сјајноста на твојот изгрев. {ПЦ 375.3}
Подигни ги очите наоколу и види:
сите се собираат, доаѓаат кон тебе,
и твоите синови ќе дојдат од далеку,
и твоите ќерки ќе ги носат во прегратки. {ПЦ 375.4}
И туѓинци ќе ги обноват твоите ѕидови,
и нивните цареви ќе ти служат:
затоа што Јас те удрив во Својот гнев,
но ти се смилував во Својата наклоност.
Заради тоа твоите порти ќе бидат отворени секогаш,
нема да се затвораат ни дење ни ноќе,
за да ги пропушти кон тебе богатствата на народите,
со царевите кои ги водат. {ПЦ 375.5}
Погледнете кон Мене, за да се спасите,
сите краишта на земјата;
зашто Јас Сум Бог и нема друг".
(Исаија 60:1-4, 10, 11; 45:22) {ПЦ 375.6}

Овие пророштва за големото духовно будење во времето на густата темнина, денес се исполнуваат преку мисионерските станици кои продираат во областите на земјината топка обвиткани во темнина. Групите мисионери во незнабожечките земји, пророкот ги споредува со знаме поставено како патоказ на оние кои ја бараат светлината на вистината. {ПЦ 375.7}

Исаија вели: „Во оној ден, Јесеевиот корен, ќе биде издигнат како знаме на народите, луѓето ќе го бараат Него, и Неговото престојување ќе биде славно. Во оној ден, Господ ќе ја испружи раката повторно за да го откупи остатокот од Својот народ... и Тој ќе издигне знаме за народите, ќе ги собере отфрлените од Израел, и ќе ги собере распрснатите од Јуда од сите четири краишта на земјата". (Исаија 11:10-12). {ПЦ 376.1}

Денот на ослободувањето е блиску. „Господ гледа со своите очи по целата земја, за да ја покаже својата сила во полза на оние чие срце е совршено кон Него". (2. Летописи 16:9). Помеѓу сите народи, племиња, и јазици Господ ги гледа оние кои се молат за светлина и знаење. Нивните души се незадоволни затоа што долго време се хранеле со пепел (Види Исаија 44:20). Непријателот на сета праведност ги одвлекол на страна и тие паѓаат како слепи. Меѓутоа, тие се искрени во срцето и сакаат да појдат по подобар пат. Иако се наоѓаат во длабочините на незнаоштвото и не го познаваат пишаниот Божји закон ниту Неговиот Син Исус, кај нив сепак многукратно се покажува делувањето на Бојата сила врз умот и карактерот. {ПЦ 376.2}

Понекогаш оние кои немале друго знаење за Бога освен она стекнатото под дејство на Божјата благодат, биле љубезни кон Неговите слуги, штитејќи ги по цена на својот живот. Светиот Дух ја всадува Христовата благодат во срцата на мнозина благородни трагачи по вистината, оживувајќи ги навиките спротивни на поранешното воспитување.

„Светлина, која го осветлува секој човек кој доаѓа на светот” (Јован 1:9) блеска во нивните души; и таа светлина ќе ги одведе во Божјото царство, доколку и се покорат. Пророкот Михеј вели: „Ако престојувам во темнина, Господ е моја светлина... Тој ќе ме изведе на светлина и јас ќе ја гледам Неговата праведност”. (Михеј 7:8,9) {ПЦ 376.3}

Небесниот план за спасението е доволно опсежен за да го опфати целиот свет. Бог сака на оттргнатото човештво да му го вдахне духот на животот. И Тој нема да дозволи ниту една душа која искрено тежнее за нешто возвишено и благородно од она што светот може да пружи, да остане разочарана. Бог непрестано им ги испраќа Своите ангели на оние кои, иако во многу неповолни ситуации, упатуваат молитви со вера тежнеејќи да се потчинат на вишата сила која ќе им донесе спасение и мир. Бог ќе им се открие на разни начини и со своето провидение ќе ја засили нивната доверба во Оној кој се жртвувал за да ги искупи сите, „за својата надеж да ја положат во Бога, и да не ги заборават Божјите дела, туку да ги исполнуваат Божјите заповеди”. (Псалм 78:7). {ПЦ 377.1}

„Може ли да му се одземе пленот на јунак? Може ли да му избега заробениот на праведникот?” „Да, Господ зборува вака: На јунакот ќе му биде одземен пленот, заробениот ќе му избега на победникот”. (Исаија 49:24,25). „Ќе бидат во голем срам оние што се надеваат на идоли, кои им зборуваат на леаните ликови: Вие сте наши богови”. (Исаија 42:17). {ПЦ 378.1}

„Блазе на оној кому помошник му е Јаковoвиот Бог, чија надеж е во Господа, неговиот Бог”. (Псалм 146:5). „Вратете се во тврдината, вие заточеници, полни со надеж”. (Захарија 9:12). На сите оние во незнабожечките земји кои се искрени во срцето „праведниците” во очите на небото им изгрева светлина во темнината”. (Псалм 112:4). Бог рекол: „Ќе ги водам слепите по пат кој тие не го знаат, ќе ги упатам по патеките кои тие не ги знаат. Пред нив ќе ја обрнам темнината во светлина, а нерамната почва во рамна. Тоа ќе го направам и нема да ги оставам”. (Исаија 42:16). {ПЦ 378.2}

ПОГЛАВЈЕ 9 - МАНАСИЈА И ОСИЈА

Јудиното царство, кое цветало за време на Езекиевото владеење, повторно паднало ниско во текот на безбожното Манасиево владеење, кога безбожништвото повторно оживеало и мнозина од народот повторно потонале во идолопоклонство. „Манасиј ги заведе Јудејците и Ерусалимците та правеа уште полошо од незнабошците”. (2. Летописи 33:9). Величествената светлина на изминатите поколенија ја заменила темнина на суеверие и заблуда. Се појавиле и раширile големи зла: тиранија, угнетување и омраза на сè што е добро. Правдата била изопачена, а насилството сè повеќе земало замав. {ПЦ 381.1}

Меѓутоа, и тие зли времиња не биле без сведоштво за Бога и правдата. Тешките искуства низ кои Јудиното царство поминало во периодот од Езекиевото владеење, во срцата на мнозина развило цврстина на карактерот, која сега се покажала како тврдина против општото беззаконие. Нивното сведоштво во корист на вистината и праведноста предизвикувало гнев кај Манасија и неговите следбеници кои биле на власт, и кои настојувале да се утврдат во зло, замолкнувајќи го секој глас на укор. „И многу невина крв пролеа Манасиј, така што со неа се наполни Ерусалим од едниот до другиот крај”. (2. Царевите 21:16). {ПЦ 381.2}

Помеѓу првите паднал Исаија, кој повеќе од половина век стоел пред Јуда како избран Господов гласник. „Други доживеаја подигрувања и удари, а покрај тоа и окови и темница; Беа каменувани, со пила резани на две, на искушенија подложувани, умираа од меч, скитаа во овчји кожи; во оскудност, во неволји, во лоши постапувања, оние за кои светот не беше достоен: скитаа по пустините, и по горите, и по пештерите, и по земјените јами". (Евреите 11:36-38). {ПЦ 382.1}

На некои од нив кои трпеле прогонство за време на Манасиевото владеење им била доверена должност да објават посебни вести на укор и осуда. Јудиниот цар, говореле пророците, „направи повеќе зла од сите...што беа пред него". Заради таквото беззаконие на царството му се заканила криза; жителите на таа земја требале наскоро да бидат одведени во ропство во Вавилон, да бидат „плен и грабеж на сите свои непријатели". (2. Царевите 21:11,14). Меѓутоа, Господ не мислел потполно да ги отфрли и оние кои во туѓа земја ќе Го признаваат како свој Владетел. Тие може да бидат изложени на маки, но Господ ќе ги избави во време и на начини кои сам ќе ги одреди. Безбедно скривалиште ќе најдат сите оние кои потполно ќе се потпрат на Него. {ПЦ 382.2}

Пророците и понатаму верно упатувале опомени и повици. Без страв му се обраќале на Манасија и неговиот народ; меѓутоа, тие вести биле отфрлени со презир; отпадничката Јуда не се обѕрнувала на нив. Со желба на народот да му покаже што ќе го снајде ако не се покае, Господ дозволил царот да биде заробен од еден одред асирски војници, кои „го врзаа во двојни железни вериги и го одведоа во Вавилон", нивната привремена престолнина. Таа неволја го освестила царот: „Се молеше и Бог му се смилува та го послуша неговото просење и го врати во Ерусалим во царството. Тогаш Манасија созна дека Господ е Бог". (2. Летописи 33:11-13). Но ова покајание, колку и да било значајно, дошло многу доцна за да го спаси царството од изопаченото влијание на долгогодишното идолопоклонство. Мнозина се лизнале и паднале, повеќе никогаш да не се подигнат. {ПЦ 382.3}

Меѓу оние на чиј што живот поразително влијаело кобното Манасиево отпаднишство, се наоѓал и неговиот син кој стапил на престол кога имал дваесет и две години. За царот Амон е запишано: „Во сè го следеше патот на својот татко, им служеше на киповите на кои им служеше и неговиот татко, и им се клањаше. Тој го остави Господа, Бога на своите татковци". Тој „не се понизи пред Господа како што се понизи татко му Манасиј; туку уште и ги умножи гревовите свои". На безбожниот цар не му било дозволено долго да владее. Токму во најголемото негово дрско беззаконие, бидејќи поминале само две години откако седнал на престолот, го убиле неговите слуги во дворот, „и на негово место го зацарија сина му Јосиј". (2. Царевите 21:21,22; 2. Летописи 33:23,25). {ПЦ 383.1}

Со стапувањето на престолот Јосиј, кој владеел триесет и една година, оние кои ја сочувале чистотата на својата вера почнале да се надеваат дека е сопрено пропаѓањето на царството, затоа што новиот цар, и покрај тоа што имал само осум години, се боел од Бога и уште од самиот почеток „правеше што е добро во Господовите очи, во сè одеше по патот на својот татко Давид, не свртувајќи ни десно ни лево".(2. Царевите 22:2). Иако бил син на безбожен цар, иако го напаѓале искушенија да продолжи по патот на својот татко, иако имал малкумина советници кои би го поттикнувале да истрае на вистинскиот пат, Јосија сепак Му бил верен на Израеловиот Бог. Согледувајќи ги грешките на изминатите поколенија, тој одлучил да врши што е право, наместо да се спушти на ниското ниво на гревот и изопаченоста, како што тоа било случај со неговиот

татко и дедо. Тој „не отстапуваше ни десно ни лево”. Како човек на одговорна положба, одлучил да го послуша упатството со кое треба да се раководат израелските владетели. И неговата послушност Му овозможила на Бог да го употреби како сад за чест. {ПЦ 384.1}

Во времето кога Јосија започнал да владее, а и во текот на подоцнежните години, луѓето со искрени срца во Јуда се прашувале дали ветувањата кои му ги дал Бог на стариот Израел некогаш ќе се остварат. Од човечка гледна точка, изгледало речиси неможно божествените цели во поглед на избраниот народ да се исполнат. Со текот на годините отпадништвото од минатите векови сè повеќе зајакнувало. Десетте племиња биле расеани помеѓу незнабошците. Останале само Јудиното и Венијаминовото племе, а и тие сега се наоѓале на работ на национална и морална пропаст. Пророците почнале да прорекуваат потполно уништување на нивниот прекрасен град во кој се наоѓал храмот кој го подигнал Соломон и каде што биле сосредоточени сите нивни земски надежи во поглед на националната големина. Дали е можно Бог да отстапил од Своите намери да им донесе ослободување на оние кои што се надеваат на Него? Соочени со долготрајното прогонување на праведници и привидниот напредок на безбожниците, дали оние што останале верни можат да се надеваат на подобри денови? {ПЦ 384.2}

Пророкот Авакум загрижено поставувал вакви прашања. Гледајќи во каква положба се наоѓаат верниците на неговото време, тој товарот на својата душа го изразил со прашањето: „До кога, Господи, ќе викам за помош, а Ти да не чуеш? Да викам кон Тебе насилство! а Ти да нè спасиш? Зошто ми ја покажуваш неправдата пред очи? Зошто го гледаш угнетувањето? Грабеж и насилство се пред мене. Расправија и раздор беснеат. Затоа законот ја изгуби силата, а правдата не се појавува ни за миг, да, злосторникот го гони праведникот, затоа судот излегува изопачен”. (Авакум 1:2-4). {ПЦ 385.1}

Бог ја услишил молитвата на Своите верни деца. Тој преку Своите избрани претставници ја открил Својата намера да го казни народот кој се одвоил од Него за да им служи на незнабожечки богови. Уште за време на животот на оние кои се прашувале во тоа време каква ќе биде иднината, Тој чудесно раководел со развојот на настаните кај водечките нации на земјата подигајќи ги Вавилонците. Било одредено тој халдејски народ „жесток и страшен”, одненадеж да ја нападне Јудината земја како Божји камшик. (Стих 7) Јудините кнезови и најистакнатите луѓе требало да бидат одведени во ропство во Вавилон, а јудејските градови, селата и нивите да бидат опустошени; ништо не смеело да биде поштедено. {ПЦ 385.2}

Убеден дека дури и во таа страшна казна Божјата цел за Неговиот народ сепак ќе биде остварена на некој начин, Авакум покорно се приклонил кон откриената Господова волја. „Не си ли Ти од вечноста, Господи, Боже мој Светецу?” извикал тој. Благодарение на верата проникнал низ темнината на непосредната иднина, и држејќи се цврсто за ветувањата кои ја откриваат Божјата љубов кон верните деца, додал: „Ние нема да умреме” (Стих 12). Со овие зборови на вера, тој својата иднина и иднината на своите верни Израелци ја положил во рацете на милосливиот Бог. {ПЦ 386.1}

Тоа не било единствено изразување на силната вера на Авакум. Во една прилика, размислувајќи за иднината, тој рекол: „Ќе застанам на својата стража, ќе се поставам на кулата, ќе внимавам да видам, што ќе ми рече”. Господ милостиво му одговорил: „Запиши го видението, врежи го врз плочки, та поминувачот да го чита лесно. Зашто видението е сепак за определеното време: брза кон исполнувањето, и нема да излаже; па, и ако се избави, чекај го, зашто навистина тоа ќе дојде и не ќе се забави. Ете, на

горделивиот, душата не му е праведна, а праведникот ќе живее преку својата вера". (Авакум 2:1-4). {ПЦ 386.2}

Верата која го крепела Авакум и сите свети и праведни луѓе во тие денови на големи искушенија, е онаа иста која денес го крепи Божјиот народ. И во најмрачни часови и под најтешки околности вистинските христијани треба да ја напојуваат душата на изворот на сета светлина и сила. Неговата надеж и храброст секојдневно ќе се обновуваат преку верата во Бога. „Праведникот ќе живее преку својата вера". Во Божјата служба луѓето не треба да очајуваат, да се колебаат и да стравуваат. Господ и повеќе од тоа ќе ги исполни и најголемите очекувања на оние кои се надеваат во Него. Тој ќе им подари мудрост која е неопходна за нивните разни потреби. {ПЦ 386.3}

Апостол Павле децидно сведочи за тоа дека секоја душа во искушение ќе биде поткрепена. Тој добил божествено ветување: „Доволна ти е Мојата благодат, зашто Мојата сила се покажува совршена во слабоста". Искушуваниот Божји слуга одговара благодарен и охрабрен: „Затоа останувам со добра волја во слабостите, навредите, неволјите, прогонувањата, и притеснувањата заради Христа, зашто кога сум слаб, тогаш сум силен". (2. Коринтјаните 12:9,10). {ПЦ 387.1}

Ние мораме во себеси да негуваме и да развиваме вера за која пророците и апостолите сведочеле верата која се надева на Божјите ветувања и чека на избавување во време и на начин кој што Тој го одредил. Сигурната пророчка реч конечно ќе се исполни во славното доаѓање на нашиот Господ и Спасител, кој ќе дојде како Цар над царевите и Господар над господарите. Можеби времето на чекање ќе изгледа долго, можеби обесхрабрувачки околности некогаш ќе ја потиснат душата, можеби по патот многумина во кои што сме имале доверба ќе паднат; меѓутоа со пророкот кој што сакал да ја охрабри Јудеја во времето на најголемото отпадништво, мораме доверливо да објавиме: „Господ е во Својот свет храм: сета земја нека замолчи пред Него". (Авакум 2:20) Да ја имаме на ум секогаш радосната вест, „Видението е сепак за определеното време, и ќе зборува на крајот и нема да излаже: па и ако се забави, чекај го; затоа што навистина ќе дојде и нема да забави... Праведникот ќе живее преку својата вера". (Стихови 3,4) {ПЦ 387.2}

„О Господи, оживи го делото Свое среде годините,
среде годините објави го. Во гневот спомни си за милост. {ПЦ 388.1}
„Бог дојде од Теман, и Светецот од планината Фаран.
Неговата слава ги покри небесата,
и земјата е полна со фала кон Него.
Болскотот Му беше како светлина;
зраци светкаа од Неговите раце:
и таму беше скривалиштето на силата Негова.
Пред Него одеше помор,
и жив јаглен излегуваше под Неговите стапки.
Тој застана и ја измери земјата:
Погледа и ги стресе народите.
Тогаш се распаднаа дамнешните планини,
вечните ридови пропаднаа:
Патиштата Негови се вечни". {ПЦ 388.2}
„Си излегол за спасение на Твојот народ,
за спасението на Твојот помазаник". {ПЦ 388.3}

„Дури и да не процвета смоквата,
а и да нема плод на лозјата,
макар и трудот на маслинката да не успее,
и полињата да не донесат храна,
дури и стадото да е истребено од трлото,
и да нема говеда во оборите:
Сепак јас и тогаш ќе се веселам во Господа,
ќе се радувам во Бога на моето спасение.
Господ е сила моја". (Авакум 3:2-6,13,17-19) {ПЦ 388.4}

Авакум не бил единствениот преку кого е дадена веста за блескавата надеж и идната победа, како и веста за сегашната казна. За време на Јосиевото владеење, на Софонија му дошла Господова реч која јасно говорела за последиците на непрекинатото отпаднништво и го обрнувала вниманието на верната заедница за прекрасните изгледи во вечноста. Неговите пророштва за казната која ќе ја снајде Јуда исто така се однесува на казната која ќе се излее на непокорниот свет во времето на второто Христово доаѓање: {ПЦ 389.1}

„Близу е големиот Господов ден,
близу е и доаѓа брзо;
ќе биде гласот на Господовиот ден:
тогаш јунакот горко ќе заплаче. {ПЦ 390.1}
Тој ден е ден на гнев,
ден на тешкотии и неволји,
ден на запустување и затирање,
ден на мрак и наоблаченост. {ПЦ 390.2}
Ден на темнина и маглишта,
ден на трубење и бојна викотница,
против утврдените градови,
и против високите стражарници". (Софонија 1:14-16) {ПЦ 390.3}

„Ќе ги препуштам луѓето на неволји и ќе одат како слепци, затоа што згрешија против Господа; нивната крв ќе се разлее како прав... Ниту среброто нивно ниту златото нивно нема да може да ги избави во денот на Господовиот гнев; и целата земја ќе ја проголта огинот на Неговата ревност; зашто тој ќе ги уништи, и тоа наскоро, сите жители на земјата". (Стихови 17,18). {ПЦ 390.4}

„Соберете се, соберете се,
О, народе непосакуван,
пред да излезе судот,
и денот прође како плева,
пред да стигне на вас Господовиот пламнат гнев,
пред да стигне на вас денот на Господовиот гнев. {ПЦ 390.5}
Барајте Го Господа, сите вие кротки на земјата,
сите кои ги извршувате Неговите судови;
барајте ја праведноста, барајте ја кротоста:
за да можеби бидете заштитени,

во денот на Господовиот гнев”.
(Софонија 2:1-3) {ПЦ 390.6}

„Еве, во тоа време ќе ги совладам сите твои угнетувачи: ќе ги избавам сите хроми, ќе ги соберам расеаните, ќе ги поставам за име и слава во секоја земја на нивниот срам. Во тоа време Јас ќе ве доведам, и во тоа време Јас ќе ве соберам. Тогаш ќе ви создадам име и пофалба меѓу сите народи на земјата, кога ќе ви ги вратам заробениците пред ваши очи говори Господ”. (Софонија 3:19,20). {ПЦ 391.1}

„Пеј, О ќерко Сионска; воскликувај, О Израел,
Весели се и радувај се од сѐ срце,
О, ќерко ерусалимска.
Господ те ослободи од твојата пресуда,
ги отстрани Твоите непријатели!
Господ, Израеловиот Цар, е во твојата средина,
нема веќе да се плашиш од зло. {ПЦ 391.2}
„Во оној ден ќе му се рече на Ерусалим:
Не бој се; и на Сион, нека не ти се истоштат рацете.
Господ, твојот Бог, е во твојата средина,
Тој е силен, Тој ќе те спаси,
Тој ќе се зарадува над тебе со веселба;
Тој ќе почива во својата љубов,
Тој ќе се весели над тебе пеејќи”. {ПЦ 391.3}

ПОГЛАВЈЕ 33 - КНИГАТА НА ЗАКОНОТ

Тивкото, но сепак моќно влијание настанато со пророчките пораки за вавилонското ропство сторило многу за подготовка на патот за реформацијата која се случила во осумнаесеттата година од владеењето на Јосија. Ова реформаторско движење, со кое биле одложени проречените казни било последица на една сосема неочекувана случка пронаоѓањето и проучувањето на еден дел од Светото Писмо кој многу години бил необјасниво затурен и загубен. {ПЦ 392.1}

Речиси едно столетие пред тоа, за време на првата Пасха што ја празнувал Езекија, било одлучено свештениците секојдневно да му читаат на народот по еден дел од книгата на законот. Токму почитувањето на правилата запишани од Мојсеј, особено оние во книгата на заветот која е дел од Петтата Книга Мојсеева, го направиле владеењето на Езекија толку успешно. Но Манасија се осмелил да ги отфрли овие правила; и за време на неговото владеење поради небрежност се загубил преписот на книгата на законот кој му припаѓал на храмот. На тој начин, народот многу години бил лишен од нејзините упатства. {ПЦ 392.2}

Долго загубениот ракопис го нашол првосвештеникот Халкија во храмот, додека биле извршувани големи реновирања на зградата во согласност со планот на царот Јосија за зачувување на светата градба. Првосвештеникот му го предал светиот запис на Сафан, образуван писар, кој го прочитал, а потоа му го предал на царот заедно со приказната за неговото пронаоѓање. {ПЦ 393.1}

Јосија бил длабоко трогнат кога за прв пат ги слушнал советите и предупредувањата запишани во древниот ракопис. Тој никогаш порано не ја имал толку добро согледано јаснотијата со која Бог поставил пред Израелот „живот и смрт... благослов и проклетство" (Второзаконие 30:19); и начинот на кој повторно и повторно биле охрабрувани да го одберат патот на животот, за да можат да станат слава на Земјата, благослов за сите народи. „Бидете цврсти и храбри, не бојте се, не ужасувајте се, ниту се плашете од нив", бил поттикнат Израел преку Мојсеја, „зашто Господ, твојот Бог, Самиот ќе тргне пред вас, и нема да отстапи од тебе и нема да те остави" (Второзаконие 31:6). {ПЦ 393.2}

Книгата изобилувала со уверувања дека Бог е подготвен да ги спаси оние кои целата своја доверба ќе ја положат во Него. Како што ги ослободил од Египетското ропство, така моќно ќе работи за да ги зацврсти во Ветената Земја и да ги постави на чело на земските народи. {ПЦ 393.3}

Охрабрувањата понудени како награда за послушноста, биле придружени со пророштва за казни за непослушните, па кога царот ги слушнал вдахновените зборови, тој во сликата што му била претставена, ги препознал условите кои биле слични на оние кои всушност постоеле во неговото царство. И се исплашил кога во тие пророчки зборови за одвојувањето од Бога забележал јасно претскажување дека денот на несреќата ќе настапи бргу и дека веќе нема да може да се поправи. Јазикот бил јасен; зборовите не можеле погрешно да се разберат. И на крајот од списот, каде што се зборувало за начинот на кој Бог постапува со Израелот и каде повторно биле изложени идните настани, овие нешта биле двојно појасни. Мојсеј пред ушите на целиот Израел изјавил: {ПЦ 393.4}

„Слушајте небеса, јас ќе говорам;
чуј ги земјо зборовите на мојата уста.
Мојата наука нека дожди како дожд,
Мојот говор нека паѓа како роса,
како дождец по младо зеленило,
како пороен дожд по трева.
Зашто, ќе го возвисувам името Господово:
величајте го нашиот Бог!
Тој е Карпата, Неговото дело е совршено:
Делата Божји се вистина,
А сите патишта Негови се праведни;
Тој е верен Бог и неправда нема (во Него);
Тој е праведен и вистинит;" {ПЦ 394.1}
„Спомни си за древните денови,
Помисли на годините на поранешните поколенија;
Прашај го татка си и тој ќе ти покаже,
Старците свои и тие ќе ти кажат.
Кога Севишниот Го разделуваше наследството на народите,
Кога ги расејуваше синовите Адамови,
им ги одреди меѓите,
според бројот на Израеловите синови,
Зашто делот на Господ е Неговиот народ;
Јаков е наследството Негово.

Тој го пронајде во пустина,
Во морничава пустинска пустина,
Го опкружи, Го воспитуваше,
Го чуваше како зеница на окото Свое”
(Стихови 7-10) {ПЦ 394.2}
Но Израел „го остави Бога, Кој го создаде,
и ја презре Карпата на своето спасение.
Со туѓи богови Ме раздразнија,
и со одвратностите свои Ме разјарија;
Им жртвуваа на злите духови, а не на Бога;
На боговите, што не ги познаваа,
на боговите нови и непознати,
од кои татковците нивни не се плашеа.
Го остави Бога, Кој го создаде,
и ја презре Стената на своето спасение”. {ПЦ 395.1}
„И Господ виде, Тој ги отфрли,
заради гревот на синовите Свои и ќерките Свои.
И рече: Ќе го свртам лицето Свое од нив
и ќе видам каков ќе биде крајот нивни:
Бидејќи тие се развратен род, синови, во кои нема вера;
Тие Ме раздразнија со тоа што не е Бог;
Ме раздразнија со своите ништожества:
и Јас ќе ги раздразнам со она што не е народ;
Ќе ги раздразнам со некој неразумен народ”. {ПЦ 395.2}
„Ќе нафрлам врз нив зла
и ќе ги вперам против нив стрелите Мои;
Тие ќе се истоштуваат од глад,
ќе ги трујат треската и лутиот помор”. {ПЦ 395.3}
„Зашто тие се народ без расудување,
нема остроумност во нив.
О, да беа мудри, да беа расудувале,
би размислиле што ќе стане со нив!
Како би можел еден да гони илјади и двајца десет илјади,
ако нивната карпа не ги продаде, ако Господ не ги предаде?
Зашто нивната карпа не е како нашата Карпа,
Нашите непријатели се самите судии на себеси”. {ПЦ 395.4}
„Не е ли сето тоа сокриено во Мене,
не е ли запечатено во Моите сокровишта?
Моја е одмаздата, и наградата;
Кога ќе им се сопне ногата нивна,
Зашто денот на загинувањето нивно е блиску,
Брзо ќе настапи подготвеното за нив”
(Стихови 15-21,23,24,28-31,34,35) {ПЦ 396.1}

Овие и слични делови му ја откриле на Јосија Божјата љубов кон Неговиот народ и Неговото гнасење од гревот. Додека царот ги откривал пророштвата за брзата казна над оние што ќе истрајат во побуната, тој се тресел од стравот за иднината. Изопаченоста

на Јуда била голема; каков ќе биде исходот од нивното постојано отпаднишство? {ПЦ 396.2}

Во изминатите години царот не бил рамнодушен кон сè поголемото идолопоклонство. „На осмата година од царувањето свое, додека беше момче", тој целосно се посветил на службата Божја. Четири години подоцна, во дваесеттата, тој направи сериозни напори да ги отстрани искушенијата од своите поданици чистејќи ја „Јудеја и Ерусалим од идолските светилишта, од посветените шумички и од извајаните и излеани идоли. Зашто пред лицето негово ги разрушија жртвениците на Вааловците и идолите, што се издигнаа над нив; ги исече посветените шумички, а извајаните и излеаните идоли ги скрши и ги разби во прав, растурајќи ги по гробовите на оние, што им беа принесувале жртви; коските на жреците ги изгори врз нивните жртвеници, ја исчисти Јудеја и Ерусалим". (2. Летописи 34:3-5). {ПЦ 396.3}

Незадоволен од работата што ја завршил во Јудеја, младиот владетел ги проширил своите напори на деловите од Палестина кои порано биле заземени од десетте Израелови племиња, од кои сега имало само беден остаток. Записот вели дека така направил и „во градовите на Манасија, Ефрема и Симеона, дури до коленото Нефталимово". Се вратил во Ерусалим откако прошол од едниот до другиот крај на таа област на опустошени домови, и откако „ги собори жртвениците и посветените шумички, и разби во прав ликовите и ги скри сите идоли по целата Израелска земја". (Стихови 6 и 7). {ПЦ 397.1}

На тој начин Јосија, од својата младост, се трудел да ја искористи предноста на својата положба да ги воздигне принципите на Божјиот свет закон. И сега, додека писарот Сафан му читал од книгата на законот, царот во тој запис открил богатство на знаење, моќен сојузник во реформацијата која толку многу посакувал да ја види на дело во земјата. Тој одлучил да чекори во светлината на нејзините совети, но и да стори сè што е во негова моќ да го запознае својот народ со учењата и, доколку е тоа можно, да ги наведе да негуваат почитување и љубов кон небесниот закон. {ПЦ 398.1}

Но било ли можно да се спроведе потребната реформа? Израел речиси стасал до работ на божественото трпение; наскоро Бог ќе се крене да ги казни оние кои го обесчестиле Неговото име. Гневот Божји веќе бил разгорен против народот. Преплавен од жалост и страв, Јосија ја раскинал својата облека и се поклонил пред Бога во душевна агонија, барајќи прошка за гревовите на непослушниот народ. {ПЦ 398.2}

Во тоа време во Ерусалим, блиску до храмот, живеела пророчицата Олда. Умот на царот, исполнет со неспокојство и претчувство, се свртел кон неа и тој одлучил да побара од Господ да му испрати порака преку овој избран гласник, доколку е тоа можно, дали со било какви средства кои се во негова моќ, би можел да ја спаси грешната Јудеја која се наоѓала на работ на пропаста. {ПЦ 398.3}

Сериозноста на ситуацијата и почитта што ја имал кон пророчицата го навеле да ги испрати кај неа првите луѓе во царството. „Одете", ги обврзал „прашајте Го Господа за мене, за народот и за цела Јудеја во врска со зборовите на таа најдена книга, зашто голем е гневот Господов, што се разгорел против нас, поради тоа што нашите татковци не ги послушаа зборовите на оваа книга, за да постапуваат според она што ни е заповедано во неа". (2. Царевите 22:13). {ПЦ 398.4}

Бог преку Олда му испратил глас на Јосија дека уништувањето на Јудеја не може да биде отповикано. Дури иако народот сега се понизи пред Бога, нема да може да ја избегне својата казна. Нивните сетила биле толку долго умртвени од грешењето што, доколку не бидат казнети, тие набргу ќе се вратат на истиот грешен пат. „А таа им рече:

Вака вели Господ, Бог Израелов: кажете му на човекот, што ве испрати при мене: вака вели Господ: ќе испратам зло во тоа место и врз жителите негови сите зборови од книгата, што ги прочита јудејскиот цар. Поради тоа што Ме оставија и кадат на други богови, за да ме предизвикуваат со сите работи на рацете свои, се разгневи гневот Мој против тоа место, и нема да угасне". (Стихови 15-17) {ПЦ 399.1}

Но бидејќи царот го понижил своето срце пред Бога, Бог ја наградил неговата подготвеност да бара прошка и милост. Нему му била испратена пораката: „Поради тоа што смекна срцето твое, и ти се понизи пред Господа, откако го чу ова, што Јас го изреков против тоа место и против жителите негови, дека тие ќе бидат за ужас и проклетство, и ти ја раскина облеката своја и плачеше пред Мене Јас те чув вели Господ. Поради тоа, еве, Јас ќе те приберам при татковците твои, и ќе бидеш ставен во гробницата своја во мир, и твоите очи нема да ги видат сите тие зла, што ќе ги испратам во тоа место". (Стихови 19 и 20). {ПЦ 399.2}

Царот морал да Му ги препушти на Бога идните настани; не можел да ги измени вечните одлуки на Јехова. Но, најавувајќи ја казната од небото, Господ не ја исклучил можноста за покајување и реформација; и Јосија, согледувајќи ја во тоа подготвеноста од страна на Бога да ја ублажи казната со милост, одлучил да направи сè што е во негова моќ да спроведе одлучни реформи. Тој веднаш организирал голем собор, на кој биле повикани старешините и поглаварите на Ерусалим и Јудеја, заедно со обичниот народ. Тие се сретнале со царот во предворјето на храмот заедно со свештениците и левитите. {ПЦ 400.1}

Лично царот ги прочитал пред овој голем собир: „сите зборови од книгата, која се најде во домот Господов". (2. Царевите 23:2). Читајќи, царот бил длабоко трогнат и ја пренел својата порака со скршено срце. Неговите слушатели биле длабоко трогнати. Интензитетот на чувствата се гледал на лицето на царот, свеченоста на самата порака, предупредувањата за казните што им се заканувале сето тоа имало ефект, и мнозина одлучиле да му се придружат на царот во барањето прошка. {ПЦ 400.2}

Јосија сега предложил оние со највисок авторитет да се обединат со народот во свето заветување пред Бога дека ќе соработуваат едни со други во спроведувањето на промените. „Потоа царот застана на високо место и пред лицето Господово се заветува дека ќе Го следи Господа и дека ќе ги чува заветите негови, откровенијата негови и наредбите Негови, од сè срце и душа, за да ги исполнува зборовите на тој завет, напишани во таа книга". Отповикот бил посрдечен отколку што на тоа царот се осмелувал да се надева". И сиот народ се заветува". (Стих 3) {ПЦ 400.3}

Во реформацијата што следела, царот го посветил своето внимание на уривање на секој знак на идолопоклонство кој бил заостанат. Жителите на земјата толку долго ги следеле обичаите на околните народи поклонувајќи се на дрвени и камени ликови, што се чинело дека е речиси надвор од човечка моќ да се отстранат сите траги на ова зло. Но Јосија истрајал во своите напори да ја очисти земјата. Тој истапил строго против идолопоклонството погубувајќи ги „сите жреци при светилиштата", „повикувачите на мртви, и маѓепсниците, и вражалците, и идолите, и сите гадови, што се сретнуваат во Јудејската земја и во Ерусалим, за да ги исполни зборовите на законот, напишани во книгата, што свештеникот Хелкиј ја најде во домот Господов". (Стих 20 и 24). {ПЦ 401.1}

Во деновите на поделбата на царството, векови пред ова, кога Јеровоам синот на Нават, дрско отстапувајќи од Бога на кому Израел Му служел, настојувал да ги сврти срцата на народот од службата во храмот во Ерусалим кон нови видови богослуженија, тој поставил непосветен олтар во Ветил. За време на посветувањето на овој олтар, на

кој во годините што следеле мнозина биле заведени на идолопоклонски обичаи, одеднаш се појавил Божји човек од Јудеја со осуда за безбожничките обреди. Тој повикал пред жртвеникот, објавувајќи: {ПЦ 401.2}

„Жртвенику, жртвенику! Вака вели Господ: ете, во Давидовиот дом ќе се роди син по име Јосија; тој ќе ги принесе врз тебе на жртва идолските свештеници, што кадат врз тебе, и ќе изгори врз тебе човечки коски" (1. Царевите 13:2). Ова пророштво било поткрепено со знак дека тоа навистина дошло од Господа. {ПЦ 402.1}

Поминале три века. За време на реформацијата спроведена од Јосија, царот се нашол во Ветил, каде стоел овој стар жртвеник. Пророштвото изречено пред три века во присуството на Јеровоам сега требало буквално да се исполни. {ПЦ 402.2}

„Исто така и жртвеникот, што беше во Ветил, и идолското светилиште, изградено од Наватовиот син Јеровоам, кој беше го навел Израилот во грев, и жртвеникот и светилиштето ги разурна, и ги изгоре, ги претвори во прав, ја изгоре и посветената шумичка (дубравата)". {ПЦ 402.3}

„Јосиј погледна и ги виде гробиштата, што беа таму на гората, па испрати и ги зеде коските од гробовите, ги изгоре врз жртвеникот и го оскверни, според словото Господово, што го навести човекот Божји, кој ги беше претскажал тие настани". {ПЦ 402.4}

„И Јосиј праша: Каков е тој споменик што го гледам? Му одговорија градските жители: Тоа е гробот на Божјиот човек, кој дојде од Јудеја и го навести ова, што ти го правиш сега над ветилскиот жртвеник. Тогаш тој рече: Оставете го на мира, никој да не ги обеспокојува коските негови. И ги зачува коските негови заедно со коските на пророкот, што беше дошол од Самарија. (2. Царевите 23:15-18). {ПЦ 402.5}

На јужните падини на Маслинската Гора, наспроти прекрасниот храм на Јехова на ридот Морија, се наоѓале олтари и ликови кои ги поставил Соломон за да ги задоволи своите идолопоклонички сопруги. (Види 1. Царевите 11:6-8). Три века овие големи, унаказени кипови стоеле на „Гората на навредата" како неми сведоци на отпадништвото на најмудриот израелски цар. И нив Јосија ги отстранил и ги уништил. {ПЦ 402.6}

Царот одел понатаму во воспоставувањето на верата на Јудеја во Бога на нивните татковци, организирајќи голема Пасхална гозба, во согласност со упатствата дадени во Книгата на законот. Подготовките биле направени од оние кои биле задолжени за светите служби, а на големиот ден на празникот биле приложени доброволни дарови. „Зашто таква Пасха не беше празнувана од дните на судиите, кои му судеа на Израилот, и во сите дни на израелските цареви, и на јудејските цареви". (2. Царевите 23:22). Но ревноста на Јосија, иако прифатлива за Бога, не можела да ги покрие гревовите на минатите поколенија; ниту, пак, побожноста на следбениците на царот можела да предизвика промена во срцето на мнозина кои тврдоглаво одбиле да се одвратат од идолопоклонството кон служењето на вистинскиот Бог. {ПЦ 405.1}

Јосија продолжил да владее повеќе од една деценија по празнувањето на Пасхата. Тој се сретнал со смртта на триесет и девет годишна возраст во битка со египетските сили и „беше погребан во гробниците на татковците свои". „Сета Јудеја и Ерусалим плачеа за Јосија. И Еремија плачеше за Јосија; него го спомнуваа сите пејачи и пејачки во плачевните песни свои, познати и до денес, кои ги предадоа во обичај во Израелот; ете, тие се напишани во книгата на плачевните песни" (2. Летописи 35:24, 25). Сличен на Јосија „немало цар пред него, кој се свртел кон Господа со сето свое срце, и со сета душа своја, и со сите свои сили, според целиот закон Мојсеев; и по него не се издигна

сличен на него. Но Господ не ја одложи големата јарост на гневот Свој, со која гневот Негов Му се разгори против Јуда за сите навреди, со кои Манасиј Го беше разгневил". (2. Царевите 23:25,26). Бргу се приближувало времето кога Ерусалим требал да биде целосно уништен, а жителите на земјата одведени во ропство во Вавилон, за таму да ја научат лекцијата што одбиле да ја научат под поволни околности. {ПЦ 405.2}

ПОГЛАВЈЕ 34 – ЕРЕМИЈА

Меѓу оние кои се надевале на трајно духовно оживување како резултат од реформацијата предводена од Јосија бил и Еремија, кого Бог го повикал за пророк додека бил сè уште млад, во тринаесеттата година од владеењето на Јосија. Како член на левитското свештенство, Еремија уште од детството бил подготвуван за света служба. Во тие среќни години на подготовка тој малку сфаќал дека уште од раѓањето бил одреден да биде „пророк до сите народи;" и кога божествениот повик пристигнал, тој бил преплавен со чувство за сопствената безвредност. „О, Господе, Боже", воскликнал тој, „не умеам да говорам, зашто сум дете". (Еремија 1:5,6). {ПЦ 407.1}

Во младиот Еремија, Бог видел некој кој ќе и биде верен на својата должност, и кој ќе застане на страната на доброто против големата опозиција. Тој во детството докажал дека е верен; а сега требал да се справи со тешкотијата, како добар војник на крстот. „Не вели: дете сум", му рекол Бог на Својот одбран гласник; „зашто до сите, до кои ќе те испратам, ќе одиш, и сè, што ќе ти заповедам, ќе кажеш. Не се плаши од нив; зашто Јас сум со тебе, за да те избавам". „А ти препаши ги бедрата свои и стани, та кажи им сè, што ќе ти заповедам; не биди малодушен пред нив, за да нè те поразам пред очите нивни. И ете, Јас те поставив денес како утврден град, како железен столб и како бакарен ѕид против сите цареви јудини и кнезовите на целата таа земја, против свештениците негови и против народот на таа земја. Тие ќе војуваат против тебе, но нема да те победат; зашто Јас сум со тебе, за да те избавувам". (Стихови 7,8; 17-19). {ПЦ 407.2}

Четириесет години Еремија требал да стои пред народот како сведок за вистината и праведноста. Во времето на најстрашното отпаднишство тој, со животот и карактерот, требал да биде пример за служењето на единствениот вистински Бог. За време на страшната опсада на Ерусалим, тој требал да биде претставник на Јехова. Тој требал да го претскаже падот на Давидовиот дом и уништувањето на прекрасниот храм изграден од Соломон. А кога бил затворен поради своите бестрашни зборови, тој сè уште требал јасно да зборува против гревот на високите места. Презрен, намразен, отфрлен од луѓето, тој конечно требал да биде сведок на буквалните исполнувања на сопствените пророштва за осудата што доаѓа, и да ги сподели страдањата и жалоста кои настапиле по уништувањето на градот осуден на пропаст. {ПЦ 408.1}

Сепак, среде општото пропаѓање во кое се наоѓал народот, на Еремија често му било дозволено да погледне зад страшните слики на сегашноста во славниот напредок во иднината, кога Божјиот народ ќе биде избавен од непријателската земја и повторно населен на Сион. Тој го претскажал времето кога Господ ќе го обнови заветниот однос со нив. „И душата нивна ќе им биде како градина напоена со вода, и веќе нема да се измачуваат". (Еремија 31:12). {ПЦ 408.2}

За својот повик за пророчката мисија, самиот Еремија запишал: „И ја протегна Господ раката и се допре до устата моја; И ми рече Господ: Ете, Јас ги ставив Моите зборови во устата твоја. Гледај, Јас те поставив денес над народи и царства, за да искоренуваш и разурнуваш, да погубуваш и да разрушуваш, да сидаш и да насадуваш.„ (Еремија 1:9,10). {ПЦ 409.1}

Фала Му на Бога за зборовите „да сидаш и да насадуваш”. Овие зборови го уверile Еремија во Божјата намера да обнови и да излекува. Строги биле пораките што требал да ги пренесе во годините што следеле. Пророштвата за неизбежната казна требале да бидат бестрашно пренесени. Од Синарските полиња „злото” требало да навлезе „врз сите луѓе што живеат на земјата”. „И ќе го изречам судот Свој врз нив”, изјавил Господ, „за сите нивни беззаконија, затоа што Ме оставија”. (Стихови 14 и 16). Но пророкот требал да ги обедини овие пораки со уверување дека сите кои што ќе се одвратат од своите зла ќе добијат прошка. {ПЦ 409.2}

Како мудар градител, Еремија уште од самиот почеток на своето животно дело се трудел да ги охрабрува луѓето во Јудеја да ги поставуваат темелите на својот духовен живот широко и длабоко, со искрено дело на покајание. Премногу долго, народот градел со материјали кои апостол Павле ги нарекол дрво, кал и слама, а самиот Еремија троскот. „Ќе ги наречат лажно сребро”, му објавил тој на непослушниот народ, „зашто Господ ги отфрли”. (Еремија 6:30). Сега тие биле охрабрувани да градат мудро и за вечноста, отфрлајќи го ѓубрето на отпадништвото и неверието, користејќи чисто злато како материјал за темелите и префинето сребро, скапоцени камења вера, послушност и добри дела единствените прифатливи нешта во очите на светиот Бог. {ПЦ 409.3}

Господовиот збор упатен на Неговиот народ преку Еремија гласел: „Врати се, отстапнице, Ќерко Израелева... и Јас нема да го излијам врз вас Мојот гнев; зашто Јас сум милостив, вели Господ, нема вечно да негодувам. Признај ја само вината своја: зашто отстапи ти од Твојот Господ Бог... вратете се, деца отстапници, вели Господ, зашто Јас се соединив со вас”. „Ти ќе Ме нарекуваш твој Отец и нема да отстапиш од мене”. „Вратете се, синови одметници: Јас ќе го излекувам вашето одметништво”. (Еремија 3:12-14; 19,22). {ПЦ 410.1}

Како додаток на овие прекрасни повици, Бог му ги дал на Својот грешен народ и самите зборови со кои тој можел да се врати кај Него. Тие требале да кажат: „Еве, ние идеме при Тебе, зашто Ти си Господ, Бог наш. Навистина, напразно се надевавме на ридовите и на многуте гори; навистина во нашиот Господ Бог, е Израилевото спасение... Ние лежиме во својот срам, и нашиот срам нè покрива, зашто грешевме пред нашиот Господ Бог ние и татковците наши уште од младите години наши дури до овој ден и не го слушавме гласот на Господа, нашиот Бог”. (Стихови 22-25). {ПЦ 410.2}

Реформацијата спроведена од Јосија ја исчистила земјата од идолопоклонските жртвеници, но срцата на мнозина не биле обратени. Семето на вистината кое изртило нагоре и ветувало добра жетва, било задушено од трње. Уште едно такво одвојување од Господа би било фатално; па Бог одлучил да го освести народот за опасноста во која се наоѓа. Само ако покажеле дека се верни на Јехова, тие можеле да се надеваат на божествената благонаклонетост и на напредок. {ПЦ 410.3}

Еремија постојано го свртувал нивното внимание на советите дадени во Петтата книга Мојсеева. Тој ги потенцирал учењата на Мојсеевиот закон повеќе од сите други пророци и покажал како тие можат да донесат најголем духовен благослов за народот и за секое срце. „Распрашајте за дамнешните патишта, каде е добриот пат, врвете по него, и ќе најдете спокојство на душите свои” (Еремија 6:16). {ПЦ 411.1}

Во една пригода, по Божја наредба, пророкот застанал пред еден од главните влезови во градот и укажувал на важноста од празнувањето на светиот саботен ден. Жителите на Ерусалим биле во опасност дека ќе ја заборават светоста на саботата и биле свечено предупредени против извршувањето на своите световни работи во тој ден. За послушноста бил ветен благослов: „И, ако Ме послушате, вели Господ, да не носите товар во саботен ден низ портите на овој град и саботата да ја сметате за света, во тој ден не вршејќи никаква работа, тогаш низ портите на овој град ќе влегуваат цареви и кнезови, кои ќе седат на Давидовиот престол, кои ќе се возат во коли и ќе јаваат на коњи, тие и кнезовите нивни, Јудејци и ерусалимски жители, тогаш овој град ќе биде вечно населен". (Еремија 17:24,25). {ПЦ 411.2}

Ова ветување за напредок како награда за послушност било проследено со пророштво за страшна осуда која ќе го снајде градот доколку неговите жители се покажат како неверни на Бога и Неговиот закон. Доколку не го послушаат предупредувањето да се покорат на Господа Бога на нивните татковци и да го празнуваат Неговиот саботен ден, градот и неговите палати ќе бидат целосно уништени со оган. {ПЦ 411.3}

На тој начин пророкот цврсто застанал на страната на здравите принципи на правилниот начин на живот кои се толку јасно прикажани во книгата на законот. Но состојбата во Јудеја била таква што промената можела да се изврши единствено со најодлучни мерки; затоа тој најискрено работел за непокајаните. „Изорајте си нови ниви и не сејте меѓу трње", повикувал тој „Измиј го злото од срцето свое, Ерусалиме, за да се спасиш". (Еремија 4:3,14). {ПЦ 412.1}

Но мнозинството од народот не го послушало повикот за покајание и реформа. По смртта на добриот цар Јосија, оние кои владееле со народот се покажале како недостојни за својата работа и мнозина завеле од вистинскиот пат. По Јоахаз, кого египетскиот цар го симнал од престолот, дошол Јоаким, постариот син на Јосија. Од почетокот на владеењето на Јоаким, Еремија не се надевал многу дека ќе ја спаси својата сакана земја од уништување, а народот од ропство. Па сепак, не му било дозволено да молчи додека на царството му се заканувало целосно уништување. Оние кои Му останале верни на Бога требале да бидат охрабрени да истрајат на добриот пат, а грешниците, доколку било можно, морале да се наведат да се одвратат од беззаконието. {ПЦ 412.2}

Кризата барала јавни и далекусежни напори. Бог му наложил на Еремија да застане во предворјето на храмот и да им зборува на сите Јудејци кои би влегувале или излегувале од него. Тој не смеел да премолчи ниту збор од пораката што му била дадена, за да грешниците во Сион ја имаат најголемата можност да слушнат и да се одвратат од своите зли патишта. {ПЦ 412.3}

Пророкот се покорил; Тој стоел на портите на домот Господов и таму го подигал својот глас кој предупредувал и преколнувал. Вдахновен од Семоќниот, тој изјавил: {ПЦ 413.1}

„Чујте го словото Господово, сите Јудејци, што влегувате низ таа врата да Му се поклонувате на Господа. Така вели Господ Саваот, Бог Израелов: исправете ги вашите патишта и вашите дела, и Јас ќе ве оставам да живеете на тоа место. Не се надевајте на лажливите зборови: ова е храмот Господов, храмот Господов, храмот Господов. Но ако ги исправите наполно вашите патишта и вашите дела, ако верно извршувате суд меѓу човекот и ближниот негов, ако не угнетувате странец, сирак и вдовица, не пролевате невина крв на тоа место и не тргнете по други богови за ваше зло, Јас ќе ве оставам да

живеете на ова место, во оваа земја, што им ја дадов на татковците ваши од века до века". (Еремија 7:2-7). {ПЦ 413.2}

Тука е јасно покажана неволноста на Господа да казнува. Тој ги одложува Своите казни за да може да ги повика непокајаните. Оној кој покажува „милост, суд и праведност на земјата" копнее по Своите заблудени деца; Тој на секој можен начин се труди да ги научи на патиштата на вечниот живот. (Еремија 9:24). Тој ги извел Израелците од ропство за да можат да Му служат Нему, на единствениот вистински и жив Бог. Иако тие долго талкале во идолопоклонство и се оглушиле од Неговите предупредувања, Тој сепак и сега ја покажува Својата подготвеност да ја одложи казната и да им даде уште една можност за покајание. Тој јасно укажува на фактот дека само со најкоренита реформација на срцето може да се поништи казната која ги очекува. Залудно ќе биде вербата што тие би можеле да ја покажат во храмот и неговите служби. Службите и обредите не можат да го простат гревот. И покрај нивното повикување на тоа дека се Божји избран народ, единствено реформацијата на срцето и на животните навики може да ги спаси од неизбежните последици на постојаното грешење. {ПЦ 413.3}

Така се случило „по градовите на Јуда и по ерусалимските улици" пораката на Еремија за Јудејците да биде: „слушајте ги зборовите на овој завет и исполнувајте ги" (Еремија11:6). И тоа е пораката што ја пренесувал додека стоел во предворјето на храмот на почетокот на владеењето на Јоаким. {ПЦ 414.1}

Накусо биле изложени искуствата на Израелот од времето на Излегувањето од Египет. Божјиот завет со нив гласел: „Слушајте го Мојот глас, и Јас ќе бидам ваш Бог, а вие ќе бидете Мој народ, и одете по оној пат, по кој ќе ви заповедам, за да ви биде добро". Овој завет бил бесрамно и постојано прекршуван. Избраниот народ „живееше по желбите и по закоравеноста на своето лошо срце, и Ми свртеа грб, а не лице". (Еремија 7:23,24). {ПЦ 414.2}

„Зошто", се прашува Бог, „се свртил овој народ ерусалимски и скита упорно и непрекратно? (Еремија 8:5). Според јазикот на пророкот тоа е затоа што тие не го послушале гласот на Господа и одбиле да бидат поправени (Види Еремија 5:3). „Ја снема вистината", лелекал пророкот, „таа е одземена од устата нивна". „И штркот под небото ги знае своите определени времиња; гугутката, ластовицата и жеравот го пазат времето кога мораат да се вратат, а Мојот народ, не знае за судот Господов". „Зар нема да ги посетам, вели Господ? Нема ли да се одмазди душата Моја на таков народ, како овој?" (Еремија 7:28; 8:7; 9:9). {ПЦ 414.3}

Било дојдено време за длабоко преиспитување на срцето. Додека Јосија бил нивни владетел, народот имал некаква основа за надеж. Но тој веќе не можел да посредува во нивна полза, затоа што паднал во битка. Гревовите на народот биле толкави што времето за посредување било одамна поминато. „И ми рече Господ: да беа застанале пред лицето Мое дури Мојсеј и Самоилова, душата Моја пак немаше да се приклони кон тој народ; отерај ги од пред лицето Мое, нека си одат. Ако, пак, те прашаат: каде да одиме? кажи им: вака вели Господ кој е за смрт, нека оди во смрт; и кој е за меч под меч; кој е, пак, за глад на глад; и кој е за ропство во ропство". (Еремија 15:1,2). {ПЦ 415.1}

Одбивањето да се отповика на поканата за милост што Бог сега му ја нудел, ќе му ја донесе на непослушниот народ казната која го затекла северното царство на Израел пред повеќе од еден век. Сегашната порака за нив била: „ако не Ме послушате, и не одите по Мојот закон, што ви го дадов, и не ги примате зборовите на Моите слуги, пророците, кои ги праќам при вас, а ги праќам од рано утро, и кои вие не ги слушате

тогаш со овој дом ќе го направам истото што и со Силом, и овој град ќе го предадам на проклетството на сите земни народи". (Еремија 26:4-6). {ПЦ 415.2}

Оние кои стоеле во предворјето на храмот слушајќи го излагањето на Еремија јасно разбрале дека неговите зборови се однесувале за Силом, и за времето на деновите на Илија кога Филистејците го победиле Израел и го зеле ковчегот на заветот. {ПЦ 415.3}

Гревот на Илија бил во тоа што лесно преминувал преку непослушноста на своите синови на светата должност, и преку злата кои владееле низ целата земја. Тоа што пропуштил да ги исправи овие зла му донело страшна мака на Израелот. Неговите синови паднале во битка, Самиот Илија го загубил својот живот, Божјиот ковчег бил однесен од израелската земја, биле погубени триесет илјади луѓе и сето тоа затоа што на гревот му било дозволено непречено и неукорено да цути. Израилот напразно мислел дека и покрај своите грешни постапки, присуството на ковчегот ќе им обезбеди победа над Филистејците. На сличен начин, во времето на Еремија, жителите на Јудеја се залажувале дека строгото придржување кон божествено уредените служби во храмот ќе ги сочува од праведната казна за лошиот пат по кој што тргнале. {ПЦ 416.1}

Каква поука е ова за луѓето кои денес се на положба во Божјата Црква! Какво свечено предупредување да имаат верен однос кон грешките кои ја обесчестуваат целта на вистината! Никој од оние кои се чувари на Божјиот закон не смее да се залажува дека обличјето што однадвор го имаат во однос на заповедите ќе ги заштити од божествениот праведен суд. Никој не смее да одбие да биде укорен за злото, ниту да ги обвини Божјите слуги дека се премногу ревни и упорни во чистењето на логорот од злото. Бог, Кој го мрази гревот, ги повикува оние кои тврдат дека го држат Неговиот закон да се отстранат од секакво беззаконие. Ако пропуштат да се покајат и доброволно да Му бидат послушни, мажите и жените ќе ги трпат сериозните последици, како и древниот Израел. Постои граница зад која судот на Јехова веќе не може да се одлага. Опустошувањето на Ерусалим во деновите на Еремија е свечено предупредување за модерниот Израел, дека советите и предупредувањата кои му се дадени преку одбрани орудија не можат неказнето да се отфрлаат. {ПЦ 416.2}

Пораката на Еремија упатена до свештенството и народот кај мнозина разбудила антагонизам. Тие бучно го обвинувале: „Оти пророкуваш во името на Господа, и велиш овој дом ќе стане како Силом, и овој град ќе запустее и ќе остане без жители? И сиот народ се собра околу Еремија во домот Господен". (Еремија 26:9). Свештениците, лажните пророци и луѓето се разгневиле против оној кој не сакал да им кажува убави зборови и лажни пророштва. На тој начин, Божјата порака била презрена, а на Неговиот слуга му се заканувале со смрт. {ПЦ 417.1}

Гласот за зборовите на Еремија стасал до кнезовите на Јудеја и тие поитале од палатата кон храмот за самите да се уверат за што станува збор. „Тогаш свештениците и пророците вака им рекоа на кнезовите и на сиот народ: Овој човек заслужува смрт, затоа што пророкува против овој град; а тоа го чувте со ушите свои". (Стих 11). Но Еремија смело стоел пред кнезовите и народот, изјавувајќи: „Господ ме прати да пророкувам против овој дом и против овој град со сите зборови, што ги чувте; па така, исправете ги патиштата и делата ваши и послушајте го гласот на Господа, вашиот Бог, и Господ ќе го одмени злото, што го изрече против вас. А што се однесува до мене, еве, јас сум во ваши раце; правете со мене, што сметате дека е добро и право; само знајте добро, дека, ако ме убиете, ќе земете невина крв врз себе, и врз овој град и врз жителите негови, оти навистина, Господ ме прати при вас да ви ги кажам сите овие зборови во ушите ваши". (Стихови 12-15). {ПЦ 417.2}

Доколку заканувачкиот однос на луѓето со висок авторитет го заплашил пророкот, неговите зборови ќе немаа никаков ефект, а тој ќе го загубил животот; но храброста со која го изнел ова свечено предупредување заслужувала почит кај народот и ги завртела израелските кнезови на негова страна. Тие преговарале со свештениците и лажните пророци, укажувајќи им дека екстремните мерки за кои тие се залагаат би биле неразумни и нивните зборови довеле до реакција во умовите на луѓето. Така Господ подигнал бранители за Својот слуга. {ПЦ 418.1}

И старешините се обединиле во протест против одлуката на свештениците во врска со судбината на Еремија. Тие го изнеле примерот на Михеј, кој пророкувал осуда над Ерусалим со зборовите: „Сион ќе биде изоран како нива, а Ерусалим ќе стане куп урнатини, и гората на овој дом како шумовит рид. Па зар го уби заради тоа Јудејскиот цар Езекиј и целата Јудеја? Па зар не се уплаши тој од Господа, и Господ го одмени злото, што беше го изрекол против нив; а треба ли ние сега да навлечеме такво големо зло врз душите свои?”(Стихови 18,19) {ПЦ 418.2}

Поради заложбата на овие влијателни луѓе животот на пророкот бил поштеден, иако многу од свештениците и лажните пророци, неможејќи да ја поднесат страшната вистина што тој ја изнесувал, со задоволство би го виделе погубен поради бунтовништво. {ПЦ 418.3}

Од денот кога бил повикан, до крајот на својата служба, Еремија стоел пред Јудејците како „кула и тврдина”, против која гневот на луѓето бил немоќен. „Тие ќе војуваат против тебе”, го предупредил Бог Својот слуга, „но нема да те победат, бидејќи Јас сум со тебе, за да те спасувам и да те избавувам, вели Господ. И ќе те спасам од рацете на лошите и ќе те избавам од рацете на насилниците”. (Еремија 6:27; 15:20,21). {ПЦ 419.1}

По природа кроток и повлечен, Еремија копнеел за мир и спокојство во повлечен живот, во кој нема да треба да сведочи за постојаните беззаконија на својот сакан народ. Срцето му се стегало од помислата за уништувањето кое гревот ќе го донесе. „О, да мојата глава беше вода и очите мои извор на солзи”, лелекал тој: „За да плачам ден и ноќ за убиените на ќерката на мојот народ. О, да имав престојувалиште во пустињата за да го оставев својот народ и да отидев далеку од нив”. (Еремија 9:1,2). {ПЦ 419.2}

Сурови биле потсмевањата што требал да ги поднесе. Неговата чувствителна душа била повторно и повторно прободувана од стрелите на исмејувањата од страна на оние кои ги презирале неговите пораки и настојувањата да ги обрати. „Станав потсмев за сиот народ мој”, изјавил тој: „И секојдневна нивна песна”. „Јас секој ден станувам за потсмев, секој се исмејува со мене”. „Сите, што живееја со мене во мир, сега ме демнат, нема ли некаде да погрешам: можеби, велат, тој ќе се улови, и ние ќе го победиме и ќе му се одмаздиме”. (Плачот наа Еремија 3:14; Еремија 20:7,10). {ПЦ 420.1}

Но верниот пророк секојдневно добивал сила да истрае. „Но со мене е Господ како страшен јунак”, тој објавил во вера; „Затоа моите гонители ќе се сопнат и нема да ме победат; многу, многу ќе се засрамат заради поразот, заради незаборавениот вечен срам”. „Пејте Му на Господа, фалете Го Господа, зашто Тој ја спасува душата на бедниот од рацете на злодејците”. (Еремија 20:11,13). {ПЦ 420.2}

Искуствата што Еремија ги доживеал во деновите на својата младост, но и во подоцнежните години од својата служба, го научиле дека: „Патот на човекот не зависи од него, дека не е во власта на оној кој оди, за да ги управува стапките свои”. Тој научил да се моли: „Казни ме Господи, но со правда, не во гневот Свој, за да не ме сотреш”. (Еремија 10:23,24). {ПЦ 420.3}

Кога бил повикан да пие од чашата на неволји и страдања, и доведен во искушение да каже: „Ја снема силата моја и надежта моја од Господа”, тој се потсетил на сè што Бог направил во негова полза, и победоносно извикал: „По милоста на Господа не загинавме наполно, бидејќи милосрдието Негово не е пресекнато; тоа се обновува секое утро; голема е Твојата верност. Господ е мој дел, ми вели душата, затоа на Него ќе се надевам. Добар е Господ кон оние, кои се надеваат на Него, кон душата, која Го бара. Добро е за оној човек, кој се надева и трпеливо го очекува спасението од Господа”. (Плачот наа Еремија 3:18; 22-26). {ПЦ 421.1}

ПОГЛАВЈЕ 35 - ПРОПАСТА НАБЛИЖУВА

Првите години од владеењето на Јоаким биле исполнети со предупредувања за наближувањето на пропаста. Божјиот збор, изговорен од пророците, требало да се исполни. Асирската сила од север, која толку долго била надмоќна, веќе не владеела со народите. Египет, од југ, во чија што моќ јудејскиот цар залудно се надевал, наскоро требал да прими силен удар. Сосем неочекувано, нова светска сила, вавилонското царство, се издигала на исток и бргу ги засенувала сите други народи. {ПЦ 422.1}

За неколку куси години, Вавилонскиот цар ќе биде употребен како средство на Божјиот гнев врз непокајаната Јудеја. Повторно и повторно, Ерусалим ќе биде опколуван од војската на Навуходоносор која често навлегувала во градот. Група по група отпрвин само неколкумина, но подоцна илјадници и десетици илјади ќе бидат одведени во ропство во Синарската земја, за таму да живеат во прогонство. Јоаким, Јоахин и Седекија сите овие јудејски цареви еден по еден станувале вазали на вавилонскиот владетел, но тие еден по еден се побунувале. Построги и уште построги казни требале да го снајдат непокорниот народ, додека конечно целата земја не опустоши, Ерусалим разурнат и изгорен, храмот што го изградил Соломон требал да биде уништен, а јудејското царство да падне за никогаш повеќе да не се здобие со своето поранешно влијание меѓу земските народи. {ПЦ 422.2}

Овие времиња на промени, толку исполнети со опасност за израелската нација, биле одбележани со многу пораки од небото преку Еремија. На тој начин Господ му дал на јудејскиот народ јасна можност да се откаже од својот опасен сојуз со Египет и на тој начин да го одбегне судирот со вавилонскиот владетел. Како што заканувачката опасност наближувала, тој го поучувал народот со низа соодветни параболи, надевајќи се дека така ќе го разбуди кај нив чувството за обврската што ја имаат кон Бога, но и охрабрувајќи ги да одржат пријателски односи со вавилонската влада. {ПЦ 423.1}

За да ја прикаже важноста од целосното покорување на Божјите барања, Еремија собрал неколку синови на Рехав во една од просториите на храмот и ги послужил со вино, поканувајќи ги да пијат. Како што можело да се очекува, тој се соочил со одлучно одбивање. „Ние вино нема да пиеме”, одлучно изјавиле синовите на Рехав, „бидејќи нашиот татко Јонадав, син Рехавов, ни заповедал, велејќи вино не пијте ни вие, ниту децата ваши довека”. {ПЦ 423.2}

„И би слово Господово до Еремија: вака вели Господ Саваот, Бог Израелов: оди, кажи им на луѓето Јудини и на жителите ерусалимски зар нема да извлечете поука од ова за себе, па да ги послушате зборовите Мои, вели Господ. Се исполнуваат зборовите на Јонадава, синот Рехавов, кој им заповеда на синовите свои да не пијат вино, и тие до

ден денес не пијат, бидејќи му се покоруваат на заветот што му го дале на својот татко". (Еремија 35:6; 12-14). {ПЦ 423.3}

На тој начин Бог сакал да ја покаже острата спротивност помеѓу послушноста на Рехавовите синови со непослушноста и непокорноста на Својот народ. Синовите на Рехав се покориле на барањето на нивниот татко и сега одбиле да бидат вовлечени во престап. Но јудејскиот народ не сакал да ги послуша зборовите на Господа, и како последица на тоа сега требал да ги претрпи Неговите најстроги казни. {ПЦ 424.1}

„Јас, пак, постојано ви зборував од рано утро, а вие не Ме послушавте. Ги испраќав Јас при вас сите Мои слуги пророците ги праќав од рано утро, и велев повратете се секој од својот лош пат и исправете го поведението свое и не одете по други богови, за да им служите, па ќе живеете во оваа земја, која ви ја дадов вам и на татковците ваши; но вие не го приклонивте увото и не Ме послушавте. Бидејќи синовите на Јонадава, синот Рехавов, ја исполнуваат заповедта на својот татко, што беше им ја дал, а овој народ Мој Мене не Ме слуша, затоа, вака вели Господ, Бог Саваот, Бог Израелов еве, Јас ќе го испратам врз Јудеја и врз сите жители ерусалимски сето она зло, што го изреков врз нив, зашто Јас им зборував, а тие не слушаа, им викав, а тие не одговараа". (Стихови 14-17). {ПЦ 424.2}

Кога срцата на луѓето ќе омекнат и ќе му се покорат на благотворното дејство на Светиот Дух, тие ќе можат да бидат советувани; но кога ќе се одвратат од предупредувањата додека срцето не им стврдне, Господ дозволува да бидат заведени од други влијанија. Отфрлајќи ја вистината, тие прифаќаат лага, која станува стапица што ги уништува самите. {ПЦ 425.1}

Бог ја повикувал Јудеја да не го предизвикува Неговиот гнев, но тие не сакале да слушаат. Конечно, над нив била изречена казна. Тие требале да бидат одведени во ропство во Вавилон. Халдејците требале да бидат искористени како средство со кое Бог ќе го казни Својот непослушен народ. Страдањата на Јудејците требале да бидат сразмерни со светлината што ја имале и со предупредувањата што ги презреле и отфрлиле. Бог долго ја одложувал Својата осуда, но сега ќе го упати Своето незадоволство кон нив, како последен напор да бидат запрени во нивните грешни патишта. {ПЦ 425.2}

Врз домот на синовите на Рехав бил изречен постојан благослов. Пророкот објавил: „Бидејќи го послушавте заветот на вашиот татко Јонадава и ги пазите сите негови заповеди и во сè постапувате, како што ви заповедал, затоа, вака вели Господ Саваот, Бог Израелов никогаш нема да недостига од Јонадава, синот Рехавов, човек што ќе претстои пред лицето Мое во сите дни". (Стихови 18 и 19). На тој начин Бог го поучил Својот народ дека верноста и послушноста ќе и се вратат на Јудеја како благослов, како што синовите на Рехав биле благословени поради послушноста на заповедта на нивниот татко. {ПЦ 425.3}

Поуката е за нас. Ако треба да ги почитуваме барањата на добриот и мудар татко, кој се потрудил на најдобар можен начин да го сочува своето потомство од злото на неумереноста, сигурно е дека кон Божјиот авторитет треба да се однесуваме со поголема почит, бидејќи Тој е посвет од човекот. Нашиот Создател и нашиот Заповедник, бескраен во Својата моќ, страшен во Својот суд, со сите средства се труди да ги наведе луѓето да ги согледаат своите гревови и да се покајат. Тој, преку устата на Своите слуги, ја претскажува опасноста од непослушноста; упатува предупредувачки пораки и верно укорува за гревот. Неговиот народ бил одржуван во напредок само поради Неговата милост, и будната стража на Неговите избрани слуги. Тој не може да

воздигнува и чува народ кој ги отфрла Неговите совети и ги презира Неговите укори. Може за одредено време да го одложи Својот суд; но тој не може вечно да биде задржан. {ПЦ 425.4}

Децата на Јуда се вбројувале меѓу оние за кои Бог изјавил: „Вие ќе Ми бидете царство на свештеници и народ свет". (Излез 19:6). Никогаш, за време на својата служба, Еремија не ја загубил од предвид виталната важност од посветеноста на срцето во разните животни односи, а особено во службата на највисокиот Бог. Тој јасно го предвидел пропаѓањето на царството и распрснувањето на јудејскиот народ меѓу другите народи; но со окото на верата гледал зад сето тоа, во времињата на обнова. Во неговите уши одзвонувало божественото ветување: „И ќе го соберам остатокот од Моето стадо, од сите земји каде што ги бев изгонил, и ќе ги вратам во трлата нивни... Еве, настапуваат дни, вели Господ, и ќе му издигнам на Давида праведна фиданка, и ќе се зацари Цар, Кој ќе постапува мудро и ќе суди праведно на земјата. Во дните Негови Јуда ќе се спаси, и Израелот ќе живее безопасно; и еве Неговото име со кое ќе Го именуваат е ГОСПОД НАША ПРАВЕДНОСТ!" (Еремија 23:3-6). {ПЦ 426.1}

Така, пророштвата за судот кој наближувал биле измешани со ветувања за конечното и славно избавување. Оние кои ќе одберат да се помират со Бога и да живеат свет живот меѓу мноштвото кое е во отпад, ќе добијат сила за секое искушение и ќе можат со голема моќ да сведочат за Него. А нивното избавување кое претстоело во вековите што доаѓале, ќе биде повеличествено од ослободувањата на децата Израелови од Египет; Преку Својот пророк Господ објавил дека ќе дојдат дни кога „веќе нема да се зборува: Господ живее, Кој ги изведе синовите Израелови од земјата Египетска, туку: да е жив Господ Кој го изведе и Кој го доведе племето на домот Израелов од северната земја и од сите земји, каде што ги беше изгонил; и тие ќе живеат во земјата своја". (Стихови 7,8). Такви биле прекрасните пророштва изречени од Еремија за време на последните години од историјата на јудејското царство, кога Вавилонците станувале владетели на светот, и ги кревале своите војски против ѕидовите на Сион. {ПЦ 427.1}

Овие ветувања за избавување биле како најубава музика за оние кои биле истрајни во својата служба на Јехова. Во домовите на големите и малите, каде сè уште се почитувале советите на Бога и Неговиот завет, зборовите на пророкот одново и одново се повторувале. Тоа делувало силно дури и на децата и оставило трајна трага во нивните млади и приемчиви умови. {ПЦ 427.2}

Совесното држење на заповедите од Светото Писмо им дало на Даниел и неговите другари за време на службата на Еремија можност да го воздигнат вистинскиот Бог пред земските народи. Упатствата кои овие еврејски деца ги примиле во своите домови, од нивните родители, ги направиле силни во верата и постојани во нивната служба на живиот Бог, Создателот на небото и земјата. Кога, во правите години од владеењето на Јоаким, Навуходоносор за прв пат го опколил и го покорил Ерусалим и ги одвел Даниел и неговите другари, со уште некои посебно одбрани за служба во вавилонскиот двор, верата на еврејските заробеници била најсилно искушана. Но оние кои научиле да ја положуваат својата доверба во Божјите ветувања, откриле дека тоа е доволно за сите искуства низ кои биле повикани да поминат за време на нивниот престој во туѓата земја. Писмото за нив било докажан водич и поткрепа. {ПЦ 428.1}

Како интерпретатор на значењето на казните кои почнале да ја снаоѓаат Јудеја, Еремија цврсто стоел во одбрана на Божјата правда и на Неговата милост дури и во времето на најстрашните казни. Пророкот работел неуморно. Сакајќи да допре до сите

класи, тој го проширил кругот на своето делување надвор од Ерусалим во околните подрачја, често посетувајќи разни делови од царството. {ПЦ 428.2}

Во своите сведоштва до црквата, Еремија постојано се навраќал на учењата од книгата на законот која била толку многу почитувана и воздигана за време на владеењето на Јосија. Тој повторно ја нагласил важноста од одржување на заветна врска со милостивото и сочувствително Суштество, Кое на врвот на Синај ги изговорило правилата на Декалогот. Предупредувачките и повикувачки зборови на Еремија допреле до секој дел од царството и сите добиле можност да ја дознаат Божјата волја за неговиот народ. {ПЦ 428.3}

Пророкот јасно ставил до знаење дека нашиот небесен Отец дозволува да дојде до Неговите казни: „за да разберат незнабошците дека се луѓе" (Псалм 9:20). „Ако, пак, и потоа тргнете настрана и не ме послушате", Бог го предупредил Својот народ, „И јас... ќе ве растурам меѓу народите, и ќе ве истреби мечот што ќе дојде; земјата ваша ќе биде пуста и градовите ваши разрушени". (Левитска 26:21,28,33). {ПЦ 429.1}

Во истото време кога пораките за наближувачкото уништување биле испраќани со кнезовите и народот, нивниот владетел, Јоаким, кој требал да биде мудар духовен водач, предводник во признавањето на гревовите и реформацијата за добри дела, го поминувал своето време во себични задоволства. „Ќе си направам голема куќа и широки одделенија" планирал тој; а таа куќа, „обложена со кедар и бојадисана со црвена боја" (Еремија 22:14), требала да биде направена со пари и работна сила добиени со измама и насилство. {ПЦ 429.2}

Гневот на пророкот се разгорел и тој бил вдахновен да изрече суд над неверниот владетел. „Тешко му на оној, кој гради своја куќа со неправда, и свои соби со беззаконие", објавил тој: „кој го тера ближниот свој да работи без награда и не му дава плата... Мислиш ли да станеш цар, откако си се оградил со кедар? Татко ти јадеше и пиеше, но вршеше суд и правда, па затоа му беше добро. Тој го разгледуваше делото на беден и на сиромав, и затоа му беше добро. Зар не значи тоа, да Ме познаваш Мене? вели Господ. Но твоите очи и твоето срце се свртени само кон корист само за себеси, и за пролевање невина крв, за да притеснуваш и присилуваш. {ПЦ 429.3}

„Затоа, вака вели Господ за Јоакима, синот на јудејскиот цар Јосија: нема да го оплакуваат О брате! или О сестро!, нема да го оплакуваат: О, господаре! или О, неговото величие! Како осел тој ќе биде погребен; ќе го изнесат и ќе го фрлат далеку од ерусалимските порти". (Стихови 13-19). {ПЦ 430.1}

Овој страшен суд требал да му се случи на Јоаким за неколку години; но Господ прво го известил непокајаниот народ за Својата намера. Во четвртата година од владеењето на Јоаким „пророкот Еремија зборуваше пред сиот јудејски народ и пред сите жители ерусалимски", укажувајќи на тоа повеќе од дваесет години, „од тринаесеттата година на јудејскиот цар Јосија... па до денес", тој сведочел за Божјата желба да спаси, но дека неговата порака била презрена (Еремија 25:2,3). А сега, зборот Господов до нив гласел: {ПЦ 430.2}

„Затоа вака зборува Господ над војските: Поради тоа што не ги послушавте зборовите Мои, еве, Јас ќе пратам и ќе ги земам сите северни племиња, вели Господ, и вавилонскиот цар Навуходоносор, Мојот слуга, и ќе ги доведам против оваа земја и против жителите нејзини и против сите соседни народи; и наполно ќе ги истребам и ќе ги направам за ужас, за потсмев и за вечна запустеност. И ќе го прекратам во нив гласот на радост и гласот на веселба, гласот на младоженец и гласот на невеста, звукот од воденичен камен и светлината од светило. И целата таа земја ќе стане запустеност и

ужас; и тие народи ќе му служат на вавилонскиот цар седумдесет години”. (Стихови 8-11). {ПЦ 430.3}

Иако казната што ќе ги уништи била јасно објавена, народот можел само нејасно да го разбере нејзиниот целосен ужас. За да може да се постигне подлабок впечаток, Господ сакал да го илустрира значењето на изговорените зборови. Тој го повикал Еремија да ја спореди судбината на народот со чаша исполнета со Божјиот гнев. Помеѓу првите кои ќе пијат од таа чаша требал да биде, „Ерусалим и јудејските градови и нивните цареви”. И други требале да се напијат од истата чаша „Фараонот египетскиот цар и неговите слуги, како и неговите кнезови и сиот негов народ”, и многу други земски народи додека целосно не се исполни Божјата намера. (Види Еремија 25) {ПЦ 431.1}

За уште подобро да ја илустрира природата на казната која бргу наближувала, пророкот бил повикан да „земе од старешините на народот и од старешините на свештениците; и да оди во долината на синот Еномов”, а таму, откако ќе го изнесе отпадништвото на Јудеја, требал да скрши на парчиња „глинена стомна” и да објави во името на Јехова, чиј што слуга бил: ”Вака ќе го скршам овој народ и овој град, како што кога ќе се крши глинен сад, тој не може повторно да се состави”. {ПЦ 431.2}

Пророкот направил како што му било наложено. Потоа, враќајќи се во градот, тој застанал во предворјето на храмот и пред целиот народ објавил: „Вака вели Господ на војските, Бог Израелов: еве, ќе испратам врз овој град и врз сите нивни градови секакво зло, што го изреков против него, бидејќи тие ги закоравија своите вратови за да не ги слушаат зборовите Мои”. (Еремија 19:15). {ПЦ 431.3}

Зборовите на пророкот наместо да доведат до признавање и покајание, го разбудиле гневот на оние со висок авторитет, и како последица на тоа на Еремија му била одземена слободата. Затворен, и фрлен во темница, пророкот сепак продолжил да ги кажува небесните пораки на оние кои биле во близина. Неговиот глас не можел да се замолкне со прогонување. Зборот на вистината, изјавил тој „беше во моето срце како распален оган, затворен во коските мои, и се измачував да го задржам но не можев”. (Еремија 20:9). {ПЦ 432.1}

Некаде во ова време Господ му наложил на Еремија да почне да ги запишува пораките што тој сакал да ги однесе кај оние за чие што спасение на срцето постојано понизно молел. „Земи си книга”, го повикал Господ Својот слуга, „Напиши ги во неа сите зборови, што ти ги кажав за Израелот, за Јуда и за сите народи од оној ден, откако почнав да ти кажувам, од дните на Јосија па до денес; можеби домот Јудин ќе чуе за сето зло што мислам да му го направам, па тие да се повратат секој од својот лош пат, и Јас да им ги простам беззаконијата и гревовите нивни”. (Еремија 36:2,3). {ПЦ 432.2}

Во послушност на таа наредба, Еремија повикал на помош верен пријател, писарот Варух, и ги диктирал „сите Господови зборови, што му ги беше кажал Тој”. (Стих 4). Тие биле грижливо запишани на свиток од пергамент и претставувале јасен укор за злото, предупредување за неизбежните последици од постојаното отпадништво, и искрен повик за отфрлање на секое зло. {ПЦ 432.3}

Кога записот бил готов, Еремија, кој сè уште бил затвореник, го испратил Варух да го прочита свитокот на масите кои се собрале во храмот по повод националниот ден на пост, „во петтата година на јудејскиот цар Јоаким, синот Јосиев, во деветтиот месец”. „Можеби”, рекол пророкот, „тие ќе упатат смирена молба пред лицето Господово и ќе се повратат секој од својот лош пат; оти голем е гневот и негодувањето, кое Господ го изрече против овој народ”. (Стихови 9,7). {ПЦ 433.1}

Варух послушал, па свитокот бил прочитан пред целиот јудејски народ. Потоа писарот бил повикан пред кнезовите за да им ги прочита зборовите и на нив. Тие слушале со голем интерес и ветиле дека ќе го известат царот за сè што чуле, но го советувале писарот да се сокрие, бидејќи се плашеле дека царот ќе го отфрли сведоштвото и ќе сака да ги погуби оние кои ја подготвиле и објавиле пораката. {ПЦ 433.2}

Кога царот Јоаким слушнал од кнезовите што прочитал Варух, тој веднаш наредил свитокот да се донесе пред него и да му се прочита. Еден од царските дворјани, кој се викал Јудија, го донел свитокот и започнал да ги чита зборовите на укор и предупредување. Била зима, па царот и неговите содружници јудејските кнезови биле собрани пред отворен оган. Бил прочитан само мал дел, кога царот, ни малку исплашен поради опасноста која се надвила над него и неговиот народ, го грабнал свитокот и разгневен го „сечеше со писарско ноже, и еден по еден ги фрлаше парчињата во мангалот, сè додека не беше уништен целиот свиток во огнот, што го имаше во мангалот". (Стих 23). {ПЦ 433.3}

Ниту царот ниту неговите кнезови не биле исплашени „и не ги раскинаа облеките свои". Сепак, некои од кнезовите, „го молеа царот да не го гори свитокот книжен, но тој не ги послуша". Кога записот бил уништен, гневот на безбожниот цар се разгорел против Еремија и Варух и тој испратил да му ги доведат; „Но Господ ги сокри". (Стихови 24-26). {ПЦ 434.1}

Свртувајќи го вниманието на оние кои се молеле во храмот, како и на кнезовите и царот, кон запишаните укори од вдахновениот свиток, Бог милостиво сакал да ги предупреди Јудејците за нивно добро. „Можеби", рекол Тој, "домот Јудин ќе чуе за сите беди што мислам да му ги направам, па тие да се повратат секој од својот лош пат, и Јас да им ги простам беззаконијата и гревовите нивни". (Стих 3). Бог ги сожалува луѓето кои се борат во слепилото на изопаченоста; Тој сака да го просветли помраченото разбирање испраќајќи укори и закани, смислени да ги предизвикаат највозвишените да го почувствуваат своето незнаење и да ги исправат своите грешки. Тој настојува да им помогне на самоуверените да станат незадоволни од својот суетен живот, и да побараат духовен благослов преку тесна врска со небото. {ПЦ 435.1}

Не е Божја намера да испраќа гласници кои ќе ги задоволуваат грешниците и ќе им ласкаат; Тој не испраќа мировни пораки за да ги увери непосветените во нивната телесна сигурност. Напротив, тој поставува тешки бремиња врз совеста на грешникот и ја прободува неговата душа со остри стрели на осведочување. Службените духови, ангелите, му ги предочуваат страшните Божји осуди, за да го зајакнат чувството на потреба и да предизвикаат повик за помош: „Што треба да направам, за да се спасам?" (Дела 16:30). Но раката која претвора во прав, го укорува гревот, и ги посрамува гордоста и амбицијата, е и рака која ги издигнува покајаниот и унижениот. Оној, Кој дозволува да се случат најстрогите казни, прашува со најдлабоко сочувство, „Што сакаш да направам за тебе?" {ПЦ 435.2}

Кога човекот згрешил против светиот и милостив Бог, не може да направи поблагородно дело отколку искрено да се покае и да ги признае своите грешки во солзи и со огорченост во душата. Тоа Бог го бара од него; Тој не прифаќа ништо помалку од скршено срце и скрушен дух. Но царот Јоаким и неговите благородници, во својата ароганција и гордост, ја одбиле поканата од Бога. Тие нема да го послушаат предупредувањето и да се покајат. Прекрасната можност која им се укажала во времето кога го запалиле светиот свиток, била последна можност за нив. Бог објавил дека

доколку и овој пат одбијат да го послушаат неговиот глас, тој ќе ги погоди со страшна казна. Тие одбиле да послушаат, и Тој ја изрекол Својата конечна пресуда над Јудеја, и со посебен гнев ќе се справи со оној кој горделиво се кренал себеси против Семоќниот. {ПЦ 435.3}

„Поради тоа, вели Господ, за јудејскиот цар Јоаким: ќе нема од него човек што ќе седи на Давидовиот престол, и трупот негов ќе биде фрлен на дневниот припек и на ноќниот студ. Па ќе го посетам него, и племето негово, и слугите негови за неправдите нивни, и ќе ги испратам врз нив и врз ерусалимските жители, и врз луѓето на Јуда, сето она зло, што го искажав врз нив". (Еремија 36:30,31). {ПЦ 436.1}

Со палењето на свитокот не дошло крај на сето тоа. Било полесно да се уништат пишаните зборови отколку укорите и предупредувањата што тие ги содржеле, како и казната за која Бог изјавил дека бргу доаѓа над бунтовниот Израел. Но дури и пишаниот свиток бил обновен. „Земи си пак друг свиток", му заповедал Господ на Својот слуга, „И напиши ги во него сите поранешни зборови, што беа во првиот свиток книжен, кои јудејскиот цар Јоаким ги изгори". Записот за пророштвата кои се однесувале на Јудеја и Ерусалим бил претворен во пепел; но зборовите сè уште живееле во срцето на Еремија, „како разгорен оган", и на пророкот му било дозволено повторно да го направи она што човечкиот гнев сакал да го уништи. {ПЦ 436.2}

Еремија земал друг свиток и му го дал на Варух, „и тој ги напиша во него од устата на Еремија сите зборови од оној свиток книжен, што го изгори во оган јудејскиот цар Јоаким; а додаде кон нив и уште многу други, слични на нив, зборови". (Стихови 28,32). Човечкиот гнев сакал да ја спречи работата на Божјиот човек; Но токму оние средства со кои Јоаким сакал да го ограничи влијанието на слугата на Јехова, уште повеќе го овозможиле појаснувањето на божествените барања. {ПЦ 437.1}

Духот на спротивставување на укорите кој довел до прогонување и затворање на Еремија постои и денес. Мнозина одбиваат да ги послушаат повторените предупредувања, претпочитајќи да ги слушаат лажните учители кои ласкаат на нивната суета и не ги забележуваат нивните лоши дела. Во времето на неволја, таквите нема да имаат сигурно засолниште, ниту помош од небото. Божјите одбрани слуги треба храбро и трпеливо да се соочат со неволјите и страдањата кои ќе ги снајдат заради префрлување, занемарување и погрешно разбирање. Тие треба да продолжат верно да ја исполнуваат задачата што Бог им ја наменил, секогаш имајќи на ум дека старите пророци и Спасителот на човештвото и Неговите апостоли исто така преживеале навреди и прогонувања поради Божјата реч. {ПЦ 437.2}

Божја намера била Јоаким да ги послуша советите на Еремија и на тој начин да се здобие со наклоноста на Навуходоносор и да се спаси од многу страдања. Младиот цар се заколнал на покорност на вавилонскиот владетел и, доколку му останел верен на своето ветување ќе се здобиел со почитување од незнабошците, што ќе довело до скапоцена можност за обраќање на душите. {ПЦ 437.3}

Отрфлајќи ги овие извонредни можности што биле ставени пред него, јудејскиот цар своеволно го следел патот што самиот го одбрал. Го прекршил чесниот збор што му го дал на вавилонскиот владетел и се побунил. Тоа го довело него и неговото царство во многу тешка положба. Против него биле испратени „мноштво Халдејци, и многу Сиријци, и многу Моавци, и многу Амонити", па тој бил немоќен да го спречи покорувањето на земјата од страна на овие ограбувачки чети. (2. Царевите 24:2). За неколку години тој го завршил своето несреќно владеење во срам; отфрлен од Небото, несакан од својот народ и презрен од владетелите на Вавилон чија што доверба ја

изневерил а сето тоа како последица од неговата фатална грешка, одвратување од Божјата намера која му била откриена преку Неговиот назначен слуга. {ПЦ 438.1}

Јоахин, (познат и како Јехонија и Хонија), синот на Јоаким, седел на престолот само три месеци и десет дена, кога се предал на халдејската војска која, поради побуната на јудејскиот владетел, повторно го запоседнала осуденият град. Во оваа пригода Навуходоносор „го пресели Јехонија во Вавилон, исто така и мајка му на царот, и жените на царот, и неговите дворјани и моќните на земјата", на број неколку илјади, заедно со „уметници и ковачи илјада". Заедно со нив, вавилонскиот цар ги зел „сите ризници на домот Господов и ризниците на царскиот дом". (2. Царевите 24:15,16,13). {ПЦ 438.2}

На јудејското царство, со скршена моќ и оставено без луѓе и богатство, сепак сè уште му било дозволено да постои како посебна управа. На чело на оваа управа Навуходоносор го поставил Матанија, помладиот син на Јосија, сменувајќи му го името во Седекија. {ПЦ 439.1}

ПОГЛАВЈЕ 36 - ПОСЛЕДНИОТ ЈУДЕЈСКИ ЦАР

На почетокот од своето владеење Седекија ја имал целосната доверба на вавилонскиот цар, а како испробан советник го имал пророкот Еремија. Доколку го задржал чесниот однос кон Вавилонците и им обрнувал внимание на пораките од Господа што ги добивал преку Еремија, тој можел да го задржи почитувањето на мнозина на високи положби и ќе ја имал можноста да им го претстави знаењето за вистинскиот Бог. Тогаш заробениците кои веќе биле во Вавилон ќе се наоѓале во поповолна положба и ќе им биле дозволени многу слободи; а оние кои останале во Јудеја ќе биле поштедени од ужасните неволји кои конечно ги снашле. {ПЦ 440.1}

Седекија и цела Јудеја, вклучувајќи ги и оние кои биле одведени во Вавилон, биле советувани преку Еремија мирно да му се покорат на владеењето на привремениот освојувач. Особено било важно оние кои биле во ропство да го одржуваат мирот во земјата во која биле одведени. Сепак, тоа било во спротивност со желбите на човечкото срце; и сатаната искористувајќи ги околностите, предизвикал меѓу народот да се издигнат лажни пророци, како во Ерусалим така и во Вавилон, кои тврделе дека јаремот на ропството наскоро ќе биде скршен, а поранешниот престиж на нацијата обновен. {ПЦ 440.2}

Слушањето на ваквите ласкави пророштва ќе довело до фатални движења од страна на царот и оние кои биле во ропство и би ги нарушило милостивите Божји планови во нивна полза. За да не дојде до побуна и за да се одбегнат големите страдања, Господ му заповедал на Еремија веднаш да се соочи со проблемот, со тоа што ќе го предупреди јудејскиот цар за сигурните последици од евентуалната побуна. И робовите исто така биле предупредени, со пишан збор, да не се залажуваат верувајќи дека нивното избавување е блиску. „Нека не ве мамат вашите пророци, кои се меѓу вас и вашите гатачи", ургирал тој (Еремија 29:8). Во врска со ова бил спомнат планот на Господа да го обнови Израел кога ќе се навршат седумдесетте години ропство претскажани од Неговите пророци. {ПЦ 441.1}

Со какво нежно сочувство Бог го известил Својот поробен народ за Своите планови со Израелот! Тој знаел дека доколку лажните пророци ги наведат да очекуваат брзо избавување, нивната положба во Вавилон ќе биде многу тешка. Секоја побуна или

движење од нивна страна ќе побуди недоверба и строгост кај халдејските власти кое ќе доведе до понатамошно ограничување на нивните слободи. А тоа ќе резултира со страдања и маки. Тој сакал тие тивко да и се покорат на својата лоша судбина и своето робување да го направат колку што е можно поудобно; Неговиот совет за нив бил: „Правете куќи и живејте во нив, садете градини и јадете ги плодовите нивни; ... Грижете се за доброто на градот, во кој ве преселив, и молете Му се на Бога за него; оти, ако му е нему добро, и вие ќе имате мир". (Стихови 5-7) {ПЦ 441.2}

Меѓу лажните учители во Вавилон биле и двајца луѓе кои тврделе дека се свети, но чии животи биле расипани. Еремија го осудил лошиот пат на овие луѓе и ги предупредил за опасноста во која се наоѓаат. Разлутени поради укорот, тие сакале да и се спротивстават на работата на вистинскиот пророк, наведувајќи ги луѓето да ги омаловажуваат неговите зборови и да дејствуваат спротивно од Божјиот совет да му се покорат на вавилонскиот цар. Господ преку Еремија посведочил дека овие лажни пророци ќе бидат предадени во рацете на Навуходоносор и погубени пред негови очи. Набргу потоа, ова предвидување било буквално исполнето. {ПЦ 442.1}

До крајот на времето ќе стануваат луѓе кои ќе создаваат забуна и побуна меѓу оние кои тврдат дека се претставници на вистинскиот Бог. Оние кои пророкуваат лаги ќе ги охрабруваат луѓето да гледаат на гревот како на неважна работа. А кога ќе се покажат ужасните последици од злата што ги правеле, тие ќе сакаат, доколку е тоа можно, да го обвинат за своите потешкотии оној кој верно ги предупредувал, како што Евреите го обвиниле Еремија за својата несреќа. Но со истата сигурност со која зборовите на Јехова се исполнувале во старо време, и денес ќе се потврди вистинитоста на Неговите пораки. {ПЦ 442.2}

Отпрвин Еремија верно го следел курсот да советува покорност на вавилонците. Овој совет и бил даден не само на Јудеја, туку и на многу од околните народи. Во раните години од владеењето на Седекија, јудејскиот цар го посетиле пратеници од Едом, Моав, Тир и други народи, за да прашаат кога, според неговото расудување, ќе биде пригодно време за заедничка побуна и дали ќе им се придружи во борбата против вавилонскиот цар. Додека овие пратеници чекале одговор, би слово Господово до Еремија, велејќи: „направи си јажиња и јарем, па стави ги околу вратот. И прати исто такви до идумејскиот цар, до царот на синовите Амонови, до тирскиот цар и до царот на Сидон, по пратеници, што дошле во Ерусалим кај Јудејскиот цар Седекија". (Еремија 27:2,3). {ПЦ 442.3}

На Еремија му било наложено да им посочи на пратениците да ги известат своите владетели дека Бог ги предал сите нив во рацете на Навуходоносор, вавилонскиот цар, и дека тие требале да „му служат нему и на синот негов и на внукот негов сè додека не дојде времето на земјата негова". (Стих 7). {ПЦ 443.1}

Понатаму, пратениците биле упатени да ги известат своите владетели дека доколку одбијат да му се покорат на вавилонскиот цар ќе бидат казнети „со меч, со глад и со помор" додека не бидат истребени. Тие особено требале да се одвратат од учењата на лажните пророци кои можеле да ги советуваат поинаку. „Не слушајте ги вашите пророци", изјавил Господ, „и вашите бајачи, вашите јасновидци, вашите маѓепсници и вашите вражачи, кои велат: Нема да му служите на вавилонскиот цар. Затоа што тие ви пророкуваат лага, за да ве оддалечат од земјата ваша, па Јас да ве изгонам и вие да загинете. А оној народ, што ќе го подведе вратот свој под јаремот на вавилонскиот цар и ќе му служи, ќе го оставам во неговата земја, вели Господ, и тој ќе си ја обработува и ќе живее во неа". (Стихови 8-11). Најблагата казна со која милостивиот Бог можел да

погоди толку непокорен народ била покорноста кон вавилонската управа, но доколку се борат против оваа одлука за робување, ќе ја осетат сета жестина на Неговата казна. {ПЦ 443.2}

Стаписаноста на собраниот совет немала крај кога Еремија носејќи го јаремот на покорноста околу својот врат, им ја објавил Божјата волја. {ПЦ 444.1}

Еремија цврсто се залагал за политика на покорност и покрај одлучната опозиција. Помеѓу оние кои тврделе дека пророкуваат според Божјата реч се истакнувал Ананија, еден од лажните пророци против кои народот бил предупреден. Мислејќи да ја освои наклоноста на царот и царскиот двор, тој го кренал својот глас во знак на протест, велејќи дека Бог нему му упатил зборови на охрабрување за Евреите. Тој рекол: „Вака вели Господ Саваот, Бог Израелов: ќе го скршам јаремот на вавилонскиот цар; по две години ќе ги вратам во ова место сите садови од домот Господен, кои вавилонскиот цар Навуходоносор ги зеде одовде и ги однесе во Вавилон; и јудејскиот цар Јехонија, синот Јоакимов, и сите заробени Јудејци, што отидоа во Вавилон, ќе ги вратам на ова место, вели Господ; бидејќи ќе го скршам јаремот на вавилонскиот цар". (Еремија 28:2-4). {ПЦ 444.2}

Еремија, во присуство на свештениците и народот, искрено ги молел да му се покорат на вавилонскиот цар во текот на времето што Бог го одредил. Ги упатил Јудејците на пророштвата на Осија, Авакум, Софонија и други чии што пораки на укор и предупредување биле слични со неговите. Се навратил на настаните кои се случиле како исполнување на пророштвата кои претскажувале казна за непокајаниот грев. Божјите судови во минатото се исполнувале со прецизна точност, онака како што биле откриени преку неговите гласници. {ПЦ 445.1}

„Ако некој пророк претскажал мир", заклучил Еремија, „само тогаш тој бил признаван за пророк, навистина испратен од Господа, кога ќе се исполни зборот на тој пророк". (Стих 9). Доколку Израел одберел да ризикува, идните настани на крајот ќе покажеле кој е вистинскиот пророк. {ПЦ 445.2}

Зборовите на Еремија кои повикувале на покорност го поттикнале Ананија да се осмели да ја оспори вистинитоста на изнесената порака. Вадејќи го симболичниот јарем од вратот на Еремија, Ананија го скршил, велејќи: „Вака вели Господ ете, така ќе го уништам јаремот на вавилонскиот цар Навуходоносора по две години, откако ќе го извадам од вратот на сите народи". {ПЦ 446.1}

„Тогаш си отиде Еремија по својот пат". (Стих11). Очигледно, тој не можел да стори ништо повеќе освен да се повлече од местото на конфликтот. Но на Еремија му била дадена уште една порака. „Оди и кажи му на Ананија", бил повикан тој, „вака вели Господ: ти го скрши дрвениот јарем, но место него направи железен. Зашто така вели Господ Саваот, Бог Израелов: железен јарем ќе им ставам на вратот на сите овие народи, за да му работат на вавилонскиот цар Навуходоносора, и тие ќе му служат..". {ПЦ 446.2}

„Па му рече пророкот Еремија на пророкот Ананија: слушај, Ананија, Господ не те пратил, и ти лажна надеж му даваш на овој народ. Затоа, вака вели Господ: еве, Јас Ќе те исфрлам од лицето на земјата; уште во текот на оваа година ќе умреш, бидејќи зборуваш против Господа. И умре пророкот Ананија во таа година во седмиот месец". (Стихови 13-17). {ПЦ 446.3}

Лажниот пророк го засилил неверувањето на народот во Еремија и во неговата порака. Тој злобно се прогласил себеси за гласник Господов, и како последица на тоа се соочил со смртта. Еремија ја пророкувал смртта на Ананија во петтиот месец, а во

седмиот месец неговите зборови се покажале како точни со тоа што се исполниле. {ПЦ 446.4}

Немирот предизвикан од претскажувањата на лажните пророци го довел Седекија под сомнеж дека е предавник и само со брза и одлучна акција од негова страна тој можел да продолжи да владее како вазал. Можноста за ваква акција била искористена набргу по враќањето на пратениците од Ерусалим кај околните народи, кога јудејскиот цар го испраќал Сераја, „главниот постелник" на важна задача во Вавилон. (Еремија 51:59). За време на својата посета на халдејскиот двор, Седекија го обновил својот завет на сојузништво со Навуходоносор. {ПЦ 447.1}

Преку Даниел и други од еврејските заложници, вавилонскиот монарх бил запознаен со силата и надмоќта на вистинскиот Бог; и кога Седекија уште еднаш свечено ветил дека ќе остане верен, Навуходоносор побарал од него да се заколне во тоа ветување во името на Господа, Бог на Израилот. Ако Седекија го почитувал ова обновување на својот завет, неговата лојалност ќе имала длабоко влијание на умот на мнозина кои ги набљудувале оние што тврделе дека го почитуваат името и ја негуваат славата на еврејскиот Бог. {ПЦ 447.2}

Но јудејскиот цар го загубил од предвид своето скапоцено предимство да го прослави името на живиот Бог. За Седекија е запишано: „И Тој го вршеше она, што не беше угодно пред очите на Господа, својот Бог. Тој не се понизи пред пророкот Еремија, кој пророкуваше од Господовата уста, и се одметна од царот Навуходоносор, кој беше зел клетва од него во името Божјо, се покажа тврдоглав и го ожесточи срцето свое до таму, што не се обрна кон Господа, Бога Израелов". (2. Летописи 36:12,13). {ПЦ 447.3}

Додека Еремија продолжил да го објавува своето сведоштво во јудејската земја, меѓу заложниците во Вавилон бил подигнат пророкот Езекиел, да ги предупредува и утешува заложниците, но исто така и да го потврди Господовиот збор кој бил изречен преку Еремија. За време на преостанатите години од владеењето на Седекија, Езекиел бил многу јасен во врска со неразумноста од верувањето во лажните предвидувања, кај оние кои ги наведувале заложниците да се надеваат на скоро враќање во Ерусалим. Тој исто така бил упатен да ја претскаже, преку различни симболи и свечени пораки, опсадата и целосното уништување на Ерусалим. {ПЦ 448.1}

Во шестата година од владеењето на Седекија, Господ во визија му открил на Езекиел некои од гнасотиите кои се практикувале во Ерусалим и пред портите од Господовиот дом, па дури и во внатрешниот двор. Ликови и цртани идоли, „секакви изобразени животни што се влечат, и гнасни животни, и секакви идоли, во домот Израелов, насликани по ѕидовите наоколу;" сето тоа набрзина поминуваше пред зачудените очи на пророкот. (Езекиел 8:10). {ПЦ 448.2}

Оние кои требале да бидат духовни водачи на народот „старешините на домот Израелов", седумдесетмина од нив, биле видени како кадат пред идолските кипови кои биле внесени во тајните одаи во светиот трем на храмот. „Не нè гледа Господ", си ласкале Јудејците додека се впуштале во своите незнабожечки навики; „Господ ја остави земјата", говореле тие хулејќи на Бога. (Стихови 11,12). {ПЦ 448.3}

Пророкот требал да види и уште „поголеми гадотии". На портата што водела од надворешниот кон внатрешниот трем му биле покажани „жени што го оплакуваат Тамуза", а во „внатрешниот трем од Господовиот дом, ...пред вратата на храмот Господен, меѓу тремот и жртвеникот, до дваесет и пет мажи стојат со грбот кон храмот Господен, а со лицето кон исток, и му се поклонуваа на сонцето кон исток". (Стихови 13-16). {ПЦ 448.4}

И сега величественото Суштество кое го придружувало Езекиел за време на оваа стаписувачка визија на расипаност на високите места во Јудејската земја, го запрашало пророкот: „Гледаш ли, сине човечки. Малку ли е тоа за домот Јудин, да вршат такви гадотии, какви што се вршат овде? Но тие и земјата ја наполнија со бесчестие, и двојно Ме разгневуваат, и, ете, тие принесуваат гранки под носевите свои. Затоа и Јас ќе почнам да дејствувам со јароста; окото Мое нема да зажали и нема да се смилува; па макар тие да викаат со силен глас на ушите Мои нема да ги чујам" (Стихови 17,18). {ПЦ 449.1}

Господ преку Еремија им објавил на злите луѓе кои во својата дрскост се осмелиле да застанат пред народот во Негово име: „И пророкот и свештеникот се лицемерни; дури во домот Мој им најдов нечесност". (Еремија 23:11). Во страшното обвинение против Јудеја, кое е запишано во дневникот за завршните години од владеењето на Седекија, ваквото обесчестување на светилиштето се повторувало. „Па", изјавил светиот писател, „и сите началници над свештениците и над народот грешеа многу, следејќи ги сите гадотии на незнабошците, и го осквернуваа домот на Господа, што Тој го беше осветил во Ерусалим". (2. Летописи 36:14). {ПЦ 449.2}

Денот на пропаста на јудејското царство бргу наближувал. Господ не можел пред нив веќе да изнесе надеж дека ќе ги поништи најстрогите од Своите казни. „Па зар вие ќе останете неказнети?" Прашува Тој, „Не, нема да останете неказнети". (Еремија 25:29). {ПЦ 450.1}

Дури и овие зборови биле примени со потсмев. „Многу денови ќе изминат и секое пророчко видение ќе исчезне", тврделе непокајаните. Но ваквото оспорување на сигурноста на пророштвото било остро укорено преку Езекиел. „Кажи им", изјавил Господ, „Ќе ја уништам таа поговорка, и нема веќе тие да ја употребуваат таа поговорка во Израелот; но, кажи им блиску се деновите и извршувањето на секое пророчко видение. Оти нема веќе да остане попусто ниедно пророчко видение, и ниедно предвестување нема да биде лажно во домот на Израелот. Зашто Јас, Господ, го зборувам ова: и зборот, кој Јас го кажувам ќе се исполни, и нема да биде одложен повеќе; во ваши денови, доме отстапнички, реков збор, и ќе го исполнам, вели Господ Бог". {ПЦ 450.2}

„И би слово Господово до мене", сведочи Езекиел, „Сине човечки, ете, домот Израелов вели: пророчкото видение, што го виде тој, ќе се изврши по многу денови и тој пророкуваше за далечни времиња. Затоа кажи им; вака вели Господ Бог: Ниеден Мој збор нема да биде одложен, но зборот, што ќе го кажам Јас, ќе се изврши, вели Господ Бог". (Езекиел 12:22-28). {ПЦ 450.3}

Предводник меѓу оние кои забрзано ја воделе нацијата кон нејзиното уништување бил Седекија, нивниот цар. Сосем отфрлајќи ги советите што Бог му ги давал преку пророците, заборавајќи го она што од благодарност му го должел на Навуходоносор, прекршувајќи го светиот завет на сојузништво даден во името на Господа, Богот Израелов, јудејскиот цар се побунил против пророците, против својот доброчинител и против својот Бог. Во суетноста на сопствената мудрост, тој побарал помош од древниот непријател на напредокот на Израел: „прати свои пратеници во Египет за да му дадат коњи и многу луѓе". {ПЦ 450.4}

„Ќе успее ли тој?" прашувал Господ за оној кој така ниско ја издал секоја света доверба; „Може ли да избега оној што прави така? Тој го нарушил сојузот и ќе успее ли? Жив да сум Јас, вели Господ Бог. Во пребивалиштето на царот, кој го постави за цар и кому му е дадена клетва, тој го презре и го наруши сојузот свој со него. Затоа тој ќе умре

при него во Вавилон. Со големата сила и со многубројниот народ Фараонот нема да му помогне во таа војна... Тој ја презре клетвата, за да го наруши сојузот, и ете ја подаде раката своја и го направи сето тоа; тој нема да успее" (Езекиел 17:15-18). {ПЦ 451.1}

На „непосветениот, престапнички водач Израелов", му дошол денот на конечната пресметка. „Симни ја од себе круната", изјавил Господ, „и извади го венецот". Сè додека самиот Христос не го воспостави Своето царство, на Јудеја нема повторно да и биде дозволено да има цар. „Ќе го уништам, ќе го уништам, ќе го уништам", гласел божествениот указ за престолот на Давидовиот дом; „И нема веќе да го има, сè додека, не дојде Оној, Кому тој Му припаѓа, и Нему ќе Му го дадам". (Езекиел 21:25-27). {ПЦ 451.2}

ПОГЛАВЈЕ 37 - ОДВЕДЕНИ ВО ЗАРОБЕНИШТВО ВО ВАВИЛОН

Во деветтата година од владеењето на Седекија „Навуходоносор дојде со сета своја војска против Ерусалим", за да го опседне градот. (2. Царевите 25:1). Изгледите за Јудеја биле безнадежни. „Еве, Јас сум против тебе", изјавил Сам Господ преку Езекиел, „Јас, Господ, Сум го извлекол Мојот меч, од ножницата негова, и тој нема веќе да се врати... ќе замре секое срце и сите раце ќе малаксаат, и секој дух ќе се нажали, и сите колена ќе затреперат како вода" „Ќе го излеам врз тебе Моето негодување, ќе дувнам врз тебе со огнот на јароста Своја и ќе те предадам во рацете на луѓе свирепи, вешти во убивање". (Езекиел 21:3,5-7,31). {ПЦ 452.1}

Египќаните се обиделе да притекнат на помош на опколениот град; а Халдејците, со цел да ги задржат, за некое време ја напуштиле својата опсада на јудејскиот главен град. Во срцето на Седекија се разбудила надеж, и тој испратил гласник кај Еремија, барајќи од него да се моли на Бога во полза на еврејскиот народ. {ПЦ 452.2}

Страшниот одговор на пророкот гласел дека Халдејците ќе се вратат и ќе го уништат градот. Пресудата била изречена; непокајаната нација не можела повеќе да ги запре божествените казни. „Не лажете се", го предупредил Господ Својот народ, „бездруго ќе си отидат Халдејците од нас зашто нема да си отидат; дури и да бевте ја разбиле сета војска на Халдејците, кои војуваат против вас, и да останеа при вас само ранетите, тоа тогаш и тие би станале, секој од шаторот свој и би го изгореле овој град со оган". (Еремија 37:9,10). Остатокот од Јудеја требал да отиде во ропство, низ страдања да ја научи лекцијата што одбил да ја научи во поповолни околности. На оваа одлука на светиот Надгледник не можела да се поднесе жалба. {ПЦ 453.1}

Меѓу праведните, кои сè уште биле во Ерусалим, на кои божествената намера им била јасна, имало и такви кои одлучиле да го тргнат светиот ковчег со камените плочи на кои биле испишани десетте заповеди, вон дофат на безбожничките раце. Тие го сториле тоа. Со плач и тага, тие го сокриле светиот ковчег во пештера, каде што требал да биде сокриен од луѓето на Јудеја и Израел поради нивните гревови и никогаш повеќе да не им биде вратен. Тој свет ковчег е сè уште сокриен. Никогаш потоа не бил пронајден затоа што тоа останало тајна. {ПЦ 453.2}

Многу години Еремија стоел пред народот како верен Божји сведок; а сега, кога осуденият град требал да падне во незнабожечки раце, тој ја сметал својата работа за завршена и наумил да замине, но го задржал синот на еден од лажните пророци, кој изјавил дека Еремија се подготвува да им се придружи на Вавилонците, на кои

постојано ги повикувал Јудејците да им се покорат. Пророкот го одрекнувал лажното обвинение, но сепак „кнезовите се разгневија на Еремија, го биеја и го затворија во темница" (Стих 15). {ПЦ 453.3}

Надежта која се разбудила во срцата на кнезовите и на народот кога војската на Навуходоносор која се свртела кон југ да ги пресретне Египќаните, наскоро била уништена. Зборот Господов гласел: „Еве, Јас сум против тебе фараоне, царе Египетски". Вдахновението изјавило, „И ќе познаат сите жители на Египет, дека Јас сум Господ, оти тие беа на домот Израелов потпорна трска". „Ќе ги зацврстам мишките на вавилонскиот цар, а мишките на фараонот ќе отпаднат; и ќе познаат, дека Јас сум Господ Бог, кога ќе му го дадам мечот Свој во раката на вавилонскиот цар, и тој ќе го потегне врз земјата египетска. (Езекиел 29:3,6; 30:25). {ПЦ 454.1}

Додека Јудејските кнезови сè уште залудно очекувале помош од Египет, Царот Седекија исполнет со немир размислувал за Божјиот пророк фрлен во затворот. По многу денови, Царот испратил по него и тајно го прашал: „Нема ли слово од Господа?" Еремија одговорил: „Има, и додаде: ќе бидеш предаден во рацете на вавилонскиот цар". {ПЦ 454.2}

„Тогаш Еремија му рече на царот Седекија: Што згрешив пред тебе, пред сите слуги твои и пред овој народ, па ме фрливте во темница? И каде се вашите пророци, кои ви пророкуваат, кажувајќи: вавилонскиот цар нема да дојде против вас и против оваа земја? А сега, чуј, господаре мој, услиши ја молбава моја пред лицето твое; не враќај ме во куќата на писарот Јонатан, за да не умрам таму". (Еремија 37:17-20). {ПЦ 454.3}

На ова Седекија наредил „Да го затворат Еремија во стражарницата, и да му даваат по едно парче леб од улицата на лебарите, сè додека не се заврши сиот леб во градот. И така остана Еремија во стражарницата". (Стих 21). {ПЦ 455.1}

Царот не се осмелил јавно да покаже некаква верба во Еремија. Иако неговиот страв го натерал приватно да бара информации од него, тој сепак бил премногу слаб за да се соочи со неодобрувањето на своите кнезови и на народот, потчинувајќи и се на Божјата волја која била објавена преку пророкот. {ПЦ 455.2}

Од стражарницата на затворот, Еремија продолжил да советува покорност на вавилонската влада. Да се покаже отпор, би било одење во сигурна смрт. Господовата порака до Јудеја била: „Оној, што ќе остане во овој град, ќе умре од меч, од глад и од помор; а оној, што ќе појде при Халдејците, ќе биде жив, и неговата душа ќе му биде замената место грабеж, и тој ќе остане жив. Така вели Господ овој град бездруго ќе биде предаден во рацете на војската од вавилонскиот цар, и тој ќе го преземе". (Еремија 38:2,3). {ПЦ 455.3}

Конечно кнезовите, разгневени од постојаните совети на Еремија, кои биле во спротивност со нивната воспоставена политика на отпор, остро протестирале пред царот, тврдејќи дека пророкот е непријател на народот и дека неговите зборови ги заслабнале рацете на народот и му донеле несреќа; затоа, тој требал да биде погубен. {ПЦ 455.4}

Плашливиот цар знаел дека обвинението се лажни, но за да им се додвори на оние кои имале висока и влијателна положба во државата, тој се правел дека верува во нивните лаги и го предал Еремија во нивни раце да прават со него што ќе посакаат. Пророкот бил фрлен „во јамата на Малхија, синот царев, која беше во стражарницата... со јаже; во јамата немаше вода, туку само тиња; и Еремија падна во тињата" (Стих 6). Но Бог му подигнал пријатели, кои се заложиле кај царот за него и повторно го вратиле во стражарницата на затворот. {ПЦ 456.1}

Уште еднаш царот насамо го повикал Еремија, молејќи го верно да ја прикаже Божјата намера со Ерусалим. Како одговор, Еремија изјавил: „Ако ти откријам, нема ли да ме предадеш на смрт, а ако те посоветувам, ти нема да ме послушаш. И му се заколна тајно царот Седекија на Еремија, велејќи: Жив Господ, Кој ни ја создаде душата, нема да те предадам на смрт и нема да те предадам во рацете на оние луѓе, што ја сакаат душата твоја". (Стихови 15,16). {ПЦ 456.2}

Сè уште постоела можност за царот да покаже добра волја и да ја послуша волјата на Јехова, и на тој начин да ги ублажи со милост казните кои сега паѓале врз градот и народот. „Ако отидеш пред кнезовите на вавилонскиот цар", на царот му била дадена пораката, „душата ќе ти остане жива, и овој град нема да биде изгорен со оган, и ти ќе бидеш жив, и домот твој; ако, пак, не појдеш при кнезовите на вавилонскиот цар, овој град ќе биде предаден во рацете на Халдејците, и тие со оган ќе го изгорат, а ти нема да побегнеш од рацете нивни". {ПЦ 456.3}

„Се плашам од Јудејците кои појдоа при Халдејците", одговорил царот, „за да не ме предадат Халдејците во рацете нивни, па тие да се исмеат со мене". Но пророкот ветил: „Нема да те предадат; послушај го гласот Господов за ова, што ти го кажувам, па ќе ти биде добро, и жива ќе остане душата твоја". (Стихови 17-20). {ПЦ 457.1}

На овој начин, сè до последниот час, Бог ја ставал на знаење Неговата подготвеност да покаже милост кон оние што ќе одберат да им се покорат на Неговите барања. Доколку царот одбрал да се покори, животите на луѓето можеле да бидат поштедени, а градот спасен од уништување; но тој мислел дека отишол премногу далеку за да ги исправи своите стапки. Се плашел од Евреите, се плашел од исмевање, се плашел за својот живот. По долги години бунтовништво против Бога, Седекија мислел дека е премногу понижувачки да му каже на својот народ: Го прифаќам словото Господово, изречено преку пророкот Еремија; Не се осмелувам да војувам против непријателот соочен со сите овие предупредувања. {ПЦ 457.2}

Еремија со солзи го преколнувал Седекија да се спаси себеси и својот народ. Со душевна болка, тој го уверувал дека доколку не го послуша Божјиот совет, нема да може да избега жив, а сè што поседува ќе падне во рацете на Вавилонците. Но, царот бил тргнат во погрешна насока, и не сакал да ги исправи своите стапки. Одлучил да го следи советот на лажните пророци и на луѓето кои всушност ги презирал, и кои ја исмевале неговата слабост и попустливоста кон нивните желби. Тој ја жртвувал благородната слобода на својата личност, својата мажественост и станал беден роб на јавното мислење. Тој немал никаква намера да стори зло, но исто така немал ни одлука да застане смело на страната на она што е праведно. Колку и да бил убеден во вредноста на советот добиен од Еремија, тој немал доволно морална сила да го послуша; и како последица на тоа, тој продолжил и понатаму по погрешниот пат. {ПЦ 457.3}

Царот бил премногу слаб за да дозволи неговите дворјани и народот да дознаат дека се советувал со Еремија, неговата душа била толку исполнета со страв од луѓето. Доколку Седекија застанал цврсто и објавил дека верува во зборовите на пророкот, веќе наполу исполнети, какво уништување можело да биде спречено! Тој требал да каже, Јас ќе Му се покорам на Господа, и ќе го спасам градот од целосно разурнување. Не се осмелувам да ги занемарам Божјите наредби поради стравот или умилкувањето на луѓето. Јас ја сакам вистината, го мразам гревот, и ќе го следам советот на Семоќниот во Израелот. {ПЦ 458.1}

Тогаш луѓето ќе го почитувале неговиот храбар дух и оние кои се колебале меѓу верата и неверувањето, цврсто ќе застанале на страната на доброто. Самата бестрашност и праведност на оваа одлука ќе разбудела кај неговите поданици восхит и лојалност. Тој ќе ја добиел целосната поддршка и Јудеја би била поштедена од неискажаниот ужас на помор, глад и оган. {ПЦ 458.2}

Слабоста на Седекија била грев за кој платил страшна цена. Непријателот се втурнал како лавина и го уништил градот. Еврејската војска била поразена и натерана во бегство. Земјата била освоена. Седекија бил заробен, а неговите синови биле погубени пред негови очи. Царот бил одведен од Ерусалим како заложник, со ископани очи, а по пристигнувањето во Вавилон, бедно умрел. Прекрасниот храм кој повеќе од четири века бил круна на Сионската гора не бил поштеден од Халдејците. „Го изгореа Божјиот дом, ги разурнаа ѕидовите на Ерусалим и сите негови дворци со оган ги изгореа; и сите негови скапоцености ги уништија". (2. Летописи 36:19). {ПЦ 458.3}

За време на последната опсада на Ерусалим од страна на Навуходоносор, мнозина ги избегнале ужасите на долгата опсада само за да загинат од меч. Од оние кои сè уште биле живи, некои, особено првосвештеникот, офицерите и кнезовите биле одведени во Вавилон и таму погубени како предавници. Други биле одведени во ропство да живеат во служба на Навуходоносор и неговите синови „до зацарувањето на персискиот цар, ...за да се исполни зборот Господов, кажан преку устата на Еремија". (Стихови 20,21). {ПЦ 459.1}

За Еремија е запишано: „А за Еремија Навуходоносор, царот вавилонски, му даде таква заповед на Навузардана, началникот на телохранителите" земи го, грижи се за него, и не прави му ништо лошо, туку постапувај со него онака, како што ќе ти каже тој". (Еремија 39:11,12). {ПЦ 460.1}

Ослободен од затворот од страна на вавилонските офицери, пророкот одбрал да ја сподели својата судбина со малиот „остаток од Јудејците", оставен од Халдејците „да бидат лозари и земјоделци". Вавилонците го поставиле Годолија како нивни владетел. Поминале само неколку месеци пред новоназначениот владетел да биде мачно убиен. Кутриот народ, кој поминал низ многу неволји, конечно бил наговорен од своите водачи да побараат засолниште во египетската земја. Еремија го кренал својот глас во протест против овој потег: „Не одете во Египет", повикувал тој. „Но неговиот вдахновен совет не бил послушан и „сиот остаток од Јудејците... мажи, жени, деца", избегале во Египет. „Тие не го послушаа гласот на Господа, и стигнаа до Тафнис". (Еремија 43:5-7). {ПЦ 460.2}

Пророштвата за казната изречени од Еремија против остатокот кој се побунил против Навуходоносор бегајќи во Египет биле измешани со ветувања за прошка за оние што ќе се покајат за својата лудост и ќе бидат подготвени да се вратат. Иако Господ нема да ги поштеди оние кои се завртеле против Неговиот совет кон заводливите влијанија на египетското идолопоклонство, сепак ќе покажел милост кон оние кои ќе покажат дека се лојални и верни. „Само малкумина оттргнати од мечот ќе се вратат од земјата египетска во јудејската", изјавил Тој; „а сите други Јудејци, што отидоа во земјата египетска, за да поживеат таму, ќе узнаат кој збор ќе се изврши: Мојот или нивниот". (Еремија 44:28). {ПЦ 460.3}

Жалоста на пророкот поради целосната изопаченост на оние кои требале да бидат духовна светлина на светот, неговата жалост поради судбината на Сион и оние кои биле одведени во ропство во Вавилон е откриена во книгата Плачот на Еремија која тој ја оставил како споменик на лудоста од одвратувањето на советите на Јехова кон човечка

мудрост. Помеѓу урнатините Еремија сè уште можел да каже: „Поради милоста на Господа не загинавме наполно”, а негова постојана молитва била: „Да ги испитаме и да ги истражиме патиштата свои и да се обрнеме кон Господа”. (Плачот на Еремија 3:22, 40). Додека Јудеја сè уште била царство меѓу народите, тој го прашувал својот Бог: „Зар наполно Ти го отфрли Јуда? Зар душата Твоја го замрази Сион?” и имал смелост да моли: „Не отфрлај нè нас заради името Твое”. (Еремија 14:19,21). Потполната верба на пророкот во вечната Божја намера да заведе ред во безредието и да им ги покаже на земските народи и на целата вселена својата праведност и љубов, сега го навела да моли со вера во полза на оние кои би можеле да се одвратат од злото кон праведноста. {ПЦ 461.1}

Но сега Сион бил потполно уништен; Божјиот народ бил во ропство. Преплавен од тага, пророкот извикал: „Како сам остана градот некогаш полн со народ! Стана како вдовица; некогаш голем меѓу народите; кнезот над областите сега плаќа данок. Горко плаче ноќе, а солзите му паѓаат по образите. Од сите оние што го сакаа, сега нема никој да го утеши; сите негови пријатели го изневерија и му станаа непријатели. {ПЦ 461.2}

„Поради беда и ропство Јуда се пресели; се насели меѓу незнабошци, и не најде спокој; сите што го гонеа, го притеснија. Патиштата на Сион тагуваат, зашто нема кој да оди на празник; сите негови порти запустеа; свештениците воздивнуваат, девиците негови се нажалени, а самиоте беден! Непријателите негови станаа глава; на противниците негови им е добро, бидејќи Господ испрати врз него тага поради неговите бројни беззаконија; децата негови отидоа во ропство пред непријателот”. {ПЦ 462.1}

Како ја помрачи Господ во гневот Свој ќерката Сионова! Од небесата ја симна славата Израелева и не се потсети за подножјето на нозете Свои во денот на Својот гнев! Господ ги сотре сите живеалишта на Јакова, не ги поштеди; ги разруши во јароста Своја сите тврдини на ќерката Јудина, ги кутна на земја, ги отфрли царството негово и кнезовите негови, како нечисти. Во жестокиот гнев Свој ги скрши сите рогови Израелови, ја повлече десницата Своја од непријателот и се разгори против Јакова како огнен пламен, кој проголтува се наоколу; го затегна лакот Свој како непријател, ја управи десницата Своја како непријател и уби сè што е мило за очите: врз скинијата на ќерката Сионова ја излеа како оган јароста Своја”. {ПЦ 462.2}

„Што да ти кажам и со што да те споредам, ќерко ерусалимска? Што да направам, за да те утешам, девојко, ќерко Сионова? Зашто раната твоја е како море голема; кој може да те исцели?” {ПЦ 463.1}

„Спомни си, Господи, што нè снајде; милостиво погледај и види го исмевањето наше! Наследството наше мина на туѓинци, куќите наши на луѓе од други племиња; останавме сираци, без татко; мајките наши се како вдовици... Татковците наши грешеа; нив ги нема веќе, а ние трпиме казна за нивното беззаконие. Робовите ни се господари, а нема кој да нè избави од рацете нивни...Поради тоа и копнее срцето наше; поради тоа и потемнеа очите наши”. {ПЦ 463.2}

„Ти, Господи, остануваш вечно; престолот Твој е од род во род. Зошто наполно нè забораваш, нè оставаш долго време? Обрни нè кон Себе, Господи, и ние ќе се обрнеме; обнови ги деновите наши како во старо време”. (Плачот наа Еремија 1:1-5; 2:14, 13; 5:1-3;7,8,17; 19-21). {ПЦ 463.3}

ПОГЛАВЈЕ 38 - СВЕТЛИНА НИЗ ТЕМНИНА

Мрачните години на уништување и смрт кои го одбележаа крајот на јудејското царство би го довеле во очај и најтврдото срце доколку не биле пророчките охрабрувања на Божјите гласници. Преку Еремија во Ерусалим, преку Даниел на вавилонскиот двор, преку Езекиел на брегoвите на Хебар, Господ во Својата милост јасно ја објавил Својата вечна намера и дал уверување дека е подготвен на Својот избран народ да му ги исполни ветувањата запишани во Мојсеевите книги. Она што рекол дека ќе го направи за оние кои ќе Му се покажат верни, сигурно ќе се случи. „Словото на живиот Бог... живее и пребива во сите векови". (1. Петрово 1:23). {ПЦ 464.1}

Во деновите кога талкале низ пустината, Господ обилно се погрижил Своите деца да се сеќаваат на зборовите од Неговиот закон. По населувањето во Ханан, божествените уредби требале секојдневно да се повторуваат во секој дом; тие требале да бидат јасно испишани на рамките од вратите и портите и спомен-плочите. Требале да бидат проследени со музика и песни од младите и старите. Свештениците требале да поучуваат за овие свети уредби на јавните собири, а владетелите на земјата требале од нив да направат предмет на своето секојдневно проучување. „Поучувај се од неа дење и ноќе", му заповедал Бог на Исус Навин за книгата на законот, „за да разбереш како ќе го извршуваш сè она, што е напишано во неа; зашто тогаш ти ќе имаш успех во патиштата твои и умно ќе постапуваш". (Исус Навин 1:8). {ПЦ 464.2}

Исус Навин го поучувал целиот Израел на Мојсеевите книги. „Од сè она, што Мојсеј му беше заповедал на Исуса, немаше ни збор, што Исус не го прочита пред целото израелско собрание, пред мажите и жените и децата и придојдените, што се најдоа меѓу нив" (Исус Навин 8:35). Ова било во согласност со изразената наредба на Јехова која барала јавно повторување на зборовите од книгата на законот секоја седма година, за време на празникот Сеници. „Собери го народот, мажите, жените, децата и придојдените свои, што се наоѓаат во градовите ваши", биле упатени духовните водачи на Израел, „за да чујат и да се научат да се плашат од Господа, вашиот Бог, и да пазат да ги исполнуваат сите заповеди од овој закон; и синовите нивни, кои не го знаат тоа, ќе чујат и ќе се научат да се плашат од Господа, вашиот Бог, преку сите денови, додека живеете во земјата, за која ќе го минете Јордан, за да ја наследите". (Второзаконие 31:12,13). {ПЦ 465.1}

Доколку овој совет бил послушан низ вековите што следеле, колку поинаква би била историјата на Израел! Единствено доколку во срцата на народот се негувала почит кон Божјата Света Реч, тој можел да се надева дека ќе ја исполни божествената намера. Почитта кон Божјиот закон му дала сила на Израел за време на владеењето на Давид и раните години од владеењето на Соломон; Преку верата во живата реч била извршена реформација во времето на Илија и Осија. И преку истите тие писма на вистината, најголемото наследство на Израел, Еремија во своите напори повикувал на реформа. Каде и да служел, тој ги пресретнувал луѓето со искрена молба: „Чујте ги зборовите на овој завет", зборови кои ќе ги довеле до потполно разбирање на Божјиот план, да им го пренесат знаењето за спасоносната вистина до сите народи. (Еремија 11:2) {ПЦ 465.2}

Во завршните години од отпадништвото на Јудеја овие предупредувања на пророците имале малку влијание; и кога халдејската војска дошла за трет и последен пат да го опколи Ерусалим, надежта исчезнала од секое срце. Еремија предвидел целосно разурнување; и поради неговото инсистирање да се предадат, тој конечно бил фрлен во затвор. Но, Бог не го оставил верниот остаток кој сè уште бил во градот на

безнадежно очајување. Дури и во времето кога Еремија бил под строг надзор од страна на оние кои ги прекорувале неговите пораки, тој добивал нови откровенија во врска со Небесната подготвеност да прости и спаси, што бил верен извор на утеха за Божјата црква од тој ден до денес. {ПЦ 466.1}

Цврсто држејќи се за Божјите ветувања, Еремија, преку одиграна приказна, ја илустрирал пред жителите на осуденият град својата силна верба во конечното остварување на Божјиот план за Неговиот народ. Во присуство на сведоци, и со грижливо почитување на сите неопходни законски норми, тој за седумнаесет сикли сребро купил една нива во околината на селото Анатот. {ПЦ 466.2}

Од секоја човечка гледна точка, ваквото купување на земја во територија која веќе била под контрола на Вавилонците би делувала како неразумно дело. Самиот пророк го прорекувал уништувањето на Ерусалим, запустувањето на Јудеја и потполното разурнување на царството. Тој пророкувал долг период на заложништво во далечниот Вавилон. Веќе навлезен во години, тој не можел да се надева дека некогаш ќе има лична корист од оваа зделка. Сепак, неговото проучување на ветувањата запишани во Писмото, во неговото срце создале цврсто убедување дека Господ планира да им го обнови на децата на заложништвото нивниот стар имот во Ветената земја. Со окото на верата Еремија ги видел изгонетите како, откако ќе истече времето на неволјата, се враќаат и повторно ја заземаат земјата на нивните татковци. Преку купениот имот во Анатот, тој сакал да го стори она што може за да ја разбуди кај другите онаа надеж која донела толку голема утеха во неговото срце. {ПЦ 469.1}

Потпишувајќи го договорот за купопродажба и обезбедувајќи потписи од сведоци, Еремија го назначил неговиот помошник Варух: „земи ја оваа книга, договоров за купопродавање, која е потпечатена и оваа отворена книга, и стави ги во глинен сад, за да останат таму долго време. Оти, така вели Господ Саваот, Бог Израелов: во оваа земја пак ќе се купуваат куќи, ниви и лозја". (Еремија 32:14,15) {ПЦ 469.2}

Изгледите на Јудеја биле толку обесхрабрувачки во времето на оваа чудна зделка, што веднаш по завршувањето на деталите околу купопродажбата и зачувувањето на документите верата на Еремија, иако толку цврста, сега била остро искушана. Дали тој, во својот напор да ги охрабри Јудејците, делувал самоуверено? Во својата желба да разбуди доверба во Божјата реч, дали поставил темели за лажна надеж? Оние кои влегле во заветна заедница со Бога, веќе одамна ги презреле нештата направени во нивна полза. Можат ли ветувањата за избраниот народ некогаш да се исполнат во потполност? {ПЦ 469.3}

Сметен во духот, наведнат од жалост над маките на оние кои одбиле да се покајат за своите гревови, пророкот повикал кон Бога за натамошни просветлувања во врска со божествениот план со човештвото. {ПЦ 470.1}

„О, Господи Боже!" молел тој, „Ти ги создаде небото и земјата со силата Твоја голема и со подигната мишка; за Тебе не постои ништо премногу тешко; Ти покажуваш милост на илјадници и за гревовите на татковците нивни им отплаќаш на децата нивни по нив; Боже Велики, Силни, Кому името Му е Господ Саваот, Голем во замисли и силен според делата, Чии очи се отворени врз сите патишта на синовите човечки, за да отплатува секому според патиштата негови и според плодовите на делата негови: Кој изврши чудеса и покажа знаци во земјата египетска, а извршуваш и до денес во Израелот и меѓу сите луѓе, и Си создаде име, како во оној ден, па го изведе Твојот народ Израелот од земјата Египетска со знаци и чудеса, со силна рака и крената мишка и со големи стравотии. И им ја даде оваа земја, која со кпетва им ја беше ветил на татковците

нивни, дека ќе им ја дадеш, земја, каде што тече мед и млеко. Тие влегоа и ја заседоа, но не го слушаа гласот Твој и не одеа по законот Твој, не вршеа ништо од она што им беше заповедал да прават, па заради тоа Ти го испрати врз нив сево ова зло". (Стихови 17-23). {ПЦ 470.2}

Војската на Навуходоносор само што не ги заземала Сионските ѕидини. Илјадници гинеа во последната очајничка одбрана на градот. Уште многу повеќе умреле од глад и болести. Судбината на Ерусалим веќе била запечатена. Кулите кои непријателот ги изградил во текот на опсадата веќе ги надвишувале градските ѕидини. „Ете, насипите", продолжил пророкот во својата молитва до Бога, „дојдоа до градот за да го преземат; и градот ќе падне во рацете на Халдејците кои се нафрлаат врз него со меч, глад, и помор; сè што рече Ти, се исполнува, и еве, Ти го гледаш тоа. Ти, Господи Боже, ми рече: купи си нива за сребро и повикај сведоци тогаш кога градот се предава во рацете на Халдејците". (Стихови 24,25). {ПЦ 471.1}

На молитвата на пророкот било милостиво одговорено. „И би слово Господово до Еремија" во тој неволен час, кога верата на гласникот на вистината била искушана како со оган. „Еве, Јас сум Господ, Бог на секоја плот; има ли нешто, што е премногу тешко за Мене?" (Стихови 26,27). Градот наскоро требал да падне во рацете на Халдејците; неговите порти и градби требале да бидат запалени и изгорени; но, без оглед на фактот што уништувањето било целосно и што жителите на Ерусалим требале да бидат одведени во заложништво, непроменливата цел на Јехова за Израелот допрва требала да се исполни. Во натамошниот одговор на молитвата на Својот слуга, Господ изјавил за оние врз кои паѓале Божјите казни: {ПЦ 471.2}

„Еве, Јас ќе ги соберам од сите страни, во кои бев ги расеал во гневот Свој, во јароста Своја и во големото негодување, па ќе ги вратам на ова место и ќе им дозволам да живеат спокојно. Тие ќе бидат Мој народ, и Јас ќе им бидам Бог. И ќе им дадам едно срце и еден пат, за да се бојат од Мене во текот на сите дни од животот нивни, за нивно добро и за добро на децата нивни по нив. Па ќе склучам со нив вечен завет, според кој нема да се одвратам од нив и ќе им правам добрини, и ќе вложам во срцата нивни страв од Мене, за да не отстапуваат од Мене. И ќе се радувам за нив, правејќи им добро, и ќе ги населам цврсто на оваа земја со сето Свое срце и со сета Своја душа". {ПЦ 472.1}

„Зашто така вели Господ: како што го испратив ова големо зло врз оној народ, така ќе испратам врз нив секакво добро што го изреков за нив. И тие ќе купуваат ниви во оваа земја, за која велат: тоа е пустина, без луѓе, без добиток, предадена во рацете на Халдејците; ќе купуваат ниви за сребро, ќе потпишуваат купопродажни книги, ќе ги потпечатуваат и ќе повикуваат сведоци во земјата на Венијамина, во ерусалимската околина и во градовите на Јуда, во планинските градови, во градовите на полето и во јужните градови; бидејќи ќе ги вратам заробените нивни, вели Господ". (Стихови 37-44). {ПЦ 472.2}

Како потврда во овие уверувања за избавување и обнова „словото Господово дојде до Еремија по втор пат, додека тој беше сè уште затворен во дворот на затворот, велејќи: {ПЦ 472.3}

„Вака зборува Господ, Кој ја создаде земјата, ја вообличи и ја зацврсти Кому името му е Господ; повикај Ме, и ќе ти одговорам и ќе ти покажам големи и недостижни нешта за кои не знаеш ништо. Зашто вака вели Господ, Израеловиот Бог, за куќите на овој град и за куќите на јудејските цареви, кои се разурнати заради насипи и меч; ... Ете, Јас ќе ги исцелам и здравје ќе им дадам, ќе ги исцелам и ќе им пружам изобилство на мир и вистина. Ќе ги вратам заробените на Јуда и заробените на Израелот и ќе ги подигнам

како порано. Ќе ги очистам од секое нивно беззаконие, со кое згрешија пред Мене, и ќе им ги простам сите нивни гревови ... и Ерусалим ќе Ми биде радост, за фалба и за чест пред сите народи на светот, кои ќе чујат за сето добро што ќе им го направам: ќе се восхитуваат и ќе се чудат на сета онаа среќа во мирот, што ќе им ја дадам". {ПЦ 473.1}

„Господ зборува вака: На ова место за кое што велите дека е пустина без човек и без животинче во јудејските градови и по запуштените ерусалимски улици пак ќе се разнесуваат извици на радост, извици на младоженецот и на невестата... воскликнувањата на оние кои што ќе велат: Славете го Господа на воинствата, зашто Господ е благ, затоа што Неговата милост пребива вечно: и воскликнувањата на оние кои ќе принесуваат жртви благодарници во Господовиот дом. Зашто Јас ќе ги вратам заробените од оваа земја во нивната поранешна состојба, вели Господ". {ПЦ 473.2}

„Така вели Господ: Повторно на ова место, кое е пусто без човек и без животинче, и во сите негови градови пак ќе има живеалишта на пастири, кои ќе ги одмараат своите стада. Во планинските градови, во градовите на полето и во јужните градови, и во земјата на Венијамина, и во ерусалимските предградија, и во градовите Јудини пак ќе врват стада под раката на оној што ќе ги пребројува, вели Господ". {ПЦ 473.3}

„Ете, доаѓаат денови, вели Господ, кога ќе го исполнам доброто ветување што им го дадов на Израеловиот дом и на домот Јудин". (Еремија 33:1-14). {ПЦ 474.1}

Така утеха примила заедницата Божја во едно од најмрачните периоди на својата долга борба со силите на темнината. Се чинело како да сатаната триумфирал во своите напори да го уништи Израел, меѓутоа Господ бил посилен од моменталните околности, така што во годините кои што следеле им дал можности на Својот народ да го откупат минатото. Неговата порака до заедницата гласела: {ПЦ 474.2}

„Не бој се Јакове, слуго Мој; не плаши се , О Израеле: зашто еве, ќе те спасам од далеку, и твоето потомство од земјата на нивното заробеништво; и Јаков ќе се врати, ќе живее спокојно и мирно и никој нема да го заплашува. Оти Јас сум со тебе, вели Господ за да те избавувам". „Јас ќе те исцелам и раните твои ќе ги излечам". (Еремија 30:10,11,17). {ПЦ 474.3}

Во тој радосен ден на обновата, поделените племиња на Израел ќе се соединат во еден народ. Господ ќе биде признат како владетел над „сите семејства во Израел". „Тие ќе бидат Мој народ", Тој објавил. „Воскликнувајте му од радост на Јакова, поздравете го бурно првенецот на народите: разгласувајте, славете и кажувајте: О Господе, спаси го Твојот народ, остатокот на Израел. Ете, Јас ќе ги доведам од северната земја и ќе ги соберам од земните краишта, и слеп и хром;... тие тргнаа со плачење и со молитви ќе ги доведам назад; ќе ги поведам покрај потоци со води, по рамен пат по кој нема да се сопнуваат: зашто Јас сум му Татко на Израел, и Ефрем е Мојот првороден. (Еремија 31:1,7-9) {ПЦ 474.4}

Понизени пред другите народи, оние кои некогаш небото ги возвишило над народите на земјата, морале во прогонство да ја научат лекцијата за послушност, толку неопходна за нивната идна среќа. Сè додека не ја научат таа лекција, Бог не можел да стори за нив ништо од она што Тој посакувал да го направи. „Ќе те казнам по мерка, но неказнет нема да те оставам", (Еремија 30:11) изјавил Бог, објаснувајќи им ја својата намера да ги казни заради нивното духовно добро. Меѓутоа, Тој не сакал засекогаш да ги отфрли оние кои што биле предмет на Неговата нежна љубов. Тој пред сите народи на земјата ќе покаже дека Неговиот план е најочигледниот пораз да го претвори во победа, да спаси а не да уништи. На пророкот му била дадена пораката: {ПЦ 475.1}

„Оној што го распрсна Израелот ќе го собере и ќе го пази како што го прави тоа пастирот со своето стадо. Затоа што Господ го откупи Јакова и ќе го избави од раката на оној кој што беше посилен од него. И, ќе дојдат и ќе пеат на сионските височини, ќесе стрчаат кон добрата Господови, кон пченицата, виното и маслото, кон јагнињата и телињата: и душата нивна ќе им биде градина напоена со вода и веќе нема никогаш да тагуваат воопшто ... и тагата нивна ќе ја претворам во радост, и ќе ги утешам, и ќе ги зарадувам по нивната болка. И ќе ја нахранам душата на свештениците со мрсно, и Мојот народ ќе се насити со Мојата добрината, вели Господ. {ПЦ 475.2}

„Така вели Господ Саваот, Бог Израелов: Во иднина, кога ќе ги вратам робовите нивни, тие по земјата на Јуда и во неговите градови ќе го кажуваат овој збор: Господ нека те благослови, живеалиште на правда, горо на светоста. И ќе се насели во неа Јуда и во сите негови градови заедно, земјоделците и оние кои што одат по стадата. Бидејќи Јас ќе ја напојам изморената душа и ќе ја наситам секоја малаксана душа". {ПЦ 476.1}

„Ете, настапуваат дни, вели Господ, и ќе склучам со домот Израелов и со домот на Јуда нов завет. Не онаков завет, каков што склучив со татковците нивни во денот, кога ги фатив за раце, за да ги изведам од египетската земја; тој завет тие го нарушија, иако Јас им бев нивни сопруг, вели Господ. Но еве го заветот, што ќе го склучам со домот Израелов; по оние дни, вели Господ: ќе го вложам Мојот закон во утробата нивна, и ќе го напишам ви нивните срца и Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ. И нема повеќе да се поучуваат еден со друг, и секој човек својот брат, и да зборуваат познајте Го Господа, оти сите тие, од мал до најголем, ќе ме познаваат, вели Господ, бидејќи ќе им ги простам беззаконијата нивни, и за гревовите нивни нема веќе да си спомнувам". (Еремија 31:10-14,23-25,31-35) {ПЦ 476.2}

ПОГЛАВЈЕ 39 - ВО ВАВИЛОНСКИОТ ДВОР

Ова поглавје се базира на Даниел 1. глава

Помеѓу синовите Израелови одведени во Вавилон на почетокот од седумдесетте години на робување, имало христијански родољуби луѓе кои во поглед на начелата биле цврсти како челик, кои не дозволувале себичноста да ги изопачи, и на кои Божјата слава им била поважна од сè. Во земјата во која робувале, тие луѓе требало да допринесат за остварување на Божјата цел, сведочејќи на незнабожечкиот народ за благословите кои доаѓаат преку познавањето на Јехова. Одредени да бидат Негови претставници, никогаш не попуштале на идолопоклониците; нивна должност била во висока чест да ја држат својата вера и своето име како обожувачи на живиот Бог. А тие така и правеле. Во добро и во зло тие го прославувале Бога, и Бог ги прославувал нив. {ПЦ 479.1}

Тоа што Јеховините поклоници паднале под вавилонско ропство, а садовите од Божјиот дом биле преместени во храмот на вавилонските богови, победниците самофално го наведувале како доказ дека нивната вера и обичај е подобар од еврејскиот. Меѓутоа, Бог токму преку понижувањето на кое Израелците биле изложени во контекст на одвојувањето од Него, му пружил на Вавилон доказ за Својата надмоќ, за светоста на Својот закон и сигурните последици на послушноста. А тоа сведоштво го дал, и така единствено можело да биде, преку оние кои Му останале верни. {ПЦ 479.2}

Меѓу оние кои што останале верни на Бога се наоѓале Даниел и неговите тројца придружници светли примери на тоа какви можат да бидат луѓето кои ќе се соединат со Бога, кој е полн со мудрост и сила. Од своите прилично скромни еврејски домови, овие млади од царско потекло биле доведени во еден од највеличествените градови и во дворот на најголемиот светски владетел. „Царот му нареди на Асфеназа, старешината на своите придворници да доведе од синовите Израелови неколку момчиња од царски или од благороднички род: нека бидат без недостатоци, убави, вешти во секоја мудрост, добро поучени и бистри, достојни да стојат во царскиот дворец..". {ПЦ 480.1}

„Меѓу нив беа Јудејците: Даниел, Ананиј, Мисаил и Азариј". Воочувајќи дека тие младичи покажуваат посебни способности, Навуходоносор одлучил дека треба да бидат подготвени за значајни положби во Неговото царство. За да би ги оспособил потполно за нивното животно дело, одредил да го научат халдејскиот јазик и во текот на стекнувањето на образованието да ги уживаат привилегиите кои ги имале кнезовите на царството. {ПЦ 480.2}

Имињата на Данило и неговите другари биле променети и тие добиле имиња на халдејските божества. Родителите, евреи, придавале големо значење на имињата кои им ги давале на своите деца. Често пати тие имиња означувале црти на карактерот кои родителите посакувале да се развијат кај своето дете. Старешината кој се грижел за заробените младичи, „на Даниел му најде име Валтазар, на Ананиј Седрах, на Мисаил Мисах, а на Азариј Авденаго". {ПЦ 480.3}

Царот не ги присилувал младите Евреи да се одречат од својата вера и да му пријдат на идолопоклонството, но се надевал дека тоа ќе го оствари постепено. Давајќи им имиња кои потсетувале на идолопоклонство, доведувајќи ги секој ден во близок допир со идолопоклоничките обичаи и ставајќи ги под влијание на заводливи обреди на незнабожечка служба, се надевал дека ќе ги наведе да се одречат од верата на својот народ и да му се приклучат на идолопоклонството на Вавилонците. {ПЦ 481.1}

Нивниот карактер бил ставен на проба уште на самиот почеток на нивниот животен пат. Било одлучено да јадат храна и да пијат вино од царевата трпеза. Царот на тој начин имал намера да им даде доказ за својата наклонетост и грижа за нивното добро. Меѓутоа, храната од царевата трпеза била посветена на идоли, и еден нејзин дел им бил жртвуван. Оној кој би земал таква храна, би бил сметан за почитувач на вавилонските богови. Верноста кон Господа им забранувала на Даниел и неговите другари така да постапуваат. Дури и само да се правеле дека јадат од храната и пијат од виното, ќе значело дека се одрекле од својата вера. Тоа да се направи би значело да се пријде кон незнабоштво и да се осрамотат начелата на Божјиот закон. {ПЦ 481.2}

Исто така, тие не смееле да се изложуваат на опасното влијание на раскошот и расипништвото на телесниот, душевениот и духовниот развој. Тие биле запознаени со случајот на Надав и Авијад, за чија неумереност и нејзини последици говорат Мојсеевите книги; и тие знаеле дека употребата на вино штетно би влијаела врз нивните телесни и душевни сили. {ПЦ 482.1}

Даниел и неговите другари биле воспитувани од своите родители на строга умереност. Тие биле поучени дека Бога ги смета нив одговорни за своите способности и дека никогаш не треба да ги слабеат или рушат своите сили. Тоа воспитување на Даниел и неговите другари им пружило можност да се одржат покрај сите расипнички влијанија кои владееле во вавилонскиот дворец. Тие во тој изопачен и раскошен дворец биле изложени на силни искушенија, но останале неизвалкани. Никаква сила,

никакво влијание не можело да ги одвои од начелата кои ги примиле во раната младост проучувајќи ја Речта и Божјите дела. {ПЦ 482.2}

Да го сакал тоа, Даниел можел да најде навидум уверливи изговори да ги напушти своите навики на строга умереност. Можел да рече дека за него, со обѕир дека зависи од царевата милост и дека е под негова власт, нема друг пат туку да ја јаде храната од царевата трпеза и да го пие неговото вино, бидејќи, доколку би се придржувал на божественото учење, ќе го увреди царот и веројатно ќе ја изгуби својата положба и животот. Кога би ја отфрлил Господовата заповед, би ја сочувал наклонетоста на царот и би си обезбедил себеси предност за интелектуален развој и ласкав световен просперитет. {ПЦ 482.3}

Но, Даниел не се колебал. Божјата наклонетост му била подрага од наклонетоста на најмоќниот земски владетел, па и од самиот живот. Тој одлучил да остане цврст во својот интегритет, без оглед на последиците. Тој „одлучи во срцето свое да не се осквернува со јадењето на царот и со виното кое тој го пиеше". И во својата одлука беше поддржан од своите тројца придружници, кои донеле иста одлука. {ПЦ 483.1}

При донесувањето на оваа одлука, еврејските младичи не постапиле самоуверено, туку цврсто се надевале во Бога. Тие не одлучиле да бидат необични, но попрво би биле и тоа, отколку да му нанесат срам на Бога. Во таа прилика да попуштеле на злото подлегнувајќи на притисокот на околностите, отстапувањето од начелата би го ослабело нивното чувство за правичност и одвратност кон злото. Првиот лош чекор би водел кон втор, така што нивната врска со небото би била раскината, и искушението би ги совладало. {ПЦ 483.2}

„Му даде Бог на Даниел па најде благонаклоност и љубов кај старешината над дворјаните", па неговата молба да не се оскверни, била примена со почитување. Но старешината сепак се двоумел да им излезе во пресрет. Тој му објаснил на Даниел: „Се бојам од господарот свој, својот цар, кој ви одреди јадење и пиење; зашто кога царот ќе ви ги види лицата полоши отколку кај останатите момчиња од ваша возраст, зошто да направите да бидам виновен пред царот?" {ПЦ 483.3}

Даниел тогаш му се обратил на Амелсар, службеник со посебна должност да се грижи за младите евреи, молејќи го да им дозволи да не јадат месо и не пијат вино од царевата трпеза. Побарал да ги прегледа по десет дена, и за тоа време тие да јадат едноставна храна, а нивните врсници од царската трпеза. {ПЦ 483.4}

И покрај тоа што стравувал да не навлече врз себеси царево негодување ако ја исполни таа молба, Амелсар сепак се согласил, и Даниел знаел дека неговото тврдење ќе се покаже точно. По десетдневниот тест, резултатот го тргнал стравувањето на старешината. „Лицата им дојдоа поубави и помеснати отколку на сите момчиња кои јадеа од царското јадење". По својот изглед овие момци очигледно отскокнувале од своите врсници. Заради тоа на Данило и неговите другари им било дозволено да продолжат со својата едноставна исхрана за време на нивното целосно школување. {ПЦ 484.1}

Три години тие млади Евреи учеле за да се придобијат со „знаењето и јазикот Халдејски". За тоа време тие цврсто се држеле за верноста кон Бога и непрекинато се потпирале на Неговата сила. Навиките на самоодрекување се придружиле кон ревноста, работливоста и истрајноста. Тие не дошле во царскиот двор заради некаква гордост или славољубие; не дошле заради тоа во друштвото на оние кои не го познавале ниту се боеле од Бога.; тие биле пленици во една странска земја, таму поставени од Бескрајната Мудрост. Одвоени од домашното влијание и посветеното

друштво, тежнееле совесно да ја извршат својата должност, на чест на својот поробен народ и за слава на Оној чии слуги биле. {ПЦ 484.2}

Господ со одобрување ја посматрал одлучноста и самоодрекувањето на младите евреи, чистотата на нивните мотиви и Неговиот благослов ги прател. Тој им дал „знаење и разбирање на секоја книга и мудрост; а на Даниел му даде да ги разбира сите виденија и соништа". Било исполнето ветувањето: „Ќе ги прославам оние кои Ме прославуваат Мене". (1. Самоилова 2:30). Бидејќи Даниел се потпирал на Бога со непоколеблива доверба, врз него се спуштил духот на пророчката сила. Додека од луѓето примал упатства во поглед на должностите во дворецот, Бог го поучил како да ги чита тајните на иднината и да ги запишува за идните поколенија по пат на симболи и знаци случувањата кои ја опфаќаат историјата на овој свет до свршетокот на времето. {ПЦ 484.3}

Кога дошло време младите да се стават на проба, евреите биле испитувани заедно со останатите за служба во царството. Но „меѓу сите не се најде ниеден како Даниел, Ананија, Мисаил и Азарија". Нивната остроумност, обемното знаење, одбраниот и течен јазик сведочеле за неослабената сила и јачина на нивните ментални сили. „За сè што требаше мудрост и разум, што ќе ги прашаше царот, најде дека се за десет пати подобри од сите врачари и ѕвездари што беа во неговото царство;" „и затоа тие стоеја пред царот". {ПЦ 485.1}

Во вавилонскиот двор биле собрани претставници од сите земји луѓе со најголеми способности, богато надарени со таленти по природа, со најшироко образование кое светот може да го даде. Меѓутоа, помеѓу сите нив, на еврејските момчиња никој не им бил рамен. Според телесната сила и убавина, по свежината на умот и образованието им немало сопарник. Висок стас, сигурен чекор, ведро лице, непоматени сетила, свеж здив сите тие биле знаци на благородност со кои природата ги почестува оние кои се покоруваат на нејзините закони. {ПЦ 485.2}

Во стекнувањето на вавилонските мудрости Даниел и неговите другари имале многу повеќе успех од своите врсници, и тоа не било случајно. Тие стекнале знаење со верно искористување на сопствените сили, под водство на Светиот Дух. Одржувале врска со Изворот на мудроста, земајќи го за темел на своето образование познавањето на Бога. Со вера се молеле за мудрост и живееле во склад со своите молитви. Постапувале во секоја прилика така што Бог можел да ги благослови. Го одбегнувале она што можело да ги ослабе нивните сили и ја користеле секоја можност да стекнат знаење од сите области на науката. Се придржувале до сите животни прописи кои им ја обезбедиле силата на разумот и тежнееле да стекнат знаење заради една цел да го прославаат Бога. Тие сфатиле дека мораат да имаат бистар ум и да усовршуваат христијански карактер, и како претставници на вистинската вера, да можат да се одразат покрај незнабожечката вера. Самиот Бог бил нивен учител. Молејќи се непрекинато, учејќи совесно, одржувајќи врска со Невидливиот, тие чекореле со Бога како што тоа го чинеше Енох. {ПЦ 486.1}

Вистинскиот успех во било која работа не е последица на случајност или среќна судбина, туку дело на Божјото провидение, награда за вера и промисленост, за доблест и истрајност. Префинетите особини на разумот и високите морални својства не се последица на случајност. Бог дава можности успехот зависи од начинот на кој тие можности се искористуваат. {ПЦ 486.2}

И покрај тоа што Бог влијаел врз Даниел и неговите придружници „да сакаат и да постапуваат како што Му е угодно", (Филипјаните 2:13) тие и самите работеле на

сопственото спасение. Тука се открива дејството на божественото начело на соработка без кое не е можно да се постигне било каков успех. Човечките напори нема да бидат од корист без божествената сила; а без човечкиот труд божествениот напор кај мнозина нема да имаат никакво дејство. Мораме да направиме сè од своја страна за да примиме Божја благодат. Неговата благодат е дадена да делува во нас да сакаме и да чиниме, но никогаш како замена за нашите лични напори. {ПЦ 486.3}

Како што Господ соработувал со Даниел и неговите другари, Тој исто така ќе соработува со сите оние кои се трудат да ја извршуваат Неговата волја. Со Својот Дух Бог ќе го зајакне секој искрен мотив, секоја благородна одлука. Оние кои одат по патеката на послушноста наидуваат на многу пречки. Силните, префинети влијанија на сатаната може незабележливо да ги врзуваат за овој свет, но Господ е во состојба да го отклони сè она што оди на штета на Своите избраници. Тие можат со Негова сила да го совладаат секое искушение, да ја победат секоја потешкотија. {ПЦ 487.1}

Бог ги довел Даниел и неговите другари во контакт со големите луѓе на Вавилон, да бидат претставници на Неговиот карактер во еден идолопоклонички народ. Како тие се оспособиле да бидат на положба за толку висока доверба и чест? Верноста во малите работи им дала обележје за целиот нивни живот. Тие го почитувале Бога при вршењето на малите должности како и при носењето на поголеми одговорности. {ПЦ 487.2}

Како што го повикал Даниел да сведочи за Него во Вавилон, така Бог нè повикува и нас да бидеме Негови сведоци во денешниот свет. Тој сака ние во најмалите како и во најсериозните животни прашања да им ги откриваме на луѓето начелата на Неговото царство. Мнозина чекаат да им се довери некое големо дело, додека секојдневно пропуштаат можност да покажат верност кон Бога, во сесрдно обавување на малите должности. Додека чекаат на некое големо дело каде што би се истакнале нивните посебни способности и би си ги задоволиле своите славољубиви желби, нивните денови проаѓаат. {ПЦ 487.3}

Во животот на вистинските христијани нема безначајни работи. Во очите на Семожниот секоја должност е значајна. Неискористените способности исто така се бележат како и искористените. На нас ќе ни се суди според она што требало да го направиме, а не сме го направиле пропуштајќи своите способности да ги искористиме за Божја слава. {ПЦ 488.1}

Благороден карактер не е последица на случајност, ниту е резултат на посебна наклонетост или дар на провидение. Тој е резултат на самодисциплина, потчинување на пониската кон повозвишената природа, во предавањето на себеси во служба на Бога и човекот. {ПЦ 488.2}

Истакнувајќи ја верноста која еврејските момчиња ја покажале во однос на начелата на умереност, Бог и зборува и на денешната младина. Потребни се луѓе кои како Даниел смело ќе работат за делото на правичноста. Потребни се чисти срца, силни раце, бестрашна храброст, затоа што во војната помеѓу порокот и доблеста е потребно непрекинато бдеење. На секоја душа сатаната и приоѓа со различни искушенија во примамливи форми во однос на задоволувања на желбите. {ПЦ 488.3}

Телото е најзначаен посредник преку кое се развиваат разумот и душата и така се изградува карактерот. Токму заради тоа непријателот ја насочува душата кон своите искушенија на ослабување и уништување на телесните сили. Неговиот успех во тој поглед често пати значи покорување на целото битие на злото. Ако не се потчинети на вишите сили, склоностите на телесната природа неизбежно водат во пропаст и смрт. Телото мора да се потчини на возвишените сили на битието. Волјата мора да владее

над страстите и да биде потчинета на Бога. Владејачката моќ на разумот, посветена преку божествената благодат, мора да биде од најголемо влијание во животот. Силата на разумот, телесната издржливост и должината на животот зависат од непроменливите закони. Доколку се води по тие закони, човек може да се победи самиот себе и своите склоности, може да биде победник над поглаварствата и властите, над „управителите на темнината на овој свет", и „духовите на злобата под небото". (Ефесјаните 6:12). {ПЦ 488.4}

Во некогашните обреди, кои симболично укажувале на евангелието, на Божјиот олтар можела да биде донесена само жртва без мани. Жртвата која го претставувала Христа морала да биде беспрекорна. Божјата Реч укажува на тоа како на пример какви треба да бидат Неговите деца „жртва жива", „света и без мани". (Римјаните 12:1; Ефесјаните 5:27). {ПЦ 489.1}

Младите Евреи имале страсти слични на нашите; меѓутоа, покрај заводливите влијанија во вавилонскиот двор, останале цврсти затоа што се потпирале на бескрајната Божја сила. Во нив незнабожечкиот народ гледал пример на добрина, Божјо добродетелство и Христова љубов. Нивниот живот ни дава пример на победа на начелата над искушенијата, чистота над расипаноста, предаденост и верност над безбожништвото и идолопоклонството. {ПЦ 489.2}

И денешните млади луѓе и жени можат да имаат дух кој го поседувал Даниел; тие би можеле да се напојуваат на истиот извор на сила, би можеле да ја имаат истата сила на самосовладување и да ја откриваат истата убавина во својот живот, под исто толку неповолни околности. И покрај тоа што се опкружени со искушенија, посебно во нашите големи градови, каде што сите облици на чулно задоволство се лесно достапни, тие сепак преку Божјата благодат можат цврсто да се држат до својата цел да го прослават Господа. Со цврстата решеност и непрекинато стражарење тие можат да се спротивстават на секое искушение кое ја оспеднува душата. А победа ќе извојува само оној кој ќе одлучи да врши право затоа што тоа го бара правдата. {ПЦ 489.3}

Какво ли само било животното дело на тие благородни Јудејци! Кога се опростувале од домот на своето детство, не ни помислувале каков возвишен повик ги чека. Верни и непоколебливи, се покориле на Божјото водство, така што Бог преку нив можел да ја оствари Својата цел. {ПЦ 490.1}

Бог сака преку денешната младина и деца да ги открие оние исти моќни вистини кои ги откривал преку овие луѓе. Животот на Даниел и неговите другари ни даваат пример на она што Бог може да направи за оние кои Му се покоруваат сесрдно настојувајќи да ја исполнат Неговата цел. {ПЦ 490.2}

ПОГЛАВЈЕ 40 - СОНОТ НА НАВУХОДОНОСОР

Ова поглавје се базира на Даниел 2. глава

Набрзо откако Даниел и неговите придружници стапиле во служба на вавилонскиот цар, се одиграле настани кои на идолопоклоничкиот народ му ги откриле силата и верноста на Израеловиот Бог. Навуходоносор сонил необичен сон заради кој „му се вознемири духот и сонот му избега". Меѓутоа, иако овој сон оставил врз него длабок впечаток, царот по будењето не можел да се сети на деталите. {ПЦ 491.1}

Во својата збунетост Навуходоносор ги собрал своите мудреци „волшебниците, ѕвездарите и гатачите" и побарал нивна помош. „Сонив сон", рекол тој, и „ми се вознемири духот од желбата да го разберам сонот". Изразувајќи ја на тој начин својата вознемиреност царот барал да му го откријат сонот, донесувајќи му олеснување на неговата душа. {ПЦ 491.2}

Мудреците на тоа одговориле: „Царе, жив да си довека! Кажи им го сонот на твоите слуги па ќе ти кажеме што значи". {ПЦ 491.3}

Незадоволен од нивниот неодреден одговор и сомневајќи се во нивната подготвеност да му помогнат, фалејќи се претходно дека можат да откриваат тајни, царот заповедал не само да му го протолкуваат сонот туку и да му кажат што сонил, ветувајќи им богатство ако го направат ова, и заканувајќи им се со смрт ако не успеат во тоа. Тој рекол: „Го заборавив; ако не ми кажете што сум сонувал и што значи сонот, ќе бидете исечени на парчиња и вашите куќи ќе бидат буништа. Но ако ми го откриете мојот сон и неговото значење ќе добиете од мене дарови и награди и големи почести". {ПЦ 492.1}

Но мудреците повторно одговорија: „Нека ни го каже царот сонот на слугите свои, па ќе ти кажеме што значи". {ПЦ 492.2}

Возбуден и расрден заради лукавството на луѓето во кои имал доверба, Навуходоносор изјавил: „Навистина гледам дека сакате да добиете во време; зашто гледате дека сум го заборавил. Но ако не ми кажете што сум сонил и што значи тоа, ве чека суд, зашто сте се договориле да кажете пред мене лага и измама додека да помине времето: затоа кажете ми го сонот, па ќе знам дали ќе можете да ми го кажете и неговото значење". {ПЦ 492.3}

Плашејќи се од последиците од својот неуспех, волшебниците се обиделе да го убедат царот дека неговото барање е наразумно, дека било кога некогаш не е побарано такво нешто од некој човек. „Нема човек на земјата", тврделе тие, „кој ќе може да му го каже на царот тоа што сака; затоа ниеден цар ниту кнез ниту владетел никогаш не посакал такво нешто од своите волшебници или ѕвездари или Халдејци. И тоа што го сака царот е многу тешко; ниту има некој друг што ќе може да му го каже тоа на царот освен боговите кои не живеат помеѓу луѓето". {ПЦ 492.4}

Тогаш „царот се разлути и многу се разгневи, и заповеда да се погубат сите вавилонски мудреци". {ПЦ 493.1}

Со цел да се изврши царската наредба, старешините помеѓу останатите го побарале Даниел и неговите другари. Кога му било кажано дека според царската наредба и тој мора да биде погубен, Даниел „со мудри и умни зборови" го запрашал Ариох, заповедникот на стражарите: „Зошто е дадена таква брза наредба од царот?" Ариох му ја раскажал царевата загриженост во врска со необичниот сон и дека не успеал да добие помош од оние врз кои до тогаш имал целосна доверба. Слушајќи го ова, Даниел ризикувајќи го животот се осмелил да излезе пред царот, молејќи да му остави време за да му се обрати на Бога со молба да му го открие сонот и неговото значење. {ПЦ 493.2}

Владетелот го задоволил барањето. „Потоа отиде Даниел во домот свој, и им ја кажа работата на Ананиј, Мисаил и Азариј, своите другари". Заедно побарале мудрост од Изворот на светлината и знаењето. Верата им била силна, зашто биле свесни дека Бог ги поставил на тоа место, да го работат Неговото дело извршувајќи ја својата должност. Во денови на збунетост и опасност, тие секогаш Му се обраќале за водство и заштита, и Тој секогаш им пружал помош. Сега со смерни срца повторно се покориле

пред Судијата на цела земја, молејќи Го да им подари ослободување во моментот на оваа посебна неволја. И залудно не се молеле. Бог кого го почитувале, и сам одговорил со почитување. Духот Господов почивал врз нив, и на Даниел „во ноќно видение" му бил откриен царевиот сон и неговото значење. {ПЦ 493.3}

Прво нешто што Даниел направил било да Му заблагодари на Бога за откровението кое му било дадено. „Благословено да е името Господово во веки веков", извикал Даниел; „зашто Негови се мудроста и силата; и Тој ги менува времињата и деновите; соборува цареви и поставува цареви; дава мудрост на мудрите и разум на разумните. Тој открива што е длабоко и сокриено, знае што има во мракот, и светлината пребива кај Него. Тебе, Боже на татковците мои, те фалам и славам, што ми даде мудрост и сила, што си ми објавил за тоа што те молевме и ни го објави царевиот сон". {ПЦ 494.1}

Одејќи веднаш кај Ариох, на кого царот му наредил да ги погуби сите мудреци, Даниел му рече: „Не ги погубувај вавилонските мудреци; изведи ме пред царот да му кажам на царот што значи сонот". Тогаш Ариох неодложно го приведе Даниела пред царот со зборовите: „Најдов човек од заробените синови на Јудеја, кој може да му го открие на царот значењето на сонот". {ПЦ 494.2}

Замислете го еврејскиот пленик, мирен и сталожен, во присуство на најмоќниот цар на светот. Во своите први зборови тој истакнал пред сè, дека честа не му припаѓа на Данило, туку на Бога како Извор на секоја мудрост. На загриженото царево прашање: „Можеш ли да ми го кажеш сонот што го сонив и што значи?" Даниел одговорил: „Тајните кои што не можат мудреците да му ги кажат ниту ѕвездарите ниту волшебниците ниту гатачите. Туку има Бог на небото кој ги открива тајните и му соопшти на царот Навуходоносор она што ќе биде во последните денови". {ПЦ 494.3}

„Сонот твој", рекол Даниел, „и тоа што ти видела главата на твојата постела е ова: тебе, царе, ти дојдоа мисли на постелата за тоа што ќе се случи подоцна, и Оној кој ги објавува тајните, ти покажа она што ќе биде. Иако немам мудрост повеќе отколку другите смртници, таа тајна ми е откриена само затоа за да му го соопштам на царот неговото значење и за да ги запознаеш мислите на твоето срце. {ПЦ 497.1}

Ти, царе, виде а тоа голем кип: голем беше ликот и светлината му беше силна, и стоеше кон тебе, и страшен беше во очите. Главата на тој лик беше од чисто злато, градите и рацете од сребро, стомакот и бедрата од бронза, нозете од железо а стапалата делумно од железо делумно од глина. {ПЦ 497.2}

Ти гледаше сè додека не се одвали камен а да не го допре рака, и удри во стапалата од кипот од железо и глина и ги сотре. Тогаш се сотре и железото и глината и бронзата и среброто и златото, и постана како плева на гумно во лето, та го однесе ветерот, и не му се најде местото; а каменот кој го удри кипот, стана голема гора и ја исполни сета земја. {ПЦ 497.3}

„Тоа е сонот", верно изјавил Даниел. Слушајќи го со најголемо внимание секој детал, царот бил убеден дека е тоа навистина оној сон кој толку го вознемирил. Затоа и бил подготвен да го прифати толкувањето. Царот над царевите се подготвувал да ја изнесе големата вистина на вавилонскиот владетел. Бог сакал да покаже дека Тој всушност владее над царевите на овој свет, дека има моќ да поставува и да соборува цареви. Требало во граници на можностите да разбуди кај Навуходоносор чувство на одговорност кон Небото. Пред него ќе се откријат случувањата на иднината, сè до крајот на векот. {ПЦ 497.4}

Даниел продолжил: „Ти си, царе, цар над царевите, зашто небесниот Бог ти го даде царството, силата и крепоста и славата; во чии раце ги стави, каде и да се нашле

човечките синови, полските sверови и птиците небесни, и те поставил за господар над сето тоа. Ти си главата од злато. {ПЦ 498.1}

„А после тебе ќе настане друго царство помало од твоето; а потоа трето царство бронзено, кое ќе владее по оваа земја". {ПЦ 498.2}

„А четвртото царство ќе биде тврдо како железо, зашто железото сотрува и здробува сè, и како железото што се крши, така и ќе уништува и здробува". {ПЦ 498.3}

„А стапалата и прстите што ги виде делумно од глина а делумно од железо, ќе биде раздвоено царство, но во него ќе има тврдост на железо, зашто виде железо помешано со глина. И тоа што прстите на нозете беа помешани со железо и глина, царството ќе биде делумно силно делумно кревко. А тоа што виде железо помешано со глина, тие ќе се помешаат со семето човечко, но нема да се зближат еден со друг, како што железото не се меша со глината". {ПЦ 498.4}

„А во времето на тие цареви небесниот Бог ќе подигне царство кое нема да се растури до века и тоа царство нема да се остави на друг народ; тоа ќе ги разбие и уништи сите тие царства, а самото ќе остане до века како што виде дека од планината се одвали камен без рака и го сотре железото, бронзата, глината, среброто и златото. Великиот Бог му јави на царот што ќе биде потоа; сонот е вистинит и толкувањето му е веродостојно". {ПЦ 499.1}

Царот бил уверен во вистинитоста на толкувањето и во понизност и страв „падна на своето лице и се поклони", говорејќи: „Навистина, вашиот Бог е Бог над боговите и Господар над царевите, Откривач на тајни, кога можеше да ја открие оваа тајна". {ПЦ 499.2}

Навуходоносор ја повлекол заповедта за погубување на мудреците. Нивниот живот бил поштеден благодарение на Даниеловата поврзаност со Оној кој открива тајни. И „царот го возвиши Даниел, и му даде многу големи дарови и го направи за господар врз својата земја Вавилон и поглавар над своите мудреци во Вавилон. И Даниел измоли од царот, па ги постави над работите земски во Вавилон Седрах, Мисах и Авденаго а Даниел остана во царевиот двор". {ПЦ 499.3}

Во анализите на човечката историја изгледа како среќата на народот и славата и падот на царевите да зависат од волјата и способностите на човекот, и се чини дека неговата сила, славољубие и моќта на големите дела влијаат врз настаните. Меѓутоа, во Божјата Реч е подигната завеса така што низ целата оваа игра на човечки интереси, моќ и страсти можеме да го согледаме делувањето на силата на Семожниот, и речиси нечујното остварување на Неговата волја. {ПЦ 499.4}

Апостол Павле со зборови на недостижна убавина и нежност им ја опишал на мудреците во Атина Божјата намера при создавањето и поделбите на расите и народите. „Бог кој го создал светот и сè што е во него", рекол Павле, „направил од една човечка крв да живее целиот човечки род по целото лице на земјата, и поставил најнапред одредено време и граници на нивното живеење: да го бараат Господа, не би ли го барем напипале и нашле". (Дела 17:24-27). {ПЦ 500.1}

Бог јасно рекол дека секој што сака може да дојде „во оковите на заветот". (Езекиел 20:37). Неговата намера при создавање на светот била земјата да биде населена со битија кои ќе бидат благослов за себе и за другите, и кои ќе го величаат својот Творец. Сите кои тоа го сакаат можат да работат на остварување на оваа Божја намера. За нив е речено: „И народот што го создадов за Себе ќе ја возвестува Мојата слава! (Исаија 43:21). {ПЦ 500.2}

Бог во Својот закон јасно укажал на начелата кои се основа за секој вистински напредок, како за народот така и за поединците. Мојсеј по повод на тој закон им рекол на Израелците: „Тоа е вашата мудрост и вашиот разум". „Зашто тие не се за вас празни зборови, туку ваш живот". (Второзаконие 4:6; 32:47). Благодетите кои биле ветени на Израел под тие услови, биле ветени под исти услови и во иста мерка на сите народи и на секој поединец под небото. {ПЦ 500.3}

Неколку стотини години пред некои народи да стапат на сцената на историјата, Семожниот со Својот поглед ја опфатил и ја претскажал славата и падот на светските царства. Бог му рекол на Навуходоносор дека вавилонското царство ќе пропадне, и дека потоа ќе се подигне друго царство кое исто така ќе има свое време на проба. Но тоа нема да го слави вистинскиот Бог, па неговата слава ќе потемне и на негово место ќе дојде трето царство. И тоа царство ќе исчезне и ќе дојде четврто, силно како железо, кое ќе ги покори сите народи на земјата. {ПЦ 501.1}

Владетелите на Вавилон, на тоа најбогато царство на земјата, да негувале во своето срце страв Господов, би добиле мудрост и сила, што би ги поврзале тесно кон Него и би ја одржувало нивната сила. Но Бог бил нивно пристаниште само во време на неволји и несреќи. Во такви моменти, бидејќи не можеле да добијат помош од своите големи луѓе, барале луѓе такви каков што бил Даниел, за кој знаеле дека го почитува живиот Бог и дека исто така бил почитуван од Бога. Им се обраќале на овие луѓе да им ги откријат тајните на провидението; затоа што, и покрај тоа што вавилонските цареви биле со големи умови, со своите престапи толку се одвоиле од Бога, што не можеле да ги разберат откровенијата и опомените кои им биле дадени во поглед на иднината. {ПЦ 501.2}

Оние кои што ја проучуваат Божјата Реч можат во историјата на народите да најдат веродостојно исполнување на божествените пророштва. Вавилон најпосле бил совладан и уништен, затоа што неговите цареви во периодот на напредок сметале дека не зависат од Бога и славата на своето царство и ја препишувале на човечкото достигнување. Медо-персиското царство го достигнало гневот од небото, затоа што во него е погазен Божјиот закон. Во срцето на најголемите дела на народот немало место за Божји страв. Насекаде владеело безбожништво, богохулење и расипаност. Царствата кои што дошле подоцна биле уште порасипани и паѓале сè пониско во морален поглед. {ПЦ 501.3}

Власта на секој владетел на земјата доаѓа од небото, и неговиот успех зависи од начинот на кој ќе ја употреби таа власт. На секогосе однесува божјата реч: „Јас те препашав, иако не Ме познаваше". (Исаија 45:5). И на секоготреба да му служат како животна поука зборовите кои му биле упатени на Навуходоносор: „Искупи ги своите гревови со праведност и своите беззаконија со милосрдие кон бедните, за да ти продолжи мирот". (Даниел 4:27). {ПЦ 502.1}

Сфаќајќи го ова разбирајќи дека „праведноста го возвишува народот", дека „престолот се зацврстува преку праведноста", и „поддржан преку милоста;" (Изреки 14:34; 16:12; 20:28), разбирајќи го делувањето на овие начела во откровението на силата на Оној кој поставува и соборува цареви тоа значи да се разбере филозофијата на историјата. {ПЦ 502.2}

Ова е јасно изложено единствено во Божјата Реч. Тука се гледа дека силата на народот и поединците не почива врз материјални средства кои ги прават непобедливи во очите на луѓето, ниту се гледа во самофалбената големина. Таа сила се мери со верноста со која што тие ја остваруваат Божјата намера. {ПЦ 502.3}

ПОГЛАВЈЕ 41 - ОГНЕНА ПЕЧКА

Ова поглавје се базира на Даниел 3. глава

Сонот за големиот лик, кој на Навуходоносор му ги открил случките до крајот на земската историја, бил даден за тој да разбере каква улога треба да одигра во историјата на светот и во каков однос би требало да биде неговото царство кон небесното царство. Во толкувањето на сонот јасно му било покажано на воспоставување на вечното Божјо царство. „Во времето на овие цареви Небесниот Бог ќе подигне Царство кое никогаш нема да пропадне и не ќе помине врз некој друг народ. Тоа ќе ги разбие и ќе ги уништи сите оние царства, а самото ќе стои довека...Сонот е вистинит, а толкувањето му е веродостојно". рекол Данило". (Даниел 2:44,45). {ПЦ 503.1}

Царот ја признал Божјата сила велејќи му на Даниел: „Навистина вашиот Бог е Бог над боговите... Откривач на тајни". (Даниел 2:47). Навуходоносор после оваа случка бил извесно време под влијание на стравот Господов, но неговото срце сè уште не било исчистено од световното славољубие и желба за самоиздигнување. Станал горд заради напредокот на своето царство. Со текот на времето престанал да го почитува Бога и се вратил на своето идолопоклонство со поголема ревност и заслепеност. {ПЦ 503.2}

Зборовите „Ти си главата од злато", оставиле длабок впечаток врз умот на царот. (Стих 38) Мудреците на неговото царство, користејќи го тоа и неговото враќање кон идолопоклонството, му предложиле да направи кип сличен на оној кој што го видел во сонот, и да го постави така да можат сите да ја гледаат главата од злато, за која било речено дека го прикажува неговото царство. {ПЦ 504.1}

На царот му се допаднал овој ласкав совет и тој одлучил да го оствари, па дури да направи и повеќе од тоа. Наместо да направи онаков лик каков што видел, настојувал да го прејде оригиналот. Неговиот лик нема да биде од главата па кон стапалата од сè поефтин материјал, туку целиот од злато, и така симболично ќе биде претставен Вавилон како вечно, несрушливо и семоќно царство кое ќе ги разбие сите други царства а самото тоа ќе трае засекогаш. {ПЦ 504.2}

Замислата да основа царство и династија која вечно ќе владее направила силен впечаток врз овој владетел на чие оружје не можеле да му одолеат народите по земјата. Поттикнат од неизмерна амбиција и гордост, тој се посоветувал со своите мудреци како тоа да го ствари. Заборавајќи на пророштвата откриени во врска со сонот за големиот кип, заборавајќи дека Израеловиот Бог преку својот слуга Даниел му го открил значењето на сонот и дека тоа толкување ги спасило од срамна смрт сите мудреци во царството, царот и неговите советници, со желба да ја утврдат својата сила и надмоќ, одлучиле на секој начин да го прикажат Вавилон како најголема сила на светот, на која сите мораат да и се покорат. {ПЦ 504.3}

Симболичниот лик кој му ја открил на царот и на народот Божјата намера во однос на земните царства, сега требало да послужи за прослава на човечката сила. Требало да се отфрли и заборави Даниеловото толкување, а вистината да се изопачи и искриви. Целта била да се спречи ширењето и прифаќањето на сознанието кое Бог го дал по пат на симболи, откривајќи им ги на луѓето значајните случки на иднината. Така сатаната тежнеел преку славољубивите луѓе да ја попречи Божјата цел за човечкиот род. Непријателот на луѓето знаел дека вистината претставува голема спасоносна сила кога

не е помешана со заблуда, но дека постанува сила на злото ако луѓето ја искористат за да се прослават себеси и да ги остварат своите себични цели. {ПЦ 505.1}

Навуходоносор дал од благото од неговата богата ризница да се направи златен кип во сè сличен на оној кој што го видел во сонот, освен во поглед на материјалот. Халдејците биле навикнати на величествени идоли на своите божества, но никогаш порано не создале така величествен и сјаен кип како овој кој бил шеесет лакти висок и шест лакти широк. И не е ни чудо што во земја каде што владеело идолопоклонство, тој прекрасен и непроценлив лик во рамнината Дура, кој ја претставувал славата, големината и моќта на Вавилон, да биде посветен како предмет на обожување. Тоа и било направено; издадена била заповед на денот на посветувањето сите да покажат безусловна верност кон вавилонската сила, поклонувајќи се пред кипот. {ПЦ 505.2}

Одредениот ден дошол и во полето Дура се собрало големо мноштво од сите „народи, племиња и јазици". Според царската заповед, кога се слушнале звуци на музика, сите присутни „клекнаа и се поклонија на златниот кип". Тој необичен ден, се чинело дека силите на темнината извојувале значајна победа. Изгледало дека поклонувањето на златниот кип ќе биде поврзано со вообичаените облици на идолопоклонство кое било признато како државна религија во земјата. Сатаната се надевал дека на тој начин ќе ја осуети Божјата цел со присуството на поробениот Израел во Вавилон како средство за благослов на сите незнабожечки народи. {ПЦ 506.1}

Меѓутоа, Бог поинаку одлучил. Сите не се поклониле на идолопоклоничкиот симбол на човечка сила. Покрај мноштвото кое се поклонувало се наоѓале тројца луѓе кои што биле цврсто решени да не му нанесуваат на таков начин срам на Небесниот Бог. Нивниот Бог бил Цар над царевите и Господар над господарите, и тие нема да му се поклонуваат на никој друг. {ПЦ 506.2}

До Навуходоносор, кој што ликувал, дошла вест дека помеѓу неговите поклоници има и такви кои се осмелиле да не ја послушаат неговата заповед. Гневни на почестите кои им биле укажувани на верните Даниелови другари, некои мудреци сега го известиле царот за очигледното прекршување на неговата волја. „Царе, жив да си довека" нагласиле тие. „Има луѓе евреи, кои си ги поставил над земните работи во Вавилон, Седрах, Мисах и Авденаго; тие луѓе, царе, не се покоруваат на твојата заповед, не им служат на твоите богови, и не се поклонуваат на златниот лик, кој што си го поставил". {ПЦ 506.3}

Царот заповедал тие луѓе да се изведат пред него. „Вистина ли е дека вие не им служите на моите богови и дека не се поклонувате на златниот кип кој што го поставив?" запрашал тој. Царот прибегнал кон закани за да ги наведе да се придружат кон мноштвото. Покажувајќи на огнената печка, тој ги предупредил на казната која ги чека ако и понатаму се противат на неговата волја. Меѓутоа, Евреите цврсто посведочиле за својата поврзаност со небесниот Бог и својата вера во Неговата моќ на избавување. Сметале ако се поклонуваат на кипот, значи дека го обожуваат, а таква чест тие можеле да му укажат само на Бога. {ПЦ 507.1}

Додека тројцата Евреи стоеле пред царот, тој се убедил дека кај нив има нешто што не постои кај останатите мудреци од неговото царство. Тие биле верни во исполнувањето на секоја должност. Царот сакал повторно да ги стави на проба. Кога само би сакале со останатите да се поклонат на кипот, тогаш сè би било во ред; „но ако не се поклоните, во тој час ќе бидете фрлени во огнена и вжарена печка", додал царот. Потоа со подигната рака во пркос запрашал: „Кој е тој Бог што ќе ве избави од мојата рака?" {ПЦ 507.2}

Царевите закани биле залудни. Тој не можел да ја разниша приврзаноста на овие луѓе на Владетелот на целата вселена. Тие од историјата на своите татковци научиле дека непослушноста кон Бога значи срам, несреќа и смрт, и дека стравот Божји е почеток на мудроста; темел на секој вистински просперитет. Гледајќи мирно во печката тие рекле: „Ние не треба да ти одговориме на тоа. Нашиот Бог, на кого му служиме, може да нè избави од вжарената печка, и ќе нè избави од твоите раце, царе". Нивната вера сè повеќе јакнела додека зборувале дека Бог ќе ги спаси за своја слава; потоа, со победоносна увереност која произлегува од верата во Бога, додале: „А и да не нè избави, знај, царе, ние нема да им служиме твоите богови, ниту ќе се поклониме на златниот кип, што си го поставил". {ПЦ 507.3}

Гневот на царот не знаел за граници. „Исполнет со бес", „ликот на неговото лице му се измени кон Седрах, Мисах и Авденаго" претставници на еден презрен и поробен народ. Наредувајќи да се вжари печката седум пати повеќе отколку вообичаено, тој им заповедал на најсилните луѓе од својата војска да ги врзат обожувачите на Израеловиот Бог и да ги подготват за брзо погубување. {ПЦ 508.1}

„Тогаш ги врзаа оние луѓе во наметките нивни, со обувките и со капите, и ги фрлија во огнена вжарена печка. Како што царевата заповед беше итна, и печката многу вжарена, огнениот пламен ги уби оние луѓе кои што ги фрлија Седрах, Мисах и Авденаго". {ПЦ 508.2}

Но Господ не ги заборавил своите. Кога неговите сведоци биле фрлени во печката, Спасителот лично им се открил одејќи со нив заедно среде огнот. Во присуство на Господарот над топлото и ладното, пламенот ја изгубил својата моќ. {ПЦ 508.3}

Царот посматрал од својот престол, очекувајќи луѓето кои што пркоселе да бидат потполно уништени. Но неговото победоносно расположение одненадеж се изменило. Дворјаните кои што стоеле блиску до него забележале како лицето му побледело кога станал од престолот, внимателно посматрајќи го огнот. Вознемирен, царот се свртел кон своите дворјани и ги прашал: „Нели фрливме тројца луѓе врзани во огнот?... Ете, гледам четворица одврзани каде што одат среде огнот и не им е ништо, а четвртиот е сличен на Синот Божји". {ПЦ 509.1}

Од каде знаел незнабожечкиот цар како изгледа Божјиот Син? Еврејските робови, кои се наоѓале на значајни позиции во Вавилон, му посведочиле за вистината со својот живот и карактер. Кога биле запрашани за основите на својата вера, одговориле без колебање. Тие јасно и едноставно ги изложувале начелата на праведноста, упатувајќи ги така и луѓето околу себе на Бога кому Му служеле. Говореле за Христа Спасителот кој ќе дојде; и во четвртото лице кое се наоѓало среде огнот, царот го препознал Божјиот Син. {ПЦ 509.2}

Заборавајќи на својата големина и достоинство, Навуходоносор се симнал од престолот и приоѓајќи до вратите на печката повикал: „Слуги на севишниот Бог, излезете и дојдете ваму!" {ПЦ 509.3}

И тогаш Седрах, Мисах и Авденаго излегле пред огромното мноштво неповредени. Присуството на нивниот Спасител ги сочувало од повреди. Изгореле само нивните окови. „И се собраа кнезовите и управителите и војводите и советниците на царот и ги видоа тие луѓе на кои што огнот не им наштети на нивните тела, ниту косата на главата им се запалила, ниту пак облеката им се променила, ниту здивот на огнот не се фати за нив. {ПЦ 509.4}

Бил заборавен големиот златен кип, поставен со толкав сјај. Луѓето стравувале и трепереле во присуство на живиот Бог. „Да е благословен Бог Седрахов, Мисахов и

Авденагов, кој го прати ангелот свој и ги избави слугите свои", понизениот цар бил принуден да признае, „Кој го испрати Својот ангел и ги избави Своите слуги, оние кои се надеваа во Него и не ја послушаа царевата заповед и кои ги дадоа своите тела за да не служат ниту се поклонуваат на друг Бог освен на својот Бог". {ПЦ 510.1}

Доживувањата од тој ден го навеле Навуходоносор да издаде заповед „сите народи, племиња и јазици, кои би го похулиле Седраховиот, Мисаховиот и Авденаговиот Бог да бидат раскинати на делови, а нивните куќи да бидат претворени во огниште". Наведувајќи причина за таа заповед, тој рекол: „Зашто не постои друг бог кој би можел да спаси како Овој". {ПЦ 510.2}

Со вакви и слични зборови вавилонскиот цар настојувал на сите народи на земјата да го покаже своето убедување дека силата и власта на еврејскиот Бог се достојни за највозвишено почитување. И на Бога Му било мило царевото настојување да Му укаже почитување и својата верност кон Бога да ја посведочи пред целото вавилонско царство. {ПЦ 510.3}

Царот направил добро што јавно го признал небесниот Бог и се трудел да Го возвиши над сите останати богови. Меѓутоа, настојувајќи да ги присили своите поданици на слично признание и укажување на истото почитување на Бог, Навуходоносор ја пречекорил границата на правата на земски владетел. Тој немал ниту граѓанско ниту морално право да им се заканува на луѓето со смрт затоа што не се поклонуваат на Бога, токму како што немал право да издаде заповед да се фрлат во оган сите оние кои што не се поклонуваат на златниот кип. Бог никогаш не ги присилува луѓето на послушност. Тој остава сите слободно да одлучат на кого ќе му служат. {ПЦ 510.4}

Ослободувајќи ги своите верни слуги, Господ покажал дека е на страната на угнетените, укорувајќи ги земските власти кои стануваат против власта на небото. Тројцата Евреи пред целата вавилонска нација ја покажале својата вера во Оној кому му служеле. Тие се надевале на Бога. Во моментите на искушение се сетиле на ветувањето: „Кога преминуваш преку вода, со тебе Сум; или преку река, нема да те потопи; Ако тргнеш низ оган, нема да изгориш, пламенот нема да те опали". (Исаија 43:2). И нивната вера во живата Реч била наградена пред сите на чудесен начин. Претставниците од разните народи кои Навуходоносор ги повикал за посветувањето на кипот, по многу земји ја разнеле веста за нивното чудесно избавување. По целата земја Бог бил прославуван за верноста на Своите деца. {ПЦ 511.1}

Значајни се поуките кои можат да се извлечат од искуствата на еврејските момчиња во полето Дура. И во наше време многу Божји слуги, иако невини, ќе бидат изложени на понижувања и злосторства од страна на оние кои што сатаната ги поттикнува и кои се исполнети со завист и верски фанатизам. Гневот на луѓето посебно ќе биде насочен против оние кои што ја светкуваат саботата според четвртата заповед; и на крај со општ декрет ќе бидат прогласени за виновници кои заслужуваат смрт. {ПЦ 512.1}

Во времето на неволјите кое му претстои на Божјиот народ ќе биде потребна непоколеблива вера. Неговите деца мораат да покажат дека Му служат единствено на Бога и дека ништо, дури ни животната опасност, не може да ги натера да направат и најмала отстапка кон идолопоклонство. За верното срце, заповедите на грешен, смртен човек стануваат безначајни во споредба со речта на вечниот Бог. Вистината ќе биде почитувана дури и последиците да бидат затвор, прогонство или смрт. {ПЦ 512.2}

Како и во времето на Седрах, Мисах и Авденаго, Господ во последните денови на историјата на оваа земја силно ќе работи за спасение на оние кои што непоколебливо

стојат на страната на правичноста. Оној кој со еврејските момчиња влегол во печката, ќе биде со Своите следбеници каде и да се наоѓаат тие. Неговото присуство ќе ги охрабри и поддржи. За време на неволјите неволји какви што немало такви откако постојат народите, Неговите избраници ќе останат постојани. Сатаната со целата војска на злото не може да го уништи ни најслабиот од Божјите светии. Нив ги штитат ангели непобедливи по сила, и заради нив Господ ќе се открие како „Бог над боговите", кој може да ги спаси целосно оние кои се надеваат на Него. {ПЦ 513.1}

ПОГЛАВЈЕ 42 - ВИСТИНСКА ГОЛЕМИНА

Ова поглавје се базира на Даниел 4. глава

Иако воздигнат до пиедесталот на земските почести и признат дури и од страна на Најголемиот како „цар над царевите" (Езекиел 26:7), Навуходоносор сепак од време на време ја припишувал својата слава и сјајот на своето владеење на Господовата благонаклоност. Така било после неговиот сон за големиот кип. Тоа видение длабоко влијаело врз неговата душа, како и помислата дека вавилонското царство и покрај својата големина ќе се сруши, дека и останатите царства ќе бидат потресени додека на крајот сите земски власти не бидат потчинети на царството кое што ќе го воспостави небесниот Бог, и кое никогаш нема да биде уништено. {ПЦ 514.1}

Во подоцнежниот живот Навуходоносор го изгубил од вид своето возвишено разбирање за Божјите цели во поглед на народот на земјата. Но кога неговиот горд дух се понизил пред масата во полето Дура, повторно признал дека царството Божјо е „царство вечно, и власта негова е од колено до колено". Тој бил идолопоклоник по раѓање и воспитување, меѓутоа, и покрај тоа што бил владетел на идолопоклонички народ, имал вродено чувство на правда, така што Бог можел да го употреби како орудие со кое ќе ги казни бунтовниците и ќе ја оствари својата волја. Како владетел „највешт меѓу народите" (Езекиел 28:7), Навуходоносор успеал по повеќе годишни големи напори да го освои Тир; потоа и Египет станал плен на неговата победничка војска. Доведувајќи една по една земја под вавилонска власт, тој сè повеќе се воздигал како најголем владетел на својата доба. {ПЦ 514.2}

Не е ни чудо што овој победник, славољубив горд владетел, дошол во искушение да скршне од патот на понизноста, кој единствено води во вистинска големина. Во интервалите помеѓу своите големи походи, тој посветувал многу труд на утврдување и разубавување на својата престолнина, така што Вавилон најпосле станал најголема слава на неговото царство, „златен град", „пофалба на целата земја". Неговата страст за градење и големиот обид од Вавилон да создаде едно од светските чуда, толку ја поттикнале неговата гордост што најпосле дошол во опасност да го изгуби гласот како мудар владетел, кого Бог можел да го употреби како оружје за остварување на своите планови. {ПЦ 515.1}

Бог во својата милост му дал на царот уште еден сон за да му укаже на опасноста и да го спаси од стапицата која би ја предизвикале неговата пропаст. Во едно ноќно видение Навуходоносор видел големо дрво кое расте на средина на земјата; врвот му допирал до небото а гранките се ширеле до крајот на земјата. Во неговата сенка се одмарале стада од планината и бреговите и во неговите гранки небесните птици ги

граделе своите гнезда. „Лисјата му беа убави и родот обилен, и на него имаше секаква храна... и секое тело се хранеше од нив”. {ПЦ 515.2}

Посматрајќи го ова прекрасно дрво царот забележал како „ете Стражар, Светец”, се приближил до дрвото и со силен глас извикал: {ПЦ 516.1}

„Исечете го дрвото, и скршете му ги гранките, искинете му ги лисјата и растурете му го плодот; нека побегнат sверовите под него и птиците од гранките негови. Но коренот со жилите оставете го во земјата, во окови железни и бронзени, во тревата полска, нека го кваси небесната роса и делот нека му биде со sверовите и тревата земска. Срцето човечко нека му се промени, и нека му се даде животинско срце, и седум времиња нека пројдат преку него. Тоа го одредиле стражарите и светиите, го изрекле за да познаат живите дека Севишниот владее со човечките царства, и го дава на кому сака, и поставува над него најпонизениот помеѓу луѓето”. {ПЦ 516.2}

Царот многу го вознемирил овој сон, зашто очигледно претскажувал несреќа. Го раскажал на волшебниците, sвездарите, халдејците и гатарите, и покрај тоа што сонот бил доста јасен, никој од нив не можел да го протолкува. {ПЦ 516.3}

Уште еднаш на овие незнабошци им било дадено сведоштво дека тајните на небесното царство можат да ги разберат само оние кои Го љубат Бога и се бојат од Него. Царот во неволјата се обратил кај својот слуга Даниел, човек кого го ценеле заради неговиот исправен и цврст карактер и неспоредливата мудрост. {ПЦ 516.4}

Кога Даниел, отповикувајќи се на повикот, се појавил пред Навуходоносор, овој му рече: „Валтасаре, поглавару на волшебниците, знам дека духот на светите богови е во тебе, и никаква тајна не ти е тешка; кажи го сонот мој што го сонив и неговото значење”. Бидејќи му го раскажал сонот, Навуходоносор побарал: „Валтасаре, кажи што значи, зашто ниеден мудрец во моето царство не може да ми каже што значи: а ти можеш, зашто во тебе е духот на светите богови”. {ПЦ 517.1}

На Даниел му било јасно што значи сонот и тоа оставило длабок впечаток врз него. Тој „остана занесен околу еден час, и мислите негови го вознемируваа”. Царот видел дека Даниел се колеба и дека е потиштен, па го охрабрил со зборовите: „Валтазаре, сонот и значењето негово нека не те вознемируваат”. {ПЦ 517.2}

„Господару мој”, одговори Даниел, „сонот нека им биде на твоите мразители, и неговото значење на твоите непријатели!” Пророкот сфатил дека Бог му доверил сериозна должност да му ја открие казната на Навуходоносор која ќе го снајде заради неговата злоба и занесување. Данило морал да го протолкува сонот со зборови со кои царот ќе може да разбере; и покрај тоа што неговата страшна мисла го навела да застане во страшно чудење, тој сепак морал да ја каже вистината без разлика на последиците за себеси. {ПЦ 517.3}

Даниел му ја открил пораката на царот од Семожниот. „Дрвото што си го видел”, рекол тој, „кое растеше и беше силно, на кое висината му достигна до небото, и кое се гледаше по земјата, на кое лисјето му беше убаво, и на кое имаше секаква храна, во кое живееја полските sверови и на гранките живееја птиците небесни, тоа си ти царе, кој си голем и силен, и големината твоја е висока која го достигнува небото и твојата власт е до краевите на земјата. {ПЦ 517.4}

„А тоа што царот го виде Стражарот и Светецот како слезе од небото и говореше: исечете го дрвото и раздробете го, но коренот со жилите оставете ги во земјата, во железни и бронзени окови, во полската трева нека го мие небесната роса и делот нека му биде со полските sверови додека не поминат седум времиња над него, ова значи, царе, и ова е наредба на севишниот која ќе се изврши врз мојот господар царот: ќе

бидеш прогонет помеѓу луѓето, и со sверовите полски ќе живееш, и ќе те хранат со трева како говедо, и росата небесна ќе те наквасува, и седум времиња ќе продат преку тебе додека познаеш дека Севишниот владее со човечките царства и ги дава кому сака. А што е речено: ‘да се остави коренот со жилите од дрвото’ царството ќе ти се врати, кога ќе познаеш дека небото владее”. {ПЦ 518.1}

Бидејќи верно го протолкувал сонот, Даниел го повикал горделивиот владетел да се покае и да се обрати на Бога, за да прави тоа што е праведно за да ја спречи несреќата. Пророкот молел: „О, царе, нека ти е угоден мојот совет, искупи ги своите гревовите со праведност и беззаконијата свои со милосрдие кон бедните, не би ли ти се продолжил мирот”. {ПЦ 518.2}

Навуходоносор извесно време бил под влијание на пророковите предупредувања и совети. Меѓутоа, срцето кое што не е преобразено преку Божјата благодат брзо го губи влијанието на Светиот Дух. Попуштањето на личните склоности и славољубието сè уште не биле избришани од царевото срце, и подоцна тие негови карактерни црти повторно се појавиле. И покрај предупредувањето кое му било дадено милостиво, и поуката од минатите искуства, Навуходоносор повторно дозволил со него да завладее завист во однос на царевите кои што ќе дојдат после него. Неговото владеење, кое до тогаш во голема мерка било праведно и милостиво, се претворило во тиранија. Затврднувајќи го срцето, тој своите таленти кои што ги добил од Бога ги користел за да се возвиши себеси, и тоа над Бога кој му дал живот и власт. {ПЦ 519.1}

Божјата казна била некое време одложувана. Но наместо тоа да го наведе на покајание, царот сè повеќе попуштал на својата гордост, додека најпосле ја изгубил довербата во толкувањето на сонот и започнал да се потсмева на своите изминати стравувања. {ПЦ 519.2}

После една година откако добил предупредување, Навуходоносор одејќи по својот двор и размислувајќи со гордост за својата владејачка моќ и неизбежните успеси извикал: „Не е ли ова Вавилон големиот, кој јас го сосидав да ми биде царска престолнина со силата на својата моќ, за славата на моето величество?” {ПЦ 519.3}

Додека царот возгордеано се фалел, глас од небото објавил дека е дојдено времето за казна, одредено до Бога. До неговите уши допрела заповед Господова: „Тебе ти се говори, царе Навуходоносоре; царство ти се зема од тебе. И ќе бидеш прогонет помеѓу луѓето, и ќе живееш со полските sверови, ќе те хранат со трева како говедо, и седум времиња ќе минат преку тебе додека не познаеш дека Севишниот владее со човечките царства и им ги дава на кому сака”. {ПЦ 519.4}

Во еден единствен момент му бил одземен разумот кој му го дал Бог. Исчезнало расудувањето кое царот го сметал за совршено, мудроста со која се гордеел, и некогашниот моќен владетел станал манијак. Неговата рака не можела повеќе да држи скиптар. Не ја послушал веста на опомена; и сега, лишен од власта која Творецот му ја дарувал и прогонет од луѓето, Навуходоносор „јадеше треба како говедо, и росата небесна му го квасеше телото па му нараснаа влакна како перја на орел и нокти како на птица”. {ПЦ 520.1}

Седум години Навуходоносор предизвикувал чудење кај сите свои поданици, седум години бил понижен пред целиот свет. Потоа му се вратил разумот, и кога во понизност му се обратил на небесниот Бог, ја препознал Божјата рака во казната која го снашла. Јавно ја признал својата вина и големата Божја милост во своето оздравување. „Откако се исполнија одредените денови”, царот рекол: „Јас Навуходонсор ги подигнав очите свои кон небото, и умот мој ми се врати, и го благословив Севишниот, и го фалев

и славев Оној кој живее до века, чија власт е вечна и чие царство е од колено до колено, и сите жители земни не се ништо пред Него, и што сака прави со небесната војска и со земските жители и нема никој кој што ќе му стави рака и би Му рекол: Што правиш? {ПЦ 520.2}

Во тоа време мојот ум ми се врати, и на слава на моето царство ми се врати моето величество и светлоста моја; и советниците мои и големците мои ме побараа, и се утврдив во своето царство, и ми се додаде поголема величественост". {ПЦ 521.1}

Некогашниот лош владетел станал понизно Божјо дете; тиранинот и диктатор станал мудар и сочувствителен цар. Оној кој му пркосел на Бога и хулел на Него, сега ја признал власта на севишниот и срдечно се трудел да поттикне во срцата на своите поданици Господов страв и да допринесе за нивната среќа. По укорот од страна на Царот над царевите и Господарот над господарите, Навуходоносор најпосле ја разбрал поуката која секој владетел мора да ја научи дека вистинската големина се состои во вистинската добрина. Тој го признал Јехова како жив Бог говорејќи: „Јас Навуходоносор го фалам и го возвишувам и го славам небесниот Цар, чии сите дела се вистина и чии патишта се правда, и кој може да ги обори оние кои одат возгордеано". {ПЦ 521.2}

Така била исполнета Божјата цел да го слави најголемото царство на светот. Ова Навуходоносорово јавно признание за милоста, добрината и Божјата власт бил последниот чин од неговиот живот кој што бил запишан во светата историјата. {ПЦ 521.3}

ПОГЛАВЈЕ 43 - НЕВИДЛИВ СТРАЖАР

Ова поглавје се базира на Даниел 5. глава

Пред крајот на Даниеловиот живот дошло до големи промени во земјата во која пред шеесет години тој и неговите другари биле доведени во ропство. Умрел Навуходоносор, „најужасниот помеѓу народите", и Вавилон, „фалбата на целата земја", под неразумна управа на неговите наследници се распаѓал постепено но сигурно. (Езекиел 28:7; Еремија 51:41). {ПЦ 522.1}

На Вавилон набрзо му претстоела пропаст како резултат на лудоста и слабоста на Навуходоносоровиот внук Валтасар. Учествувајќи уште во младоста во царската власт, Валтасар се гордеел со својата сила и се подигнал во срцето против небесниот Бог. На него му се пружале многубројни можности да ја запознае Божјата волја, да ја разбере својата должност и да и се покори. Му било познато дека со Божја одлука неговиот дедо бил прогонет од човечката заедница; знаел за неговото обратување и чудесното оздравување. Но Валтасар дозволил љубовта кон задоволствата и лукавството да ги избришат поуките кои не смеел никогаш да ги заборави. Ги пропуштил приликите кои милостиво му се пружале и не ги искористил средствата кои му биле на дофат за потполно да се запознае со вистината. Валтасар рамнодушно поминувал покрај она што Навуходоносор всушност го стекнал по цена на неискажани страдања и понижувања. {ПЦ 522.2}

Неволјите наишле брзо. Вавилон го опколил Кир, син на Дариј Мидиски и заповедник на здружените сили на Мидијците и Персијците. Меѓутоа, разблудениот владетел се чувствувал сигурен и го поминувал времето во оргии и веселби, среде

навидум неосвоивите тврдини, со дебели ѕидови и бакарни надвратници, заштитени со реката Еуфрат и обилно снабдени со храна. {ПЦ 523.1}

Во својата гордост и арогантност, исткаен со безгрижни чувства на сигурност, Валтасар „направи голема гозба за илјадници свои кнезови и пиеше вино пред нив". Сите задоволства кои може да си ги допушти богатството и власта, го зголемувале сјајот на гозбата. Убави и занесни жени со својата атрактивност се наоѓале помеѓу големците на гозбата. Имало тука надарени и образовани луѓе. Кнезовите и државниците пиеле вино како вода и се веселеле под неговото залудувачко влијание. {ПЦ 523.2}

Со помрачен ум покрај срамното пијанство, целиот обземен од ниски страсти и мотиви, самиот цар бил водач во тие бесни оргии. Во текот на гозбата Валтазар „заповедал да се донесат златните и сребрени садови кои...ги беше донел Навуходоносор од Ерусалимскиот храм, да пијат од нив царот и неговите големци, неговите жени и наложници". Тој сметал дека не е ништо толку свето што самиот тој не можел да се допре со своите раце. „Ги донесоа златните садови... и пиеја од нив царот и кнезовите негови, жените нивни и соложниците нивни; пиеја вино и ги славеа боговите златни и сребрени и бронзени и железни и дрвени и камени". {ПЦ 523.3}

Валтасар ни малку не помислувал дека на таа идолопоклоничка гозба присуствувал еден небесен Сведок, дека еден невидлив божествен Стражар го набљудувал тој призор на обесчестување, ја слушал богохулната веселба и го гледал идолопоклонството. Но, набрзо непоканетиот Гостин дал доказ за Своето присуство. Кога оргиите биле на пиедестал, се појавила една бескрвна рака испишувајќи по ѕидовите на дворот букви сјајни како пламен зборови кои, и покрај тоа што повеќето биле неразбирливи, навестувале пропаст на сега од совеста своја погоден и ужасен цар и неговите гости. {ПЦ 524.1}

Гласната веселба замолкнала, додека луѓето и жените зафатени со неискажлив ужас ја посматрале раката како полека ги испишува таинствените букви. Пред нивни очи поминале како филм низата зли дела од нивниот живот. Изгледало како да стапуваат на суд пред вечниот Бог чија власт ја пркоселе. Таму каде што до пред некој момент владеело веселба и богохулна духовитост, сега се запазувале бледи лица и извици на страв. Кога Бог ќе ги заплаши луѓето, тие не можат да ја скријат силата на ужасот. {ПЦ 524.2}

Валтасар се уплашил повеќе од сите. Тој пред сè бил одговорен за побуната против Бога, која таа ноќ го достигнала врвот во вавилонскиот двор. Во присуство на невидливиот Стражар, претставникот на Оној чија власт била оспорувана и името осрамотено, царот бил обземен од страв. Совеста била разбудена. „Зглобовите на неговите колкови попуштија, и колената му удираат едно од друго". Валтасар безбожно се возвишувал себеси наспроти небесниот Бог, потпирајќи се на својата моќ, не претпоставувајќи дека некој ќе се осмели да каже: „Што правиш?" Но сега увидел дека мора да даде сметка за она што му било доверено, и дека не може со ништо да ги оправда пропуштените можности и својот пркосен став. {ПЦ 524.2}

Царот напразно се обидувал да ги прочита пламените зборови. Тоа била тајна која не можел да ја протолкува, сила која не можел ниту да ја разбере ниту да ја одрече. Во очајание, се обратил за помош кај мудреците од своето царство. Неговиот гневен глас одекнал пред собраните повикувајќи ги ѕвездарите, халдејците и волшебниците да ги прочитаат зборовите. Царот ветувал: „Кој ќе го прочита ова писмо и ми каже што значи, тој ќе биде облечен во скерлет, и ќе носи златна веришка околу вратот, и ќе биде трет господар во царството". Меѓутоа, тоа што им се обратил на своите верни советници и

им ветил богати награди, не било до никаква корист. Небесната мудрост не може ниту да се продаде ниту да се купи. „Сите мудреци цареви... не можеа да го прочитаат писмото ниту да му кажат на царот што тоа значи". Не биле во состојба да ги прочитаат таинствените зборови, токму како и мудреците од поранешните поколенија кои не можеле да ги протолкуваат Навуходоносоровите соништа. {ПЦ 527.1}

Тогаш царевата мајка се сетила на Даниел кој пред повеќе од половина век му го соопштил на царот Навуходоносор сонот за големиот кип и неговото толкување. „Царе, жив да си довека!" рече таа. „Да не те вознемируваат твоите мисли и нека не ти се менува лицето. Има човек во твоето царство, во кого е духот на светите богови; и во времето на твојот татко се најде во него видело и разум и мудрост, каква што има кај боговите и царот Навуходоносор... го постави за главатар над волшебниците, ѕвездарите, халдејците и гатачите; зашто одличен дух и знаење и разум за кажување сонови и толкување на гатанки и размрсување на замрсени работи се најдоа во Даниел, на кого царот му даде име Валтасар; нека го повикаат сега Даниел и тој ќе го каже значењето". {ПЦ 527.2}

„Тогаш Даниел беше доведен пред царот". Трудејќи се да ја поврати својата сталоженост, Валтасар му рече на пророкот: „Ти ли си Даниел помеѓу Јудејските робови кои ги доведе од Јудеја мојот татко? Слушнав за тебе дека духот на светите богови е во тебе, и дека светлина и разум и мудрост голема се нашло во тебе. А сега се доведени пред мене мудреци, и ѕвездари да го прочитаат писмото и да ми кажат што значи; но не можат да ми кажат што значи. А за тебе слушнав дека можеш да толкуваш и замрсени работи да размрсуваш. Ако можеш да го прочиташ ова писмо и ми кажеш што значи, ќе бидеш облечен во скерлет, и златна веришка ќе носиш околу вратот, и ќе бидеш трет господар во царството". {ПЦ 528.1}

Незаинтересиран за царевите ветувања, Даниел пред мноштвото на ужасени луѓе стоел спокојно и достоинствено како слуга на севишниот, не за да зборува ласкави зборови, туку да ја протолкува веста за пропаста. „Даровите твои тебе ти ги оставам", рекол тој, „и дај му ги на некој друг твоите дарови; а писмото јас ќе му го прочитам на царот и ќе му кажам што значи". {ПЦ 529.1}

Пророкот најпрво го потсетил Валтасар на она што му било добро познато, а од кое не извлекол никаква поука на смирение која би можела да го спаси. Говорел за Навуходоносоровиот грев и пад, и за начинот на кој Господ со него постапувал за царството и славата кои му биле дарувани, за божествената казна заради неговата злоба и за подоцнежното признавање на силата и милоста на Израеловиот Бог. А потоа смело и силно го укорил Валтасар заради неговото големо беззаконие. Му укажал на царот за неговите гревови, извлекувајќи ги поуките кои можел да ги извлече за себе но пропуштил да го направи тоа. Валтасар не се користел од искуството на својот дедо, ниту пак ги послушал опомените односно случките кои ќе настапат, толку значајни за него. Му била пружена прилика да го запознае вистинскиот Бог и да послуша, но ова тој не го примил во срцето и сега требал да ги пожнее плодовите на својата побуна. {ПЦ 529.2}

„Ти,... О Валтасаре", рекол пророкот, „не го понизи срцето твое, и покрај тоа што го знаеше сето ова. Туку си се подигнал над небесниот Бог, и садовите од Неговиот дом ги донесе пред тебе, и пиевте од нив вино ти и твоите кнезови, жените твои и ложниците твои, и ти ги фалеше боговите сребрени и златни, бронзени, железни, дрвени и камени, кои не гледаат ниту слушаат ниту разбираат, а не го прослави Бога во чии раце е и твојот

здив и сите твои патишта. Затоа од Него беше пратена рака и ова писмо беше напишано". {ПЦ 529.3}

Свртувајќи се кон пораката на ѕидот, која што ја пратило небото, пророкот прочитал: „МЕНЕ, МЕНЕ, ТЕКЕЛ, УФАРСИН". Не се гледала повеќе раката која ги испишувала тие букви, но овие четири зборови пламтеле со ужасна разбирливост. А народот без здив ги слушал зборовите на стариот пророк: {ПЦ 530.1}

„Ова значат тие зборови: МЕНЕ, го изброи Бог твоето царство, и му стави крај. ТЕКЕЛ, измерен си на мерила и си се нашол лесен. УФАРСИН, твоето царство е разделено и им е дадено на Мидјаните и Персијанците". {ПЦ 530.2}

Во таа последна ноќ на безумно славење, Валтасар и неговите доглавници ја наполниле мерката на својата вина и вината на вавилонското царство. Бог не можел повеќе да ја одложува казната. Тој со многу пророштва се обидувал да го поучи Вавилон да го почитува Неговиот закон. „Го лечевме Вавилон", рекол Тој за оној чиј грев стигнал до небото, „но не се исцели". (Еремија 51:9). Заради страшните изопачености на човечките срца, најпосле била изречена пресуда. Валтасар морал да падне, а неговото царство да помине во други раце. {ПЦ 530.3}

Кога пророкот завршил, царот заповедал да му се укажат ветените почести „па го облекоа Даниела во скерлет и му ставија златна веришка околу вратот, и го прогласија за трет господар во царството". {ПЦ 530.4}

Повеќе од едно столетие пред оваа случка, пророштвото ја споменало таа „ноќ на... задоволства" во која царот и неговите поглавари ќе се натпреваруваат во богохулење, и дека одеднаш ќе стане ноќ на ужас и пропаст. Сега случувањата, опишани во пророчките списи уште пред да бидат родени учесниците на оваа драма, брзо се менувале. {ПЦ 531.1}

Додека царот сè уште се наоѓал во раскошниот двор опкружен со оние на кои што пропаста им била одлучена, дошле гласниците да му јават „дека градот е преземен", од непријатели од чие оружје не се плашел; „дека бродовите се заземени... а јунаците исплашени". (Стихови 31,32). Додека тој со своите поглавари пиел од светите Господови садови, славејќи го своето злато и сребро, Мидјаните и Персијците го смениле текот на Еуфрат и навлегле во самото средиште на небранетиот град. Кировата војска веќе се наоѓала под ѕидините на дворецот и градот бил полн со непријателски војници „како гасеници", (Стих 14) така што нивните победнички извици ги надминувале очајаничките извици на изненадените учесници на оргиите. {ПЦ 531.2}

„Истата ноќ беше убиен Валтасар царот Халдејски" и еден странски владетел седнал на престолот. {ПЦ 531.3}

Еврејските пророци јасно кажале на кој начин ќе пропадне Вавилон. Кога Господ во видение им ги открил случувањата за иднината, тие извикале: „Како ли е заземен Сесах, како е освоена славата на сета земја? Како ли стана Вавилон страшило на народите?" „О, како е скршен, здробен, чеканот на целата земја? Како Вавилон им стана страшило на народите?" „На гласот дека Вавилон падна земјата ќе се стресе ќе се слуша пискот меѓу народите". {ПЦ 531.4}

„Одненадеж падна Вавилон разрушен". „Да, запустувачот дојде во Вавилон, фатени се неговите воини, скршени им се лаковите. Навистина Господ, е Бог одмаздник Кој плаќа според заслугата. Ќе му ги испијанам кнезовите и мудреците, војводите, намесниците и воините: за да заспијат со вечен сон па веќе да не се разбудат, зборува Царот, името Му е Господ над Воинствата". {ПЦ 532.1}

„Ти ставив стапица, Вавилону, ти се фати и не виде. Затекнат си и фатен, зашто завојува против Господа! Господ ја отвори својата оружница, го извлече оружјето на Својот гнев, зашто има работа за Господа над Војските во халдејската земја". {ПЦ 532.2}

„Господ над Војските зборува вака: Угнетувани се Израеловите синови, заедно со јудините синови; оние што ги заробија ги држат цврсто и нема да ги пуштат. Но моќен е нивниот Искупител, името Му е Господ над Воинствата. Тој ќе ја одбрани нивната парница ќе и донесе мир на земјата и ќе ги смути жителите на Вавилон". (Еремија 51:41, 50:23,46; 51:8,56,57; 50:24,25,33,34). {ПЦ 532.3}

Така „широките вавилонски ѕидови" станаа „разурнати до основите, а неговите високи врати...спалена со оган". Така Јехова над воинствата ќе „ја докрајчи ароганцијата на горделивите", и „понизи надуеноста на силниците". Така „Вавилон украс на царствата, убавина и горделивост халдејска", стан како Содом и Гомор место засекогаш проколнато. „Никогаш веќе нема да биде со населен и од род до род ќе остане ненаселен", објавило Вдахновението. Арабинот не ќе подига таму шатор, ниту пастирите ќе одмораат таму. Пустинските ѕверови ќе почиваат таму, бувовите ќе им ги наполнат куќите, ноевите ќе живеат таму, јарците ќе играат таму". „Ќе им го дадам во сопственост на ежевите и на мочуриштата. Ќе го изметам со гибелна метла, говори Господ над Воинствата". (Еремија 51:58; Исаија 13:11,19-22; 14:23). {ПЦ 532.4}

На последниот цар на Вавилон токму како и на првиот му дошла осудата од божествениот Стражар: „О Царе... тебе ти се објавува; царството се зеде од тебе". (Даниел 4:31). {ПЦ 533.1}

„Снижи се, седни во правот,
девице, вавилонска ќерко!
Седни на земјата, без престол...
Седи молчејќи,
повлечи се во темнина, халдејска ќерко:
Зашто, нема веќе да те викаат
владетелка на царствата. {ПЦ 533.2}
Се разгневив на својот народ,
го запустив Своето наследство,
и ги предадов во твоите раце,
а ти не им покажа милост... {ПЦ 533.3}
Зборуваше: Довека ќе останам госпоѓа.
Никогаш тоа не го зеде на срце,
ниту помисли како тоа ќе заврши. {ПЦ 533.4}
Затоа сега послушај, развратнице,
која седиш безгрижно и во своето срце говориш:
Јас и нема друг освен мене;
нема да останам вдовица, ниту ќе осиромашам: ... {ПЦ 534.1}
Но ненадејно, во еден ден,
ќе те снајде и едното и другото –
загубата на децата и вдовството!
Со полна мерка ќе те најдат двете нешта,
заради сето твое вражање
и мноштвото твои маѓесништа!
Затоа што се надеваше во твоето зло,

и зборуваше: Никој не ме гледа! {ПЦ 534.2}
Твојата мудрост и знаењето те заведоа.
и во своето срце велеше:
Јас и нема друг освен мене!
Затоа зло ќе те најде и нема да го пресретнеш,
неволја ќе се нафрли врз тебе и
нема да ја одвратиш;
пропаста ќе дојде одненадеж врз тебе,
нема да ја предвидиш. {ПЦ 534.3}
И така, стој сега со своите вражања,
и со многуте твои баења,
околу кои се трудеше од младоста;
Ако можат да ти бидат од полза;
Ако можеш со нив да се одржиш. {ПЦ 534.4}
Те изморија твоите многубројни советници.
Нека станат сега да те спасат астролозите,
оние кои ги набљудуваат ѕвездите и
кои секој месец проречуваат што ќе те снајде.
Ете, тие ќе бидат како плева...
Тие нема да се избават од силата на пламенот...
никој нема да те спаси".
(Исаија 47:1-15). {ПЦ 534.5}

На секој народ кој се појавил на светската сцена му било дозволено да заземе свое место на земјата за да се види дали ќе ја исполнува волјата на Стражарот и Светецот. Пророците претскажувале подигнување и напредок на големите светски царства Вавилон, Медо-Персија, Грција и Рим. Кај секој од нив, како и кај послабите народи, историјата се повторувала. Секое имало време на свое искушување и ниедно не издржало; на секое му потемнела славата и секое ја изгубило својата сила. {ПЦ 535.1}

И покрај тоа што народите ги отфрлале божествените начела и пропаѓале, во текот на вековите сепак се остварувала божествената цел. Тоа го видел пророкот Езекија во едно чудесно видение кое го добил за време на ропството во халдејската земја, кога пред неговиот зачуден поглед се покажале симболите на највозвишената сила која управувала со постапките на земските владетели. {ПЦ 535.2}

Езекиел на бреговите на реката Хевар видел како од север доаѓа силен ветар, „голем облак и оган кој се разгоруваше, и околу него светлина, а среде него, среде огнот нешто слично на сјајна ковина". Четири живи суштества влечеле вкрстени тркала, еден покрај друг. А високо над сето тоа, „беше како престол, по видението како камен сафир, а на престолот беше во обличје како човек". „А во херувимите се гледаше човечка рака под крилјата". (Езекиел 1:4,26; 10:8). Тркалата биле така сложено распоредени што на прв поглед давале впечаток на вистинска збрка. Меѓутоа, тие се движеле во совршен ред. Раката која се наоѓала под крилјата на херувимите ги поддржувала небесните суштества и управувала со нив, а тие ги задвижувале тркалата. Над нив, на престолот од сафир, се наоѓал Вечниот, а околу престолот се видело виножито, знак на Божјата милост. {ПЦ 535.3}

Како што со вкрстените тркала управувала раката под херувимските крилја, така се сложени и случувањата во човечките животи под Божја контрола. Во текот на

конфликтите и безредието кај народите, Оној кој седи над херувимите, сè уште управува со случувањата на земјата. {ПЦ 536.1}

Историјата на народите ни говори и на нас денес. На секој народ и поединец Бог му одредил место во големиот план. Оној кој никогаш не греши им ги мери деновите на луѓето и на народот. Со својот избор секој одлучува за својата судбина, а Бог владее над сите и работи на остварување на Своите возвишени цели. {ПЦ 536.2}

Пророштвата кои што големиот ЈАС СУМ ги дал во Својата Реч кои што се спојуваат како алка со алка во ланецот на случувања од вечноста во иднината, и ни говорат каде се наоѓаме денес во низата од вековите и што можеме да очекуваме во иднината. Сето она што пророштвото најавило дека ќе се случи, сè до денешен ден, веќе е запишано на страниците на историјата, и ние можеме да бидеме убедени дека и она што допрва треба да се случи исто така ќе се исполни. {ПЦ 536.3}

Знаците на времето денес ни говорат дека се наоѓаме на прагот на големи и свечени случувања. Насекаде во светот владее вознемирување. Пред нашите очи се исполнуваат зборовите на Спасителот за случувањата кои претходат на Неговото доаѓање: „Ќе слушате боеви и гласови за војни... народ ќе се дигне против народ, и царство против царство, и на места ќе има глад, помор и потреси". (Матеј 24:6,7). {ПЦ 536.4}

Денешното време е од големо значење за сите живи суштества. Владетели и државници, личности на позиции на доверба и авторитет, мудри луѓе и жени од сите класи го насочуваат вниманието кон настаните кои се одигруваат околу нас. Тие ги проучуваат односите кои постојат помеѓу народите. Така ја запазуваат силината на секој земен елемент и увидуваат дека се случува нешто големо и одлучувачко, дека светот се наоѓа на работ на голема криза. {ПЦ 537.1}

Библијата, и единствено Библијата, ни дава исправно гледиште за сите тие појави. Тука се откриени големи завршни случувања на историјата на светот кои веќе ја фрлаат својата сенка, додека од виката на нивното настапување земјата трепери а човековото срце замирува од страв. {ПЦ 537.2}

„Ете, Господ ја запустува земјата, ја разурнува, и го обезобразува лицето, ги распрснува нејзините жители... Зашто го престапија законот, ја изгазија одредбата, го нарушија вечниот завет. Затоа проклетството ја проголтува земјата, нејзините жители се виновни". (Исаија 24:1-6). {ПЦ 537.3}

„О каков ден! Зашто Господовиот ден е близу и доаѓа како погибел од севишниот... Зрната се изгниени под грутките, пусти се житниците, срушени се спремните, зашто снема жито. Како воздивнува добитокот! Здивени стада, говеда, скитаат, зашто им нема пасиште. Па и стада овци ја поднесуваат казната". „Лозата се исуши, смоквата овена, калинката, палмата и јаболкниците: секое полско дрво се исуши. Зашто радоста ја снема меѓу човечките синови". (Јоил 1:15-18,12). {ПЦ 537.4}

„Ме боли во срцето;... Не можам да молчам, зашто го слушам гласот на рогот, бојните извици. Соопштуваат гибел врз гибел, сета земја е ограбена". (Еремија 4:19,20). {ПЦ 538.1}

„Леле! зашто е голем овој ден, сличен нему не му бил! Време на Јакововите неволја, но сепак ќе се избави од неа". (Еремија 30:7). {ПЦ 538.2}

„Зашто Господ е твое засолниште, го избра Севишниот за своја закрила.
Нема да те најде несреќа,
неволја нема да се приближи до твојот шатор". (Псалм 91:9,10) {ПЦ 538.3}

„Ќерко Сионска... Господ ќе те откупи од рацете на твоите непријатели. А сега многу народи се собраа против тебе. Тие зборуваат: Нека се обесчести, нашите очи нека се наситат со Сион! Но Господовите мисли тие не ги знаат и не ги разбираат Неговите намери. (Михеј 4:10-12). Бог нема да ја напушти својата заедница во часот на најголемата опасност. Тој ветил ослободување. „Еве, ќе ја изменам судбината на Јакововите шатори, ќе им се смилам на неговите шатори", рекол Тој. (Еремија 30:18). {ПЦ 538.4}

Тогаш ќе се исполни Божјата цел; сè што живее под сонцето ќе ги велича начелата на Неговото царство. {ПЦ 538.5}

ПОГЛАВЈЕ 44 - ДАНИЕЛ ВО ЛАВООВСКА ЈАМА

Ова поглавје се базира на Даниел 6. глава

Кога Дариј Мидјанинот го преземал престолот кој пред тоа припаѓал на вавилонските владетели, тој веднаш пристапил кон преуредување на власта. Тој „постави над царството сто и дваесет управители;... а над нив тројца старешини, од кои еден беше Даниел, на кого управителите ќе му даваат сметка за да не биде оштетен царот. А тој Даниел ги надминуваше старешините и управителите, зашто во него имаше извонреден дух и царот мислеше да го постави над целото свое царство". {ПЦ 539.1}

Почестите кои со кои Даниел бил опсипуван предизвикале злоба кај водечките луѓе во царството, па барале прилика за да го обвинат, но не можеле „зашто беше верен, и не се наоѓаше во него погрешка ниту мана". {ПЦ 539.2}

Даниеловото беспрекорно однесување уште повеќе предизвикало завист кај неговите непријатели. Тие биле принудени да признаат: „Нема да најдеме кај тој Даниел ништо, ако не најдеме против него нешто во законот на неговиот Бог". {ПЦ 539.3}

Најпосле старешините и кнезовите се посоветувале помеѓу себе и смислиле план да го уништат пророкот. Одлучиле да побараат од царот да потпише заповед која ќе ја подготват тие и според која на секое лице во царството му се забранува да помоли било што од Бога или од некој човек, освен од царот Дариј. Во случај некој да ја прекрши оваа наредба, ќе биде фрлен во лавовска јама. {ПЦ 540.1}

Потоа поглаварите ја составиле заповедта и ја однеле кај Дариј на потпис. Сметајќи на неговата суета, го убедиле дека спроведувањето на таквиот налог во голема мерка ќе го подигне неговиот углед. Не проникнувајќи во скриената намера на старешините, царот не го воочил злото во предложената заповед, па попуштајќи на нивното ласкање го дал својот потпис. {ПЦ 540.2}

Даниеловите непријатели си заминале од кај царот, надевајќи се во стапицата во која сега сигурно ќе се фати Господовиот слуга. Сатаната играл посебна улога во тој заговор. Пророкот заземал голема позиција во царството и злите ангели стравувале дека неговото влијание ќе ја ослабне нивната власт над старешините. Всушност тие сатански помагачи поттикнале завист кај поглаварите. Тие дале иницијатива за планот како да го уништат Даниел, а кнезовите, играјќи улога на орудие на злото, го спровеле тој план во дело. {ПЦ 540.3}

Пророковите непријатели сметале на Даниеловата приврзаност кон начелата и биле сигурни во успехот на својот план. И не се излажале во проценката на неговиот

карактер. Даниел веднаш проникнал во нивната подмолна цел која што ја имале при составувањето на таа заповед, но воопшто не го сменил својот став. Зошто да престане да се моли сега кога молитвата му е најпотребна? Побрзо би се одрекол од животот отколку од надежта од Божјата помош. Тој спокојно ја извршувал својата должност како старешина на поглаварите. А кога ќе дојдел часот за молитва, тој заминувал во својата соба, и отворајќи ги прозорците во правец на Ерусалим, според својот секојдневен обичај, упатувал молитва кон небесниот Бог. Тој не се обидувал да ја прикрие својата постапка. И покрај тоа што знаел какви последици ќе има заради верноста кон Бога, неговиот дух не се поколебал. Пред оние кои му ја кроеле неговата пропаст, тој не дозволил дури ни да изгледа дека неговата врска со небото е прекината. Даниел би се покорил во сите прашања во кои царот имал право да заповеда; но ни царот ниту неговата заповед не можеле да го натераат да отстапи од својата верност кон Царот над царевите. {ПЦ 540.4}

Така пророкот смело, а сепак мирно и понизно изјавил дека никаква земска сила нема право да се поставува помеѓу душата и Бога. Опкружен со идолопоклоници, тој бил верен сведок на оваа вистина. Неговата бестрашна верност на правдата претставувала зрак на блескава светлина во моралната темнина на незнабожечкиот двор. Даниел на денешниот свет дава достоен пример на христијанска храброст и верност. {ПЦ 542.1}

Кнезовите целиот ден го набљудувале Даниела. Виделе дека три пати отишол во својата соба и три пати слушнале како неговиот глас се дига во срдечна молитва кон Бога. Следното утро тоа го доставиле до царот. Даниел, неговиот најпочитуван и најверен државник, пркоси кон царската заповед! Тие го потсетиле: „Нели даде заповед, дека кој и да се помоли на бог или на човек во рок од триесет дена, освен на тебе, царе, да се фрли во лавовска јама?” {ПЦ 542.2}

Царот одговорил: „Така е според законот на Мидија и Персија кој што не се менува”. {ПЦ 542.3}

Тие радосно го известиле Дариј за однесувањето на неговиот најверен советник. „Даниел”, истакнале тие, „кој е помеѓу робовите Јудини, не се грижи за тебе, царе, ниту за забраната која ја напиша, туку се моли трипати на ден со своја молитва”. {ПЦ 542.4}

Кога царот ги слушнал тие зборови, веднаш ја приметил стапицата која била поставена за неговиот верен слуга. Сфатил дека споменатата заповед ја предложиле не затоа што им дошло до царевата слава и чест, туку од омраза кон Даниел. Царот многу се ожалостил заради своето учество во овој подол план, и „се трудеше до заоѓањето на сонцето” да го избави својот пријател. Предвидувајќи дека царот така ќе постапи, кнезовите се обратија кон Дарија со зборовите: „Знај, царе, дека според законот на Мидјаните и Персијанците никаква забрана и наредба која што ќе ја постави царот, не се менува”. И покрај тоа што била составена набрзина, заповедта била неизменлива и морала да се спроведе во дело. {ПЦ 543.1}

„Тогаш царот рече па го доведоа Даниел и го фрлија во лавовската јама; и царот проговори и му рече на Даниел: „Богот твој, на кого непрестано му служиш, ќе те избави”. На влезот од јамата бил поставен камен, и царот лично „го запечати со својот прстен и со прстените на своите кнезови, и ништо да не се измени за Даниел. Тогаш отиде царот во својот двор, и преноќи не јадејќи ниту допуштајќи да му се донесе нешто што ќе го развесели, и не можеше да заспие”. {ПЦ 543.2}

Бог не ги спречил Даниеловите непријатели да го фрлат во лавовска јама. Тој им дозволил на злите ангели и расипаните луѓе до таа мерка да си ги исполнат желбите,

но само заради тоа, што повеќе да се истакне избавувањето на својот слуга а поразот на непријателите на вистината и неправдата да го направи потполн. „И бесот на човекот ќе те прославува Тебе”, (Псалм 76:10) посведочил псалмистот. Храброста на овој човек, кој одлучил подобро да оди по правиот пат отколку да попушти, му донел пораз на сатаната, а слава и чест на Божјото име. {ПЦ 543.3}

Царот Дариј утредента рано побрзал до јамата и „повикал со жалостен глас”, „О Даниел, слуго на живиот Бог, дали Богот твој, на кого му служиш без престан, можеше да те избави од лавовите?” {ПЦ 544.1}

А пророкот одговори: „Царе, да си жив довека! Мојот Бог го прати ангелот Свој и ги затвори устите на лавовите, па не ми напакостија, зашто се најдов чист пред него, а ни тебе, царе, не ти направив зло”. {ПЦ 544.2}

„Тогаш царот многу се израдува на тоа, и заповеда да го извадат Даниела од јамата. И го извадија Даниела од јамата, и не се најде рана на него, зашто веруваше во својот Бог. {ПЦ 544.3}

Потоа заповеда царот, па ги доведоа луѓето кои беа го обвиниле Даниела, и ги фрлија во лавовската јама нив, децата нивни и жените нивни; и уште не дојдоа до дното на јамата, а лавовите ги грабнаа и сите коски им ги скршија”. {ПЦ 544.4}

Царот на незнабошците тогаш издал нова наредба во која го величел Даниеловиот Бог како вистински Бог. „Царот Дариј им напиша на своите народи и племиња и јазици што живееја во својата земја: Мирот да ви се умножи. Од мене е заповедта секој да се бои од страшниот Бог на Даниел во моето царство, зашто Тој е живиот Бог, кој останува до века, и Неговото царство нема да се растури, и Неговата власт ќе биде до крајот; Тој избавува и спасува, и чини знаци и чудеса на небото и на земјата, кој го избави Даниела од силата на лавовите”. {ПЦ 544.5}

Така целосно биле уништени безбожниците кои се бореле против Даниел. „Даниел напредуваше во времето на Дариевото царување и за време на царувањето на Кир Персијанецот”. Тој со својот живот ги навел овие незнабожечки цареви да признаат дека неговиот Бог е „живиот Бог, кој останува до века, и Неговото царство нема да се растури”. {ПЦ 545.1}

Од овој извештај за Даниеловото избавување можеме да научиме дека Божјите деца во неволја и во тешки моменти треба да останат такви какви што биле кога животот им блескал со надеж и кога имале сè што сакаат. Даниел во лавовската јама бил ист оној Даниел кој стоел пред царот како прв министер во државата и како пророк на Највозвишениот. Човекот чие срце се потпира на Бога, ќе биде истиот во часот на своето најголемо искушение, како и во просперитет, кога го осветлувала светлината и благонаклонетоста Божја како и човечката љубов. Верата достигнува до невидливото и го разбира она што е навистина вечно. {ПЦ 545.2}

Небото е многу блиску за оние кои страдаат заради праведноста. Христос Своите интереси ги поистоветува со интересите на Својот верен народ; Тој страда во лицата на Своите светии, и оној кој ги навредува Неговите избраници, го навредува Него. Силата која е во можност да нè спаси од физичко зло и неволји може да нè избави и од поголемо зло, затоа што му овозможува на Божјиот слуга да го запази својот интегритет под сите околности, и да однесе победа преку божествена благодат. {ПЦ 545.3}

Искуството кое што Даниел го имал на вавилонскиот и медо-персискиот двор како државник, ни ја открива вистината дека човекот во јавниот живот не мора да биде човек кој што ќе прикрива лукави замисли или планови во своја полза или кој ќе работи за свој материјален интерес, туку може да биде човек кого го води Бог во секој негов

чекор. Даниел, премиерот на најголемото земско царство, бил истовремено и Божји пророк, кој примал небесна вдахновена светлина. И покрај тоа што бил човек со истите слабости какви што се и нашите, Духот на пророштвото го опишува како човек без мана. Дури и непријателите кои највнимателно го испитувале секој негов чекор во деловниот живот, морале да признаат дека бил беспрекорен во сè. Тој дава пример каков би можел да стане секој деловен човек ако неговото срце е обратено и посветено, а мотивите да се чисти во Божјите очи. {ПЦ 546.1}

Ако потполно се покоруваме на барањата на небото, ќе добиеме и земски и духовни благослови. Непоколеблив во својата верност кон Бога, благороден, достоинствен, доследен на своите начела, Данило уште во своите млади години „најде благонаклоност и љубов" кај дворјаните кои воделе грижа за него. (Даниел 1:9). Тој истите овие особини ги покажал и во подоцнежниот живот. Брзо се воздигнал до прв државник во царството. Тој служел на еден по друг владетели. Го доживеал падот на едното и воспоставувањето на друго светско царство, но таква била неговата мудрост и државништво, толку совршено неговото однесување, толку љубезен и добар во срце, така верен на своите начела, што дури и неговите непријатели биле принудени да признаат дека „не можат да му најдат никаква мана, зашто бил верен". {ПЦ 546.2}

Додека луѓето му укажувале почитување доверувајќи му ги одговорните државни работи и тајните кои се однесувале на судбината на целото царство, Бог го почестил Даниел избирајќи го за Свој претставник и откривајќи му многу тајни во делечната иднина. Чудесните пророштва, кои сам ги забележал од седмата до дванаесеттата глава во книгата која го носи неговото име, не ги разбрал во потполност ниту тој самиот. Но пред да се заврши неговиот земски пат, му било дадено прекрасно ветување дека „при свршетокот на деновите" во завршниот период од земската историја нему повторно ќе му биде доделено да стане и да го добие својот дел. Нему не му било дадено потполно да го разбере сето она што Бог му го открил за Своите намери. „Затвори ги овие зборови и запечати ја оваа книга, до последното време", му било заповедано во врска со неговите пророчки списи. „Оди, Данииеле", го упатил уште еднаш ангелот верниот Господов гласник, „зашто се затворени и запечатени овие зборови до последното време... Оди си по својот крај; и ќе почиваш и ќе останеш на делото свое до свршетокот на деновите". (Даниел 12:4,9,13). {ПЦ 547.1}

Бидејќи се приближуваме кон крајот на историјата на овој свет, мораме да посветиме посебно внимание на пророштвата кои ги запишал Даниел, затоа тие се однесуваат на времето во кое што живееме. Со тоа треба да се поврзат и зборовите од последната книга од Новиот Завет. Сатаната успеал мнозина да ги наведе на мислата дека пророчките делови во споменатите книги на пророкот Даниел и апостолот Јован, не можат да се разберат. Меѓутоа, ние имаме јасно ветување дека од проучувањето од овие пророштва произлегува посебен благослов. „Разумните ќе разберат" (Даниел 12:10), било речено за Даниеловото пророштво, кое треба да се отпечати во последните денови. А за Откровението кое што Христос го дал на својот слуга Јован, да послужи како патоказ на Божјиот народ низ сите векови, врзано е ветувањето: „Блажен е оној кој чита и блажени се оние кои ги слушаат зборовите на пророштвото и го пазат напишаното во него, зашто времето е блиску". (Откровение 1:3). {ПЦ 547.2}

Издигањето и пропаста на народот, како што е откриено во книгата на Даниел и Откровението, треба да нè поучи колку е ништожна надворешната светска слава. Вавилон, со целата своја сила и слава каква што светот повеќе не видел, со силата и славата кои луѓето на таа доба ги правеле непоминливи и вечни, потполно исчезнале!

Поминале како „цвет од трева”. (Јаков 1:10). Така пропаднало и Медо-Персиското, Грчкото и Римското царство. А така ќе пропадне и сè она што нема свој темел во Бога. Ќе остане само она што служи на Неговите цели и го изразува Неговиот карактер. Божјите начела се единствено трајни вредности за кои светот знае. {ПЦ 548.1}

Грижливото проучување за остварувањето на Божјите намери во историјата на народот и откровението на она што ќе дојде, ќе ни помогне видливо и невидливо да проценуваме според вистинските вредности и да разбереме која е вистинската цел на животот. Анализирајќи ги минливите работи во светлината на вечноста, ние како Даниел и неговите другари ќе живееме за она што е вистинско, благородно и неминливо. Учејќи се во овој живот за начелата на царството на нашиот Господ и Спасител, за тоа благословено царство кое ќе трае засекогаш и до века, ќе се подготвиме заедно со Него да го наследиме. {ПЦ 548.2}

ПОГЛАВЈЕ 45 - ВРАЌАЊЕТО НА ИЗГНАНИЦИТЕ

Појавата на Кировата војска пред ѕидовите на Вавилон била за Евреите знак дека се приближува нивното ослободување од заробеништво. Повеќе од едно столетие пред раѓањето на Кир, пророштвото го споменало по име и го запишало делото кое ќе го изврши при ненадејното заземање на градот Вавилон и во подготовката за патот за ослободување на заробените. Преку Исаија биле изговорени зборовите: {ПЦ 551.1}

„Господ зборува вака за Кир, за својот помазаник: Го примив за десница, за да ги покорам пред него народите... за да ги отворам вратите пред него, па ниедна врата да не му биде затворена. Јас ќе одам пред Тебе за да ги израмнам високите места, за да ги разбијам бронзените врати, за да ги скршам железните лостови. Ти давам тајни сокровишта и скриени богатства, за да си знаеш дека Јас сум Господ кој те повикувам по име, Израеловиот Бог”. (Исаија 45:1-3). {ПЦ 551.2}

Неочекуваниот влез на војската од персискиот освојувач во срцето на вавилонската престолнина преку коритото на реката, чија вода била пренасочена, и низ внатрешната капија која заради безгрижното чувство на безбедност била оставена отворена и незаштитена, им дало на Евреите обилни докази дека пророштвото на Исаија за ненадејната пропаст на нивните поробувачи детално се исполнува. Тоа требало да им биде сигурен знак дека Бог управува со развојот на настаните кај другите народи во нивна корист. Со пророштвото за начинот на освојувањето и падот на Вавилон тесно се поврзани следниве зборови: {ПЦ 552.1}

„Јас му велам на Кира: Пастиру мој! И тој ќе ги исполни сите Мои желби, велејќи му на Ерусалим: Изгради се! И на храмот: Положи си ги основите!” „Јас го издигнав за да победи и му ги израмнив сите патишта. Тој ќе го обнови Мојот град и ќе ги врати Моите заробеници без откуп и надомест. Така вели Господ над Војските”. (Исаија 44:28; 45:13). {ПЦ 552.2}

Ова не биле единствени пророштва врз кои прогонетите можеле да ја базираат својата надеж за нивно брзо ослободување. На дофат им биле и списите на Еремија во кои јасно е укажано за времето кое ќе протече пред Израел да се ослободи од Вавилон. Господ рекол преку својот гласник: „Но кога ќе се наполнат седумдесетте години, ќе ги казнам вавилонскиот цар и оној народ зборува Господ за нивното беззаконие, и Халдејската Земја ќе ја претворам во вечни урнатини”. (Еремија 25:12). А на остатокот

на Јуда ќе му биде укажана наклонетост како одговор на срдечната молитва. „И ќе оставам да Ме најдете зборува Господ, ќеја изменам вашата судбина и ќе ве соберам од сите места каде што ве истерав, зборува Господ. И ќе ве вратам во местото откаде ве одведов во прогонство". (Еремија 29:14). {ПЦ 552.3}

Даниел и неговите придружници често пати размислувале за ова и сличните пророштва, во кои се изложени Божјите намери за Неговиот народ. И сега, бидејќи брзиот развој на настаните наговестувал дека моќната Божја рака делува помеѓу народите, Даниел посебно размислувал за ветувањата дадени на Израел. Неговата вера во пророчката реч го навела да ги проучува настаните кои што ги претскажале пророците. Господ изјавил: „Токму кога на Вавилон ќе му се исполнат оние седумдесет години, Јас ќе ве посетам и ќе го извршам доброто ветување за да ве вратам на ова место... Зашто Јас ги знам Своите замисли за тоа што имам намера со вас зборува Господ замисли за мир, а не за несреќа: да ви дадам иднина и надеж. Тогаш ќе Ме повикувате, ќе доаѓате кај Мене, ќе ми се молите, и јас ќе ве слушам. Ќе Ме барате и ќе Ме најдете, кога ќе Ме барате со сето свое срце". (Стихови 10-13). {ПЦ 553.1}

Кратко време пред падот на Вавилон, кога Даниел размислувал за тие пророштва и барал од Бога да му го протолкува времето, му било дадено цело видение за подигање и падот на царствата. Во првите видениа, како што е запишано во седмата глава од книгата на Даниел, дадено е едно толкување; сепак на пророкот не му било сè јасно. „Моите мисли ми се вознемирија", пишувал тој за тоа свое искуство, „и целото лице ми се измени; но речта ја сочував во своето срце". (Даниел 7:28). {ПЦ 553.2}

Благодарение на второто видение била фрлена нова светлина за идните настани, и пред крајот на тоа видение Даниел слушнал „како еден светец зборува, а друг светец го праша оној што зборуваше: До кога ќе трае овој привид?" (Даниел 8:13). Одговорот го збунил: „Уште две илјади и тристотини вечери и утра; тогаш Светилиштето ќе биде очистено". (Стих 14). Тој срдечно барал смисла на видението. Не можел да ја разбере врската помеѓу седумдесет годишното ропство, проречено преку Еремија, и две илјади и три стотини години кои, како што рекол во видението небесниот посетител, треба да поминат пред да се исчисти Божјата светиња. Ангелот Гаврил му дал само површно толкување. Меѓутоа, кога пророкот ги слушнал зборовите дека „видението... е за многу години", тој се онесвестил. За тоа доживување е запишано: „Јас Даниел занемев и боледував некое време; потоа станав и ги вршев вообичаените царски работи; и се чудев на видението, и не го разбирав". (Стихови 26,27) {ПЦ 554.1}

Имајќи бреме за Израел, Даниел повторно ги проучувал пророштвата на Еремија. Тие биле толку јасно напишани што од тие пророчки книги ги разбрал „бројот на годините, кои му ги беше рекол Господ на пророкот Еремија, дека ќе се навршат седумдесет години на урнатините на Ерусалим". {ПЦ 554.2}

Засновувајќи ја својата вера на верната пророчка реч, Даниел се молел на Господа брзо да ги исполни ветувањата. Тој се молел за да се сочува Божјата чест, и во своите молитви потполно се изедначил со оние кои што не ја исполнувале Божјата волја, признавајќи ги нивните гревови како свои. {ПЦ 554.3}

„Го обратив своето лице кон Господа Бога", рекол пророкот, „настојувајќи преку молитва, и постење во вреќиште и со пепел; му се молев на Господа, својот Бог, исповедувајќи се". (Стихови 3,4) Пред тоа, тој бил долго време во службата Божја и небото за него говорело како за „мил човек", но сепак Даниел излегол пред Бога како грешник, укажувајќи на големата потреба на својот љубен народ. Неговата молитва била речита во својата едноставност и длабоко срдечна. Еве како се молел: {ПЦ 555.1}

„Ах, Боже мој, велики и страшен Боже, Кој го пазиш заветот и милоста на оние кои Те љубат Тебе и кои ги пазат Твоите заповеди! Ние згрешивме, ние направивме беззаконие, сторивме зло, се одметнавме и се оддалечивме од Твоите заповеди и наредби. Не ги слушавме Твоите слуги, пророците, кои им зборуваа во Твое име на нашите цареви, на нашите кнезови, на нашите татковци, на сиот народ на земјата. {ПЦ 555.2}

Господи во Тебее праведноста, а во нас срам на образот, како во овој ден во нас Јудејците, во Ерусалимците, во сиот Израел кои се близу и кои се далеку, во сите земји каде што си ги растерал заради нивните отстапувања... {ПЦ 555.3}

„Во Господа, нашиот Бог е милоста и проштевањето зашто се одметнавме од Него". „Господи според сета Твоја праведност одврати ги Твојот гнев и Твојата јарост од Ерусалим, од Твојот град, од Твојата Света Гора, зашто заради нашите гревови и беззаконијата на нашите татковци, Ерусалим и Твојот народ се за срам на сите кои нѐ опкружуваат. {ПЦ 555.4}

„А сега, о Боже наш, послушај ја молитвата на Твојот слуга и на неговите срдечни молби. Твоето лице нека заблеска над Твоето запустено Светилиште заради Тебе, Господи. Приклони го Твоето уво Боже мој, и слушај! Отвори ги очите та погледај ја нашата запустеност и градот што се вика со Твоето име! Зашто ние не Те молиме заради својата праведност, туку заради Твојата голема милост. {ПЦ 556.1}

„Господи, чуј! Господи, прости! Господи внимавај и дејствувај! Не се двоуми заради Тебе, Боже мој, зашто со Твоето име се викаат Твојот град и Твојот народ". (Стихови 4-9,16-19). {ПЦ 556.2}

Небото длабоко се спуштило за да ја слушне пророковата срдечна молитва. И пред пророкот да ја заврши молитвата за простување и помош, моќниот Гаврил повторно се појавил пред него и му обрнал внимание на видението кое што го имал пред падот на Вавилон и Валтасаровата смрт. Ангелот тогаш му го изнел во детали периодот од седумдесет седмици, кои што ќе почнат „откако излезе речта Ерусалим повторно да се гради". (Стих 25). {ПЦ 556.3}

Оваа молитва Даниел ја упатил „во првата година на Дариј", (Стих 1) мидскиот владетел чиј војсководец, Кир, го одзел од Вавилон скиптарот на светското царство. Бог го почитувал Дариевото владеење. Нему му бил пратен ангелот Гаврило „да го поткрепи и засили". (Даниел 11:1). По неговата смрт, приближно две години по падот на Вавилон, Кир дошол на престолот и почетокот на неговото владеење го одбележал крајот на периодот од седумдесетте години, колку што поминало откако Навуходоносор довел првата група Евреи од нивната татковина Јудеја во Вавилон. {ПЦ 556.4}

Бог го искористил Даниеловото ослободување од лавовската јама за да остави поволен впечаток на Кир Велики. Прекрасните особини на Божјиот човек, како далекувиден државник, го навеле персискиот цар да му укаже посебно почитување и признание за неговото расудување. И сега, бидејќи дошло време според Господовата реч повторно да се изгради Неговиот храм во Ерусалим, Тој влијаел на Кир како на Свое орудие, и пророштвото со кое Даниел го запознал, а кое се однесува токму за него, правилно да го разбере и на еврејскиот народ да му подари слобода. {ПЦ 557.1}

Царот ги читал зборовите кои претскажале, пред повеќе од сто години пред неговото раѓање за начинот на кој ќе биде освоен Вавилон; ја прочитал пораката која што му ја упатил Владетелот на вселената: „Те опашав, уште пред да Ме знаеш, за да познаат од исток и од запад дека нема друг освен Мене"; ги видел со свои очи изјавите

на вечниот Бог: „Заради слугата свој Јакова, и Израел избраникот Свој те повикав по твоето име и презиме, уште пред да Ме знаеш; го прочитал вдахновениот извештај: „Јас го подигнав во праведност, и сите негови патишта ќе ги исправам; Тој ќе го сосида Мојот град и моите робови ќе ги отпушти, не за пари, ниту за дарови"; кога сето тоа го разбрал, срцето му било длабоко возбудено и тој одлучил да ја исполни својата должност која што небото му ја наменило. (Исаија 45:5,6,4,13). Одлучил да ги пушти јудејските заробеници на слобода и да им помогне повторно да го изградат Јеховиниот храм. {ПЦ 557.2}

Во расписот кој што бил огласен „по целото царство", Кир ја соопштил својата желба да се погрижи за враќањето на Евреите и повторното подигање на храмот. „Сите земни царства ми ги дал Господ небесниот Бог", со благодарност признал царот во тој јавен распис, „и Тој ми заповеда да му изградам дом во Ерусалим, кој е во Јудеја. Кој е помеѓу вас од целиот Негов народ? небесниот Бог нека биде со него, па нека оди во Ерусалим... и нека сосида дом на Господа Израеловиот Бог, (Тој е Бог) кој е во Ерусалим. А ако некој се задржал во некое место, каде и да живеел тој, жителите во местото каде што престојува нека го помогнат со сребро и злато, со имот и добиток и со доброволни приноси". (Ездра 1:1-4). {ПЦ 558.1}

Потоа Кир дал упатства во поглед на сидањето на храмот: „Домот нека биде изграден како место каде ќе бидат принесувани жртви и темели да му се изсидаат; нека биде висок шеесет лакти и широк шеесет лакти. Три реда нека бидат од големи камења, а еден од дрво. Трошоците ќе бидат подмирени од царскиот дворец. Освен тоа, златните и сребрените садови од Божјиот дом што Навуходоносор ги беше земал од Светилиштето во Ерусалим и ги пренесол во Вавилон, да се вратат и нека бидат поставени во Божјиот Дом". (Ездра 6:3-5). {ПЦ 558.2}

Веста за оваа наредба допрела и до најоддалечените краеви на царството и помеѓу растурените Израелови деца завладеала голема радост. Мнозина како Даниел, ги проучувале пророштвата и Му се молеле на Бога да му ја прати на Сион ветената помош. Сега Бог ги услишил нивните молитви и затоа радосните срца можеле слободно да запеат: {ПЦ 558.3}

„Кога Господ ги враќаше Сионските заробеници,
ни беше како да сонуваме.
Устата ни беше полна со смеа,
а јазикот со пеење.
Тогаш меѓу народите се зборуваше:
Господ направи големи дела за нив.
Господ ни направи големи дела,
затоа се развеселивме".
(Псалм 126:1-3). {ПЦ 559.1}

„Тогаш станаа поглаварите на семејствата на татковците од Јуда и Венијамин, и свештениците и левитите и сите на кои Бог им го подигна духот" тие го сочинувале оној добар остаток од околу педесет илјади Евреи во земјите на изгнанство, кои ја искористиле прекрасната можност која што им се пружила, „да одат и да го сосидаат Господовиот дом во Ерусалим". Нивните пријатели не им дозволиле да појдат со празни раце. „И им помагаа сите оние што беа покрај нив, со садови златни и сребрени, имот, стока и скапоцени работи". Покрај тие и многуте други подароци беа вклучени и

„садовите од домот Господов, кој што ги беше однел Навуходоносор од Ерусалим... кои ги издаде Кир царот Персиски преку Митридата ризничарот... пет илјади и четири стотини", за да се употребат во храмот кога ќе биде повторно изграден. (Ездра 1:5-11). {ПЦ 559.2}

Кир го одредил Зоровавел (познат и под името Савасавар), како Давидов потомок, да биде на чело на оние кои што се враќаат во Јудеја, а со него пошол и првосвештеникот Јошуа. Преминувајќи го долгиот пат низ пустината, овие луѓе биле среќни и благодарни на Бога за Неговата милост, и веднаш се фрлиле на работа да го обноват она што било урнато и уништено. „Поглаварите на татковските домови" биле понапред во давањето на прилози за обнова на храмот, а по нивниот пример се повел и народот давајќи доброволно од својата сиромаштија. (Види Ездра 2:64-70) {ПЦ 559.3}

Веднаш го подигнале олтарот во тремот на храмот, на местото каде што се наоѓал стариот олтар. При свеченоста на посветувањето на олтарот, „сиот народ се собра како еден;" и така тие биле соединети во обновувањето на светата служба која била прекината кога Навуходоносор го разорил Ерусалим. Пред да се разотидат по домовите кои имале намера да ги обноват, „тие исто така го празнуваа празникот сеници". (Ездра 3:1-6). {ПЦ 560.1}

Верниот остаток многу се израдувал за подигањето на олтарот и за секојдневната жртва паленица. Луѓето сесрдно се подготвиле за подигање на храмот, а нивната храброст растела сè повеќе колку што работата напредувала. Тие многу години биле без овој видлив знак на Божјото присуство. А сега опкружени со многу знаци кои ги потсетувале на отпадништвото на нивните татковци, копнееле за храмот кој ќе им биде доказ за простувањето и благонаклонетоста Божја. Надежта дека Бог ќе ги прими им била многу подрага од нивните имоти и права кои повторно им биле вратени. Бог чудесно делувал во нивна полза и тие биле убедени дека Тој е со нив; но сепак тежнееле за многу повеќе благослови. Радосно го очекувале моментот кога повторно од изградениот храм ќе заблеска Неговата слава. {ПЦ 560.2}

Работниците кои што ги подготвувале градежните материјали нашле помеѓу урнатините неколку огромни камења кои биле донесени на градилиштето во Соломоново време. Тие камења биле обработени за да можат да се употребат а бил донесен и многу нов материјал. Набрзо подготовките толку напреднале што дошло време да се положи камен темелник. Тоа било направено во присуство на многу илјади луѓе кои што дошле да ја набљудуваат работата и да дадат израз на својата радост заради учество во неа. Додека камен темелникот бил положуван, народот, придружен со трубите на кои свиреле свештениците и кимвалите во кои удирале синовите_Асафови, „му пееја заедно на Господа фала и слава: Зашто е благ, зашто е довека Неговата милост кон Израел". (Стих 11) {ПЦ 563.1}

Овој дом кој повторно се градел бил предмет на многу пророштва за благонаклонетоста која што Господ сакал да му ја укаже на Сион, и сите кои што присуствувале на полагање на камен темелникот со целото срце требало да учествуваат во таа свеченост. Меѓутоа, со музика и извици на слава кои што се слушнале во тој радосен ден се мешала и една нескладна нота. „Мнозина свештеници, левити, и главатари на татковските домови и старешини, кои го имаа видено поранешниот храм, плачеа гласно". (Стих 12) {ПЦ 563.2}

Било природно што тага ги исполнувала срцата на тие старци додека размислувале за последиците на непокорноста, кои толку долго се чувствувале. Да биле тие и нивното поколение послушни на Бога, да ја исполниле Неговата намера во поглед на Израел, не

би бил уништен храмот кој што го сосидал Соломон, а и робувањето би било непотребно. Меѓутоа, заради неблагодарност и неверство тие биле расеани меѓу незнабошците. {ПЦ 564.1}

Сега околностите се измениле. Господ во нежна милост повторно го посетил Својот народ и му дозволил да се врати во својата земја. Требало тагата заради грешките од минатото да и отстапи место на чувството на голема радост. Бог влијаел на Кировото срце да им дозволи повторно да го изградат храмот, и тоа требало во нив да предизвика чувство на голема благодарност. Но некои не го забележале Божјото провидение. Наместо да се радуваат, тие попуштале на незадоволството и малодушноста. Тие ја виделе славата на Соломоновиот храм и се јадосувале што храмот што ќе се подигне сега нема да биде таков. {ПЦ 564.2}

Роптањето, жалењето, како и непромислените споредби, неповолно влијаеле врз расположението на многуте присутни и ги слабеле рацете на градителите. Работниците се прашувале дали треба да продолжат со градењето на кое што уште од почетокот му се замерува и кое предизвикало таква жалост. {ПЦ 564.3}

Меѓу соборот сепак имало повеќе луѓе кои што имале посилна вера и поширок видици и оваа скромна градба не ја гледале со незадоволство. „Многумина воскликнуваа гласно од радост, и така не можеше да се разликува радосното воскликнување од плачот на народот; зашто народот воскликнуваше гласно, и викањето се слушаше многу далеку". (Стихови 12,13) {ПЦ 564.4}

Да знаеле оние кои што тој ден не се радувале на полагањето на камен-темелникот на идниот храм какви ќе бидат последиците од нивниот недостаток на вера, би се престрашиле. Тие не ја разбрале тежината на зборовите со кои го изразувале своето незадоволство и разочарување, ниту знаеле колку тоа ќе го успори довршувањето на Божјиот дом. {ПЦ 565.1}

Израелците пред своето ропство се гордееле на првиот величествен храм и достоинствените обреди при богослужењата, но во нивната служба често пати недостасувала онаа важна содржина која што Бог ја смета за најнеопходна. Славата на првиот храм и неговите величествени служби не можеле да ги препорачаат кај Бога, затоа што не пружале она што единствено претставува вредност во Негови очи. Тие не Му принесувале жртва со понизно и скрушено срце. {ПЦ 565.2}

Верските обреди обично се умножуваат и добиваат вид на претераност кога луѓето ќе ги изгубат од вид животните начела на Божјото царство. Кога луѓето ќе го запостават изградувањето на својот карактер и украсувањето на душата, кога ќе започнат да ја презираат едноставната побожност, тогаш гордоста и љубовта кон раскошот бараат сјајни храмови, величествени наметки и церемонии. Меѓутоа со сето тоа не се слави Бог. Тој не ја вреднува својата црква според надворешниот сјај, туку по искрената побожност која се одвојува од светот. Тој ја цени според напредувањето на нејзините членови во познавањето на Христа, и нивното духовно искуство. Тој гледа на начелата на љубовта и добрината. Ниту сета убавина на уметноста не може да се спореди со убавината на темпераментот и карактерот, кој се открива во оние кои се Христови претставници. {ПЦ 565.3}

Една верска заедница може да биде најсиромашна; може да биде без никаков надворешен раскош, но ако нејзините членови живеат според начелата на Христовиот карактер, ангелите ќе се соединат со нив во нивното обожување. Бог ќе ја прими пофалбата од благодарните срца како угодна жртва. {ПЦ 566.1}

„Славете Го Господа, зашто е благ, затоа што Неговата милост е вечна. Нека избавените од Господа речат така, кои Тој ги избави од непријателските раце”. {ПЦ 566.2}

„Пејте Му, и славете Го, раскажувајте ги сите Негови прекрасни дела. Фалете се со Неговото свето име, нека се радува срцето на оние кои Го бараат Господа”. {ПЦ 566.3}

„Зашто Тој ја насити гладната душа, и ја наполни со добрина изгладнетата душа”. (Псалм 107:1,2; 105:2,3; 107:9). {ПЦ 566.4}

ПОГЛАВЈЕ 46 - БОЖЈИТЕ ПРОРОЦИ ПОМАГАА

Недалеку од Израелците кои што работеле на обновување на храмот, живееле Самарјаните. Тие биле мешавина настаната од взаемно женење и мажење на незнабожци населени тука од Асирија и остатокот од десетте племиња кои што останале во Самарија и Галилеја. Самарјаните со текот на времето почнале да тврдат дека се почитувачи на вистинскиот Бог, но во срцето и во животот биле идолопоклоници. Всушност, тие говореле дека идолите им служат само за да ги потсетуваат на живиот Бог, Управителот со вселената, но народот сепак бил склон кон обожување на ликови. {ПЦ 567.1}

Во времето на обновувањето на храмот овие Самарјани биле прочуени како „непријатели Јудини и Венијаминови”. Слушајќи „дека оние што се вратија од ропство сидаат дом на Господ Бог Израелев, дојдоа кај Зоровавел и поглаварите на домовите татковски” и изјавиле дека и тие сакаат да учествуваат во градењето. „И ние да градиме со вас”, рекле тие, „зашто и ние го бараме вашиот Господ Бог, и нему му принесуваме жртви од времето на Есардон Асирскиот цар, кој нè доведе тука”. Но оваа нивна молба била одбиена. „Не можете вие со нас да сидате дом на нашиот Бог”, им одговориле израелските поглавари, „туку ние сами ќе му сидаме на Господ Бог Израелев, како што ни заповеда персискиот цар Кир”. (Ездра 4:1-3). {ПЦ 567.2}

Само еден мал остаток одлучил да се врати од Вавилон, и сега, кога се фатиле за задача која, како што се чинело, ги преминувала нивните сили, дошле најблиските соседи и им понудиле помош. Самарјаните рекле дека и тие го обожуваат вистинскиот Бог и изразиле желба да учествуваат во благословите на службата во храмот. „Ние исто како и вие го бараме вашиот Бог”, рекле тие, „дозволете и ние да сидаме со вас”. Но ако еврејските поглавари ја прифателе оваа нивна понуда, би ја отвориле вратата за идолопоклонство. Тие ја распознале незрелоста на Самарјаните. Знаеле дека помошта која што би им ја дале тие луѓе не е ништо во споредба со благословите кои што можеле да ги очекуваат ако ја слушаат јасната Јеховина заповед. {ПЦ 568.1}

Господ преку Мојсеј му кажал на Израел како треба да постапува кон соседните народи. „Не се фаќај со нив во верата, ниту да се смилуваш над нив; ниту да се спријателуваш со нив... зашто тие ќе го оттргнат синот твој од Мене и ќе им служи на други богови, па Господ ќе се разгневи на вас и ќе ве сотре набрзо”. „Ти си народ посветен на Господа, својот Бог; Господ те избра тебе меѓу сите народи на земјата за да бидеш Негов народ, Негова сопственост”. (Второзаконие 7:2-4; 14:2). {ПЦ 568.2}

На Израел јасно му било предочено какви последици би настапиле кога би почнал да склопува сојузи со соседните народи. „Господ ќе ве расфрли по сите народи, од едниот до другиот крај на земјата”, рекол Мојсеј, „таму ќе им служиш на други богови;

дрвени и камени кои ви беа непознати и тебе и на татковците твои. Но нема да имаш мир меѓу тие народи; ниту твоите стапала ќе имаат почивалиште, туку таму Господ ќе ти даде возбудено срце, пропаднати очи, изнемоштена душа. Твојот живот ќе виси на нишка; ќе се боиш и дење и ноќе, и не ќе бидеш безбеден за својот живот. Од стравот што ќе ти го стега срцето, и од глетката што ќе ја гледаат очите твои, наутро ќе зборуваш: Ох да е веќе вечер! а навечер ќе зборуваш: Ох да е веќе утро! (Второзаконие 28:64,67). „Таму ќе го бараш Господа, својот Бог. И ќе го најдеш ако го бараш со сето свое срце и со сета своја душа", гласело ветувањето. (Второзаконие 4:29). {ПЦ 569.1}

Зоровавел и неговите соработници ги познавале овие и многу други светски ракописи, а неодамна, додека сè уште биле во ропство, имале можност да го видат и нивното исполнување. А сега, бидејќи го исповедале сето она зло заради кое тие и нивните татковци ја искусиле казната проречена преку Мојсеј, кога со целото срце се обратиле кон Господа и го обновиле заветот со Него, им било дозволено да се вратат во Јудеја и да го обноват она што било уништено. Зарем сега, на самиот почеток од својот потфат, да влезат во сојуз со идолопоклоници? {ПЦ 569.2}

„Не влегувај со нив во завет", рекол Господ. Оние кои што повторно Му се посветиле на Бога при олтарот подигнат пред урнатините на Неговиот храм, сфатиле дека секогаш треба да се одржува гранична линија помеѓу Неговиот народ и светот. Одбиле да се дружат со таквите кои, и покрај тоа што биле запознаени со прописите на Божјиот закон, не сакале да се покоруваат на Неговите барања. {ПЦ 570.1}

Божјиот народ до крајот на векот мора да се придржува на начелата во петата книга Мојсеева како упатство на Израел. Вистинскиот напредок зависи од одржувањето на нашите заветни односи со Бога. Никогаш не смееме да дозволиме да попуштиме во поглед на начелата и да стапиме во сојуз со оние кои не се бојат од Бога. {ПЦ 570.2}

Христијаните се во постојана опасност да помислат како во извесна мерка мораат да се прилагодат со светот за да имаат влијание во него. Меѓутоа, иако таквиот став привидно овозможува голема корист, на крајот секогаш доаѓа до духовен губиток. Божјиот народ на овој свет е патник и странец кој оди по патека полна со опасности. Тој не смее да се поведе по примамливите наговори, и заради наизглед безазлените поттикнувања да тргне по патот на непослушноста. {ПЦ 570.3}

Отворените непријатели на Божјото дело не се најопасни. Поголема моќ на измама имаат оние кои што, слични на непријателите на Јуда и Венијамин, доаѓаат со благопријатни зборови трудејќи се наоколу да склопат пријателски сојуз со Божјите синови. Секоја душа мора да биде во приправност, кога станува збор за таквите луѓе, за да не падне во било каква грижливо прикриена и вешто поставена стапица. Денеска особено, бидејќи се приближуваме кон крајот на историјата, Господ бара од Своите деца непрекината будност. И покрај тоа што борбата е непрекината, никој не е препуштен самиот на себе. Ангелите им помагаат и ги штитат оние кои што во понизност одат пред Бога. Господ никогаш нема да го изневери оној кој што се надева на Него. Кога Неговите деца ќе Му се приближат барајќи заштита од злото, Тој жално и со љубов подига за нив знаме против непријателот. „Не допирајте ги, Тој вели, зашто се Мои. На дланките сум ги изрежал". {ПЦ 570.4}

Неуморни во своето противење, Самарјаните „им ги ослабнуваа рацете на јудејскиот народ и им пречеа во sидањето; и изнајмија советници наспроти нив да ја расипуваат нивната намера за време на царот Кир Персиски до владеењето на Дариј царот Персиски". (Ездра 4:4,5). Ширејќи лажни гласови предизвикале сомнеж кај душите кои што лесно можеле да се поколебаат. Меѓутоа, силите на темнината повеќе

години биле успешно зауздувани и Јудиниот народ слободно можел да го продолжи своето дело. {ПЦ 571.1}

Додека сатаната се трудел да влијае на најголемата власт во медо-персиското царство за да не покаже наклонетост кон Божјиот народ, ангелите работеле во корист на заробениците. За таа борба се заинтересирало целото небо. Преку пророкот Данило ни е дадено да погледаме накратко во моќната борба помеѓу силите на доброто и злото. Три седмици ангел Гаврил се борел со силите на темнината, трудејќи се да го попречи влијанието кое што делувало врз умот на царот Кир. И пред да се заврши борбата, самиот Христос му дошол во помош. „Кнезот на Персиското царство ми се противеше дваесет и еден ден", рекол Гаврил, „но ете, Михаил еден од првите кнезови ми дојде на помош; така што јас останав кај Персискиот цар". (Даниел 10:13). Било направено сè што небото можело да направи за Божјиот народ. Победата конечно била извојувана; силите на непријателот биле сопрени за целото време на владеење на царот Кир и неговиот син Камбис, кој владеел околу седум и пол години. {ПЦ 571.2}

Тоа било време на извонредни предности за Евреите. Највозвишените претставници на небото делувале врз срцата на царевите и Божјиот народ морал да работи до крајни граници за да ја спроведе Кировата заповед. Морале да ги вложат сите свои напори за да го обноват храмот и службата во него и повторно да се населат во своите домови. Но, иако Бог силно работел за нив, мнозина не се отповикале. Нивните непријатели биле силни и одлучни и градителите постепено губеле храброст. Некои не можеле да ја забораваат глетката при поставувањето камен-темелник, кога мнозина покажале дека немаат доверба во тој потфат. И бидејќи Самарјаните станувале сè подрски, мнозина Евреи почнале да се запрашуваат дали воопшто е дојдено време да се гради храмот. Ваквото чувство било многу распространето. Многу работници, обесхрабрени и малодушни, се вратиле во своите куќи за да ги продолжат вообичаените занимања во животот. {ПЦ 572.1}

За време на Камбисовото владеење работата на изградбата на храмот напредувала споро. А за време на лажниот Смерт (кој во Ездра 4:7 се нарекува Артарксеркс), Самарјаните го навеле безобзирниот измамник да издаде декрет со кој на Евреите им се забранува повторно да го градат нивниот храм и град. {ПЦ 572.2}

Повеќе од една година храмот бил занемарен и скоро заборавен. Луѓето живееле во своите куќи и се труделе да постигнат земски успех, меѓутоа, тие се наоѓале во жална состојба. Колку и да работеле, немале никаков напредок. Се чинело дека и природните елементи се здружиле против нив. Бидејќи дозволиле храмот да запусти, Господ пуштил врз нив разорна суша. Бог претходно им дал плодови од нивите и градините, жито, вино и масло како залог на својата наклонетост; но тие обилни дарови ги употребиле толку себично што благословите им биле ускратени. {ПЦ 573.1}

Такви биле можностите на почетокот на Дариевото владеење. Со духовното а и со земското живеење, Израел се наоѓал во многу жална состојба. Така долго роптале и се сомневале, толку време оделе по своите лични интереси, посматрајќи го рамнодушно Господовиот храм во урнатини, што мнозина ја изгубиле од вид Божјата намера повторно да ја зацврсти Јудеја. Мнозина говореле: „Сè уште не е дојдено времето да се сосида домот Господов". (Агеј 1:2). {ПЦ 573.2}

Но дури ни тој мрачен час не бил без надеж за оние кои што се надевале на Бога. Пророците Агеј и Захарија биле подигнати да се спротивстават на кризата. Тие повикани гласници со возбудливи сведоштва му ги откриле на народот причините за нивните неволји. Пророците говореле дека неуспехот во земските работи се должи на тоа што

Божјите интереси не се ставени на прво место. Изралеците да го прославеле Бога, да му го укажале задолжителното почитување и чест, посветувајќи главен акцент на подигање на Неговиот дом, тие би ги заслужиле Неговото присуство и благослов. {ПЦ 573.3}

На оние кои што паднале во малодушност Агеј им упатил сериозно прашање: „Дали ви е време да живеете во покриени куќи, додека овој дом е разурнат. Затоа, Господ над војските сега зборува вака: Обратете ги своите срца на вашите патишта!" Зошто имате направено толку малку? Зашто толку се грижите за своите домови а не се грижите за зданието Господово? Каде е ревноста која што порано ја исполувавте во подигањето на домот Господов? Што добивте служејќи си себеси? Копнежот да ја избегнете сиромаштијата ве доведе до тоа да го занемарите храмот, меѓутоа тоа занемарување го донесе врз вас токму тоа од што се плашевте. „Сеете многу, собирате малку; јадете, а не сте сити; пиете, а не можете да се напоите, се облекувате, а не ви е топло. Трудбеникот ја заработува својата плата, а ја става својата плата во скината кожена торбичка". (Стихови 4-6). {ПЦ 574.1}

Потоа Господ, со зборови со кои што морале да разберат, му ја открил на Израел причината за нивната сиромаштија: „Се надевате на изобилство, а ете, малку е; што ќе донесете дома Јас ќе го дувнам. А зошто? говори Господ над Војските. Затоа што Мојот дом е разурнат, додека секој од вас се грижи за својот дом. Затоа небото се заклучи и не дава роса, а земјата не ги подава своите производи. Јас ја повикав сушата на земјата и по горите, на житото и на виното, на маслото и на сè што раѓа на земјата, на луѓето и на добитокот и на секој со мака добиен плод". (Стихови 9-11). {ПЦ 574.2}

„Размислете за вашите патишта", советувал Господ. „Отидете во гората, донесете дрва, и подигнете го пак домот; тоа ќе Ми биде мило, и ќе се прославам". (Стихови 7, 8). {ПЦ 575.1}

Водачите и израелскиот народ ја примиле при срце веста на советот и укорот кои што Господ им ја упатил преку Агеј. Чувствувале дека на Бога Му дошло до нив. Повеќе не се осудувале да ги отфрлат поуките кои што повеќе пати им ги давал, имено, нивната среќа, како земската така и духовната, зависи од тоа дали верно ќе ги исполнуваат Неговите заповеди. Разбудени од опомените на пророкот, Зоровавел и Јошуа (Исус), „и целиот остаток народниот глас на Господа својот Бог, ги послушаа гласот на Господа, нивниот Бог, и зборовите на пророкот Агеј". (Стихови 12). {ПЦ 575.2}

Штом Израел одлучил да се отповика на поканата, по укорот следело охрабрување. „Тогаш прозборе Агеј... до народот, велејќи: Јас Сум со вас говори Господ. Господ го задвижи духот на Зоровавел" и на Исус и „духот на сиот останат народ; та тие дојдоа и се зафатија со работа во домот на Господа над воинствата, својот Бог". (Стихови 13,14). {ПЦ 575.3}

За помалку од еден месец откако се вратиле повторно на градење на храмот, градителите добиле уште една охрабрувачка вест. „Биди силен, Зоровавеле", Господ ургирал преку Својот пророк; „биди силен, О Исусе; и биди силен народе на сета земја, говори Господ, и работи; затоа што Јас сум со вас, говори Господ над војските". (Агеј 2:4). {ПЦ 575.4}

На Израилот, кога се беше улогорил пред Синајската гора, Господ рекол: „И ќе пребивам меѓу синовите Израелови, и ќе им бидам Бог. И ќе познаат дека Сум Јас Господ Бог нивни, кој што ги изведов од Египетската земја, за да пребивам помеѓу нив, Јас сум Господ нивниот Бог". (Излез 29:45,46). А сега, и покрај тоа што повеќепати „се одметнаа и го жалостеа Неговиот Свет Дух" (Исаија 63:10), Бог уште еднаш преку својот

пророк ја подал Својата рака за да спаси. Во знак дека ја прифатил нивната соработка за остварување на Неговите намери, Тој го обновил Својот завет дека Неговиот Дух ќе биде со нив; и им порачал „не бој се". {ПЦ 575.5}

Господ и денеска им вели на своите деца: „Бидете силни... и работете; зашто Јас сум со вас". Христијанинот секогаш во Бога ќе има силен помагач. Можеби нема да можеме да ги разбереме патиштата на Божјата помош, но едно знаеме: Тој никогаш не ги остава оние кои што се надеваат во Него. Кога христијаните би знаеле колку пати Господ го одредувал патот по кој тие ќе одат, за да не се остварат намерите на непријателот, не би се препнувале често и не би се жалеле. Нивната вера во Бога би била толку цврста што никакво искушение не би можело да ги поколеба. Тие би го признале за своја мудрост и сила и Тој би направил преку нив да се оствари она што го посакува. {ПЦ 576.1}

Срдечните повици и храбрења упатени преку Агеј, во уште поголема мерка биле изнесени преку Захарија, кого Бог го подигнал да го поттикне Израел да ја изврши заповедта за градењето. Првата Захариева вест била потврда дека Божјата реч никогаш не изневерува, како и ветувањето за благословите за оние кои што ќе ја примат верната пророчка реч. {ПЦ 576.2}

И покрај тоа што нивните полиња лежеле необработени а залихите брзо им се намалувале, и покрај тоа што биле опкружени со непријателски расположени народи, Израелците сепак се отповикале на повикот на Божјите гласници, тргнале со вера и вредно започнале да работат на обновата на урнатиот храм. Таа работа барала цврста доверба во Бога. Додека народот се трудел да ја изврши својата задача и тежнеел Божјата благодат да ја прифати со цело срце, преку Агеј и Захарија пристигнувале вести една по друга, потврдувајќи дека нивната верност ќе биде наградена и дека ќе се овистини Божјата реч за идната слава на храмот чии ѕидови биле обновувани. Зашто, кога ќе се наврши времето, токму во тој храм како Учител и Спасител на човештвото ќе се појави Оној за кого копнееле сите народи. {ПЦ 577.1}

Градителите не биле оставени да се борат сами. „Со нив беа Божјите пророци помагајќи им", а самиот Господ над војските изјавил: „Бидете храбри... и работете; затоа што Јас Сум со вас". (Ездра 5:2; Агеј 2:4). {ПЦ 577.2}

Бидејќи луѓето искрено се покајале и ја покажале својата подготвеност да напредуваат во верата, дошло и ветувањето за земниот напредок. „Од овој ден", објавил Господ, „Јас ќе ве благословам". (Агеј 2:19). {ПЦ 577.3}

До нивниот водач Зоровавел, оној кој во текот на годините по враќањето од Вавилон бил ставен на тешки искушенија му била упатена драгоцена вест. Доаѓа денот, рекол Господ кога ќе бидат поразени сите непријатели на Неговиот одбран народ. „И во тоа време, зборува Господ над војските, ќе те земам тебе, Зоровавелу, слуго Мој,... и ќе те поставам како печат; зашто те избрав". (Стих 23). Сега водачот на Израел можел да ја сфати смислата на провидението кое што го водело низ сите искушенија и кризи, и во сето тоа можел да ја согледа Божјата волја. {ПЦ 577.4}

Оваа реч, упатена лично на Зоровавел, била забележана заради охрабрување на Божјите деца во сите времиња. Бог Своите деца ги става на проба со одредена цел. Тој ги води токму онака како што тие и самите би посакале кога би можеле уште во почетокот да го согледаат крајот, и да ја разберат големината на целта која што ја остваруваат. Сите искушенија и неволји кои што ги снаоѓаат според Неговото провидение, треба да ги направи силни за да работат и страдаат за Него. {ПЦ 578.1}

Вестите кои што ги донеле Агеј и Захарија направиле луѓето да се заложат со сите сили за обнова на храмот. Но Самарјаните и останатите настојувале на сите можни начини да ја оневозможат оваа работа. Така еднаш покраинските намесници на Медо-Персија дошле во Ерусалим и запрашале кој наредил да се обновува храмот. Евреите во тој момент да не се надевале во Господовото водство, ова прашање можело да биде кобно. „Но окото Господово беше над старешините Јудејски, па не им забрануваше додека работата не отиде до Дариј". (Ездра 5:5). Тие исто така мудро им одговориле на намесниците дека овие одлучиле да пратат писмо до Дариј Хистасп, кој тогаш владеел со Персија, обрнувајќи му внимание на првиот декрет на Кир во кој било наложено Божјиот храм во Ерусалим да се обнови, и таа обнова да падне на товар на царската ризница. {ПЦ 578.2}

Дариј го побарал овој декрет и го пронашол. Потоа им порачал на оние кои што ја испитале работата да ја дозволат понатамошната изградба на храмот. Тој заповедал: „Оставете нека се гради тој Божји дом, Јудејскиот управител и старешините нивни нека го ѕидаат тој Божји дом, на местото негово". {ПЦ 579.1}

„Уште и заповедам", продолжил Дариј, „што да направите кон јудејските старешини за да се изгради повторно Божјиот Дом: од царското благо односно од данокот отаде реката нека им се плаќа внимателно на оние луѓе, без прекратување, и што ќе им треба за жртвите паленици на небесниот Бога: јунци, овни и јагнињa, и пченица, сол, вино и масло, нека им се дава редовно секој ден, според упатствата на свештениците во Ерусалим. Нека принесуваат жртви со пријатен мирис на небесниот Бог, нека се молат за животот на царот и неговите синови". (Ездра 6:7-10). {ПЦ 579.2}

Царот потоа одредил строги казни за оние кои во било кој поглед би ја прекршиле оваа наредба, и ја завршил со значајна порака: „И Бог, кој таму го настани Своето Име, нека ги обори секој цар и народ, кој би се осмелил да ја прекрши мојата заповед и го разурне Божјиот Дом во Ерусалим! Јас, Дариј, ја дадов оваа наредба. Нека се извршува точно". (Стих 12). Така Господ го подготвил патот за комплетирање на храмот. {ПЦ 579.3}

Со месеци Израелците, уште пред оваа наредба, непрекинато и со вера работеле на изградување на храмот. Божјите пророци исто така им помагале донесувајќи им вести во вистинско време, од кои работниците можеле да видат каква е Божјата волја за Израел. Два месеца по последната забележена вест од пророкот Агеј, Захарија добил серија виденија во поглед на Божјите дела на земјата. Овие вести, дадени во вид на параболи и симболи, во моментите на големи неизвесности и стравувања, биле од посебно значење за луѓето кои што работеле во името на Израеловиот Бог. На водачите им се чинело дека дозволата за градба на храмот ќе биде повлечена; иднината изгледала многу мрачна. Бог видел дека треба да го поддржи и да го израдува Својот народ со откровението на Својата неизмерна сочувствителност и љубов. {ПЦ 579.4}

Захарија во видение го слушна Господовиот ангел како прашува: „Господе над војските, колку долго нема да му се смилуваш на Ерусалим и Јудините градови, на кои се гневиш веќе седумдесет години? А Господ му одговори на ангелот кој говореше со мене", објавил Захарија, „со добри зборови, утешни зборови". {ПЦ 580.1}

„И ми рече ангелот кој говореше со мене: викај и зборувај: вака вели Господ над војските: Ревнувам за Ерусалим и за Сион многу. И многу се гневам на народите безгрижни, зашто малку се разгневив а тие помогнаа со зло. Затоа вака вели Господ: Се обратив кон Ерусалим со милост, домот мој повторно ќе се изгради во него... и јаже ќе се оптегне во Ерусалим". (Захарија 1:12-16). {ПЦ 580.2}

Пророкот сега добил налог да објави: „Вака вели Господ; Моите градови пак ќе се прелеваат со изобилство, и Господ ќе го утеши Сион, ќе го избере Ерусалим”. (Стих 17). {ПЦ 580.3}

Захарија потоа видел во видение четири рога кои што „ја растурија Јуда, Израел и Ерусалим”. Веднаш потоа здогледал четири ковачи кои претставувале орудија со помош на кој Господ ќе го обнови Својот народ и Својот дом. (Види стихови 18-21). {ПЦ 581.1}

„Тогаш ги подигнав своите очи”, рекол Захарија, „и видов ете човек, а во неговата рака мерачко јаже. Го прашав каде одиш? Ми одговори: Да го измерам Ерусалим и да видам колку е широк а колку долг. И ете, ангелот кој зборуваше со мене отиде, а друг му излезе во пресрет и му рече: Трчи, речи му на оној млад човек вака: Ерусалим ќе биде како отворен град заради мноштвото луѓе и добиток што ќе биде во него. А јас говори Господ ќе му бидам огнен ѕид наоколу и негова Слава сред него”. (Захарија 2:1-5). {ПЦ 581.2}

Бог наредил Ерусалим повторо да се изгради; и ова видение за мерењето на градот било потврда дека Тој ќе го утеши и ќе го поткрепи Својот напатен народ и ќе ги исполни ветувањата на својот вечен завет. Тој им рекол дека ќе им биде „ѕид огнен наоколу”, и дека преку нив Неговата слава ќе им се открие на сите синови човечки. Така целата земја ќе сознае што направил Тој за Својот народ. „Воскликнувајте и радувајте се, жители на Сион, зашто голем е меѓу тебе Израеловиот Светец”. (Исаија 12:6). {ПЦ 581.3}

ПОГЛАВЈЕ 47 - ИСУС И АНГЕЛОТ

Постојаното напредување во изградбата на храмот предизвикало големо незадоволство и вознемиреност кај војската на злото. Сатаната одлучил со сите сили да работи за да го ослабне и обесхрабри Божјиот народ, укажувајќи му на недостатоците на неговиот карактер. Кога тие, кои толку долго страдале заради престапувањата на Божјите заповеди, би можеле да бидат наведени повторно да ги отфрлат, повторно би паднале во ропството на гревот. {ПЦ 582.1}

Одбран да го сочува сознанието за Бога на земјата, Израел секогаш бил предмет на најголема омраза од страна на сатаната; тој цврсто одлучил да го уништи. Додека тие биле послушни, тој не можел да им наштети, па затоа со целото свое лукавство и сили настојувал луѓето да ги наведе на грев. Измамени од неговите искушенија, тие го прекршиле Божјиот закон и така станале плен на своите непријатели. {ПЦ 582.2}

Но, Бог не ги оставил ниту во вавилонското ропство. Тој им праќал пророци со вести на укори и предупредувања, поттикнувајќи ги да ја согледаат својата вина. А кога ќе се понизиле пред Бога и би се вратиле кај Него во искрено покајание, Тој им праќал вести на охрабрување, објавувајќи дека ќе ги ослободи од ропството, дека повторно ќе им ја укаже Својата благонаклоност и ќе ги врати во нивната земја. И сега, бидејќи делото на обновување започнало и остатокот на Израел се вратил во Јудеја, сатаната одлучил да ја осуети Божјата волја, поттикнувајќи ги незнабожечките народи потполно да ги уништи. {ПЦ 582.3}

Но Господ во таа криза го храбрел својот народ „со добри зборови, со утешни зборови”. (Захарија 1:13). Со помош на еден длабок симбол Тој покажал дека нивниот Посредник има сила да го победи тужителот на Својот народ. {ПЦ 583.1}

Пророкот во видение го здогледал „Исус првосвештеникот”, кој „беше облечен во извалкана облека”, стоејќи пред Господовиот ангел, молејќи го Бога да биде милостив кон неговиот народ. (Захарија 3:1,3). Додека тој срдечно се молел на Бога да го исполни своето ветување, сатаната самоуверено се подигнал да му се спротивстави. Укажувајќи на гревовите на Израел, тврдел дека тој нема право повторно да добие Божја благонаклоност. Израел бил негов плен и тој барал да му се предаде во негови раце. {ПЦ 583.2}

Првосвештеникот не можел да се заштити себеси и својот народ од сатанските обвинувања. Тој не тврдел дека Израел е без грев. Стоел пред Ангелот во извалкана облека, која била симбол на грев, како претставник на својот народ и ја признал неговата грешност, но истовремено укажувал на неговата понизност и покајание, надевајќи се на милоста на Спасителот кој простува гревови. Тој со вера се повикувал на Божјите ветувања. {ПЦ 583.3}

Тогаш Ангелот, кој всушност бил самиот Христос, Спасителот на грешниците, му ја затворил устата на тужителот на Неговиот народ велејќи му: „Господ да те укори, сатано, кој го избра Ерусалим. Не е ли тоа гламја истргната од оган?” (Стих 2). Израел долго бил во печката на искушенијата. Заради своите гревови речиси сосема бил уништен со пламенот кој што го запалил сатаната со своите помагачи, но сега Бог ја испружил својата рака да го спаси. {ПЦ 584.1}

Бидејќи Исусовото посредување било примено, дошла заповедта: ”Тргнете ја од него таа облека;” и Ангелот му рече на Исуса: „Погледни, го одземав од тебе беззаконието твое, и те облеков со нова облека”. „И му ставија чиста капа на главата, и му ја облекоа облеката”. (Стихови 4,5). Биле простени и неговите и гревовите на народот. Израел бил облечен „во нова облека” тој ја добил Христовата праведност. Врз Исусовата глава била ставена капа која што ја носеле свештениците, а на неа пишувало: „Господова Светост” (Излез 28:36), што значело дека и покрај неговите минати гревови бил оспособен да служи пред Бога во Неговото светилиште. {ПЦ 584.2}

Ангелот потоа му рече на Исуса: „Вака вели Господ над војските: Ако одиш по Моите патишта и ако ги пазиш Моите наредби, ти ќе бидеш управител во Мојот Дом, ќе ги чуваш Моите дворови и ќе ти дадам пристап меѓу оние кои стојат таму”. (Захарија 3:7). Ако биде послушен, ќе му биде дадена чест да биде судија или поглавар на храмот и да управува со неговата служба; ќе чекори со ангелите чувари во овој живот и најпосле ќе биде примен во оној прославен собир пред Божјиот престол. {ПЦ 584.3}

„И така, послушај, Исусе, поглавару свештенички, ти и твоите другари кои се околу тебе, зашто вие сте луѓе познати! Еве, Јас ќе го доведам Мојот слуга, Фиданката и ќе ја отстранам нечесноста на оваа земја во еден ден”. (Стих 8). Надежта Израелева лежела во Фиданката, во Спасителот кој што требало да дојде. Исус и неговиот народ примиле простување со вера во тој Спасител кој требало да дојде. Со вера во Христа повторно се здобиле со Божјата благонаклоност. Преку Неговите заслуги, ако одат по Неговите патишта и ги држат Неговите заповеди, ќе станат „луѓе познати” затоа што ќе им се укаже чест како на одбран од небото помеѓу сите народи на земјата. {ПЦ 585.1}

Како што го обвинувал Исуса и неговиот народ, сатаната во сите векови ги обвинувал сите оние кои бараат милост и благонаклоност Божја. Тој е „клеветник на браќата наши... кој ги обвинуваше пред нашиот Бог, дење и ноќе”. (Откровение 12:10). Оваа борба се повторува за секоја душа избавена од злото, чие име е забележено во книгата на животот на Јагнецот. Без огорчен отпор кон непријателот ниеден не е примен во Божјото семејство. Но Оној кој што во тоа време бил надеж, одбрана,

оправдување и избавување на Израелот претставува надеж и на црквата денес. {ПЦ 585.2}

Сатанските обвинувања против оние кои го бараат Господа не се во никој случај плод на неговото гнасење од нивните гревови. Тој ужива во маните на нивниот карактер, зашто знае дека над нив ќе добие власт единствено ако тие го прекршуваат Божјиот закон. Тој ги обвинува само заради тоа што е Христов непријател. Исус со планот на спасението ги раскинува ланците на човечкото семејство со кои сатаната го врзал и ги ослободува душите од негова власт. Во овој прв бунтовник се буди омраза и злоба кога ќе ги види знаците на Христовата надмоќ, и тој со сите сили и лукавост се напрега да ги оттргне од Неговите раце човечките деца кои што го прифатиле спасението. Тој луѓето ги наведува на сомнеж за да ја поколеба нивната вера во Бога и да ги одвои од Неговата љубов. Ги наведува да го прекршат законот, а потоа ги бара како заробеници, оспорувајќи му го правото на Христос да ги ослободи од неговата власт. {ПЦ 585.3}

Сатаната знае дека Бог ќе им пружи простување и благодат на сите оние кои што ќе побараат, и затоа им ги изнесува на луѓето нивните гревови за да ги обесхрабри. Тој непрестано чека прилика да ги обвини оние кои што се трудат да бидат послушни на Бога. Се обидува да ги прикаже безвредни дури и во нивната најдобра и најприфатлива служба. Тој настојува да ја постигне нивната осуда користејќи се со најлукави и најсвирепи средства. {ПЦ 586.1}

Човекот не е во состојба со сопствена сила да се одбрани од нападите на непријателот. Тој стои пред Бога во облека извалкана од грев, признавајќи ја својата вина. Но Христос, нашиот Бранител, ги застапува сите оние кои што во покајание со вера Му ја предале својата душа. Тој ги брани и го победува нивниот обвинител со силни докази од Голгота. Неговата совршена послушност кон Божјиот закон Му дала секаква власт и на небото и на земјата и Тој бара од Својот небесен Отец милост и простување за грешниот човек. Тој му возвраќа на напаѓачот на Својот народ: „Господ да те укори, сатано, Господ да те укори, кој што го избра Ерусалим. Не е ли тоа гламња истргната од оган?" А на оние кои што се надеваат на Него со вера, им упатува зборови на охрабрување: „Еве, ја симнувам од тебе твојата вина и те облекувам во нова облека". (Захарија 3:2-4). {ПЦ 586.2}

Сите оние кои што ќе се облечат во облеката на Христовата праведност, ќе стојат пред Него како Негов вистински, одбран и верен народ. Сатаната нема да може да ги истргне од раката на Спасителот. Христос нема да дозволи ниедна душа која во покајание со вера ќе ја побара Неговата заштита да потпадне под власт на непријателот. Неговата реч гласи: „Нека се фати за Мојата сила за да направи мир со Мене; и ќе направи мир со Мене". (Исаија 27:5). Ветувањето Исусово важи за сите: „Ако ги пазиш Моите наредби... ќе ти дадам пристап меѓу оние кои стојат таму". (Захарија 3:7). Божјите ангели ќе им стојат од двете страни уште во овој свет, а на крајот ќе се најдат помеѓу ангелите кои што го опкружуваат престолот. {ПЦ 587.1}

Захариевото видение за Исуса и ангелот се однесува на искуството на Божјиот народ во завршните настани на големиот ден на помирувањето. На заедницата на остатокот ќе наидат големи искушенија и неволји. Оние кои што ги држат Божјите заповеди и верата Исусова ќе го почувствуваат гневот на sверот и неговата војска. Сатаната го вбројува светот во своите поданици; тој се здобил со власт над мнозина кои тврдат дека се христијани. Но постои една мала заедница која што не ја признава неговата власт. Кога би можел неа да ја избрише од лицето на земјата, неговата победа

би била потполна. И како што некогаш ги поттикнувал незнабошците да го уништат Израел, така во блиска иднина ќе ги поттикне безбожните сили на земјата да го уништат Божјиот народ. Луѓето ќе бидат принудувани да се покорат на човечките заповеди газејќи го Божјиот закон. {ПЦ 587.2}

Оние кои што ќе му останат верни на Бога ќе бидат изложени на прогонства, обвинувања и презир. Тие ќе бидат „предадени од родителите и браќата и роднините и пријателите", на смрт. Нивна единствена надеж ќе биде Божјата милост, а единствена одбрана молитвата. Како што Исус се молел пред Ангелот, така и верните во заедницата на остатокот со понизни срца и непоколеблива вера ќе се молат за простување и избавување преку Исуса, својот Бранител. Тие потполно се свесни за грешноста на својот живот, увидуваат колку се слаби и недостојни, и склони се да паднат во очајание. {ПЦ 588.1}

Искушувачот е веднаш тука да ги обвини, како што некогаш го обвинувал Исуса, првосвештеникот. Тој укажува на нивните валкани облеки и недостоен карактер. Тој покажува на нивната слабост и лудост, на гревот на неблагодарност, на тоа колку се разликуваат од Христа и го обесчестуваат својот Откупител. Тој се труди да ги убеди дека за нив нема повеќе надеж и дека извалканоста од нивниот грев нема да може никогаш да се исчисти. Негова цел е на тој начин да ја уништи нивната вера, за да попуштат во искушенијата и да отстапат од својата верност кон Бога. {ПЦ 588.2}

Сатаната многу добро знае на кои гревови го наведувал Божјиот народ и затоа во своите обвинувања истакнува дека овој заради тие гревови ја изгубил Божјата заштита и дека тој има право да го уништи. Тој тврди дека тие, токму како и тој, заслужиле да им се ускрати Божјата благонаклоност. „Зарем е тоа народот што ќе го заземе моето место на небото и местото на ангелите кои што се соединија со мене? Тие тврдат дека го почитуваат Божјиот закон; но дали ги почитувале Неговите одредби? Зарем не се сакале повеќе себеси отколку Бога? Зарем не ги ставале сопствените интереси над Божјата служба? Зарем не ги сакале работите од овој свет? Погледни на гревовите кои што ги одбележуваат нивниот живот. Погледни ја нивната себичност, пакост и омраза еден кон друг. Зарем Бог ќе ме казни мене и моите ангели, а ќе ги награди овие кои што ги направиле истите гревови? Ако си праведен, о Господе, ти тоа нема да го направиш. Правдата бара да се осудат и тие", говори сатаната. {ПЦ 588.3}

Меѓутоа, иако згрешиле, Христовите следбеници не дозволиле со нив да завладее сатаната. Тие се покајале заради своите гревови и го барале Господа во понизност и скрушеност и затоа небесниот Бранител се моли за нив. Тој кој што најмногу страдал заради нивната неблагодарност, ги знае нивните гревови, но и нивното каење, па вели: „Господ да те укори сатано. Јас го дадов својот живот за овие души. Тие се врежани на моите дланки. Можеби нивниот карактер е несовршен. Можеби доживувале неуспеси во своите настојувања, но се покајале и јас им простувам и ги примам". {ПЦ 589.1}

Силни се сатанските напади и лукаво е неговото обвинување, но Бог бдее над своите верни. Тие се наоѓаат во голема неволја и се чини дека ќе изгорат во пламена печка, но Исус ќе ги изведе од огнот, како злато жарено во оган. Ќе исчезнат нивните земски одлики, и во нив потполно ќе се огледа Христовата слика. {ПЦ 589.2}

Можеби понекогаш ќе изгледа дека Господ заборавил на опасностите во кои се наоѓа Неговата заедница и на навредите кои што и ги нанесува непријателот. Меѓутоа, тоа Бог не го заборава. На Божјото срце ништо друго не му е подраго на оваа земја од Неговата црква. Тој не сака записот на нејзиниот живот да го извалкаат навиките од овој свет. Бог нема да дозволи Неговиот народ да подлегне на сатанските искушенија. Тој ќе

ги казни оние кои што неточно го претставуваат, но ќе биде милостив кон сите оние кои што искрено се покајале. На таквите кои што од Него ќе побараат сила за развивање христијански карактер, Бог ќе им ја подари неопходната помош. {ПЦ 590.1}

Во последното време, Божјиот народ ќе воздивнува и ќе рида заради гадотиите што се прават на земјата. Со солзи ќе ги опоменува грешниците да не го газат Божјиот закон, и ќе се понизат пред Господа во неискажана тага и покајание. Грешниците ќе се потсмеваат на нивната тага и ќе ги исмејуваат нивните сериозни опомени. Но всушност тој душевен страв и понизност е најголем доказ дека тие повторно стекнуваат сила и благородност на карактерот изгубени како резултат на гревот. Тие ја воочуваат целосната одвратност на гревот токму затоа што му се приближиле на Христа и го управуваат погледот кон Неговата совршена чистота. Благоста и понизноста се услови за успехот и победата. Круната на славата ги очекува сите оние кои што ќе се понизат во подножјето на крстот. {ПЦ 590.2}

Верните Божји слуги, кои се молат, се наоѓаат под Негова заштита. Тие и самите не знаат колку се сигурно заштитени. Поттикнувани од сатаната, владетелите на овој свет настојуваат да ги уништат; но кога би биле отворени очите на Божјите деца, како очите на слугата на Елисеј во Датан, би виделе дека ги опкружуваат Божји ангели, бранејќи ги од силите на темнината. {ПЦ 590.3}

Кога Божјиот народ со скрушен дух ќе се понизи пред Него молејќи за очистување на срцата, ќе ја слушне заповедта: „Соблечете ги од него тие валкани облеки", а потоа зборови на целосно охрабрување: „Еве, ја симнувам од тебе вината твоја и те облекувам во скапоцена облека". (Захарија 3:4). Искушаните и верни деца добиваат чисти облеки на Христовата праведност. Презрениот Остаток ќе биде облечен во прекрасна облека која расипаноста на светот нема да може никогаш да ја извалка. Нивните имиња остануваат во книгата на животот на Јагнето, покрај имињата на верните во сите векови. Тие одолеале на лукавството на измамникот; рикот на змејот не успеал да ги совлада за да се одречат од својата верност. Сега тие засекогаш се безбедни од нападите на сатанските орудија. На главата на секој од нив е ставена „чиста капа". {ПЦ 591.1}

Додека сатаната ги изнесува своите обвинувања, невидливи ангели проаѓаат од еден до друг верник и стават врз нив печат на живиот Бог. Тоа се оние кои што стојат на гората Сион со Јагнето, и на чие чело е напишано името на Отецот. Тие пеат нова песна пред престолот, песна која што никој не може да на ја научи освен оние 144. 000 илјади кои што се откупени од земјата. „Тие одат по Јагнето, каде и да оди. Тие се откупени меѓу луѓето, како првенци на Бога и на Јагнето, и измама не се најде во нивната уста; тие се непорочни пред Божјиот престол". (Откровение 14:4,5). {ПЦ 591.2}

Тогаш потполно се исполнуваат зборовите на ангелот: „Послушај сега, о Исусе првосвештенику, ти и твоите другари кои се околу тебе, зашто вие сте луѓе познати; еве јас ќе го доведам Мојот слуга, Фиданката". (Захарија 3:8). Христос се открил како Откупител и Ослободител на Својот народ. Остатокот на верните се навистина „чудо од луѓе", бидејќи солзите и искушенијата кои што ги прателе за време на нивното патување му отстапуваат место на радоста и честа во присуството на Бога и Јагнето. „Во оној ден Фиданката Господова ќе се јави во убавина и чест, а плодот на земјата во величие и слава, за спасените синови Израелови. Тогаш другите на Сион и кои ќе преостанат во Ерусалим, ќе се наречат свети, секој кој ќе биде запишан за живот во Ерусалим". (Исаија 4:2,3). {ПЦ 592.1}

ПОГЛАВЈЕ 48 - „НИТУ СО СИЛА, НИТУ СО КРЕПОСТ"

Веднаш по видението за Исус и Ангелот, пророкот Захарија примил вест за делото на Зоровавел. „Потоа се врати ангелот кој што ми говореше", рекол Захарија, „и ме разбуди како човек кога се буди од сон и ми рече: што гледаш? А јас одговорив: гледам, ете светилник сиот од злато, со чаша за масло, врз него; и на светилникот седум светилки, со седум цевчиња за седумте светилки што се на него. Две маслинови стебла покрај него, едно десно од чашката, а друго лево од неа. {ПЦ 593.1}

„Му се обратив на Ангелот кој зборуваше со мене и го прашав: Што е тоа Господару?... Тогаш тој ми проговори, велејќи: Еве го Господовото слово до Зоровавела: Не со моќ ниту со сила, туку со Мојот Дух, вели Господ над војските". {ПЦ 593.2}

„Тогаш проговорив и го прашав: Што се оние две маслинови дрва оддесно и одлево на светилникот? Пак проговорив и го прашав: Што се оние две маслинови гранчиња што низ две златни цевки дотуруваат масло?... Тој рече: Тоа се два помазаника кои стојат пред Господарот на целата земја". (Захарија 4:1-6; 11-14). {ПЦ 593.3}

Во тоа видение двете маслинови гранчиња кои што стојат пред Бога претставени се како излеваат златно масло преку златните цевки во светилникот. Оттука се напојувале светилниците на светињата и давале непрекината блескава светлина. Така преку помазаните кои што стојат во Божјо присуство обилноста на Божјата светлина, љубов и сила се пренесува на Неговиот народ, а преку нив и на останатите се излева светлина, радост и освежување. Оние кои што на овој начин се збогатиле од ризницата на Божјата љубов должни се тоа да го дадат и на останатите. {ПЦ 594.1}

Изградувајќи го повторно Господовиот дом, Зоровавел во својата работа наидувал на многукратни потешкотии. Од самиот почеток противниците „ги ослабуваа рацете на Јудиниот народ и им пречеа во sидањето", „па им забранија со вооружена сила". (Ездра 4:4,23). Но Господ посредувал во корист на градителите, и преку Својот пророк проговорил до Зоровавел: „Што си ти голема горо? Пред Зоровавела ќе станеш рамница и тој ќе го изнесе каменот темелник со восклик: Благодат! Благодат нему". (Захарија 4:7). {ПЦ 594.2}

Во текот на историјата на Божјиот народ цели планини на потешкотии наизглед непремостливи се поставувале пред оние кои што настојувале во целост да ги спроведуваат небесните цели. Господ дозволува такви пречки да се јават како проба на верата. Токму тогаш кога тешкотиите навалуваат врз нас на сите страни, треба да се надеваме во Бога и во силата на Неговиот Дух. Да се живее во жива вера значи да се развива во духовна сила и непоколеблива доверба. Така душата постанува сила која победува. Пречките што ги поставува сатаната на патот на христијаните исчезнуваат со силата на верата, затоа што на верникот му доаѓа на помош небесна сила. „Ништо нема да ви биде невозможно". (Матеј 17:20). {ПЦ 594.3}

Светот настапува со сјај (раскош) и разметливост. Божјиот начин е денот на малите работи да го претвори во почеток на величествени победи на вистината и праведноста. Понекогаш Тој ги оспособува своите работници на тој начин што ги доведува до разочарување и привиден неуспех. Негова цел е тие да научат да ги совладуваат тешкотиите. {ПЦ 595.1}

Луѓето често пати доаѓаат во искушение да се поколебаат пред неволјите и пречките на кои што наидуваат. Но ако се држат за почетокот на својата првобитна вера до крајот, Бог ќе го расчисти нивниот пат. Борејќи се против тешкотиите, тие ќе доживеат успех. Пред храбрата и непоколеблива вера каква што била на Зоровавел,

големи планини на потешкотии ќе станат рамнини. И рацете на оној кој што ги поставил темелите „рацете негови ќе ги довршат”. „Тој ќе го изведе најголемиот камен со воскликнувања: благодат, благодат нему”. (Захарија 4:9,7). {ПЦ 595.2}

Човечката сила и моќ не ја основале Божјата црква ниту можат да ја уништат. Црквата не е заснована на човечка сила, туку на Исуса Христа, Карпата на вековите, „и вратата од пеколот нема да ја надвладее”. (Матеј 16:18). Божјото присуство му дава стабилност на Неговото дело. „Не надевајте се во кнезовите, и синовите човечки” тоа се зборови кои што ни се упатени нам. „Во смиреноста и довербата е вашата сила”. (Псалм 146:3; Исаија 30:15). Засновано на вечните начела на правичноста, величественото Божјо дело никогаш нема да биде уништено. Тоа ќе станува сè помоќно, „не со сила и крепост туку со мојот Дух, вели Господ над војските”. (Захарија 4:6). {ПЦ 595.3}

Доследно се исполнило ветувањето: „Рацете на Зоровавел го основаа овој дом, рацете негови и ќе го довршат”. (Стих 9). „Јудејските старешини сидаа и напредуваа според пророштвото на пророкот Агеј и Захарија Идовиот син, сидаа и довршија според заповедта на Кир, Дариј и Артарксеркс Персискиот цар. И се сврши тој дом до третиот ден од месецот Адар, (дванаесеттиот месец) во шестата година на царувањето на царот Дариј”. (Ездра 6:14,15). {ПЦ 596.1}

Набргу по тоа обновениот храм бил посветен. „Израеловите синови, свештениците и Левитите и останатите помеѓу оние кои се вратија од ропство го посветија тој Божји дом радувајќи се;” и „во четиринаесеттиот ден од првиот месец”, тие „славеа Пасха”. (Стихови 16,17,19). {ПЦ 596.2}

Вториот храм не бил еднаков на првиот по величественоста, ниту бил благословен со видливи знаци на Божјо присуство како првиот. При неговото посветување не дошло до никакво појавување на натприродна сила. Облакот на славата не го исполнило новоподигнатото светилиште. Не се спуштил никаков оган од небото за да ја спали жртвата на олтарот. Светиот облак на Божјото присуство не стоел помеѓу херувимите во светињата над светињите; ковчегот, престолот на милоста, и плочите на заветот не беа таму. Никаков знак од небото не им ја соопштил на свештениците Божјата волја која тие ја барале. {ПЦ 596.3}

А сепак Господ за тој храм му рекол на пророкот Агеј: „Славата на подоцнежниот дом ќе биде поголема од онаа претходната”. „Ќе ги потресам сите народи и Копнежот на сите нации ќе дојде; и ќе го исполнам овој дом со слава, вели Господ над војските”. (Агеј 2:9,7). Со столетија учени луѓе настојувале да покажат во што се исполнило ветувањето кое што Бог му го дал на Агеј. Меѓутоа, мнозина упорно одбивале да кажат дека гледаат посебно значење во Исуса Назареецот Копнежот на вековите, кој со лично присуство го посветил храмот. Гордоста и неверството го заслепиле нивниот разум, така што не ја разбрале вистинската смисла на пророчките зборови. {ПЦ 597.1}

Вториот храм не бил посветен со облакот на Господовата слава, туку со присуство на Оној во кого „живее целата полнота на Божеството” самиот Бог „се јави во тело”. (Колосјаните 2:9; 1. Тимотеј 3:16). Вториот храм го надминал во славата оној првиот, затоа што бил почестен со личното Христово присуство за време на Неговата земска служба. „Копнежот на сите народи” навистина дошол во Неговиот храм, кога Човекот од Назарет учел и исцелувал во светите тремови на храмот. {ПЦ 597.2}

ПОГЛАВЈЕ 49 - ВО ВРЕМЕТО НА ЦАРИЦАТА ЕСТИРА

Користејќи се со наклонетоста на Кир, скоро педесет илјади заробеници ја послушале заповедта со која било овозможено нивното враќање. Меѓутоа, во споредба со стотини илјади растурени по разните области на Медо-Персија, овие педесет илјади го претставувал само остатокот. Повеќето Израелци одлучиле да останат во земјата на ропството за да не се изложуваат на потешкотии од патување и повторно населување на нивните опустошените градови и домови. {ПЦ 598.1}

Поминале повеќе години, и тогаш Дариј, кој што владеел во тоа време, издал втора заповед, исто така поволна како и првата. Така Бог во својата милост им пружил прилика на Евреите во Медо-Персиското царство да се вратат во земјата на своите татковци. Господ предвидувал бурни времиња кои што ќе настапатза време на владеењето на Ксеркс Асвир од книгата на Естира и со тоа не само што предизвикал промена на чувствата во срцата на луѓето кои што се наоѓале на власт туку и го поттикнал Захарија да влијае на заробените за да се вратат. {ПЦ 598.2}

„Ej, ej, бегајте од северната земја" гласела пораката упатена на растурените Израелови племиња кои што се населиле во многу земји, далеку од нивната поранешна татковина. „Зашто во сите четири небесни ветра ве распрснав говори Господ! Ej, Сиону, кој живееш кај вавилонската ќерка, спаси се! Вака зборува Господ над Воинствата чија Слава ме испрати кај народите кои ве ограбија: Кој ве допира, Ми ја допира зеницата на окото. Ете, ја подигам раката против нив за да им бидат плен на своите робови. Така ќе знаете дека ме испрати Господ над Војските". (Захарија 2:6-9). {ПЦ 599.1}

Токму како од самиот почеток, Господова цел и тогаш била Неговиот народ да послужи на благослов на целиот свет во слава на Неговото име. Во текот на долгите години од нивното ропство, Тој многу пати им пружал прилики да се вратат. Некои одлучиле да послушаат; некои нашле спасение во маките. Мнозина од нив ќе се вбројат во остатокот кој што ќе се врати. Пророштвото ги споредило со врвот на „висок кедар", кој што ќе биде посаден на „гора висока и воздигната, на високата Израелева гора". (Ездра 17:22,23). {ПЦ 599.2}

Сите оние „на кои Бог им го подига духот" (Ездра 1:5), се вратиле уште на Кировата заповед. Меѓутоа, Бог непрекратно се обраќал на оние кои што останале во земјата на ропството, и на многу начини ги поттикнувал да се вратат. Но тоа немало никакво влијание на оние кои што не ја послушале ниту раната Кирова заповед. Тие не одговориле на повикот дури ни тогаш кога Захарија ги повикал да бегаат од Вавилон. {ПЦ 599.3}

Во меѓувреме приликите во Медо-Персиското царство брзо се менувале. Дариј, под чие владеење Евреите уживале посебна милост, го наследил Ксеркс Велики. За време на неговото владеење Евреите се нашле во страшна криза, затоа што не ја послушале опомената да бегаат. Бидејќи одбиле да се користат со патот кој што Бог им го отворил за бегство, сега биле соочени лице во лице со смртта. {ПЦ 600.1}

Сатаната во тоа време настојувал да ги попречи Божјите цели и тоа преку Аман Агеј, еден нечесен човек кој што се наоѓал на висока позиција во Медо-Персија. Аман бил исполнет со омраза кон Мардохеј, Евреин. Мардохеј не му направил никакво зло на Аман, само што не сакал да му се поклонува со стравопочитување. Мислејќи дека „не е вредно да крене рака на самиот Мардохеј", Аман „гледаше да ги истреби сите Јудејци што беа по целото царство Асвирово, народот на Мардохеј". (Естира 3:6). {ПЦ 600.2}

Измамен од Амановите зборови, Ксеркс бил наведен да издаде заповед да се убијат сите Евреи народ „расеан и растурен по народите по сите провинции" на Медо-Персиското царство. Во одреден ден требало да се уништат сите Евреи и да се заплени нивниот имот. Царот не согледал до какви далекусежни последици би дошло кога таа заповед би се спровела во потполност. Сатаната бил скриен поттикнувач на целиот план и се трудел да ги тргне од земјата оние кои што го сочувале знаењето за вистинскиот Бог. {ПЦ 600.3}

„Во сите земји, во било кое место каде и да дојдеше царевата реч и заповедта негова, стануваше голема жалост меѓу Евреите, и пост и плач и лелек, и мнозина во кострет и пепел лежеа". (Естира 4:3). Заповедта на Мидјаните и Персијците не можела да се отповика. Изгледало како да нема никаква надеж, дека целиот Израел е осуден на уништување. {ПЦ 601.1}

Меѓутоа, заверата на непријателот ја спречила онаа иста Сила која што владее со синовите човечки. Естира, Јудејка, по Божјо провидение станала царица во Медо-Персија. Мардохеј бил нејзин близок роднина. Кога се нашле во неволја, тие одлучиле да му се обратат на Ксеркс во името на својот народ. Естира требало да излезе пред царот како посредник. Мардохеј рекол: „Кој знае дали токму и не си се искачила до царската чест заради часот каков што е овој". (Стих 14). {ПЦ 601.2}

Кризата со која се соочила Естира барала брза и сериозна акција. Меѓутоа, и таа и Мардохеј сфатиле дека нивниот труд нема да биде од никаква корист ако Бог силно не се заложи за нив. Затоа Естира се обратила кон Бога, изворот на својата сила. „Оди", му рекла на Мардохеј, „собери ги сите Јудејци што се наоѓаат во Сусан, и постете за мене, и не јадете и не пијте три дена ни ден ни ноќ; и јас со своите девојки исто ќе постам, па потоа ќе отидам кај царот, кое не е според законот, и ако загинам, нека загинам". (Стих 16). {ПЦ 601.3}

Случките кои што потоа брзо се менувале излезот на Естира пред царот, благонаклоноста која што тој и ја укажал, банкетот на кој што присуствувале царот, царицата и Аман како единствен гостин, немирниот сон на царот, јавната почест искажана на Мардохеј, понижувањето и падот на Аман по откривањето на неговата лукава завера сето тоа спаѓа во рамките на една позната сторија. Бог чудесно работел за Својот народ кој што се покајал. Царот издал втора заповед, која што им допуштила да се борат за својот живот. Таа заповед гласниците на коњите брзо ја разнеле по сите краишта на царството, кои „отидоа брзо и итно според царевата заповед". „Во секоја земја и во секој град, каде и да дојдеше заповедта на царот и неговата наредба, имаше радост и веселби помеѓу Јудејците, гозба и благословени денови, и мнозина од народот на земјата стануваа Јудејци, зашто ги опфати страв од Евреите". (Естира 8:14,17). {ПЦ 602.1}

Во денот кога требало да се изврши нивното погубување, „се собраа Јудејците во своите градови по сите покраини на царот Асир да удрат над оние кои ја бараа нивната пропаст; и никој не се осмели да им пружи отпор зашто сите народи ги опфати страв од Јудејците". Ангелите кои се ненадминливи по сила, беа поставени од Бога на должност да го штитат Неговиот народ кои беа собрани да „го бранат својот живот". (Естира 9:2,16). {ПЦ 602.2}

На Мардохеј сега му била дадена висока положба која што претходно ја заземал Аман. Тој „беше втор до царот и голем кај Јудејците и прифатен од мноштвото на браќата свои;" и тој настојувал да обезбеди благосостојба на својот народ. (Естира 10:3). Така Бог повторно ја повратил наклонетоста на Медо-Персискиот двор за Својот избран

народ, и го овозможил остварувањето на големата цел повторно да ги врати во нивната земја. Меѓутоа, дури по неколку години, во седмата година од владеењето на Артарскеркс I, наследникот на Ксеркс Велики, значаен број на Евреи се вратил во Ерусалим под водство на Ездра. {ПЦ 602.3}

Тешките искушенија на кои што наишол Божјиот народ во времето на Естира не биле обележје само во тоа доба. Гледајќи низ вековите до крајот на светот, Јован вели: „Се разгневи змејот на жената, и отиде да војува со остатокот од семето нејзино, кои што ги држат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исуса Христа". (Откровение 12:7). Некои кои што живеат денес на земјата ќе го видат исполнувањето на тие зборови. Истиот оној дух кој во изминатите векови ги наведувал луѓето да ја прогонуваат вистинската заедницата, ќе направи и во иднина да се применат истите мерки кон оние кои што ќе останат верни на Бога. Веќе се вршат подготовки за последниот голем судир. {ПЦ 605.1}

Заповедта која на крајот ќе биде издадена против остатокот на Божјиот народ ќе биде многу слична на заповедта која што Асвир ја издал против Евреите. Денеска непријателите на вистинската црква, во малата група на оние кои што ја држат саботата според четвртата заповед, го гледаат Мардохеј крај портите. Послушноста на Божјиот народ кон Неговиот закон претставува непрекратен укор за оние кои што немаат Господов страв и ја газат Неговата сабота. {ПЦ 605.2}

Сатаната ќе поттикне негодување против малцинството кое што не ги прифаќа обичаите и традициите од овој свет. Луѓе на положба и од влијание ќе се здружат со беззаконициите и грешниците против Божјиот народ. Богатството, разумот, образованието сè ќе се здружи за да изрази презир кон Божјиот народ. Против него ќе ковааат завери тирански владетели, проповедници и припадници на цркви. Со зборови и перо, со закани и исмејувања ќе настојуваат да ја уништат нивната вера. Со лажно прикажување и гневни обвинувања луѓето ќе ги поттикнуваат страстите кај народите. Бидејќи нема да можат да се повикаат на зборовите: „Така вели Светото писмо", тие, во борба против оние кои што ја почитуваат библиската сабота, ќе прибегнуваат кон крути одредби за да го надоместат тој недостаток. За да стекнат популарност и да си осигураат себеси власт, законодавците ќе се согласат да се донесе неделниот закон. Но оние кои се бојат од Бога нема да можат да ја усвојат одредбата која што претставува повреда на прописот на десетте заповеди. На тоа боиште ќе се води последната голема борба помеѓу вистината и заблудата. И ние не сме оставени во незнаење во поглед на завршницата. Денес, токму како во времето на Естира и Мардохеј, Господ ќе извојува победа и ќе ја одбрани Својот вистина и Својот народ. {ПЦ 605.3}

ПОГЛАВЈЕ 50 - ЕЗДРА, СВЕШТЕНИК И КНИЖЕВНИК

Околу седумдесет години по враќањето на првата група на заробеници под Зоровавел и Исус, на Медо-Персискиот престол дошол Артарксеркс Лонгиманус. Името на овој цар е врзано со света историја преку цела низа значајни случувања. За време на неговото владеење живееле и работеле Ездра и Неемија. Тој е оној кој во 457. година пред Христа издал трета и последна заповед за обнова на Ерусалим. За време на неговото владеење се вратила група Евреи под раководство на Ездра; Неемија и неговите соработници ги довршиле sидовите на Ерусалим, била обновена службата во

храмот, и Ездра и Неемија спровеле голема верска реформација. Во текот на своето долго владеење често пати изразувал наклонетост кон Божјиот народ; а во своите и омилени еврејски пријатели, Ездра и Неемија, препознал луѓе кои што Бог ги избрал и ги подигнал да извршат едно посебно дело. {ПЦ 607.1}

Живеејќи помеѓу Евреите кои што останале во Вавилон, Ездра имал толку необични доживувања што тоа привлекло благонаклонето внимание на царот Артарксеркс, со кого слободно разговарал за силата на живиот Бог и за Божјата цел Евреите да се вратат во Ерусалим. {ПЦ 607.2}

Потомок на синовите Аронови, Ездра добил свештеничко образование; освен тоа бил запознат со списите на ѕвездарите, мудреците и врачарите на Медо-Персиското царство. Но Ездра не бил задоволен со својата духовна состојба. Тој сакал да биде во потполна хармонија со Бога, копнеел за мудрост за да може да ја исполни Божјата волја. Затоа „беше го управил срцето свое за да го истражува законот Господов и да го извршува". (Ездра 7:10). Тоа го навело вредно да го проучува извештајот на Божјиот народ, како што е запишан во списите на пророците и царевите. Ги истражувал историските и библиските списи за да утврди зошто Господ дозволил Ерусалим да биде уништен а Неговиот народ одведен во ропство во незнабожечка земја. {ПЦ 608.1}

Ездра особено посветил внимание на искуствата на Израелците од времето кога на Авраам му било дадено ветувањето. Ги проучувал упатствата дадени на Синајската гора и текот на долгото талкање низ пустината. И колку повеќе сознавал за начинот на кој Бог постапувал со своите деца и ја сфаќал светоста на законот даден на Синај, неговото срце сè повеќе се возбудувало. Доживеал ново и потполно преобразување и одлучил да ја проучи светата историја, за да донесе со тоа знаење благослов и светлина за неговиот народ. {ПЦ 608.2}

Ездра настојувал да се подготви за делото кое што му претстоеле. Сесрдно го барал Бога за да може да стане мудар учител на Израел. Трудејќи се својот разум и волја да ги потчини на Божјата волја, тој во својот живот ги внел начелата на вистинска светлина, а тоа во подоцнежните години имало одлучувачко влијание не само на младината која што од него барала совети, туку и на сите останати кои што со него доаѓале во допир. {ПЦ 608.3}

Бог го избрал Ездра да биде Негов инструмент во Израел, за да го воздигне свештеничкиот повик, чија слава била многу помрачена за време на робувањето. Ездра се развивал во необично учен човек и станал „книжевник вешт во Мојсеевиот закон". (Стих 6). Тој со тие свои особини многу отскокнувал во Медо-Персиското царство. {ПЦ 609.1}

Ездра станал толкувач на Божјата волја, поучувајќи ги оние кои што со него доаѓале во допир со начелата кои што управуваат со небото. Преостанатите години од својот живот, било да се наоѓал на дворот на Медо-Персиското царство, или во Ерусалим, главно се посветувал на учителска служба. И додека на другите им ја пренесувал вистината која што ја научил, неговите способности за работа постојано се зголемувале. Станал ревен и побожен. Бил Господов сведок во светот, сведочејќи за моќта на библиските вистини дека можат да го облагородат секојдневниот живот. {ПЦ 609.2}

Ездра целиот свој живот се трудел да ги сочува и умножи Светите Списи, и тоа дело заземало прво место во неговите напори да го оживее интересирањето за проучување на Светото Писмо. Тој ги собрал сите преписи од законот кои што можел да ги пронајде и ги дал да се умножат и разделат. Чистата реч, така умножена и ставена во рацете на многу луѓе, пружила знаење од непроценлива вредност. {ПЦ 609.3}

Ездра верувал дека Бог ќе направи големо дело за Својот народ и тоа го навело да му ја соопшти својата желба на Артарксеркс дека сака да се врати во Ерусалим, за да го оживее интересирањето за проучување на Божјата Реч и да им помогне на своите браќа при обновувањето на светиот град. На царот длабок впечаток му оставил совршената доверба на Ездра дека Израеловиот Бог со Својата сила го штити и брани Својот народ. Царот разбрал дека Израел се враќа во Ерусалим да му служи на својот Господ. Неговата доверба во честа на Ездра била неограничена; па така отворено му укажал наклонетост, ја одобрил неговата молба и му дал богати дарови за службата во храмот. Царот го поставил за посебен претставник на Медо-Персиското царство и му дал секакво овластување за остварување на целите кои што ги носел во срцето. {ПЦ 609.4}

Заповедта на Артарксеркс за обнова и изградба на Ерусалим трета заповед издадена по седумдесет годишното робување е значајна заради изразот за небесниот Бог, по тоа што во неа се оддава признание за успесите на Ездра, и заради дарежливоста која што била покажана кон остатокот на Божјиот народ. Артарксеркс зборува за Ездра како за „свештеник книжевник, вешт во наредбите и законите, кои Господ му ги даде на Израел;" „писар на законот на небесниот Бог". Царот заедно со своите советници доброволно принел дарови на „Бога Израелев, на кого живеалиштето му е во Ерусалим". Освен тоа, наредил многу трошоци да се покријат „од царската ризница". (Стихови 11,12,15,20). {ПЦ 610.1}

„Испратен си од царот и од седум советници негови", му рекол Артарксеркс на Ездра, „да ги прегледаш Јудеја и Ерусалим според законот на својот Бог кој ти е во раката". Потоа додал: „Што и да заповеда небесниот Бог, веднаш да се направи за домот на небесниот Бог, да не дојде гневот на царството, на царот и на синовите негови". (Стихови 14,23). {ПЦ 610.2}

Давајќи им на Израелците дозвола за враќање, Артарксеркс се погрижил да им се вратат старите овластувања на свештеничките припадници. Тој изјавил: „Ви јавуваме дека од ниеден помеѓу свештениците и левитите и пејачите и вратарите и од Нетинејците и од останатите слуги на тој Божји дом не смее да се зема такса ниту данок ниту царина". Исто така се погрижил да се наименуваат управители кои што ќе управуваат со народот праведно, во сообразност со еврејските закони. „Ти, Ездра, според мудроста која ти е дадена од својот Бог наложил царот постави управители и судии да судат на целиот народ што е од онаа страна на реката помеѓу сите кои што го знаат законот на твојот Бог, и кој не го знае, учете го. А кој не го извршува законот на твојот Бог и законот на царот, веднаш да му се суди, било да се погуби или да се прогони или да се глоби или да се лише од слобода". (Стихови 24-26). {ПЦ 611.1}

Така Ездра, „затоа што добрата рака на Бог беше над него", успеал да го убеди царот широкоградо да му дозволи враќање на секогоод народот Израелев од Медо-Персиското царство, од свештениците и Левитите, кои што „сакаат по своја волја да одат со тебе во Ерусалим". (Стихови 9,13). Така на растуреният Израел повторно му се пружила можност да се врати во земјата за која биле врзани ветувања дадени на Израеловиот дом. Заповедта со голема радост ја дочекале сите оние кои што му се придружиле на Ездра во проучување на Божјите намери во поглед на Неговиот народ. „Благословен да е Бог на татковците наши", воскликнал Ездра, „кој му го даде тоа на царот во срцето да се украси домот Господов во Ерусалим, и ми даде да најдам милост пред царот и советниците негови и пред сите царски, силни кнезови". (Стихови 27, 28). {ПЦ 611.2}

Во оваа заповед на Артарксеркс, видно се покажало делувањето на Божјото провидение. Некои тоа го увидувале и радосно се користеле со правото на враќање под такви поволни околности. Било одредено општо зборно место, и утврдено времето за сите оние кои што сакале да одат во Ерусалим, и се собрале заради поаѓање на долго патување. „Ги собрав кај реката која тече кон Ахава", вели Ездра, „и таму пребивавме во шатори три дена". (Ездра 8:15). {ПЦ 612.1}

Ездра очекувал дека голем број Израелци ќе се вратат во Ерусалим, но бројот на оние кои одговориле на повикот бил, за жал, многу мал. Мнозина кои што се здобиле со куќи и ниви не сакале да го жртвуваат својот имот. Тие ја сакале угодноста и биле подготвени да останат. Нивниот пример лошо влијаел на некои кои што поинаку би се одлучиле својата судбина да ја врзат со оние кои што напредувале со вера. {ПЦ 612.2}

Посматрајќи ја насобраната група, Ездра се изненадил кога видел дека нема ниеден од синовите на Левиј. Каде се припадниците на племето кое што било одредено за светата служба во храмот? Би требало Левитите први да одговорат на повикот: „Кој е Господов?" За време на ропството а и подоцна, тие уживале многу привилегии. Имале потполна слобода да им служат на духовните потреби на своите браќа во ропство. Биле подигнати синагоги во кои свештениците вршеле Божја служба и го поучувале народот. Било потполно слободно да се празнува саботата и да се вршат одредбите на еврејската вера. {ПЦ 612.3}

Годините минувале и приликите по ропството се измениле; на водачите на Израел лежеле многу нови одговорности. Храмот во Ерусалим бил повторно изграден и посветен но немало свештеници да ја извршуваат службата. Се чувствувала голема потреба за оние кои што би ја вршеле должноста, учители на народот. Покрај тоа, на Евреите кои што останале во Вавилон им се заканувала опасност на ограничување на верската слобода. Преку пророкот Захарија, како и при неодамнешните минати искуства во времето на Естира и Мардохеј, на Евреите во Медо-Персија јавно им била упатена опомена да се вратат во својата земја. Дошло време кога за нив станало многу опасно и понатаму да останат под незнабожечко влијание. Со оглед на овие изменети околности, свештениците требале издавањето на заповедта во Вавилон да ја сфатат како посебен повик да се вратат во Ерусалим. {ПЦ 613.1}

Царот и неговите кнезови направиле дури и повеќе отколку што се очекувало од нив да го отворат патот за враќање. Тие ставиле на располагање обилни средства; но каде се луѓето? Левиевите синови не одговориле во моментот кога одлуката да ги пратат своите браќа би ги навела и многу други да појдат по нивниот пример. Таа чудна рамнодушност жално го откривала ставот кој што Израелците во Вавилон го заземале во однос на Божјите намери со Неговиот народ. {ПЦ 614.1}

Ездра повторно се обратил на Левитите, упатувајќи им уште еден итен повик да се придружат кон неговата група. За да ја истакне потребата за брзо делување, тој покрај писмениот повик упатил и неколку свои „поглавари" и „луѓе со добри разбирања мудри луѓе". (Ездра 7:28; 8:16). {ПЦ 614.2}

Додека патниците чекале со Ездра, тие верни гласници поитале да доведат „слуги за домот на нашиот Бог". (Ездра 8:17). Овој повик е прифатен. Некои кои што дотогаш се колебале, конечно одлучиле да појдат. Во логорот вкупно стигнале околу четириесет свештеници и две стотини и дваесет Нетинејци луѓе на кои Ездра можел да се потпре како на мудри служители проповедници и добри учители и помагачи. {ПЦ 614.3}

Сега сите биле подготвени за поаѓање. Им престојувало патување од неколку месеци. Луѓето ги воделе со себеси жените и децата и го носеле својот имот, освен

големите ризници за храмот и службата во него. Ездра бил свесен дека непријателите биле во заседа покрај патот, подготвени да го ограбат и него и неговите сопатници, но не барал од царот вооружени сили како заштита. „Зашто ми беше срам објаснува тој да барам од царот војска и коњаница да не брани од непријателот по патот, зашто му бевме рекле на царот говорејќи: раката на нашиот Бог е на добро над сите нас кои што го бараат и силата негова и гневот негов над сите кои го остават". (Стих 22). {ПЦ 615.1}

Ездра и неговите пратеници сметале дека тука им се дава прилика пред незнабошците да го прославаат Божјото име. Верата во моќта на живиот Бог ќе се зацврсти ако самите Израелци покажат верност во својот божествен Водач. Т ие затоа одлучиле потполно да му се предадат Нему. Решиле да не бараат заштита од војници за да не им се даде прилика на незнабошците да му ја препишуваат славата на човек која што единствено Му припаѓа само на Бога. Не можеле да дозволат во срцата на нивните пријатели, незнабошци да се разбуди сомнеж во вистинитоста на нивното тврдење дека како Негов народ потполно може да се потпре на Бога. Силата не се стекнува со богатство, или со сила и со влијание на идолопоклоници, туку преку Божјата благонаклоност. Тие ќе бидат заштитени само ако го имале пред очи Господовиот закон трудејќи се да му бидат послушни. {ПЦ 615.2}

Тоа сознание за условите под кои Божјата рака ќе ги води, направило посебна свечена и посветена служба која што Ездра и неговите верни браќа ја одржале непосредно пред поаѓање. Ездра вели за тоа: „Јас прогласив пост таму, покрај реката Ахава: за да се понизиме во длабоко покајание и признавање на гревот пред својот Бог и за да измолиме од Него среќен пат за себе, за своите деца и за сето свое материјално благо". „И така постевме и Го молевме својот Бог за тоа, и Тој не послуша". (Стихови 21,23). {ПЦ 616.1}

Но и покрај Божјиот благослов, било потребно внимание и трезвеност. Преземајќи посебни мерки на приправност за да се сочува ризницата, Ездра издвоил „помеѓу свештеничките главатари дванаесет" луѓе чија чест била проверена, „и им измерил сребро и злато и садови, во прилог на домот на нашиот Бог што го приложи царот и советниците негови и кнезовите негови и целиот народ Израелев кој што се најде". На тие луѓе им е ставено како должност да бидат будни чувари на благото кое што им е доверено. Ездра рекол: „Вие сте му посветени на Господа и овие садови се свети, и ова сребро и злато е драговолен прилог на Господа Бога од вашите татковци. Пазете го и чувајте го сè додека не го измерите пред свештеничките главатари и пред левитите и пред главатарите на Израеловите домови во Ерусалим, во ризниците на Господовиот дом". (Стихови 24,25,28,29). {ПЦ 616.2}

Грижливоста со која Ездра се грижел за транспортот и безбедноста на Господовата ризница содржи поука која е достојна за темелно проучување. Биле избрани само оние чија верност била докажана, и на нив им биле дадени јасни поуки за одговорноста која нив им претстои. Бирајќи верни луѓе за чувари на Господовата ризница, Ездра покажал дека ја увидува неопходноста и вредноста на редот и организацијата во Божјото дело. {ПЦ 617.1}

Во текот на неколкуте денови во кои што Израелците ги поминувале покрај река, биле довршени сите подготовки за долгото патување. Ездра бележи: „Во дванаесеттиот ден на првиот месец тргнавме од реката Авава за да отидеме во Ерусалим: раката на нашиот Бог беше над нас; патем Тој нè заштитуваше од нападите на непријателите и ограбувачите". (Стих 31). На пат поминале околу четири месеци, затоа што напредувањето било отежнато заради големиот број луѓе кои што го прателе Ездра

севкупно неколку илјади, вклучувајќи ги тука и жените и децата. Сепак сето ова поминало безбедно. Нивните непријатели не можеле да им наштетат. Патувањето се завршило среќно и во првиот ден од петтиот месец, во седмата година од владеењето на Артарксеркс, тие стигнаа во Ерусалим. {ПЦ 617.2}

ПОГЛАВЈЕ 51 - ДУХОВНО ОЖИВУВАЊЕ

Доаѓањето на Ездра во Ерусалим дошло во вистинско време. Тука се чувствувала голема потреба за негово присуство. Неговото доаѓање влеало сигурност и надеж во срцата на мнозина кои што долго работеле под потешкотии. Многу работи биле остварени од враќањето на првата група на заробеници под водство на Зоровавел и Исус, пред повеќе од седумдесет години. Храмот бил довршен а градските ѕидови делумно поправени. При сето тоа, уште многу останало недовршено. {ПЦ 618.1}

Меѓу оние кои што во раните години се вратиле во Ерусалим, имало многу кои што му останале верни на Бога целиот свој живот. Но значителен број Израелци и нивни деца ја изгубиле од вид светоста на Божјиот закон. Дури и некои луѓе на одговорни позиции живееле во грев. Нивниот начин на живот во голема мерка го отежнувал напорот на оние кои што се труделе да го напреднат Божјото дело, затоа што небесниот благослов не можел да почива на народот сè додека се дозволувало отворено престапување на законот. {ПЦ 618.2}

Божјата волја била оние кои што се вратиле со Ездра да имаат време посебно одредено за да го бараат Господа. Искуствата со кои што неодамна се здобиле на патот од Вавилон, кога не ги штителa ниедна човечка сила, им пружиле обилни духовни поуки. Многумина се зацврстиле во верата, и кога дошле во допир со обесхрабрените и рамнодушните во Ерусалим, нивното влијание станало моќно орудие во реформата која што набрзо била спроведена. {ПЦ 619.1}

Четвртиот ден по доаѓањето, благајниците ја предале ризницата со сребро и злато, заедно со садовите за службата во храмот, во рацете на црковни достоинственици, пред сведоци и со најголема точност. Секој предмет бил испитан „според број и според тежина”. (Ездра 8:34). {ПЦ 619.2}

Заробениците кои што се вратиле со Ездра „принесоа жртва паленица на Израеловиот Бог”, како жртва за грев и како знак на благодарност за заштитата на светите ангели по патот. „И ги предадоа царските повелби на царските намесници и управители отаде Реката, и тие го помогнаа народот и Божјиот Дом”. (Стихови 35, 36). {ПЦ 619.3}

Набргу после тоа неколку Израелови поглавари му пристапиле на Ездра со сериозна жалба. Некои од „Израеловиот народ, свештениците и Левитите” до толку не ги почитувале заповедите Господови што ги земале ќерките на околните народи. „Ги земаа ќерките нивни за себеси и синовите свои”, го известиле Ездра, „па се помеша светото семе со земските народи, а кнезовите и владетелите биле први во тој престап”. (Ездра 9:1,2). {ПЦ 619.4}

Проучувајќи ги причините кои што довеле до вавилонското ропство, Ездра заклучил дека отпадништвото на Израел во голема мерка е последица на нивното мешање со незнабожечките народи. Тој согледал дека Израелците би биле поштедени од многу жални и понижувачки искуства доколку ја послушале Божјата заповед и би се одвоиле

од околните народи. Сега срцето му се кинело кога осознал дека луѓето на одговорни позиции, и покрај поуките од минатото, се осмелувале да ги прекршат законите кои што им биле дадени како обезбедување против отпадништво. Тој размислувал за Божјата добрина, која на Својот народ повторно му дала наследство во родната земја, и бил обземен со праведен гнев и жалост заради нивната неблагодарност. „Кога го чув тоа", вели тој, „ја раскинав облеката своја и наметката своја, и ја искорнав косата од главата своја и брадата своја, и седнав запрепастен. {ПЦ 620.1}

„И се собраа крај мене сите кои се боеја од зборовите на Израеловиот Бог за престапите на оние кои што дојдоа од ропство, а јас седнав тажен до вечерната жртва". (Стихови 3,4). {ПЦ 620.2}

Во времето на вечерната жртва Ездра станал и раскинувајќи ја повторно својата облека и наметката, паднал на колена и ја излеал тежината на својата душа молејќи за милост. Ширејќи ги рацете кон Господа, извикал: „Боже мој! се срамам и поцрвенет сум да ги подигнам очите кон тебе, Боже мој; зашто беззаконијата наши се намножија до врвот на главата и вината наша порасна до небото. {ПЦ 620.3}

„Од времето на татковците свои до денес", продолжил Ездра, „под голема вина сме, и за беззаконијата свои сме предадени ние и царевите наши и свештениците наши во рацете на земските цареви под меч, во ропство, во грабеж и срам, како што се гледа денес. Но сега за кратко време, ни направи милост нашиот Господ Бог, па ни остави остаток и ни даде клин во светото место Свое, за да ги просветли очите наши нашиот Бог и ни дал малку да здивнеме во ропството свое. Зашто ние бевме робови, но не нè остави во нашето ропство нашиот Бог, туку најдовме милост пред царевите Персиски давајќи ни да здивнеме да подигнеме дом за својот Бог и да го поправиме неговиот пустош, и давајќи ни заштита во Јудеја и Ерусалим. {ПЦ 621.1}

„Сега значи што да речеме, Боже мој, после тоа? зашто ги оставивме Твоите заповеди, кои што ги заповеда преку Твоите слуги пророците... И после сè што дојде на нас за нашите зли дела и за големата наша вина, затоа што, Боже наш, си не искарал помалку отколку што заслужуваат нашите гревови, и си ни дал ваков остаток, повторно ли би ги прекршиле твоите заповеди, спријателувајќи се со гнасотиите на овие народи? Не би ли се повторно разгневил врз нас додека не нè сотреш целосно и ниеден да не остане и да не се исцели? Господе Боже Израелев! Ти си праведен, зашто останавме остаток, како што се гледа денес. Еве ние сме пред Тебе со вината своја, заради која не можеме да стоиме пред Тебе". (Стихови 6-15). {ПЦ 621.2}

Жалењето на Ездра и неговите другари заради злото кое лукаво се вовлекло во срцето на Божјото дело, довело до покајание. Мнозина грешници биле во срцата допрени. „И народот плачеше многу". (Ездра 10:1). Луѓето барем до некаде почнале да увидуваат колку е страшен гревот и со каква одвратност гледа Бог на него. Ја разбрале светоста на законот кој бил изречен на Синај и мнозина затреперile сеќавајќи се на своите престапи. {ПЦ 622.1}

Еден од присутните, по име Сеханија, признал дека Ездра говори вистина. „Ние Му згрешивме на својот Бог", рекол тој, „што земавме жени туѓинки од земските народи; но сè уште има надеж за Израел". Сеханија предложил сите кои што згрешиле да направат завет со Бога дека ќе го остават гревот, и да им се суди „според законот". „Стани", му извикал на Ездра, „зашто ова е твоја работа; а ние ќе бидеме покрај тебе; биди храбар". „Тогаш стана Ездра, и ги заколна свештеничките поглавари и Левитите и целиот Израел да направат така". (Стихови 2-5). {ПЦ 622.2}

Така започнала една чудесна реформација. Ездра и неговите помошници со бескрајно трпение, имајќи обѕир кон секој поединец, се труделе да ги изведат на прав пат покајаните во Израел. Ездра најповеќе од сè бил учител на законот и тој го испитувал секој случај, трудејќи се да им укаже на луѓето за светоста на законот и на благодатта која што произлегува од послушноста. {ПЦ 622.3}

Каде и да работел Ездра, луѓето почнале повторно да го проучуваат Светото писмо. Поставувал учители да го поучуваат народот; и законот Господов бил воздигнат и прославен. Луѓето ги проучувале пророчките книги и мнозина исплашени и уморни црпеле надеж и утеха од оние места каде што се говорело за доаѓањето на Месијата. {ПЦ 623.1}

Поминале преку 2000 години од она време кога Ездра „го управи срцето свое да го истражува Господовиот закон и да го извршува", но тоа време не ја намалило убедливоста на неговиот пример за побожност. (Ездра 7:10). Записот за неговиот посветен живот вдахновило мнозина „да го истражуваат законот Господов и да го извршуваат". {ПЦ 623.2}

Мотивите на Ездра биле возвишени и свети; секоја негова постапка била задвижена со длабока љубов кон душите. Сожалувањето и нежноста кои што ги покажувал кон грешниците, било свесно или несвесно, треба да биде пример на сите оние кои што сакаат да спроведат реформација. Божјите слуги мораат да бидат цврсти како карпа кога се во прашање начелата, но исто така мораат да имаат сочувство и воздржливост. Слично како Ездра, и тие треба да ги поучуваат грешниците на патот кон животот всадувајќи ги во нивните души начелата кои што го сочинуваат темелот на правичноста. {ПЦ 623.3}

Во денешно време, кога сатаната преку своите многубројни помагачи се труди да ги заслепи луѓето за да не ја разберат неопходноста од држењето на Божјиот закон, потребни се луѓе кои што ќе наведат мнозина да „треперат од заповедта на нашиот Бог". (Ездра 10:3) Потребни се вистински реформатори кои што ќе им укажат на луѓето за големиот Законодавец, и ќе ги поучат дека „законот Господов е совршен, ја преобразува душата". (Псалм 19:7). Потребни се луѓе кои што добро го познаваат Светото писмо, кои со секој свој збор и постапка ќе го прослават Јеховиниот закон и ќе тежнеат да ја подигнат верата. Потребни се многу учители кои ќе ги вдахнат срцата со стравопочитување и љубов кон Светото писмо. {ПЦ 623.4}

Широко распространетите беззаконија кои што денеска преовладуваат во голем степен се должат на занемареноста на луѓето да го проучуваат Светото Писмо и да му се покоруваат, затоа што кога Божјата Реч е ставена настрана, таа повеќе нема сила да ги заузди злите желби на непосветеното срце. Тогаш тие сеат во тело, а од него излегува расипаност. {ПЦ 624.1}

Со занемарувањето на Библијата дошло и до отфрлање на Божјиот закон. Учењето дека не треба да се покоруваме на Божјиот закон ја ослабело силата на моралните прописи и ги отворило уставите на беззаконието во светот. Беззаконијата, развратот и расипаноста навалуваат како страшна поплава. Насекаде се среќава завист, зли сомнежи, лицемерство, отуѓување, караници, предавство на светите одговорности, попуштање на желбите. Цел систем на религиозни начела и учења, кој би требало да претставува темел и костур на друштвениот живот, како да е залулан и готов да се сруши. {ПЦ 624.2}

Гласот кој што говорел на Синај говори и во последните денови на историјата на светот: „Немој да имаш други богови освен Мене". (Излез 20:3). Човекот со својата волја

се спротивставил на Божјата волја, но не може да ја замолчи речта на заповедта. Човечкиот дух не може да се ослободи од своите обврски кон вишата сила. Луѓето можат да креираат теории и мудрости колку што сакаат, можат да се обидат преку науката да се спротивстават на откровението, за да го обессилат Божјиот закон, но секогаш сѐ посилно ќе се слуша заповедта: „На Господа својот Бог поклонувај му се и Нему единствено служи му". (Матеј 4:10). {ПЦ 624.3}

Законот на Јехова не може ни малку да се засили или да се обессили, туку останува онаков каков што е. Тој секогаш бил и ќе биде свет, праведен и добар, сам по себе совршен и не може да се отповика ниту да се измени. „Да се почитува" или „да не се почитува", тоа се само човечки зборови. {ПЦ 625.1}

Помеѓу човечките закони и заповедите на Јехова ќе дојде последниот конфликт во борбата помеѓу вистината и заблудата. Ние сега влегуваме во таа битка која што не се води помеѓу црквите кои што се борат за превласт, туку помеѓу религијата на Библијата и религијата базирана на легенди и традиции. Сите сили кои што се соединиле против вистината ревносно работат. Луѓето ја потценуваат Божјата Реч која што ни се сочува по толку голема цена, по цена на страдање и пролевање крв. Малку се луѓето за кои што таа претставува закон на животот. Неверството преовладува во голема мерка, и тоа не само во светот туку и во црквите. Мнозина се одрекуваат од учењето кое што претставува главен столб на христијанската вера. Голем дел од христијаните ја отфрлаат вистината за создавањето како што тоа го прикажале вдахновените писатели, за човековиот пад, помирувањето, неминливоста на законот. Мнозина кои што се фалат со своето знаење, сметаат дека потполната доверба во Библијата е знак на слабост, а дека доказ на ученост претставува ако во Светото писмо пронаоѓаат грешки и ги обессилуваат неговите најважни вистини објаснувајќи ги во спиритистички смисол. {ПЦ 625.2}

Христијаните мораат да се подготвуваат за она што ненадејно ќе наиде во овој свет, а подготовката треба да се состои од проучување на Божјата Реч и во напорите својот живот да го сообразат со нејзиното учење. Решавањето на вечните прашања од огромно значење, бара од нас нешто повеќе од привидна религија, зборови и форми кои што вистината ја потиснуваат во надворешниот трем. Бог нѐ повикува да започнеме нов живот и да се рефомираме. Од проповедална треба да се слушаат само библиски зборови. Меѓутоа, на Библијата и се закинува нејзината сила, и како резултат на тоа духовниот живот закржлавува. Во многу денешни проповеди ја нема онаа божествена манифестација која што ја буди совеста на луѓето и и дава живот на душата. Слушателите не можат да речат: „Не гореше ли нашето срце во нас кога ни говореше по патот и кога ни го објаснуваше писмото?" (Лука 24:32). Има многу луѓе кои што викаат по живиот Бог, копнеејќи за божественото присуство. Нека Божјата Реч му говори на срцето. Нека оние кои што досега слушале само за традиции, човечки теории и учења, го слушнат гласот на Оној кој што може да ја обнови душата за вечен живот. {ПЦ 626.1}

Голема светлина некогаш била пренесувана преку патријарсите и пророците. Величествени зборови биле говорени преку Сион Божјиот град. Господ исто така сака светлината и денес да се излее преку неговите следбеници. Кога светите луѓе од стариот завет можеле да пружат таков блескав пример на верност, зарем оние кои што ги осветлува со векови собирана светлина нема да пружат уште поблескаво сведоштво за силата на вистината? Славата на пророштвата ја излеваат својата светлина на нашата патека. Симболот и неговото остварување се сретнале на крстот, при смртта на Божјиот Син. Христос станал од мртвите и објавил над отворениот гроб: „Јас Сум воскресние и

живот”. Потоа го пратил Утешителот за да ни го напоменува сето ова. Со чудотворна сила ја сочувал сета пишана Реч низ вековите. (Јован 11:25). {ПЦ 626.2}

Реформаторите заради и чии протести и сме го добиле името протестанти, чувствувале дека Бог ги повикал да му ја откријат на светот светлината на Евангелието. И во настојување тоа да го направат, биле подготвени да го жртвуваат својот имот, слободата, па дури и самиот живот. Во очи на прогонството и смртта, Евангелието било секаде проповедано. Речта Божја била дадена на народот и сите слоеви, високи и ниски, богати и сиромашни, образовани и необразовани желно ја проучувале Божјата Реч. Дали сме и ние во овој последен конфликт на големата борба исто така верни и дали ги исполнуваме своите должности, како што тоа биле првите реформатори? {ПЦ 627.1}

„Трубите во труба на Сион, наредете пост и објавете свечен собир. Соберете го народот, свикајте собор, соберете ги старците, соберете ги децата... помеѓу тремот и олтарот нека плачат свештениците, слугите Господови, и нека речат: прости му Господи на народот свој, и не давај го наследството свое на срам”. „Обратете се кон Мене со сето свое срце во пост, плачење и ридање. Раскинете ги срцата, а не своите облеки! Обратете му се на Бога, вашиот Бог, зашто тој е милослив и жалостив, спор на гнев и обилен со милосрдие и сожалува за злото. Кој знае не ќе ли се сожали пак, и остави благослов зад Себе!” (Јоил 2:15-17, 12-14). {ПЦ 627.2}

ПОГЛАВЈЕ 52 - ЧОВЕКОТ КОЈ ШТО НЕ ПРОПУШТИЛ МОЖНОСТ

Неемија, еден од еврејските прогоненици, заземал на персискиот двор положба од влијание и чест. Тој како царев пехарник имал слободен пристап кај царот. Врз основа на својата положба, способност и верност, Неемија станал царев пријател и советник. Но иако бил опкружен со сјај и раскош, царевиот штитеник ниту го заборавил Бога ниту својот народ. Неговото срце со најдлабок интерес го влечело во Ерусалим; за тој град била врзана неговата надеж и неговата радост. Преку тој човек, кој со своето живеење на персискиот двор бил подготвен за едно големо дело, Бог имал намера да излие благослов врз Својот народ во земјата на нивните татковци. {ПЦ 628.1}

Преку гласници од Јудеја еврејскиот родољубец дознал дека за избраниот град Ерусалим настапиле денови на искушенија. Заробениците кои што се вратиле поднесувале тешкотии и неволји. Храмот и извесни делови од градот биле повторно изградени; но работата во прилог на обновата била спречувана, службата во храмот попречувана а народот живеел во постојан страв, бидејќи ѕидините на градот во поголем дел биле разрушени. {ПЦ 628.2}

Совладан од тага, Неемија не можел ниту да јаде ниту да пие; тој „плачел, и тагувал неколку дена, и постел”. Во својата жалост се обратил на божествениот Помагач. Тој вели: „Се молев пред небесниот Бог”. Верно ги исповедал своите гревови и гревовите на народот. Го молел Бога да го сочува Израел, да им ја врати храброста и силата и да им помогне да ги обноват рушевините на Јудеја. {ПЦ 629.1}

Додека Неемија се молел, јакнеле неговата вера и храброст. Неговите зборови биле пропратени со свети докази. Тој укажал на срамот кој што би паднал на Бога, кога Неговиот народ, кој се вратил кај Него, би бил оставен во слабости и неволји, и сериозно се молел на Господа да го исполни Своето ветување: „Ако се обрнете кон Мене и

почнете да ги држите Моите заповеди и да ги творите, ако бидете растурени и до крајот на светот, ќе ве соберам од таму и ќе ве одведам на место кое што сум го избрал и да таму го настанам името свое". (Види Второзаконие 4:29-31). Тоа ветување дадено на Израел преку Мојсеј пред да влезат во Ханан, останало неизменето во текот на столетијата. Народот Божји сега се вратил кон Бога во покајание и вера, и Тој нема да пропушти да го исполни Своето ветување. {ПЦ 629.2}

Неемија често пати го излевал своето срце пред Бога застапувајќи го својот народ. Но сега, додека се молел, се родила во неговата душа една света одлука. Решил во случај да ја добие царевата согласност, и потребните орудија и материјал, самиот да ја преземе задачата за реизградување на ѕидовите на Ерусалим и обновување на силата на Израел. Затоа се молел на Господа да го омилостиви царот за да би можел да го оствари овој план. „Помогни му сега на Својот слуга, и направи да најдам милост пред овој човек", се молел тој. {ПЦ 629.3}

Неемија чекал четири месеци на згодна прилика на царот да му ја изнесе својата молба. И покрај тоа што срцето му било тажно, тој за целото време се трудел да изгледа весел во царевото присуство. Во оние сјајни и раскошни одаи се морало да изгледа безгрижно и среќно. Никаква тага не смеела да фрла сенка врз лицата на царевите дворјани. Но кога ќе се најдел сам, далеку од погледите на луѓето, Неемија се молел и се исповедал во солзи, а тоа го виделе и Бог и ангелите. {ПЦ 630.1}

На крајот овој патриот не можел повеќе да ја сокрива својата болка која што го тиштела неговото срце. Ноќи без сон и денови исполнети со грижи оставиле траги врз неговото лице. Царот кој што љубоморно бдеел над својата безбедност, и имал навика да ги чита лицата на своите дворјани и да проникнува во секое затскривање, лесно го запазил неговиот пехарник обземен со некаква грижа. „Зошто ти е лицето невесело", запрашал тој, „кога не си болен? не е друго туку е тага во срцето". {ПЦ 630.2}

Ова прашање кај Неемија предизвикало бојазност. Нема ли царот да се налути кога ќе слушне дека мислите на неговиот слуга се далеку, кај неговиот несреќен народ, додека му служел на царот? Нема ли тоа да го чини живот? Ќе пропаднат ли сите негови планови да ја обнови силата на Ерусалим? „А јас се исплашив многу", бележи тој. Со растреперени усни, со солзи во очите, му признал на царот што е тоа што го мачи. „Жив да е царот довека! како нема да бидам невесел кога градот во кој што се гробовите на моите татковци е опустошен и вратите му се со оган спалени?" {ПЦ 630.3}

Описот за состојбата во кој се наоѓал Ерусалим разбудило сочувство кај царот не предизвикувајќи никакви сомнежи. Неговото следно прашање му пружило на Неемија можност за која толку долго чекал: „Која е твојата молба?" Но Божјиот човек не се осмелил да одговори пред да побара помош од Оној Кој е поголем од Артарксеркс. Тој имал да изврши една света задача и затоа му била потребна царевата помош. Знаел дека сè зависи од тоа како ќе ја елаборира работата, и дека од тоа зависи дали ќе добие царева согласност и негова помош. „Тогаш се помолив на небесниот Бог", вели тој. Неемија со помош на таа кратка молитва стапил во врска со Царот над царевите и ја ставил на своја страна онаа сила која што може да ги насочи срцата како што реките водени се насочуваат. {ПЦ 631.1}

Молитвата која што ја изговорил Неемија во тој тежок час претставува столб кој што стои на располагање на секој христијанин во околности кога не е можно да се моли на друг начин. Луѓето кои што водат мачен животен пат и кои што потклекнале под товарот на неволјите, можат во молитва да Му се обратат на Бога за водство. Патниците по море и на суво, можат на тој начин да побараат од небото кога ќе им се закани некоја голема

опасност. Во време на непредвидени потешкотии и опасности, човек може да упати повик кон Оној кој што ветил дека ќе им помогне на сите Свои верни кои што веруваат во Него, кога и да Го повикаат. Душата која што подлегнува под товарот на болката и грижите и која што е изложена на жестоки искушенија, може во сите прилики и услови да најде сокровиште, помош и утеха во неизмерната љубов и сила на Бог кој што го држи заветот. {ПЦ 631.2}

Во тој краток момент на молитва кон Царот над Царевите, Неемија собрал храброст и пред Артарксеркс изразил желба за некое време да биде ослободен од своите должности во дворот. Молел да му се дозволи да го обнови Ерусалим и повторно од него да направи силен и утврден град. Неговото барање било од посебно значење за судбината на еврејскиот народ. „И ми даде царот, зашто добрата рака на мојот Бог беше над мене", вели Неемија. {ПЦ 632.1}

Бидејќи ја добил помошта која што ја барал, Неемија мудро и подготвено пристапил кон подготовките за остварување на својот потфат. Не пропуштил ниедна мерка на претпазливост во овој правец. Знаел дека мнозина ќе се радуваат на неговиот успех, но се плашел да не случајно некои би можеле со својата непретпазливост да предизвикаат завист кај непријателите и така можеби го осуетат овој потфат. {ПЦ 633.1}

Царот така благонаклонето ја примил неговата молба што Неемија се охрабрил да побара уште поголема помош. За неговата мисија да има достоинство и углед како и заштита на патот, побарал и добил воена придружба. Царот му дал писмо за кнезовите од другата страна на Еуфрат, каде што морал да помине на својот пат за Јудеја, а добил исто така и писмо за царевиот чувар на шумите на Ливан, со налог да му се издаде потребното дрво. Неемија се погрижил неговиот потфат да добие царева потврда и потпора, за да не би се појавиле тужби дека ги пречекорил своите овластувања. {ПЦ 633.2}

Овој пример на мудра претпазливост треба да послужи за поука на сите христијани. Божјите деца треба не само да се молат со вера, туку да работат одлучно и смислено. Тие наидуваат на многу потешкотии и често му сметаат на делувањето на провидението во своја корист затоа што сметаат дека смислените и истрајни напори немаат никаква врска со верата. Неемија не сметал дека ја извршил должноста со тоа што плачел и се молел пред Господа. Тој со своите молби ги придружил и мерките за остварување на потфатот за кој се зафатил. Како и во времето на обновувањето на Ерусалим, така и денес е потребна грижливо смислен и добро изготвен план за успех на светите потфати. {ПЦ 633.3}

Неемија не сакал ништо да препушти на случајност. Она што му недостасувало го побарал од оние кои што тоа можеле да му го дадат. А Господ сè уште сака да влијае на срцата на оние кои што ги поседуваат Неговите добра, да приложат за објавување на вистината. Оние кои што работат за Бога треба да ја прифатат помошта која што им ја нудат луѓето според Неговиот налог. Овие дарови можат да отворат патишта преку кои вистината ќе стигне во многу земји што се во темнина. Дародавците можеби и не веруваат во Христа ниту ја познаваат Неговата Реч, но нивните дарови не би требало заради тоа да се одбиваат. {ПЦ 634.1}

ПОГЛАВЈЕ 53 - ГРАДЕЊЕ НА ЕРУСАЛИМСКИТЕ ЅИДОВИ

Ова поглавје се базира на книгата Неемија 2,3 и 4 глава

Неемија безбедно допатувал во Ерусалим. Царевите писма упатени за кнежевствата на покраините низ кои што поминувал, му осигуриле добар прием и брза помош. Ниеден непријател не се осудил да го вознемири великодостојникот кој што патувал под заштита на персискиот цар, а на кого и покраинските кнезови му укажувале големо почитување. Меѓутоа, неговото доаѓање во Ерусалим со поддршка од војската, врз основа на што можело да се заклучи дека доаѓа заради некоја важна мисија, предизвикало љубомора кај незнабожечките племиња кои што живееле во околината на градот и кои со честите напади и навреди го изразувале своето непријателство кон Евреите. Во тоа зло дело посебно се истакнувале некои поглаватари на племиња Санавалат Оронецот, Товија Амонецот и Гисем Арабјанинот. Овие поглавари од самиот почеток злонамерно ја посматрале Нееминовата работа и настојувале на секој начин да ги осуетат неговите планови и спречат неговата работа. {ПЦ 635.1}

Неемија постапувал исто онака претпазливо и разумно како и до тогаш. Знаејќи дека за противници има огорчени и одлучни непријатели, ја криел од нив природата на својата мисија сè додека не ја испитал ситуацијата и не создал план на работа. Се надевал дека на тој начин ќе ја обезбеди поддршката на народот и ќе ги наговори луѓето да отпочнат со работа пред непријателите да се подигнат. {ПЦ 636.1}

Бидејќи избрал неколку луѓе, за кои сметал дека се достојни за доверба, Неемија им објаснил какви околности го натерале да дојде во Ерусалим и им ја открил својата намера и начин на кој сака да ги оствари. Нивниот интерес бил придобиен и тие му ја ветиле својата помош. {ПЦ 636.2}

Третата ноќ по своето доаѓање, Неемија се дигнал на полноќ и со неколку верни придружници тргна сам да види во каква состојба се наоѓа Ерусалим. Го обиколил на својата мазга градот од едната до другата страна, разгледувајќи ги срушените ѕидови и порти на градот на своите татковци. Болни забелешки го исполниле умот на овој еврејски патриот додека ги разгледувал разрушените бедеми на својот сакан Ерусалим. Сеќавањата на некогашната големина на Израел биле во остра спротивност со овие знаци на немоќност. {ПЦ 636.3}

Неемија тајно и нечујно ги обиколил сите ѕидови. „Поглаварите не знаеја каде отидов", вели тој, „ниту што направив, зашто до тогаш не бев им рекол ништо на Евреите ниту на свештениците ниту на кнезовите ниту на поглаварите ниту на другите кои што управуваат со работата". Остатокот на ноќта го поминал во молитва, знаејќи дека следното утро мора да изврши тешка задача, да ги собере и соедини своите малодушни и поделени сограѓани. {ПЦ 636.4}

Неемија имал кај себе царска наредба со која се барало од жителите да му помогнат во обновувањето на градските ѕидини, но тој не се потпрел само на царевиот авторитет. Се трудел да се здобие со љубов и доверба кај народот, убеден дека единството на срцата како и сложните раце се неопходни во големото дело кое што го очекувало. Кога утредента го собрал народот, успеал со своите причини да ги разбуди нивните успиени сили и да ги соедини нивните разбиени редови. {ПЦ 637.1}

На луѓето на кои Неемија се обратил не знаеле за неговата полноќна обиколка на ѕидовите, ниту тој им говорел за тоа. Но во оваа обиколка можел за многу да заблагодари за својот успех; толку точно ја опишал состојбата на градот што ги импресионирал своите слушатели. Впечатоците кои го импресионирале за немоќта и унижувањето на Ерусалим, дале срдечност и сила на неговите зборови. {ПЦ 637.2}

Неемија му укажал на народот дека е предмет на исмејување кај незнабошците, дека нивната вера е посрамотена и дека луѓето го хулат Бога. Им рекол дека во далечната земја слушнал за нивната неволја, и како што се молел на Бога во таа прилика решил да побара дозвола од царот за да им дојде на помош. Се молел на Бога не само царот да му издаде дозвола туку и да му подари власт и потребна помош за оваа задача. Начинот на кој е услишена оваа молитва јасно покажува дека тоа бил Господов план. {ПЦ 637.3}

Бидејќи го изложил сето ова, Неемија истакнал дека го поддржува Божјата рака и власта на царот, и тогаш му поставил на народот непосредно прашање: дали ќе ја искористи оваа можност и ќе се подигне и ќе ги гради ѕидовите. {ПЦ 638.1}

Повикот наишол на одзив во нивните срца. Разбирајќи колкава милост покажало небото кон нив, Евреите биле посрамени заради своите стравувања, па сите со нова храброст рекоа во еден глас: „Да станеме и да ѕидаме. И им закрепнаа рацете за ова добро дело". {ПЦ 638.2}

Неемија со целото свое битие учествувал во потфатот кој го започнал. Неговата надеж, енергија, ентузијазам и одлучноста преоѓале и на другите, вдахновувајќи ги со иста храброст и возвишена цел. Секој човек станал сличен на Неемија и ја крепел раката и срцето на својот ближен. {ПЦ 638.3}

Кога непријателите на Израел слушнале што се надеваат Евреите да направат, почнале да им се потсмеваат говорејќи: „Што е тоа нешто што го правите? сакати ли да се побуните против царот?" Но Неемија им одговори: „Небесниот Бог ќе ни даде да успееме; затоа ние слугите Негови ќе станеме и ѕидаме; но вие немате ни дел, ни право, ни спомен во Ерусалим". {ПЦ 638.4}

Свештениците биле меѓу првите кои што се огледале на ревноста и усрдноста на Неемија. Овие луѓе заземале силна положба па можеле во голема мерка да помогнат или да наштетат на ова дело; па со тоа нивната соработка на самиот почеток многу допринела во неговиот успех. Повеќето кнезови и свештенички поглавари одговориле на својата должност и затоа тие верни луѓе заслужно биле споменати во Божјата книга. Само неколку благородници на Текојан „не ги приклонија вратовите свои на служба на својот Господ". Спомените на овие мрзливи слуги биле обележени со срам и нивните постапки се запишани како предупредување на сите идни поколенија. {ПЦ 638.5}

Во секое религиозно движење има луѓе кои се држат настрана и не сакаат да помогнат, и покрај тоа што не можат да одречат дека е тоа Божјо дело. Таквите луѓе би било добро да го имаат на ум она што е забележано во книгата по која што ќе им се суди; книга во која нема пропусти или грешки. Во неа е запишана секоја пропуштена прилика да се послужи на Бога, а во неа е исто така за во вечни времиња забележана секоја постапка на вера и љубов. {ПЦ 639.1}

Но Неемија со своето присуство толку многу влијаел врз луѓето што никој не се повел по примерот на благородниците на Текојан. Народот воопшто бил вдахновен со патриотизам и ревност. Способни и угледни луѓе организирале поедини слоеви на граѓани и групи, и секоја од тие групи била задолжена да подигне еден дел од ѕидот. За некои од нив било речено дека поправале „секој спроти својата куќа". {ПЦ 639.2}

Одлучноста на Неемија не спласнала ни кога работата била веќе во тек. Тој неуморно и будно го надгледувал ѕидањето, ги упатувал работниците, воочувајќи ги пречките и интервенирајќи во итностите. Неговото присуство постојано се чувствувало по долж на сиот ѕид чија должина изнесувала повеќе од три милји. Со прикладни зборови ги храбрел исплашените, ги поттикнувал тие што заостанувале и ги пофалувал

вредните. Непрестано ги пазел непријателите и нивното движење, затоа што истите се собирале одвреме навреме подалеку од ѕидовите, ковајќи зло, а потоа се приближувале поблиску до работниците обидувајќи се да им го одврати вниманието од работата. {ПЦ 639.3}

Покрај својата разновидна работа, Неемија не заборавил на Изворот на својата сила. Неговото срце постојано се подигало кон Бога, големиот Надгледувач на сите нешта. „Небесниот Бог ќе ни даде да успееме", нагласувал тој и тие зборови се пренесувале од еден до друг и ги крепеле срцата на сите работници на ѕидот. {ПЦ 640.1}

Сепак, реставрацијата на ерусалимските ѕидови не напредувала без пречки. Сатаната се трудел да подигне противници и да внесе малодушност. Негови главни помагачи во тоа дело, Санавалат, Товија и Гесем, се соединиле за да го попречат обновувањето на градските ѕидови. Настојувале да внесат раздор помеѓу работниците. Се потсмевале на напорите на градителите говорејќи дека се зафатиле со неизводлива задача, претскажувајќи им неуспех. {ПЦ 641.1}

„Што прават тие немоќни Јудејци?" извикувал Санавалат зајадливо, „дали ќе се оградат себеси? ...ќе ги оживеат ли камењата во прав спалени?" Товија додал со уште поголем презир: „Нека ѕидаат: лисица да се искачи, ќе го растури камениот ѕид нивни". {ПЦ 641.2}

Градителите набрзо биле изложени на уште пожестоки напади. Биле принудени да бидат секогаш претпазливи заради непријателските намери на противникот, кои што се труделе под плаштот на пријателството да внесат збрка, потешкотија и недоверба во нивните редови. Се обидувале да ги обесхрабрат, ковале заговори за да го вовлечат Неемија во својата мрежа, а нашле и Евреи со лажно срце кои што биле подготвени да ги потпомогнат нивните подмолни намери. Пренесувале гласови дека Неемија ќе се подигне против персискиот цар, и дека самиот ќе се прогласи за цар над Израел, а сите кои што го помагаат ги прикажувале како издајници. {ПЦ 642.1}

Но Неемија и понатаму му се молел на Господа за водство и помош „и народот имаше волја да работи". Работата напредувала сѐ додека не ги поправиле пукнатините и додека не го подигнале целиот ѕид до половина од планираната висина. {ПЦ 642.2}

Кога непријателите на Израел виделе колку се безуспешни нивните обиди, се исполниле со бес. До тој момент не се осмелувале да прибегнат кон насилни мерки знаејќи дека Неемија и неговите другари работат под царевата наредба, па се плашеле со своите напади да не го навлечат врз себеси царевиот гнев. Но сега во својот гнев станале виновни за она зло за кое што го обвинувале Неемија. Тие се собраа и „се сложија сите заедно да дојдат и да удрат на Ерусалим". {ПЦ 642.3}

Додека Самарјаните ковале завери против Неемија и неговиот потфат, истовремено кај некои водачи помеѓу Евреите се појавило незадоволство па започнале да ги нагласуваат тешкотиите на потфатот, со намера да го обесхрабрат. „Малакса силата на носачите", рекоа тие, „а прав од урнатините има многу, не можеме да го ѕидаме ѕидот". {ПЦ 642.4}

Обесхрабрувања доаѓале и од друга страна. „Јудејците кои што живееја крај нив", а кои што не учествувале во работата, донесувале гласови за намерите на нивните непријатели и така предизвикувале малодушност и создавале незадоволство помеѓу Евреите. {ПЦ 643.1}

Меѓутоа, подбивањето и исмевањето, нападите и заканите како да го исполнувале Неемија со уште поголема решеност и го правеле уште попретпазлив; тој ги увидел опасностите со кои што ќе мора да се спротивстави во борбата со непријателите, но

неговата храброст не се поколебала. „А ние се молевме на својот Бог”, вели тој, „и поставивме стража кон нив ден и ноќ”. „Тогаш го наместив народот во низините позади ѕидовите и на стрмнините, поставив народ по семејствата со мечеви, копја и лакови. И разгледувајќи, станав и им реков на старешините и поглаварите и на останатиот народ: Не бојте се од нив: Помнете го Господа, големиот и страшниот, и бијте се за браќата свои, за синовите свои и ќерките свои, за жените и куќите свои”. {ПЦ 643.2}

„А кога слушнаа непријателите наши дека сме дознале, ја разби Господ нивната намера, и ние се вративме сите кај ѕидот, секој на својата работа. И тогаш половината од моите момци работеа а половината држеа копја и штитови и лакови и оклопи... И оние што ѕидаа и кои што носеа товар и кои што товареа, секој со една рака работеше а во другата имаше копје. А тие што ѕидаа, секој имаше меч препашан на својата половина, и така ѕидаа”. {ПЦ 643.3}

Покрај Неемија стоеше трубач, а и вдолж ѕидот биле распоредени свештеници со свети труби. Народот во работата бил растурен на сите страни, но кога би се приближила опасност на било кое место, би бил даден знак сите таму да поитаат. „Така ја теравме работата”, вели Неемија, „и половината го држеа копјето од зори па сè додека ѕвездите не изгреат”. {ПЦ 644.1}

Од оние кои што живееле по гратчињата и селата надвор од Ерусалим било барано да пребиваат од внатрешната страна на ѕидовите за да го чуваат она што се градело, а и наутро да бидат веднаш подготвени за работа. Целта била да се спречи непотребното одолговлекување а и на непријателот да не му се пружи прилика да ги напаѓа работниците кога доаѓаат и кога се враќаат во своите домови. Неемија и неговите соработници не потклекнале пред никакви тегоби ниту пред тешката работа. Ни дење ни ноќе, па дури ни за краткото време кое што било одредено за спиење, не ја соблекувале својата облека ниту се разделувале од своето оружје. {ПЦ 644.2}

Противењето и застрашувањето на кое во Нееминово време градителите наидувале кај отворените непријатели и тогашните лажни пријатели, карактеристични се и за искуствата низ кои ќе поминат сите оние кои што денес работат за Бога. За христијаните претставуваат искушенија не само гневот, презирот и свирепоста на непријателите, туку и мрзливоста, непостојаноста, млакоста и издавањето на лажните пријатели и помагачи. Христијаните се изложени на потсмевања и замерки. Оној ист непријател кој што поттикнува презир употребува во погоден момент уште посвирепи и насилни мерки. {ПЦ 644.3}

Сатаната се користи со секој непосветен човек за остварување на своите цели. Меѓу оние кои тврдат дека го поддржуваат Божјото дело се наоѓаат и луѓе кои што се придружуваат на Неговите најогорчени непријатели, и на тој начин им овозможуваат да го напаѓаат Неговото дело. Дури и оние кои што посакуваат тоа да напредува им сметаат понекогаш на Божјите слуги со тоа што слушаат, пренесуваат и до половина веруваат во клеветите, самофалењето и заканите на Неговите противници. Сатаната со неверојатен успех работи преку своите застапници, и сите оние кои што паѓаат под негово влијание се поттчинуваат на обземувачката сила која го уништува мудриот и разумот на разумниот. Но Божјиот народ, слично на Неемија, не треба да се плаши од своите непријатели ниту да ги презира. Надевајќи се на Бога, тој треба непрестано да чекори напред, работејќи несебично за Неговото дело и доверувајќи ја во Негова заштита работата за која што се бори. {ПЦ 645.1}

При најголемото обесхрабрување, Неемија во Бога наоѓал прибежиште и сигурна одбрана. И Бог кој што до тогаш бил поддршка на Својот слуга, претставувал

потпиралиште на Својот народ во сите векови. Во секоја криза Божјиот народ може со доверба да рече: „Ако е Бог со нас, кој ќе е против нас?" (Римјаните 8:31). Било какви заговори да коваат сатаната и неговите застапници, Бог ќе ги открие и ќе ги осуети. Верните и денес треба да одговорат онака како што одговорил Неемија: „Нашиот Бог ќе војува за нас", затоа што Бог е присутен во делото и никој не може да го спречи неговиот конечен успех. {ПЦ 645.2}

ПОГЛАВЈЕ 54 - УКОР ПРОТИВ ИЗНУДУВАЊЕТО И ГЛОБЕЊЕТО

Ова поглавје се базира на Неемија 5 глава.

Ерусалимските ѕидови сè уште не биле завршени кога тешката состојба на сиромашните слоеви на народот го привлекло вниманието на Неемија. Покрај несредената состојба во земјата, обработката на земјата во извесна мерка била запоставена. Покрај тоа, се чувствувало немаштија во житарки, затоа што заради себичноста на некои кои што се вратиле во Јудеја, Господовиот благослов не почивал врз нивните ниви. {ПЦ 646.1}

За да набават храна за нивните семејства, сиромашните биле принудени да купуваат на кредит и тоа по исклучително високи цени. Тие исто така биле принудени да позајмуваат пари со камата за да ги исплатат тешките даноци кои што ги креирале персиските цареви. Потешкотиите на сиромашните ги зголемувале и богатите Евреи кои што се користеле со нивната неволја за да стекнат уште поголеми пари. {ПЦ 646.2}

Господ на Израел му заповедал преку Мојсеја дека секоја трета година треба да собира десеток за сиромашните; што и уште повеќе, обработката на земјата била изоставувана секоја седма година, земјата било оставена да лежи непосеана а она што би родило само од себе го собирале сиромашните. Верноста во давање на дарови за сиромашни и други добротворни акции го освежувало кај народот сознанието дека Бог е сопственик на сè, и му давало можност да стане благослов за својата околина. Целта Господова била кај Израел да ја искорени себичноста и да развие ширина и благородност на карактерот. {ПЦ 646.3}

Бог преку Мојсеја ги дал следниве поуки: „Кога ќе дадеш на заем пари на народот мој, сиромавиот кој што е кај тебе, не постапувај кон него како заемодавач!" „Не му позајмувај на својот брат со лихва, ниту пари, ниту храна, ниту нешто друго, што се дава во заем со лихва". (Излез 22:25; Второзаконие 23:19). А на друго место вели: „Ако се најде кај тебе некаков сиромав, некој од твоите браќа, во кој и да град во земјата што Господ, твојот Бог, ќе ти ја даде, не биди со тврдо срце ниту ги затворај своите раце спрема својот беден брат, но отвори ги ширно твоите раце и дај му спремно тоа што му недостига". „Зашто бедните никогаш не ќе ги снема од земјата, затоа ти заповедам и ти велам: отворај ја раката своја кон братот свој, кон неволниот и сиромавиот свој во земјата своја". (Второзаконие 15:7,8,11). {ПЦ 647.1}

По враќањето на заробениците од Вавилон, богатите Евреи постапувале сосема спротивно на тие заповеди. Кога сиромашните биле принудувани да платат данок на царот, богаташите им позајмувале, но со огромна камата. Земајќи ја земјата од сиромашните како залог, они тие кутри луѓе постепено ги доведувале до најголема сиромаштија. Мнозина морале да ги продаваат во ропство своите синови и ќерки, и изгледало дека нема никаква надеж за нивната состојба да се подобри, ниту начин да

си ги откупат своите деца и земјата. Иднината пред нив полна со неволји, маки и бесконечно робување, а сепак тие припаѓале на ист народ како и нивните поблагословени браќа и биле деца на еден ист завет. {ПЦ 647.2}

Народот најпосле ја изложил својата состојба на Неемија. „Ете, треба да ги дадеме синовите наши и ќерките свои во ропство, и некои наши ќерки веќе се робинки, а ние не можеме ништо, затоа што нашите полиња и лозја ги држат други", говореле луѓето. {ПЦ 648.1}

Душата на Неемија се исполнила со горчина кога слушнал за тоа страшно угнетување. „Се расрдив многу кога го слушнав нивниот плач и тие зборови", вели тој. Знаел дека мора одлучно да застане на страната на правдата ако сака да го укине тој суров обичај продавање за долг. Со неговата својствена енергија и одлучност, тој се дал во задача да ја олесни состојбата на своите браќа. {ПЦ 648.2}

Неемија ниту за момент не го поколебало тоа што заемодавачите биле токму оние богаташи чија помош била драгоцена во обновата на градските ѕидови. Тој остро ги укорил благородниците и кнезовите, а откако собрал големо собрание од народот ги изложил пред нив Божјите барања во тој поглед. {ПЦ 648.3}

Го потсетил народот на случувањата од времето на царот Ахаз. Ја повторил веста која што Бог ја пратил во тоа време на Израел, осудувајќи ја свирепоста и угнетувањето. Јудините деца биле предадени во рацете на израелскиот народ, нивни браќа кои што уште подлабоко паднале во идолопоклонство. Израелците го задоволувале своето непријателство убивајќи во борбите многу илјадници Јудејци, одземајќи им ги нивните жени и деца, за да направат од нив робови или како робови да ги продадат на незнабошците. {ПЦ 648.4}

Заради гревовите на Јудејците Господ не го спречил налетот на овие битки, но преку пророкот Одид ја осудил победничката војска заради нејзините свирепи намери: „И уште мислите синовите Јудејски и Ерусалимски да ги натерате да ви бидат робови и робинки; а сепак нели и самите вие згрешивте кон Господа, својот Бог?" (2. Летописи 28:10). Одид го предупредил израелскиот народ дека Господовиот гнев се распламтил против него и дека со своето неправедно и сурово постапување ќе навлече врз себеси Божја казна. Бидејќи ги слушнале овие зборови, војувачите ги отпуштиле заробениците и го ставија пленот пред кнезовите и сето собрание. Тогаш од водачите на племето Ефремово „ги земаа робовите и ги облекоа од ограбеното ги облекоа, ги обуја, ги нахранија и напоија, и ги помазаа со масло и ги поведоа на ослици сите изнемоштени и ги донесоа во палмовиот град Ерихон, кај нивните браќа". (Стих 15). {ПЦ 649.1}

Неемија и останатите ги откупиле Евреите кои што биле продадени на незнабошците и ја споредил оваа постапка со постапката на оние кои што заради земска добивка ги продаваат своите браќа во робови. „Не е добро тоа што го правите", рекол тој; „не треба ли да одите во стравот на нашиот Бог, за да не ни се потсмеваат народите, непријателите наши?" {ПЦ 649.2}

Неемија објаснил дека и тој самиот, врз основа на овластувањето кое што му го дал персискиот цар, можел да бара давачки за своја лична корист. Меѓутоа, тој не само што не го земал она што му припаѓало со право, туку обилно давал за да ја олесни положбата на сиромашните. Ги повикал еврејските поглавари кои што биле виновни за експлоатација да престанат со тоа лошо дело; да им ја вратат земјата на сиромашните а исто така и камата која што ја изнудиле од нив; и да им даваат заем без камата или залог. {ПЦ 650.1}

Овие зборови биле изговорени пред целото собрание. Да сакале поглаварите да се правдаат, имале можност за тоа. Но тие не се обиделе. „Ќе им вратиме и нема да бараме ништо од нив”, изјавиле тие, „ќе направиме како што ти велиш”. Тогаш Неемија во присуство на свештениците „ги заколна дека така ќе прават според своето ветување”. „И целото собрание рече: Амин, и го фалеа Господа. И направи народот според тој збор”. {ПЦ 650.2}

Оваа случка дава значајна поука. „Коренот на сите зла е среброљубието”. (1. Тимотеј 6:10). Желбата за добивка станала најголема страст на нашето поколение. Богатството честопати се стекнува на нечесен начин. Многу луѓе се борат со сиромаштво, принудени да обавуваат тешка работа за мала плата, неспособни да ги обезбедат најнеопходните потреби за живот. Мачната работа и лишувањето, без надеж за нешто подобро, го прават нивниот товар тежок. Утепани и притиснати, тие не знаат кому да му се обратат за помош, а сето ова се случува само за да можат богатите да си ги задоволат своите претераности или алчноста за натрупување богатство! {ПЦ 650.3}

Среброљубието и љубовта кон разметнувањето направиле од овој свет гнездо на арамии и крадци. Во Светото писмо е даден опис на алчноста и насилството кои што ќе преовладуваат пред самото второ Христово доаѓање. „Дојдете сега вие богати” пишува Јаков, „собиравте богатство за последните дни. Еве, платата на работниците, кои ги ожнеа вашите ниви, што вие им ја скусивте, вика, и извиците на жетварите дојдоа до ушите на Господа над Силите. Вие живеевте на земјата раскошно и разуздано, ги потхранивте своите срца, како за ден на клање. Го осудивте и убивте праведникот; и тој не ви се противеше”. (Јаков 5:1,3-6). {ПЦ 651.1}

Дури и помеѓу оние кои што тврдат дека одат во стравот Господов, има луѓе кои го повторуваат она што го правеле благородниците на Израел. Бидејќи имаат моќ така да чинат тие бараат повеќе отколку што е право, и така стануваат угнетувачи. Христовата вера е изложена на презреност затоа што луѓето гледаат грабливост и измама кај оние кои што се нарекуваат со Христовото име, и затоа што црквата ги задржува во своите книги имињата на оние кои што се збогатиле на неправеден начин. Претераноста, измамувањето и изнудувањето ја корумпира верата на мнозина, уништувајќи им го духовниот живот. Црквата во голема мерка е одговорна за гревовите на своите членови. Доколку таа не го подигне својот глас против злото, значи дека го одобрува. {ПЦ 651.2}

Обичаите на светот не смеат да бидат мерило за христијаните. Тие не смеат да се угледаат на неговото непочитување, измами и изнудување. Секоја неправедна постапка кон ближниот претставува кршење на златното правило. Секоја неправда против Божјите деца истовремено е и грев кон самиот Христос во лицата на Неговите светии. Секој обид да се искористи незнаењето, слабоста и несреќата на другите се запишува како измама во небесните книги. Човекот кој што вистински го љуби Бога ќе се мачи дење и ноќе и ќе го јаде во сиромаштво својот леб, но нема да дозволи среброљубието да го натера да угнетува вдовици и сиромашни или да му скусува на работникот она што му припаѓа. {ПЦ 651.3}

И најмало скршнување од чесноста ги руши преградите и го прави срцето подготвено за поголеми неправди. Душата на еден човек постанува неосетлива за влијанието на Божјиот Дух во онаа иста мерка во која тој стекнува корист на сметка на другиот. Стекнатата добивка на таков начин претставува всушност страшен губиток. {ПЦ 652.1}

Сите ние сме биле должници на божествената правда, но не сме имале со што да го платиме овој долг. Тогаш дошол Божјиот Син, се сожалил на нас и ја платил цената

на нашето откупување. Тој станал сиромав за да преку Неговото сиромаштво ние се збогатиме. Преку делата на милосрдие кон Неговите сиромаси ние можеме да ја покажеме искреноста на нашата благодарност за милоста која ни е укажана. „Да им правиме добро на сите, а посебно на оние кои што се со нас во верата", наложува апостол Павле. (Галатјаните 6:10). А неговите зборови се сложуваат со зборовите на Спасителот: „Сиромашните ќе ги имате секогаш покрај вас, и кога што ќе посакате, можете да им правите добро". „Сè што сакате луѓето да ви прават, чинете им го и вие нив; зашто тоа се законот и пророците". (Марко 14:7; Матеј 7:12). {ПЦ 652.2}

ПОГЛАВЈЕ 55 - ЗАПЛЕТКИТЕ НА НЕЗНАБОШЦИТЕ

Ова поглавје се базира на Неемија 6 глава

Санавалат и неговите соучесници не се осмелувале отворено да завојуваат со Евреите, но со се поголема озлобеност продолжиле со своите обиди да обесхрабрат, збунат и напакостат. Ѕидовите околу Ерусалим брзо се довршувале. Кога би се изградиле и поставиле во потполност портите, тогаш непријателите на Израел не би можеле да се надеваат со сила да влезат во градот. Затоа тие биле понетрпеливи, да го сопрат градењето без ни малку одложување. Најпосле сковале план Неемија да го намамат од неговата положба, да го фатат а потоа да го убијат или да го фрлат во темница. {ПЦ 653.1}

Под изговор дека сакаат помирување, побарале состанок со Неемија, и го повикале да дојде во едно село во онанското поле. Но просветлен од Светиот Дух тој ја разбрал нивната вистинска цел, и одбил тоа да го направи. Тој пишува: „Пратив кај нив гласници и им порачав: имам голема работа, затоа не можам да дојдам кај вас: работата ќе застане ако ја оставам, за да дојдам кај вас". Но искушувачите биле упорни. Четири пати пратиле вест со иста содржина, и секој пат добивале ист одговор. {ПЦ 653.2}

Бидејќи увиделе дека тој план нема да успее, прибегнале кон еден смел чекор. Санавалат пратил гласник кај Неемија со отворено писмо, во кое стоело: „Се слуша по народите, а и Гасмуј вели дека ти и Јудејците мислите да се побуните, затоа ѕидаш ѕид и сакаш да им бидеш цар... И дека си поставил пророци да разгласуваат во Ерусалим, велејќи: во Јудеја има цар; и сега тие гласови ќе стигнат до царот, затоа дојди да се посоветуваме". {ПЦ 654.1}

Споменатите гласови навистина да кружеле, Неемија би имал причина да се загрижи, затоа што набрзо би стигнале до царот кого и најмал сомнеж би можел да го натера да преземе најстроги мерки. Меѓутоа, Неемија бил убеден дека тоа писмо било лажно, напишано само да го заплаши и да го вовлече во мамка. Овој заклучок го потврдува и фактот што писмото било испратено отворено, очигледно со цел народот да ја чита неговата содржина, да се вознемири и исплаши. {ПЦ 654.2}

Неемија веднаш одговорил: „Не е така како што велиш ти, туку самиот си го измислил". На Неемија не му биле непознати сатанските планови. Тој знаел дека тие обиди имаат за цел да ги ослабнат рацете на градителите и така да се осуети нивната работа. {ПЦ 654.3}

Сатаната веќе толку многу пати бил поразен. Затоа сега со поголема злобност и вештост, подметнал уште полукава и поопасна стапица за Божјиот слуга. Санавалат и неговите соучесници ги поткупиле луѓето кои што се исповедале како пријатели на

Неемија, за да му дадат лажни совети, тврдејќи дека е тоа Божја реч. Главен соучесник во тоа злобно дело бил Семај човек кого Неемија порано го сметал за човек со добра репутација. Тој човек се затворил во една одаја во близина на светилиштето, како животот наводно да му бил во опасност. Во тоа време храмот бил заштитен со ѕидови и порти, но градските порти сè уште не биле подигнати. Преправајќи се дека е многу загрижен за Неемија, Семај го советувал да се затскрие во храмот. „Да отидеме заедно во Божјиот дом предлагал тој и да ја заклучиме вратата од храмот, зашто ќе дојдат да те убијат, ќе дојдат ноќе да те убијат". {ПЦ 655.1}

Да го послушал Неемија тој издајнички совет, тој би ја жртвувал својата вера во Бога, а народот би го сметал за кукавица и достоен за презир. Со оглед на значајното дело кое го преземал и на лојалноста на Бога, која што ја исповедал, би било во потполност недоследно да се крие како да се плаши. Стравувањето би се пренело и на народот, секој би гледал некаде да се сокрие, и градот би останал незаштитен и би станал плен на неговите непријатели. Еден таков непромислен чекор би значел предавање на сето она што било остварено. {ПЦ 655.2}

Неемија брзо проникнал во намерата и целта на советодавецот. Тој вели: „Разбрав дека не го пратил Бог, туку тоа пророштво сам го кажа за мене, зашто Товиј и Санавалат го поткупија. Затоа беше поткупен да ме исплаши и да направам така и да згрешам па да се срамотам и да ме прекоруваат". {ПЦ 655.3}

Срамниот совет кој што го дал Семај го поддржале и угледни луѓе, кои што тајно се здружиле со непријателите на Неемија, иако тврделе дека му се пријатели. Меѓутоа, тие безуспешно ја поставиле својата замка. Неемија бестрашно одговорил: „Зарем човек каков што сум јас, ќе бега? или кој би влегол во храмот ваков каков што сум јас а да остане жив? нема да одам". {ПЦ 656.1}

И покрај сите заплетки кои што ги ковале непријателите, јавни и тајни, работата на градбата не престанала да напредува, и за помалку од два месеца по доаѓањето на Неемија во Ерусалим, градот бил обвиткан со ѕид, а градителите можеле да одат по ѕидовите и да гледаат одозгора на своите поразени и запрепастени непријатели. Неемија пишува: „Кога слушнаа сите непријатели наши за тоа, и ги видоа сите народи што беа околу нас ги видоа тие нешта, се исплашија многу, зашто познаа дека Бог го изврши тоа дело". {ПЦ 656.1}

Но дури и овој доказ дека самиот Господ управува со својата рака, не бил доволен да го заузда незадоволството, побуните и издајството помеѓу Израелците. „Благородниците јудејски му праќаа писма на Товиј и од Товиј доаѓаа писма кај нив. Зашто многу Јудејци му се беше заколнале, затоа што беше зет на Сеханиј". Тука се гледаат лошите последици на склопување бракови со идолопоклоници. Едно јудејско семејство се поврзало со Божјите непријатели, и таа врска се покажала како стапица. Многу други исто така постапиле. Тие биле исто како и мешаното мноштво кое што тргнало со Израел од Египет, непрекинат извор на неволји. Не се посветиле со целото срце на Бога, и кога Божјото дело барало некоја жртва, биле подготвени да ја погазат свечената заклетва која што ја дале за соработка и поддршка на истото. {ПЦ 657.2}

Некои кои што најмногу подготвувале зло против Евреите, сега изразувале желба да бидат заедно со нив во пријателски односи. Јудејските благородници кои што склопувале мешани бракови со идолопоклониците, и кои издајнички се допишувале со Товиј, заколнувајќи се дека ќе му служат, сега го претставувале како способен и далекувиден човек, тврдејќи дека сојузот со него ќе биде од голема корист за Евреите. Истовремено тие му ги предале плановите и намерите на Неемија. Така делото на

Божјиот народ било изложено на напади на непријателот; била дадена прилика Нееминовите зборови и дела лажно да се прикажуваат и да се попречува неговата работа. {ПЦ 657.3}

Кога сиромашните и угнетените му се обратиле на Неемија, барајќи да се исправи неправдата која што им била нанесена, тој смело станал во нивна одбрана и ги навел престапниците да ги поправаат своите грешки. Меѓутоа, власта со која се послужил за да го заштити својот угнетен народ, тој сега не ја користел за своја сопствена корист. Некои негови настојувања биле пречекани од некои со неблагодарност и издајништво, но тој не ја употребил власта да ги казни издајниците. Мирно и несебично продолжил да му служи на својот народ, не попуштајќи во своите напори и не дозволувајќи ревноста да му ослаби. {ПЦ 658.1}

Сатаната секогаш работел против оние кои што се трудат да го унапредат Божјото дело. И покрај тоа што честопати трпел неуспех, сатаната ги обновувал своите напади со нова сила, испробувајќи дотогаш непробани средства. Но тој е најопасен кога работи тајно преку лажните пријатели на Божјото дело. Отвореното непријателство може да биде жестоко и свирепо, но против него можеме да се бориме и опасноста е помала за Божјото дело, отколку против непријателите на оние кои што тврдат дека му служат на Бога, а во срцето се слуги на сатаната. Тие се во можност да одат на рака на таквите кои што ќе го искористат нивното знаење за да му попречат на Божјото дело, и да им наштетат на Неговите слуги. {ПЦ 658.2}

Ќе се применуваат сите лукавства кои што кнезот на темнината може да ги измисли за Божјите слуги да бидат наведени да стапат во сојуз со агентите на сатаната. На мнозина им се упатува повик да ја напуштат должноста; но тие, како Неемија, треба да одговорат непоколебливо: „Извршувам голема работа, не можам да дојдам". Божјите работници треба без страв да продолжат со работата а нивните напори ќе ги откријат лагите кои што непријателот ги измислил на нивна штета. Слично на градителите на ѕидовите на Ерусалим, тие не смеат да дозволат заканите, потсмевите или лагите да ги одвојат до нивната работа. Ни за момент не смеат да попуштат во своето бдеење или будност, затоа што непријателот им е постојано зад петици. Во секој момент мораат да упатуваат молитви кон Бога и да поставуваат „стража кон нив ден и ноќ". (Неемија 4:9). {ПЦ 659.1}

Колку повеќе се приближуваме до крајот, сатанските искушенија сè повеќе ќе на навалуваат врз Божјите работници. Тој ќе користи човечки агенти за да ги исмејува и клевети оние кои што „градат ѕидот". Но делото би заостанувало кога градителите би се симнувале да одговараат на нападите на своите непријатели. Градителите мораат да се трудат да ги оневозможат плановите на своите противници, но не смеат да дозволат ништо да ги одвои од нивното дело. Вистината е посилна од заблудата, и правдата ќе ја победи неправдата. {ПЦ 659.2}

Тие исто така не смеат да дозволат непријателите да стекнат нивно пријателство и наклонетост и на тој начин, со измама, да ги одвлечат од должноста. Кога човек со некоја своја непромислена постапка ќе го изложи Божјото дело на презир, или ги ослабнува напорите на останатите работници, нанесува на својот карактер дамка која не може лесно да се избрише, и поставува сериозни пречки на својата идна работа. {ПЦ 659.3}

„Оние што го оставаат законот, ги пофалуваат безбожниците". (Изреки 28:4). Кога оние кои што се соединуваат со светот а тврдат дека се чисти, бараат единство со оние кои што секогаш се противеле на вистината, од таквите мораме да се плашиме и да ги

избегнуваме, како што тоа одлучно го правел Неемија. Таков еден совет потекнува од непријателот на сето она што е добро. Тоа е совет на опортунисти (оној кој се прилагодува на моменталните нешта и мислења заради лична полза) на кој исто и денес мора да му се воспротиви исто така решително како и во тоа време. Мора да се пружи одлучен отпор на секое влијание чија цел е да ја разниша верата на Божјиот народ во Неговото водство и моќ. {ПЦ 660.1}

Во цврстата предаденост на Неемија во Божјото дело, и во неговото еднакво цврсто надевање во Бога, може да се најде причината за неуспехот на неговите непријатели да го потчинат под своја власт. Рамнодушната личност станува лесен плен на искушенија, но злото не може да најде живеалиште во животот на оној кој има благородна намера и кој целиот се посветил на една цел. Не може да ослабне верата на оној човек кој постојано напредува, затоа што тој насекаде ја запазува Бескрајната Љубов која што делува на сè за да се оствари возвишената Божја цел. Вистинските Божји слуги се заложуваат со одлучност која не попушта, затоа што секогаш се потпираат на престолот на благодатта. {ПЦ 660.2}

Бог предвидел божествена помош за сите случаи за кои нашите човечки средства се недораснати. Неговиот Свет Дух помага во сите тешкотии, ја окрепува нашата надеж и уверување, ни го просветлува разумот и го чисти срцето. Тој дава можност и прилика за работа. Неговиот народ ќе постигне возвишени резултати доколку внимава на укажувањата на Божјото провидение и ако биде подготвен да соработува со Него. {ПЦ 660.3}

ПОГЛАВЈЕ 56 - ПОУЧЕНИ НА БОЖЈИОТ ЗАКОН

Ова поглавје се базира на Неемија 8,9 и 10 глава.

Беше тоа во времето на празникот на Трубите. Во Ерусалим се собрало мноштво на луѓе. Призорот бил тажен и интересен. Ѕидовите околу Ерусалим биле повторно подигнати и портите поставени, меѓутоа поголемиот дел од градот бил сè уште во урнатини. {ПЦ 661.1}

На платформа од дрва, подигната во една од најширoките улици, опкружен со тажни остатоци од некогашната јудејска слава, стоел Ездра, сега веќе човек во години. Од лева и десна страна се наоѓале неговите браќа Левити. Гледајќи од платформата, имал пред себеси море од глави. Децата на заветот се собрале од сите страни. „И Ездра го благослови Господ, великиот Бог, а целиот народ одговори: Амин... па се наведна и Му се поклони на Господа со лицето доземи". {ПЦ 661.2}

Но дури и тука се виделе докази за гревовите на Израел. При склопувањето на бракови со лица од други народности, еврејскиот јазик се расипал, и говорниците морале да обрнат внимание законот да го објаснат на јазикот на тамошниот народ, за да би можеле сите да разберат. Некои од свештениците и Левитите заедно со Ездра ги објаснувале начелата на законот. „Тие читаа во книгата на Божјиот закон разбирливо, и даваа толкување, и народот го разбираше прочитаното". {ПЦ 661.3}

„Ушите на целиот народ беа свртени кон книгата на законот". Тие внимателно и со почитување ги слушале зборовите на севишниот. Додека законот бил објаснуван, тие ја сфатиле својата вина и се ражалостиле заради своите престапи. Меѓутоа, тоа бил ден за славење, ден на радост, свет собор; ден во кој Господ му заповедал на народот да се

весели и да се радува. Народот бил повикан да ја совлада тагата и да се радува на големата Божја милост. „Овој ден е свет пред вашиот Господ Бог", рекол Неемија, „не тажете и не плачете... Одете и јадете мрсни јадења и пијте благо и пратете им дел на оние кои што не подготвиле ништо , зашто овој ден е свет за нашиот Господ. Затоа не бидете тажни, зашто Господовата радост е ваша сила". {ПЦ 662.1}

Првиот дел од денот бил посветен на богослужение, а останатото време народот го поминал сеќавајќи се со благодарност на Божјите благослови и радувајќи се на Неговата милост. Сиромашните кои што не биле во состојба сами нешто да подготват, добиле оброци. Кај народот владеела голема радост затоа што ги слушнал и ги разбрал зборовите од законот. {ПЦ 662.2}

И следниот ден продолжиле да го читаат и толкуваат законот. А во одреденото време десеттиот ден од седмиот месец, свечени обреди на Денот на Очистувањето биле извршени, според Господовата заповед. {ПЦ 665.1}

Народот заедно со своите поглавари уште еднаш, како некогаш, го празнувал празникот на сеници од петнаесеттиот до дваесет и вториот ден од истиот месец. Било објавено „по сите градови свои и во Ерусалим велејќи: одете во гората, и донесете маслинови гранки и гранки од дива маслинка, гранки од миро и палмови гранки, и гранки од другите дрвја со лисја, за да направите сеници, како што е напишано. И народот отиде и донесе гранки, и направија сеници, секој на својот кров и на својот трем и во тремот на Божјиот дом... И имаше мошне голема радост. Ездра го читаше свитокот на Божјиот закон секој ден, од првиот ден до последниот". {ПЦ 665.2}

Слушајќи ги од ден во ден зборовите на законот, народот сфатил колку згрешил и колку изминатите поколенија го престапувале законот. Сфатил дека Бог престанал да го штити со својата рака затоа што тој се оддалечил од Него, и дека од тие причини Авраамовите деца биле растурени по туѓи земји. И народот решил да ја бара Неговата милост и да се заветува дека ќе оди по Неговите патишта. Пред да почне свечената служба, која се одржувала вториот ден по завршетокот на празнувањето на сеници-те, народот се одвоил од незнабошците со кои што до тогаш живеел. {ПЦ 665.3}

Луѓето паднале на колена пред Господа, ги признале своите гревови и побарале простување, водачите ги охрабрувале да веруваат дека Бог, им ја услишил молитвата, според Своето ветување. Тие не треба само да тагуваат, да плачат и да се каат, туку мораат и да веруваат дека Бог им простил. Мораат да ја покажат својата вера сеќавајќи се на Неговата милост и благодарејќи Му за Неговата добрина. „Станете, благословувајте го својот Господ Бог од век до века", им говореле овие учители. {ПЦ 665.4}

Потоа насобраното мноштво, подигајќи ги своите раце кон небото, запеало песна: {ПЦ 666.1}

„Благословено нека е Твоето славно име,
возвишено над секој благослов и пофалба.
Ти, Ти си единствен Господи;
Ти си го создал небото,
небеса над небесата и сета војска негова,
земјата и сè што е на неа, морето и сè што е во него;
Ти го одржуваш сето тоа,
и војската небесна Тебе ти се поклонува". {ПЦ 666.2}

Кога бил завршен овој фалбоспев, старешините заеднички ја изнеле историјата на Израелците, укажувајќи на тоа колку Бог бил добар кон нив, а колку тие биле неблагодарни. Тогаш целиот собир се заветувал дека ќе ги држи сите Божји заповеди. Тие претпреле казна за своите гревови, признале дека Бог праведно постапил кон нив и се заветувале дека ќе го држат Неговиот закон. А за тоа да биде „цврст завет", и да биде зачуван во постојана форма, како спомен за обврските кои што ги преземале врз себеси, бил запишан и потпишан од свештениците, Левитите и владетелите. Тоа требало да им служи како потсетник на нивната должност и како одбрана од искушенијата. Луѓето свечено се заколнаа „да одат по Божјиот закон, кој што е даден преку Мојсеја Божјиот слуга, и да ги држат и да ги исполнуваат сите Божји заповеди на својот Господ Бог и законите Негови и уредбите Негови". Тие тогаш се заколнале и дека нема да склопуваат брачни врски со народите кои што живеат на нивната земја. {ПЦ 666.3}

Пред да заврши денот на постот, народот уште еднаш покажал решеност да се врати кај Господа со тоа што се заколнал дека нема повеќе да ја обесветува саботата. Неемија ни тогаш а ни подоцна не ја користел својата власт да им забрани на незнабожечките трговци да доаѓаат во Ерусалим; но за да го запази народот од искушенија, побарал од него свечено да се заветува дека нема да го крши законот за саботата купувајќи од тие трговци, надевајќи се на тој начин дека ќе ги обесхрабри трговците и дека тие нема повеќе да доаѓаат во Ерусалим. {ПЦ 667.1}

Исто така била обезбедена и материјална помош за Божјата служба. Народот се заветувал дека покрај десетокот годишно ќе дава и одредена сума за служба во светилиштето. „И фрливме жреб", пишува Неемија „да ги донесуваме првините од земјата своја, и првините од секој род, од секое дрво од година во година во домот Господов; и првенците од своите синови и стоката своја, како што пишува во законот". {ПЦ 667.2}

Израел се вратил кај Бога длабоко скрушен заради своето отпаднишство. Тој во жалост и солзи ги признал своите гревови. Признал дека Бог бил праведен кон него и се заветувал дека ќе го извршува Неговиот закон. Сега дошло време да покаже вера во Неговите ветувања. Бог го примил покајанието на Израел и народот сега требал да се радува што му биле простени гревовите и што повторно стекнал Божја благонаклоност. {ПЦ 667.3}

Напорите на Неемија да ја обнови службата на вистинскиот Бог биле крунисани со успех. Сè додека народот остане верен на заветот кој го дал, и сè додека се покорува на Божјата реч, до тогаш Господ ќе ги исполнува Своите ветувања, излевајќи врз Израел богати благослови. {ПЦ 668.1}

Овој запис претставува поука и охрабрување за оние кои што сфатиле колку им бил полн животот со гревови и во кои што се разбудило чувството за сопствената недостојност. Библијата верно ги прикажува последиците на отпаднишството на Израел, но исто така го опишува и неговото длабоко понижување и каење, срдечна посветеност и дарежливо пожртвување кои што го обележиле периодот на неговото враќање кај Господа. {ПЦ 668.2}

Секое вистинско враќање кај Господа донесува трајна радост во животот. Грешникот кој се потчинува на делувањето на Светиот Дух ја увидува својата вина и грешност за разлика од светоста на големиот Испитувач на срцата. Тој себеси се гледа осуден како престапник. Но заради тоа, тој не треба да паѓа во очајување, затоа што простувањето веќе му е обезбедено. Тој може да се радува за сознанието дека

гревовите му се простени благодарение на љубовта на небесниот Отец кој простува. Бог сака да ги прима во прегратките на Својата љубов грешните, покајани човечки битија; да ги превие нивните рани, да ги очисти од нивните гревовите, и да ги облече во облеката на спасението. {ПЦ 668.3}

ПОГЛАВЈЕ 57 - РЕФОРМАЦИЈА

Ова поглавје се базира на Неемија 13 глава.

Јудејците свечено и јавно се заветувале дека ќе го почитуваат Божјиот закон. Но кога за извесно време исчезнало влијанието на Ездра и Неемија, мнозина се оддалечиле од Господа. Неемија се вратил во Персија. Во текот на неговото отсуство во Ерусалим се вовлекло зло кое што се заканувало да го изопачи народот. Идолопоклониците не само што стекнале упориште во градот, туку со своето присуство ги сквернавеле самите приоди на храмот. Преку мешовит брак дошло до пријателство помеѓу првосвештеникот Елијасав и Амонецот Товиј, огорчен Израелев непријател. Врз основа на таа безбожничка врска, Елијасав му дозволил на Товиј да се всели во просторијата која што била поврзана со храмот, каде што порано се чувале десетоците и даровите на народот. {ПЦ 669.1}

Заради суровоста и издајничкиот став на Амонците и Моавците кон Израел, Бог преку Мојсеј засекогаш им забранил влез во соборот на Неговиот народ. (Види Второзаконие 23:3-6). Спротивно на таа заповед, првосвештеникот ги извадил даровите кои што се наоѓале во просторијата на Божјиот дом, за да направи место за претставникот на еден отфрлен народ. Не можело да се покаже поголем презир кон Бога отколку што му се укажало такво внимание кон непријателот на Бога и Неговата вистина. {ПЦ 669.2}

Откако се вратил од Персија, Неемија дознал за тоа дрско осквернување и веднаш преземал мерки да се истера оној што се наметнал. „Ме ражалости тоа многу”, вели тој, па го исфрлив сиот имот на Товиј надвор од просторијата. И заповедав, та ја очистија просторијата, и ги внесов во неа повторно садовите на Божјиот дом, даровите и темјанот”. {ПЦ 670.1} Не само што бил осквернет храмот туку ни даровите не се употребувале како што треба. Во контекст на ова луѓето станувале сè помалку дарежливи. Ја изгубиле верноста и усрдноста, а десетокот го давале со негодување. Ризницата на Божјиот дом била недоволно снабдена. Мнозина пејачи и други лица кои што учествувале во службата на храмот не добивале доволно награда, па го напуштиле Божјото дело и се вработиле на друго место. {ПЦ 670.2}

Неемија се фатил повторно на работа да ја исправи таа злоупотреба. Ги собрал оние што ја напуштиле службата во Господовиот дом „и ги поставувал на нивното место”. Тоа на народот му влеало доверба, и сите Јудејци донесоа „десеток од житото, и виното и маслото”. Оние луѓе кои што „се сметале за верни” биле поставени за „настојници над складовите” и „работа им беше да им делат на своите браќа”. {ПЦ 670.3}

Друга последица од дружењето со идолопоклониците била омаловажувањето на саботата, знак со кој што Израелците се разликувале од сите останати народи, како обожувачи на вистинскиот Бог. Неемија забележал дека незнабожечките трговци кои што доаѓале од околните краеви во Ерусалим навеле многу Евреи да се занимаваат со

трговија во сабота. Имало луѓе кои што не попуштиле ниту ги жртвувале начелата, но многу други тоа го правеле и им се придружиле на незнабошците во нивните напори да ги скршат колебањето и на посовесните. Мнозина се осмелиле јавно да ја престапуваат саботата. „Во тоа време" пишува Неемија „видов во Јудеја како газат во каци во сабота, носат снопови натоварени на магарија, и вино, грозје и смокви, секаков тежок товар, кој тие го донесоа во Ерусалим во сабота... И Тирците кои што живееја во Ерусалим донесуваа риба и секаква роба и продаваа во сабота на синовите Јудини во Ерусалим". {ПЦ 671.1}

Ова можело да спречи ако поглаварите ја користеле својата власт; но тие им угодувале на безбожниците со желба и самите да извлечат корист од сето тоа. Неемија бестрашно ги укорил заради ова занемарување на должноста. „Какво е тоа зло што го правите па ја сквернавите саботата?" строго ги запрашал. „Не ли правеа така и татковците ваши, па Бог го пушти врз нас и на овој град сето ова зло? И вие уште го умножувате гневот врз Израел сквернавејќи ја саботата". Потоа наредил да се затвораат вратите „кога ќе дојде сенката на вратата Ерусалимска во очи сабота", и да не ги отвораат до изминување на саботата. Имајќи повеќе доверба во своите слуги отколку во оние што би ги одредиле ерусалимските поглавари, ги поставил кај портите да пазат оваа наредба да не се престапува. {ПЦ 671.2}

„И преноќија еднаш или два пати трговците и оние кои што продаваа секаква роба надвор од Ерусалим сè и сешто", затоа што не сакаа да попуштат. Се надевале дека сепак ќе им се пружи прилика да тргуваат со граѓаните и селаните. Неемија ги предупредил дека ќе бидат казнети ако и понатаму постапуваат така. „Зошто ноќевате околу ѕидовите?" запрашал тој; „ако уште еднаш така направите, ќе ставам рака на вас". „Од тогаш не доаѓаа повеќе во сабота". Освен тоа, им заповедал на Левитите да ја чуваат вратата, знаејќи дека тие ќе влеваат повеќе почитување од обичниот народ, и дека од нив, кои се така тесно поврзани со Божјата служба, може со право да се очекува поревносно да бараат покорување на Божјиот закон. {ПЦ 672.1}

Потоа Неемија обрнал внимание на опасноста која што повторно му се заканувала на Израел од брачните врски и дружења со идолопоклониците. „Во тоа време", пишува тој, „видов Јудејци кои што се биле оженили со Азоѓанки, Амонки и Моавки. И нивните деца говореа половина азотски, и не умееја да говорат јудејски, туку според јазикот на овој или оној народ". {ПЦ 673.1}

Овие незаконски врски довеле до голема забуна во Израел; затоа што тоа го правеле и луѓе на високи позиции, од кои народот со право очекувал совет и добар пример. Предвидувајќи дека тоа зло, доколку не му се застане на патот, ќе и донесе пропаст на нацијата, Неемија сериозно ги укорил престапниците. Изнесувајќи им го случајот на цар Соломон, ги потсетил дека во ниеден народ не се појавил таков цар, на кого Бог му дал толкава мудрост. Но жените идолопоклонички го одвоиле неговото срце од Бога и тој со својот пример го расипал Израел. „Ќе ви допуштиме ли да го правите сето тоа големо зло? строго ги запрашал Неемија. „И ги заколнав во Бога да не ги даваат ќерките свои на нивните синови ниту да ги земаат ќерките нивни за синовите свои или за себе". {ПЦ 673.2}

Укажувајќи им на заповедите и Божјите казни кои што во минатото го снашле Израел заради истите гревови, ја разбудил нивната совест; така започнало делото на реформацијата кое што го оттргнало Божјиот заканувачки гнев и донело Негов благослов. {ПЦ 673.3}

Имало поединци во светата служба кои што ги бранеле своите жени од незнабожечкото потекло, изјавувајќи дека не можат да се одвојат од нив. Меѓутоа, не била правена никаква разлика, не се гледало ниту на чин ниту на положба. Било кој од свештениците или од поглаварите кој ќе одбиел да ја прекине врската со идолопоклониците, бил веднаш отстранат од Господовата служба. Внукот на свештеничкиот поглавар кој што се оженил со ќерката на озлогласениот Санавалат, не бил само отпуштен од службата, туку и веднаш прогонет од Израел. „Спомни си за овие луѓе, Боже мој, затоа што го оскверниј свештенството и заветот свештенички и левитски", се молел Неемија. {ПЦ 674.1}

Дури на последниот суд ќе се покаже колку душевни маки оваа неопходна строгост го чинеле верниот Божји слуга. Тој непрестано морал да се бори со разни противници и постигнувал успех само благодарение на постот, понизноста и молитвата. {ПЦ 674.2}

Мнозина кои што се оженије со жени на идолопоклоници одлучиле со нив да појдат во прогонство, и им се придружиле на Самарјаните, заедно со оние кои што биле исклучени од соборот. Таму се нашле и некои луѓе кои што играле важна улога во Божјото дело, и тие после извесно време се поврзале со нив. Со желба уште повеќе да го зацврстат овој сојуз, Самарјаните ветиле дека во потполност ќе ја примат еврејската вера и обичаи; решени да ги прејдат своите некогашни браќа, отпадниците подигнале храм на ридот Гаризим, наспроти Божјиот дом во Ерусалим. Нивната вера и понатаму останала мешавина на еврејство и незнабоштво, а нивното тврдење дека тие се Божји народ претставувало толку многу векови раздор, конфликти и непријателства помеѓу тие два народа. {ПЦ 674.3}

Во делото на реформата која што треба да се изведе денес, потребни се луѓе кои што слично на Ездра и Неемија нема да го оправдуваат и да го кријат гревот ниту ќе се срамат да се борат за Божјата слава. На оние на кои лежи бремето на ова дело не смеат да гледаат мирно кога луѓето прават неправда, ниту да се прекрива злото со плаштот на лажно милосрдие. Тие мораат да имаат на ум дека Бог не гледа кој е кој и дека строгоста кон неколкумина може да се покаже како милост за мнозина. Исто така тие нема да забораваат дека во оние кои што го укоруваат злото, духот Христов секогаш ќе се открива. {ПЦ 675.1}

Вршејќи го своето дело, Ездра и Неемија скрушено истапиле пред Бога, ги признале своите гревови и гревовите на својот народ и побарале простување, како и самите да биле грешници. Трпеливо работеле, се молеле и страдале. Најголема потешкотија во нивната работа не причинувало отвореното непријателство на незнабошците, туку скриеното противење на лажните пријатели кои што се ставиле во служба на злото и со тоа товарот на Божјите слуги се чинел десет пати потежок. Овие издајници во рацете на непријателите доставувале материјали со кои овие се бореле против Неговиот народ. Нивните зли страсти и самоволие биле во постојана војна со јасните Божји барања. {ПЦ 675.2}

Успехот кој што ги следел напорите на Неемија покажува што може да се постигне со вера, молитва и мудра енергична работа. Неемија не бил ниту свештеник ниту пророк, а не тежнеел ниту за висока титула. Тој бил реформатор кој што се појавил во едно значајно време. Неговата цел била да го помири народот со Бога. Вдахновен со желба да ја постигне оваа цел, тој со сите сили на своето битие се заложил да го оствари тоа. Неговата работа ја обележува возвишен и непопустлив интегритет. Во конфликтот со злото и неправдата, заземал така одлучен став што народот се вратил на работа со нова ревност и храброст. Луѓето не можеле а да не му оддадат признание за неговата

чесност, човекољубие и длабока љубов кон Бога; и бидејќи сето тоа го виделе, биле желни да го следат на патот по кој ги повел. {ПЦ 675.3}

Залагањето во вршење на должноста која Бог ни ја одредил сочинува многу значаен дел на вистинската вера. Луѓето мораат да ја искористат секоја прилика и како Божјо орудие да работат на остварување на Неговата волја. Со брза и одлучна работа во вистински момент се постигнуваат најголеми победи, додека од друга страна колебливоста и немарноста доведуваат до неуспех и му нанесуваат срам на Божјото име. Ако водачите во делото на вистината немаат ревност, ако се рамнодушни и немаат пред себе одредена цел, црквата ќе биде немарна, мрзлива и самозадоволна; ако пак се вдахновени со света желба да Му служат само на Бога и само Нему, народот ќе биде сложен, полн со надеж и ревносен. {ПЦ 676.1}

Божјата Реч обилува со остри и видливи спротивности. Гревот и светоста се наоѓаат еден покрај друг и како такви, набљудувајќи ги, да можеме да го отфрлиме едното и да го прифатиме другото. На страниците на кои е опишана омразата, лукавството и издајништвото на Санавалат и Товиј ги опишуваат исто така и благородноста, посветеноста и пожртвувањето на Ездра и Неемија. Нам ни е оставено слободно да го копираме едното или другото. Страшните последици од престапувањето на Божјите заповеди изложени се заедно со благодетите кои што доаѓаат како награда за послушноста. Ние самите треба да одлучиме за тоа дали ќе ги сносиме последиците на непослушноста или ќе уживаме во благодетите на послушноста. {ПЦ 676.2}

Делото на обновување и реформа кое што го извршиле повратниците од ропството предводени од Зоровавел, Ездра и Неемија претставува слика на духовно обновување кое што мора да се изврши во последните денови од историјата на овој свет. Остатокот на Израел бил слаб народ, изложен на бесот на непријателот, но Бог сакал токму тој народ да го сочува на земјата сознанието за Него и Неговиот закон. Тие биле чувари на вистинското богослужение, чувари на светите пророштва. Доживеале многу искуства додека работеле на обновувањето на храмот и ѕидовите на Ерусалим, и наидувале на силно противење. Тешко било бремето кое што го носеле водачите во тоа дело, но тие луѓе работеле со непоколеблива доверба, понизен дух, цврсто потпирајќи се на Бога и верувајќи дека Тој ќе направи Неговата вистина, да триумфира. Слично на царот Езекија, Неемија „се приклони кон Господа, не отстапувајќи од него, туку ги држеше заповедите... И Господ беше со него”. (2. Царевите 18:6,7). {ПЦ 677.1}

Духовното обновување, симболично претставено во делото остварен во времето на Неемија, опишана е кај пророкот Исаија: „Тие ќе ги изградат старите урнатини, ќе ги подигнат пак запустените места, и ќе ги обноват разурнатите градови”. „Твоите потомци ќе ги ѕидаат старите урнатини, ти ќе ги востановиш основите на многу поколенија, и ќе те викаат обновител на урнатини, градител на патишта за населби”. (Исаија 61:4; 58:12). {ПЦ 677.2}

Пророкот со овие зборови го опишува народот кој во времето на општ отпад од вистината и праведноста се труди да ги обнови начелата на кои што е засновано Божјото царство. Тој народ обновува урнатини направени во Божјиот закон ѕидови кои што ги подигнал Тој за да ги заштити своите одбрани, и покорноста на прописите на правдата, вистината и чистотата ќе биде нивна вечна заштита. {ПЦ 677.3}

Пророкот со недвосмислени зборови укажува на посебната задача на остатокот кој што ги подига урнатините. „Ако ја одвратиш ногата своја од саботата да не правиш што ти е драго во мојот свет ден, и ако ја наречеш саботата милина, свет ден Господов славен, и ако го славиш не одејќи по своите патишта, и не правејќи што ти е тебе мило,

ни говорејќи свои зборови, тогаш ќе се веселиш во Господа, и ќе те изведам на висини земски, и ќе ти дадам да јадеш од наследството на Јакова твојот татко, зашто устата Господова го изрече ова". (Исаија 58:13,14). {ПЦ 678.1}

При завршетокот на историјата на светот сите божествени институции ќе бидат обновени. Ќе се санираат урнатините во законот кои што ги направил човекот престапувајќи ја саботата. Остатокот на Божјиот народ кој како реформатор стои пред светот, мора да покаже дека Божјиот закон е основа на секоја трајна реформа и саботата од четвртата заповед, мора да стои како постојан спомен на создавањето и Божјата сила. Тој мора со јасни и разбирливи зборови да укаже на обврската за држењето на сите десет заповеди. Поттикнат од Христовата љубов тој мора да соработува со Него, сидајќи урнатини. Тој треба да биде обновител на урнатини, и да ги санира патиштата за населбите. (Види 12 стих). {ПЦ 678.2}

ПОГЛАВЈЕ 58 - ДОАЃАЊЕТО НА ОСЛОБОДИТЕЛОТ

Во текот на сите оние долги векови „неволји, темнина и тешки маки", (Исаија 8:22) кои што ја обележуваат историјата на човештвото од денот кога нашите прародители го изгубиле својот дом во рајот до моментот кога Божјиот Син се појавил како Спасител на грешниците, светот со надеж го очекувал својот Ослободител да го избави народот од ропството на гревот и од гробот. {ПЦ 681.1}

Првата најава за оваа надеж ја добиле Адам и Ева во зборовите изговорени на змијата во рајот, кога Господ пред нив му објавил на сатаната: „Јас ќе поставам непријателство помеѓу тебе и жената, помеѓу твоето семе и нејзиното семе: Тој ќе ти ја сотрува главата а ти ќе Му ја сотруваш петата". (Создавање 3:15). {ПЦ 681.2}

Слушајќи ги овие зборови, виновниот пар бил инспириран со надеж, затоа што во пророштвото дека моќта на сатаната ќе биде скршена се назирало ветувањето за избавување од пропаста во која што западнале со престапот на заповедта. И покрај тоа што ќе мораат да страдаат од силата на непријателот затоа што подлегнале на неговите измами наместо да ја послушаат јасната Господова заповед, тие сепак не треба да паднат во очајание. Ќе дојде Божјиот Син да плати за нивниот грев со Својата сопствена крв. На нив ќе им биде дадено време на милост, во кое, преку вера во Христовата моќ да спаси, тие повторно ќе можат да станат Божји деца. {ПЦ 681.3}

Бидејќи успеал човекот да го одврати од патот на послушноста, сатаната станал „богот на овој свет". (2. Коринтјаните 4:4). Власта која некогаш му припаѓала на Адама, ја приграбил измамникот. Но Божјиот Син одлучил да се симне на земјата и да ја плати казната за гревот, и така не само да го откупи човекот туку и да го поврати изгубеното царство. Токму на тоа мислел пророкот Михеј кога рекол: „И ти Стражарнице на стадата, Тврдино на Сионската ќерка, при Тебе ќе се врати поранешната власт". (Михеј 4:8). Апостол Павле тоа го нарекол „залог за нашето наследство". (Ефесјаните 1:14). И Псалмистот ја имал во вид оваа конечна обнова на првобитното човеково наследство кога рекол: „Праведниците ќе ја наследат земјата, и ќе живеат на неа до века". (Псалм 37:29). {ПЦ 682.1}

Од срцата на луѓето никогаш не исчезнала надежта дека спасението ќе дојде преку доаѓањето на Божјиот Син, кој е наш Спасител и Цар. Од самиот почеток имало луѓе кои што со вера гледале во реалноста на иднината низ сенката на сегашноста. Преку Адам,

Сит, Енох, Матусал, Ное, Сим, Авраам, Исак, Јаков и други достоинственици, Господ сочувал драгоцени откровенија на Својата волја. А преку избраниот народ Израел, во кој требало да се појави ветениот Месија, Господ го запознал човештвото со Својот закон и му укажал на спасението кое ќе се оствари преку жртвата на помирувањето на Неговиот возљубен Син. {ПЦ 682.2}

Надежта на Израел се базирала на ветувањето кое што го добил Аврам кога бил повикан, а подоцна повеќе пати било повторено и на неговото потомство: „Во тебе ќе бидат благословени сите племиња на земјата". (Создавање 12:3). Како што на Аврам му била откривана Божјата намера да го спаси човечкиот род, Сонцето на Правдата го заблескувало неговото срце и темнината исчезнувала. И најпосле, кога Самиот Спасител живеел и зборувал помеѓу човечките синови, Тој им сведочел на Евреите за патријарховата светла надеж за избавување преку доаѓањето на Откупителот. „Аврам, вашиот отец, би се зарадувал да го види Мојот ден, и го виде, и се зарадува", рекол Христос. (Јован 8:56). {ПЦ 683.1}

Оваа иста блажена надеж била изразена и во благословот кој патријархот Јаков пред самата смрт му ја изрекол на својот син Јуда: {ПЦ 683.2}

„Јуда, тебе ќе те пофалуваат твоите браќа,
раката ќе ти биде секогаш врз вратот на непријателот,
синовите на татка ти ќе ти се поклонуваат...
Нема да се оддалечат од Јуда, ни царското жезло,
ниту владетелската палка од кај неговите нозе,
додека не дојде Оној,
кому ќе му се покорат народите".
(Создавање 49:8-10) {ПЦ 683.3}

Доаѓањето на Откупителот на светот бил навестен и на границите на ветената земја во пророштвото кое што го изговорил Валам: {ПЦ 684.1}

„Ќе го видам Него, но не сега;
Ќе го гледам, но не во ова време;
Ќе излезе Ѕвезда од Јакова,
и ќе се подигне Жезал од Израел,
Кој ќе ги разбие кнезовите Моавски,
и ќе ги уништи сите деца Ситови".
(Броеви 24:17) {ПЦ 684.2}

Бог преку Мојсеја му ја објавил на Израел Својата намера да го прати Својот Син како Откупител на човечкиот род. Во една прилика, непосредно пред својата смрт, Мојсеј изјавил: „Господ, Твојот Бог, ќе ти издигне од твојата средина, од твоите браќа, Пророк, каков што сум јас: слушајте Го Него". На Мојсеја му било јасно изложено делото кое што ќе го изврши идниот Месија. „Јас ќе им подигнам Пророк помеѓу браќата нивни", гласела речта која што Јехова му ја дал на Својот слуга, „и ќе му вметнам Мои зборови во устата Негова, и ќе им кажува ним она што ќе Му заповедам". (Второзаконие 18:15,18). {ПЦ 684.3}

Жртвениот систем во богослужението претставувал, во времето на патријарсите, постојан потсетник на доаѓањето на Спасителот; а тоа важи и за сите обреди кои што

биле вршени во светилиштето во текот на целата историја на Израел. Со помош на службата во шаторот од состанокот а подоцна и во храмот подигнат наместо шаторот, на народот на симболичен начин му била прикажана голема вистина за доаѓањето на Христа како Откупител, Свештеник и Цар; а еднаш годишно нивните умови биле насочувани кон завршните настани во големата борба помеѓу Христа и сатаната, и на конечното очистување на вселената од гревот и грешниците. Жртвите и обредите во стариот завет укажувале секогаш на една возвишена служба на небото. Земското светилиште било „образ за одреденото време кога сега е тука" во кое се принесувале дарови и жртви. Нејзините две одделенија биле „според небесното обличје", затоа што Христос, нашиот голем Првосвештеник, денес е „служител во светилиштето и на вистинската скинија, која ја подигна Господ, а не човек". (Евреите 9:9,23; 8:2). {ПЦ 684.4}

Од оној ден кога Господ и рекол на змијата во рајот: „Јас ќе ставам непријателство помеѓу тебе и жената и помеѓу семето твое и семето нејзино", (Создавање 3:15) сатаната знаел дека нема да има потполна власт над жителите во овој свет. Кога Адам и неговите синови почнале да принесуваат церемонијални жртви кои што Бог ги одредил како симбол на Откупителот што ќе дојде, сатаната сфатил дека тие жртви се знак на врската помеѓу небото и земјата. Тој подоцна во текот на многу векови непрестано се трудел да ја прекине таа врска. Неуморно настојувал лажно да го претстави Бога и обредите кои што упатувале на Спасителот и во тоа успеал кај најголемиот дел од луѓето. {ПЦ 685.1}

Додека Бог сакал да го поучи светот дека од Неговата љубов доаѓа Подарокот кој ќе го помири со Него, најголемиот непријател на човекот се трудел да го прикаже Бога како оној кој наоѓа задоволство во човековото уништување. Така системот на жртви и обреди одреден од Небото за да ја открие Божјата љубов, се изопачил поставувајќи средство во рацете на грешниците кои што се надевале дека со дарови и со добри дела ќе го умилостиват гневот на навредениот Бог. Сатаната во ист замав се трудел кај луѓето да ги разбуди и зајакне злите страсти, паѓајќи од еден во друг грев што повеќе да се оддалечат од Бога и да станат робови на гревот, без надеж дека некогаш ќе се ослободат од неговите окови. {ПЦ 685.2}

Бидејќи пишаната Божја Реч била дадена на луѓето преку еврејските пророци, сатаната внимателно ги проучувал пораките кои што се однесувале на Месијата. Внимателно тој ги воочил сите места каде што јасно се говори за делото кое што Христос ќе го изврши помеѓу луѓето, кој ќе страда како жртва и како Цар кој ќе победи. Во книгата на Стариот завет испишано на свитоците од пергаменти тој прочитал дека Оној кој што ќе дојде ќе биде „како јагне доведено на колење", и дека „Неговиот лик... беше обезличен повеќе, отколку на секој човек, и Неговиот лик повеќе отколку на синовите човечки". (Исаија 53:7; 52:14). Ветениот Спасител на човештвото требал да биде „презрен и отфрлен од луѓето; човек на болката, и запознаен со страдањата; погоден и поразуван од Бога;" но сепак силна ќе биде Неговата моќ за да „им суди на бедните помеѓу луѓето". Тој ќе ги „спаси децата на сиромасите", а „насилниците ќе ги сотре". (Исаија 53:3,4; Псалм 72:4). Овие пророштва го натерале сатаната да затрепери од страв; па сепак не се одрекол од своите намери, ако е можно, да го осуети Божјиот план за спасение на изгубените. Одлучил да ги заслепи луѓето, колку што е можно, да не го разберат вистинското значење на пророштвото за Месијата за тие да го отфрлат Христа кога ќе дојде. {ПЦ 686.1}

Вековите кои што непосредно претходеле на потопот, сатаната успеал целиот свет да го поттикне на непокорност кон Бога. Меѓутоа, луѓето не ги памтеле долго дури ни

стравотиите на потопот. Сатаната чекор по чекор повторно ги водел синовите човечки во отворена побуна. Се чинело дека повторно ќе ликува, но намерата која што ја имал Бог со отпаднатиот човек не смеела да биде осуетена. Преку потомството на верниот Авраам од Симовиот род било пренесено сознанието за Божјата милост заради доброто на идните поколенија. Бог од време на време праќал гласници на вистината за да им го објасни на народот смислата на принесувањето на жртвите, а посебно ветувањето дека ќе дојде Оној на кого укажуваат сите обреди на жртвениот систем. На тој начин светот требало да биде сочуван од општото отпаднишство. {ПЦ 687.1}

Но Божјата волја се остварила и покрај најогорченото противење на непријателот на вистината и праведноста, којшто на сите можни начини настојувал Аврамовите потомци да заборават на својот висок и свет повик и да се свртат кон лажни богови. И честопати, во овие свои напори имал успех. Векови пред Христовото прво доаѓање, мрак ја покривал земјата и голема темнина го прекривала народот. Сатаната фрлил својата пеколна сенка на патот на луѓето, за да го оневозможи стекнувањето на знаењето за Бог и за идниот свет. Милиони луѓе седеле во смртната сенка. Нивна единствена надеж била дека таа темнина ќе се подигне, и дека потоа Бог ќе им се открие. {ПЦ 687.2}

Давид, помазаниот од Бога, во видение видел дека Христовото доаѓање ќе биде „како утринска светлина, кога сонцето изгрева, како утро без облаци". (2. Самуилова 23:4). Осија, исто така сведочи: „Како утринска зора е Неговото појавување". (Осија 6:3). Светлината на денот тивко и мирно ја освојува земјата, ги изгонува сенките на мракот и ја буди земјата во живот. Така требало да се јави и Сонцето на Праведноста, „со исцелување во неговите зраци". (Малахија 4:2). И мноштвата кои живеат во „земјата на сенката на смртта ќе види голема светлина". (Исаија 9:2). {ПЦ 688.1}

Посматрајќи го во видение ова славно ослободување, пророкот Исаија извикал: {ПЦ 688.2}

„Ни се роди Дете,
Син ни се даде.
Власта ќе почива на рамото Негово.
Името ќе му биде:
Прекрасен, Советник, силен Бог,
Вечен Татко, Кнез на Мирот.
Неговата власт ќе се шири надалеку
и не ќе има крај на мирот
на Давидовиот престол,
и на неговото царство:
ќе го зацврсти и ќе го утврди
во правина и во праведност отсега и довека.
Ревноста на Господа над Воинствата ќе го изврши тоа".
(Стихови 6,7). {ПЦ 688.3}

Во подоцнежните векови од историјата на Израел, кои што претходеле на првото доаѓање, владеело општо уверување дека во оваа пророчка реч била за доаѓањето на Месијата: „Малку е да ми бидеш слуга за да се подигне племето Јаковово и да се врати остатокот Израелев, туку ќе те направам видело на народите за да бидеш спасение мое до крајот на земјата". „И ќе се јави славата Господова", рекол Исаија, „и секое тело ќе

го види”. (Исаија 49:6; 40:5). За таа светлина подоцна така смело сведочел и Јован Крстителот, објавувајќи: „Јас сум глас на оној кој вика во пустината: исправнете го патот на Господа; како што рече пророкот Исаија”. (Јован 1:23). {ПЦ 688.4}

За Христа е дадено и ова пророчко ветување: „Вака вели Господ, Израеловиот Избавител, Светецот негов, Оној којшто го презира, од кого се гади народот... вака вели Господ... ќе те чувам и ќе ти дадам да направиш завет со народот да ја утврдиш земјата и да го наследиш опустошеното наследство; да им кажеш на затворените: Излезете; на оние коишто се во темнина: Покажете се... Нема да биде гладни ниту жедни, нема да ги удри припек ниту сонце, зашто Оној кој има милост над нив ќе ги води, и покрај водени извори ќе ги носи”. (Исаија 49:7-10). {ПЦ 689.1}

Оние непоколебливите помеѓу Евреите, потомците на светата лоза преку кои се сочувало сознанието за Бог, ја крепеле својата вера со овие и слични ним зборови во Библијата. Чувствувале силна радост читајќи како Господ ќе помаже Еден кој „ќе проповеда добри вести до кротките”, „и ќе ги превие ранетите во срцата, и ќе им огласи на заробените слобода”, објавувајќи ја благопријатната година Господова”. (Исаија 61:1,2). Но нивните срца се исполнувале со тага кога ќе помислиле на маките кои што ќе мора Тој да ги поднесе за да ја исполни Божјата волја. Со длабока понизност на душите ги читале пророчките зборови забележени на пергаментите: {ПЦ 689.2}

„Кој му поверува на тоа што го чу од нас,
и кому му се откри силата Господовата? {ПЦ 690.1}
Зашто Тој ќе израсте пред Него како нежно стебло,
и како корен од сува земја.
Немаше на него ни убавина ни блескот
за да би сме се загледале во Него,
ни убавина за да нè привлече кон Него. {ПЦ 690.2}
Беше презрен и отфрлен од луѓето,
Човек на Болката, свикнат на страдањата,
и ние го одвраќавме од Него лицето свое,
беше презрен, и за ништо не го сметавме. {ПЦ 690.3}
А Тој ги понесе нашите болки,
ги зеде врз себе нашите жалости,
а ние сметавме дека Тој беше поразуван,
казнуван и понизуван од Бога. {ПЦ 690.4}
Но Тој беше изнаранет за нашите престапи,
и беше биен за нашите беззаконија.
Казната за нашиот мир падна врз Него,
преку Неговите рани ние се исцеливме. {ПЦ 690.5}
Сите заскитавме како овци, и се отстрани секој по својот пат.
А Господ ги возложи врз Него беззаконијата на сите нас. {ПЦ 690.6}
Го измачуваа, и беше злоставуван,
но сепак не ја отвори устата Своја.
Го одведоа како јагне на колење;
како овца нема, пред оние што ја стрижат,
така Тој не ја отвори устата Своја. {ПЦ 690.7}
Со сила и со суд се ослободија од Него,
и кој ќе го објасни Неговиот род?

Од земјата на живите го отстранија Него,
за гревовите на Мојот народ, го ранија на смрт. {ПЦ 691.1}
Му го одредија погребението меѓу злодејците,
а Неговиот гроб беше при богатите,
затоа што не беше направил неправда,
и во устата Негова немаше лага".
(Исаија 23:1-9) {ПЦ 691.2}

Самиот Господ преку Захарија кажал за напатениот Спасител: „Разбуди се, О мечу против Мојот Пастир, против Човекот, кој е Мој ближен". (Захарија 13:7). Божјата правда одредила Христос како замена да страда наместо грешниот човек. Тој требал да разбере што правдата значи. Тој требал да знае како е кога грешникот сам стои пред Бога без посредник. {ПЦ 691.3}

Преку Псалмистот, Откупителот пророкувал за Себеси: {ПЦ 691.4}

„Срам го обзеде срцето мое,
Изнемоштев;
Чекав некој да се сожали,
но не се најде никој.
И да ме утеши некој,
но не најдов никого.
Ми дадоа жолчка да каснам;
И во жедта Моја ми дадоа оцет да пијам".
(Псалм 69:20,21) {ПЦ 691.5}

Тој прорекол и за тоа како ќе се однесуваат кон Него: „Ме опколија многу кучиња; група од злодејци Ме опкружи; ги прободоа рацете Мои и нозете Мои. Би можел да ги избројам сите Мои коски а тие Ме гледаат и Ме презираат. Ги поделија Моите алишта меѓу себе, и жрепка фрлаа за мојата облека". (Псалм 22:16-18). {ПЦ 691.6}

Овие опишани горки маки и сурова смрт за Ветениот, колку и да се болни, биле богати со ветувања, затоа што во Него, за кого „беше волјата на Господа да биде биен" ставен на маки за да Тој може да стане „принос за гревот", Господ рекол: {ПЦ 692.1}

„Ќе види потомство,
ќе ги продолжи своите денови,
и Господовата волја ќе напредува преку Неговата рака.
Ќе види од трудот на Својата душа и ќе се насити. {ПЦ 692.2}
Преку Своето знаење,
Мојот праведен Слуга ќе оправда мнозина;
затоа што нивната вина ќе ја земе врз Себе.
Затоа ќе Му дадам големо наследство,
и со силните ќе го дели пленот;
затоа што душата Своја на смрт ја предаде,
и беше вброен меѓу злосторниците,
и ги понесе врз Себе гревовите на мнозина,
и за престапниците стана посредник".
(Исаија 53:10-12) {ПЦ 692.3}

Токму љубовта кон грешниците го поттикнала Христа да ја плати цената на нивното откупување. „И виде дека немаше човек, се зачуди дека немаше посредник;" никој друг не би можел да го ослободи човекотод власта на непријателот; „затоа Неговата мишка му помогна; и Неговата праведност Го подржа". (Исаија 59:16). {ПЦ 692.4}

„Еве Го Мојот слуга, Кого Го поткрепувам,
Мојот Избраник, мил на Мојата душа.
Го излеав Својот Дух врз Него,
и Тој ќе им донесе суд на народите".
(Исаија 42:1) {ПЦ 692.5}

Во неговиот животот не требало да има место за само издигнување и почестите кои што светот ги оддава преку за положбата богатството и талентот, биле туѓи за Синот Божји. Тој не се користел со ниедно средство со кои луѓето се служат за да стекнат приврзаници и почитување. Неговото целосно самоодрекување било прикажано со следниве зборови: {ПЦ 692.6}

„Нема да вика, ниту ќе го подига гласот,
Нема да дозволи да го чујат по улиците,
Скршените трски нема да ги докрши,
И ленот што тлее нема да го угасне".
(Стихови 2,3) {ПЦ 693.1}

Начинот на кој Спасителот им се обраќал на луѓето во голема мерка се разликувал од настапот на тогашните вероучители. Во неговиот живот никогаш не се слушнала гласна препирка, ниту наметлива молитва, не е запазена ниедна постапка чија цел би била да предизвика восхитување кај луѓето. Месијата морал да биде скриен во Бога, а Бог да биде откриен во карактерот на Својот Син. Без познавањето на Бога човештвото би било засекогаш изгубено. Луѓето без божествената помош би тонеле сè подлабоко и подлабоко. Силата и животот мора да ги даде Оној кој што го создал светот. Не постоел друг начин да се спаси човекот. {ПЦ 693.2}

За Месијата уште било проречено: „Нема да ослабне, ниту ќе изнемошти, здосади ниту ќе се умори, додека не го постави судот на земјата, и островите ќе ја чекаат науката Негова". Требало да „го направи законот голем и славен". (Исаија 42:4,21). Тој не дошол да ја намали неговата важност и значење, туку да го направи уште поголем. Требало да ги исчисти божествените прописи од сите оние тешки формални барања, наметнати од страна на човекот, кои што ги обесхрабриле мнозина што се труделе искрено да Му служат на Бога. {ПЦ 693.3}

Господовата Реч за Спасителската мисија гласи: „Јас Господ те повикав во праведност, и ќе те држам за рака, и ќе те чувам, и ќе те дадам за завет на народот, светлина на народите; да им ги отвориш очите на слепите, да ги изведеш затворените од затвор и од темнина кои што седат во темнина. Јас сум Господ, тоа е името Мое, и славата Своја нема да ја дадам на друг ниту фалбата Своја на резани ликови. Еве, претходното дојде, и Јас јавувам ново, уште пред да се исполни ви кажувам". (Стихови 6-9). {ПЦ 693.4}

Израеловиот Бог сакал да го спаси Сион преку ветеното Семе. „Ќе изникне Фиданка од Јесеевите пенушки; Гранка ќе никне од нејзиниот корен". „Ете, девица ќе затрудни

и ќе роди син, и ќе му стават име Емануел. Масло и мед ќе јаде, додека не научи да го отфрли злото и да го избере доброто". (Исаија 11:1; 7:14,15). {ПЦ 695.1}

„И врз Него ќе почива Духот Господов, Духот на мудроста и разумот, Духот на совет и сила, Духот на знаење и страв Господов. Господовиот страв ќе го вдахне, не ќе суди според виденото, ни ќе пресудува според чуеното, туку ќе им суди по праведност на бедните, и прав суд ќе им изрекува на кротките на земјата. Со бичот на словото Свое ќе ја порази земјата, а со здивот на устата Своја ќе го убие безбожникот. Тој со праведност ќе ги препаше бедрата, и со верност бедрата". „Во оној ден Јесеевиот Корен, ќе биде издигнат како знаме на народите, незнабошците Него ќе го бараат. И почивалиштето Негово ќе биде славно". (Исаија 11:2-5,10). {ПЦ 695.2}

„Еве го Човек кому му е името Зачетникот;... тој ќе го изгради Господовиот храм. И Тој ќе ја носи славата, и ќе седне и ќе владее на Својот престол и ќе биде свештеник на престолот Свој". (Захарија 6:12,13). {ПЦ 695.2}

Извор ќе се отвори извор „за гревот и нечистотија" (Захарија 13:1); синовите човечки ќе го чујат блажениот повик: {ПЦ 695.4}

„О сите вие сте жедни, дојдете при водите;
и вие кои и немате пари, дојдете,
купете и јадете.
Да, дојдете, купете вино и млеко,
без пари и без плаќање. {ПЦ 696.1}
Зошто да ги трошите парите за она што не е леб?
и заработката своја за она што не сити?
Послушајте ме внимателно Мене,
и јадете што е добро,
и душата ваша нека ужива во мрсни јадења. {ПЦ 696.2}
Приклонете го увото и дојдете при Мене,
послушајте Ме, и душата ваша ќе живее.
Ќе склучам со вас вечен Завет,
Завет на милоста, ветен на Давида".
(Исаија 55:1-3). {ПЦ 696.3}

На Израел му било дадено ветување: „Еве, те направив сведок на луѓето, кнез и заповедник на народите. Еве, ќе повикаш народ кого не го познаваш, и народ што не те знае ќе дотрча при Тебе заради Господа, Твојот Бог, и заради Израеловиот Светец, зашто Тој те прослави". (Стихови 4,5). {ПЦ 696.4}

„Ја приближувам Својата праведност, не е веќе далеку, Моето спасение не ќе се забави. Ќе го ставам спасението на Сион за Израел Својата слава". (Исаија 46:13). {ПЦ 696.5}

Задачата на Месијата во текот на Неговата земска служба била со зборови и со дела да му укажува на човештвото за славата на Бог Отецот. Тој требало да му ја покаже на паднатото човештво бескрајна Божја љубов со секоја постапка на својот живот, со секој изговорен збор и со секое извршено чудо. {ПЦ 696.6}

„Искачи се на високата гора,
ти кој јавуваш добри вести за Сион,
извиши го силно гласот свој,

благоизвестителе Ерусалиме,
подигни го, не плаши се.
Кажи им на градовите Јудини:
Ете го вашиот Бог. {ПЦ 696.7}
Ете, Господ Бог иде
со сила и мишката Негова е со власт.
Ете, наградата Му е со него,
и делото Негово пред Него.
Како пастир ќе го пасе Тој стадото Свое:
јагнињата ќе ги земе Тој во Своите раце,
и ќе ги носи на градите Свои,
и грижливо ќе ги води доилките".
(Исаија 40:9-11). {ПЦ 697.1}
„И во тој ден глувите ќе ги чујат зборовите од Книгата,
и очите на слепите ќе прогледаат од темнината и мракот.
И кротките сè повеќе и повеќе ќе се радуваат во Господа,
а сиромасите ќе воскликнуваат во Светецот Израелев". {ПЦ 697.2}
Тогаш оние што се заблудени ќе ја познаат мудроста,
и непокорните ќе ја примат науката".
(Исаија 29:18,19,24). {ПЦ 697.3}

Така Господ преку патријарсите и пророците, како и преку модели и симболи му говорел на светот за доаѓањето на Оној кој луѓето ќе ги ослободи од гревот. На други низ пророштва им укажувал за доаѓањето на „Копнежот на сите народи". (Агеј 2:7). Било точно назначено дури и местото на неговото раѓање и времето кога ќе се појави. {ПЦ 697.4}

Синот Давидов мора да се роди во градот Давидов. Пророкот рекол дека од Витлеем „ќе излезе...Оној кој ќе биде владетел во Израел чие потекло е од дамнини, од вечни времиња". (Михеј 5:2). {ПЦ 697.5}

„И ти Витлееме, земјо Јудина!
По ништо не си помал меѓу војводствата Јудини;
Зашто од тебе ќе излезе водачот
Кој ќе биде Пастир на Мојот народ Израел".
(Матеј 2:6). {ПЦ 697.6}

Ангелот Гаврил му го открил на Даниел времето на првото доаѓање како и некои од главните случувања врзани со животното дело на Спасителот. „Седумдесет седмици", рекол ангелот, „му се одредени на твојот народ и на твојот свет град за да се сврши престапот и да исчезне гревот и да се исчисти беззаконието и да се доведе вечна праведност, и да се запечати видението и да се помаза светиот над светиите". (Даниел 9:24). Во пророштвото еден ден претставува една година. (Види Броеви 14:34). Седумдесет седмици или четиристотини и деведесет дена значи четиристотини и деведесет години. Даден е и почетокот на овој период: „Затоа знај и разбери: откако излезе заповедта Ерусалим повторно да се изгради до помазаникот и водачот ќе има седум седмици, и шеесет и две седмици" шеесет и девет седмици или четиристотини осумдесет и три години. Наредбата Ерусалим „повторно да се изгради" ја исполнил

Артарксеркс Лонгиманус (Види во Ездра 6:14; 7:1,9) и таа стапила на сила во есента 457. година пред Христа. Сметајќи од таа дата, 483. година достигнува до есента 27. година по Христовото раѓање. Според пророштвото тој период требал да достигне до Месијата, Помазаникот. Исус во 27-та година со крштевањето го примил помазувањето на Светиот Дух и наскоро после тоа ја започнал својата служба. Тогаш била упатена веста: „Времето се исполни". (Марко 1:15). {ПЦ 698.1}

Ангелот потоа рекол: „И ќе го утврди заветот со мнозина за една седмица (седум години)". Евангелието требало да им се проповеда посебно на Евреите во текот на седум години од почетокот на службата на Спасителот; Самиот Христос требал да проповеда три и пол години, а после Него апостолите. „А во половината од седмицата ќе ги укине жртвата и приносот". (Данило 9:27). Во пролетта 31-та година по Христа, Христос, вистинската жртва, била принесена на Голгота. Тогаш завесата од храмот се раскинува на половина, што значело дека жртвениот систем ја изгубил својата светост и смисла. Дошол моментот кога требало да престанат земските жртви и приноси. {ПЦ 699.1}

Една седмица седум години завршила во 34-тата година. Тогаш Евреите го каменувале Стефан и засекогаш ја запечатиле својата судбина со отфрлање на Евангелието; учениците што беа расеани заради прогонствата „одеа насекаде проповедајќи ја речта", (Дела 8:4); и набрзо после тоа се обратил Савле прогонителот и станал Павле, апостол на незнабошците. {ПЦ 699.2}

Многу пророштва за доаѓање на Спасителот направиле Евреите да живеат во постојано исчекување. Мнозина умреле со вера не примајќи го ветувањето. Но насирајќи оддалеку, тие верувале и признавале дека на земјата се само гости и дојденци. Ветувањата кои што уште од времето на Енох се повторувале преку патријарсите и пророците одржувале кај луѓето надеж за Неговото доаѓање. {ПЦ 699.3}

Бог не го открил веднаш точното време на првото Христово доаѓање; па дури ни тогаш кога ова било објавено во Даниеловото пророштво, сите не ја толкувале правилно веста. {ПЦ 700.1}

Проаѓале векови и векови и најпосле престанале гласовите на пророците. Израел тешко го притискала раката на угнетувачот. Бидејќи Евреите се оддалечиле до Бога, нивната вера се поколебала и надежта не ја осветлувала повеќе иднината. Мнозина не ги разбрале пророчките зборови; оние чија вера требала да остане постојана биле наклонети да извикнат: „Се протегаат деновите, и од виденијата нема да биде ништо". (Езекиел 12:22). Но денот на Христовото доаѓање бил одреден во небесниот совет, и „кога се наврши времето, го прати Бог синот свој... да ги искупи оние кои што се под законот, за да можеме да примиме посинување". (Галатјаните 4:4,5). {ПЦ 700.2}

Луѓето мораат да се поучуваат на човечки јазик. Гласникот на заветот мора да говори. Неговиот глас мора да се чуе во Неговиот храм. Тој, авторот на вистината, мора да ја исчисти вистината од плевата на човечките искажувања кои што ја направиле неделотворна. Мораат јасно да се изнесат начелата на Божјата влада и планот на спасението. На луѓето мора јасно да им се изложат поуките на Стариот завет. {ПЦ 700.3}

Кога Спасителот најпосле се појавил „во обличје човечко", (Филипјаните 2:7) и ја започнал својата служба на благодат, сатаната имал власт само да Го „касне за петата", додека секое Христово понизување или страдање го погодувале во глава Неговиот непријател. Срцето на Безгрешниот го исполнувале страдања кои што донеле грев, но Христос, трпејќи ги нападите на грешниците, го плаќал долгот за паднатото човештво и

ги раскинувал ланците на ропството, кои што го надвиснувало човештвото. Секоја болка и навреда претставувале придонес за ослободување на човековиот род. {ПЦ 701.1}

Да можел сатаната да го натера Христос да попушти на само едно искушение, да можел да Го наговори со само една постапка или со една мисла да ја извалка Својата совршената чистота, кнезот на темнината би ликувал над Надежта на човештвото и би го придобил за себеси целиот човечки род. Меѓутоа, сатаната можел само да навредува но не и да го извалка. Можел да предизвика болка, но не и да наметне грев. Тој успеал Христовиот живот да го претвори во низа на конфликти и искушенија, но со секој напад губел од својата власт над луѓето. {ПЦ 701.2}

Нашиот Спасител го вкрстил оружјето со кнезот на темнината во пустината на искушението, во Гетсиманската градина и на крстот. Неговите рани станале трофеи на Неговата победа во корист на човечкиот род. Сатаната навистина го каснал Христос за петата додека Христос висел на крстот во маки, кога злите духови ликувале и злите луѓе Му се смееле. Но токму во таа прилика Христос и застанал на змијата на главата. Тој со својата смрт го уништил „оној кој имал власт над смртта, т.е. ѓаволот". (Евреите 2:14). Со овој чин била одлучена судбината на водачот на буната и засекогаш обезбеден планот на спасението. Со смртта тој придобил победа над нејзината сила а со своето воскресение ја отворил вратата на гробот на сите Свои следбеници. Во таа последна борба гледаме исполнување на пророштвото: „Тој ќе ти згазне на главата а ти ќе го каснеш во петата". (Создавање 3:15). {ПЦ 701.3}

„Љубезни, сега сме Божи деца, и уште не се покажа што ќе бидеме; туку знаеме дека кога Тој ќе се покаже, ќе бидеме како Него, зашто ќе го видиме каков што е". (1. Јованова 3:2). Нашиот Спасителот го отворил патот по кој и оние најголемите грешници, најсиромашните, најпрезрените и најнемоќните можат да му пријдат на Отецот. {ПЦ 702.1}

„Господе, ти си Бог мој,
Ќе те возвишувам,
Ќе го восфалам името твое,
Зашто изврши прекрасно дела;
Твоите Намери сè уште од дамнина,
тие верни и вистинити".
(Исаија 25:1). {ПЦ 702.2}

ПОГЛАВЈЕ 59 - ДОМЕ ИЗРАЕЛЕВ

Проповедајќи ја вистината на вечното евангелие на сите народи, племиња, колења и јазици, Божјата црква денеска го исполнува древното пророштво: „Израел ќе пушти гранки и ќе расцути, и ќе го исполни името на земјата за плодови". (Исаија 27:6). Соработувајќи со небесните сили, Исусовите следбеници брзо продираат во пустините земски, и нивната работа вродила со голема жетва на драгоцени души. Ширењето на библиските вистини преку посветувањето на заедницата им донесува денес на човечките синови сè повеќе од оние благодети кои што биле проречени преку многу векови во ветувањето дадено на Авраам и на целиот Израел на Божјата црква во сите времиња: „Ќе те благословам... и ти ќе бидеш благослов". (Создавање 12:2). {ПЦ 703.1}

Во вековите по враќањето на Израел од земјата на неговото робување, ова ветување за благословот требало да се оствари во многу поголема мерка. Божјата намера била целата земја да се подготви за првото Христово доаѓање, токму како денеска што се подготвува патот за Неговото второ доаѓање. Кога истекле горчливите години на прогонство, Бог милостиво дал ветување преку пророкот Захарија на Својот народ Израел: „Ќе се обрнам кон Сион и ќе живеам во Ерусалим: и Ерусалим ќе се вика град на вистината, и гората на Господа над војските света гора". А за својот народ рекол: „Ете... Јас ќе им бидам Бог, во вистина и во праведност". (Захарија 8:3,7,8). {ПЦ 703.2}

Овие ветувања се дадени под услов ако Израел биде послушен. Гревовите кои што го обележувале Израел пред ропството, не смееле да бидат повторени. „Судете право", ги опоменувал Господ оние кои што го обновувале Израел, „и бидете милостиви и жалостиви еден кон друг. И не правете и лошо на вдовицата ниту на сиромавиот, и не мислете зло еден на друг во срцето свое". „Зборувајте вистина еден на друг; праведно и мирољубиво судете при портите ваши. (Захарија 7:9,10; 8:16). {ПЦ 704.1}

Голема е платата, како земската така и духовната, и им била ветена на оние кои се владеат по овие начела на праведноста. „Твоето семе ќе биде успешно", објавил Господ; „лозата ќе го даде својот плод, и земјата ќе раѓа род свој, и небото ќе ја дава росата своја; и сето тоа ќе го дадам во наследство на остатокот на тој народ. И како што вие, доме Јудин, и доме Израелев бевте проколнати меѓу народите, така ќе ве избавам, и вие ќе бидете благословени". (Захарија 8:12,13). {ПЦ 704.2}

Вавилонското ропство успешно ги излечило Израелците од идолопоклонство. После ропството тие обрнувале големо внимание на проучување на она што во службата е вистинско за Бога, а тоа било запишано во книгата на законот и кај пророците. Обновувањето на храмот им овозможил да продолжат со церемонијалните служби на светилиштето. Предводени од Зоровавел, Ездра и Неемија, тие неколку пати се заветувале дека ќе ги држат сите заповеди и уредби Господови. Периодот на напредок кој што потоа наследил претставувал јасен доказ дека Бог е кадар да ги прими и да им прости. Меѓутоа, тие во кобна кратковидост повторно го свртеле грбот на својата прекрасна иднина и себично го чувале само за себе она што можело да донесе исцелување и духовен живот на милиони луѓе. {ПЦ 705.1}

Во времето на Малахија посебно јасно се покажал нивниот пропуст да ги исполнат Божјите намери. Господовиот гласник строго ги осудувал злата заради кои Израел ја губел својата земска среќа и духовна сила. Укорувајќи ги престапниците, пророкот не ги штедел ниту свештениците ниту народот. „Бремето на зборовите Господови кон Израел преку Малахија" биле дека не смеат да ги забораваат поуките од минатото и дека мора верно да се чува заветот кој што Господ го направил со домот Израелев. Единствено оние кои што би се покајале искрено, би можеле да примат Божји благослов. „Затоа", повикувал пророкот, „молете му се на Бога да се смилува на нас". (Малахија 1:9). {ПЦ 705.2}

Меѓутоа, планот за спасението на човештвото не смеел да биде осуден заради моменталниот неуспех на Израел. Оние на кои што им говорел пророкот можеле и да не ја послушаат дадената вест, но Божјата волја сепак ќе се оствари. „Од сончевиот исток до запад големо ќе биде името мое пред народите", рекол Господ преку својот гласник, „и на секое место ќе се принесува темјан на името мое и чист дар; зашто името Мое ќе биде големо помеѓу народите". (Малахија 1:11). {ПЦ 705.3}

Заветот „за живот и мир" склучен со Изралевите синови, и кој би донел неискажан благослов да одржале, сега Господ сакал да го обнови со оние кои што некогаш биле

духовни водачи, но заради своите престапи постанале „презрени и поништени во целиот народ”. (Малахија 2:5,9). {ПЦ 706.1}

Малахија сериозно ги предупредил престапниците на денот на судот кој ќе дојде и на Божјата намера да го казни со брзо уништување секој престапник. Но никој не бил оставен без надеж; неговите пророштва за осуда биле пропратени со повик на непокајаните да се измират со Бога. „Вратете се кај Мене, и Јас ќе се вратам кај вас”, говорел Господ. (Малахија 3:7). {ПЦ 706.2}

Изгледа дека секое срце мора да се отповика на ваква покана. Небесниот Бог ги повикува своите заблудени деца да Му се вратат и повторно да соработуваат со Него на остварување на Неговото дело на земјата. Господ му пружа рака за помош на Израел за да може да најде пат на самоодрекување и жртва, и да учествува со Него во наследството на Божјите синови. Дали тие ќе се отповикаат на овој повик? Дали ќе ја разберат својата единствена надеж? {ПЦ 706.3}

Колку е тажен извештајот за обвинувањето на Израелците во времето на Малахија, да го отворат своето гордо срце и во покорност и љубов да земат учество во делото! Тие се обидуваат да се правдаат одговарајќи: „Како да се обратиме?” {ПЦ 707.1}

Одговорот Господов е навистина одреден: „Во десетокот и приносите. Проклети сте, зашто ме закинувате, вие, целиот народ. Донесете ги сите десетоци пред вратите, па да има храна во Мојот дом, и барем во тоа испитајте Ме, вели Господ Саваот: {ПЦ 707.2}

зар нема да ги отворам отворите небески за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек? Заради вас ќе им забранам на оние, што ги изедуваат плодовите земни, и лозата ваша во полето нема да остане без плод, вели Господ Саваот”. (Стихови 7-12). {ПЦ 707.3}

Бог ја благословува човековата работа за да Му го вратат луѓето она што е Негово. Тој им дава сонце и дожд; Тој им дава род на билките; Тој исто така им дава здравје и способност за да дојдат до средства. Секој благослов доаѓа од Неговата дарежлива рака, и Тој сака луѓето да му искажат благодарност враќајќи Му го Неговиот дел во вид на десетоци и дарови во даровите на благодарност, доброволни прилози и дарови заради престапи. Тие мораат да Му посветат дел од своите средства за Неговата служба, за да не остане Неговото лозје необработено. Мораат да се потрудат да дознаат што би правел Господ да е на нивно место. Тие треба сите тешки нешта да ги изнесат пред Него во молитва. Тие треба да покажат несебичен интерес за напредокот на Неговото дело во сите краеви на светот. {ПЦ 707.4}

Вестите кои што ги донел Малахија, последниот пророк од Стариот завет, и насилствата кои што морале да ги трпат од своите непријатели незнабошците, најпосле ги уверile Израелците дека ќе бидат вистински среќни единствено ако се покоруваат на Божјиот закон. Но кај мнозина покорноста не прозлегувала од вера и љубов. Нивните мотиви биле себични. Исклучиво надворешната служба била претворена во цел за постигнување на национална големина. Одбраниот народ не станал светлина на светот, туку се одвоил од него, сметајќи дека така ќе се заштити од идолопоклонство. Ограничувањата кои што Бог ги дал забранувајќи ги брачните врски помеѓу својот народ и незнабожечките народи и прифаќање незнабожечки обичаи од соседните народи, биле погрешно толкувани и како да станале ѕид кој што ги одвојувал Евреите од сите други народи; и заради тоа други народи не добиле благослови кои што Израел по Божји налог би требал да му ги пренесе на светот. {ПЦ 708.1}

Истовремено Евреите заради своите гревови и самите сè повеќе се оддалечувале од Бога. Тие не можеле да ја разберат длабоката духовна смисла на својата симболична служба. Во својата самоправедност, се потпирале на своите сопствени дела, жртви и обреди, наместо да се надеваат во посредништвото на Оној на кого сето тоа укажувало. Така „Гледајќи да утврдат своја праведност", (Римјаните 10:3) тие се вовлекле во формализам и сметале дека си се доволни на самите себеси. Бидејќи им недостасувале Духот и Божјата благодат, настојувале овој недостаток да го надоместат со строго вршење на верски обреди и церемонии. Не се задоволувале со службата која што ја одредил Бог, туку додавале безбројни наметнувања и правила кои што самите ги измислиле. И колку повеќе се оддалечувале од Бога, толку повеќе полагале на почитувањето на овие форми. {ПЦ 708.2}

Народот практично не бил во можност да го исполнува законот оптоварен со толку строги и заморни правила. Големите начела на праведноста, изложени во десетте заповеди и прекрасните вистини кои што се наѕирале во симболичната служба биле помрачени, покриени со маса на човечки традиции и правила. Оние кои што искрено сакале да му служат на Господа и се труделе да го извршуваат целиот закон онака како што го толкувале свештениците и поглаварите, стенкале под огромен товар. {ПЦ 709.1}

И покрај тоа што го сакал доаѓањето на Месија, Израел до таа мерка во срцето и во животот се одвоил од Бога, што немал правилна претстава за карактерот или мисијата на ветениот Спасител. Наместо да тежнее за ослободување од гревот и стекнување на слава, мир и светост, тој во своето срце сакал да се ослободи од националните непријатели и да ја обнови земската власт. Израелците очекувале Месијата да дојде како освојувач кој што ќе ги ослободи од јаремот и ќе ги воздигне Израелците над сите народи. И така сатаната успеал во своите напори да ги подготви срцата на луѓето да го отфрлат Спасителот кога ќе се појави. Гордоста на нивното срце и погрешното толкување на Неговиот карактер и мисија ги спречувало реално да ги оценат сите оние случки кои што говореле за Неговото Месијанство. {ПЦ 709.2}

Еврејскиот народ го чекал доаѓањето на Спасителот повеќе од илјада години. Нивните најсветли надежи биле поврзани за тој настан. Илјада години Неговото име се споменувало во песните и пророштвата, при вршењето на обредите во храмот и во домашните молитви, но кога дошол, не Го препознале како Месија кој што така долго го чекале. „Кај своите дојде, и своите не го примија". (Јован 1:11). Миленикот на небото за нивното земско срце бил „корен од сува земја". Во нивните очи „немаше обличје на убавина во него", тие во Него не виделе ништо заради што би го посакале. (Исаија 53:2). {ПЦ 710.1}

Целиот живот Исус од Назарет помеѓу Евреите претставувал голем укор за нивната себичност, која што ја откривале со тоа што не сакале да ги признаат праведните барања на Господарот во чие лозје беа поставени како работници. Го мразеле затоа што давал пример на вистинска побожност; и кога последното искушување значело покорност за вечен живот или непокорност за вечна смрт, го отфрлиле Светецот Израелев и ја примиле врз себеси одговорноста за Неговото распнување на крстот на Голгота. {ПЦ 710.2}

Христос при крајот на својата земска служба во параболата за лозјето им укажал на еврејските учители за големите благослови кои што Израел ги примил и за нивната должност да бидат покорни на Бога. Тој им ја изложил величествената Божја цел која што можеле да ја остварат преку послушноста. Подигајќи го велот кој што ја покрил

иднината, им покажал како целиот народ ќе го изгуби Неговиот благослов и ќе навлече врз себеси несреќа затоа што не ја извршил Неговата волја. {ПЦ 710.3}

„Имаше еден човек кој што насади лозје", рекол Христос, „и го огради со ограда, и ископа во него бунар и направи кула, и им го даде на лозарите и си отиде". (Матеј 21:33). {ПЦ 711.1}

Спасителот при тоа мислел на „лозјето на Господа над војските", а за кое пророкот Исаија многу порано рекол дека е „домот Израелев". {ПЦ 711.2}

„А кога наближи времето за род, ги прати своите слуги кај лозарите да ги земат родовите негови. И лозарите ги фатија слугите негови, едниот го претепаа, а едниот го убија, а еден со камења го посипаа. Пак прати други слуги, повеќе отколку пред тоа, и истото им го направија. А потоа го прати Синот Свој говорејќи: ќе се засрамат од Мојот Син. А лозарите кога го видоа Синот, си рекоа помеѓу себе: овој е наследникот, ајде да го убиеме, и нас ќе ни остане лозјето. И кога го фатија, го изведоа надвор од лозјето, и го убија". {ПЦ 711.3}

Бидејќи го изложил пред свештениците нивниот најстрашен безбожен чин, Христос им поставил прашање: „Кога ќе дојде после господарот на лозјето, што ќе им направи на лозарите?" Свештениците со длабоко интересирање го слушале Неговото излагање, не увидувајќи дека се однесува на нив, па заедно со народот говореа: „Злосторниците со смрт ќе ги казни; а лозјето ќе го даде на други лозари, кои ќе му ги даваат родовите во свое време". {ПЦ 711.4}

Така самите себеси се осудиле. Исус ги погледнал и тие разбрале дека Неговиот поглед ги читал сите тајни на нивното срце. Неговата божествена природа отсјајувала пред нив со неодолива сила. Тие во лозарите се виделе себеси, и тогаш извикале: „Да не даде Бог!" {ПЦ 712.1}

Христос свечено и тажно ги запрашал: „Зарем никогаш не сте читале во писмото: каменот кој што го отфрлија ѕидарите, стана аголен камен; тоа е од Господа и прекрасно е во нашите очи. Затоа ви велам дека од вас ќе се земе Божјото царство и ќе му се даде на народ кој што донесува род. И кој падне на овој камен ќе се разбие, а врз кого он падне, ќе го здроби". (Матеј 21:34-44). {ПЦ 712.2}

Евреите да го примеле Христа, Тој би ја оттргнал нивната страшна судбина. Но зависта и омразата ги направиле непомирливи. Одлучиле Исуса од Назарет да не го примат како Месија. Тие ја отфрлиле Светлината на светот и тогаш нивниот живот бил обвиткан во полноќна темнина. Еврејскиот народ го снашла пророчената судбина. Го одвлекле во пропаст неприродните страсти кои што не умеел да ги совлада. Луѓето во својата заслепеност свирепо се уништувале едни со други. Со упорна непокорност и гордост го навлекле врз себе бесот на римските освојувачи. Ерусалим бил разорен, храмот разрушен, а местото на кое што тој се издигнувал било преорано. Јудините деца умирале во најголеми маки. Милиони биле продадени како робови да служат во незнабожечки земји. {ПЦ 712.3}

Она што сакал Бог да направи за светот преку Евреите, својот избран народ, ќе го изврши денска преку својата избрана заедница на земјата. Тој „го дал Своето лозје на други лозари", на Својот народ кој го пазел заветот и кои верно „на време ќе му донесуваат родови". Господ никогаш не бил на земјата без Свои вистински претставници чии интереси биле еднакви со Неговите. Овие Божји сведоци се вбројуваат во духовниот Израел и над нив ќе се исполнат сите ветувања на заветот кој што Господ го направил со Својот некогашен народ. {ПЦ 713.1}

Божјата заедница на земјата денес е во можност да работи на исполнување на Божјиот план за спасение на изгубениот човечки род. Слободата на Божјиот народ била со векови ограничувана. Било забранувано да се проповеда чистото евангелие и оние кои што не се покорувале на човечките наредби биле изложени на најсвирепи казни. Заради тоа големото духовно Господово лозје било речиси целосно опустошено. Народите биле лишени од светлоста на Божјата Реч. Вистинската религија се нашла во опасност да биде покриена со темнина, заблуда и суеверие. Во текот на овој долг период на прогонства, Божјата црква на земјата била исто онака заробена како што биле и децата Израелови за време на прогонството во Вавилон. {ПЦ 714.1}

Но, благодарение на Бога, Неговата црква не е повеќе во окови! На духовниот Израел му биле вратени правата кои што му биле дарувани на Божјиот народ во времето на ослободувањето од Вавилон. Во сите краишта на светот луѓето се отповикуваат на небесната вест, за која Јован Богослов во Откровението рекол дека ќе биде објавена пред второто Христово доаѓање: „Бојте се од Бога, и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд". (Откровение 14:7). {ПЦ 714.2}

Војските на злото немаат повеќе моќ да ја држат заедницата во ропство, зашто „падна, падна Вавилон големиот град", кој „со отровното вино на своето блудство ги напои сите народи". А на духовниот Израел му е дадена веста: „Излезете од неа, народе мој, за да не се извалкате во нејзините гревови, и да не ви наштети нејзиното зло". (Стих 8; 18:4). Како што робовите во туѓината ја послушале веста „бегајте до Вавилон", (Еремија 51:6) па затоа им била вратена ветената земја, така и оние денес кои што се бојат од Бога и ја послушаат веста да излезат од духовниот Вавилон, наскоро како трофеи на божествената благодат ќе стојат во новата земја, небесниот Ханан. {ПЦ 715.1}

Кога во времето на Малахија неверниците цинично прашале: „Каде е Бог кој што суди?" добил сериозен одговор: „Одненадеж ќе дојде Господ во храмот својот, и ангелот на заветот... Но кој ќе го издржи денот на Неговото доаѓање? и кој ќе се одржи кога Тој ќе се покаже? Зашто е Тој како оган, што растопува, и пепелница што чисти. Па ќе седне Тој да претопува и да чисти сребро, и ќе исчисти синовите на Левиј и ќе ги претопи како злато и како сребро, за да Му принесат жртва со праведност. Тогаш ќе биде пријатна жртвата на Господа, жртвата Јудина и на Ерусалим, како во старите времиња и како во поранешните години". (Малахија 2:17; 3:1-4). {ПЦ 715.2}

Кога дошло време да се појави ветениот Месија, веста на Христовиот претходник гласела: Покајте се, цариници и грешници, покајте се, фарисеи и садукеи, „зашто се приближи царството небесно". (Матеј 3:2). {ПЦ 715.3}

Божјите весници, во духот и силата на Илија и Јован Крстителот, и денес му укажуваат на светот на кого му претстои суд за сериозните настани кои ќе следат во последните часови на милоста пред второто доаѓање на Исус Христос како Цар над царевите и Господар над господарите. Наскоро на секој човек ќе му се суди според делата кои што ги направил во тело. Дошол часот на Божјиот суд, и на членовите на Неговата црква на земјата лежи сериозна одговорност да ги опоменат оние кои што стојат на самиот раб од вечна пропаст. На секое човечко битие во светот мора јасно да му се изложат начелата заради кои што се води голема борба, а од кои зависи судбината на целото човештво. {ПЦ 716.1}

Во тие последни часови на милост за синовите човечки, кога се одлучува конечната судбина на секоја душа, Господарот на небото и на земјата очекува Неговата црква да стане и да работи како никогаш порано. Оние кои што преку познавањето на драгоцените вистини постанале слободни во Христа, Господ Исус ги смета за Свои

избраници; тие имаат предност над сите останати луѓе, и Христос очекува од нив да Го прославаат Оној кој што ги повикал од темнина кон Својата чудесна светлина. Благословите кои што се така дарежливо излиени треба да се пренесуваат на други. Добрата вест на спасението треба да биде објавена на сите народи, колена, племиња и јазици. {ПЦ 716.2}

Во видение на пророкот е прикажан Господ како излева посебна светлина на Својата црква во деновите на темнината и неверството кое ќе претходи на Неговото доаѓање. Тој како Сонце на Праведноста се издига над Својата црква, „со исцелување во зраците негови". (Малахија 4:2). Секој вистински ученик треба исто така да даде поттик за живот, да влева храброст, да поттикнува добротворство и да делува врз исцелувањето. {ПЦ 716.3}

Христос ќе дојде во најмрачниот период од земската историја. Времето во кое што живееле Ное и Лот дава вистинска слика за состојбата во светот непосредно пред доаѓањето на Синот човечки. Укажувајќи на тоа време, Светото писмо кажува дека сатаната ќе работи со сета сила и „сите измами на неправедноста". (2. Солунјаните 2:9,10). Неговото делување се огледува во сè поголемата темнина, во многуте заблуди, ереси и измами во последните денови. Не само што сатаната го поробува светот, туку неговите заблуди се протегаат и во црквите кои исповедаат дека се Христови. Големото отпаднишство ќе се претвори во полноќна темнина. За Божјиот народ тоа ќе биде ноќ на искушенија, плач и прогонство заради вистината. Но од таа мрачна ноќ ќе заблеска Божјата светлина. {ПЦ 717.1}

Господ прави „светлината да засветли од темнина". (2. Коринтјаните 4:6). Кога „земјата беше без обличје и пуста, и беше темнина над бездната", „Духот Божји лебдеше над водата. И рече Бог: нека биде светлина. И би светлина". (Создавање 1:2,3). Така и во ноќта на духовна темнина се слуша Божјата реч: „Нека биде светлина". Бог му говори на Својот народ: „Стани, осветли се, зашто дојде твојата светлина, и Господовата слава те осветлува". (Исаија 60:1). {ПЦ 717.2}

„Гледај", вели Светото писмо „мрак ќе ја покрие земјата и темнина народите; а тебе ќе те осветли Господ и Неговата слава ќе се покаже на тебе". (Стих 2). Христос, обличјето на славата на Отецот дошло на овој свет како негова светлина. Тој дошол како Божји претставник кај луѓето и за Него е запишано дека беше помазан „со Свет Дух и со сила", и дека „одеше вршејќи добро". (Дела 10:38). Во синагогата во Назарет Тој рекол: „Духот Господов е над мене; затоа што ме помаза да им го јавам евангелието на сиромашните; ме прати да ги исцелам скрушените по срце; да им проповедам на заробените дека ќе се ослободат, и на слепите дека ќе прогледаат; да ги пуштам на слобода напатените; и да ја проповедам пријатната година Господова". (Лука 4:18,19). Тоа дело Тој им го оставил како должност и на Своите ученици. „Вие сте светлина на светот", рекол Тој. „Така некои светли вашата светлина пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела, и да го прославаат вашиот Отец небесен". (Матеј 5:14,16). {ПЦ 718.1}

Тоа дело пророкот Исаија го опишува со зборовите: „Раздели го лебот свој со гладните, и скитниците сиромаси одведи ги во домот свој; ако видиш гол, облечи го, и од еднокрвниот не се крај. Тогаш твојата светлина ќе се јави како зора, и твоето здравје брзо ќе процути, и твојата праведност ќе тргне пред тебе и славата Господова ќе те придружува". (Исаија 58:7,8). {ПЦ 718.2}

Така во ноќта на духовна темнина Божјата слава треба да светли преку Неговата црква, да ги подигне потиштените и да ги теши жалосните. {ПЦ 718.3}

Насекаде околу нас се слуша лелекање на несреќни. На сите страни има луѓе кои што живеат во беда и неволји. Наша должност е да пружиме помош, ублажувајќи ги и отклонувајќи ги животните тегоби и страдања. Само Христовата љубов може да ги задоволи потребите на душата. Ако Христос живее во нас, нашите срца ќе бидат исполнети со божествено сочувство. Ќе се отворат запечатените извори на милосрдната христијанска љубов. {ПЦ 719.1}

Мнозина изгубиле надеж. Вратете ги блескавите зраци кај нив. Многумина ја изгубиле својата храброст. Говорете им зборови на охрабрување. Молете се за нив. Има луѓе на кои им е потребен лебот на животот. Читајте им од Божјата реч. Многу души така имаат заболено што не може да ги исцели ниеден земски мелем, ниту доктор. Молете се за тие души. Доведете ги кај Исуса. Речете им дека во Галад има балсам и дека се наоѓа Лекарот таму. {ПЦ 719.2}

Светлината е општ дар кој го излева својот благослов на еден неблагодарен, несвет и изопачен свет. Така е и со светлината на Сонцето на Праведноста. Цела земјина топка, обвиткана со темнината на гревот, тагата и болката, треба да биде осветлена со сознанието за Божјата љубов. На ниту една секта, сталеж или раса не смее да им се скрати светлината која што блеска од небесниот престол. {ПЦ 719.3}

Веста на надежта и милоста мора да се објави во сите краишта на земјата. Секој кој што сака може да пружи рака и да се фати за Божјата сила и да направи мир со Него, и ќе направи мир со Него. Незнабошците нема повеќе да бидат обвиткани со полноќна темнина, затоа што таа ќе се повлече пред блескавите зраци на Сонцето на Праведноста. {ПЦ 719.4}

Христос ги преземал сите мерки Неговата црква да стане преобразено тело, осветлено со Светлината на светот и славата на Емануел. Негова намера е секој христијанин да го обвитка со света атмосфера на светлина и мир. Тој посакува ние со својот живот да ја откриеме Неговата радост во нашите животи. {ПЦ 720.1}

„Стани, засветли, зашто дојде твојата светлина, и Господовата слава те осветли". (Исаија 60:1). Христос доаѓа во сила и голема слава. Тој ќе дојде во Својата слава и славата на Отецот а и ангелите ќе го придружуваат на Неговиот пат. Иако целиот свет се наоѓа во темнина, ќе блеска светлина во секое живеалиште на светиите. Тие први ќе бидат осветлени од светлината при Неговото второ доаѓање. Неговата убавина ќе блеска со најчиста светлина и слава. И на Христа, Откупителот, ќе му се восхитуваат сите оние кои што Му служеле. Додека виновниците ќе бегаат, Христовите следбеници ќе се радуваат во Негово присуство. {ПЦ 720.2}

Тогаш откупените помеѓу луѓето ќе го примат наследството кое што им е ветено. Така Божјиот план за Израел буквално ќе се исполни. Човекот е немоќен да го осуети она што Бог го ставил за Своја цел. И покрај делувањето на злите сили, Божјиот план непрекинато се исполнува. Така било со Изралевиот дом во текот на целата историја од поделеното царство. Така е и денес со духовниот Израел. {ПЦ 720.3}

Гледајќи го низ вековите тоа обновување на Израел на обновената земја, пророкот од Патмос вели: {ПЦ 720.4}

„Видов, и ете, големо мноштво народ, кој не може никој да го изброи, од секој јазик и колено и народ и племе; тие стоеја пред престолот и пред јагнето, облечени во бели облеки и со палмови гранчиња во рацете. И воскликнуваа со висок глас велејќи: спасение од нашиот Бог, кој што седи на престолот, и на јагнето". {ПЦ 720.5}

„И сите ангели стоеја околу престолот и старешините, и четирите животни, и паднаа на лицето пред престолот, и му се поклонија на Бога велејќи: Амин; благослов и слава, премудрост и фала и чест и сила и моќ на нашиот Бог во век и веков". {ПЦ 721.1}

„И чув како глас на многу народи, и како глас на многу води, и како глас на многу силни громови, кои што говореа: Алелуја! зашто царува Господ Седржителот. Да се радуваме и веселиме, и да му дадеме Нему слава". „Тој е Господар над господарите и Цар над царевите; и кои се со него, тие се повикани и избрани и верни". (Откровение 7:9-12; 19:6,7; 17:14). {ПЦ 721.2}

ПОГЛАВЈЕ 60 - ВИДЕНИЈА ЗА ИДНАТА СЛАВА

Во најмрачните денови од својата долга борба против злото, Божјата црква добивала откровенија за вечната Божја цел. На Неговиот народ му било овозможено да фрли поглед преку искушенијата на сегашноста кон победата на иднината, кога борбата ќе биде завршена и искупените ќе ја наследат ветената земја. Тие визии за идната слава сцени кои што ги исцртала Божјата рака треба да биде драг на неговата црква денес, кога вековната борба брзо се ближи кон крајот и кога наскоро треба во потполност да се оствари ветениот благослов. {ПЦ 722.1}

Пророците од дамнешни времиња и објавувале на црквата многу пораки на утешување. Бог му оставил должност на Исаија: „Тешете го, тешете го Мојот народ". (Исаија 40:1). А низ таа должност се дадени и прекрасни виденија кои што за верниците претставувале надеж и радост низ сите векови. Презрени од луѓе, прогонети и напуштени, Божјите деца сепак се одржале благодарение на Неговите верни ветувања. Со вера го очекувале времето кога ќе се исполнат ветувањата дадени на Неговата црква. „Јас ќе те направам вечна слава, и радост од род во род". (Исаија 60:15). {ПЦ 722.2}

На црквата која што се бори често наидуваат страдања и тегоби, зашто без тешки конфликти таа нема да извојува победа. „Леб тажен и вода неволна" (Исаија 30:20) тоа е заедничката судбина на сите; но нема да биде целосно совладан ниеден од оние кои што се надеваат во Оној кој е силен да ослободи. „Вака вели Господ, кој те создаде, Јакове, и Оној кој те оформи Израеле; не бој се, зашто те откупив, те повикав по име твое; Мој си. Кога ќе појдеш преку вода, Јас ќе бидам со тебе, или преку реки, нема да те потопат; кога ќе појдеш преку оган, нема да изгориш и нема пламенот да те изгори. Зашто Јас Сум Господ Бог твој, Светецот Израелев, Спасителот твој; откуп за тебе го дадов Египет, Етиопија и Сава ги дадов за тебе. Откако ми постана драг, се прослави и јас те возљубив; и дадов луѓе за тебе и народи за твојата душа". (Исаија 43:1-4). {ПЦ 723.1}

Во Бога има простување. Тој нè прима во потполност и слободно благодарение на заслугите на Исус, нашиот распнат и воскреснат Господ. Исаија слушнал како Господ им говори на Своите избраници: „Јас, Јас Самиот ги бришам твоите престапи заради Себеси, и за гревовите твои не си спомнам. Спомни ме; ќе се судиме, кажувај, за да се оправдаш". „Ќе познаеш дека сум Јас Господ, твојот Спасител и Избавител твој, Силниот Јаковов". (Стихови 25,26; 60:16). {ПЦ 723.2}

„Срамот на Својот народ ќе го симнам од целата земја", соопштува пророкот. „И ќе ги наречат свет народ, Господови откупеници". Бог ветил дека ќе им даде „украсување

наместо пепел, масло на радост наместо тага, облека за пофалба наместо дух тажен, за да се наречат дрвја на праведноста, градина Господова за Негова слава". {ПЦ 724.1}

„Разбуди се, разбуди се,
облечи се во силата своја, Сионе;
Ерусалиме, граде свети,
облечи се во убавата своја облека:
Зашто нема повеќе да влезе во тебе
необрезан и нечист. {ПЦ 724.2}
„Истреси го правот од тебе:
Стани, и седни, Ерусалиме;
Тргни ги оковите од вратот свој,
заробена ќерко Сионска". {ПЦ 724.3}
„Неволнице, потфрлена од виорот, неутешена;
Ете, Јас ќе ги положам твоите камења врз рубин
и ќе ги направам твоите основи од сафири. {ПЦ 724.4}
И ќе ги направам твоите прозори од кристал,
и порти од рубинов камен,
и сите твои меѓи од скапоцени камења. {ПЦ 724.5}
И синовите твои ќе бидат научени од Господа,
и обилен мир ќе имаат синовите твои.
Со праведност ќе се утврдиш: {ПЦ 724.6}
Далеку ќе бидеш од насилства, па нема да се боиш.
И од страв, зашто нема да ти се доближи.
Ете, ќе се вооружат против тебе,
но, тоа не е од Мене;
кој и да се вооружи против тебе,
заради тебе ќе падне... {ПЦ 724.7}
Ниедно оружје, направено против тебе нема да има успех;
и секој јазик кој би се подигнал против тебе на суд,
ти ќе го осудиш.
Тоа е наследството на слугите Господови,
и нивната праведност е од Мене, вели Господ".
(Исаија 25:8; 62:12; 61:3; 52:1,2; 54:11-17). {ПЦ 725.1}

Црквата во завршниот конфликт мора да влезе заштитена со оклопот на праведноста Христова. „Убава како месечина, чиста како сонце, страшна како војска со знамиња", (Песна над песните 6:9) таа мора да тргне по целиот свет победувајќи и да победи. {ПЦ 725.2}

Во борбата на црквата со силите на злото, најтемен час ќе биде оној кој што му претходи на конечното ослободување. Но никој кој што се надева на Бога не треба да се бои, затоа што кога „гневот насилнички ќе наиде како поплава која што руши ѕид", Бог за својата црква ќе биде „прибежиште од поплава". (Исаија 25:4). {ПЦ 725.3}

Само на праведниците им е ветено ослободување во тој ден. „Грешниците во Сион ќе се уплашат, трепет ќе ги спопадне лицемерите. Кој од нас може да живее при оган што голта? кој од нас ќе живее при вечен пламен? Кој оди во праведност и говори што е право, кој презира печалба преку угнетување, кој ги протресува рацете свои за да не

прима дарови, кој ги затнува ушите свои за да не чуе крвнина, и ги затвора очите свои за да не види зло; тој ќе живее на висините; градовите на карпите ќе му бидат заштита, леб ќе му се дава, вода нема да му недостасува". (Исаија 33:14-16). {ПЦ 725.4}

Господ им говори на Своите верни: „Дојди, народе Мој, влези во покоите свои и затвори ги зад себе вратите свои; сокри се за миг, додека да мине гневот. Зашто, ете, Господ излегува од Своето живеалиште да ги казни жителите земни за нивното беззаконие". (Исаија 26:20,21). {ПЦ 725.5}

Во виденија за големиот ден на судот, вдахновените Господови весници проникнале донекаде во ужасот на оние кои што не се подготвиле да излезат во мир пред Господа. {ПЦ 726.1}

„Ете, Господ ја опустошува земјата и ја прави неплодна, ја превртува и ги расејува нејзините жители... затоа што го престапија законот, ги изменија уредбите, го раскинаа заветот вечен. Затоа проклетство ја јаде земјата, и нејзините жители трпат казна... Престанаа веселбите со тимпани, молкна вревата на оние што се веселеа, стивнаа звуците на гуслите". (Исаија 24:1-8). {ПЦ 726.2}

„О каков ден! зашто близу е денот Господов, и ќе дојде како погибел од Семожниот... Изгниени се зрната во своите лушпи, запустени се житниците, урнати се амбарите, оти нема веќе жито. Како воздивнува стоката! Нажалени одат стадата говеда, зашто немаат пасиште; се измачуваат и страдаат овците". „Лозата се исуши, смоквата овена; шипките и палмите и јаболките и сите дрвја полски се исушија, зашто исчезна радоста меѓу синовите човечки". (Јоил 1:15-18, 12). {ПЦ 726.3}

„Нажален сум до дното на срцето свое", извикал Еремија кога го видел пустошот кој што ќе настане во последните денови од земската историја. „Не можам да молчам, зашто ти слушаш трубен глас, душо моја, боен вик. Уништување по уништување се огласува, зашто се опустоши целата земја". (Еремија 4:19,20). {ПЦ 726.4}

„И ќе падне човечкото величие", изјавил Исаија за денот на Божјата одмазда, „она што е високо кај луѓето ќе се понизи; само Господ ќе стои високо во тој ден; а идолите ќе исчезнат сосема... Во тој ден човекот ќе ги фрли своите сребрени и своите златни одоли, што ги направил за да им се клања, за да влезе во камени процепи и во планински долови од страв пред Господа и од славата на Неговото величие, кога ќе се крене Тој да ја разруши земјата". (Исаија 2:17-21). {ПЦ 727.1}

За тие времиња кога човечката гордост ќе се потисне, Еремија сведочи: „Погледнав на земјата, и ете без облична е и пуста; и на небото, а неговата светлина ја нема. Погледнав нагоре, и ете, тие треперат и сите ридови се нишаат. Гледам и ете, нема човек, и сите небески птици одлетале. Гледам и ете, плодното поле запусте, сите негови градови се разурнати од лицето Господово". „О, тешко, голем е оној ден, нема сличен на него; тоа е мачно време за Јакова, но тој ќе биде избавен од него". (Еремија 4:23-26; 30:7). {ПЦ 727.2}

Денот на гневот кон Божјите непријатели е и денот на конечното ослободување на Неговата црква. Пророкот вели: {ПЦ 727.3}

„Поткрепете ги ослабените раце,
И колената изнемоштени утврдете ги.
Речете им на оние на кои што им се уплашило срцето:
Бидете цврсти, не бојте се;
Еве, вашиот Бог иде со одмаздата,
со отплатата, Божјата плата, Тој ќе дојде и ќе ве спаси".

„Смртта ќе биде проголтана засекогаш,
и ќе ги избрише Господ солзите од секое лице,
и срамот на народот свој ќе го симне од целата земја;
зашто така вели Господ”. (Исаија 35:3,4; 25:8).
И тогаш пророкот го здогледал Господа на славата како се симнува од небото, со сите свети ангели, да го собере остатокот од својата заедница помеѓу народите, и слушнал како оние кои што чекаат сложно воскликнуваат: {ПЦ 727.4}

„Погледни, ова е нашиот Бог,
Него го чекавме, и тој ќе нè спаси;
Ова е Господ,
Него го чекавме,
Ќе се радуваме и ќе се веселиме за спасението од Него”.
(Исаија 25:9). {ПЦ 728.1}

Се чул гласот на Божјиот Син како ги повикува заспаните светии, и пророкот, гледајќи како доаѓаат од темнината на смртта, извикал: „Ќе оживеат твоите мртви, и моето мртво тело ќе стане. Разбудете се, и пејте вие кои што сте во правот; зашто твојата роса е роса на растенијата, и земјата ќе ги исфрли мртовците”. {ПЦ 728.2}

„Тогаш ќе им се отворат очите на слепите,
И ушите на глувите ќе им се отворат.
Тогаш хромиот ќе скока како елен,
И јазикот на немиот ќе пее”.
(Исаија 26:19; 35:5,6). {ПЦ 728.3}

Пророкот видел дека оние кои што го победиле гревот и гробот сега се среќни во присуството на својот Творец, разговарајќи слободно со Него, како што човекот зборувал со Бога на почетокот. „Радувајте се”, им наложува Господ, „и веселете се до века заради она што ќе го создадам Јас; зашто ете, Јас ќе го создадам Ерусалим за веселба, а народот негов за радост. Ќе се радувам за Ерусалим и ќе се веселам заради Својот народ, и нема повеќе да се слушне во него плач ниту лелек”. „Никој од жителите нема да рече: болен сум. На народот кој што живее во него ќе му се прости беззаконието”. {ПЦ 729.1}

„Зашто води ќе бликнат во пустината,
И потоци во степите.
И сувото место ќе стане езеро,
И земјата исушена извор воден”. {ПЦ 729.2}
„Наместо трње ќе никне кипарис,
Наместо коприва ќе израсне мирта”. {ПЦ 729.3}
„И таму ќе има друм и пат, и ќе се нарече Патот на светоста.
Нема да оди по него нечист, туку ќе биде за нив;
кои одат по него, дури и глупавите нема да се загубат. {ПЦ 729.4}

„Зборувајте му утешно на Ерусалим, и јавете му дека се навршри неговиот рок, дека беззаконието му е простено, зашто прими од рацете на Господа двојно за сите свои гревови". (Исаија 65:18,19; 33:24; 35:6,7; 55:13; 35:8; 40:2). {ПЦ 729.5}

Кога пророкот ги видел спасените во Божјиот град, слободни од гревот без никакви знаци на проклетство, тој восхитено извикал: „Радувајте се со Ерусалим и веселете се со него сите кои што го љубите; радувајте се со него". {ПЦ 729.6}

„Нема повеќе да се слуша насилство во твојата земја,
Ниту постошење и уривање на твоите меѓи;
Туку ќе ги наречеш ѕидовите твои Спасение,
И вратата своја Пофалба. {ПЦ 730.1}
Нема повеќе сонцето да ти биде видело на денот,
Ниту сјајот на месечината ќе ти свети; {ПЦ 730.2}
Зашто Господ ќе ти биде видело вечно,
и деновите на твојата жал ќе се свршат. {ПЦ 730.3}
Твојот народ ќе биде целосно праведен,
тие ќе ја наследат земјата засекогаш;
Фиданката што ја посадив, дело на рацете Мои,
за Мое прославување".
(Исаија 66:10; 60:18-21). {ПЦ 730.4}

Пророкот слушнал музика и песна, какво што смртно уво освен во Божјите виденија, никогаш не слушнало. „Оние што ги искупи Господ, ќе се вратат и ќе дојдат во Сион пеејќи, и вечна радост ќе биде над главите нивни, ќе добијат радост и веселби, а жалоста и воздивнувањето ќе бегаат". „Радост и веселба ќе се наоѓаат во него, благодарење и пеење". „И оние што пеат и свирачите на инструменти ќе бидат таму". „Тие ќе го подигнат гласот свој и ќе пеат, заради величественоста Господова". (Исаија 35:10; 51:3; Псалм 87:7; Исаија 24:14). {ПЦ 730.5}

Искупените на обновената земја ќе се занимаваат со разни работи и ќе ги уживаат задоволствата кои што на почетокот ги имале Адам и Ева. Ќе се живее Едемскиот живот, живот во градините и полињата. „Тие ќе градат куќи и ќе живеат во нив; и ќе садат лозја и ќе го јадат нивниот род. Нема да градат, за да живее друг, нема да садат, за да јаде друг, зашто деновите на Мојот народ ќе бидат како денови на дрвото, и Моите избрани долго ќе се користат со делото на рацете свои". (Исаија 65:21,22). {ПЦ 730.6}

Таму ќе се развие секоја способност, ќе се зголеми секоја сила. Ќе се остварат најголеми потфати, ќе се исполнат највозвишените тежнеења и највисоките амбиции. И секогаш ќе постојат нови висини на кои ќе треба да се качува, нови чуда на кои ќе треба да се восхитува, нови вистини кои што треба да се разберат и предмети кои што треба да се проучуваат и така силите на телото, духот и душата сè повеќе ќе се развиваат. {ПЦ 731.1}

Пророците на кои што им биле откривани овие величествени сцени копнееле во потполност да го разберат нивното значење. Тие „бараа и испитуваа... испитувајќи во какво или во кое време им јавуваше Христовиот Дух однапред... Ним им беше откриено дека тие не служат за самите себе туку за нас со она што ви се јави сега вам. (1. Петрово 1:10-12). {ПЦ 731.2}

Ние се наоѓаме пред самото исполнување на пророштвото и ќе учествуваме во величествените моменти на завршетокот на сите опишани настани, на кои Божјите деца

чекале, кои биле предмет на нивните молитви и копнеење од оној ден кога нашите родители излегле од Едем. {ПЦ 731.3}

Како патници, ние сè уште се наоѓаме во средината на сенката и метежот на земските активности. Но Спасителот наскоро ќе се појави и ќе донесе ослободување и одмор. Да ја гледаме благословената иднина преку вера онака како што ја опишала Божјата рака. Оној кој што умрел заради гревовите на светот, ширум ја отвора вратата од рајот на сите кои што веруваат во Него. Набрзо ќе биде војната завршена, победата задобиена. Наскоро ќе го видиме Оној во кого се сосредоточени сите наши надежи на вечниот живот. Во Неговото присуство неволјите и страдањата од овој живот ќе станат сосема безначајни. Поранешните нешта „нема да се споменуваат ниту на ум ќе доаѓаат". „Не отфрлајте ја значи довербата своја, која што има голема плата. Зашто трпението ви е потребно да ја извршите Божјата волја и да примите ветување. Зашто уште малку, многу малку, па ќе дојде Оној кој што треба да дојде и нема да задоцни". „Израел ќе биде спасен... со вечно спасение, нема да се посрамите ниту ќе се посрамотите во веки". (Исаија 65:17; Евреите 10:35-37; Исаија 45:17). {ПЦ 731.4}

Подигајте го секогаш погледот горе и нека вашата вера биде сè посилна и посилна. Нека таа вера ве води по оној стрмен пат кој низ вратата на Божјиот град води во бескрајна иднина, славата која што таму ги очекува откупените. „Бидете затоа трпеливи браќа мои до доаѓањето на Господа. Ете, земјоделецот чека драгоцен плод од земјата и долго трпи за него, додека не добие дожд, ран и доцен. Бидете и вие трпеливи, утврдете ги вашите срца, зашто доаѓањето на Господа се приближи". (Јаков 5:7,8). {ПЦ 732.1}

Спасениот народ нема да познава друг закон освен законот на небото. Сите ќе бидат среќно и сложно семејство, облечено во облеки на пофалба и благодарност. Над таа сцена ќе запеат утринските ѕвезди, а Божјите синови радосно ќе воскликнуваат, додека Бог и Христос заеднички ќе објават: „Нема повеќе да има грев, ниту пак смрт ќе има веќе". {ПЦ 732.2}

„Тогаш од една нова месечина до друга, и од сабота до сабота, ќе доаѓа секое тело да се поклони пред Мене, вели Господ". И ќе се јави Господовата слава, и секое тело ќе види". „Господ Бог ќе направи да никне праведност и пофалбата пред сите народи". „Во тој ден Господ над војските ќе биде славна круна и голем венец за остатокот на својот народ". {ПЦ 733.1}

„Зашто Господ ќе го утеши Сион, ќе ги утеши сите негови урнатини, и неговата пустина ќе направи да биде како Едем и пустошот негов како Господовата градина". „Славата Ливанска ќе и се даде и красотата Кармилска и Саронска". „Нема повеќе да се нарекуваш Оставена, ниту земјата твоја ќе се вика Пустош, туку ќе те викаат Мое благоволение а земјата твоја омажена... и како што се радува младоженецот на својата невеста, така тебе ќе ти се радува твојот Бог". (Исаија 66:23; 40:5; 61:11; 28:5; 51:3; 35:2; 62:4,5). {ПЦ 733.2}